И З В Е Ш Т А Ј

за работата на
Собранието на Република Македонија
за периодот
11/2004 - 10/2005

Вовед од претседателот на Собранието

Промовирајќи го минатогодишниот Извештај истакнав дека тој е предвесник на една редовна годишна практика на сублимирање на активностите на Собранието на Република Македонија, со што неговата работа ќе стане и потранспарентна и поблиска до јавноста и граѓаните.

Еве, пред нас е редовниот Годишен извештај за работата на Собранието на Република Македонија во периодот од ноември 2004 година до октомври 2005 година. Тој е значително пообемен од претходниот и во него се содржани редовните детални информации за пленарните седници, за активностите на работните тела, за интензивната меѓународна соработка, итн.

Извештајот содржи и повеќе нови, сегментирани податоци за активностите кои се одвиваат во Собранието. Така, во него се презентирани интегралните информации за работата на парламентарните групи и делегации на Собранието на Република Македонија. Исто така, во него се нотирани и заедничките активности со невладиниот сектор и меѓународните организации. Би ја потенцирал манифестацијата "Денови на Собранието" која што прераснува во традиционална и која ја демонстрира нашата отвореност кон граѓаните, а во тој контест е и реализацијата на проектот за пристапност на лицата со посебни потреби. Во него е вклучен и прегледот на активностите за обука и зајакнување на перфомансите на службата, информации поврзани со проектните и програмските активности на пратениците и државните службеници на планот на хармонизацијата на домашната со европската легислатива, како и прегледот на тркалезните маси и семинари, чиј што домаќин и организатор беше Собранието.

Извештајот, заедно со стенографските белешки, говорите од седниците, пратеничките прашања и интегралните извештаи од работните тела, е достапен на мултимедијално ЦД издание, а електронската верзија е достапна на собраниската веб-страница - ***www.sobranie.mk****.*

Во оваа прилика би го наговестил изготвувањето на Извештајот за работењето во текот на целокупниот четиригодишен период на овој парламентарен состав со кој ќе се заокружи и сумира сликата и показателите за нашата активност во овој собраниски мандат.

На крајот, би сакал да им изразам благодарност на сите оние чинители што во извештајниот период придонесоа за збогатување на обемот и квалитетот на активностите на Собранието на Република Македонија.

Претседател
на Собранието на Република Македонија,

д-р Љупчо Јордановски

1. ВОВЕД

Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката.

Собранието е еднодомно кое го сочи-нуваат 120 пратеници кои се избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Во сегашниот состав на Собранието пратениците се избрани врз основа на пропорционален модел и тие својата функција ја вршат професионално.

Пратениците се избираат за време од четири години и тие не можат да бидат отповикани.

Врз основа на Уставот на Република Македонија Собранието на Република Македонија:

- го донесува и изменува Уставот;

- донесува закони и дава автентично толкување на законите;

- ги утврдува јавните давачки;

- донесува Републички буџет и завршна сметка на буџетот

- донесува просторен план на Републиката;

-ратификува меѓународни договори;

- одлучува за војна и мир;

- донесува одлука за менување на грани-цата на Републиката;

- донесува одлука за стапување и истапување од сојуз или заедница со други држави;

- распишува референдум;

- одлучува за резервите на Републиката;

- основа совети;

- избира Влада на Република Македонија;

- избира судии на Уставниот суд на Република Македонија;

- врши избор и разрешување на судии;

- врши избори, именувања и разрешувања и на други носители на јавни и други функ-ции утврдени со Уставот и со закон;

- врши политичка контрола и надзор над Владата и над другите носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието;

- дава амнестија и

- врши други работи утврдени со Уставот.

Собранието за вршење на работите од својата надлежност донесува и одлуки, дек-ларации, резолуции, препораки и заклучоци.

Организацијата и функционирањето на Собранието на Република Македонија и на работните тела на Собранието се утврдуваат со Деловник што Собранието го донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Со оглед на тоа што законодавната дејност е основна дејност на Собранието, во Деловникот е прецизно уредена постапката за разгледување и донесување на за-коните и другите акти. Исто така, со Деловникот се уредени инструментите и постапката преку кои Собранието врши политичка контрола и надзор врз работата на органите на извршната власт, како и други прашања што произлегуваат од уставните надлежности на Собранието.

2. ПЛЕНАРНИ СЕДНИЦИ

вкупно седници - 31

завршени - 27

незавршени - 4

Посебни седници во периодот
01.11.2004 - 31.10.2005

Пратенички прашања - 7

- 91 седница, одржана на 27.01.2005 година;
- 95 седница, одржана на 31.03.2005 година;
- 96 седница, одржана на 28.04.2005 година;
- 98 седница, одржана на 26.05.2005 година;
- 102 седница, одржана на 30.06.2005 година;
- 110 седница, одржана на 29.09.2005 година;
- 112 седница, одржана на 27.10.2005 година.

Обраќања - 1

- Претседател на Република Македонија Бранко Црвенковски, (87 седница, 22.12.2004

Времетраење на седници

- Според број на работни денови, најдолга седница на Собранието на Република Македонија е 101 -та седница со 13 работно денови (70 часа и 15 минути).
- Според вкупен број на работни часови, најдолга седница на Собранието на Република Македонија е 101 -та седница со 70 часа и 15 минути.
- Според континуитет, најдолга седница на Собранието на Република Македонија е 108 -та седница, која траела од 11,03 часот во четврток до 00,02 часот следниот ден ,во петок.
- Според вкупен број на работни часови,најкуса седница на Собранието на Република Македонија е 100-та седница која траела 05 минути - (од 14,02 часот до 14,07 часот).
- Според континуитет, најкуси седници на Собранието на Република Македонија се; 93 -та седница со траење од 10 минути, 89 -та седница со траење од 25 минути и 87 -та седница со траење од 30 минути.

2.1. Присуство и учество на седниците

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА СЕДНИЦИ

СЕДНИЦА	**РАБОТНИ ДЕНОВИ**	ВКУПНО ВРЕМЕТРАЕЊЕ
осумдесет и втора	**4**	19 часа и 20 минути
осумдесет и трета	**3**	16 часа и 30 минути
осумдесет и четврта	**1**	30 минути
осумдесет и петта	**3**	21 час и 55 минути
осумдесет и шеста	**6**	43 часа и 55 минути
осумдесет и седма	**1**	30 минути
осумдесет и осма	**1**	5 часа и 55 минути
осумдесет и деветта	**1**	25 минути
деведесетта	**4**	20 час и 55 минути
деведесет и прва	**1**	5 часа
деведесет и втора	**5**	23 часа и 20 минути
деведесет и трета	**1**	10 минути
деведесет и четврта	**11**	58 часа
деведесет и петта	**1**	5 часа и 30 минути
деведесет и шеста	**1**	7 часа
деведесет и седма	**6**	40 часа и 20 минути
деведесет и осма	**1**	6 часа и 10 минути
деведесет и деветта	**9**	42 часа и 55 минути
стотта	**1**	5 минути
сто и прва	**13**	70 часа и 15 минути
сто и втора	**1**	6 часа и 25 минути
сто и трета	**5**	24 часа и 20 минути
сто и четврта	**7**	28 часа и 05 минути
сто и петта	**3**	15 часа и 50 минути
сто шеста	**3**	17 часа и 15 минути
сто и седма	**8**	37 часа и 50 минути
сто и осма	**1**	13 часа
сто и деветта	**5**	27 часа и 40 минути
сто и десетта	**1**	7 часа
сто и еднаесетта	**2**	13 часа и 15 минути
сто и дванаесетта	**1**	6 часа
ВКУПНО: 31 седница	**108 дена**	**583 часа и 20 минути**

Вкупниот број на денови на седници на Собранието изнесува 101.
Во текот на тие работни денови остварени се :
вкупно присуства: 12103
вкупно отсуства: 2266 од кои:
- оправдани 2012
- неоправдани 254

Присуство на пратеници во денови кога Собранието одржувало седници

број на пратеници присутни во денови кога се одржувале седници

Согласно со Деловникот (член 29) на пратеник кој отсуствува најмалку четири пати континуирано од седници на Собранието, а за тоа не го известил претседателот (неоправдано отсутен) му се одбива 5% од платата за секој ден отсуство.
Поради тоа, за четири континуирани неоправдани отсуства (вкупно 20%) извршен е 1 одбиток од платата на еден пратеник.

2.2 Одлучување и гласање

2.3. ФАЗИ И ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНИ

Собранието, како законодавен орган, усвојува закони на неговите седници.

Право на предлагање закон има секој пратеник, Владата на Република Македонија и 10.000 избирачи.

Иницијатива за донесување закон до овластените предлагачи може да даде секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија.

Предлогот за донесување на закон се разгледува на седниците на надлежното работно тело, како и на други работни тела во чиј делокруг спаѓаат прашања што се уредуваат со законот. Работните тела доставуваат извештај до Собранието во кој го изнесуваат својот став во однос на предлогот. Мислење доставува и Владата, доколку таа не е предлагач на законот.

Врз основа на заклучокот на Собранието, предлагачот подготвува предлог на закон. Предлогот на закон повторно го разгледуваат работните тела кои го разгледувале во претходната фаза и доставуваат извештај на Собранието.

Во оваа фаза може да се поднесуваат амандмани на текстот на предложениот закон, од страна на секој пратеник, работно тело на Собранието и Владата.

За посложени и системски закони можна е уште една фаза - односно нацрт на закон пред изготвувањето на предлогот на закон.

Доколку не се работи за сложен и обемен закон, можно е тој да се донесе по скратена постапка - односно предлог за донесување на закон, со предлог на закон.

По општата и амандманската расправа на пленарна седница на Собранието, Собранието гласа за донесување на законот ако присуствуваат мнозинство пратеници. Законите, по правило, се донесуваат со мнозинство гласови од присутните пратеници, а најмалку една третина од вкупниот број пратеници. Уставот ги утврдува исклучоците, односно оние закони за кои е потребно двотретинско мнозинство од вкупниот број пратеници.

Законите се прогласуваат со указ кој го потпишуваат претседателот на Републиката и претседателот на Собранието.

Претседателот на Републиката може да одлучи да не го потпише указот за потпишување на законот. Во тој случај, Собранието повторно го разгледува законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници (апсолутно мнозинство), претседателот на Републиката е должен да го потпише указот. Претседателот е должен да го потпише указот и за прогласување на законите кои се донесени со двотретинско мнозинство.

Законите се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија".

реден број	А К Т	вкупно по дневен ред	донесени	недонесени	повлечени	прва фаза	нацрт закон	усвоени	неусвоени	неосновани	неразгледани
1.	закони	189	135	15	5+1	24	2				8
2.	одлуки	172	166	2	4						
3.	уставни измени	2				1	1				
4.	декларации	2							1		1
5.	резолуција	1	1								
6.	информации	3						1	1		1
7.	програми	2						2			
8.	извештаи	7						7			
9.	планови	1						1			
10.	интерпелации	3			1				2		
11.	автентични толкувања	8						1		6	1
12.	завршна сметка	1						1			
13.	мислење и предлози	1						1			
14.	иницијатива	1							1		
15.	национална стратегија	1						1			
	ВКУПНО	394	302	17	11	25	3	15	5	6	11

Разгледани закони по седници

Број на седница	82	83	86	89	90	92	94	97	99	101	103	104	105	107	109	111	Вку-пно
разгледани	15	4	19	1	10	4	15	14	14	10	16	10	5	30	7	7	181
донесени	5	4	14	1	6	4	12	13	8	10	11	9	5	26	1	6	135
недонесени	5				2		2	1	1		2	1			1		15
повлечени	3										1				1		5
1-ва фаза	1		5		2		1		5		2			3	4	1	24
нацрт	1													1			2

ВКУПЕН БРОЈ НА РАЗГЛЕДУВАНИ ЗАКОНИ 181

ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ 150

НЕДОНЕСЕНИ И ПОВЛЕЧЕНИ ЗАКОНИ (21)

2.3.1. Предлози за донесување на закони

Закони по редовна постапка - прва фаза

Реден број	З А К О Н И	предлагач	седница	забелешка
1.	Предлог за донесување на закон за буџетите	Влада	86 12.01.2005	Законот е донесен на 104 седница
2.	Предлог за донесување на Царински закон	Влада	86 12.01.2005	Законот е донесен на 97 седница
3.	Предлог за донесување на закон за јавен долг	Влада	86 12.01.2005	Законот е донесен на 104 седница
4.	Предлог за донесување на закон за ревизија	Влада	86 12.01.2005	Законот е донесен на 107 седница
5.	Предлог за донесување на закон за хартии од вредност	Влада	86 12.01.2005	Законот е донесен на 111 седница
6.	Предлог за донесување на Закон за парнична постапка	Влада	82 18.01.2005	Законот е донесен на 101 седница
7.	Предлог за донесување на закон за заштита на сведоци	Влада	90 26.01.2005	Законот е донесен на 97 седница
8.	Предлог за донесување на закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер	Влада	90 26.01.2005	
9.	Предлог за донесување на закон за железници	Влада	94 27.04.2005	Законот е донесен на 105 седница

10.	Предлог за донесување на Закон за работни односи	Влада	99 10.06.2005	Законот е донесен на 104 седница
11.	Предлог за донесување на Закон за учебниците за основното и средното образование	Славица Грковска	99 14.06.2005	
12.	Предлог за донесување на Закон за семенски и саден материјал за земјоделските растенија	Влада	99 14.06.2005	
13.	Предлог за донесување на Закон за тутун и тутунски производи	Влада	99 15.06.2005	
14.	Предлог за донесување на закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните	Влада	99 17.06.2005	Законот е донесен на 107 седница
15.	Предлог за донесување на закон за Академија за обука на судии и обвинители, со Предлог на закон	Влада	103 06.07.2005	
16.	Предлог за донесување на закон за Бирото за развој на образованието, со Предлог на закон	Влада	103 05.09.2005	
17.	Предлог за донесување на закон за даночна постапка	Влада	107 13.09.2005	
18.	Предлог за донесување на закон за извршување на санкциите	Влада	107 16.09.2005	
19.	Предлог за донесување на закон за стечај	Влада	107 23.09.2005	
20.	Предлог за донесување на закон за надворешни работи	Влада	109 07.10.2005	
21.	Предлог за донесување на закон за безбедност во железничкиот сообраќај	Влада	109 12.10.2005	
22.	Предлог за донесување на закон за основање на Агенција за железнички сообраќај и транспорт	Влада	109 12.10.2005	
23.	Предлог за донесување на закон за странците	Влада	109 12.10.2005	
24.	Предлог за донесување на закон за полиција	Влада	111 28.10.2005	

Закони по редовна постапка - нацрт на закони

реден број	З А К О Н И	предлагач	седница	забелешка
1.	Нацрт на закон за установите	Влада	82 10.12.2004	Законот е донесен на 94 седница
2.	Предлог на закон за воздухоплов-ство	Влада	107 16.09.2005	По предлог на владата а усвоен од пратениците предлог на законот се разгледуваше како нацрт закон т.е 2 фаза

Закони донесени во редовна постапка

Реден број	АКТ	ПРЕДЛАГАЧ	ПОСТАПКА	СЕДНИЦА
1.	Закон за спречување насилство и недостојно однесување на спорт-ските натпревари	Влада	редовна	83 07.12.2004
2.	Закон за Стопанска комора на Македонија	Влада	редовна	82 09.12.2004
3.	Буџет на Република Македонија за 2005 година	Влада	редовна	86 29.12.2004
4.	Закон за заштита на конкуренцијата	Влада	редовна	86 11.01.2005
5.	Закон за изменување и дополнување на Законот за авторско право и сродните права	Влада	редовна	86 12.01.2005
6.	Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост	Влада	редовна	86 12.01.2005
7.	Закон за изменување и дополнување на Законот за договорен залог	Ангелка П. Лауренчиќ Зоран Томиќ Аднан Јашари Зоран Шапуриќ	редовна	86 12.01.2005
8.	Закон за вршење на Психолошка дејност	Ана Андова Јордан Михајловски Коста Прешоски Киро Дојчиновски Нелко Стојановски Каме Петров	редовна	82 18.01.2005

9.	Закон за заштита на личните податоци	Влада	редовна	90 25.01.2005
10.	Закон за оружје	Влада	редовна	90 25.01.2005
11.	Закон за користење и располагање со стварите на државните органи	Влада	редовна	90 01.02.2005
12.	Закон за управување со кризи	Влада	редовна	94 22.04.2005
13.	Закон за здравје на растенијата	Влада	редовна	94 26.04.2005
14.	Закон за установите	Влада	редовна	94 05.05.2005
15.	Закон за извршување	Влада	редовна	94 05.05.2005
16.	Закон за општа управна постапка	Влада	редовна	92 18.05.2005
17.	Закон за заштита на сведоци	Влада	редовна	97 19.05.2005
18.	Царински закон	Влада	редовна	97 19.05.2005
19.	Закон за животна средина	Влада	редовна	101 22.06.2005
20.	Закон за ученички стандард	Влада	редовна	101 23.06.2005
21.	Закон за градење	Влада	редовна	101 24.06.2005
22.	Закон за просторно и урбанистичко планирање	Влада	редовна	101 28.06.2005
23.	Закон за работни односи	Влада	редовна	104 22.07.2005
24.	Закон за буџетите	Влада	редовна	104 22.07.2005
25.	Закон за јавен долг	Влада	редовна	104 22.07.2005
26.	Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година	Влада	редовна	105 26.07.2005
27.	Закон за железници	Влада	редовна	105 26.07.2005
28.	Закон за радиодифузна дејност	Влада	редовна	104 28.07.2005
29.	Закон за парнична постапка	Влада	редовна	101 13.09.2005
30.	Закон за ревизија	Влада	редовна	107 13.09.2005
31.	Закон за пратениците	група од 13 пратеници	по непотпишување на Указот од Претс. на РМ редовна	107 27.09.2005
32.	Закон за изменување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија	Група од 15 пратеници од СДСМ, ДУИ, ЛДП, ВМРО-НП	редовна	107 27.09.2005
33.	Закон за хартии од вредност	Влада	редовна	111 26.10.2005

2.3.4. Предлози за донесување на закони со предлози на закони (скратена постапка)

Закони донесени по скратена постапка

Реден број	А К Т	ПРЕДЛАГАЧ	ПОСТАПКА	СЕДНИЦА
1.	Закон за гаранција на Република Македонија на обврските од "Договорот за регулирање на обврските на ЈП Македонски Железници ЦО Скопје кон одредени железнички претпријатија", склучен на 15 јули,2004 година помеѓу ЈП Македонски Железници ЦО Скопје и Меѓунар. здружение на железници УИЦ	Влада	скратена	82 18.11.2004
2.	Закон за девизна инспекција	Влада	скратена	83 07.12.2004
3.	Закон за изменување и дополнување на Законот за шумите	Влада	скратена	83 07.12.2004
4.	Закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година	Влада	скратена	86 30.12.2004
5.	Закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2005 година	Влада	скратена	86 30.12.2004
6.	Закон за изменување и дополнување на законот за буџетите	Влада	скратена	86 30.12.2004

7.	Закон за изменување на законот за хартии од вредност	Влада	скратена	86 30.12.2004
8.	Закон за изменување на законот за финансирање на единиците за локална самоуправа	Влада	скратена	86 30.12.2004
9.	Закон за изменување и дополнување на законот за персонален данок на доход	Влада	скратена	86 30.12.2004
10.	Закон за изменување и дополнување на законот за акцизите	Влада	скратена	86 30.12.2004
11.	Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност	Влада	скратена	86 11.01.2005
12.	Закон за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување	Влада	скратена	86 11.01.2005
13.	Закон за изменување и дополнување на Законот за воена академија	Влада	скратена	82 18.01.2005
14.	Закон за изменување и дополнување на Законот за територијална поделба на локалната самоуправа во Република Македонија	Влада	скратена	92 17.02.2005
15.	Закон за изменување на Законот за лична карта	Влада	скратена	92 17.02.2005
16.	Закон за електронски комуникации	Влада	скратена	92 18.02.2005
17.	Закон за Трансформација на Јавното претпријатие "Македонски Железници" - Ц.О Скопје	Влада	скратена	94 26.04.2005
18.	Закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите	Влада	скратена	97 19.05.2005
19.	Закон за изменување на Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката	Влада	скратена	97 19.05.2005
20.	Закон за дополнување на Законот за исплата на плати во Република Македонија	Влада	скратена	97 19.05.2005
21.	Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за заем за Проектот за катастар и регистрација на недвижности	Влада	скратена	97 19.05.2005
22.	Закон за престанување на важење на Законот за овластување на организација за изработка на книжни и ковани пари	Влада	скратена	97 19.05.2005
23.	Закон за царински мерки за заштита на права на интелектуална сопственост	Влада	скратена	97 19.05.2005

24.	Закон за изменување на Законот за заштита од пушењето	пратеници: Иван Атанасовски Славица Станковска Славица Грковска	скратена	97 20.05.2005
25.	Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика	Влада	скратена	97 25.05.2005
26.	Закон за изменување и дополнување на Законот за води	Влада	скратена	97 31.05.2005
27.	Закон за дополнување на Законот за експропријација	Влада	скратена	99 14.06.2005
28.	Закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по финансискиот договор за заем што ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на Проектот за изградба на трафостаници во Република Македонија	Влада	скратена	99 14.06.2005
29.	Закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по финансискиот договор за заем што ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на Проектот за изградба на 400 КВ далекувод од Штип (Република Македонија) до Црвена Могила (Република Бугарија)	Влада	скратена	99 14.06.2005
30.	Закон за просветна инспекција	Влада	скратена	101 23.06.2005
31.	Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование	Влада	скратена	103 05.07.2005
32.	Закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование	Влада	скратена	103 05.07.2005
33.	Закон за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија	Влада	скратена	103 06.07.2005
34.	Закон за изменување и дополнување на Законот за ограничување на изворите за финансирање на јавните потреби за 2005 година	Влада	скратена	103 06.07.2005

35.	Закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија	Влада	скратена	101 15.07.2005
36.	Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на сведоци	Влада	скратена	101 15.07.2005
37.	Закон за изменување и дополнување на Законот за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства	Блаже Стојановски Спире Мавровски Елеонора П.Митевска Цветанка Иванова Лилјана Поповска Никола Груевски Роза Т. Каревска Силвана Бонева	скратена	101 15.07.2005
38.	Закон за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија	Влада	скратена	103 21.07.2005
39.	Закон за основање на Агенцијата за енергетика на Република Македонија	Влада	скратена	103 21.07.2005
40.	Закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита	Влада	скратена	104 22.07.2005
41.	Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица	Влада	скратена	104 22.07.2005
42.	Закон за изменување и дополнување на Законот за комунални такси	Влада	скратена	105 26.07.2005
43.	Закон за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување	Група од 13 пратеници	скратена	105 26.07.2005
44.	Закон за пратеници	Група од 13 пратеници	скратена	105 26.07.2005
45.	Закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал	Влада	скратена	104 31.08.2005
46.	Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешна пловидба	Влада	скратена	104 31.08.2005
47.	Закон за изменување на Законот за избирачкиот список	Влада	скратена	104 31.08.2005
48.	Закон за дополнување на Законот за основното образование	Влада	скратена	107 13.09.2005

49.	Закон за Управата за јавни приходи	Влада	скратена	107 13.09.2005
50.	Закон за изменување на Законот за Царинската управа	Влада	скратена	107 13.09.2005
51.	Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за заем за Проектот за реформа на деловното окружување и институционално зајакнување	Влада	скратена	107 13.09.2005
52.	Закон за изменување и дополнување на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници	Влада	скратена	107 13.09.2005
53.	Закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници	Влада	скратена	107 14.09.2005
54.	Закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните	Влада	скратена	107 16.09.2005
55.	Закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина	Влада	скратена	107 16.09.2005
56.	Закон за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба	Влада	скратена	107 21.09.2005
57.	Закон за изменување на Законот за техничката инспекција	Влада	скратена	107 21.09.2005
58.	Закон за изменување на Законот за културата	Влада	скратена	107 21.09.2005
59.	Закон за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица	Влада	скратена	107 23.09.2005
60.	Закон за изменување на законот за задругите	Влада	скратена	107 23.09.2005
61.	Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва	Влада	скратена	107 23.09.2005
62.	Закон за изменување на Законот за стопанските комори	Влада	скратена	107 23.09.2005
63.	Закон за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите	Влада	скратена	107 23.09.2005
64.	Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита	Влада	скратена	107 27.09.2005
65.	Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување	Влада	скратена	107 27.09.2005
66.	Закон за задолжително осигурување во сообраќајот	Влада	скратена	109 12.10.2005
67.	Закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси	Влада	скратена	111 26.10.2005

РАТИФИКАЦИИ

Реден број	А К Т	ПРЕДЛАГАЧ	ПОСТАПКА	СЕДНИЦА
1.	Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора за заштита на Македонското национално малцинство во Србија и Црна Гора и заштита на Српското и Црногорското национално малцинство во Република Македонија	Влада	скратена	82 18.11.2004
2.	Закон за ратификација на Европската социјална повелба и Протоколот со кој се врши измена и дополнување на Европската социјална повелба	Влада	скратена	83 07.12.2004
3.	Закон за ратификација на Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматската обработка на лични податоци	Влада	скратена	90 26.01.2005
4.	Закон за ратификација на Спогодбата за соработка меѓу Република Македонија и Република Хрватска во контекст на приближување и пристапување во Европската Унија	Влада	скратена	90 01.02.2005
5.	Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за основање Културно-информативен центар на Република Македонија во Софија и Културно-информативен центар на Република Бугарија во Скопје	Влада	скратена	90 01.02.2005
6.	Закон за ратификација на Амандманот на Договорот за основање на Европска банка за обнова и развој	Влада	скратена	94 21.04.2005
7.	Закон за ратификација на Протоколот за забрана или ограничување на употреба на мини, стапици и други средства, дополнет на 3 мај 1996 година (Протокол 2 дополнет на 3 мај 1996 година)	Влада	скратена	94 21.04.2005
8.	Закон за ратификација на Протоколот за пристапување на Европската заедница кон Меѓународната конвенција на Еуроконтрол за соработка во безбедноста на воздушниот сообраќај од 13 декември 1960 година, со разните измени и дополненија и утврдена со Протоколот од 27 јуни 1997 година	Влада	скратена	94 21.04.2005
9.	Закон за ратификација на Протоколот број 14 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи за измена на контролниот механизам на Конвенцијата	Влада	скратена	94 21.04.2005
10.	Закон за ратификација на Женевскиот акт на Хашкиот договор кој се однесува на меѓународната регистрација на индустрискиот дизајн	Влада	скратена	94 21.04.2005

11.	Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, недозволената трговија со наркотични дроги, психотропски супстанции и прекурсори, илегалната миграција и други нелегални активности	Влада	скратена	94 21.04.2005
12.	Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за воспоставување на меѓународна езерска патничка линија Охрид - Подградец	Влада	скратена	94 21.04.2005
13.	Закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за преземање на лица	Влада	скратена	97 19.05.2005
14.	Закон за ратификација на Картагенскиот протокол за биосигурност кон Конвенцијата за биолошка разновидност	Влада	скратена	97 19.05.2005
15.	Закон за ратификација на Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија од една страна и Европските заедници и нивните земји членки од друга страна за Рамковна спогодба меѓу Република Македонија и Европската заедница за генералните принципи за учество на Република Македонија во програмите на заедницата	Влада	скратена	99 10.06.2005
16.	Закон за ратификација на Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија од една страна и Европските заедници и нивните земји членки од друга страна за да се земе во предвид пристапувањето на Чешката Република, Република Естонија, Република Кипар, Република Унгарија, Република Латвија, Република Литванија, Република Малта, Република Полска, Република Словенија и Словачката Република во Европската Унија	Влада	скратена	99 10.06.2005
17.	Закон за ратификација на Спогодбата за развој на соработката меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија	Влада	скратена	99 10.06.2005
18.	Закон за ратификација на Спогодбата за развој на соработката меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Државата Израел за соработка во областа на културата, образованието и науката	Влада	скратена	99 10.06.2005

19.	Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за заштита и оддржлив развој на Охридското Езеро и на неговиот слив	Влада	скратена	99 10.06.2005
20.	Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Европската Унија за безбедносните процедури за размена на класифицирани информации	Влада	скратена	103 05.07.2005
21.	Закон за ратификација на Ревидираната Европска конвенција за заштита на археолошко наследство	Влада	скратена	103 05.07.2005
22.	Закон за ратификација на Протоколот за измени на Европската Конвенција за спречување на тероризмот	Влада	скратена	103 05.07.2005
23.	Закон за ратификација на Дополнителниот протокол на конвен--цијата за компјутерски криминал за инкриминација на дела од расистички и ксенофобички вид по пат на информатички систем	Влада	скратена	103 05.07.2005
24.	Закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за отварање на нов меѓународен патен граничен премин меѓу двете земји	Влада	скратена	103 05.07.2005
25.	Закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за социјално осигурување	Влада	скратена	107 13.09.2005
26.	Закон за ратификација на Договорот за статусот и активностите на Регионалниот центар на Регионалната иницијатива за миграции, азил и бегалци МАРРИ со седиште во Скопје	Влада	скратена	107 13.09.2005
27.	Закон за ратификација на Дополнителниот протокол за Казнената конвенција за корупција	Влада	скратена	107 13.09.2005
28.	Закон за ратификација на Спогодбата за привилегии и имунитети на Меѓународниот кривичен суд	Влада	скратена	107 13.09.2005
29.	Закон за ратификација на Спогодбата за трговија со цивилни воздухоплови	Влада	скратена	111 26.10.2005
30.	Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Белорусија за одбегнување на двојното оданочување и заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал	Влада	скратена	111 26.10.2005
31.	Закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Шпанската Влада за одбегнување на двојното оданочување и заштита од фискална евазија по однос на данокот на доход и данокот на капитал	Влада	скратена	111 26.10.2005
32.	Закон за ратификација на Конвенцијата за украдените или незаконски извезени културни добра	Влада	скратена	111 26.10.2005

2.3.5. Предлози за донесување по итна постапка на закони со предлози на закони

Закони донесени по итна постапка

Реден број	А К Т	ПРЕДЛАГАЧ	ПОСТАПКА	СЕДНИЦА
1.	Закон за изменување на законот за домување	Влада	итна	89 30.12.2004
2.	Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи	Влада	итна	101 23.06.2005
3.	Закон за дополнување на Кривичниот законик	Влада	итна	107 13.09.2005

2.3.6. Повлечени закони

Реден број	ЗАКОНИ	предлагач	седница
1.	Предлог на закон за изменување на Законот за избор на пратеници на Собранието на Република Македонија	Којзаклиска Марија Караџовски Жарко Тасев Орданчо Мавровски Спире Оровчанец Ѓорги	82 18.01.2005
2.	Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за додадена вредност, со Предлог на закон	41 пратеник	82 18.01.2005
3.	Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за додадена вредност, со Предлог на закон	Зоран Заев	82 18.01.2005
4.	Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон	ВМРО - Народна партија	08.05.2005
5.	Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за денационализација, со Предлог на закон	Влада	103 21.07.2005
6.	Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование, со Предлог на закон	Нелко Стојановски Јани Макрадули Весна Борозан Чедомир Краљевски	109 13.10.2005

2.3.7. Недонесени закони

реден број	З А К О Н И	предлагач	седница
1.	Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за избор на пратеници, со Предлог на закон	Никола Груевски Ганка С.Цветанова Сашко Кедев Силвана Бонева Илија Србиновски Ефтим Манев	82 18.01.2005
2.	Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за избирачки список, со Предлог на закон	Никола Груевски Ганка С.Цветанова Сашко Кедев Силвана Бонева Илија Србиновски Ефтим Манев Илија Китановски Ѓорге Паљошковски	82 18.01.2005
3.	Предлог за донесување на закон за дополнување на законот за избор на претседател на Република Македонија, со Предлог на закон	Никола Груевски Ганка С.Цветанова Сашко Кедев Силвана Бонева Илија Србиновски Ефтим Манев Илија Китановски Ѓорге Паљошковски	82 18.01.2005
4.	Предлог за донесување на закон за изменување на законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, со Предлог на закон	Блаже Стојановски	82 18.01.2005
5.	Предлог на закон за телекомуникации	Никола Груевски Ганка С.Цветанова Сашко Кедев Силвана Бонева Илија Србиновски Ефтим Манев Илија Китановски Ѓорге Паљошковски	82 18.01.2005
6.	Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за додадена вредност, со Предлог на закон	Жарко Караџовски	90 01.02.2005
7.	Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија, со Предлог на закон	Ванчо Стаменков	90 01.02.2005
8.	Предлог за донесување на закон за поништување на локалните избори одржани на 13 март 2005 година во општините Липково, Арачиново, Чаир, Студеничани, Гостивар, Тетово, Кичево, Струга, Дебар, Осломеј, Зајас, Боговиње, Теарце, Желино, Брвеница и Јегуновце, со Предлог на закон	ДПА	94 04.05.2005

9.	Предлог за донесување на за ограничување на потрошувачката на тутунските производи	Најдовски Слободан Ивановска Лилјана	94 05.05.2005
10.	Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за оснивање на Јавното претпријатие Македонска радиотелевизија, со Предлог на закон	Абдулади Вејсели Исмет Рамадани	99 17.06.2005
11.	Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за основно образование, со Предлог на закон	Никола Груевски Силвана Бонева Михајло Георгиевски Илија Китановски Ѓорге Паљошковски Илија Србиновски	103 06.07.2005
12.	Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните собири, со Предлог на закон	Славица Станковска	104 31.08.20058
13.	Предлог за донесување на закон за просветната инспекција, со Предлог на закон	Група пратеници	103 02.09.2005
14.	Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, со Предлог на закон	8 пратеници од пратеничка група на ВМРО-НП	109 13.10.2005
15.	Предлог за донесување на закон за соработка со Меѓународниот кривичен суд во Хаг, со Предлог на закон	ВМРО-ДПМНЕ	97 14.10.2005

2.4. ДРУГИ АКТИ

2.4.1. Одлуки, декларации, програми и резолуции

ОДЛУКИ

Реден број	АКТ	ПРЕДЛАГАЧ	ПОСТАПКА	СЕДНИЦА
1.	Одлука за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2005 година	Влада	редовна	82 18.11.2004

2.	Одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција во Ирак	Влада	итна	84 01.12.2004
3.	Разрешување на потпретседател на Собранието на Република Македонија	Ком.за прашања на изборите и именувања	редовна	83 06.12.2004
4.	Избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија	Ком.за прашања на изборите и именувања	редовна	83 06.12.2004
5.	Одлука за изменување заменик на Генералниот директор на ЈП на МРТВ	Ком.за прашања на изборите и именувања	редовна	83 07.12.2004
6.	Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија	Ком.за прашања на изборите и именувања	редовна	83 07.12.2004
7.	Одлука за разрешување и именување претседатели и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев"	Ком.за прашања на изборите и именувања	редовна	83 07.12.2004
8.	Одлука за основање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација	Ком.за прашања на изборите и именувања	редовна	83 07.12.2004
9.	Избор на Влада на Република Македонија	мандатор Владо Бучковски	редовна	85 17.12.2004
10.	Избор на Народен правобранител	Ком.за прашања на изборите и именувања	редовна	88 24.12.2004
11.	Верификација на мандат на Пратеник на Собранието на Република Македонија	Ком. за деловничко и мандатно-имунитетни прашања	редовна	88 24.12.2004
12.	Именување на заменици на министри	Влада	редовна	88 24.12.2004
13.	Именување на директор на Агенцијата за државни службеници	Влада	редовна	88 24.12.2004
14.	Верификација на мандат на Пратеник на Собранието на Република Македонија	Ком. за деловничко и мандатно-имунитетни прашања	редовна	86 27.12.2004
15.	Одлука за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување на локалните избори во 2005 година	Совет за радиодифузија	редовна	90 24.01.2005
16.	Одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици на членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа	Комисија за прашања на изборите и именувањата	редовна	90 24.01.2005

17.	Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија	Комисија за прашања на изборите и именувањата	редовна	90 24.01.2005
18.	Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија	Комисија за прашања на изборите и именувањата	редовна	90 24.01.2005
19.	Одлука за именување членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија	Комисија за прашања на изборите и именувањата	редовна	90 24.01.2005
20.	Одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател, потпретседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата	Комисија за прашања на изборите и именувањата	редовна	90 24.01.2005
21.	Избор на Потпретседател на Собранието на Република Македонија	Комисија за прашања на изборите и именувањата	редовна	90 24.01.2005
22.	Одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан	Влада	редовна	93 04.02.2005
23.	Одлука за именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата	Комисија за прашања на изборите и именувањата	редовна	92 15.02.2005
24.	Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија	Комисија за прашања на изборите и именувањата	редовна	92 15.02.2005
25.	Одлука за избор на претседател, потпретседатели, членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација	Комисија за прашања на изборите и именувањата	редовна	92 15.02.2005
26.	Верификација на мандати на пратеници на Собранието на Република Македонија	Комисија за деловнички и мандатно - имунитетни прашања	итна	94 20.04.2005
27.	Одлука за именување на претседател и членови на конисијата за електронски комуникации	Ком. за прашања на изборите и именувањата	итна	94 20.04.2005
28.	Именување на член на Советот на Народна Банка на Република Македонија	Ком. за прашања на изборите и именувањата	редовна	94 21.04.2005

29.	Разрешување и именување на членови на Комисијата за хартии од вредност	Влада	редовна	97 18.05.2005
30.	Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Р. Македонија	Ком. за прашања на изборите и именувањата	итна	97 18.05.2005
31.	Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија	Ком. за прашања на изборите и именувањата	итна	97 18.05.2005
32.	Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија	Ком. за прашања на изборите и именувањата	итна	97 18.05.2005
33.	Одлука за изменување на Одлуката оснивање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка	Ком. за прашања на изборите и именувањата	итна	97 18.05.2005
34.	Одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива	Ком. за прашања на изборите и именувањата	итна	97 18.05.2005
35.	Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на Комитетот за односи меѓу заедниците	Ком. за прашања на изборите и именувањата	итна	97 18.05.2005
36.	Одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател и членови на Комисијата за електронски комуникации	Ком. за прашања на изборите и именувањата	итна	97 18.05.2005
37.	Одлука за разрешување на член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија	Ком. за прашања на изборите и именувањата	итна	97 18.05.2005
38.	Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 октомври"	Ком. за прашања на изборите и именувањата	итна	97 18.05.2005
39.	Одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак	Влада	редовна	100 07.06.2005
40.	Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија	Комисија за деловнички и мандатно - имунитетни прашања	редовна	99 08.06.2005

41.	Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Р. Македонија	Ком. за прашања на изборите и именувањата	редовна	99 10.06.2005
42.	Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменици на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија	Ком. за прашања на изборите и именувањата	редовна	99 10.06.2005
43.	Одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка	Ком. за прашања на изборите и именувањата	редовна	99 10.06.2005
44.	Одлука за именување на на претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за решавање на жалби во областа на конкуренцијата	Ком. за прашања на изборите и именувањата	редовна	99 10.06.2005
45.	Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие Македонска радиотелевизија	Ком. за прашања на изборите и именувањата	редовна	99 10.06.2005
46.	Одлука за изменување на одлуката за именување претседател, потпретседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата	Ком. за прашања на изборите и именувањата	редовна	99 10.06.2005
47.	Именување директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци	влада	итна	101 22.06.2005
48.	Одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици на членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа	Ком. за прашања на изборите и именувањата	итна	101 22.06.2005
49.	Одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија	Ком. за прашања на изборите и именувањата	итна	101 22.06.2005
50.	Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија	Комисија за деловнички и мандатно - имунитетни прашања	итна	103 05.07.2005
51.	Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија	Ком. за прашања на изборите и именувањата	итна	103 05.07.2005
52.	Одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка	Ком. за прашања на изборите и именувањата	итна	103 05.07.2005

53.	Одлука за разрешување на членови на Советот за радиодифузија	Ком. за прашања на изборите и именувањата	итна	103 05.07.2005
54.	Одлука за избор на членови на Советот за радиодифузија	Ком. за прашања на изборите и именувањата	итна	104 19.07.2005
55.	Одлука за дополнување на Одлуката за именување претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за решавање на жалби во областа на конкуренцијата	Ком. за прашања на изборите и именувањата	итна	104 19.07.2005
56.	Одлука за оснивање на Анкетна комисија за испитување на причините и последиците од стечајот на Експорт-Импорт Банка	Група пратеници од СДСМ и ЛДП	итна	105 26.07.2005
57.	Одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан	влада	итна	106 29.07.2005
58.	Одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија медицински тим за учество во мировната операција во Авганистан	влада	итна	106 29.07.2005
59.	Именување вицегувернер на Народната банка на Република Македонија	Гувернер на Народна банка	редовна	107 13.09.2005
60.	Именување член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија	Регулаторна комисија за енергетика	редовна	107 13.09.2005
61.	Именување на член на Советот на Народната банка на Република Македонија	Претседател Бранко Црвенковски	редовна	109 06.10.2005
62.	Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија	Ком. за прашања на изборите и именувањата	итна	109 06.10.2005
63.	Одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка	Ком. за прашања на изборите и именувањата	итна	109 06.10.2005
64.	Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија	Ком. за прашања на изборите и именувањата	итна	109 06.10.2005
65.	Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија	Ком. за прашања на изборите и именувањата	итна	109 06.10.2005

66.	Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мито Хаџи Василев - Јасмин"	Ком. за прашања на изборите и именувањата	итна	109 06.10.2005
67.	Одлука за избор на претседател и членови на анкетната комисија за испитување на причините и последиците од стечајот на Експорт-импорт банка врз Буџетот на Република Македонија	Ком. за прашања на изборите и именувањата	итна	109 06.10.2005
68.	Одлука за изменување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија	12 пратеници	итна	109 06.10.2005
69.	Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија	Комисија за деловнички и мандатно - имунитетни прашања	итна	111 26.10.2005

ОДЛУКИ И ИЗБОРИ ВО СУДСТВОТО И ОБВИНИТЕЛСТВОТО

Реден број	А К Т	ПРЕДЛАГАЧ	ПОСТАПКА	СЕДНИЦА
1.	Одлука за огласување на избор на судија на Апелациониот суд во Скопје	Каме Петров	редовна	82 18.11.2004
2.	Одлука за огласување на избор на претседатели на основните судови во Гостивар, Делчево, Крива Паланка и Кочани	Каме Петров	итна	82 18.11.2004
3.	Разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија	РСС	редовна	82 18.11.2004
4.	Разрешување на судија на Основниот суд во Струмица	РСС	редовна	82 18.11.2004

5.	Разрешување на судија на Основниот суд во Кочани	РСС	редовна	82 18.11.2004
6.	Разрешување на судии поротници на Основниот суд во Велес	РСС	редовна	82 18.11.2004
7.	Разрешување на судии поротници на Основниот суд во Прилеп	РСС	редовна	82 18.11.2004
8.	Разрешување на судии поротници на Основниот суд во Радовиш	РСС	редовна	82 18.11.2004
9.	Разрешување на судии поротници на Основниот суд во Струмица	РСС	редовна	82 18.11.2004
10.	Избор на судија на Уставниот суд на Република Македонија	РСС	редовна	83 06.12.2004
11.	Избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија	РСС	редовна	83 06.12.2004
12.	Избор на судии на Апелационите судови во Скопје и Штип	РСС	редовна	83 06.12.2004
13.	Избор на претседател на Основниот суд во Дебар	РСС	редовна	83 06.12.2004
14.	Избор на судии на основните судови во Битола, Гостивар, Крива Паланка, Куманово, Прилеп, Радовиш, Скопје 1- Скопје и Тетово	РСС	редовна	83 06.12.2004
15.	Разрешување на судии на основните судови во Дебар, Кочани и Струмица	РСС	редовна	83 06.12.2004
16.	Избор на судии поротници на Основниот суд Скопје 1- Скопје	РСС	редовна	83 07.12.2004
17.	Избор на судии поротници на Основниот суд Скопје 2- Скопје	РСС	редовна	83 07.12.2004
18.	Одлука за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија	Каме Петров	редовна	83 07.12.2004
19.	Одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Свети Николе	Каме Петров	редовна	83 07.12.2004
20.	Одлука за огласување избор на судии на Основните судови во Кочани, Радовиш, Струмица и Тетово	Каме Петров	редовна	83 07.12.2004
21.	Разрешување на судии на Врховниот суд на Република Македонија	РСС	редовна	90 24.01.2005
22.	Разрешување на претседател на Основниот суд во Струмица	РСС	редовна	90 24.01.2005
23.	Избор на судии-поротници во Апелациониот суд во Скопје	РСС	редовна	90 24.01.2005
24.	Избор на судии-поротници во Апелациониот суд во Штип	РСС	редовна	90 24.01.2005
25.	Избор на судии-поротници во Основниот суд во Берово	РСС	редовна	90 24.01.2005
26.	Избор на судии-поротници во Основниот суд во Битола	РСС	редовна	90 24.01.2005
27.	Избор на судии-поротници во Основниот суд во Виница	РСС	редовна	90 24.01.2005
28.	Избор на судии-поротници во Основниот суд во Кавадарци	РСС	редовна	90 24.01.2005
29.	Избор на судии-поротници во Основниот суд во Кочани	РСС	редовна	90 24.01.2005
30.	Избор на судии-поротници во Основниот суд во Кратово	РСС	редовна	90 24.01.2005
31.	Избор на судии-поротници во Основниот суд во Крива Паланка	РСС	редовна	90 24.01.2005
32.	Избор на судии-поротници во Основниот суд во Неготино	РСС	редовна	90 24.01.2005
33.	Избор на судии-поротници во Основниот суд во Ресен	РСС	редовна	90 24.01.2005

34.	Избор на судии-поротници во Основниот суд во Радовиш	РСС	редовна	90 24.01.2005
35.	Избор на судии-поротници во Основниот суд во Свети Николе	РСС	редовна	90 24.01.2005
36.	Одлука за огласување на избор на судии на Апелациониот суд во Скопје	Каме Петров	редовна	90 24.01.2005
37.	Одлука за огласување на избор на судии на основните судови во Дебар, Кочани, Радовиш, Скопје 1-Скопје, Скопје 2-Скопје и Струмица	Каме Петров	редовна	90 24.01.2005
38.	Разрешување на заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје	РСС	редовна	92 15.02.2005
39.	Избор на претседатели на Основните судови во Скопје 1- Скопје, Куманово и Тетово	РСС	редовна	92 15.02.2005
40.	Избор на судии на Основните судови во Скопје 1- Скопје, Тетово, Велес, Кавадарци и Струмица	РСС	редовна	92 15.02.2005
41.	Избор на судии поротници во Основниот суд во Делчево	РСС	редовна	92 15.02.2005
42.	Избор на судии поротници во Основниот суд во Куманово	РСС	редовна	92 15.02.2005
43.	Одлука за огласување на избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија	Каме Петров	редовна	92 15.02.2005
44.	Одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Струмица	Каме Петров	редовна	92 15.02.2005
45.	Разрешување на судии на Апелационите судови во Скопје и Битола	РСС	редовна	94 21.04.2005
46.	Разрешување на судии на Основниот суд Скопје 2- Скопје	РСС	редовна	94 21.04.2005
47.	Разрешување на заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје	РСС	редовна	94 21.04.2005
48.	Разрешување на заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Тетово	РСС	редовна	94 21.04.2005
49.	Разрешување на судии поротници во Основниот суд Скопје 1- Скопје	РСС	редовна	94 21.04.2005
50.	Предлог за разрешување на судии поротници на Основниот суд во Кичево	РСС	редовна	94 21.04.2005
51.	Предлог за разрешување на судии поротници на Основниот суд во Охрид	РСС	редовна	94 21.04.2005
52.	Одлука за огласување именување заменици на јавните обвинители во основните јавни обвинителства	Каме Петров	итна	94 21.04.2005
53.	Одлука за огласување именување јавни обвинители во основните јавни обвинителства во Берово и Кичево	Каме Петров	итна	94 21.04.2005
54.	Одлука за огласување именување јавни обвинители во вишите јавни обвинителства во Битола и Скопје	Каме Петров	итна	94 21.04.2005
55.	Разрешување на судија на Основниот суд во Гевгелија	РСС	редовна	97 18.05.2005
56.	Разрешување на заменик на Јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Штип	РСС	редовна	97 18.05.2005

57.	Избор на судии на апелационите судови во Скопје и Битола	РСС	редовна	97 18.05.2005
58.	Избор на претседатели на основните судови во Гостивар, Делчево и Кочани	РСС	редовна	97 18.05.2005
59.	Избор на судии на основните судови во Кичево, Куманово, Гостивар, Прилеп, Крива Паланка и Струга (не се избрани А.Аргировска, С.Петковски и М.Митевски)	РСС	редовна	97 18.05.2005
60.	Избор на судии поротници на Апелациониот суд во Битола	РСС	редовна	97 18.05.2005
61.	Избор на судии поротници во Основниот суд во Дебар	РСС	редовна	97 18.05.2005
62.	Одлука за огласување избор на судии на апелационите судови во Битола и Скопје	Каме Петров	редовна	97 18.05.2005
63.	Одлука за огласување избор на судии на Основните судови во Битола, Скопје 2 - Скопје и Скопје 1 - Скопје	Каме Петров	редовна	97 18.05.2005
64.	Разрешување на претседател на Апелациониот суд во Штип	РСС	редовна	99 10.06.2005
65.	Разрешување на судија на Апелациониот суд во Скопје	РСС	редовна	99 10.06.2005
66.	Разрешување на јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Штип	РСС	редовна	99 10.06.2005
67.	Одлука за огласување избор на судии на основните судови во Тетово, Битола, Гевгелија, Скопје 1- Скопје и Скопје 2- Скопје	Каме Петров	редовна	99 10.06.2005
68.	Одлука за огласување именување заменик на јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство во Штип	Каме Петров	редовна	99 10.06.2005
69.	Избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија	РСС	редовна	101 22.06.2005
70.	Избор на претседатели на основните судови во Крива Паланка и Свети Николе (во Крива Паланка не е избрана Виолета Наумовска)	РСС	редовна	101 22.06.2005
71.	Избор на судии нво основните судови во Кочани, Радовиш, Струмица и Тетово (во Кочани не е избран Гоце Спасов)	РСС	редовна	101 22.06.2005
72.	Избор на судии-поротници во Основниот суд во Струга	РСС	редовна	101 22.06.2005
73.	Одлука за огласување избор на претседател на Апелациониот суд во Штип	Каме Петров	итна	103 05.07.2005
74.	Одлука за огласување избор на судии на апелационите судови во Скопје и Битола	Каме Петров	итна	103 05.07.2005
75.	Одлука за огласување именување јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Штип	Каме Петров	итна	103 05.07.2005
76.	Одлука за огласување именување заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Кавадарци	Каме Петров	итна	103 05.07.2005
77.	Избор на заменици на Народниот правобранител	Народен правобранител	редовна	99 15.07.2005

78.	Разрешување на судија на Апелациониот суд во Штип	РСС	редовна	104 19.07.2005
79.	Разрешување на судија во Основниот суд во Куманово	РСС	редовна	104 19.07.2005
80.	Разрешување на судија во Основниот суд во Охрид	РСС	редовна	104 19.07.2005
81.	Избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија	РСС	редовна	104 19.07.2005
82.	Избор на судии на Апелациониот суд во Скопје	РСС	редовна	104 19.07.2005
83.	Избор на претседател на Основниот суд во Струмица	РСС	редовна	104 19.07.2005
84.	Избор на судии во основните судови во Скопје 1-Скопје, Скопје 2-Скопје, Струмица, Кочани, Радовиш и Дебар (Во Струмица не е избран Славчо Тимов)	РСС	редовна	104 19.07.2005
85.	Избор на член на Републичкиот судски совет	Ком. за прашања на изборите и именувањата	редовна	99 20.07.2005
86.	Разрешување на судија во Основниот суд Скопје 1 - Скопје	РСС	редовна	107 13.09.2005
87.	Одлука за огласување избор на судии на апелационите судови во Битола, Скопје и Штип	Ком. за прашања на изборите и именувањата	редовна	107 13.09.2005
88.	Одлука за избор на судии на основните судови во Куманово, Охрид, Скопје и Скопје и Тетово	Ком. за прашања на изборите и именувањата	редовна	107 13.09.2005
89.	Разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија	РСС	редовна	109 06.10.2005
90.	Разрешување на судија на Основниот суд во Охрид	РСС	редовна	109 06.10.2005
91.	Одлука за огласување избор на претседатели на основните судови во Берово, Велес, Виница, Гевгелија, Кавадарци, Кичево, Неготино, Прилеп, Радовиш, Ресен и Скопје 2-Скопје	Каме Петров	редовна	109 06.10.2005
92.	Одлука за огласување избор на судии на основните судови во Скопје 1 - Скопје и Струмица	Каме Петров	редовна	109 06.10.2005
93.	Избор на претседател на Апелациониот суд во Штип	РСС	редовна	111 26.10.2005
94.	Избор на судии во апелационите судови во Скопје и Битола	РСС	редовна	111 26.10.2005
95.	Избор на судии во основните судови во Битола, Гевгелија, Скопје 1-Скопје, Скопје 2-Скопје, Струмица и Тетово	РСС	редовна	111 26.10.2005
96.	Одлука за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија	Каме Петров	итна	111 26.10.2005
97.	Одлука за огласување избор на судии на основните судови во Прилеп, Куманово, Крива Паланка и Охрид	Каме Петров	итна	111 26.10.2005

УСТАВНИ ИЗМЕНИ

Реден број	АКТ	ПРЕДЛАГАЧ	ПОСТАПКА	СЕДНИЦА
1.	Пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија	Влада	редовна 1 фаза	97 18.05.2005
2.	Утврдување на Нацртот на амандманите од 20 до 34 на Уставот на Република Македонија	Влада	редовна 2 фаза	106 04.08.2005

АВТЕНТИЧНИ ТОЛКУВАЊА

Реден број	АКТ	ПРЕДЛАГАЧ	ПОСТАПКА	СЕДНИЦА
1.	Автентично толкување на член 109 точка 1 од Законот за банки	Законодавно-правна комисија	итна	82 18.11.2004

ПРОГРАМИ

Реден број	АКТ	ПРЕДЛАГАЧ	ПОСТАПКА	СЕДНИЦА
1.	Програма за користење на средствата остварени со приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал за 2005 година	Влада	редовна	86 30.12.2004
2.	Програма за формирање на стокови резерви за периодот 2005 - 2007 година	Влада	редовна	86 30.12.2004

РЕЗОЛУЦИИ

Реден број	АКТ	ПРЕДЛАГАЧ	ПОСТАПКА	СЕДНИЦА
1.	Резолуција за подршка на борбата против корупцијата во Република Македонија	ЛДП	редовна	109 14.10.2005

НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА

Реден број	АКТ	ПРЕДЛАГАЧ	ПОСТАПКА	СЕДНИЦА
1.	Национална стратегија за развој на информатичко општество	Влада	редовна	107 21.09.2005

2.4.2. Информации, извештаи и друго

ИНФОРМАЦИИ

Реден број	А К Т	ПРЕДЛАГАЧ	ПОСТАПКА	СЕДНИЦА
1.	Информација за состојбата со системот "Спас на Дојранското Езеро"	Маријан Ѓорчев	редовна	83 09.12.2004

ИЗВЕШТАИ

Реден број	А К Т	ПРЕДЛАГАЧ	ПОСТАПКА	СЕДНИЦА
1.	Годишен извештај на извршените ревизии и за работа на Државниот завод за ревизија за 2003 година	Државен завод за ревизија	редовна	83 09.12.2004
2.	Годишен извештај за работата на Народниот правобранител во 2004 година	народен правобранител	редовна	97 01.06.2005
3.	Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2004 година	Државен завод за ревизија	редовна	97 01.06.2005
4.	Извештај за работата на Јавното претпријатие Македонска радио-телевизија во периодот мај 2004 - мај 2005 година	МРТВ	редовна	104 28.07.2005
5.	Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во 2004 година	Државна комисија за спречување на корупцијата	редовна	94 02.09.2005
6.	Извештај за преземените мерки и активности од Владата на Република Македонија за санирање на состојбите и ублажување на последиците од елементарните непогоди што ја зафатија земјата во месец јуни, јули и август 2004 година	Влада	редовна	94 02.09.2005
7.	Извештај за работата на јавните обвинителства во Република Македонија во 2004 година	Јавно обвинителство на Република Македонија	редовна	97 14.10.2005

МИСЛЕЊА

Реден број	А К Т	ПРЕДЛАГАЧ	ПОСТАПКА	СЕДНИЦА
1.	Мислење на Комитетот за односи меѓу заедниците по Стратегијата за Ромите во Република Македонија	Комитет за односи меѓу заедниците	редовна	105 27.07.2005

ПЛАНОВИ

Реден број	А К Т	ПРЕДЛАГАЧ	ПОСТАПКА	СЕДНИЦА
1.	Финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика за 2005 година	Регулаторна комисија за енергетика	редовна	82 18.11.2004

ЗАВРШНИ СМЕТКИ

Реден број	А К Т	ПРЕДЛАГАЧ	ПОСТАПКА	СЕДНИЦА
1.	Годишна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2004 година	Влада	скратена	99 10.06.2005

2.5. АМАНДМАНИ

предлагачи	*поднесени*	*усвоени*	*неусвоени*	*повлечени*
Влада на Р.М	75	-	-	-
Комисии	684	658	21	5
Пратеници	802	137	598	67
Вкупно	***1561***	***795***	***619***	***72***

ВКУПНО ПОСТАВЕНИ ПРАТЕНИЧКИ ПРАШАЊА
неодговорени
поставени
20
36
9
68
166
70
115
255
117
0
50
100
150
200
250
300
350
400
450
500
политички систем
економски систем
јавни дејности

ПОСТАВЕНИ ПОМЕЃУ ДВЕ СЕДНИЦИ
неодговорени
одговорени
поставени
2
17
7
6
8
3
8
16
10
0
5
10
15
20
политички систем
економски систем
јавни дејности

ПРАТЕНИЧКИ ПРАШАЊА ПОСТАВЕНИ НА СЕДНИЦИ

Број на пратеници кои поставиле прашање		**17**	**23**	**18**	**26**	**22**	**22**	**18**	**146**
Седница број		**91**	**95**	**96**	**98**	**102**	**110**	**112**	**Вкупно**
ПОСТАВЕНИ	**Политички систем**	**14**	**16**	**12**	**15**	**10**	**9**	**12**	**88**
	Економски систем	**24**	**32**	**26**	**30**	**32**	**33**	**25**	**202**
	Јавни дејности	**10**	**13**	**8**	**19**	**15**	**14**	**10**	**89**
Вкупно:		**48**	**61**	**46**	**64**	**57**	**56**	**47**	**379**
Одговорени на самата седница	**Политички систем**	**6**	**7**	**5**	**8**	**7**	**4**	**4**	**41**
	Економски систем	**14**	**14**	**15**	**15**	**24**	**17**	**14**	**113**
	Јавни дејности	**3**	**9**	**6**	**8**	**11**	**6**	**9**	**52**
Вкупно:		**23**	**30**	**26**	**31**	**42**	**27**	**27**	**206**
Одговорени во писмена форма	**Политички систем**	**8**	**7**	**7**	**2**	**2**	**1**	**-**	**27**
	Економски систем	**10**	**16**	**10**	**6**	**5**	**6**	**-**	**53**
	Јавни дејности	**7**	**4**	**2**	**10**	**2**	**3**	**-**	**28**
Вкупно:		**25**	**27**	**19**	**18**	**9**	**10**	**-**	**108**
Неодговорени прашања	**Политички систем**	**-**	**2**	**-**	**5**	**1**	**4**	**8**	**20**
	Економски систем	**-**	**2**	**1**	**9**	**3**	**10**	**11**	**36**
	Јавни дејности	**-**	**-**	**-**	**1**	**2**	**5**	**1**	**9**
Вкупно:		**-**	**4**	**1**	**15**	**6**	**19**	**20**	**65**

3. РАБОТНИ ТЕЛА И КОМИТЕТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

3.1. РАБОТНИ ТЕЛА

Со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 85/2002 и 30/2003) во Собранието на Република Македонија основани се 18 постојани работни тела за разгледување на предлози за донесување на закони, нацрти на закони, предлози на закони и други акти што ги донесува Собранието, за следење на извршувањето на актите на Собранието, како и за проучување и претресување на други прашања од негова надлежност. Со оваа одлука се утврдени надлежностите на работните тела на Собранието, што во најголем број случаи претставува рамка за активностите на работните тела.

Составот на работните тела е од редот на пратениците, во зависност од бројот на пратеничките групи и бројот на пратениците во пратеничките групи и е утврден со Одлука на Собранието на Република Македонија. При тоа значајно е да се потенцира дека во работата на комисиите често пати се покануваат и учествуваат претставници на научни, стручни и јавни работници, институции и здруженија заради изнесување на мислења по прашањата што се разгледуваат на седницата на телото. На овој начин се обезбедува поголема стручност и транспарентност во работата на комисиите.

Најголем дел од активноста во работата на комисиите е во функција на работата на пленарните седници на Собранието, што претставува квалитетен придонес за поефикасно и поквалитетно работење на Собранието. Исто така, значајно е да се потенцира дека голем дел од активноста на комисиите се однесува на извршување и на други работи од надлежност на комисиите што не се во функција на пленарните седници на Собранието. Најчесто тоа се активности поврзани со остварување на меѓународна соработка, соработка со претставници од други органи и институции.

Организацијата и функционирањето на работните тела на Собранието е уредено со Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Комисија за уставни прашања

НАДЛЕЖНОСТИ:

Комисијата има претседател, шеснаесет члена и нивни заменици.

Комисијата ги разгледува прашањата што се однесуваат за:

- спроведување на Уставот;
- предлози за изменување и дополнување на Уставот;
- начелни прашања од уставен карактер во врска со донесувањето и извршувањето на законите и други прописи и акти и
- други прашања од уставен карактер.

Комисијата за уставни прашања е постојано работно тело на Собранието на Република Македонија, кое согласно со утврдените надлежности разгледува прашања што се однесуваат на спроведувањето на Уставот на Република Македонија и предлозите за изменување и дополнување на Уставот.

Начинот и обемот на работа на Комисијата е диктиран и произлегува од карактерот и специфичноста на прашањата што се во нејзина надлежност.

Во извештајниот период, Комисијата одржа две седници на кои се расправаше по Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, предложен од Владата на Република Македонија , а кој се однесува на реформите во правосудниот систем и по текстот на Нацртот на амандманите XX - XXXIV на Уставот на Република Македонија .

Одржани седници		2
Вкупно разгледани точки		2
Измени на Уставот: Предлог кон пристапување за измени на Уставот и Текстот на Нацртот на амандманите XX до XXXIV на Уставот на РМ		2
Закони по области	политички систем	-
	економски систем	-
	јавни дејности	-
Поднесени амандмани		-
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		-
Други акти (одлуки, декларации, програми)		-
Информации, извештаи		-
Прашања, предлози		-

Законодавно-правна комисија

НАДЛЕЖНОСТИ:

- усогласеност на законите и други акти со Уставот и со правниот систем, како и нивната правно-техничка обработка;
- барања за давање автентично толкување и изготвување предлози на автентично толкување на законите;
- утврдување на пречистен текст на законите и други акти ако со закон, односно со друг акт биде овластена;
- давање исправки на грешки во објавениот текст на закон или на друг акт, врз основа на изворниот текст на усвоениот закон или друг акт на Собранието;
- други прашања што се однесуваат на законодавно-правната дејност и изградувањето на правниот систем во Република Македонија и
- разгледување на прашањата што се однесуваат на усогласеноста на законите на Република Македонија со законодавството на Европската унија.*)

*)Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 6 октомври 2005 г.
ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, со која ја избриша оваа алинеја, односно надлежност.

Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија согласно со надлежноста утврдена во Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија разгледува предлози на акти од сите области, односно од економската, политичката и од областа на јавните дејности.

Од областа на политичкиот систем како позначајни треба да се истакнат предлозите на законите со кои продолжија реформите во судскиот систем, работењето на органите на државната управа на Република Македонија, односно предлозите на:

- законот за оружје;
- законот за општата управна постапка;
- законот за управување со кризи;
- закон за заштита на лични податоци;
- законот за извршување;
- законот за заштита на сведоци;
- законот за парничната постапка, чии решенија ќе овозможат ефикасно и функционално водење на парничната постапка и нејзино завршување во разумен рок;
- законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници;
- законот за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите;
- законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните.

Квалитетна и обемна расправа Комисијата водеше по Предлогот за

изменување на Уставот на Република Македонија и по текстот на Нацртот на амандманите од XX до XXXIV на Уставот на РМ.

Овие амандмани се во функција на отпочнатите реформи на јакнење на независноста и ефикасноста на судството и поголема професионализација на судиите и обвинителите.

Покрај ова, Комисијата особено внимание посвети и на:

- Предлогот за донесување на закон за Академија за обука на судии и обвинители, кои исто така се дел од започнатите реформи во областа на судството. Овие решенија ќе значат поголемо стручно и ефикасно извршување на правосудните функции.

Од областа на политичкиот систем, обемна расправа и интерес предизвикаа и новите решенија содржани во:

- Предлогот за донесување на закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните со кој на единствен начин се уредува материјата која се однесува на референдумот и другите облици на непосредно изјаснување на граѓаните на државно и на локално ниво; како и Предлогот на закон за употреба на знамињата на заедниците во РМ, на Предлогот за донесување на закон за наворешни работи; на Предлогот за донесување закон за полиција, на Предлогот за донесување закон за извршување на санкции; на Предлозите за донесување на закон за заштита на сведоци; на Закон за парничната постапка.

Од областа на економскиот систем Комисијата особено внимание посвети на проучување на предлозите на актите, односно на законите кои ги разгледа Собранието заедно со Буџетот на Република Македонија за 2005 година и измените на истите. Покрај ова големо внимание и посебно значење предизвикаа новите решенија кои се усогласени со законодавството на ЕУ, како што се:

- Закон за заштита на конкуренцијата;
- Предлогот за донесување на закон за електронски комуникации, со Предлог на закон. Во одредбите на овој закон се содржани нови услови во системот на досегашните телекомуникации со премин од монополски во конкурентни услови и воведување на мерки со кои ќе се обезбеди конкуренција на пазарот на електронски комуникации и влез на домашни и странски инвеститори. Истовремено, овие решенија се во интерес на граѓаните, имајќи предвид дека битно ќе се намалат цените на услугите во оваа област.
- Законот за изменување и дополнување на законот за енергетика, кој предвидува реформи во електроенергетскиот сектор и во секторот за природен гас;
- Законот за Стопанска комора на Македонија;
- Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост;
- Предлог за донесување закон за трансформација на Јавното претпријатие "Македонски железници" Ц.О.

Скопје, со Предлог на закон; - решенијата кои се однесуваат на основање на Агенција за енергетика на Република Македонија;

- Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за водите, со Предлог на закон;

- Предлогот за донесување закон за извоз на стоки со двојна употреба, со Предлог на закон;

- новите решенија во Предлогот за донесување закон за тутун и тутунски производи;

- Предлогот на законот за железници;

- Предлогот на закон за едношалтерски систем и предлозите на законите за изменување и дополнување на законите заради усогласување со едно-шалтерскиот систем, како што се: законот за трговските друштава, законот за стопанските комори, законот за задругите, законот за водостопанствата и законот за водните заедници.

Исто така, во овој период како предлози за донесување на закони по кои на седниците на Комисијата се водеше обемна и квалитетна расправа се:

- Предлогот за донесување на закон за буџетите

- Предлогот за донесување на Царински закон;

- Предлогот за донесување на закон за јавен долг;

- Предлогот за донесување закон за користење и располагање со стварите на државните органи, со Предлог на закон;

- Предлогот за донесување на закон за ревизија;

- Предлогот за донесување закон за железници;

- Предлогот за донесување на закон за хартии од вредност; Во овој период Комисијата ги разгледа и предлозите на горенаведените закони

- Предлогот за донесување закон за радиодифузна дејност.

- Предлогот за донесување закон за даночна постапка;

- Предлогот за донесување закон за стечај.

Од областа на јавните дејности во овој период Комисијата разгледа голем број на предлози на закони и други акти, од кои особено треба да се истакнат:

обемната и квалитетна расправа по решенијата кои ја третираат проблема-тиката на работното законодавство, со цел да се заштитат интересите и правата на работниците и обезбедување на ефикасен систем на заштита на работниот однос;

- решенијата со кои се вршат суштински и квалитетни измени на повеќе одредби кои се однесуваат на подобрување на услугите од социјалната заштита и заштитата на инвалидните лица и истовремено елиминирање на можно-стите од злоупотреби во оваа област:

- Законот за установите;

- Законот за работните односи;

- Законот за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита;

- Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица;

- Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование;
- Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование;
- Законот за ратификација на Европската социјална повелба и Протоколот со којшто се врши измена и дополнување на Европската социјална повелба;
- Законот за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за основање Културно-информативен центар на Република Македонија во Софија и Културно-информативен центар на Република Бугарија во Скопје;
- Законот за установите;
- Законот за изменување и дополнување на Законот пензиското и инвалидското осигурување и
- Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност;
- Законот за здравје на растенијата;
- законите за изменување и дополнување на законите за здравствена заштита и здравствено осигурување
- Иницијативата на здружението на граѓани ПОЛИО ПЛУС-движење против хендикеп, за собирање потписи за предлагање за донесување закон за заштита на правата и достоинството на лицата со хендикеп.

Одржани седници		23
Вкупно разгледани точки		183
Измени на Уставот: Предлог кон пристапување за измени на Уставот и текстот на Нацртот на Амандманите од XX до XXXIV на Уставот на РМ		-
Закони по области	политички систем	63
	економски систем	68
	јавни дејности	38
Поднесени амандмани		552
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		2
Други акти (одлуки, декларации, програми)		10
Информации, извештаи		-
Прашања, предлози		-

Ѓ*) Во овој број влегуваат и предлозите на закони за ратификување на меѓународни договори од разни области.

Комисија за одбрана и безбедност

НАДЛЕЖНОСТИ:

- за заштита на поредокот утврден со Уставот;
- остварување на надзорот во доменот на одбраната и безбедноста;
- одбрана на Републиката и цивилната заштита;
- соработка со колективни системи на безбедност и одбрана во кој Републиката пристапила;
- заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните загарантирани со Уставот;
- производство,промет, набавување, поседување и носење на оружје, делови на оружје и муниција;
- обезбедување на личности и објекти;
- државјанство;
- оддржување на јавниот ред и мир;
- јавните собири и јавните приредби;
- безбедност на патниот, воздушниот, железничкиот и езерескиот сообраќај;
- заштита од природни непогоди и епидемии;
- пријавување и одјавување на живеалиштетото и престојувалиштето;
- премин на државните граници и движење и престој во граничниот појас;
- движење и престој на странците;
- утврдување и решавање на граничните инциденти и други повреди на државните граници и
- други прашања што се однесуват на одбраната и безбедноста.

Во извештајниот период Комисијата за одбрана и безбедност, одржа девет седници на кои расправаше за законски проекти од областа на одбраната и безбедноста.

Комисијата за одбрана и безбедност во овој период го следеше спроведувањето на реформите во областа на одбраната и безбедноста и полицијата. Исто така се продолжи со остварување на надзорот во областа на буџетирањето во одбраната и безбедноста; соработката со колективните системи на безбедност и одбрана и со невладиниот сектор, како и со остварување на меѓународна активност и едукацијата на членовите на Комисијата.

Посебно внимание се посвети на безбедносната состојба во Република Македонија, така што на седницата на 13 декември 2004 година се водеше опширна расправа по Информацијата за безбедносната состојба во Република Македонија и на седницата на 4 јули 2005 година се расправаше по Информацијата за безбедносната состојба во РМ и спроведувањето на реформите во полицијата во првата половина од 2005 година.

Во овој период, членовите на Комисијата водеа опширна и детална расправа по Предлогот на законот за оружје и Предлогот на законот за управување со кризи, со цел да се изнајдат најдобри решенија кои ќе значат поголема безбедност и сигурност на граѓаните, како и за соодветна заштита и намалување на последиците од опасностите и ризикот по безбедноста

на граѓаните и на Република Македонија.

Како и во текот на целиот мандатен период и овој пат се водеше сеопфатна расправа по Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2005 година, при што повторно се укажа дека постапката за подготвување и донесување на буџетот не е доволно транспарентна и дека отсуствува образложение и преглед на потребните средства за наредните две години.

Процесот на конструктивни компарации и спротивставување на ставови на позицијата и опозицијата, како и учеството на научни и стручни работници на седниците Комисијата, овозможи често усогласување и едногласно донесување на заклучоци и ставови.

Законски проекти разгледани на седници на Комисијата:

- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Воената академија, со Предлог на закон;
- Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, со Предлог на закон;
- Предлог за донесување на закон за извршување на Буџетот на РМ за 2005 година, со Предлог на закон;
- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите, со Предлог на закон;
- Предлог за донесување на закон за буџетите;
- Предлог на закон за оружје;
- Предлог на закон за управување со кризи;
- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните собири, со Предлог на закон;
- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешна пловидба, со Предлог на закон;
- Предлог за донесување на закон за странците;
- Предлог за донесување на закон за полиција.

Позначајни меѓународни средби на членовите и претседателот на Комисијата:

- Учество на членовите на Комисијата: Есад Рахиќ, Благој Голомеов и Коце Трајановски, на Третата средба на Цетињскиот парламентарен форум, одржан од 28 до 30 ноември 2004 година во Цетиње-Србија и Црна Гора, на тема: "Безбедноста и одбраната на регионот-предизвиците, ризикот и заедничките активности,, и ,,Местото и улогата на Парламентот во креирањето на мирот и безбедноста во регионот,,
- Средба на претседателот на Комисијата со д-р Џон Роуз-директор на Европскиот центар за безбедносни студии, Џорџ Маршал, одржана на 19 јануари 2005 година;
- Комисијата за одбрана и безбедност оствари средба со амбасадорот Гинтер Алтенбурк, помошник генерален секретар на НАТО за политички прашања и безбедносна политика, реализирана на 2 март 2005 година како дел од Програмата на официјалната

посета на амбасадорот на Република Македонија, со цел да се лоцираат проблемите во спроведувањето на реформите во областа на одбраната и безбедноста;

- Учество на членот на Комисијата, Благој Голомеов, на Конференцијата на тема ,,Како да се добие мирот: предизвиците, концептите и капацитетите за кризен менаџмент во 21-от век,, , одржана од 6 до 8 април 2005 година во Берлин-Германија, во организација на Европскиот центар за безбедносни студии-Џорџ Маршал;

- Комисијата оствари средба со членовите на Поткомисијата за одбрана и безбедност на Парламентарното Собрание на НАТО, на 18 април 2005 година во рамките на посетата на Република Македонија;

- Учество на членот на Комисијата, Есад Рахиќ, на семинарот за високи функционери, на Маршаловиот центар, од 25 април до 05 мај 2005 година во Гармиш-Партенкирхен во Германија, на тема ,,Предизвиците за транформација на НАТО: Поглед кон Медитеранот,,;

- Средба на Комисијата со Делегацијата на Заедничката комисија за одбранбена и безбедносна политика и надзор над работата на одбранбените и безбедносните структури на Парламентарното Собрание на Босна и Херцеговина, одржана на 13 јули 2005 година;

Одржани седници		9
Вкупно разгледани точки		14
Измени на Уставот: Предлог кон пристапување за измени на Уставот и текстот на Нацртот на Амандманите од XX до XXXIV на Уставот на РМ		-
Закони по области	Политички систем	7
	Економски систем	3
	Јавни дејности	-
Поднесени амандмани		18
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		1
Други акти (одлуки, декларации, програми)		-
Информации, извештаи		2
Прашања, предлози		1

Комисијата за политички систем

НАДЛЕЖНОСТ

- функционирање на политичкиот систем;
- менување на границите на Републиката;
- државните симболи и нивната употреба;
- судството, адвокатурата и јавното обвинителство;
- амнестија и помилување;
- слобода на движењето и слобода на изборот на живеалиштето;
- матична евиденција и заштита на личните податоци;
- лични имиња, лични карти и патни исправи;
- попис на населението;
- системот на јавното информирање;
- право на здружување на граѓаните и политичко организирање,
избирачко право и начин на избор на пратеници,
претседателот на Република Македонија, членовите на советите и градоначалниците;
- референдум;
- локална самоуправа;
- народниот правобранител;
-Македонската православна црква како и Исламската верска заедница во Македонија, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква, Еврејската заедница и други верски заедници и религиозни групи;
- одликувања, признанија и награди;
- празниците на Република Македонија;
- организација на државната управа;
- право на употреба на јазиците и писмата на заедниците;
- гарантирање на заштитата на етничкиот, културниот, јазичниот н верскиот идентитет на заедниците и
- други прашања што се однесу ваат на политичкиот систем и односите меѓу заедниците.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како постојано работно тело на Собранието на Република Македонија, во изминатиот период го разгледа Текстот на Нацртот на амандманите од XX до XXXIX на Уставот на Република Македонија, повеќе предлози за донесување, нацрти на закони, предлози на закони и други општи акти што ги донесува Собранието на Република Македонија. Исто така, Комисијата проучи и претресе и други материјали, извештаи, информации, иницијативи и други прашања од нејзината надлежност што се однесуваат на заштитата на етничкиот, културниот идентитет на заедниците, употребата на јазиците и писмата на заедниците и употребата на знамињата на заедниците во Република Македонија, децентрализација на локалната самоуправа .

Со оглед на значењето и важноста на измените на Уставот на Република Македонија, законите и другите материјали кои ги разгледуваше, Комисијата некои од своите седници ги одржуваше во две и повеќе продолженија со цел посериозно да ги разгледа и да даде соодветен и квалитетен придонес во нивното конечно обликување.

Во таа смисла Комисијата на седницита одржана на 18 и 27 јули 2005 година го разгледа текстот на Нацртот на амандманите од XX до XXXIX на Уставот на Република Македонија. Притоа, тргнувајќи од својата

надлежност, Комисијата посебно внимание посвети на амандманите кои се однесуваат на реформите во правосудниот систем и изборното законодавство, односно на новините што се предлагаат со Нацртот на амандманите на Уставот, а кои се однесуваат на Државниот судски совет, Советот на државните обвинители, изборот на претседател на Републиката и изборот на судиите. Во мошне обемната и содржајна расправа во која земаа учество сите членови на Комисијата беа изнесени повеќе сугестии, предлози и мислења со цел за подобрување на текстот на амандманите. По завршувањето на претресот по текстот на секој амандман одделно, Комисијата со мнозинство гласови го поддржа текстот на амандманите од XX до XXXIX на Уставот на Република Македонија при што заклучи предлагачот да ги земе предвид мислењата и предлозите на Комисијата.

Тргнувајќи од утврдената надлежност, Комисијата во извештајниот период на своите седници најчесто разгледуваше закони кои беа предложени од страна на Владата на Република Македонија. Во овој извештај посебно се истакнати само некои од законите што ги разгледа Комисијата, а кои по своето значење имаат реформски карактер и со нив се врши усогласување на нашето законодавство со законодавството на Европската унија.

Комисијата во изминатиот период особено внимание и обемна расправа оствари при разгледувањето на Предлогот на закон за установите. Во претресот што траеше во две продолженија, Комисијата констатира дека Предлогот за донесување на закон за установите бил разгледан и усвоен од претходниот состав на Собранието во 2002 година, односно дека овој состав на Собранието немал можност да го разгледа овој закон во прва фаза. При тоа беше констатирано дека неговата содржина значително се разликува од решенијата содржани во Предлогот на законот, а особено делот што се однесува на условите и начинот на приватизација на јавните установи. Тргнувајќи од изнесеното, а имајќи предвид дека истиот е сложен и обемен како и дека овој закон претходно не бил разгледуван како нацрт на закон ,а со него се регулираат значајни прашања што се однесуваат на дејностите на јавните установи и статусот на вработените во нив, Комисијата едногласно заклучи Предлогот на закон за установите, Собранието да го разгледа како нацрт на закон, а Владата да изготви и на Собранието да му достави нов Предлог на законот за установите. Собранието ваквиот предлог на Комисијата го прифати.

На седницата одржана на 17 јуни и нејзиното продолжение на 21 јуни 2005 година, меѓу другото, Комисијата го разгледа Предлогот на закон за парничната постапка кој по својот карактер спаѓа во таканаречените системски закони, како и Предлогот за донесување закон за употреба на

знамињата на заедниците во Република Македонија чија потреба произлегува од Амандманот VIII на Уставот и точката 7 од Охридскиот рамковен договор.

Во претресот по Предлогот на законот за парничната постапка, Комисијата особено се задржа на предложените решенија кои имаат реформски карактер и се еден сегмент од севкупната реформа на судскиот систем, а кои ќе овозможат зголемување на степенот на заштита на правата на граѓаните и другите правни субјекти. Во таа смисла, Комисијата ги поддржа новините во предложениот закон како што се: поедноставување и зголемување на ефикасноста на парничната постапка преку куси рокови за одлучување, подобрување на решенијата за достава и напуштање на институтите мирување на постапката и институтот заштита на законитоста.

Комисијата во претресот по Предлогот за донесување на законот за употреба на знамињата на заедниците во Репблика Македонија оцени дека има потреба од негово донесување од причина што ова прашање досега не беше уредено со закон , како и поради тоа што на овој начин припадниците на заедниците ќе можат да го изразат својот идентитет и особености на своите заедници.

Во изминатиот период Комисијата разгледа и неколку закони кои беа предложени од страна на пратениците. Во таа смисла ,Комисијата го разгледа и Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за личната карта, со Предлог на закон поднесен од членот на оваа Комисија Кенан Хасипи и пратеникот Гајур Сарач. Овој Предлог на закон, Комисијата го поддржа од причина што со него се остварува правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Имено на граѓаните кои зборуваат јазик различен од службениот јазик на нивно барање податоците за личното име што се внесуваат во личната карта се запишуваат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото што го употребува граѓанинот. Ваквото решение произлегува и е обврска од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства што е ратификувана од Собранието на Република Македонија.

Исто така, Комисијата го разгледа и го поддржа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за договорен залог, чиј предлагач беа група пратеници (Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Зоран Томиќ, Аднан Јашари и Зоран Шапуриќ).

Комисијата во извештајниот период во рамките на својата надлежност го разгледа и Предлогот на буџетот за 2005 година од аспект на тоа дали предвидените средства во него ќе обезбедат ефикасно работење на судовите, Народниот правобранител, јавното обвинителство, изборните органи, органите на локалната самоуправа и други институции. Притоа

беа изнесени мислења дека предвидените средства не се доволни за ефикасно работење на судовите, не овозможуваат нови вработувања, односно предвидените средства не се доволни за неопходните рефоми во судството. Исто така, беше нагласено дека во овој Предлог на буџет не се предвидени средства за нови вработувања по основ на правична и соодветна застапеност на етничките заедници, освен по основ на природен прилив, како и тоа дека застапеноста на етничките заедници во судската власт е многу мала .

Во рамките на своите надлежности, Комисијата ги разгледа: Годишниот извештај за работата на Државата комисија за спречување на корупцијата во 2004 година; Годишниот извештај на Народниот правобранител за 2004 година и Извештајот за работа та на јавните обвинителства на Република Македонија за 2004 година.

Комисијата позитивно го оцени тоа што со последните измени на Законот за спречување на корупцијата, Државната комисија стекна статус на правно лице што секако позитивно ќе се одрази во нејзината работа.Исто така, Комисијата констатира дека Државната комисија за спречување на корупцијата во 2004 година работите од својата надлежност ги вршела неселективно, објективно, транспарентно и во согласност со законските права и обврски, со што ја потврди потребата од нејзино постоење и дејствување. Меѓутоа се укажа на потребата во наредниот период надлежните државни органи особено Јавното обвинителство да остварат подобра соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата.

По однос на Годишниот извештај за работа на Народниот правобранител за 2004 година, Комисијата оцени дека истиот е сеопфатен и содржи компаративни податоци за состојбите со почитувањето на правата и слободите на граѓаните од страна на државните органи и другите институции што имаат јавни овластувања. Членови на Комисијата изнесоа мислење дека кај Народниот правобранител би требало да бидат вработени повеќе припадници на етничките заедници, како и потребата од побрзо функционирање на шесте подрачни организациони единици -канцеларии.

Извештајот за работа на јавните обвинителства на Република Македонија, согласно со Законот за Јавното обвинителство донесен во 2004 година, Комисијата за прв пат го разгледа. Притоа, оцени дека истиот е многу содржаен, со многу бројки и табели од кои може да се види работата на овој орган. Но исто така, Комисијата смета дека Јавното обвинителство во рамките на своите надлежности утврдени со Уставот и законите во наредниот период треба да оствари подобра соработка со другите надлежни органи и институции во борбата против организираниот криминал, спречување на корупцијата и другите кривични дела. Во извештајниот период,

Комисијата, покрај законски проекти и други акти, разгледа и две иницијативи и по една декларација и информација.

Имено, Комисијата ја разгледа и поддржа Иницијативата за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за одликувања и признанија на Република Македонија; Иницијативата на здружението на граѓани за почитување на прописите, за собирање на 150 илјади потписи на избирачи за распишување на законодавен-дополнителен референдум за преоценување на Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија- Акционерско друштво за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост, која ја оцени како неуредна. Комисијата ја разгледа и Декларацијата за подршка на борбата против корупцијата во Република Македонија поднесена од пратеничката група на Либерално демократската партија. Исто така, Комисијата ја разгледа и подржа Информацијата за статусот и поставеноста на Македонската информативна агенција.

Комисијата и во изминатиот период немаше проблеми со свикување на своите седници, претресот по точките од дневниот ред, присуство на членовите, како и методот на работа. Имено, Комисијата најчесто работи во полн состав, односно присуствуваат и учествуваат со свои дискусии скоро сите нејзини членови или нивни заменици. Исто така и во овој период продолжи праксата на седниците на кои се разгледуваа позначајни закони да се поканува професори од Правниот факултет- Скопје, научни и стручни лица од научни установи кои се експерти во одредени области.

Меѓутоа и во овој период продолжи праксата на одделни седници на Комисијата да не присуствуваат овласте-ните претставници на Владата, и ако Комисијата често пати реагираше на ваквиот однос особено кога на дневен ред беа поставени предлози на закони за кои е потребно доколку има амандмани да се произнесе министер или негов заменик.

Исто така, определен проблем со кој во извештајниот период често се соочуваше оваа Комисија е и тоа што Владата своите мислења по предложените закони од страна на пратениците не ги доставуваше благовремено односно најдоцна три дена пред денот определен за одржување на седницата на работното тело, поради што Комисијата тие закони и не ги разгледуваше.

Одржани седници		21
Вкупно разгледани точки		45
Измени на Уставот: Предлог кон пристапување за измени на Уставот и текстот на Нацртот на Амандманите од XX до XXXIV на Уставот на РМ		1
Закони по области	политички систем	30
	економски систем	1
	јавни дејности	2
Поднесени амандмани		-
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		13
Други акти (одлуки, декларации, програми)		3
Информации, извештаи		7
Прашања, предлози		-

Комисија за надворешна политика

НАДЛЕЖНОСТИ:

- надворешната политика на Република Македонија и нејзините односи со другите држави и меѓународни организации;
- политиката со која се обезбедува грижата на Републиката за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и за иселениците од Македонија, како и за културните, економските и социјалните права на граѓаните од Републиката во странство;
- стапување или истапување од сојуз или заедници со други држави;
- стапување во членство или истапување од членство на меѓународни организации;
- потреба од започнување преговори за склучување билатерални и мултилатерални меѓународни договори на Република Македонија, односно за платформите на овие преговори;
- ратификација на меѓународни договори;
- меѓународна регулатива од областа на човековите и граѓанските права, слободи и документи на меѓународни организации и асоцијации;
- воспоставување на парламентарна соработка на Републиката со други држави и меѓународни организации;
- воспоставување соработка со комисиите за надворешна политика на парламентите на други држави;
- иницијативи и предлози за дефинирање на стратегијата на надворешната политика на Република Македонија и
- други прашања што се однесуваат на надворешната политика на Република Македонија.

1. Во однос на активностите кои се однесуваат на процесот на разгледување на законски акти, Комисијата во овој период одржа 15 седници, од кои на седум седници беа разгледани и препорачани на Собранието 30 предлози за донесување на закони за ратификација на меѓународни договори, една седница посветена на Предлогот за донесување на законот за надворешни работи, една седница посветена на активностите околу НАТО аспирацијата, на која беше усвоен Заклучок, доставен до сите релевантни субјекти во државата и на ПС на НАТО и шест седници на кои беа претставени дипломатските платформи на 10 новонаименувани амбасадори на Република Македонија.

2. Во однос на активностите кои се однесуваат на остварување на парламентарната соработка на билатерален и мултилатерален план, дел од активностите се реализирани надвор од државата а дел во земјата, како на иницијатива на Комисијата така и на иницијатива на странските партнери.

Реализирани се 10 средби со претставници и делегации на други држави, од кои (2) една средба и една Конференција, делегација од Комисија реализира во странство, на 2 делегации беше домаќин, а оствари средби со 6 делегации во рамките на нивните работни посети на РМ.

- согласно со своите надлежности, Комисијата ги следи настаните на планот на меѓународната политика и

доколку на кој било начин се однесуваат на Република Македонија во рамките на надворешно политички план, своите реакции ги упатува до панданите за што и ја известува јавноста преку соопштенија.

- претседателот на Комисијата оствари 3 средби со претставници од други држави, а билатералните контакти со своите колеги ги остварува и преку писмена комуникација.

Во периодот од 24 до 31 октомври 2005 година Комисијата оствари 2 средби со делегации од странство и учествуваше на тркалезна маса по повод 60- години од ООН

Одржани седници		15
Вкупно разгледани точки		31
Измени на Уставот: Предлог кон пристапување за измени на Уставот и текстот на Нацртот на Амандманите од XX до XXXIV на Уставот на РМ		-
Закони по области	политички систем	12
	економски систем	8
	јавни дејности	11
Поднесени амандмани		-
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		-
Други акти (одлуки, декларации, програми)		-
Информации, извештаи		-
Прашања, предлози		-

Комисија за европски прашања

НАДЛЕЖНОСТИ:

-усогласеноста на предлозите за донесување закони, односно предлозите на закони со законодавството на Европската унија ;
-следењето и поттикнувањето на процесот на усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија, предлага мерки за унапредување на постапките за усогласување, дава мислења и предлози за активностите на работните тела на Собранието на овој план;
-исполнувањето на обврските што произлегуваат од спогодбите меѓу Република Македонија и Европската унија;
-следењето на активностите на Владата и органите на државната управа насочени кон стекнување на членство на Република Македонија во Европската унија и-остварувањето на програмите и другите акти на институциите на Европската унија во Република Македонија, вклучувајќи ги и програмите за финансиска поддршка;
-редовното информирање на Собранието за сите прашања сврзани со европската интеграција;
-покренувањето и остварувањето на активностите за информирање на јавноста во врска со процесите на европската интеграција;
-соработката со соодветните комисии на другите земји и
-разгледува други прашања во врска со европската интеграција во врска со нив дава мислења и препораки;

Во извештајниот период Комисијата за европски прашања:

-разгледа 12 законски предлози од аспект на нивната усогласеност со европското законодавство;

-разгледа и ја поддржа Предлог на одлуката за изменување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, со која се предлага конкретизирање на надлежностите на КЕП со цел тежиштето на нејзината работа да биде следењето на процесот на хармонизирање на македонското со законодавството на ЕУ. Со предложените измени променета е надлежноста КЕП да ги разгледува сите конретни предлози на закони, но оставена е можноста да расправа по важни законски предлози. Во однос на претходните надлежности, нема поголеми промени, особено не се менува ништо во поглед на политичката контрола врз работата на Владата за ЕУ прашањата, која и досега функционираше, преку редовно доставување на тримесечни извештаи од страна на Владата за евроинтеграциските процеси;

-активно учествуваше во спроведувањето на Твининг проектот меѓу македонското и словенечкото собрание за институционално зајакнување на Македонското собрание. Во рамките на проектот претседателот на КЕП, г-ѓа Каролина Ристова заедно со претседателот на Законодавно- правната комисија, г-ѓа

Цветанка Иванова на 15-16 септември 2005г. остварија работна посета на Државниот збор на Република Словенија, при што имаа средби со претседателот на Државниот збор г. Франце Цукјати, како и со претседателите на Одборот за европски прашања г. Антон Кокаљ, Комисијата за надворешни работи г.Јожеф Јеровшек и на Комисијата за економија г. Франц Хорват;

-одржа посебна тематска седница посветена на Полугодишниот извештај (јули-декември 2004г.) за спроведување на Договорот меѓу Република Македонија и Европската унија за статусот и активностите на полициската мисија на Европската унија во Република Македонија ЕУРОПОЛ "ПРОКСИМА", поднесен од Министерството за внатрешни работи, на која позитивно беа оценети активностите на Мисијата во врска со давањето на техничката помош, реформите во полицијата, борбата против организираниот криминал, како и на реализацијата на проекти од програмата КАРДС;

-согласно со Декларацијата за поднесување на барање за членство на Република Македонија во Европската унија, Комисијата разгледа два извештаи од Владата на РМ за преземените активности и состојбата во областа на евроинтеграциите (за периодите *ноември 2004г.-март 2005г. и април-август 2005* г.), кои ги достави до сите пратеници заедно со Извештајот од расправата на Комисијата. Преку овие извештаи на пратениците им се овозможува следење и контрола на владината димензија на полето на евроинтеграцијата;

- расправаше за Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија од една страна и Европските заедници и нивните земји - членки од друга страна за Рамковна спогодба меѓу Република Македонија и Европската заедница за генералните принципи за учество на Република Македонија во програмите на заедницата. КЕП заклучи во наредниот период да развива контролен механизам за вршење на надзор на исполнувањето на обврските, кои произлегуваат од договорите за реализацијата на рамковните програми на Заедницата;

-расправаше за Законот за ратификација на Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија од една страна и Европските заедници од друга страна, за да се земе предвид пристапувањето на 10-те нови членки на ЕУ;

-расправаше за можностите за соработка меѓу Република Македонија и Република Хрватска, во контекст на приближување и пристапување во ЕУ, со посебен акцент на интеграцијата во европските и евроатлантските организации, врз основа на Спогодбата за соработка меѓу

Република Македонија и Република Хрватска;

-во расправата по предвидените буџетски средства за евро-интегративните процеси во Буџетот за 2005 година, констатира дека издвоените средства се доволни за исполнување на обврските за спроведување на Националната стратегија за интегрирање во ЕУ и Акциониот план за европско партнерство и останатите активности;

-поднесе Извештај до пратениците на Собранието на РМ од расправата по Информацијата за подготовките за конституирање на Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација, подготвена од страна на Делегацијата на Собранието на РМ, која учествуваше на првиот подготвителен состанок на Бирото на Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација, што се одржа на 15 декември 2004 г. во ЕП во Стразбург, Франција;

-во рамките на манифестацијата "Денови на Собранието" одржа заедничка седница со Комисијата за образование, наука и спорт на 10 мај 2005г., посветена на "Болоњската декларација" и "Образованието кај нас и во Европа",со цел актуелните евроинтеграциски процеси во образованието да се приближат до учениците и студентите;

-во рамките на воспоставената практика за информирање на Парламентот за приоритетите на ЕУ Претседателството одржа седница посветена на Приоритетите и програмата за работа на Претседателството на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска со Европската унија (*јули - декември 2005)* година, претставени од амбасадорот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во Република Македонија, Н.Е. Роберт Чатертон Диксон, по моделот на другите комисии за европски прашања на националните парламенти на државите-членки на ЕУ;

-за информирање на граѓаните за прашањата на евроинтеграцијата, сите извештаи и документи од работата на Комисијата се достапни на веб страницата на Собранието;

- учествуваше во работата на Конференцијата на претседателите на комисиите за надворешна политика и европска интеграција на националните парламенти на земјите членки на ПС во ЈИЕ одржана на 24-25 март 2005 г. во Букурешт, Романија, на која се заклучи да се одржува Конференција на претседателите на комисиите за надворешни работи и за европска интеграција на националните парламенти на земјите учеснички на ПСЈИЕ за време на секое претседавање со ПСЈИЕ;

-со поддршка на Европската комисија и Пактот за стабилност за Југоисточна Европа, КЕП беше домаќин на *Конференцијата на парламентарната димензија за основање на енергетска заедница во Југоисточна Европа*, која се одржа на 6 и 7 јуни 2005 година, во

Скопје. Конференцијата се оддржа во пресрет на претстојното потпишување на *Договорот за енергетска заедница* меѓу Европската заедница и земјите на ЈИЕ;

-активно учествуваше во воспоставувањето Конференција на парламентарните комисии за европски интеграции/прашања на државите учеснички во Процесот за стабилизација и асоцијација во Југоисточна Европа во Сараево на 17 и 18 јуни 2005 г. по примерот на КОСАК, со што се реализира една од препораките од Солунската агенда за воспоставување на регионалната соработка меѓу земјите во регионот;

-оствари билатерални средби со претседателите и членовите на комисиите за европски прашања на Белгија, Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, Франција, Бугарија, Луксембург, Финска и Чешката Република, на кои беа разменети мислења и искуства за евроинтеграциските процеси од парламентарен аспект;

-Делегација на КЕП, имаше средба со Делегација на Европското движење, предводена од г.Хенрик Х.Кронер, на 27 јануари 2005г., на која беше истакнато значењето на невладиниот сектор и организациите за промоција на европските културни вредности, поради што се заклучи Комисијата да воспостави поблиски линкови во насока на остварување на редовна комуникација со нив;

-претседателот на Комисијата, Каролина Ристова, имаша средба со главниот советник за парламентарна соработка на специјалниот координатор на ПзС, во врска со модалитетите преку кои ПзС може да им пружи стручна помош на членовите на Комисијата за евроинтеграциските процеси, од параламентарен аспект.

-претседателот на Комисијата, Каролина Ристова, имаше средба со европратеникот,член на Мешовитиот парламентарен комитет РМ-ЕУ, г. Сеп Кустачер (28 јули 2005 г.), на која беа разменети мислења за актуелните политички и економски состојби во земјата и беше изразена подготвеност од негова страна да и помогне на нашата држава во евроинтегративните процеси

Одржани седници		12
Вкупно разгледани точки		23
Измени на Уставот: Предлог кон пристапување за измени на Уставот и текстот на Нацртот на Амандманите од XX до XXXIV на Уставот на РМ		-
Закони по области	политички систем	5
	економски систем	7
	јавни дејности	-
Поднесени амандмани		-
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		1
Други акти (одлуки, декларации, програми)		1
Информации, извештаи		7
Прашања, предлози		2

Комисија за прашања на изборите и именувањата

НАДЛЕЖНОСТИ:

- поднесување предлози за избор и именување, односно разрешување на функционери кои гн избира, односно именува Собранието, ако со закон, Деловникот или друг акт на Собранието е определено ваков предлог да поднесува Комисијата;
- поднесување предлози за избори и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието, ако со Уставот, закон, Деловникот или друг акт на Собранието не е определено ваков предлог да поднесува друг орган;
- предлагање состав на постојаните и повремени работни тела на Собранието;
- предлагање состав на постојаните делегации на Собранието во меѓународните парламентарни собранија и на пратеничките групи на Собранието за соработка со други парламенти;
- предлагање членови на управни органи и други тела во јавните претпријатија, организациите и институциите кои ги избира, односно именува Собранието ако со Уставот, закон или друг акт не е определено ваков предлог да поднесува друг орган;
- предлагање членови на редакцискиот одбор на гласилото на Собранието;
- предлагање именување и разрешување претставници на Републиката во органите на управувањето и членовн на конкурсни комисии за избор на индивидуални работоводни органи кои се во надлежност на Собранието;
- предлагање состав на одбори и други тела на Собранието за организирање и спроведување прослави на одделни историски настани од значење за Републиката и на други настани чие одбележување е потребно, како и за доделување на републички награди;
- давање мислење по предлозите за избор, односно именување носители на јавни функции кои ги избира, односно ги именува Собранието, а кои се предложени од други органи;
- разгледување предлози на прописи за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието, како и на пратениците и функционерите на кои им престанала функцијата и во рамките на законските овластувања донесува поблиски прописи за нивно извршување;
- донесување акти за кои е овластена од Собранието;
- донесување поединечни решенија за платите и за други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието;
- донесување акт за одбивање 5% од платата за секој ден отсуство на пратеник кој најмалку три пати отсуствува од седница на Собранието, односно од седница на работното тело, а за тоа не го известил претседателот на Собранието, односно на работното тело;
-ја определува висината на надоместокот на трошоците за учество во работата на работните тела од редот на научните и стручните институции и асоцијации;
- определување во согласност со прописите, висината на дневниците, на трошоците за одвоен живот, на надоместокот за годишен одмор, на селидбените и други трошоци;
- одлучување по жалби против решенија на генералниот секретар на Собранието, доколку со закон или друг акт поинаку не е определено;
- давање исправки на акти што ги донесува и објавува Комисијата во "Службен весник на Република Македонија" и
- разгледување и други прашања што се однесуваат на изборите и именувањата.

Комисијата во рамките на својата надлежност и ингеренции кои произлегуваат од Деловникот на Собранието и Одлуката за основање на работни тела, својата активност ја остварува преку одржување на седници на кои разгледува прашања што се однесуваат на изборите и именувањата.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија за периодот од ноември 2004 до октомври 2005 година, има одржано 14 седници со 48 точки на дневен ред.

Во функција на одржување на седниците, при свикување на седниците, до членовите на Комисијата заедно со поканите беше доставуван и материјал со подготовка на седниците, односно

обработка на точките на дневен ред. Ова подразбира и реализација на седниците од Комисијата, односно изготвување на акти за седница на Собранието и тоа:

-предлози, предлог на одлуки, амандмани и предлог на одлуки за изменување и дополнување вкупно 49.

При утврдување на Предлогот на одлуките, претседателот на Комисијата остваруваше соработка со координаторите на пратеничките групи, со органите на државната управа, јавните служби, научните институции и здруженија на граѓани.

Исто така, надлежност на Комисијата е и да поднесува предлози за избори и именување, односно разрешување на функционери кои ги избира, односно именува Собранието. Согласно ова, Комисијата ги утврди следниве предлози:

-Предлог на кандидат за потпретседател на Собранието на Република Македонија;

-Предлог на кандидат за потпретседател на Собранието на Република Македонија и

-Предлог за разрешување на потпретседател на Собранието на Република Македонија.

До Комисијата преку архивската книга има пристигнато од ноември 2004 до октомври 2005 вкупно 187 акти, дописи и барања и истите се реализирани.

Комисијата донесува поединечни решенија за плати и други примања на пратениците и функционерите кои ги избира и именува Собранието на Република Македонија. Исто така, согласно со прописите ја определува висината за надомест за одвоен живот, надомест за превоз и апанажа на избрани и именувани лица и изготвува Решенија по истите.

Такви решенија кои се доставени до Комисијата и потпишани од претседателот на Комисијата има вкупно 73 и тоа:

Решенија за плати:

-за претседател на Република Македонија 1;

-за претседател и потпретседатели на Собранието 3;

-за премиер, министри и замениците на министрите 32;

-на именувани и избрани лица 17.

Решенија за апанажа:

-на именувани и избрани лица 18.

Решенија за надоместоци:

-за одвоен живот 4;

-за превоз 8.

Исто така, Комисијата согласно со своите надлежности донесува акти за одбивање 5% од платата за секој ден отсуство на пратеник кои најмалку три пати отсуствува од седница на Собранието, односно од седница на работното тело, а за тоа не го известил претседателот на Собранието, односно на работното тело, како и донесување на акти за кои е овластена од Собранието. Вакви одлуки се:

-одлуки за одбивање на 20% од платата на пратеник, заради неоправдано отсуство од седниците на Собранието на Република Македонија - 3;

-интерни одлуки - 4 и

-укинување на одлуки- 1

Други активности на Комисијата:

-дописи и други писма, примени и реализирани - 20

-прием и класификација на пријавите по огласот за ЈО на ОЈО, во Берово и Кичево, за кои беше донесена Одлука на Собранието на 21 април 2005 година со писмо потпишано од генералниот секретар и доставени во рок до Владата за натамошна постапка, пријави по огласи за заменици на ЈО во ВЈО во Битола, Скопје и Штип, за кои беше донесена Одлука на Собранието на 10 јуни 2005 година со писмо потпишано од генералниот секретар и доставени во рок до Владата за натамошна постапка и пријави по двата огласа за ЈО на ОЈО во Штип и Кавадарци и оглас за заменици на ЈО во ОЈО, во десет града во Македонија, за кои беше донесена Одлука на Собранието на 21 април 2005 година со писмо потпишано од генералниот секретар и доставени во рок до Владата за натамошна постапка.

Одржани седници		14
Вкупно разгледани точки		48
Измени на Уставот: Предлог кон пристапување за измени на Уставот и текстот на Нацртот на Амандманите од XX до XXXIV на Уставот на РМ		-
Закони по области	политички систем	-
	економски систем	-
	јавни дејности	-
Поднесени амандмани		-
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		-
Други акти (одлуки, декларации, програми)		48
Информации, извештаи		-
Прашања, предлози		-

Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот

НАДЛЕЖНОСТИ:

Согласно со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија, Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот има претседател, осум члена и нивни заменици, а разгледува:

-начелни прашања, предлози и мислења во врска со остварувањето на одредбите на Уставот, закони и други прописи и акти од значење за остварување и заштита на слободите и правата на граѓанинот;

-укажување на потребата од донесување на закони и други прописи и акти заради поцелосна заштита на слободите и правата на граѓанинот;

-следење, разгледување и анализирање на остварувањето на ратифицираните меѓународни акти кои ја регулираат заштитата на слободите и правата на граѓанинот;

-разгледување на дописите на граѓаните и заземање ставови по истите;

-соработува со научни и стручни организации од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните;

-соработување со соодветни странски и меѓународни тела од областа на заштитата на слободите и правата на граѓаните и

-други прашања што се однесуваат на заштитата на слободите и правата на граѓанинот.

Комисијата не може да врши истражни или други судски функции.

Наодите на Комисијата се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции.

1. Во извештајниот период Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот одржа четири седници на кои расправаше за законски проекти, извештаи и претставки. Во однос на активностите кои се однесуваат на процесот на разгледување на законски акти, Комисијата во овој период разгледа 6 законски акти - еден предлог на закон; 2 прелога за донесување на закон; 2 предлога за донесување закон со предлог на закон и еден предлог за донесување закон по итна постапка. Комисијата разгледа 4 извештаи за работата во 2004 година и тоа на: Народниот правобранител; Државниот завод за ревизија; јавните обвинителства и Државната комисија за спречување на корупцијата. Заеднички заклучок при разгледувањето на овие годишни извешати е дека е потребна поблиска соработка на Комисијата со овие органи за да се оствари поефективна заштита на слободите и правата на граѓанинот. Комисијата вкупно разгледа 6 точки поврзани со прашања и предлози од кои 2 претставки, едно претставување на проект и 3 точки за разни прашања.

Законски проекти разгледани на седниците на Комисијата:

- Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот број 14 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи за измена на

контролниот механизам на Конвенцијата, со Предлог на закон;

- Предлог за донесување на закон по итна постапка за поништување на локалните избори одржани на 13 март 2005 година во општините Липково, Арачиново, Чаир, Студеничани, Гостивар, Тетово, Кичево, Струга, Дебар, Осломеј, Зајас, Боговиње, Теарце, Желино, Брвеница и Јегуновце, со Предлог на закон;
- Предлог за донесување на закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер;
- Предлог на закон за заштита на лични податоци;
- Предлог за донесување на закон за заштита на сведоци;
- Предлог за донесување на закон за електронски комуникаци, со Предлог на закон.

Извештаи разгледани на седниците на Комисијата:

- Годишен извештај за работата на Народниот правобранител во 2004 година;
- Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2004 година;
- Извештај за работата на јавните обвинителства во Република Македонија во 2004 година и
- Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во 2004 година.

Извештаи разгледани на седниците на Комисијата:

- Две претставки од Здружената организација на раселените од Арачиново "Зора": во врска со спроведувањето на Заклучоците на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот и на Собранието на Република Македонија, донесени по претставките на внатрешно раселените лица од Липковскиот регион и Арачиново и во врска со судскиот спор за надомест на штети предизвикани од военото конфликт во 2001 година и
- Преставка од Здружението на бегалци од Егејскиот дел на Македонија за групната повреда на правата на Македонците протерани од Егејскиот дел на Македонија по граѓанската војна во 1949 година.

Други точки разгледани на седниците на Комисијата:

Упатени претставки до Комисијата:

- Претставки - до Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот во извештајниот период се поднесени вкупно 106 претставки од граѓани, здруженија на граѓани, организации за човекови права и други правни лица. Комисијата на својата седница разгледа две претставки. На разговор примени се 59 подносители на претставки, на 21 им е дадена помош при составување претставка до Комисијата, а на оние кои

требале да се обратат и до друг надлежен орган им е дадено соодветно упатство како да постапат. По однос на останатите поднесени претставки е побарана: информација од надлежен орган; даден совет да се сочека постапувањето на надлежен орган, односно Народниот правобранител; делумно постапување и следење на целосното барање изнесено во претставката и слично.

- Претставување на Проектот за поддршка на човековите права од Коалицијата на здруженија на граѓани "Сите за правично судење";
- Трипати по точката разно се разгледувани прашања и предлози од надлежност на Комисијата.

2. Активности кои се однесуваат на остварување на парламентарната соработка на билатерален и мултилатерален план.

Позначајни средби на членови на Комисијата на меѓународен план

- Учество на Семинарот за претседатели и членови на парламентарните тела за човекови права за слобода на изразувањето, парламентот и промоцијата на толерантно општество во Женева од 25 до 27 мај 2005 година, во организација на Интерпарламентарната Унија и Артикал 19;
- Учество на семинар за ситуацијата со бегалците и раселените лица во Скопје на 17 и 18 октомври 2005 година во организација на Парламентарната асамблеја на Советот на Европа, Комитет за миграции, бегалци и население - Поткомитет за бегалци и МАРРИ - Регионалниот центар во Скопје;
- Учество и на други семинари од областите на надлежност на Комисијата;
- Реализирани се 7 средби со претставници и делегации на други држави.

Одржани седници		4
Вкупно разгледани точки		16
Измени на Уставот		-
Закони по области	политички систем	5
	економски систем	-
	јавни ни дејности	1
Поднесени амандмани		-
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		-
Други акти (одлуки, декларации, програми)		6
Информации, извештаи		4
Прашања, предлози		-

Комисија за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање

НАДЛЕЖНОСТИ:

- почитување на правата и слободите, утврдени со Уставот и закони од страна на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање на граѓаните, претпријатијата и други правни лица;
- законитоста во спроведување на овластувањата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на пречекорување на овластувањата. преземање неовластени постапки, злоупотреба и други негативности во работењето, спротивно на нивните права утврдени со закон;
- методите и средствата што ги користат Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање од аспект на законитоста и почитувањето на правата на граѓанинот и други субјекти;
- материјалната, кадровската и техничката опременост на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање и
- други прашања што се однесуваат на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање.

Поради отсуство на претседателот на Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање, г. Љубе Бошкоски, во подолг временски период Комисијата не реализира активности од делокругот на своите надлежности во извештајниот период од 1 ноември 2004 година до 31 октомври 2005 година.

Комисија за финансирање и буџет

Во периодот од 1 ноември 2004 година до 31 октомври 2005 година Комисијата одржала 15 седници со вкупно 53 точки на дневен ред. Иако при утврдување на дневниот ред беа ставени 3 предлози на закони за кои предлагачи биле пратеници, истите не се разгледани поради немање мислење од Владата на Република Македонија.

Од вкупниот број на разгледани точки 43 се закони и сите се од областа на економскиот систем. Покрај закони во овој период, Комисијата го разгледа Буџетот на Република Македонија за 2005 година, Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2005 година, Годишната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2004, 4 извештаи и 2програми.

Комисијата има поднесено 9 амандмана.

Важно е да се напомене дека од вкупниот број на разгледани закони, 27 се по скратена постапка.

Имајќи го предвид фактот дека по најголем дел од овие предлози на закони Комисијата во текот на расправата имаше бројни забелешки и сугестии, потребно е во иднина Владата што е можно повеќе предложените закони да ги изготвува и доставува како предлози за донесување, односно истите да се разгледуваат во Собранието во редовна постапка. Со тоа

НАДЛЕЖНОСТИ:

- системот на финансирање;
- Буџетот на Републиката;
- даноците, таксите, придонесите и други јавни давачки на граѓаните и правните лица;
- царинскиот систем;
монетарно-кредитниот, банкарскиот и девизниот систем;
- платниот промет и ревизијата;
- заемите и кредитите;
- јавните набавки;
- системот на осигурување;
- сопственоста и други имотно-правни односи;
- стоковните резерви;
- игрите на среќа и
- други прашања што се однесуваат на финансирањето.

ќе се обезбеди поцелосна и поаналитичка расправа по предлозите и Владата ќе може да ги вградува во предлозите на законите и на тој начин ќе се избегне за значајни прашања секогаш да се интервенира само со амандмани.

Во овој период, Комисијата особено внимание посвети на разгледувањето на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2005 година со пропратните закони за негово креирање и извршување, Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година и Годишната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2004 година.

Со оглед на тоа што оваа Комисија е надлежна за разгледување на Буџетот, по наведените точки се водеше мошне обемна расправа во која беа изнесени бројни предлози, забелешки и сугестии кои предлагачот треба да ги има в предвид при изготвување на Буџетот, односно Ребалансот на Буџетот во наредниот период.

Комисијата го разгледа и Законот за јавен долг, со кој прецизно се дефинираат клучните прашања за успешно управување со долгот на државата, вклучувајќи ги носителите на долгот, критериумите и лимитите за задолжување во земјата и странство, како и издавањето на гаранции.

Во овој период Комисијата го разгледа и Предлогот на законот за буџетите со кој се регулира финансиското управување на Република Македонија дефинирајќи ги постапките за изготвување, донесување, извршување и известување за Буџетот на Република Македонија и буџетите на општините, вклучително и контролата и мерките за одговорност.

Со оглед на тоа што имотно-правните односи се во надлежност на Комисијата за финансирање и буџет, таа во изминатиов период го разгледа Предлогот на закон за приватизација на градежното земјиште во државна сопственост, Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за експропријација и Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за денационализација.

Од оваа област, Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за користење и располагање со стварите на државните органи, со кој се уредуваат правата и должностите на органите на државната власт во однос на набавката, користењето, располагањето и евиденцијата на стварите во државна сопственост, што ги користат органите на државната власт за извршување на работите и задачите.

Во анализираниов период Комисијата разгледуваше и предлози на закони за задолжување на Република Македонија, односно за давање на гаранција за задолжување кај меѓународни финансиски институции и други закони од даночната и финансиската област.

Комисијата со особено внимание го разгледа Предлогот на законот за Управата за јавни приходи со кој се уредува делокругот, организацијата, начинот на вршење на работата и раководењето, како и овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоци во врска со работите на Управата за јавни приходи. Со овој закон се уредуваат и специфичностите во правата, обврските и одговорностите на службениците од работен однос, кодексот на однесување, како и финансирањето на Управата за јавни приходи. На овој начин се создаваат основи за пристапување во процес на реорганизација на Управата во ефикасна и ефективна организација во сите сегменти на нејзиното работење.

Комисијата го разгледа Предлогот на законот за ревизија чија цел е да се изврши дерегулација на професијата при што се врши пренесување на овластувањата и надлежностите од областа на ревизорската професија целосно, а во некои сегменти делумно, од Министерството за финансии на Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Институтот на овластени ревизори. Институтот за овластени ревизори во чиј состав се вклучени лица ангажирани на полето на деловното работење, финансиите и правото, се основа како професионално коморско здружение заради промовирање на високи професионални стандарди меѓу друштвата за ревизија и овластените ревизори и за подобрување на квалитетот на ревизорските услуги што тие ги нудат.

Поаѓајќи од искуството на земјите со пазарна економија како резултат на повеќе деценискиот развој каде ревизијата има изградено статус на саморегулаторна професија, а имајќи ги предвид постојните односи со кои беше уредена ревизијата како важен сегмент на финансискиот систем во земјата се наметна потребата од потемелна промена во оваа област со донесување на нов закон.

Со овој закон се создаваат нормативни претпоставки и основи за нов пристап во уредувањето на прашањата сврзани со ревизијата, во смисла на приспособување на нашето законодавство со законодавстото на Европската унија.

Комисијата го разгледа и Предлогот на закон за задолжително осигурување во сообраќајот со кој се уредува задолжително осигурување на: патници во јавен превоз од последици на несреќен случај-незгода; сопственици односно корисници на моторни и приклучни возила; сопственици, односно корисници на воздухоплови и сопственици односно корисници на бродови односно чамци на моторен погон, од одговорност за штети предизвикани на трети лица во сообраќајот и други прашања од знчење за задолжително осигурување во сообраќајот.

Во расправата по Годишниот извештај за работата на Државната комисија за

спречување на корупцијата во 2004 година беше констатирано дека Комисијата својата активност ја остварува согласно со надлежностите утврдени во Законот за спречување на корупцијата. Врз основа на расправата Комисијата му предложи на Собранието да го разгледа овој извештај.

Во овој период Комисијата го разгледа и Извештајот за преземените мерки и активности од Владата на Република Македонија за санирање на состојбите и ублажување на последиците од елементарните непогоди што ја зафатија земјата во јуни, јули и август 2004 година. Овој извештај беше доставен до Собранието за разгледување и усвојување како обврска од Законот за обезбедување на средства за давање помош на општините за отстранување на последиците од поплавите настанати во месец јуни 2004 година.

При расправата по Извештајот, Комисијата констатира дека во него се прикажани активностите кои се преземени за санирање на состојбите во настраданите подрачја од поплавите, износот на обезбедените финансиски средства, намената и начинот на нивната распределба.

Одржување на седниците во однос на кворумот се одвива без проблеми, бидејќи со Деловникот на Собранието на Република Македонија, како и со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија е предвидено покрај претседателот на Комисијата и бројот на членовите да има и нивни заменици. Ова решение се покажа како многу успешно, така што овозможи седниците на Комисијата секогаш да се одржуваат во закажаниот термин, што претставува услов за ажурно и економично работење, како за Комисијата така и за Собранието.

Единствено, во текот на работата Комисијата се соочуваше со ненавремено доставување на мислења од страна на Владата за закони и други акти чии предлагачи се пратеници или други овластени предлагачи. Тоа би можело да се надмине со тоа што Владата би ги доставувала мислењата во рокот определен со Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Ова е потребно бидејќи мислењата на Владата се релевантни за расправа по законите и другите акти во Комисијата, особено ако се има предвид фактот што овие закони најчесто предвидуваат зафаќање на финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

Повремено, како проблем од технички аспект би можело да се истакне недоволниот број на сали за одржување на седниците на комисиите особено во денови кога повеќе комисии имаат закажано седници.

Меѓународна активност на Комисијата

Комисијата за финансирање и буџет во овој период одржа и една работна средба со членовите на Мисијата на Меѓународниот монетарен фонд, која беше организирана по нивно барање.

Меѓународниот монетарен фонд испрати делегација во Република Македонија во однос на фискалната мисија на Меѓународниот монетарен фонд за Извештајот на набљудувањето на стандардите и кодовите (ROSC/INSK) што ќе следува. Една од целите на Мисијата, којашто е од Одделот за фискални работи на Меѓународниот монетарен фонд, е разгледување на фискалните институции во Република Македонија со акцент на буџетските процеси од фазата на планирање до фазата на извршување и споредување на тие постапки со меѓународниот код на меѓународни пракси. Имајќи ја предвид оваа цел, дискусиите беа насочени во правец на улогата на Комисијата во буџетските процеси почнувајќи од фазата на планирање до фазата на донесување, односно извршување на Буџетот на Република Македонија.

Во прилог на Извештајов се доставува Преглед на одржани седници на Комисијата за финансирање и буџет на Собранието на Република Македонија за периодот од 1 ноември 2004 до 31 октомври 2005 година и Преглед на точки кои биле ставени на дневен ред на Комисијата во периодот 1 ноември 2004 до 31 октомври 2005, а кои не се разгледани поради немање мислење од Владата.

Резиме

Во периодот од 1 ноември 2004 година до 31 октомври 2005 година, Комисијата одржала 15 седници со вкупно 53 точки на дневен ред. Иако при утврдување на дневниот ред беа ставени три предлога на закони за кои предлагачи биле пратеници истите не се разгледани поради немање на мислење од Владата на Република Македонија.

Од вкупниот број на разгледани точки 43 се закони и сите се од областа на економскиот систем. Покрај закони во овој период Комисијата го разгледа Буџетот на Република Македонија за 2005 година, Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2005 година, Годишната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2004, четири извештаи и две програми.

Комисијата има поднесено 9 амандмани.

Важно е да се напомене дека од вкупниот број на разгледани закони, 27 се по скратена постапка.

Имајќи го предвид фактот дека по најголем дел од овие предлози на закони Комисијата во текот на расправата имаше бројни забелешки и сугестии, потребно е во иднина Владата што е можно повеќе предложените закони да ги изготвува и доставува како предлози за донесување односно истите да се разгледуваат во Собранието во редовна постапка.Со тоа ќе се обезбеди поцелосна и поаналитичка расправа по предлозите и Владата ќе може да ги вградува во предлозите на законите и

на тој начин ќе се избегне за значајни прашања секогаш да се интервенира само со амандмани.

Во овој период Комисијата особено внимание посвети на разгледувањето на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2005 година со пропратните закони за негово креирање и извршување, Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година и Годишната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2004 година.

Со оглед на тоа што оваа Комисија е надлежна за разгледување на Буџетот, по наведените точки се водеше мошне обемна расправа во која беа изнесени бројни предлози, забелешки и сугестии кои предлагачот треба да ги има в предвид при изготвување на Буџетот односно Ребалансот на Буџетот во наредниот период.

Комисијата го разгледа и Законот за јавен долг, со кој прецизно се дефинираат клучните прашања за успешно управување со долгот на државата, вклучувајќи ги носителите на долгот, критериумите и лимитите за задолжување во земјата и странство, како и издавањето на гаранции.

Во овој период Комисијата го разгледа и Предлогот на законот за буџетите со кој се регулира финансиското управување на Република Македонија, дефинирајќи ги постапките за изготвување, донесување извршување и известување за Буџетот на Република Македонија и буџетите на општините, вклучително и контролата и мерките за одговорност.

Со оглед на тоа што имотно-правните односи се во надлежност на Комисијата за финансирање и буџет, таа во изминатиов период го разгледа Предлогот на законот за приватизација на градежното земјиште во државна сопственост, Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за експропријација и Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за денационализација.

Од оваа област, Комисијата го разгледа и Предлогот на законот за користење и располагање со стварите на државните органи, со кој се уредуваат правата и должностите на органите на државната власт во однос на набавката, користењето, располагањето и евиденцијата на стварите во државна сопственост што ги користат органите на државната власт за извршување на работите и задачите.

Во анализираниов период, Комисијата разгедуваше и предлози на закони за задолжување на Република Македонија, односно за давање на гаранција за задолжување кај меѓународни финансиски институции и други закони од даночната и финансиската област.

Комисијата со особено внимание го разгледа Предлогот на законот за Управата за јавни приходи со кој се уредува делокругот, организацијата, начинот на вршење на работата и

раководењето, како и овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоци во врска со работите на Управата за јавни приходи. Со овој закон се уредуваат и специфичностите во правата, обврските и одговорностите на службениците од работен однос, кодексот на однесување, како и финансирањето на Управата за јавни приходи. На овој начин се создаваат основи за пристапување во процес на реорганизација на Управата во ефикасна и ефективна организација во сите сегменти на нејзиното работење.

Комисијата го разгледа Предлогот на законот за ревизија чија цел е да се изврши дерегулација на професијата при што се врши пренесување на овластувањата и надлежностите од областа на ревизорската професија целосно, а во некои сегменти делумно, од Министерството за финансии на Советот за унапредување и надзор на ревизијата и Институтот на овластени ревизори. Институтот за овластени ревизори во чиј состав се вклучени лица ангажирани на полето на деловното работење, финансиите и правото, се основа како професионално коморско здружение заради промовирање на високи професионални стандарди меѓу друштвата за ревизија и овластените ревизори и за подобрување на квалитетот на ревизорските услуги што тие ги нудат.

Поаѓајќи од искуството на земјите со пазарна економија како резултат на повеќе деценискиот развој каде ревизијата има изградено статус на саморегулаторна професија, а имајќи ги предвид постојните односи со кој беше уредена ревизијата како важен сегмент на финансискиот систем во земјата се наметна потребата од потемелна промена во оваа област со донесување на нов закон

Со овој закон, се создаваат нормативни претпоставки и основи за нов пристап во уредувањето на прашањата сврзани со ревизијата, во смисла на приспособување на нашето законодавство со законодавстото на Европската унија.

Комисијата го разгледа и Предлогот на законот за задолжително осигурување во сообраќајот со кој се уредува задолжително осигурување на: патници во јавен превоз од последици на несреќен случај-незгода; сопственици односно корисници на моторни и приклучни возила; сопственици, односно корисници на воздухоплови и сопственици, односно корисници на бродови односно чамци на моторен погон, од одговорност за штети предизвикани на трети лица во сообраќајот и други прашања од знчење за задолжително осигурување во сообраќајот.

Во расправата по Годишниот извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во 2004 година беше констатирано дека Комисијата својата активност ја остварува согласно со надлежностите утврдени во Законот за спречување на

корупцијата. Врз основа на расправата Комисијата му предложи на Собранието да го разгледа овој извештај.

Во овој период Комисијата го разгледа и Извештајот за преземените мерки и активности од Владата на Република Македонија за санирање на состојбите и ублажување на последиците од елементарните непогоди што ја зафатија земјата во јуни, јули и август 2004 година. Овој извештај беше доставен до Собранието за разгледување и усвојување како обврска од Законот за обезбедување на средства за давање помош на општините за отстранување на последиците од поплавите настанати во месец јуни 2004 година.

При расправата по Извештајот, Комисијата констатира дека во него се прикажани активностите кои се преземени за санирање на состојбите во настраданите подрачја од поплавите, износот на обезбедените финансиски средства, намената и начинот на нивната распределба.

Одржување на седниците во однос на кворумот се одвива без проблеми бидејќи со Деловникот на Собранието на Република Македонија, како и со Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија е предвидено покрај претседателот на комисијата и бројот на членовите да има и нивни заменици. Ова решение се покажа како многу успешно, така што овозможи седниците на Комисијата секогаш да се одржуваат во закажаниот термин, што претставува услов за ажурно и економично работење, како за Комисијата така и за Собранието.

Единствено, во текот на работата Комисијата се соочуваше со ненавремено доставување на мислења од страна на Владата за закони и други акти чии предлагачи се пратеници или други овластени предлагачи. Тоа би можело да се надмине со тоа што Владата би ги доставувала мислењата во рокот определен со Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Ова е потребно, бидејќи мислењата на Владата се релевантни за расправа по законите и другите акти во Комисијата, особено ако се има предвид фактот што овие закони најчесто предвидуваат зафаќање на финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

Повремено, како проблем од технички аспект би можело да се истакне недоволниот број на сали за одржување на седниците на комисиите, особено во деновите кога повеќе комисии имаат закажано седници.

Меѓународна активност на Комисијата

Комисијата за финансирање и буџет во овој период одржа и една работна средба со членови на мисијата на Меѓународниот монетарен фонд, која беше организирана по нивно барање.

Меѓународниот монетарен фонд испрати делегација во Република Македонија во

однос на фискалната мисија на Меѓународниот монетарен фонд за Извештајот на набљудувањето на стандардите и кодовите (ROSC/INSK), што ќе следува. Една од целите на мисијата, којашто е од одделот за фискални работи на Меѓународниот Монетарен Фонд, е разгледување на фискалните институции во Република Македонија со акцент на буџетските процеси од фазата на планирање до фазата на извршување и споредување на тие постапки со меѓународниот код на меѓународни пракси. Имајќи ја предвид оваа цел, дискусиите беа насочени во правец на улогата на Комисијата во буџетските процеси почнувајќи од фазата на планирање до фазата на донесување, односно извршување на Буџетот на Република Македонија.

Одржани седници		15
Вкупно разгледани точки		53
Измени на Уставот		-
Закони по области	политички систем	-
	економски систем	43
	јавни дејности	-
Поднесени амандмани		9
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		3
Други акти (одлуки, декларации, програми)		3
Информации, извештаи		4
Прашања, предлози		-

Комисија за економски прашања

НАДЛЕЖНОСТИ:

- производство и трговија;
- минерални суровини и енергетика;
- туризам, угостителство и занаетчиство;
- надворешно-трговско работење,
- странски вложувања;
- сопственичка трансформација;
мерки против монополска положба и монополско однесување на пазарот;
- заштита на потрошувачите;
- јавни претпријатија;
- концесии;
- побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја;
- статистика и
- други прашања што се однесуваат на економскиот систем.

Во извештајниот период Комисијата за економски прашања одржа девет седници на кои беа разгледани вкупно 18 точки на дневен ред од областа на економскиот систем.

Комисијата за економски прашања во овој период разгледа девет закони во скратена постапка, два предлога за донесување закони, три предлога на закони, го разгледа Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2005 година и Предлогот на одлуката за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2005 година. Комисијата го разгледа Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2005 година и Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година.

Во изминатиот период Комисијата за економски прашања поднесе два амандмана.

За сите разгледани точки од седниците на Комисијата се изготвени посебни извештаи, како и записници од секоја седница.

Сите активности на Комисијата за економски прашања се реализираат во рамките на нејзините надлежности.

Сите одржани седници на Комисијата за економски прашања се јавни со што на јавноста и е дадена можност за отворен пристап кон расправата од Комисијата по одредена точка од дневниот ред, како и кон завршната расправа по предложениот закон.

Во изминатиот период Комисијата за економски прашања активностите ги насочи во разгледување на закони од економскиот систем.

Комисијата детално го разгледа Предлогот на финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2005 година, како и Предлогот на одлуката за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на РМ за 2005 година. Со предложената одлука се предвидуваше надоместот што ќе се наплатува од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика за 2005 година, да изнесува 0,053% од вкупниот приход на друштвата остварен во 2004 година, што е под предвидениот законски максимум од 0,1%, и е за 17% понизок од стапката на издвојување во 2004 година.

Комисијата особено внимание посвети на разгледувањето на Предлогот на законот за Стопанска комора на Македонија. Донесувањето на законот има за цел поставување на правна рамка во коморското работење и регулирање на односите во коморското здружување, како и продолжување на работењето на Стопанската комора на Македонија. Комисијата во расправата имаше бројни забелешки и укажа дека е потребно предлагачот на законот до седницата на Собранието на која ќе се расправа по Предлогот на законот да изготви и да достави до Комисијата за економски прашања Информација со компаративна анализа за можните ефекти од донесувањето на предложениот закон и Законот за стопанските комори донесен во 2002 година.

Особено значајна е расправата по Буџетот на Република Македонија за 2005 година. Во расправата Комисијата позитивно го оцени новиот начин на подготвување на Буџетот за 2005 со посебни програми и потпрограми кои даваат можност за попрецизно и транспарентно дефинирање на целите и приоритетите кај буџетските корисници како и оценување на степенот на реализација на истите. Комисијата имаше широка дискусија во однос на макроекономските агрегати врз кои претходно се планирал буџетот на државата, расправаше за порастот на бруто домашниот производ, одржувањето на ниска стапка на инфлација, ограничувањето на монетарната маса и сл. Во расправата Комисијата укажана дека создавањето

на поволна бизнис клима за странските инвеститори ќе придонесе за постигнување на значителен економски ефект на државата и намалување на трговскиот дефицит.

Комисијата детално го разгледа Предлогот за донесување на закон за трансформација на Јавното претпријатие"Македонски железници"-Ц.О.Скопје, со Предлог на закон. Предложениот закон беше во насока на овозможување на целосна либерализација на железничкиот транспортен пазар, како и негово функционирање, приватизација и конкурентност на пазарните услови. При изготвувањето на законот биле направени детални анализи за проценка на состојбата во оваа област и разгледани повеќе модели на реорганизација и трансформација на железничкиот сообраќај во други држави. Во предвид била земена експертската помош на Светската Банка како и мислењето на домашните експерти од оваа област. Со предложениот закон беше предвиден модел на трансформација според кој Јавното претпријатие "Македонски железници" ќе се трансформира на два нови субјекти: -Јавно претпријатие за железничка инфраструктура, дел што ќе остане во државна сопственост, и Акционерско друштво за транспорт "Македонски железници транспорт" А.Д.Скопје, со можност за приватизација. Во расправата по предложениот закон членовите на Комисијата за економски прашања поставија прашања и изнесоа забелешки, предлози и мислења.

Комисијата особено внимание посвети на седницата на која се разгледуваше Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика со Предлог на закон. Предложениот закон беше во насока на спроведување на реформата на електроенергетскиот сектор и секторот на природен гас преку почитување на економските принципи на ефикасност и ефективност во работењето, воведување на конкурентски пазарни односи и спречување на монополската положба на пазарот преку постепена либерализација на односите меѓу субјектите. Исто така, законот се предлагаше со цел да се обезбедат неопходните услови за пристап на корисниците кон инфраструктурата за пренос и дистрибуција на електрична енергија и природен гас, како и хармонизација на националното законодавството со законодавството на Европската унија. Во предложениот закон беа инкорпорирани Енергетските Директиви бр.2003/54 и 2003/55 на Европската Комисија и Регулативата 1228/2003 на Европскиот Парламент и Советот, документи кои се однесуваат на односите на внатрешните пазари за електрична енергија и природен гас на Европската Унија во однос на производството, дистрибуцијата, преносот, како и снабдувањето на потрошувачите со електрична енергија и со природен гас.

Комисијата обемна расправа оствари по Предлогот за донесување на закон за работните односи. На седницата на Комисијата беа поканети претставници од Стопанската комора на Македонија, Сојузот на синдикатите на Македонија, Сојузот на стопанските комори, професори експерти по трудово право од Правниот факултет, Економскиот факултет, како и професори експерти од Универзитетот на Југоисточна Европа и Тетовскиот Универзитет. Со предложениот закон за прв пат се уредува прашањето на заштита од сите облици на дискриминација, јасно се дефинираат правата и обврските на работниците и работодавачите при постапката на вработување и во текот на целиот процес, се воведува договор за вработување како основен акт со кој се заснова работен однос, се уредува прашањето за економско - социјалниот совет. Во расправата по предложениот закон членовите на Комисијата за економски прашања изнесоа бројни мислења, предлози и забелешки.

Исто така, Комисијата обемна расправа оствари и при разгледувањето на Предлогот на законот за работни односи при што укажа на потребата од донесување на современ закон за работните односи со што ќе се придонесе за попрецизно регулирање на односите на пазарот на трудот и побрз економски развој на државата.

Комисијата го разгледа и го поддржа Предлогот за донесување на закон за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија, со Предлог на закон. Во расправата на Комисијата беше изнесено позитивно мислење за дефинираните надлежности на Агенцијата за енергетика при што беше потенцирана важноста на поддршката во спроведувањето на енергетската политика преку подготвување на среднорочни и долгорочни стратегии и развојни планови. Агенцијата за енергетика ќе биде надлежна за следење и прибавување на информации за развојот на потребите во енергетиката и за можностите за нивно задоволување и преку алтернативните извори на енергија во државата.

Комисијата за економски прашања го разгледа и го поддржа Предлогот за донесување на закон за стечај, при што констатира дека предложениот закон е во правец на ефикасно спроведување на реформите во секторот на претпријатијата. Целта на предложениот закон беше обезбедување на сигурност на пазарот и промовирање на економска стабилност и развој на државата како и усогласување на законодавството на Република Македонија со европското законодавство во областа на несолвентноста на стопанските субјекти што претставува услов при процесот на пристапување кон Европската унија.

Особено значајна е расправата на Комисијата по Предлогот за донесување на закон за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, со Предлог на закон, Комисијата едногласно констатира дека има потреба од донесување на закон за

едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица со цел за создавање на правна рамка за обезбедување на поволна бизнис клима во државата и отварање на поголема можност за влез на странски инвестиции во државата. Предложениот закон Комисијата го оцени како реформски и во правец на зајакнување на приватниот сектор, подобрување на деловниот амбиент како и отстранување на административните бариери за странски инвестиции и намалување на трансакционите трошоци.

Одржани седници		9
Вкупно разгледани точки		18
Измени на Уставот: Предлог кон пристапување за измени на Уставот и текстот на Нацртот на Амандманите од XX до XXXIV на Уставот на РМ		-
Закони по области	политички систем	-
	економски систем	14
	јавни дејности	-
Поднесени амандмани		2
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		2
Други акти (одлуки, декларации, програми)		2
Информации, извештаи		-
Прашања, предлози		-

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство

НАДЛЕЖНОСТИ:

- земјоделското земјиште, пасиштата и други природни богатства и природни сили;
-арондацијата, комасацијата и мелиорацијата;
-сточарството,полјоделството,овоштарството и лозарството:
- ловот и риболовот;
- животинскиот и растителниот свет;
- ветеринарно здравство и заштита на растенијата;
- премерот и катастарот на земјиштето;
- употребата и користењето на водите и одобрувањето на режимот на водите;
- хидромелиоративните системи и хидрометеоролошките работи и
- други прашања што се однесуваат на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на Собранието на Република Македонија за периодот од 1 ноември 2004 до 31 октомври 2005 година има одржано девет седници на кои се разгледани 21 точки на дневен ред. Во извештајниот период Комисијата разгледа: пет закони во скратена постапка, шест информации (три информации од пратеници и две информации изготвени од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и една од Управата за ветеринарство), три предлози за донесување на закони, еден предлог на закон, еден извештај од Владата на Република Македонија, Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2005 година, Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на РМ за 2005 година и три точки предлози и прашања.

Во извештајниот период Комисијата поднесе четири амандмани.

За сите разгледани точки од седниците на Комисијата изготвени се посебни извештаи, како и записници од секоја седница.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство на седниците разгледува предлози за донесување на закони кои се во рамките на нејзините надлежности. Сите активности на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство се реализираат согласно со надлежностите утврдени во Одлуката за основање на работни тела

на Собранието на Република Македонија.

Работењето на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство се карактеризира со редовно одржување на седниците во предвидените термини. Сите членови на Комисијата соработуваат и активно учествуваат во дискусиите за кои се добро подготвени.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство во извештајниот период нема остварено меѓународни активности.

Во извештајниот период Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство активностите ги насочи во разгледување на закони од областа на земјоделството, шумарството и водостопанството.

Особено е значајна расправата по Информацијата за состојбите со системот "Спас на Дојранското Езеро" при што Комисијата едногласно заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да ја разгледа Информацијата и притоа да ги усвои заклучоците кои произлегоа од расправата на Комисијата, кои се однесуваа на потребата Владата на Република Македонија да обезбеди средства од Буџетот на Република Македонија за доведување на хидросистемот во целосна техничка исправност, за покривање на трошоците од тековното работење на Јавното претпријатие "Дојранско Езеро" заклучно со декември 2004 година, како и за покривање на целокупните трошоци на јавното претпријатие за обезбедување на континуиран дотур на вода во Дојранското Езеро.

Комисијата особено внимание посвети во расправата при разгледувањето на Буџетот на Република Македонија за 2005 година при што укажа на потребата од обезбедување на дополнителни средства за Програмата-Ветерина, со цел за обезбедување на целосна ветеринарна и ефикасна здравствена заштита на животните, идентификација и регистрација на животните, обезбедување на здрава храна од животинско потекло, за дијагностичко испитување и за компензација на уништените грла од заразни болести.

Значајна е расправата на Комисијата по Предлогот на законот за здравје на растенијата со кој се уредува здравјето на растенијата, мерките и обврските во врска со појавата на штетни организми кај растенијата и растителните производи, превенцијата и биолошките мерки за заштита на растенијата. Предложениот закон беше усогласен со европското законодавство од областа на заштитата на растенијата, односно со Директивата на Советот на ЕУ 2000/29 ЕС. Комисијата констатира дека со предложениот закон ќе се обезбеди интегриран фитосанитарен систем преку формирање на Фитосанитарна управа и Државна фитосанитарна лабораторија, со што ќе се оствари подобра меѓународна соработка во процесот на контрола врз појавата на штетници на растенијата и растителните производи,

како и јасни фитосанитерни мерки и применливи средства за арбитража. Комисијата констатира дека со предложениот закон ќе се обезбеди навремена и целосна заштита на растенијата и растителните производи од штетни организми, ќе се овозможи оптимално производство на одгледуваните растенија и заштита на животната средина.

Комисијата особено внимание посвети на Извештајот за преземените мерки и активности од Владата на Република Македонија за санирање на состојбите и ублажување на последиците од елементарните непогоди што ја зафатија земјата во јуни, јули и август 2004 година. Во расправата на Комисијата беше нагласена потребата од редовна превентивна заштита од поплави со оглед на климатските фактори во регионот и честата појава на поплави во државата. Во таа насока беше укажано дека државата треба повнимателно да пристапи кон обезбедување на превентивна заштита од поплави и редовно да издвојува средства во буџетот на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кои ќе се наменат за санирање, регулација и редовно чистење на речните канали.

Во извештајниот период особено значајна е расправата на Комисијата по Предлогот за донесување на закон за тутун и тутунски производи. На седницата на Комисијата беа поканети и присуствуваа претставници од Стопанската комора на Македонија, Факултетот за земјоделски науки и храна, Институтот за тутун, Сојузот на здруженијата на тутунопроизводители на Македонија и Тутунскиот комбинат од Прилеп. Законот што се предлагаше се засноваше на начелата на законитост, слобода на пазарот и претприемништвото, создавање на услови за конкурентност, договорно земјоделско производство и усогласување со меѓународните конвенции и стандардите на Европската унија. Целта на предложениот закон беше создавање на услови за пазарно стопанисување во оваа област од страна на субјекти кои имаат капитал и способност за вклучување во конкуренцијата.

Комисијата го разгледа и го поддржа Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година при што укажана на потребата при планирањето на Буџетот на Република Македонија за 2006 година да се предвидат поголеми средства за Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Комисијата посебно внимание посвети на Информацијата за функционирањето на Системот за заштита од градобијност во Република Македонија при што заклучи дека е потребно Владата на Република Македонија преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Управата за хидрометеоролошки работи да превземе одредени активности и мерки за ефикасно спроведување на Системот

на противградобијна заштита. Исто така Комисијата оцени дека е потребно Владата на Република Македонија да ги обезбеди потребните средства од Буџетот на Република Македонија за набавка на дополнителни количини на противградобијни ракети со цел успешно спроведување на постојаната методологија за засејување на градоносните облаци и ефикасна и навремена заштита од град. Покрај остварените резултати и ефекти на Системот за заштита од градобијност, Комисијата оцени дека за негово ефикасно и оперативно спроведување е потребно Владата на Република Македонија да преземе мерки за решавање на потешкотиите и проблемите од организационо-технички и финансиски карактер, особено во набавката на резервни делови за тековно одржување на радарските системи како и итна санација на противградобијните станици кои не ги задоволуваат потребните стандарди. Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство укажа на потребата од формирање на национално координативно тело составено од претставници од Владата на Република Македонија, научни институции, приватниот сектор и од локалната самоуправа, со цел подобрување на статусот и реформа во областа на противградобијната заштита.

Одржани седници		9
Вкупно разгледани точки		21
Измени на Уставот: Предлог кон пристапување за измени на Уставот и текстот на Нацртот на Амандманите од XX до XXXIV на Уставот на РМ		-
Закони по области	политички систем	-
	економски систем	9
	јавни дејности	-
Поднесени амандмани		4
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		2
Други акти (одлуки, декларации, програми)		-
Информации, извештаи		7
Прашања, предлози		3

Комисија за транспорт, врски и екологија

НАДЛЕЖНОСТИ:

- патниот, железничкиот, речниот, езерскиот, воздушниот, поштенско-телеграфскиот, телефонскиот и радиосообраќајот;
- жичарите и ски-лифтовите;
- системите на телекомуникации и радиодифузниот систем;
- изградбата на инвестиционите објекти во областа на транспортот и телекомуникациите;
- просторното и урбанистичкото планирање;
- уредувањето на градежното земјиште;
- станбеното и комуналното стопанисување;
- заштитата и унапредувањето на животната средина, природата, воздухот, земјата и водите од загадување;
- обезбедување услови за здрава животна средина:
- спречување на штетната бучава;
- заштитата од јонизирачко зрачење и други штетни дејства по животот и здравјето на луѓето и посебните мерки на сигурност при употреба на нуклеарна енергија и
- други прашања што се однесуваат на транспортот,врските, урбанизмот и екологијата.

Седумнаесеттата седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија одржана на 21 декември 2004 година.

1.Предлог на Буџет на Република Македонија за 2005 година.

Заклучок:

Комисијата му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и донесе Буџетот на Република Македонија за 2005 година.

2.Предлог на закон за приватизациа и закуп на градежно земјиште во државна сопственост.

Заклучок:

Комисијата му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и донесе законот за приватизација и закуп на градежното земјиште во државна сопственост.

Осумнаесеттата седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија одржана на 8 и 9 февруари 2005 година:

1.Предлог за донесување на Закон за електронски комуникации, со Предлог на закон

Заклучок:

Комисијата му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа Предлогот за донесување на законот и да го донесе законот за електронски комуникации заедно со предложените амандмани на Комисијата.

2 Извештај за работата на Советот за радиодифузија за периодот од јануари 2003 година до 30 ноември 2004 година.

Заклучок:

Комисијата го усвои Извештајот за работата на Советот за радиодифузија

за периодот од јануари 2003 до 30 ноември 2004 година.

Деветнаесеттата седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија одржана на 13 април 2005 година.

1.Предлог за донесување на закон за трансформација на Јавното претпријатие Македонски железници - Ц.О Скопје, со Предлог на закон.

Заклучок :

Комисијата за транспорт, врски и екологија му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа Предлогот за донесување на закон за трансформација на Јавното претпријатие Македонски железници - Ц.О -Скопје и да го донесе истиот.

2.Предлог за донесување на закон за железници

Заклучок:

Комисијата му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и усвои предлогот за донесување на законот за железници.

3.Предлог за донесување на закон за ограничување на потрошувачката на тутунски производи.

Заклучок:

Комисијата за транспорт, врски и екологија не расправаше по оваа точка од причини што немаше мислење од Владата на Република Македонија.

Дваесеттата седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија одржана на 30 мај 2005 година.

1.Јавно сослушување на министерот за животна средина и просторно планирање за:

-одговорите на прашалникот на ЕУ за Поглавјето 22- "Животна средина";

-децентрализација во областа на животната средина односно пренесување на надлежностите од централно на локално ниво во областа на животната средина.

Заклучок:

По излагањето на министерот беа поставени бројни прашања по темата на дневниот ред на кои тој соодветно одговори со што беа транспарентно иснесени активностите на Владата.

Дваесет и првата седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија одржана на 16,17,23 и 28 јуни 2005 година.

1. Предлог на закон за градење;

Заклучок:

Комисијата едногласно заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и донесе законот за градење, заедно со амандманите усвоени од Комисијата за транспорт, врски и екологоја.

2.Предлог на закон за просторно и урбанистичко планирање.

Заклучок:

Комисијата едногласно заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го донесе законот за просторно и урбанистичко планирање заедно со амандманите усвоени од Комисијата.

3.Предлог на закон за животна средина;

Заклучок:

Комисијата за транспорт, врски и екологија му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа

и донесе законот за животна средина заедно со амандманите на Комисијата.

Дваесет и втората седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија одржана на 14 јули 2005 година.

1.Предлог за донесување на закон за рздиодифузна дејност

Заклучок:

Комисијата за транспорт, врски и екологија едногласно заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и усвои Предлогот за донесување на законот за радиодифузна дејност и да ја задолжи Владата да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон имајќи ги в предвид предлозите, мислењата и сугестиите изнесени на седницата на Комисијата.

2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешна пловидба, со Предлог на закон.

Заклучок:

Комисијата за транспорт, врски и екологија едногласно му предлага на Собранието на Република Македонија да го разгледа и усвои Предлогот за изменување и дополнување на Законот за внатрешна пловидба и да го донесе законот.

3.Извештај за работата на ЈП МРТВ

(мај 2004 - мај 2005 година)

Заклучок :

Врз основа на расправата Комисијата за транспорт, врски и екологија со еден глас против заклучи да му предложи на Собранието на РМ да го разгледа Извештајот за работата на ЈП МРТВ (мај 2004-мај 2005) и да ги усвои следниве заклучоци:

1. Собранието на Република Македонија го прифаќа Извештајот за работата на ЈП МРТВ во периодот мај 2004-мај 2005 година;

2.Собранието укажува на потребата Владата и органите на ЈП МРТВ да продолжат со отпочнатата трансформација и реструктуирање на претпријатието;

3.Собранието ја задолжува Владата да обезбеди целосно и ефикасно собирање на РДТ;

4.Собранието укажува на потребата Владата на РМ да обезбеди средства со кои на ЈП МРТВ делумно ќе и се надомести недостаток на средствата од наплатата на радиодифузната такса, како и да изнајде можности за преземање на долговите на ЈП МРТВ кон јавните претпријатија и кон државата за да се овозможи нормално работење;

5.Собранието на РМ оценува дека техничко-технолошките капацитети на ЈП МРТВ се во критична состојба поради високиот степен на амортизација и ја задолжува Владата да преземе потребни мерки за утврдување на извори на средства за нивна итна санација и примена на новите технологии и

6. Собранието укажува на потребата Владата на РМ, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии и органите на ЈП МРТВ, да ги

преземат сите потребни мерки за ТМЕ студиото да се стави во функција.

Овој заклучок, заедно со Извештајот на работното тело и стенографските белешки од расправата на Собранието да се достави до Владата на РМ, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Агенцијата за електронски комуникации, Советот за радиодифузија, ЈП МРТВ и ЈП МРД.

Дваесет и третата седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија одржана на 18 јули 2005 година.

1. Предлог на Закон за железници

Заклучок:

Комисијата едногласно му предлага на Собранието на Република Македонија да го разгледа и да го донесе Законот за железниците.

Дваесет и четвртата седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија одржана на 1 октомври 2005 година.

1.Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, со Предлог на закон.

Заклучок:

Комисијата му предлага на Собранието на Република Македонија да го разгледа и усвои Предлогот за донесување на Законот за изменување и дополнување на законот за премер катастар и запишување на правата на недвижностите и да го донесе истиот заедно со амандманите предложени од Комисијата.

2.Предлог на закон за воздухопловство

Заклучок:

Комисијата за транспорт, врски и екологија едногласно заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го донесе Законот за воздухопловство, заедно со амандманите предложени од Комисијата.

3.Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за животна средина, со Предлог на закон.

Заклучок:

Комисијата го поддржа Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина и едногласно заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и донесе Предлогот на законот.

4.Национална стратегија за развој на информатичкото општество;

Заклучок:

Врз основа на расправата Комисијата за транспорт, врски и екологија едноглано заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да ја разгледа и усвои Националната стратегија за развој на информатичкото општество.

Дваесет и петтата седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија одржана на 1 октомври 2005 година:

1.Предлог на закон за радиодифузна дејност.

Заклучок:

Комисијата за транспорт, врски и екологија му предлага на Собранието на Република Македонија да го одложи донесувањето на Предлог на законот и истиот да се разгледува на првата наредна седница со образложение дека има доставено голем број амандмани кои Комисијата треба да ги разгледа и во соработка со Министерството за транспорт и врски да изгради став по нив.

2.Предлог за донесување на закон за безбадност во железничкиот сообраќај.

Заклучок:

Комисијата му предложи на Собранието да го разгледа и усвои Предлогот за донесување на закон за безбедност во железничкиот сообраќај.

3. Предлог за донесување на закон за основање на Агенција за железнички сообраќај и транспорт.

Заклучок:

Комисијата му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и усвои Предлогот за донесување на законот за основање на Агенција за железнички сообраќај и транспорт.

Дваесет и шестата седница на Комисијата за транспорт, врски и екологија одржана на 19 октомври 2005 година.

1.Предлог на Закон за радиодифузна дејност.

Заклучок:

Комисијата за транспорт, врски и екологија едногласно заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и донесе Законот за радиодифузна дејност заедно со амандманите на Комисијата.

2. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија со цивилни воздухоплови, со Предлог на закон.

Заклучок:

Комисијата за транспорт, врски и екологија му предлога на Собранието на Република Македонија да го разгледа и донесе законот во предложениот текст.

Одржани седници		10
Вкупно разгледани точки		29
Измени на Уставот: Предлог кон пристапување за измени на Уставот и текстот на Нацртот на Амандманите од XX до XXXIV на Уставот на РМ		-
Закони по области	политички систем	-
	економски систем	24
	јавни дејности	-
Поднесени амандмани		46
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		-
Други акти (одлуки, декларации, програми)		2
Информации, извештаи		3
Прашања, предлози		-

Комисија за образование, наука и спорт

НАДЛЕЖНОСТИ:

- системот и организацијата на предучилишното воспитување и образование, основното, средното и високото образование;
- правото на настава на јазиците на заедниците во областа на воспитувањето и образованието;
- системот и организацијата на научно-истражувачката дејност;
- создавање, примена и вреднување на пронајдоците, патентите и други инвентивни активности што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво;
- информатиката, научниот и технолошкиот развој и техничката култура;
- организација, развој и функционирање на информациониот систем во Републиката;
- образованието на младите, ученичкиот и студентскиот стандард;
- поттикнување на интелектуалното, културното и научното творештво на младите;
- едукација за превентивна заштита на младите од болестите на зависност и од СИДА;
- развој и унапредување на физичката култура;
- развојот на врвниот спорт и
- други прашања што се однесуваат на образованието, науката, младите и спортот.

Комисијата одржа 17 седници на кои беа разгледани предлози на закони и актуелни теми од областа на образованието. Членовите на Комисијата расправаа и за Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2005 година и за Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година.

Седници посветени на законски предлози

На десет седници Комисијата се произнесе по 11 предлози на закони од областа на јавните дејности, политичкиот и економскиот систем. Од нив седум предлози на закони беа предложени од Владата на Република Македонија, а четири предлози од пратеници. Најголем број од законските предлози кои беа предмет на комисиска расправа се законите од областа на образованието. Главен белег на овие закони е реализација на образовната децентрализација, исполнување на обврските од Рамковниот договор и нормативно-правни претпоставки за поквалитетно образование. За одбележување се измените и дополнувањата на законите за основното и средното образование со кои се регулира акредитацијата на установа која ќе врши подготовка на кандидатите за полагање на испит за директор на основно и средно училиште, со што се врши деполитизација во добивањето на лиценци за вршење на функцијата директор на училиште. Во

Законот за средното образование се воведени одредби кои имаат за цел разграничување на поимите државна и училишна матура и нивната примена.

Комисијата водеше дебата и по новите закони за Бирото за развој на образованието, за просветната инспекција и за ученичкиот стандард. Нивното донесување е во насока на обезбедување на нораматитивни претпоставки за обезбедување квалитет на воспитно-образовниот процес, законитост во работата на воспитно образовните установи и поквалитетен ученички стандард. На текстовите на предлозите на овие закони Комисијата поднесе повеќе амандамани со кои се согласи претставникот на предлагачот.

На дневен ред беа и закони од областа на образованието предложени од пратеници. Еден од нив е и Предлогот на законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари, кој има за цел создавање правна основа за подигање на спортската култура и за помасовно присуство на граѓаните на спортските натпревари.

Во рамките на својата надлежност Комисијата водеше расправа и по Националната стратегија за развој на информатичкото општество, која треба да обезбеди наше вклучување во европските информатички текови.

Комисијата особено внимание посвети на Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2005 година, осебно во делот на високото образование и науката. Притоа предложи два амандамна за зголемување на буџетските средства за овие намени, со цел за подигање на нивото на квалитетот на образованието и за обезбедување на развојната компонента на науката.

Комисијата даде свој придонес и во расправата по законските проекти за установите и за работните односи. Од расправата по Предлогот на законот за установите за одбележување се комисиските ставови за прецизно дефинирање на сопственоста на имотот на основачот на јавната установа, подолг период за приватизација и изземање на универзитетите, научните институти и на МАНУ од овој процес, заради нивната дејност која е од национален интерес.

Тематски седници на Комисијата

Комисијата одржа седум тематски седници посветени на актуелни теми и истражувања во областа на образованието.

На една од тематските седници пред членовите на Комисијата беше презентирана Анализата на состојбите во образованието и препораки за нивно надминување, подготвена во рамките на проектот Иницијатива за стратешки дијалог на Европскиот центар за малцински прашања - Регионалната канцеларија во Скопје. Врз основа на аналитичките податоци кои се фокусирани на проблемите во делот на мултикултурализмот и професи-онализацијата и деполитизацијата во образованието, е заклучено, преку план

за акција Комисијата преку теренска јавна расправа да посвети внимание на некои од детектираните проблеми.

Комисијата одржа заедничка седница со Комисијата за здравство и со Комисијата за труд и социјална политика на која беа презентирани националните резултати од меѓународната Студија од 2002 година - однесувањето поврзано со здравјето кај децата од училишна возраст (ХБСЦ).

Комисијата одржа седница со која го одбележа "24 Мај - Денот на Св. Кирил и Методиј". Покрај претседателот на Собранието на Република Македонија господинот Љупчо Јордановски, на седницата присуствуваа координатори на пратенички групи и претставници на: Министерството за образование и наука, Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", Првата детска амбасада "Меѓаши" и на меѓународни институции со седишта во Скопје.

Во оваа пригода претседателот на Комисијата, Соња Лепиткова говореше за значењето на делото на светите браќа Кирил и Методиј како сесловенски учители и великани на словенската култура и црква. Поздравувајќи ја иницијативата за одбележување на празникот, претседателот на Собранието на Република Македонија Љупчо Јордановски се задржа на мотото на Болоњската декларација - образованието како предуслов за знаење. На седницата беше изведена видеопрезентација за работата на Комисијата во изминатиот мандатен период.

Во рамките на манифестацијата "Денови на Собранието" Комисијата за образование, наука и спорт и Комисијата за европски прашања одржаа заедничка седница на тема: "Болоњската декларација" и "Образованието кај нас и Европа". На седницата присуствуваа ученици од средни училишта во Република Македонија, на која имаа можност ректорите на државните и приватните универзитети да ги запознаат со реформите во високото образование, во согласност со Болоњската декларација.

Вниманието на Комисијата беше свртено и на состојбите во целодневната настава и дневниот престој. На седницата на која присуствуваше министерот Азис Положани, Комисијата усвои заклучоци за надминување на состојбите предизвикани со преземените активности на Министерството за образование и наука за намалување на трошоците за плати и надоместоци на вработените наставници во целодневната настава и дневниот престој.

Меѓународна активност:

- билатерална соработка

На покана на Комисијата за образование и средствата за јавно информирање на Собранието на Република Албанија, делегација на Комисијата за образование, наука и спорт предводена од претседателот на Комисијата Соња Лепиткова од 15 до 18 февруари 2005

година престојуваше во Република Албанија.

Покрај разговорите со својот домаќин кои се први во билатералната соработка на ниво на комисии на двата парламента, делегацијата имаше средби со министрите за образование и наука, и за култура, млади и спорт. Членовите на делегацијата беа примени и од претседателот на Собранието на Република Албанија господин Сервет Пелумби.

Во текот на престојот, делегацијата ги посети и разговараше со ректорите на Државниот универзитет и на Политехничкиот универзитет во Тирана, претседателот и членовите на Албанската академија на науките и со претставници на Комитетот за малцинства на Владата на Република Албанија.

На покана на Одборот за култура, образование и спорт и на Одборот за високо образование, наука и технолошки развој на Државниот збор на Република Словенија од 20 до 23 септември 2005 година во возвратна посета на Република Словенија престојуваше делегација на Комисијата за образование, наука и спорт и на Комисијата за култура. Во текот на престојот беа остварени повеќе средби и разговори со претставници на Државниот збор и на извршната власт во Република Словенија. Македонската парламентарна делегација ги посети и Универзитетот на приморјето во Копар и на Факултетот за поморство во Порторож.

-учество на меѓународен парламентарен форум

Делегација на Комисијата за образование, наука и спорт предводена од претседателот на Комисијата Соња Лепиткова, учествуваше во работата на петтиот состанок на Цетињскиот парламентарен форум, посветен на образованието и екологијата, што се одржа од 17 до 19 април 2005 година во Цетиње, Црна Гора. Во составот на делегацијата беа пратениците: Коста Прешоски и Славица Грковска, која на покана на Пактот за стабилност беше воведничар во делот од состанокот посветен на образованието. Целта на состанокот беше унапредување на соработката на земјите од регионот во сферата на образованието и заштитата на животната средина.

Одржани седници		17
Вкупно разгледани точки		32
Измени на Уставот: Предлог кон пристапување за измени на Уставот и текстот на Нацртот на Амандманите од XX до XXXIV на Уставот на РМ		-
Закони по области	политички систем	3
	економски систем	-
	јавни дејности	15
Поднесени амандмани		25
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		2
Други акти (одлуки, декларации, програми)		3
Информации, извештаи		9
Прашања, предлози		-

Комисија за култура

Во извештајниот период Комисијата одржа десет седници со вкупно 15 точки на дневен ред. Од вкупниот број на разгледани точки, Комисијата разгледа осум закони од областа на културата. Комисијата го разгледа Буџетот на Република Македонија за 2005 година, како и Изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2005 година.

Комисијата има поднесено три амандмани.

Од посебно значење за областа на културата е Законот за установи и конструктивната расправа по истиот.

Со Законот за установи ќе се обезбеди единствено регулирање на правната положба на установите, статусните прашања, основање, дејност, организација, управување, надзор, престанок на установите и др. Воедно, овој закон е доста значаен бидејќи ги уредува прашањата што се однесуваат на облиците на организирање и вршење на дејностите во областа на образованието, науката, културата, здравството и други дејности од јавен интерес.

Комисијата на текстот на Предлогот на законот за установи предложи амандман. Со амандманот се дава можност за поквалитетно решение при утврдувањето на статусот на јавни установи на ниво на општина, односно на Град Скопје, односно утврдувањето да биде на предлог на посебна Комисија во рамките на надлежното

НАДЛЕЖНОСТИ:

- организацијата, развојот и унапредувањето на културата;
- заштита на природното и културното наследство во Република Македонија;
- збогатување на историското и уметничкото творештво;
- афирмирање и заштита на врвни културни вредности;
- афирмација и заштита на авторството и авторското право;
- дејности за заштита и користење на движно и недвижно културно богатство;
- издавачка дејност и библиотекарство;
- споменично одбележување и заштита на спомениците на културата;
- употреба и заштита на македонскиот јазик;
- информирање, културни и други дејности заради изразување на идентитетот и особеностите на заедниците;
- определување годишнини на настани и личности од посебно значење за државно-правниот развој на Републиката, афирмација на историското и културното наследство и негување на општо цивилизациските вредности;
- начинот и формите на одбележување на значајни настани и личности;
- активностите на посебни одбори формирани за одделни одбележувања и
- други прашања што се однесуваат на културата и одбележувањето годишнини на значајни настани и личности.

министерство, составена од експерти во соодветната дејност.

Комисијата водеше мошне плодна расправа по Законот за работните односи при што се констатира дека има потреба од донесување на овој закон бидејќи со предложените решенија целосно се уредени правата, обврските и одговорностите на работникот и работодавачот од работен однос, а со цел за хармонизирање на постојниот закон со законодавството на Европската Унија. Воедно, решенијата се темелат врз Уставот на Република Македонија, ратификуваните конвенции и меѓународни договори и одделни други законски прописи. Во поглед на содржината на Законот, членовите на Комисијата истакнаа дека со истиот целосно е регулиран договорот за вработување, како основа за настанување на работниот однос, како и минималните права, обврски и одговорности како составен дел на работниот однос.

Комисијата на текстот на Предлогот на законот за работни односи предложи два амандмана.

Комисијата водеше значајна расправа по Предлогот за донесување на Закон за филмски фонд со кој за прв пат се уредува основањето, работата, раководењето, управувањето, финансирањето и други прашања поврзани со работата на Филмскиот фонд. Начелата врз кои се заснова законот се: воспоставување на механизми за квалитетно и континуирано филмско производство, воведување на алтернативни форми на финансирање на филмското производство, деконцен-трација на надлежностите на министе-рот за култура, транспарентност, отчетност и пред се јавност во работе-њето.

Во расправата беше кажано дека филмот претставува легитимација на културата на државата и во таа смисла е потребно унапредување, поттикну-вање, презентирање и грижа за филмското творештво.

По повод донесувањето на законот за ратификација на Конвенцијата за украдените или незаконски извезените културни добра, усвоена на 24 јуни 1995 година во Рим, Италија, Комисијата констатира дека е еден од темелните акти на Меѓународниот институт за унификација на приватното право (УНИДРОИТ). Особено е значајна бидејќи ги прокламира основните принципи за неотуѓеност на културните добра на противправен начин и за неможност да се стекнат права над културните добра по основ на кражби и незаконски извоз. Исто така, Конвен-цијата содржи заеднички правни пра-вила со кои се олеснува процедурата за реституција на дисперзираното културно наследство и норми за заштита на овие добра во интерес на сите.

Значаен дел од активностите на Комисијата за култура се подготовките и изготвувањето на годишни програми за одбележување на значајни настани и истакнати личности. Досега се донесени програмите за 2003, 2004 и 2005 година. Во својата работа, Комисијата остварува соработка со државните органи, јавните

служби, научните институции и здруженијата на граѓани. Со годишните програми се определуваат годишнини на значајни настани и истакнати личности од посебно значење за државно-правниот развој на Република Македонија, афирмацијата на нејзиното историско и културно наследство и негување на општоцивилизациските вредности и државните празници на Републиката утврдени со закон, а коишто ќе се одбележуваат во тековната година.

Комисијата го подготвува Предлогот на Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности во 2006 година.

Во рамките на својата надлежност, а по однос на отворени и тековни прашања, Комисијата донесе заклучок, Министерството за култура да достави информација за состојбите во областа на културата и степенот на реализација на програмите.

Одржани седници		10
Вкупно разгледани точки		15
Измени на Уставот: Предлог кон пристапување за измени на Уставот и текстот на Нацртот на Амандманите од XX до XXXIV на Уставот на РМ		-
Закони по области	политички систем	-
	економски систем	-
	јавни дејности	6
Поднесени амандмани		3
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		2
Други акти (одлуки, декларации, програми)		3
Информации, извештаи		4
Прашања, предлози		-

Комисија за здравство

За овој период Комисијата одржа десет седници, со 11 точки. Има поднесено 5 амандмани.

Комисијата за здравство има особено конструктивни расправи кога се разгледуваат законите од здравствената дејност. Во овој период се разгледувани измените и дополнувањата на Законот за здравствената заштита и Законот за здравственото осигурување. На седниците присуствуваат претставници од Лекарската, Фармацевтската и Стоматолошката комора, од Македонското лекарско друштво, Синдикатот на Клинички центар, како и од Фондот за здравствено осигурување. Соработката со ресорното министерство за здравство продолжува во континуитет.

Комисијата на Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита даде целосна поддршка на започнатите реформи во здравствената дејност како неминовен и континуиран процес на перманентно вклопување на здравствената дејност во современите стручни трендови. Примарна цел на реформите треба да биде унапредувањето на здравјето на граѓаните во рамките на ограничените средства за здравствена заштита.

Во однос на Законот за изменувањето и дополнувањето на Законот за здравственото осигурување, Комисијата констатира дека истиот е во согласност со Акциониот план на Фондот за здравствено осигурување на Македонија што го усвои Владата на Република

НАДЛЕЖНОСТИ:

- здравствената заштита на населението;
- здравственото осигурување;
- заштитата на населението од заразни болести, од штетно влијание на гасовите, јонизирачките зрачења и бучавата, загаденоста на воздухот, водата, земјиштето и животните производи;
- заштита од болестите на зависност и од СИДА;
- хигиенско-епидемиолошката состојба;
-производството, прометот и снабдувањето со лекови, помошните лековити средства и медицинските помагала , медицинска опрема, санитетски уреди и материјали, отрови и опојни дроги;
-санитарниот и здравствениот надзор
-други прашања што се однесуваат на здравството.

Македонија, а во кој се утврдени основните рамки, како и досегашните сознанија од спроведувањето на Законот и активностите кои се преземаат во рамките на реформите на здравствениот сектор. Како приоритетни цели се утврдени: воспоставување на политичка основа за реформите во системот на здравствената заштита; формулирање на Буџет со лимитирани буџети на здравствените установи; подобрување на контролата на буџетското извршу-вање; зајакнување на внатре-шната и надворешната ревизија, активн-остите во врска со набавка на Фондот за здравствено осигурување и раководните структури во Мини-стерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување со цел да се подобри здравствениот систем.

Од особено значење е Законот за установите, за кој Комисијата конста-тира дека ќе овозможи создавање на нормативна рамка за единствено и системско регулирање на прашањата што се однесуваат на основање, организирање, управување, раково-дење, финансирање на установите во областа на образованието, науката, културата, здравството, социјалната заштита и други дејности. Исто така, Комисијата констатира дека се работи за системски закон - lex generalis со кој се уредуваат односите и прашањата во дејностите од јавен интерес.

Значајно е да се напомене расправата по повод донесувањето на Законот за вршење на психолошка дејност. Со овој закон за прв пат нормативно се регулира вршењето на психолошката дејност во целокупниот нејзин диверзитет во областа на медицинската психологија, индустријата, маркетингот, хуманите ресурси, образованието, менаџментот и друго. Регулирањето на оваа материја со закон имплицитно произлегува и од правото на граѓаните да ги добиваат сите видови услуги кои се нудат на пазарот на услуги, а кои произлегуваат од нивните потреби, како и од правото на знаењето, техниките и вештините здобиени во процесот на образованието да се имплементираат на начин уреден со закон.

Во расправата по Законот за работните односи, Комисијата констатира дека се работи за многу значаен закон кој се однесува на пошироката популација. Имено, со овој закон се уредуваат работните односи меѓу работниците и работодавачите со цел за обезбедување посоодветна заштита на интересите на работниците во работниот однос, обезбедување усогласен работен процес, односно воспоставување на заемен интерес на двете договорни страни. Позитивно беше оценето дека Законот се подготвува во рамките на поширокото социјално партнерство во редовна постапка.

Комисијата го разгледа Предлогот на буџетот на Република Македонија за 2005 година, како и Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година, со буџетите за 2005 година

особено на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Согласно со деловничките одредби, Комисијата одржа заедничка седница со Комисијата за труд и социјална политика и Комисијата за образование, наука и спорт со презентација на истражување на тема: " Националните резултати од меѓународната Студија - однесување поврзано со здравјето кај децата од училишна возраста (ХБСЦ) од 2002 година ".

Истражувањето го реализираше Центарот за психосоцијална и кризна акција од Скопје, во соработка со Бирото за развој на образованието на Република Македонија и со поддршка на Светската здравствена организација-Канцеларијата во Скопје. Појдовна основа на Студијата е здравјето гледано како целина, од различни состојби на телото и духот, тесно поврзани со контекстот на живеењето, културата и животниот стил на луѓето. Ваквиот концепт може да се дефинира уште и како "перспектива на социјализацијата" во чии рамки не е само однесувањето поврзано со здравјето, туку и неговите психолошки и социјални детерминанти - семејството, училиштето, заедницата, пријателите и индивидуалните капацитети.

Исто така, пред членови на Комисијата, презентација на истражување за Стигма на тема: "Препознавање на ментални заболувања" имаа: Проф.д-р Гунтер Никлески, директор на Клинички центар во Нирнберг, Германија, Д-р сци. Кнегиња Рихтер од истиот Клинички центар и д-р сци. Дијана Белевска и Владимир Ортаков од Службите за ментално здравје при ЈЗО Психијатриска болница-Скопје. Во натамошните активности ќе следи нормативно регулирање на овој сегмент од здравствената дејност кој како проблем кај населението е во постојан подем.

Комисијата преку свој член од Комисијата партиципира во Националниот Координативен Механизам за ХИВ/СИДА и туберкулоза.

По прашања од областа на здравството, членови на Комисијата за здравство присуствуваа на меѓународни средби на пример во Малезија (13-15 декември 2004).

Одржани седници		10
Вкупно разгледани точки		11
Измени на Уставот: Предлог кон пристапување за измени на Уставот и текстот на Нацртот на Амандманите од XX до XXXIV на Уставот на РМ		-
Закони по области	политички систем	-
	економски систем	-
	јавни дејности	5
Поднесени амандмани		5
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		2
Други акти (одлуки, декларации, програми)		4
Информации, извештаи		-
Прашања, предлози		-

Комисија за труд и социјална политика

Во извештајниот период од 1 ноември 2004 до 31 октомври 2005 година, одржани се четири седници на Комисијата за труд и социјална политика.

Осмата седница е одржана на 3 јуни 2005 година, деветтата седница на 12 јули 2005 година, десеттата седница на 18 јули 2005 година а единаесеттата седница на 21 јули 2005 година.

Седниците на Комисијата беа свикувани по овластување на претседателот на Собранието на Република Македонија д-р Љупчо Јордановски.

Имено, согласно со членот 116 став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија со седниците раководеше и претседаваше пратеникот во Собранието на Република Македонија, членот на Комисијата за труд и социјална политика госпоѓа Марија Којзеклиска. Ова со оглед на фактот дека пратениците од пратеничката гурпа на ДПА се изјасниле дека нема да учествуваат во натамошната работа на Собранието на Република Македонија, а претседател и заменик претседател на Комисијата за труд и социјална политика се пратениците од ДПА господинот Илијаз Халими и господинот Ружди Матоши.

На осмата седница од 3 јуни 2005 година Комисијата го разгледа и усвои

- Предлогот за донесување на закон за работните односи.

По текстот на Законот, членовите на Комисијата за труд и социјална политика констатираа дека Предлогот за

НАДЛЕЖНОСТИ:

- работните односи и за заштитата на работниците на работа;
- правото на штрајк;
- вработување и права во случај на невработеност;;
- заштита на жената на работа и заштита на мајчинството;
- платите и животниот стандард;
- социјалната политика и социјалната сигурност на граѓаните;
- системот, организацијата, развојот и унапредувањето на социјалната заштита и заштитата на децата;
- популационата политика, бракот и семејството;
- системот на пензиското и инвалидското осигурување;
- боречко-инвалидската заштита и заштитата на воените инвалиди и лицата прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и
- други прашања што се однесуваат на трудот и социјалната политика.

донесување на законот за работните односи дава нова квалитативна основа за допрецизирање на односите меѓу работниците и работодавачите.

Во предложените решенија се имаа предвид соодветните меѓународни конвенции, директиви на Европската унија од областа на работното законодавство. Со тоа се смета дека ќе се овозможи создавање на поповолни услови како за работниците, така и за работодавачите во насока на подинамичен економски развој. Воедно, ќе се овозможи попрецизно дефинирање на односите меѓу трудот и капиталот, меѓу вработените и работодавачите како во индивидуалните, така и во колективните односи.

На деветтата седница на Комисијата за труд и социјална политика, одржана на 12 јули 2005 година го разгледа:

-Предлогот на закон за работните односи.

По Предлогот на законот за работните односи, Комисијата за труд и социјална политика предложи три амандмана.

На десетата седница на Комисијата за труд и социјална политика, одржана на 18 јули 2005 година, Комисијата ги разгледа:

Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, со Предлог на закон и

Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица, со Предлог на закон.

По текстот на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, со Предлог на закон, Комисијата не предложи амандмани.

Врз основа на расправата на текстот на Предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица, со Предлог на закон, Комисијата за труд и социјална политика предложи четири амандмана.

На единаесетата седница одржана на 21 јули 2005 година, Комисијата го разгледа:

- Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година со буџетите за 2005 година на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Фондот за магистрални и регионални патишта и Агенција за вработување на Република Македонија, а предложениот Предлог за донесување на законот за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување со Предлог на закон, поднесен од група пратеници бидејќи не беше присутен претставник на предлагачот и немаше мислење од Владата на Република Македонија Комисијата за труд и социјална политика не го разгледа.

Истовремено Комисијата за труд и социјална политика на 28 септември 2005 година имаше средба со Н.Е. господинот Владимир Шпидла, комесар за вработување, социјални прашања и

еднакви можности на Европската комисија по повод одржувањето на Конференцијата "Јакнење на социјалниот дијалог во земјите на Западен Балкан".

Одржани седници		4
Вкупно разгледани точки		5
Измени на Уставот: Предлог кон пристапување за измени на Уставот и текстот на Нацртот на Амандманите од XX до XXXIV на Уставот на РМ		-
Закони по области	политички систем	-
	економски систем	-
	јавни дејности	4
Поднесени амандмани		7
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		1
Други акти (одлуки, декларации, програми)		-
Информации, извештаи		-
Прашања, предлози		-

Комисија за деловнички и мандатно-имунитетни прашања

НАДЛЕЖНОСТИ:

- спроведување на Деловникот на Собранието и на деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорни прашања;
- иницијативи за изменување на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела;
- предлагање на донесување, односно изменување и дополнување на Деловникот на Собранието;
- извештаите на Државната изборна комисија за пратеници од листата на кандидати кои станале пратеници за остатокот од мандатот;
- основите за престанок и одземање на мандатот на пратеник и за тоа на Собранието му поднесува извештај;
- имунитетот на пратениците, судиите ијавниот обвинител и неговите заменици и
- други прашања во врска со Деловникот и мандатно-имунитетните права.

Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија во последнава измината година односно во периодот од ноември 2004 до октомври 2005 година, одржана шест седници, со вкупно 6 точки на дневен ред.

Комисијата во рамките на својата надлежност и ингеренции кои произлегуваат од Деловникот на Собранието и Одлуката за основање на работни тела, својата активност ја остварува преку одржување на седници на кои расправа по прашањата кои се однесуваат на спроведувањето на Деловникот на Собранието и деловниците на работните тела и дава мислење за разрешување на спорните прашања.

Во овој дел примарно е значајна улогата и позицијата на претседателот на Комисијата кој се грижеше за примената на Деловникот и во давањето појаснување во врска со неговата примена.

Во овој контекс, на својата деветнаесетта седница, Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија, го разгледа барањето за давање мислење во врска со примената на членовите 64 и 107 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, поднесено од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Од наведените одредби се поставува прашањето дали претседателот на Собранието може да свика седница за избор на Влада во рок пократок од

десет дена од приемот на предлог програмата.

Во врска со членот 105 од Деловникот на Собранието, каде е утврдено дека "Собранието избира Влада на начин и според постапка утврдена со Уставот и со овој деловник", Комисијата констатира дека свикување на итна седница за избор на Влада, не е во спротивност со одредбите од Уставот на Република Македонија членовите 88, 89 и 90, кадешто е регулирана постапката за избор на Влада и дека нигде не стои дека седницата за избор на Влада треба да се одржи десет дена по доставување на предлогот во Собранието.

Во Деловникот на Собранието, во глава V Седница на Собранието, во точка 1 Свикување на седница и предлагање на дневен ред, каде што спаѓа и членот 64 кои се однесува генерално за сите седници како што е насловено во главата V. Тоа значи дека не се ограничува за кои прашања и за каков тип на седници може да се примени членот 64, што значи не е ограничено, итна седница во пократок рок од десет дена да може да се закаже и за избор на Влада.

Врз основа на расправата Комисијата заклучи дека претседателот на Собранието може да свика седница за избор на Влада во рок пократок од десет дена од приемот на предлогот и програмата.

Исто така, во овој период Комисијата за деловнички и мандатно - имунитетни прашања, разгледа пет Извештаи на Државната изборна комисија за преземените работи согласно со членот 102 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија. Разгледувајќи ги извештаите Комисијата констатира дека се исполнети условите за примена на членот 102 став 1 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија и дека нема основа за оспорување на верификацијата на мандатот на пратениците.

Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија, согласно со членот 16 од Деловник на Собранието на Република Македонија, поднесе извештаи до Собранието на Република Македонија со предлог за верификација на мандатите на избраните пратеници од листата на кандидати за остатокот од мандатот.

Собранието на Република Македонија, врз основа на извештаите на Комисијата, ги верифицира мандатите на избраните пратеници од листата на кандидати за остатокот од мандатот:

БОРКО АНЃЕЛКОСКИ, од СДСМ - коалиција во Изборната единица број 1.

СЕЛВИЈЕ САЛИУ, од ДУИ во Изборната единица број 6

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ од ВМРО-ДПМНЕ коалиција од Изборна единица број 2,

ДОБРЕ КЕКОВСКИ од СДСМ - коалиција во Изборната единица број 4,

МИЛКА МИТКОВСКА, од ВМРО-ДПМНЕ коалиција од Изборна единица број 3,

ТОМА ГЛИГОРИЈЕВСКИ, од СДСМ - коалиција во Изборната единица број 2,

СЕМИЈАЛ ХАСАНИ, од ДУИ во Изборната единица број 2,

АЦО СПАСЕВСКИ, од СДСМ - коалиција во Изборната единица број 1 и

САШО БОГДАНОСКИ, од ВМРО-ДПМНЕ коалиција од Изборна единица број 4.

Одржани седници		6
Вкупно разгледани точки		6
Измени на Уставот: Предлог кон пристапување за измени на Уставот и текстот на Нацртот на Амандманите од XX до XXXIV на Уставот на РМ		-
Закони по области	политички систем	-
	економски систем	-
	јавни дејности	-
Поднесени амандмани		-
Буџет, ребаланс, завршна с-ка		-
Други акти (одлуки, декларации, програми)		5
Информации, извештаи		-
Прашања, предлози		1
Барање за давање мислење за примена на деловникот		1
Верификација на мандат		5

Комисија за	Одржани седници	Вкупно разгледани точки	Измени на Уставот	Закони по области			Поднесени амандмани	Буџет, ребаланс, завршна с-ка	Други акти (одлуки, декларации, програми)	Информации, извештаи	Прашања предлози
				Политички систем	Економски систем	Јавни дејности					
уставни прашања	2	2	2	-	-	-	-	-	-	-	-
Законодавно-правна комисија	23	183	2	63	68	38	552	2	10	-	-
одбрана и безбедност	9	14	-	7	3	-	18	1	-	2	1
политички систем и односи меѓу заедниците	21	45	1	30	1	2	13	1	3	7	-
надворешна политика	15	31	-	12	8	11	-	-	-	-	-
европски прашања	12	23	-	5	7	-	-	1	1	7	2
прашања на изборите и именувањата	14	48	-	-	-	-	-	-	48	-	-
Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот	4	16	-	5	-	1	-	-	6	4	-
надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-	-
финансирање и буџет	15	53	-	-	43	-	9	3	3	4	-
економски прашања	9	18	-	-	14	-	2	2	2	-	-
земјоделство,шумарство и водостопанство	9	21	-	-	9	-	4	2	-	7	3
транспорт, врски и екологоја	10	29	-	-	24	-	46	-	2	3	-
наука, образование и спорт	17	32	-	3	-	15	25	2	3	9	-
култура	10	15	-	-	-	6	3	2	3	4	-
здравство	10	11	-	-	-	5	5	2	4	-	-
труд и социјална политика	4	5	-	-	-	4	7	1	-	-	-
деловнички и мандатно-имунитетни прашања	6	6	-	-	-	-	-	-	5	-	1
Вкупно:	**190**	**552**	**5**	**125**	**177**	**82**	**684**	**19**	**90**	**47**	**7**

3.2. КОМИТЕТ ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

НАДЛЕЖНОСТИ;

Комитетот разгледува прашања од односите меѓу заедниците во Републиката , а особено:
-го следи обезбедувањето на правата на припадниците на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката утврдени со Уставот и закони;
-разгледува начелни прашања од областа на односите меѓу заедниците и извршувањето на законите и другите прописи и општи акти од оваа област;
-укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредуваат односите меѓу заедниците;
-разгледува предлози на закони и на други прописи и општи акти што ги донесува Собранието од областа на односите меѓу заедниците;
-остварувањето на правото на употреба на јазикот и писмото на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката, утврдено со Уставот и закон;
-остварувањето на правото на настава на јазикот на заедниците кои не се во мнозинство во Републиката во областа на образованието, утврдено со Уставот и закон и остварувањето на правото на изразување на идентитетот и особеностите на заедниците кои не се мнозинство во Републиката во областа на културата, информирањето, издавачката дејност и во други области, утврдено со Уставот и закон.

Согласно со Амандманот XII на Уставот на Република Македонија , Собранието на Република Македонија основа Комитет за односи меѓу заедниците. Со овој амандман престана постоењето на дотогашниот Совет за меѓунационални односи кој разгледуваше прашања од меѓунационалните односи во Републиката . Комитетот го сочинуваат 19 члена од кои седум члена се од редот на пратениците во Собранието Македонци и Албанци и по еден член од редот на пратениците Турци, Власи, Роми, Срби и Бошњаци. Собранието ги избира членовите на Комитетот. Во овој извештаен период се изврши една персонална промена во составот на Комитетот од редовите на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, заради изборот на член на Комитетот за градоначалник.

Комитетот разгледува прашања од односите меѓу заедниците во Републиката и дава мислења и предлози за нивно решавање. Собранието е должно да ги разгледува мислењата и предлозите на Комитетот и да донесе одлука во врска со нив. Во случај на спор во врска со спроведување на постапката за гласање во Собранието, утврдена во членот 69 став 2 на Уставот на РМ, Комитетот одлучува, со мнозинство гласови од членовите, за тоа дали ќе се спроведе постапката. Обемот на работата на Комитетот произлегува од неговата специфична надлежност утврдена со Одлуката за основање на Комитетот за односи меѓу заедниците ("Службен весник на РМ"бр. 85/2005).

Комитетот за односи меѓу заедниците во овој период одржа пет седници на вкупно девет средби, со оглед на фактот дека заради сериозноста на дневните редови, секоја седница имаше по неколку продолженија.

За одбележување е осмата седница одржана во февруари 2005 година, кога Комитетот ја донесе Програмата за работа на Комитетот за 2005 година. Во Програмата се внесени сите предлози и барања од членовите на Комитетот и е предвидена расправа по 13 теми со однапред определени термини за нивно разгледување. Во функција на реализација на Програмата досега е водено расправа по неколку информации. Во таа смисла значајна е деветтата седница одржана во мај и јули оваа година со вкупно три продолженија на која се разгледуваше Годишниот извештај за работа на Народниот правобранител во 2004 година и Стратегијата за Ромите во Република Македонија. По расправата по извештајот и стратегијата, Комитетот донесе Мислења кои ги достави до Собранието на Република Македонија. Мислењето на Комитетот по Стратегијата за Ромите во Република Македонија беше на дневен ред на седница на Собранието на РМ и по претресот по мислењето, Собранието усвои заклучок за поддршка на Мислењето на Комитетот и предлозите содржани во него. Овој заклучок заедно со мислењето на Комитетот и прелозите содржани во него, Собранието ги достави до Владата на Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика и до Министерството за финансии.

Како дел од Програмата за работа на Комитетот, на својата десетта седница одржана на две средби во јуни 2005 г. Комитетот го разгледуваше Предлогот за донесување на законот за употребата на знамињата на заедниците во Република Македонија, со Предлог на закон. Комитетот по расправата по овој закон донесе Мислење и му го достави на Собранието.

На единаесеттата седница на Комитетот одржана на 25 октомври 2005 година требаше да се расправа за Информацијата од Министерството за внатрешни работи за остварување на правото на државјанство преку спроведување на Законот за државјанството на Република Македонија со согледување за евентуални појави и пречки во неговото спроведување, меѓутоа Комитетот заклучи да ја одложи расправата по Информацијата со цел Министерството за внатрешни работи да ја дополни наведената Информација со одделни податоци и показатали согласно со делокругот на Комитетот.

Седниците на Комитетот константно се одржуваат во Сала 2 во зградата на Собранието со задолжително стенографирање во текот на седниците, како и симултан превод од албански на македонски јазик.

Динамиката на разгледување на одделни теми од Програмата зависи исклучиво од Владата и надлежните министерства во смисла на тоа кога ќе бидат изготвени и доставени бараните информации.

4. ПРЕТСЕДАТЕЛ И ПОТПРЕТСЕДАТЕЛИ

4.1. ПРЕТСЕДАТЕЛ

Преглед на надворешно-политички билатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија

(1 ноември 2004 - 31 октомври 2005)

Средба со амбасадорот на Република Словенија, **Марјан Шифтар** (4 октомври 2004);
Средба со министерот за национално образование на Република Турција, **Хусеин Челик** (6 октомври 2004);

Средба со министерот за надворешни работи на Украина, **Костјантин Гришченко** (20 октомври 2004);

Разговори со парламентарна делегација од белгискиот парламент, предводена од **Херман Де Кро**, претседател на Претставничкиот дом на Кралството Белгија (2-3 ноември 2004);

Разговори со делегација на Комисијата за надворешни работи на Обединетото Кралство, предводена од **Доналд Андерсон** (11 ноември 2004);

Средба со амбасадорот на Израел, г-ѓа **Јафа Бен-Ари** (15 ноември 2004);

Средба со амбасадорот на Чешка Република г**. Иван Јастраб** (26 ноември 2004 г.);

Средба со амбасадорот на Јапонија, г. **Итару Умезу** (26 ноември 2004 г.);

Средба со амбасадорот на Израел, г-ѓа **Ирит Витале Бен-Аба** (26 ноември 2004 г.);

Средба со амбасадорот на Руската Федерација, г. **Агарон Асатур** (02 декември 2004 г.);

Средба со амбасадорот на Швајцарската Конфедерација, **г. Томас Фуглистер** (02 декември 2004 г.);

Средба со амбасадорот на Кралството Норвешка, **г. Карл Вибие** (02 декември 2004 г.);

Средба со амбасадорот на Ирска, г. **Деклан Коноли** (07 декември 2004 г.);

Разговори со министерот за надворешни работи на Руската Федерација, г. **Сергеј Лавров** (08 декември 2004 г.);

Средба со амбасадорот на Италија, г. **Џорџо Марини** (13 декември 2004 г.);

Претседателот на Собранието на Република Македонија д-р Љупчо Јордановски извршувајќи ја оваа функција во периодот октомври 2004 година, октомври 2005 година продолжи своето примарно внимание да го насочува кон тоа, Собранието успешно и најефикасно да ја остварува својата основна функција на носител на законодавната власт на Република Македонија.

Во тој поглед заклучно со месец октомври 2005 година, во тековниот мандат на овој собраниски состав одржани се вкупно 112 седница, од тоа седумдесет и една ги свикал а на седумдесет им претседавал д-р Љупчо Јордановски, по неговиот избор за претседател на Собранието, на 18 ноември 2003 година.

Исто така, значајно е да се истакне дека Собранието на Република Македонија во последнава измината година од своето работење покажа завидна ефикасност и од вкупно 31 седница свикана и одржана во периодот октомври 2004-2005 година, недовршени се само пет седници на Собранието.

Грижејќи се за примената на Деловникот и во давањето

Средба со амбасадорот на Киргистан, г. **Аманбек Карипкулов** (14 декември 2004 г.);

Средба со амбасадорот на НР Кина, г. **Џанг Ваншиуе** (23 декември 2004 г);

Средба со амбасадор на СЦГ, г-ѓа **Бисерка Матиќ-Спасојевиќ** (14 јануари 2005 г.);

Средба со амбасадорот на Велика Британија, г. **Роберт Четертон Диксон** (14 јануари 2005 г.);

Официјална посета на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, остварена на покана на претседателот на британскиот Парламент, **сер Мајкл Мартин** (16-19 јануари 2005 г.);

Средба со амбасадорот на Кралството Холандија, г-ѓа **Фредерике Де Ман** (21 јануари 2005 г.);

Средба со амбасадорот на Украина, г**. Олексиј Шофкопљас** (24 јануари 2005 г.);

Официјално присуство на инаугурацијата на новиот претседател на Украина, **г. Виктор Јушченко** (22 февруари 2005 г.);
Разговори со делегација од **Конгресот на САД** (23 февруари 2005);

Средба со претседателот на Народното Собрание на Република Србија, **г. Предраг Марковиќ** (03.03 2005 г.);

Средба со амбасадорот на Република Хрватска, г. **Александар Милошевиќ** (4 март 2005 г.);

Официјална посета на Република Хрватска, реализирана на покана од претседателот на Хрватскиот сабор, **г. Владимир Шекс** (6-8 март 2005 г.)

Средба со амбасадорот на САД, г. **Лоренс Батлер** (9 март 2005 г.);

Средба со шефот на Групата за односи со Балканот на Парламентот на Кралството Норвешка, г. **Хакон Бланкенборг** (10 март 2005 г.);

Средба со амбасадорот на Руската Федерација, г. **Агарон Асатур** (10 март 2005 г.);

Протоколарен прием на новонаименуваните амбасадори на Кувајт, г. **Абдула Абдулазиз Ал-Дуваик**, на Естонија, г. **Аиво Орав** и на Португалија во РМ, г. **Пауло Тиаго Фернандес жеронимо да Силва** (22 март 2005 г.);

Средба со претседателот на Комитетот за меѓународни односи на Државната дума на Руската федерација, г. **Константин Јосифович Косачов** (25 март 2005 г.);

појаснување во врска со неговата примена, претседателот е еден од главните иницијатори за отпочнување на постапката за компаративни согледувања а потоа и изготвување на нов деловник, со кој ќе се зголеми ефикасноста во работењето на Собранието.

Во остварувањето на неговите бројни со Устав и со Деловникот утврдени надлежности како позначајни можат да се истакнат:

- константната потреба за испитувањето и оценувањето на уредноста за предлозите за донесување на закони и за распишување на референдум, како и планирањето на динамиката на седниците на Собранието според значењето, природата и времето на поднесувањето на предлозите на акти и други материјали;
- Тој се грижеше за усогласување на активностите на Собранието со претседателот на Републиката и со Владата;
- Продолжи праксата за соработка со координаторите на пратеничките групи по прашања за унапредување и поефикасно работење на Собранието;
- Се грижеше за остварувањето на правата на пратениците и за обезбедување услови за нивната работа;
- Претседателот прифаќаше бројни покровителства од

Куртоазни средби со новонаименуваните амбасадори на Кралството Шпанија, Република Ангола и на Република Кореја, **г. Фернандо Ариас Гонзалес**, **г. Филип Филберто Монибамбу** и **г. Ким Ха Донг** (25.03 2005 г.);

Официјална посета на Република Естонија, остварена на покана на претседателката на естонскиот парламент, **г-ѓа Ене Ергма** (10-14 април 2005);

Средба со премиерот на Босна и Херцеговина, **г. Аднан Терзиќ** (20.04 2005 г.);

Средба со бугарскиот амбасадор, **г. Александер Јорданов** (21. 04 2005 г.);

Разговор со министерот за надворешни работи на Заедницата Србија и Црна Гора, **г. Вук Драшковиќ** (22.04 2005 г.);

Присуство на свечената инаугурација на папата Бенедикт 16-ти во Ватикан (24. 04 2005 г.);

Средба со претседателот на Државниот збор на Република Словенија, **г. Франце Цукјати** (28.04 2005 г.);

Средба со **г. Силвано Хрељa**, претседател на Интерпарламентарната група на Хрватскиот сабор за соработка со Р. Македонија(13.06 2005);

Средба со амбасадорот на Кралството Белгија, **г. Филип Беке** (15.06 2005 г.);

Средба со амбасадорот на Австралија, **г. Џон Оливер** (20.06 2005 г.);

Средба со амбасадорот на Украина, **г. Олексиј Шовкопљас** (4.07 2005 г.);

Средба со амбасадорката на Кралството Холандија, **г-ѓа Фредерика де Ман** (6.07 2005 г.);

Средба со **г-ѓа Медлин Олбрајт**, претседател на Националниот Демократски Институт и поранешен државен секретар на САД (7.07 2005 г.);

Средба со претседателот на Меѓународниот фонд за единство на православните народи, **д-р Валериј Алексеев** (11.07 2005);

Средба со претседателот на Комисијата за одбрана и безбедност на Парламентарното Собрание на Босна и Херцеговина, **г. Бошко Шољеговиќ** (13.07 2005 г.);

Средба со кинескиот амбасадор, **г. Џанг Вангшуе** (14.07 2005г);

Средба со бугарскиот амбассадор, **г. Александер Јорданов** (21.07 2005 г.);

Средба со амбасадорката на Србија и Црна Гора, страна на Собранието за одделни прослави и на настани од значење за Републиката и определуваше претставници на Собранието на тие прослави, како и претставници на Собранието за други настани во земјата и во странство.

- Со нагласен интерес и интензитет претседателот ја следеше работата на Службата на Собранието и се грижеше за унапредување на нејзината работа и за создавање услови за нејзино современо и ефикасно работење особено со подоследното и ефикасно работење на современите информатички средства за што се користени искуствата од повеќе држави, а особено Естонскиот.
- Собранието на Република Македонија, покрај неговата превасходна законодавна функција продолжи да биде и значаен субјект и партиципиент во остварување на интересите на нашата држава во надворешната политика и односите со странство на билатерален и мултилатерален план.
- Претседателот на Собранието во изминатите години остваруваше извонредно динамична меѓународната соработка со парламентарните, дипломатско-конзуларните и други претставници на странски

г-ѓа Бисерка Матиќ (25.07 2005 г.);

Средба со **Луј Темелковски**, пратеник во Канадскиот парламент (29.07 2005 г.);

Протоколарна средба со новонаименуваните амбасадори на СР Германија, **г. Ралф Андреас Брет**, на ДНР Кореја, **г. Јо Сунг Јо**, на Пакистан, **г. Сиед Хусаин Шах** и на Словачка, **г. Игор Фурдик** (30.08 2005 г.);

Средба со амбасадорката на Република Грција, **г-ѓа Теодора Гросоманиду** (31.08 2005 г.);

Куртоазни средби со новонаименуваните амбасадори на СР Виетнам, **г. Пам Кок Бао**, на Србија и Црна Гора, **г. Зоран Поповиќ** и на Бугарија**, г. Михо Михов** (1.09 2005 г.);

Средба со израелски парламентарец, **г. Јозеф Лапид** (1.09 2005 г.);

Средба со украинскиот амбассадор, **г. Олексиј Шовкопљас** (15.09 2005 г.);

Средба со германскиот амбасадор, **г. Ралф Брет** (15.09 2005г);

Средба со новонаименуваниот амбассадор на САД, **г-ѓа Џилијан Миловановиќ** (16.09 2005 г.);

Разговор со **г. Јари Вилен**, претседател на Комисијата за европски прашања на финскиот парламент (22.09 2005 г.);

Официјална посета на Република Италија реализирана на покана на претседателот на Претставничкиот дом на италијанскиот Парламент, **г. Пјер Фердинандо Казини** (5.10 2005 г.);

Средба со амбасадорот на Република Хрватска, **г. Александар Милошевиќ** (21.10 2005 г.);

Разговори со претседателот на владата на Република Албанија, **г. Сали Бериша** (21.10 2005 г.);

Средба со кинеска делегација предводена од потпретседателот на Постојаниот комитет на Народниот конгрес на провинцијата Сичуан, НР Кина, **г. Шу Ши Чун** (24.10 2005 г.);

Средба со **г. Павел Свобода**, претседавач на Комисијата за европски прашања на Парламентот на Чешката Република (26.10 2005 г.);

Официјална посета на Србија и Црна Гора, реализирана на покана од претседателот на Народното Собрание на Република Србија, **г. Предраг Марковиќ** (27-28. 10 2005 г.);

држави, на меѓународни организации, како и со други видни странски личност.

- Претседателот заедно со потпретседателите одлучуваше за прием на делегации на парламенти на други држави и на претставници на други органи и организации од странство и за испраќање постојани и повремени делегации во странство и ги координираше активностите на Собранието, на работните тела, како и на делегациите, пратеничките групи за соработка со други парламенти, мешовити работни групи и пратениците во остварувањето на меѓународната соработка.

Во делот на меѓународната соработка што ја оствари претседателот во изминатиот период може да зборуваме за извонредно голем број средби и контакти, за кои краток осврт и преглед се дава во извештајот.

Преглед на надворешно-политичките мултилатерални активности на претседателот на Собранието на Република Македонија

Средба со претседателот на Европската комисија, **г. Романо Проди** при посетата по повод предавањето на прашалникот (1 октомври 2004 г);

Средба со г,**Микел Салин**, специјален претставник на ЕУ во РМ (8 октомври 2004);

Средба со г. **Стефан Лене**, директор на Генералниот директорат на Совет на Европската унија (15 октомври 2004 г);

Средба со г.**Тами Еванс**, политички советник на Генералштабот на НАТО во Скопје (4 ноември 2004);

Средба со г,**Микел Салин**, специјален претставник на ЕУ во РМ (19 ноември 2004);

Средба со **г-ѓа Жозет Дирје** претседател на Мониторинг комисијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа (26 ноември 2004 г.);

Средба со **Алфонс Шопс**, директор за Европа на Фондација на државните легислативни лидери (29 ноември 2004);

Средба со амбасадорот **Донато Кјарини** шеф на Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија (10 декември 2004 г);

Средба со специјалниот претставник на Европската унија **Микел Салин** (11.јануари 2005);

Средба со амбасадорот **Донато Кјарини** шеф на Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија (7 февруари 2005 г.);

Средба со директорот на Центар за демократска контрола на вооружените сили - Женева (ДЦАФ), д-р **Теодор Винклер** и амбасадорот, г. **Грегор Зоре** (24 февруари 2005 г.);

Учество на **Годишно собрание на Фондацијата на државните легислативни лидери**, Минхен, Германија (25-27 февруари 2005);

Средба со директорот во Националниот демократски институт (НДИ), г. **Скот Хејслет** (4 март 2005 г.);
Средба со делегацијата на **Ромското лоби во Европскиот парламент** (4 март 2005 г.);

Средба со **Делегацијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа**, предводена од известител за Македонија на Политичката комисија, италијанскиот пратеник Џерардо Бјанко (24 и 25 март 2005 г.);

Учество и обраќање на **112-тто Собрание на ИПУ,** Манила, Филипини (3-8 април 2005 г.);

Учество и обраќање на **Меѓународната парламентарна конференција во Санкт Петерсбург** за одбележување на 60-ет годишнината од победата на антихитлеровската коалиција во втората светска војна (14 и 15 април 2005 г.);

Средба со **Делегација на подкомитетот за идните безбедносни и одбранбени способноисти на Парламентарното собрание на НАТО**, предводена од претседателот Вахид Ердем (18 април 2005 г);

Средба со амбасадорот **Донато Кјарини** шеф на Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија (29 април 2005 г.);

Средба со **Делегација на Пактот за стабилност во ЈИЕ** Соња Локар и Петра Блејз (29 мај 2005 г);

Учество и обраќање на **Втората средба на претседателите на парламентите на Цетињскиот парламентарен форум**, Цетиње, Црна гора (30-31 мај 2005 г.);

Обраќање на средбата на **Енергетската заедница за Југоисточна Европа** (6 јуни 2005 г.)

Учество и обраќање на **4-тта средба на претседателите на парламентите на Регионалниот парламентарен форум**, Блед Словенија (10-11 јуни 2005 г.); билатерални средби со претседателот на Парламентот на Република Словенија Франце Цукијати и со претседателот на Парламенот на Република Австрија Андреас Кол;

Средба со претставникот на УНИЦЕФ, г-ѓа **Хонгвеј Гао (**17 јуни 2005 г);

Средба со **представниците на УСАИД/МАЦЕДОНИА** (20 јуни 2005 г);

Средби со **Делегацијата на службите на Конгресот на САД** во врска со Проектот на Конгресот за демократска подршка (27јуни и 1 јули 2005 г);

Учество на **Четвртиот трансатлантски форум на Фондацијата на државните легислативни лидери**, Стокхолм, Шведска (25-28 август 2005 г.);

Учество и обраќање на **Втората светска конференција на претседатели на Парламенти,** Њујорк, САД (6-9 септември 2005 г.); во рамките на 57- заседание наа Невладините организации при Обединетите нации учество на Тркалезаната маса насловена "Визија за создавање безбеден свет"; официјални билатерални средби со претседатлите на Шпанскиот Сенат Хаввиер Рохо, Парламентот на Канада Питер Миликен, и заменик на претседателот на Парламентот на Индија Карнџит Синг Атвал и присуство на 31-от Црковно-народен собир на Американско-Канадската Епархија, Детроит;

Обраќање на **Семинарот во рамките на твининг програмаата со Словенија** "Собрание на Република Македонија на патот кон ЕУ преку искуството на Република Словенија" (19 септември 2005 г.);

Средба со директорот на Мисијата за Македонија на **УСАИД Дирк Голдман** (29 септември 2005 г.);

Обраќање на **Конференцијата - Вилтон парк** "Подготовките на ЈИЕ за пристапување на ЕУ" (29 септември 2005 г);

Средба со комесарот за вработување, социјални прашања и еднакви можности на Европската комисија **Владимир Шпидла** по повод одржувањето на Конференцијата "Јакнење на социјалниот дијалог во земјите на Западниот Балкан" (7 октомври 2004 г.);

Средба со вишиот советник на УСАИД за демократија и локална самоуправа **Кети Стирмер** (10 октомври 2005 г.);
Средба со специјалниот претставник на Европската унија **Микел Салин** (6. октомври 2005);

Средба со амбасадорот **Францеско Басконе**, шеф на постојаната мисија на Италија во седиштето на ОБСЕ во Виена, (13 октомври 2005 г);

Средба со државниот секретар во Канцеларијата за европски прашања во Владата на Република Словенија **Марсел Копрол** (13 октомври 2005 г.);

Обраќање по повод **60-тта годишнина на Обединетите нации** (24 октомври 2005 г);

Учество на **113-тто Собрание на ИПУ во Женева**, Швајцарија (16-20 октомври 2005 г.) при што се остварени и билатерални средби со претседателот на Парламентот на Малта Табоне,

г. Слободан Најдовски

Средби со странски делегации во Скопје

- Експертска работна група од Националната ревизорска институција на Кралството Холандија,Холандски суд за ревизија, предводена од членот на Бордот на Холандскиот суд за ревизија г-дин Герет де Јонг (10.03.2005)

- Делегација на Република Романија од збратимениот град Крајова со градот Скопје предводена од г-дин Корнелју Чонту,потпретседател на Кармата на пратениците на Парламентот на Романија и г-дин Георге Неделеску заменик градоначалник на градот Крајова (30.03 2005 година)

- Делегација на Занаетчиската комора " Кобленц" од Република Германија предводена од кординаторот за Југоисточна Европа д-р Евелина Парванова (Скопје20.05.2005)

- Делегација на интерпарламентарната група на Хрватскиот сабор за пријателство со Собранието на република Македонија (Скопје 15.06.2005)

- Парламентарна делегација од Босна и Херцеговина (Скопје 13.07.2005)

Средби со амбасадори и други дипломатски преставници

- претседател на Собранието на Република Србија г-дин Предраг Марковиќ (02.03.2005)

- министер/советник во Амбасадата на Србија и Црна Гора г-дин Будимир Шчепановиќ (05.04.2005)

- заменик претседател на израелскиот Кнесет и претседател на израелско-македонската парламентарна група за пријателство г-ѓа Ети Ливни (05.04.2005)

- средба со парламентарни и невладини делегати од Црна Гора и Косово (30.05.2005)

- Средба со директорот на канцеларијата на Светска банка во Скопје г-ѓа Сандра Блуменкам (13.09.2005)

Учество на конференции

- Одбележување на годишнината од трагичната смрт на Претседателот Борис Трајковски (Мостар 25.02.2005)

- Регионален Состанок посветен на антикорупциските служби на Совет на Европа во соработка со Државната комисија за спречување на корупцијата (Скопје 31.03-01.04.2005)

- Конференција за оценка на имплементираноста на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата (Охрид 29.06.2005)

- Меѓународен Монетарен фонд-

Макроекономска политика за парламентарци од Босна и Херцеговина, Хрватска, Македонија, Србија и Црна Гора (Виена- Аустрија 19-23.09.2005)

- Национална стратегија за развој на информатичкото општество (Скопје 28.09.2005).

г. Г´зим Острени

Средби со странски делегации во Скопје

- Средба со претставници на НАТО (27.01.2005)
- Средба со претставници на Австриска амбасада (28.01.2005)
- Средба со шефот на мисијата ОБСЕ Џулијан Билл Јејтс (09.02.2005)
- Средба со заменик генерален секретар на НАТО Палтен (02.03.2005)
- Средба со Себастијан Дворжак и Четил Исане од Европска Унија (21.03.2005)
- Официјална посета на Франце Цукијати, претседател на Државниот збор на Република Словенија (28.04.2005)

Средби со амбасадори и други дипломатски претсавници

- Средба со амбасадорот на ЕУ, Мајкл Салин (18.02.2005)
- Покана од амбасадорот на Република Бугарија (03.03.2005)
- Еврејска заедница во Македонија поканува на Комеморативна средба по повод 62 години од холокаустот на македонски Евреи (17.03.2005)
- Средба со Глен Кели од НАТО (17.03.2005)
- Национален ден на Грција , коктел (25.03.2005)
- Покана од Бугарска Амбасада (26.04.2005)
- Покана од Холандска амбасада, национален ден (28.04.2005)
- Средба со амбасадорот на Албанија (05.05.2005)
- Покана од амбасадорот на Европска Комисија, Донато Киарини (08.05.2005)
- Покана од амбасадорот на Руската Федерација (09.05.2005)

Учество на конференции

- Во чест на 118 години од отварање на првото школо на албански јазик, претседателството на учители организира трибина (04.03.2005)
- Покана од Г-дин Фроде Мауринг на церемонија (04.03.2005)
- Свечена Академија, покана од претседателот на црвениот крст на Р. Македонија Јован Дамјановски (17.03.2005)
- Покана за Свечена Академија од Европското движење на Р. Македонија (08.05.2005).

5. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Парламентарната соработка на Собранието на Република Македонија се базира на уставните и законските решенија со кои се дефинираат надлежностите на парламентот за оваа област:

Парламентарната дипломатија е насочена кон:

- ***натамошно приближување на земјата кон европските и евроатлантските структури;***
- ***јакнење на односите со земјите кои се стратешки важни за надворешната политика на Република Македонија;***
- ***развивање на регионалната соработка и стабилност во Југоисточна Европа***

5.1. МУЛТИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА

Шеф на делегацијата:
Игор Ивановски - од 22 јуни 2005 година;
(д-р Елеонора Петрова-Митевска - до 26 мај 2005 година)
Членови:
Рафис Алити, Зоран Крстевски
заменици на членови:
Андреј Жерновски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Џевдет Насуфи

Во врска со одржувањето на референдумот, на 6 ноември 2004 година, на барање на делегацијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа за набљудување на референдумот, во Собранието на Република Македонија беше остварен работен ручек со Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа.

На седницата на Постојаната комисија, што се одржа на 23 ноември 2004 година во Варшава, Република Полска, учествуваше д-р Елеонора Петрова-Митевска, Шеф на Делегацијата.

Во официјална посета на Република Македонија од 24 до 26 ноември 2004 година престојуваше Жозет Дирие, претседател на Мониторинг комисијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа.

На седници на повеќе комисии на Парламентарното собрание што се одржаа од 16 до 18 декември 2004 година во Париз, Франција, учествуваа д-р Елеонора Петрова-Митевска, Шеф на делегацијата и заменик-членот Андреј Жерновски.

На Првиот дел на редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2005 година, што се одржа од 24 до 28 јануари 2005 година во Стразбург, Република Франција учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа и секретаријатот на Делегацијата во состав: д-р Елеонора Петрова-Митевска, Шеф на Делегацијата, членовите Рафис Алити и Зоран Крстевски, замениците-членови Ганка Самоиловска-Цветанова и Џевдет Насуфи.

На седниците на Постојаната комисија, Комисијата за деловник и имунитети и Комисијата за култура, наука и образование, што се одржаа од 16 до 18 март 2005 година во Париз, Република Франција, учествуваа пратениците д-р Елеонора Петрова-Митевска, Шеф на Делегацијата и Ганка Самоиловска-Цветанова, заменик-член на Делегацијата.

Во функција на подготовка на извештајот за ситуацијата во Република Македонија, Известителот на Парламентарното собрание на Советот на Европа Џерардо Бјанко оствари официјална посета на Република Македонија од 23 до 25 март 2005 година.

На седниците на Комисијата за политички прашања и на Комисијата за правни прашања и човекови права, што се одржаа на 5 и 6 април 2005 година во Париз, Франција, учествуваше пратеникот д-р Елеонора Петрова-Митевска, Шеф на делегацијата.

На Вториот дел на Редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2005 година, што се одржа од 25 до 29 април 2005 година во Стразбург, Република Франција учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа и секретаријатот на Делегацијата во состав: д-р Елеонора Петрова-Митевска, Шеф на Делегацијата, членовите Рафис Алити и Зоран Крстевски, замениците-членови Андреј Жерновски и Џевдет Насуфи.

На седницата на Комисијата за социјални, здравствени и семејни прашања, што се одржа на 20 мај 2005 година во Будимпешта, Унгарија, учествуваше пратеникот Андреј Жерновски, член на Комисијата.

На седницата на Комисијата за правни прашања и човекови права, што се одржа од 23 до 25 мај 2005 година во Лимасол Кипар, учествуваше

пратеникот Зоран Крстевски, заменик-член на Комисијата.

На седницата на Постојаниот комитет, што се одржа на 6 јуни 2005 година во Лисабон, Португалија, учествуваа пратениците Андреј Жерновски и Ганка Самоиловска-Цветанова, заменици-членови на Делегацијата.

На покана на претседателот на Комисијата за економски прашања и развој на ПС на СЕ, а по повод Парламентарниот семинар на ОЕЦД, што се одржа на 16 јуни 2005 година во Париз, Република Франција, учествуваше пратеникот Андреј Жерновски, заменик-шеф на Делегацијата.

На Третиот дел на Редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2005 година, што се одржа од 20 до 24 јуни 2005 година во Стразбург, Република Франција учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа во состав од пратениците: Зоран Крстевски, член на Делегацијата и Џевдет Насуфи, заменик-член на Делегацијата.

На седниците на Комисијата за економски прашања и развој и на Комисијата за правни прашања и човекови права, што се одржаа на 14 и 16 септември 2005 година во Париз, Република Франција, учествуваше Рафис Алити, член на Делегацијата.

На Четвртиот дел на Редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2005 година, што се одржа од 3 до 7 октомври 2005 година во Стразбург, Република Франција учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа во состав од пратениците: Игор Ивановски, Шеф на Делегацијата, Рафис Алити, член на Делегацијата и Андреј Жерновски, заменик-член на Делегацијата.

ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА ОБСЕ

Шеф на Делегацијата:

Ѓорѓи Трендафилов

Членови:

Благој Голомеов, Хусеинџеват Хусеини

На Конференцијата за трговија со луѓе, одржана од 30 октомври до 2 ноември 2004 година, во Родос, Грција учествуваа пратениците Ѓорѓи Трендафилов, Хусеинџеват Хусеини и Благој Голомеов, во придружба на Лиман Авдиу, секретар на делегацијата.

На Конференцијата "Меѓупарламентарна соработка и регионален дијалог", што се одржа на 10 декември 2004 година во Приштина, Косово, Србија и Црна Гора (во рамките на проектот на ОБСЕ за поддршка на Косовското собрание) учествуваше пратеникот Лилјана Поповска.

На Зимската сесија на ПС на ОБСЕ и на седницата на Постојаниот комитет, одржани од 23 до 26 февруари 2005 година во Виена, Австрија, учествуваа пратениците Благој Голомеов и Хусеинџеват Хусеини.

На 14-та годишна сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ, што се одржа од 1 до 5 јули 2005 година во Вашингтон, САД, учествуваа пратениците Ѓорѓи Трендафилов, шеф на Делегацијата, Благој Голомеов и Хусеинџеват Хусеини, членови на Делегацијата.

На Есенските состаноци на ОБСЕ, што се одржаа од 6 до 10 октомври 2005 година во Свети Стефан, Србија и Црна Гора, учествуваа г. Благој Голомеов и Хусеинџеват Хусеини, членови на Делегацијата.

ИНТЕРПАРЛАМЕНТАРНА УНИЈА

Шеф на делегацијата:
д-р Љупчо Јордановски
Членови:
Каролина Ристова, Чедомир Краљевски, Ангелка Пеева-Лауренчиќ и Исмет Рамадани.

Во Нафлион, Република Грција од 5 до 8 февруари 2005 година се одржа Четвртата и последна конференција за безбедност и соработка во Медитеранот. Делегацијата беше во состав: Каролина Ристова, Чедомир Краљевски и Исмет Рамадани.

На 112-то Собрание на ИПУ, што се одржа во Манила, Филипини од 3 до 8 април 2005 година, учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ИПУ предводена од д-р Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија и Шеф на Делегацијата, пратениците Каролина Ристова, Исмет Рамадани и Чедомир Краљевски, членови на Делегацијата.

Во организација на ИПУ од 25 до 27 мај 2005 година во Женева, Швајцарија се одржа Семинар за претседатели и членови на парламентарни тела за човекови права. На Семинарот учествуваше пратеникот Блаже Стојановски, член на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот.

На Подготвителниот состанок за Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот, што се одржа од 25 до 27 јуни 2005 година во Неапол, Република Италија, учествуваа пратениците Чедомир Краљевски и Исмет Рамадани.

На 113-то Собрание на ИПУ, што се одржа во Женева, Швајцарска конфедерација, од 17 до 19 октомври 2005 година, учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ИПУ предводена од д-р Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија и Шеф на Делегацијата, пратениците

Каролина Ристова, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Исмет Рамадани и Чедомир Краљевски, членови на Делегацијата, Александар Новакоски, генерален секретар на Собранието на Република Македонија.

ПАРЛАМЕНТАРНА ДИМЕНЗИЈА НА ЦЕИ

Шеф на делегацијата:

Ана Андова (од 18 мај 2005 година)

Трифун Костовски (до 20 април 2005 година)

Членови:

Сашо Дохчев и Замир Дика

На седницата на Парламентарниот комитет на ПД на ЦЕИ, што се одржа на 5 и 6 мај 2005 година во Братислава, Република Словачка, учествуваа пратениците Ана Андова и Иван Анастасовски.

На Конференцијата за организиран криминал, во организација на ПД на ЦЕИ, што се одржа на 28 и 29 септември 2005 година во Братислава, Словачка, учествуваше Ана Андова, Шеф на Делегацијата.

ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА НАТО

Шеф на делегацијата:

Теута Арифи

Членови:

Есад Рахиќ и Слободан Чашуле

Од 11 до 16 ноември 2004 година во Венеција, Италија се одржа 50-та годишна сесија на ПС на НАТО. Делегацијата беше во состав: Есад Рахиќ, В. Д шеф на Делегацијата и Слободан Чашуле, член на Делегацијата.

Од 6 до 7 декември 2004 година, во Вашингтон, САД се одржа Парламентарен трансатлански форум. Форумот беше во организација на Парламентарното Собрание на НАТО, Атлантскиот Совет на САД и Универзитетот за национална одбрана. На форумот учествуваа пратениците: Есад Рахиќ и Слободан Чашуле.

Поткомисијата за идните безбедносни и одбранбени способности на Комисијата за одбрана и безбедност на Парламентарното собрание на НАТО, оствари посета на Република Македонија на 18 и 19 април 2005 година.

На Пролетното заседание на Парламентарното собрание на НАТО, што се одржа од 27 до 31 мај 2005 година во Љубљана, Република Словенија, учествуваа пратениците

Теута Арифи, Шеф на Делегацијата, Слободан Чашуле и Есад Рахиќ, членови на Делегацијата.

Во организација на Парламентарното собрание на НАТО, од 10 до 17 јули 2005 година во Брисел, Кралство Белгија, се одржа обука за млади парламентарци, на која учествуваа пратениците Семијал Хасани и Ацо Спасовски.

Во рамките на посетата на САД (Вашингтон и Њујорк) на Комисијата за цивилна димензија на одбраната, што се реализираше од 13 до 16 септември 2005 година, учествуваа пратениците Есад Рахиќ и Слободан Чашуле, членови на Делегацијата.

На 61 Рос-Рот семинарот, што се одржа од 6 до 8 октомври 2005 година во Ереван, Ерменија, учествуваа пратениците Есад Рахиќ и Слободан Чашуле, членови на Делегацијата.

ASSEMBLÉE PARLEMENTAIRE DE LA FRANCOPHONIE

Делегација на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата

Шеф на Делегацијата:
Славица Станковска
Членови:
Нелко Стојаноски, Хусеинџеват Хусеини и Илјаз Халими.

На седницата на Комисијата за политички прашања на ПСФ, што се одржа од 3 до 6 март 2005 година во Либревил, Габон, учествуваше Славица Станковска, претседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија.

Од 26 до 29 април 2005 година во Скопје, Република Македонија се одржа Конференција на претседатели на секции на парламентарното собрание на Франкофонијата-Регион Европа.

На 31-та Годишна Конференција на Парламентарното собрание на Франкофонијата, што се одржа од 6 до 9 јули 2005 година во Брисел Кралство Белгија, учествуваше делегацијата на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Франкофонијата во состав од пратениците: Славица Станковска, Шеф на Делегацијата, Илјаз Халими, Нелко Стојаноски и Џезаир Шакири (на местото на Хусеинџеват Хусеини), членови.

На 18-то Регионално собрание на Парламентарното собрание на Франкофонијата, што се одржа од 19 до 23 октомври 2005 година во Монако, учествуваа пратениците Славица Станковска, Шеф на Делегацијата и Хусеинџеват Хусеини, член на делегацијата.

Мешовит парламентарен комитет на ЕУ и Република Македонија

Претседател на делегацијата:
Андреј Жерновски
Потпретседатели:
Теута Арифи, Слободан Чашуле
Членови:
Јани Макрадули, Благородна Мингова-Крепиева, Цветанка Иванова, Иван Анастасовски, Аднан Јашари, Ејуп Рустеми, Лилјана Ивановска, Неждет Мустафа, Ганка Самоиловска-Цветанова, Зоран Крстевски, Замир Дика и Марјан Ѓорчев.

На 15 декември 2004 година во Стразбург, Република Франција се одржа состанок на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет. Делегацијата беше во состав: Благородна Мингова-Крепиева, Лилјана Ивановска и Исни Шакири.

На 30 и 31 март 2005 година во Скопје, Република Македонија се одржа Првата седница на Мешовитиот парламентарен комитет за стабилизација и асоцијација на Република Македонија и ЕУ.

СОБРАНИЕ НА ЗАПАДНОЕВРОПСКАТА УНИЈА

Членови:
Кенан Хасипи и Зоран Крстевски

На Вториот дел од 50 седница на СЗЕУ, што се одржа од 29 ноември до 1 декември 2004 година во Париз, Франција, учествуваа Кенан Хасипи и Зоран Крстевски, членови на Делегацијата.

На седницата на Комисијата за политички прашања на СЗЕУ, што се одржа од 11 до 14 април 2005 година во Рига и Хелсинки (Летонија/Финска), учествуваа пратениците Д-р Ќенан Хасипи и Зоран Крстевски.

На 51-то продолжение на Редовната сесија на Собранието на ЗЕУ, што се одржа од 13 до 16 јуни 2005 година во Париз, Република Франција, учествуваа пратениците Ќенан Хасипи и Зоран Крстевски, членови на Делегацијата.

Во рамките на посетата на Лондон, Велика Британија, на Комисијата за одбрана на СЗЕУ, што се реализираше од 14 до 16 септември 2005 година, учествуваше пратеникот Зоран Крстевски, член на Делегацијата.

STABILITY PACT
FOR SOUTH EASTERN EUROPE

ПАКТ ЗА СТАБИЛНОСТ

На состанокот на Работната маса за парламентарна соработка, што се одржа на 6 декември 2004 година во Брисел, Белгија, учествуваше пратеникот д-р Весна Борозан.

На состанокот на Работната маса за парламентарна соработка, што се одржа на 15 април 2005 година во Брисел, Кралство Белгија, учествуваше пратеникот д-р Весна Борозан.

На состанокот на Работната маса за парламентарна соработка, што се одржа на 17 мај 2005 година во Софија, Република Бугарија, учествуваа пратениците д-р Весна Борозан и Лилјана Поповска.

Собранието на Република Македонија, со поддршка на Европската комисија и Пактот за стабилност, на 6 и 7 јуни 2005 година во Скопје, Република Македонија организираше Конференција на Парламентарната димензија за основање на енергетска заедница во Југоисточна Европа.

На состанокот на Првата Работна маса за парламентарна соработка, што се одржа на 13 октомври 2005 година во Брисел, Белгија, учествуваше пратеникот д-р Весна Борозан.

Во организација на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа, Комисијата за миграција, бегалци и население на Парламентарното собрание на Советот на Европа и МАРРИ центарот во Скопје, од 17 до 19 октомври 2005 година во Скопје, Република Македонија, се одржа Семинар "за ситуацијата со бегалците и раселените лица во регинот на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа". На Семинарот беше поканет и учествуваше пратеникот Стојан Андов, претседател на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот.

ДРУГА МУЛТИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА

На Шестиот годишен состанок на Националните тела на Организацијата за забрана на хемиското оружје, што се одржа од 26 до 28 ноември 2004 година во Хаг, Холандија, учествуваше пратеникот Д-р Аднан Ќахил.

На Меѓународната конференција на парламентарци-медицинари што се одржа на 13 и 14 декември 2004 година во Куала Лумпур, Малезија учествуваа пратениците Д-р Сашко Кедев и Д-р Агим Џелили.

На Инаугуративната Конференција на "Заедничката иницијатива за градење на капацитети на парламентите за меѓународно право за животна средина и институциите за одржлив развој", што се одржа на 22 и 23 април 2005 година во Париз, Република Франција, учествуваа пратениците Томе Тромбев и Љупчо Балковски.

ДРУГИ АКТИВНОСТИ
(пратеници)

Во организација на Фондацијата Фридрих Еберт, од 13 до 17 септември во Брисел, Белгија, се одржа Семинар за парламентарци од Југоисточна Европа. На Семинарот учествуваа пратениците Благородна Мингова-Крепиева, Ана Андова, Цветанка Гашоска и Семијал Хасани.

Во организација на Канцеларијата на Меѓународниот монетарен фонф (ММФ) во Република Македонија, од 19 до 23 септември 2005 година во Виена, Република Австрија, се реализираше Семинар за парламентарци, на кој учествуваа пратениците Слободан Најдовски (потпретседател на Собранието на Република Македонија), Зоран Крстевски, Абдулаќим Адеми, Благородна Мингова-Крепиева, Ангел Димитров и Спиро Мавровски.

Во организација на Канцеларијата на Светската банка во Република Македонија, во Хелсинки, Финска, од 21 до 23 октомври 2005 година се одржа Шеста годишна Конференција на парламентарната мрежа на Светската банка, на која беше поканет и учествуваше пратеникот Никола Груевски.

АКТИВНОСТИ НА ПРАТЕНИЧКИТЕ ГРУПИ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ПАРЛАМЕНТИ НА ОДДЕЛНИ ДРЖАВИ

Претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Исламската Република Иран, пратеникот Јордан Михајловски, на 14 декември 2004 година во Собранието на Република Македонија оствари средба со Н.Е. г. Адболмаџид Мозафари, амбасадор на Исламската Република Иран во Република Македонија. На средбата присуствуваше и пратеникот Талат Џафери, член на Пратеничката група.

На покана од Џон Рандал, пратеник и секретар на Меѓупартиската група на Британскиот парламент за соработка со Македонија, делегација на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска оствари студиска посета во Британскиот парламент на 14 и 15 декември 2004 година. Делегацијата ја предводеше пратеникот Славица Грковска, претседател на Пратеничката група, а во составот на делегацијата беа членовите на Пратеничката група пратениците Борис Кондарко, Љупчо Мешков и Илјаз Халими, во придружба на Ана Качакова, секретар на Пратеничката група.

Во рамките на официјалната посета на Република Македонија на Предраг Марковиќ, претседател на Народното собрание на Република Србија, на 3 март 2005 година беше остварена средба со Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Србија и Црна Гора.

Во рамките на официјалната посета на Република Македонија на Хаакон Блакенборг, Шеф на Групата за односи со Балканот на Парламентот (Стортингет) на Кралството Норвешка, на 10 март 2005 година беше остварена средба со Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Кралството Норвешка.

Во рамките на официјалната посета на Делегацијата на Комитетот за меѓународни односи на Државната дума на Руската Федерација, предводена од Константин Јосифович Косачов, на 25 март 2005 година беше остварена средба со Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Руската Федерација.

Во официјална посета на Република Македонија на 5 и 6 април 2005 година престојуваше Делегација на Кнесетот на Израел, односно Претседателката на израелско-македонската група парламентарна група за пријателство.

Во рамките на официјалната посета на Република Македонија на Франце Цукјати, претседател на Државното собрание на Република Словенија, на 29 април 2005 година во Собранието на Република Македонија беше остварена средба со Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Словенија.

На покана на претседателот на Пратеничката група во Турското народно собрание за соработка со Република Македонија, Делегација на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Турција оствари официјална посета на Анкара од 6 до 10 јуни 2005 година. Делегацијата беше во состав: пратениците Ќенан Хасипи, Томе Тромбев и Г´зим Острени, во придружба на Билјана Огненовска, секретар на Пратеничката група.

На покана на пратеникот Д-р Мите Николов, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Хрватска, од 13 до 16 јуни 2005 година во официјална посета на Република Македонија престојуваше четиричлена Делегација на Интерпарламентарната група на Хрватскиот сабор за пријателство со Собранието на Република Македонија.

Претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Романија, пратеникот Цветле Јанеска, на 29 септември 2005 година во Собранието на Република Македонија оствари средба со Н.Е. г. Василе Лека, Вршител на должност Амбасадор на Романија во Република Македонија, на негово барање.

Во рамките на официјалната посета на Република Македонија на Едуард Кукан, Министер за надворешни работи на Република Словачка, на 17 октомври 2005 година во Собранието на Република Македонија беше примен и оствари средба со Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

На покана на пратеникот Каме Петров, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Народна Република Кина, во официјална посета на Република Македонија од 23 до 26 октомври 2005 година престојуваше Делегација на Постојаниот комитет на Народниот Конгрес на провинцијата Сечуан.

Во рамките на посетата на Република Македонија на Делегација од Комисијата за европски прашања на Чешката Република, на 26 октомври 2005 година беше остварена средба со членовите на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Чешката Република.

6. Активност на клубот на жените пратеници

Клубот на жени-пратенички, од своето официјализирање на 07.03.2003 година, активно работи врз унапредување на промоција на пратеничките како во Собранието, така и во соработка со многу владини и невладини организации, пред сé од аспект на родовата рамноправност.

Од декември 2004 година е започнат проектот на предлог-текстот на Законот за еднакви можности помеѓу мажите и жените во Министерството за труд и социјална политика. Во експертската група која го подготвуваше предлог-текстот учествуваа две жени пратенички: Цветанка Иванова и Елеонора Петрова.

Пратеничките на 12.07.2005 година, учествуваа на јавната расправа на која беа презентирани законот и активностите околу донесувањето на Законот за еднакви можности помеѓу жените и мажите на Република Македонија, во организација на Министерството за труд и социјална политика.

Подготовката на Законот за еднакви можности е дел од потпишаниот Меморандум за билатерална соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Кралството Норвешка.

Заради поголема транспарентност и изработка на квалитетен закон во процесот на подготовката се вклучени претставници од ресорното министерство, Министерството за правда, пратенички од Собранието на Република Македонија, претставници на невладиниот сектор и претставници од локалната самоуправа.

Пратеничките на 12.09.2005 година присуствуваа на тркалезна маса во организација на Министерството за труд и социјална политика со експертки од Норвешка, а во пресрет на донесувањето на Законот за еднакви можности помеѓу жените и мажите на РМ.

Целта на оваа тркалезна маса беше размена на позитивни и негативни искуства од имплементацијата на Законот за еднакви можности во Норвешка и во другите скандинавски земји.

На 13.09.2005 година, Клубот на жени-пратенички оствари средба со експертки од Кралството Норвешка, при што беа разменети искуства во врска со Предлог-законот за родова еднаквост. На средбата учествуваше претседателот на Собранието на Република Македонија, Љупчо Јордановски, амбасадорот на Кралството Норвешка во Македонија, г. Карл Види, делегација од Министерството за семејство и детскиот јавен правобранител на Кралството Норвешка претставени од Хеге Нортдтранд, Таницке Лsгрен - Рунде, Кристин Миле, Сиссел Саломон и претставник на Уредот за еднакви

можности во Владата на Република Словенија, Сонја Робник, кои преку заедничка програма учествуваат во јакнењето на капацитетот на институциите во процесот на евроинтегрирањето.

Учеството на Евалуативна конференција во рамките на проектот "Жените тоа го можат II-локални избори", која беше во организација на Сојузот на организација на жените на Република Македонија во соработка со Одделението за унапредување на рамноправноста меѓу половите при Министерството за труд и социјална политика и ОБСЕ, пратеничките го искористија за промовирање на потребата од измена и дополна на Законот за локални избори. Измената беше направена во делот на кандидатските листи за најмалку 30% застапеност од обата пола во горната и долната половина од листата.

На 23.12. 2004 година, во Собранието на Република Македонија, се одржа промоција на кампањата Подобрување на работните услови на жените.

Тргнувајќи од реалната состојба во голем број стопански субјекти, каде условите за работа на жените се под нивото на хуманото и достоинствено живеење, како и одредени непочитувања и нарушувања на постојната законска регулатива, учесниците се договорија целта на кампањата да биде лоцирање на проблемите, за да се овозможи тие да станат видливи и да се помогне во нивното разрешување.

Кампањата да се одвива во текот на целата 2005 година преку заеднички и поединечни активности на невладините организации, политичките субјекти, институциите, синдикатот, медиумите, стручната јавност и сите заинтересирани за оваа проблематика.

Носители на кампањата се: Клубот на жени-пратенички при Собранието на Република Македонија, Македонското женско лоби и Одделението за рамноправност на половите при Министерството за труд и социјална политика.

На 25.01.2005 година, пратеничките учествуваа на тркалезна маса на тема: Регулирање на мајчинството и родителските права, во организација на Македонското женско лоби во соработка со Здружението на педијатри на Република Македонија и Секцијата на жени при Сојузот на синдикатите на Македонија.

Целта на трибината беше да се даде конструктивен придонес по прашањето на третманот на мајчинството и родителските права во подготовката на новиот Законот за работни односи.

На седницата на Клубот на жени-пратенички на 25.05.2005 год. за нов координатор на Клубот е избрана пратеничката Благородна Мингова Крепиева, која вооедно е и контакт-лице од Собранието на Република Македонија со Пактот за стабилност. Измената е направена заради заминувањето на дотогашниот координатор, Елеонора Петрова Митевска на нова функција - амбасадор во Стразбург.

Во текот на мај посета, на Собранието на Република Македонија, оствари г-ѓа Соња Локар, координатор на Работната група за полова еднаквост при Пактот за стабилност (ГТФ). На средбата кај претседателот на Собранието, Љупчо Јордановски, беа договорени активности за започнување на новиот проект на Пактот за стабилност со 9. парламенти од земјите од југоисточна Европа - Република Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Романија, Србија и Црна Гора, УМНИК/Косово. Беше побарано Клубот на жени-пратенички да ги предложи прашањата кои би биле приоритет за нивно ангажирање.

На една од своите средби пратеничките ги предложија следните теми: Закон за еднакви можности, Закон за работни односи со осврт на женската работна сила и положбата на жената на работното место, Намалување на сиромаштијата и положбата на жената, Измени и дополнување во Законот за семејство со осврт на семејното насилство.

По обемна дискусија пратеничките се договорија да се прифати и потпише договорот со Пактот за стабилност за учество во заедничкиот проект.

На 26.05.2005 година, Клубот на жени-пратенички го одржа својот втор состанок.

На состанокот беа предложени три теми со кои Клубот ќе се претстави пред Пактот за стабилност:

1. Економската положба на жената (со осврт на Законот за работните односи и жената во претприемништвото);

2. Изборно законодавство (за зип-зап систем, или 33% распоредено секоја трета жена на кандидатските листи, семејно гласање, дискриминирање на жената, повеќе жени во изборната регулатива: изборни комисии, избирачки одбори, семејно гласање);

3. Закон за недискриминација.

На 06.06.2005 год. Клубот на жени-пратенички одржа средба со министерот за труд и социјална политика, Стевче Јакимовски и претставникот на Министерството за труд и социјална политика, Стојан Трајанов.

Целта на средбата беше разгледување на Предлогот за донесување на Законот за работни односи.

Гостин на средбата беше г-ѓа Петра Блез, претставник на Пактот за стабилност.

Пратеничките го разгледаа Предлогот на Законот за работни односи од родов аспект, со посебен осврт на 22. члена од законот, кои ги третираат овие прашања. На седницата беа дадени бројни сугестии и забелешки во правец на подобрување на текстот на законот.

Пратеничките го поддржаа предлогот за донесување на Законот за работни односи.

На 21.06.2005 год. координаторката на клубот на жени-пратенички, Благородна Мингова Крепиева, имаше средба со претставници од Министерството за труд и

социјална политика и претставници од Синдикатот на Македонија во врска со Законот за работни односи.

На 08.07.2005 год. Клубот на жени-пратенички го разгледа Предлог-законот за работни односи.

Беше констатирано дека повеќето сугестии дадени од страна на Клубот се вградени во Предлог-законот, а за прашањата кои не беа вградени пратеничките подготвија свои амандмани.

Подолго време до Клубот на жени-пратенички од група вработени од синдикатот, особено жени имаше барања за поднесување иницијатива за измени и дополни на Законот за инвалидско и пензиско осигурување.

Повеќето пратенички беа да се пушти во собраниска процедура измена и дополна на Законот за инвалидско и пензиско осигурување, со што ќе се овозможи уште две години да може да се оди во пензија и по основ на стажот.

Клубот на жени-пратенички повторно одржа состанок за консултација во врска со таа иницијатива поддржана од над 7000 жени, и се одлучи предлог-законот да се пушти во собраниска процедура.

Продолжувајќи со праксата одредени реформски закони да ги разгледува од родов аспект, пратеничките расправаа по Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита, со Предлог на закон. Потоа Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување, со Предлог на закон. Клубот ги разгледа дополнителните прашања доставени од Комитетот за елиминирање на дискриминација против жените при ОН и своите забелешки ги достави до МНР.

Беше организирана работилници со Националниот демократски институт (НДИ Македонија) за јакнење на капацитетот на пратениците и анализа на сработеното и утврдувањето на приоритетот за работа на пратеничките во идниот состав на Собранието.

Оваа работилница со НДИ ги утврди приоритети за нивно ангажирање во промоција и преточувања во законска регулатива на прашања од родов аспект до крајот на мандатот:

- измени на изборното законодавство;
- видливост на неформалната работна сила;
- можности за самовработување и отпочнување на мали бизниси;
- креирање на амбиент за имплементација на законските решенија;
- процес на доживотно учење;
- надминување на културните бариери;

- развој и дефинирање на секторски политики;

- активни политики на вработување;

- посебни услови за пристап до кредити;

- кампања за тоа колку се почитува Законот за работни односи кај жените вработени во текстилната и хемиската индустрија.

Во функција на подготовка на Првата регионална конференција на жените-пратенички во организација на Пактот за стабилност - Центарот за родова еднаквост, на 05.10. 2005 год. се одржа Првата национална подготвителна средба насловена вХармонизирање помеѓу работата и семејството.

Во работата на оваа конференција учествуваа министерот за труд и социјална политика, г. Стевче Јакимовски и експертот од МКЦ, г-ѓа Нада Малеска.

Заклучено беше постигнувањата и резултатите од работата на пратеничките во сферата на:

- флексибилноста на договорите за работа;

- законска регулатива за родителство (мајчинство и татковство);

- детска заштита;

- грижа за возрасните и други лица на кои им е потребна заштита;

- состојби и трендови во учеството на мажите во домашните работи;

да се презентираат пред Првата регионална конференција на Пактот за стабилност (ГТФ) што се одржа на 29.10.2005 година во Загреб.

Пратеничките активно се вклучија во учеството на Националната конференција под мотото: Повеќе избрани жени на парламентарните избори 2006 - за еднакви можности, во организација на Сојузот на организации на жените на Македонија (СОЖМ) во соработка со Министерството за труд и социјална политика-Одделение за унапредување на рамноправноста помеѓу половите и ОБСЕ набљудувачка мисија во Скопје, во пресрет на парламентарните избори 2006 година, започнува со Кампања за повеќе избрани жени во Парламентот на Република Македонија.

Долгорочната европска ориентација на Република Македонија и напорите за нејзино вклучување во европските интеграциони процеси, претставува стратешка определба, која подразбира активно учество во владините институции, граѓаните во државата и невладиниот сектор, во спроведувањето на реформите кои ќе ја приближат земјата до Европската унија.

Во тој дух пратеничките присуствуваа на Работна средба со г-ѓа Карине Хенроте, потпретседателка на Европското женско лоби, каде свое обраќање имаше и вицепремиерката Радмила Шекеринска. При тоа беше констатирано дека Македонија е

пример за ЕУ со постигнатите права на жените. Тоа е она со што се гордееме и што заслужи место и во прашалникот, а со што можеме да се пофалиме во однос на другите земји, долгогодишни членки на ЕУ.

Учеството на пратеничките во меѓународната соработка е мошне значајно.

Тие се застапени во сите досегашни меѓународни конференции, советувања, средби и семинари и даваат значаен придонес во афирмацијата на Република Македонија. Особено е забележителен нивниот придонес во активностите на Пактот за стабилност (ГТФ).

Од своето формирање Клубот на жени-пратенички активно соработува со Сојуз на организации на жени на Македонија (СОЖМ), Министерството за труд и социјална политика-Одделение за родова еднаквост и Македонското женско лоби (МЖЛ).

7. АКТИВНОСТИ НА НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

7.1. Активностите на НДИ во Собранието на Република Македонија

јануари - октомври 2005

Време на одржување	Опис на активност
Јануари	Консултации со Собранието за селекцијата на новата генерација на практиканти
25 јануари – 8 февруари	Интервјуа со кандидатите за практиканти во Собранието на Република Македонија
Јануари – декември	8 семинари за асистентите во канцелариите за комуникација со граѓани
9 февруари	Семинар за ориентација на новата генерација практиканти
март – мај	Консултации со работната група одговорна за Денови на Собранието
март – октомври	Развој на Македонската парламентарна база на податоци за следење на случаи
27 април	Работен доручек со претседатели на комисии
27 април	Обука на секретарите на собраниските комисии на тема „Јавни расправи“
5 мај	Консултации со претседатели и секретари на собраниските комисии на тема „Јавни расправи“
9 -13 мај	Денови на Собранието
26 мај	Церемонија за доделување на признанија на практкантите и Церемонија за пренесување на програмата за практиканти
Мај	Консултации со комисијата за транспорт, врски и екологија
30 мај	Надзорна јавна расправа на Комисијата за транспорт, врски и екологија
јуни – декември	Консултации со координаторите на пратеничките групи за развој и усвојување на деловник за работа на пратеничката група
26 јуни – 2 јули	Делегација на Комисијата на Конгресот на САД за демократска помош во Собранието на РМ
28 јули	Состанок со работната група на делегацијата која го посети Долниот Дома, Лондон, Обединето Кралство
јули – октомври	Консултации со координаторот на Женскиот парламентарен клуб
септември - октомври	Пилот тестирање на Македонската парламентарна база на податоци за следење на случаи
октомври	Консултации со Комисијата за образование, наука и спорт на тема организирање на теренска јавна расправа
5 октомври	Работилница со Женскиот парламентарен клуб
2 ноември	Официјална промоција на Македонската парламентарна база на податоци за следење на случаи
4 ноември	Теренска јавна расправа на Комисијата за образование, наука и спорт
ноември	Состанок со Делегацијата која го посети Долниот Дом, Лондон, Обединето Кралство за да се финализира извештајот и препораките
ноември – декември	Консултации за Деловникот за работа на Собранието
декември (датумот дополнително ќе се утврди)	Промоција на Прирачникот за јавни расправи

Денови на Собранието 2005

Од 9 до 13 мај, НДИ му помогна на Претседателот на Собранието на Република Македонија во организацијата на првата манифестација од овој вид во историјата на Република Македонија, Денови на Собранието. Оваа манифестиција за првпат ги отвори вратите на Собранието на Република Македонија на приближно 10 000 македонски граѓани. Техничката поддршка која НДИ ја даде на Собранието вклучуваше развој на национална медиумска стратегија заради промоција на настанот, но и обезбеди превоз на граѓани од цела земја. НДИ ја подготви националната медиумска стратегија и ги обучи 46 асистенти во канцеларииите за комуникација со граѓани за да го промовираат настанот организирање на прес конференции на локално ниво. Беа подготвени соопштенија и изјави за медиумите кои потоа без доставени до Собранието. НДИ обучи 46 асистенти кои обезбедија превоз за 672 граѓани од нивните градови во шесте изборни единици до главниот град. Освен тоа, асистентите од Скопје поканија повеќе од 400 граѓани кои го посетија Собранието. Пратениците ги поздравија своите граѓани во моментот кога тие пристигнуваа пред Собранието. НДИ исто така организираше Пулт за информации во кој беа ангажирани вработени во НДИ кои исто така раководеа со процесот на организирање на тури низ Собранието за 4,500 македонски граѓани. Освен оваа помош, НДИ финансираше одредени активности од Деновите на Собранието. На пример, НДИ ги покри трошоците за 15 изнајмени автобуси и комбиња, за печатењето на 85 000 програми, материјалите на натпреварот во цртање, како и печатењето на картите за автобусите и организираните тури.

Програма за практиканти во Собранието на Република Македонија

Во мај 2005, НДИ го одбележа официјално пренесување на својата програма за практиканти во рацете на Собранието на Република Македонија. Оваа церемонија, која се одржа на 26 мај, исто така се искористи за доделување на признанија на практикантите од генерацијата 2003-2004. Потпишувањето на Меморандумот за разбирање помеѓу НДИ и Собранието, претставено од Генералниот секретар, Александар Новакоски, целосно ја префрли програмата за практиканти во рацете на Собранието. Во согласност со Меморандумот за разбирање, НДИ помогна и обезбеди консултации на стручната служба на Собранието за време на периодот на транзиција, но и ќе биде на располагање во иднина. НДИ го покани Џон Харт, првиот проект организатор во 1999 година, да присуствува на настанот како претставник на Асоцијацијата на поранешни конгресмени. Тој се обрати на практикантите со говор насловен “Инвестирајќи во иднината”. Претседателот на Собранието, г-дин Љупчо Јордановски, Директорот на Мисијата на УСАИД, г-дин Дик Голдман и Директорот на НДИ, г-дин Крис Хеншоу исто така се обратија на присутните на настанот. Оваа церемонија директно се пренесуваше на Собранискиот канал, но исто така беше покриена од страна на други медиумски куќи, вклучувајќи ги националните печатени и електронски медиуми.

Проценка на Комисијата на Конгресот за демократска помош

Во почетокот на 2005 година, Македонија беше избрана за една од земјите кандидати да добие помош од Конгресот на САД преку новата конгресна комисија која за цел има зајакнување на демократските институции со обезбедување на билатерална помош на демократиите во развој. Во првото тромесечие на

годинава, НДИ често се среќаваше со Амбасадата на САД и Собранието за подобро координација на посетата на Комисијата на Конгресот за демократска помош на Македонија.

Во април, Кит Шултс, Советник за зајакнување на законодавство во Одделот за демократско владеење во УСАИД Вашингтон ја посети Македонија за да изврши прелиминарна проценка на потребите на Собранието. НДИ организираше состаноци помеѓу г-динот Шултс и претставници на стручната служба на Собранието, но и со пратеници.

Во јуни, НДИ организираше средби со Претседателот на Собранието, г-дин Љупчо Јордановски, Генералниот секретар, г-дин Александар Новакоски, канцеларијата на парламентарниот протокол, со, како и со неколку пратеници со цел да ги информира за посетата за проценка. Освен ова, НДИ подготви презентација и информативни материјали за членовите на делегацијата, вклучувајќи ги описите на минатата, сегашната и идната работа на НДИ со Собранието.

Четири члена на службата на Комисијата на Конгресот на САД за демократска помош омисијата и еден претставник од УСАИД Вашингтон ја посетија Македонија од 27 јуни до 1 јули за да ги проценат можностите за билатерална помош помеѓу Конгресот на САД и Собранието на Република Македонија. Оваа делегација имаше серија на состаноци со Претседателот на Собранието, координатори на пратеничките групи, претседатели на собраниските комисии, Генералниот секретар, двајцата заменици на Генералниот секретар, неколку раководители на собраниски сектори и неколку секретари на собраниските комисии. НДИ беше присутен на сите состаноци и работата на Институтот во Собранието беше постојано истакнувана како основа на која ќе се наддогради Комисијата на Конгресот за демократска помош, доколку Македонија биде избрана да ја добие оваа помош.

Во септември, Комисијата на Конгресот на САД го избра Собранието на Република Македонија како партнер во рамките на билатералната помош. Програмата ќе започне во јануари 2006 година со студиска посета на делегација на Собранието (пратеници и стручна служба) на САД. Програмата наскоро ќе биде и дефинирина во поголеми детали, но ќе вклучува посета на Членови на Конгресот на САД на Македонија за дополнителни консултации, итн.

Работата на НДИ со собраниските комисии

На 27 април, НДИ во соработка со УСАИД организираше состанок со претседателите на собраниските комисии. Состанокот вклучуваше презентација од страна на Кит Шултс, Советник за законодавно јакнење во Одделот за демократско владеење на УСАИД, Вашингтон, за јавни расправи, вклучувајќи како да се организираат јавни расправи со ограничени ресурси. По презентацијата, учесниците дискутираа за различните пракси во двете земји и ја изразија својата отвореност кон организирањето на повеќе јавни расправи во Македонија.

По овој состанок, НДИ организираше семинар за секретарите на собраниските комисии за основите на јавните расправи. Вишиот менаџер на програма на НДИ Македонија, Александра Цветковска и Менаџерот на програма Емил Атанасовски зборуваа за процесот на планирање и организирање на јавни расправи и го нагласија значењето на последователните активности. Кит Шултз придонесе кон

презентацијата со тоа што понуди стратегии за организирање на јавни расправи со ограничени ресурси.

На 5 мај, НДИ и Меѓународниот републикански институт (ИРИ), организираше тркалезна маса на тема јавни расправи, комисиски процедури и начини на работа во Клубот на пратеници. Г-динот Френк Барка, член на стручната служба на Сенатот на САД, Крис Хеншоу, директор на НДИ, Џон Каваноу, Директор на ИРИ и осум претседатели на собраниските комисии учествуваа во оваа јавна расправа. Сесијата заврши со заедничка дискусија со претседателите и секретарите на собраниските комисии за јавните расправи, собраниските процедури и начини на работа.

Со помош од НДИ, Комисијата за транспорт, врски и екологија ја одржа првата надзорна јавна расправа на 30 мај. Министерот за животна средина сведочеше пред членовите на комисијата за Поглавјето од ЕУ Прашалникот кое се однесува на животната средина и за процесот на децентрализација од гледна точка на животната средина. НДИ обезбеди поддршка за време на процесот на планирање , особено со учеството во состанокот на кој се планираше јавната расправа и со подготовката на еден водич за надзорни јавни расправи кој беше доставен до сите членови на комисијата. Оваа јавна расправа беше пренесувана во живо на Собранискиот канал.

НДИ исто така организираше редовни консултации со Комисијата за образование, наука и спорт во текот на септември и октомври. Оваа комисија ја организираше првата теренска јавна расправа на 4 ноември, 2005 година во Штип. Темата на јавната расправа беше Пристапот и учеството на Ромите во основното образование. НДИ помогна во организацијата на јавната расправа и следствените активности; вклучувајќи подготовка на извештај и соопштенија за медиумите.

НДИ подготвува Прирачник за јавни расправи кој ќе им помогне на пратениците и собраниската стручна служба во процесот на организирање на јавни расправи. Овој прирачник вклучува практични совети за организирање на јавни расправи, цитати од Деловниците за работа на парламенти од други земји и други документи како на пример одредени формулари, покани, листи за проверка, итн. Намерата на НДИ е да го издаде овој прирачник до крајот на годинава.

Во јули, НДИ се состана со работната група која учествуваше во студиската посета на Долниот Дом, Лондон, Обединето Кралство, кое се организираше во ноември 2004 година. Целта на состанокот беше да се дискутираат препораките кои ќе бидат вклучени во финалниот извештај од студикста посета. Овие препораки вклучуваат:

- Зголемување на периодот помеѓу закажувањето на пленарна седница и самата седница што ќе обезбеди повеќе време на комисиите за разгледување на законодавството и организирање на јавни расправи;
- Зајакнување на надзорната функција на постоечките комисии;
- Формирање на комисија за врски;
- Институционализирање на јавната расправа како метод на комисиите за разгледување на закони;
- Адаптирање на Деловникот за работа на Собранието за да се зголемат надзорните процеси на комисиите;

- Подготовка и усвојување на Деловник за работа на комисиите во согласност со Деловникот за работа на Собранието

НДИ исто така беше замолен да учествува во разгледавањето на новиот предлог за Деловник за работа на Собранието и да даде свои забелешки особено во делот на зајакнување на улогата и статусот на комисиите во Собранието.

Работата на НДИ со Женскиот парламентарен клуб

Летните месеци беа посветени на консултации со координаторот на Женскиот парламентарен клуб, г-ѓа Благородна Мингова-Крепиева за поддршката на НДИ во зајакнувањето на Женскиот парламентарен клуб. Во текот на 2005-2006 година НДИ ќе организира 4 работилници за да ги задиволи приоритетите идентификувани од страна на клубот. Првата работилница се одржа на 5 октомври во Собранието. Оваа сесија се состоеше од идентификување на досегашните постигнувања на клубот, презентација на тема „Поставување на стратешки приоритети преку концензус“. Соња Локар, поранешен словенечки пратеник и Претседавач на Gender Task Force од Пактот за стабилност го пренесе своето големо законодавно искуство и искуство од граѓанската сфера од Словенија и од други земји, но и даде практични примери за стратешко приоретизирање. На оваа средба, клубот ги идентификуваше своите идни стратешки приоритети.

Работата на НДИ со пратеничките групи

НДи исто така организираше консултации со неколку координатори на пратенички групи во областа на подготовка и усвојување на Деловник за работа на пратеничките групи. НДИ обезбеди многу информативен материјал од други европски парламенти и врши поединечни консултации со координаторите на пратеничките групи.

Проект за канцеларии за комуникација со граѓани

Од април до октомври НДИ работеше на дизајнирање и подготовка на база на податоци за следење на случаи за потребите на мрежата на канцеларии за комуникација со граѓани во Македонија. Од 8 до 23 април, НДИ Македонија организираше посета на Менаџерот на информациска технологија Гезим Јашари на Вашингтон за да открие најразлични дизајни и структури на база на податоци во канцеларии за комуникација со граѓани, но и да дизајнира база на податоци во соработка со тимот за информациска технологија од НДИ Вашингтон. За подобро да го разбере системот кој се користи за евидентирање, процесирање и известување на прашањата на граѓаните, тој се консултираше со Сенаторот од Мериленд, г-динот Брајан Фрош, со членови на стручната служба од канцелариите на конгресмените во Вашингтон и со персоналот од обласната канцеларија на Конгресменот Стени Хојер и со други стручњаци. Базата на податоци беше спремна за тестирање во Септември кога НДИ идентификуваше седум канцеларии за комуникација со граѓани во Скопје како дел од пилот проектот. Македонската парламентарна база на податоци за следење на случаи беше официјално промовирана на 2 ноември во Собранието. Претседателот на Собранието, г-дин Љупчо Јордановски, директорот на Мисијата на УСАИД, г-дин Дик Голдман и директорот на НДИ, г-дин Крис Хеншоу зборуваа за потребата од една ваква база на податоци и за нејзиниот придонес кон едно

потранспарентност, поотворено и поодговорно Собрание пред приближно стотина асистенти во канцеларииите за комуникација со граѓани, пратеници, претставници на меѓународна заедница и претставници на други проекти на УСАИД. НДИ ги обучи сите 46 асистенти во првата половина на ноември. Базата на податоци ќе се инсталира до крајот на ноември.

Во текот на 2005 година, НДИ организираше постојана обука за асистентите во канцеларииите за комуникација со граѓани на различни теми кои придонесоа кон професионалнот развој на асистентите. Освен семинарите за организирање на состаноци со јавноста, организирање прес конференции, односи со медиумите, НДИ покани гости од странство: г-динот Френк Барка, член на стручната служба на Сенатот на САД го сподели своето искуство во однос на поврзаноста на комуникацијата со граѓани со законодавството, а г-ѓа Петра Блес, поранешен Потпретседател на Германскиот Бундестаг и сегашен консултант на Пактот за стабилност зборуваше за нејзиното лично искуство во областа на комуникација со граѓани. НДИ планира да продолжи со обуката на асистентите во текот годинава, но и во текот на 2006 година.

7.2. Активностите на канцеларијата за контакт помеѓу невладините организации и Собранието на Република Македонија

КАНЦЕЛАРИЈА ЗА КОНТАКТ ПОМЕЃУ НВОи И СОБРАНИЕ НА Р МАКЕДОНИЈА

КАНЦЕЛАРИЈА
ЗА КОНТАКТ ПОМЕЃУ НВОи
И СОБРАНИЕ НА Р МАКЕДОНИЈА

Отворениот и интензивен дијалог помеѓу цивилниот сектор и народните претставници во законодавниот дом е фундаментален елемент за развој на демократските процеси.

Главна цел на канцеларијата е поврзување, на граѓанските организации и граѓаните со законодавните тела во македонскиот Парламент и притоа користење на целиот ресурс на цивилниот сектор со сите релевантни издржани препораки и заклучоци, истражувања, во процесот на донесување на одлуки.

Иницијативата за отворање на оваа канцеларија е дел од програмата Отворени институции, која ја спроведува Граѓанската асоцијација МОСТ, а чија основна цел е зголемување на одговорноста на цивилните, политичките и владините институции кон потребите на граѓаните.

Канцеларијата за контакт е во вистинска смисла сервис на граѓаните, но и на пратениците. Пратениците можат овде да добијат повеќе информации од граѓанските организации во секојдневните подготовки на пратеничките активности, со посебен акцент на законските решенија.

Граѓанските здруженија овде можат да ги добиваат сите потребни материјали за работата на Собранието и да ги доставуваат своите предлози. Една од целите е Канцеларијата да послужи и како место за состаноци на пратениците и невладините организации.

Канцеларијата е постојано отворена за сите заинтересирани, и за тие кои што доаѓаат во просториите, и за оние кои преку веб адресите 24 часа сакаат да бидат на директна линија и комуникација со Собранието на Р Македонија.

ЦЕЛИ НА КАНЦЕЛАРИЈАТА

- Институционализирање на соработката помеѓу Собранието и граѓанските организации;
- Поврзување на граѓаните со законодавните тела, во насока на зголемување на инпутот од цивилниот сектор во процесите на донесување одлуки;

- Обезбедување на релевантни податоци неопходни за остварување на интензивен дијалог помеѓу Собранието и цивилниот сектор,со употреба на сите комуникациски средства.

ФУНКЦИИ НА КАНЦЕЛАРИЈАТА

- Канцеларија работи како сервис за пратениците и граѓанските организации;
- Пратениците можат да добијат повеќе информации од граѓанските организации во секојдневните подготовки на пратеничките активности со посебен акцент на законските решенија;
- Граѓанските здруженија ги добиваат сите потребни материјали за работата на Собранието и ги доставуваат своите предлози;
- Канцеларијата може да послужи и како место за состаноци на пратениците и НВО-и.

РАСПОЛОЖЛИВИ РЕСУРСИ

- Сопствена библиотека, каде секој граѓанин ќе може да ги најде законите донесени од Собранието на Р. Македонија, законите од соседните земји и земјите од Европската Унија, исто како и други корисни материјали;
- Сопствена интернет страна каде што се сместени сите материјали од библиотеката, како и секојдневни информации за активностите на Собранието;
- Можност за он-лине контакт, каде цивилниот сектор би доставувал предлози за измени и дополнувања на законите;
- Компјутери за јавна употреба, каде што заинтересираните граѓани и членови на граѓански организации можат да ги подготвуваат своите материјали;
- Канцеларијата е технички опремена што овозможува брз проток на информации.

ВЕБ СТРАНА НА КАНЦЕЛАРИЈАТА

Правен- ресурсен центар, кој ги содржи:

- Линк до www.pravo.org.mk, каде што се содржат сите закони донесени во Р. Македонија од 1998 до сега (набргу и законите од 1991 до 1998), судска пракса од Врховниот суд на Р Македонија, како и анализи на закони кои треба да бидат предмет на дискусија на собраниските седници
- библиотека каде може да најдете важни документи од областа на законодавството, како и закони на други држави

Форум, кој овозможува:

- давање на коментари по однос на актуелни теми
- конкретните предлози и забелешки ќе бидат доставувани до пратениците

Тековни активности, каде можете да најдете:

- информации за тековните активности на канцеларијата: настани, средби, јавни расправи, граѓански иницијативи

- информации за тековните активности на Собранието на РМ: седници, комисиски расправи, нацрт на закони, средби на пратеници со граѓани
- најава за следните активности на канцеларијата и на Собранието

Канцеларијата за контакт помеѓу НВОи и Собрание на Р Македонија е отворена на 6 октомври 2004 год., од страна на Претседателот на Собранието, Љупчо Јордановски и претседателот на МОСТ, Дарко Алексов, и во досегашното постоење полека почна да ги исполнува сопствените функции. Во неколку наврати, на барање на поедини пратеници или Комисии при Собранието на Р Македонија, од страна на Канцеларијата организирани се Јавни расправи по одредени закони (пр. *Законот за учебници во основното и средното образование*, поднесен на иницијатива на пратеничката Славица Грковска) или прибирани се прашања и мислења по одредени решенија (пр. граѓанските здруженија можеа преку Канцеларијата да упатат *прашања до Министерот за животна средина и просторно планирање*, кои што од членовите на ресорната Комисија му беа поставени на јавно сослушување).

Статистиката за редовните активности на Канцеларијата го говори следново:

Одржани средби[1]	
На барање на:	**Но.**
Граѓани	18
НВОи	18
Канцеларија за контакт помеѓу НВОи и Собрание на	4
Претседател на Собранието на РМ	2
Политичка партија	1
ВКУПНО	**43**
Одржани со:	
Граѓани	18
НВОи	18
Тела во Собранието на РМ	4
Претседател на Собранието на РМ	2
Претставници на политичка партија	1
ВКУПНО	**43**
Теми на дискусија:	
Проекти	9
Измени и дополнувања на закони	2
Подготовки и реализирање на јавна дебата	2
Иницијативи за поднесување на предлог на закон	1
Друго[2]	29
ТОТАЛ	**43**

Канцеларијата за контакт е отворена од страна на **Граѓанска асоцијација МОСТ** во соработка со **Собрание на Р Македонија,** а секојдневните активности се менаџирани од страна на МОСТ. Намерата е, во блиска иднина, оваа канцеларија која сега се наоѓа одвоено (но во непосредна близина) од Собранието, да помине во неговите простории и да биде дел од секторите во самото Собрание на Р Македонија.

Функционирањето на канцеларијата е потпомогнато и поддржано од Балкан Trust for Democracy и Swedish Helsinki Committee.

---

[2] *Заклучно со 30.09.2005 год.*
[2] *Барања за заеднички настап, проекти, активности и др.*

8. СЛУЖБА

Стручните и другите работи на Службата на Собранието на Република Македонија, што ги извршува за потребите на Собранието, работните обврски, првенствено преку изготвување на предлози на закон и, амандмани по закони, информации и мислења, обезбедување на дополнителни материјали, документи и податоци за одделни теми што се поставуваат на дневен ред на седниците и работни тела, како и при соработката на Собранието со меѓународни институции.

тела и пратениците, се регулирани со член 238 од Деловникот за работата на Собранието, а организацијата и начинот на функционирање се утврдени со Правилникот за внатрешна организација и делокруг и со Правилникот за систематизација на работните места во Службата.

Службата на Собранието перманентно е вклучена во обезбедување на стручна помош на пратениците во извршувањето на нивните пратенички

Со Службата раководи генералниот секретар Александар Новакоски а негови заменици се: Рокса Георгиевска и Фелек Касами

СЛУЖБА

Во текот на извештајниот период, Службата на Собранието на Република Македонија, стручно и професионално одговори на поставените работни обврски, не само во рамките на секторските задачи, туку и на побарувањата на пратениците, пратеничките групи, работните тела на Собранието и надворешни домашни и меѓународни организации и асоцијации.

Периодот ноември 2004 до октомври 2005 година, генерално беше обележен со неколку позначајни проектни и програмски активности од меѓународен карактер, во кои Службата беше активно вклучена, пред се, во непосредна функција на хармонизацијата на домашната со европската легислатива, од аспект на надлежностите на Собранието на Република Македонија како највисок законодавен дом. Истовремено, со низа активности, обуки, учества на стручни семинари и преку тематски и наменски студиски престои, Службата се вклучи во тековната функционална и квалитативна реформа на јавната администрација.

ТВИНИНГ ПРОЕКТ

"*Приближување на законодавството во областа на внатрешниот пазар*" *е еден од позначајните проекти, кој во рамките на Твининг инструментот, Република Македонија како држава корисник и Република Словенија како земја членка на ЕУ, заеднички почнаа да го реализираат во средината на септември 2004 година.*

Согласно однапред утврдената методолошка постапка и работна програма институционално поделена на шест компоненти, Собранието беше опфатено во Компонентата 4. Во неа се предвидуваше: организационото прилагодување, и институционалното зајакнување на работните тела, поедноставување на законодавната постапка, промени во внатрешната систематизација на работните места како и правилната распределба на одговорносите помеѓу Владата и Собранието во хармонизацијата на домашното законодавство со acqiis communautaire на Унијата.

Раководител на Компонентата 4 од страна на земјата корисник беше генералниот секретар на Собранието, г. Александар Новакоски.

Во рамките на овој проект, словенечките експерти во повеќе наврати престојуваа во Собранието, пришто, кај генералниот секретар се реализираа бројни работни состаноци на кои се прецизираа активностите и динамиката на нивната реализација. Проектот заврши во месец октомври 2005 година, кога во Владата на

република Македонија имаше презентација на раководителите на сите шест компоненти за планираните и реализираните активности од Твининг проектот.

Исто така, во рамките на овој проект беа предвидени и реализирани три студиски посети од страна на Стручната служба на Собранието на Република Македонија, на Државниот збор на Република Словенија. Генералниот секретар на Собранието ја предводеше првата делегација од Стручната служба, што во месец февруари 2005 година, оствари тридневна посета на Државниот збор. Студискиот престој имаше за цел согледување на поставеноста и организацијата на Службата на Државниот Збор, како и можностите за имплементација на одредени решенија во структурата и организацијата на Службата на Собранието на Република Македонија.

Во рамките на Твининг проектот, во текот на септември, како дел од завршните проектни активности, беше одржан дводневен семинар за Службата и пратениците на Собранието, на тема ´´ Собранието на Република Македонија на патот кон Европската унија преку искуствата на Република Словенија´´ .

Семинарот го отвори претседателот на Собранието, д-р Љупчо Јордановски, а свое излагање имаше и генералниот секретар на Собранието, г. Александар Новакоски.

На семинарот, повеќе еминентни експерти од јавната администрација и од високообразовните институции на Република Словенија го пренесоа искуството на Република Словенија, во подготвувањето и прилагодувањето на Националното Собрание на процесите на европската интеграција, процесот на преговарање , односот помеѓу правото на Европската унија и националното законодавство, транспонирањето на правото на Европската унија во националното законодавство и др. Овие искуства ќе бидат корисни за Собранието како законодавен дом чијашто улога во процесот на приближувањето на Република Македонија кон Европската унија, е од особено значење.

ПРАКТИЧНА РАБОТА НА СТУДЕНТИ ОД УНИВЕРЗИТЕТОТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ ВО СОБРАНИЕТО

Програмата на практиканти од завршните години на факултетите при скопскиот универзитет, е веќе традиционална активност, и во овој извештаен период , по пат на конкурс и со тематско индивидуално интервју е избрана и започна со практицирање во Собранието шестата генерација со 43 практиканти, а втора генерација во целосна надлежност на Собранието. Имено во мај 2005 година со потпишување на Меморандумот за разбирање меѓу NDI и Собранието, претставено од генералниот секретар, програмата е целосно префрлена во надлежност на Собранието на Република Македонија. На оваа свеченост се доделени признанијата на генерацијата 2003/2004 година. Практикантите се распоредени , во најголем дел, во пратеничките групи и во работните тела.

ПРАКТИЧНА РАБОТА НА СТУДЕНТИ ОД УНИВЕРЗИТЕТОТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ВО СОБРАНИЕТО

Во Собранието на Република Македонија беше организирана и координирана практичната работа на студенти од Факултетот за јавна администрација при Универзитетот на Југоисточна Европа.

Имено, во рамките на наставната програма, од Факултетот за јавна администрација, имаше иницијатива студенти кои се при крај со своите студии, да изведуваат практична работа во институциите на Република Македонија.

Група студенти од овој факултет изведуваа практична работа во Собранието на Република Македонија Тие беа распоредени по секторите, со цел да добијат појасна претстава за функционирањето и работата на највисокиот законодавен дом.

По завршување на нивната практична работа, беше извршена евалуација на нивниот ангажманво Собранието, според однапред утврдена методологија на оценување, испратена од Факултетот за јавна администрација.

По завршената практична работа и евалуација имаше и презентација од страна на сите студенти кои беа опфатени и распоредени по државните институции за искуствата стекнати од нивната практична работа. Презентацијата се одржа на Универзитетот на Југоисточна Европа, каде, свое обраќање имаше и генералниот секретар на Собранието кој го поздрави ваквиот начин на соработка меѓу Собранието и УЈЕ.

ОБУКА НА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ

Во функција на реформата , односно усовршувањето на јавната администрација, беа реализирани повеќе обуки на државни службеници од Службата на Собранието и тоа: Високата административа обука, финансирана од Француската влада и од Агенцијата за државни службеници, која се реализираше во Скопје и во Националната школа за администрација (ЕНА) во Париз, Р. Франција,; Програмата за развој на управувачки способности на раководители од среден ранг, организирана во соработка со Проектот за поддршка на реформите во јавната администрација во Република Македонија, Формирање на Центар за континуирана ЕУ обука во рамките на ТЕМПУС проектот.

Исто така, во текот на извештајниот период беа реализирани: ТВИНИНГ семинар за пратеници и Служба на тема: "Собранието на Република Македонија на патот кон Европската унија преку искуствата на Република Словенија", одржан во Собранието на РМ на 19-20 септември 2005 година; ТАЕКС семинар наменет за државите службеници од Собранието, којшто, во организација на Европската комисија-Одделението за

техничка помош, размена и информирање (ТАЕКС) на Генералниот директорат за ЕУ проширувањето, се одржа на 28 септември 2005 година во Скопје и беше посветен на "ЕУ интеграцијата".

Во рамките на обуката на Службата на Собранието се реализирани и повеќе семинари и обуки за информатичко усовршување, како и курсеви за изучување на странски јазици на повеќе нивоа.

Во текот на извештајниот период, Службата на Собранието на Република Македонија оствари извонредна соработка со Националниот демократски институт како и со Канцеларијата за контакт меѓу НВО и Собранието на република Македонија.

1-Раководни државни службеници

2-Стручни државни службеници

3-Стручно-административни државни службеници

4- Работници кои не се државни службеници

Преглед на секторите во Службата на Собранието

назив на секторот	вкупен број на вработени во сектор	Државни службеници			работници кои не се државни службеници
		раково-дни	стручни	стручно-административни	
Кабинет на претседателот на Собранието	*4*	*2*	*-*	*2*	*-*
Сектор на генералниот секретар	*23*	*7*	*12*	*4*	*-*
Сектор за законодавство	*5*	*4*	*1*	*-*	*-*
Сектор за седници на Собранието	*9*	*5*	*2*	*2*	*-*
Сектор за работни тела на Собранието	*17*	*6*	*11*	*-*	*-*
Сектор за истражување и анализа	*6*	*4*	*2*	*-*	*-*
Сектор за меѓународна соработка на Собранието	*3*	*2*	*1*	*-*	*-*
Сектор за документација, библиотека и информатика	*17*	*6*	*5*	*6*	*-*
Сектор за финансиско-материјално работење	*10*	*2*	*-*	*8*	*-*
Сектор за административни и општи работи.	*78*	*6*	*1*	*42*	*29*
ВКУПНО:	*172*	*44*	*35*	*64*	*29*

ВКУПНО: 5227 страници стенограмски белешки

стенограм (стр.)

Преглед на заведени акти во Деловодникот на писарницата и архивата

Преглед на испратени акти и пратки од писарницата и архивата

Преглед на доставени акти за објавување во "Службен весник на Република Македонија"

ИЗВРШЕН ПРЕВОД
3171 страници

ИЗМНОЖЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

Вкупно измножени: А4 формат: 1.645.333 копии

А3 формат: 1.594.780 копии

9. ПРИЛОЗИ

Прилог 1

Преглед на одржани седници

Реден број	Седница на Собранието на Република Македонија	дата	Одржана на	
			ден	час (од -до)
1.	Осумдесет и втора	18.11.2004 09.12.2004 10.12.2004 18.01.2005	-четврток -четврток -петок -вторник	10,00 - 15,15 11,55 - 14,55 11,35 - 16,40 11,00 - 15,58
2.	Осумдесет и трета	06.12.2004 07.12.2004 09.12.2004	-понеделник -вторник -четврток	10,05 - 17,37 10,00 - 17,03 10,00 - 11,55
3.	Оумдесет и четврта	01.12.2004	-среда	11,00 - 11,30
4.	Осумдесет и петта	15.12.2004 16.12.2004 17.12.2004	-среда -четврток -петок	12,00 - 18,25 10,00 - 22,00 10,00 - 13,30
5.	Осумдесет и шеста	27.12.2004 28.12.2004 29.12.2004 30.12.2004 11.01.2005 12.01.2005	-понеделник -вторник -среда -четврток -вторник -среда	11,06 - 19,05 11,00 - 20,00 11,00 - 18,55 10,25 - 15,55 11,00 - 16,35 11,00 - 18,55
6.	Осумдесет и седма	22.12.2004	-среда	12,05 - 12,35
7.	Осумдесет и осма	24.12.2004	-петок	11,05 - 17,00
8.	Осумдесет и деветта	30.12.2004	-четврток	10,00 - 10,25
9.	Деведесетта	24.01.2005 25.01.2005 26.01.2005 01.02.2005	-понеделник -вторник -среда -вторник	11,00 - 16,45 11,00 - 17,10 11,00 - 16,50 11,00 - 14,10
10.	Деведесет и прва	27.01.2005	-четврток	11,00 - 16,00
11.	Деведесет и втора	15.02.2005 16.02.2005 17.02.2005 18.02.2005 18.05.2005	-вторник -среда -четврток -петок -среда	11,00 - 15,30 11,00 - 16,45 11,00 - 17,20 11,00 - 17,40 16,47 - 16,52
12.	Деведесет и трета	04.02.2005	-петок	11,00 - 11,10

13.	**Деведесет и четврта**	20.04.2005 21.04.2005 22.04.2005 26.04.2005 27.04.2005 04.05.2005 05.05.2005 12.05.2005 13.05.2005 31.08.2005 02.09.2005	-среда -четврток -петок -вторник -среда -среда -четврток -четврток -петок -среда -петок	10,00 - 16,55 10,00 - 14,20 10,00 - 15,15 11,00 - 17,00 11,00 - 18,00 11,00 - 16,20 11,00 - 18,00 14,00 - 18,00 14,00 - 18,05 15,20 - 18,00 11,00 - 16,25
14.	**Деведесет и петта**	31.03.2005	-четврток	11,00 - 16,30
15.	**Деведесет и шеста**	28.04.2005	-четврток	10,00 - 17,00
16.	**Деведесет и седма**	18.05.2005 19.05.2005 20.05.2005 25.05.2005 31.05.2005 01.06.2005 14.10.2005	-среда -четврток -петок -среда -вторник -среда -петок	11,00 - 18,00 11,00 - 18,00 11,00 - 18,00 11,00 - 15,20 11,05 - 18,10 11,00 - 18,00 15,00 - 16,00
17.	**Деведесет и осма**	26.05.2005	-четврток	11,00 - 17,10
18.	**Деведесет и деветта**	08.06.2005 09.06.2005 10.06.2005 14.06.2005 15.06.2005 16.06.2005 17.06.2005 15.07.2005 20.07.2005	-среда -четврток -петок -вторник -среда -четврток -петок -петок - среда	11,00 - 18,00 11,00 - 18,20 11,00 - 16,20 11,05 - 17,50 11,00 - 16,25 11,00 - 17,20 14,05 - 18,00 15,10 - 17,52 14,50 - 15,10
19.	**Стотта**	07.06.2005	-вторник	11,02 - 11,07
20.	**Сто и прва**	22.06.2005 23.06.2005 24.06.2005 28.06.2005 29.06.2005 01.07.2005 04.07.2005 07.07.2005 08.07.2005 13.07.2005 14.07.2005 15.07.2005 13.09.2005	-среда -четврток -петок -вторник -среда -петок -понеделник -четврток -петок -среда -четврток -петок -вторник	11,00 - 17,05 11,05 - 17,15 11,00 - 17,30 11,00 - 18,00 11,00 - 17,50 11,00 - 18,40 13,00 - 18,00 11,00 - 18,00 11,00 - 18,00 11,00 - 17,30 11,00 - 17,50 11,00 - 17,36 12,05 - 12,10

21.	**Сто и втора**	30.06.2005	-четврток	11,00 - 17,25
22.	**Сто и трета**	05.07.2005 06.07.2005 21.07.2005 02.09.2005 05.09.2005	-вторник -среда -четврток -петок -понеделник	11,00 - 18,20 11,00 - 18,00 15,00 - 18,00 16,25 - 17,10 11,00 - 17,15
23.	**Сто и четврта**	19.07.2005 20.07.2005 21.07.2005 22.07.2005 27.07.2005 28.07.2005 31.08.2005	-вторник -среда -четврток -петок -среда -четврток -среда	11,00 - 17,00 11,00 - 14,50 11,00 - 14,00 15,00 - 18,20 17,00 - 17,25 11,00 - 18,10 11,00 - 15,20
24.	**Сто и петта**	25.07.2005 26.07.2005 27.07.2005	-понеделник -вторник -среда	11,00 - 18,00 11,00 - 17,50 15,00 - 17,00
25.	**Сто и шеста**	29.07.2005 03.08.2005 04.08.2005	-петок -среда -четврток	11,00 - 17,55 11,00 - 19,40 11,00 - 12,40
26.	**Сто и седма**	13.09.2005 14.09.2005 15.09.2005 16.09.2005 21.09.2005 23.09.2005 27.09.2005 30.09.2005	-вторник -среда -четврток -петок -среда -петок -вторник -петок	11,00 - 16,45 11,00 - 17,55 11,00 - 12,20 11,50 - 17,20 11,00 - 16,00 11,00 - 16,00 11,00 - 16,35 14,00 - 16,50
27.	**Сто и осма**	22.09.2005	-четврток	11,00 - 24,00
28.	**Сто и деветта**	06.10.2005 07.10.2005 12.10.2005 13.10.2005 14.10.2005	-четврток -петок -среда -четврток -петок	11,00 - 18,00 11,00 - 16,50 11,00 - 17,30 11,00 - 16,55 11,00 - 13,25
29.	**Сто и десетта**	29.09.2005	-четврток	11,00 - 18,00
30.	**Сто и единаесетта**	26.10.2005 28.10.2005	-среда -петок	11,00 - 18,00 11,05 - 17,20
31.	**Сто и дванаесетта**	27.10.2005	-четврток	11,05 - 17,00

Прилог 2

Усвоени дневни редови на седниците

Осумдесет и втора седница 18.11.2004 (четврток)

1. Предлог на одлука за огласување на избор на судија на Апелациониот суд во Скопје;
2. Предлог на одлука за огласување на избор на претседатели на основните судови во Гостивар, Делчево, Крива Паланка и Кочани;
3. Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија;
4. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Струмица;
5. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Кочани;
6. Предлог за разрешување на судии поротници на Основниот суд во Велес;
7. Предлог за разрешување на судии поротници на Основниот суд во Прилеп;
8. Предлог за разрешување на судии поротници на Основниот суд во Радовиш;
9. Предлог за разрешување на судии поротници на Основниот суд во Струмица;
10. Предлог за автентично толкување на член 109 точка 1 од Законот за банките;
11. Предлог на одлука за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2005 година;
12. Предлог на финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика за 2005 година;
13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора за заштита на македонското национално малцинство во Србија и Црна Гора и заштита на Српското и Црногорското национално малцинство во Република Македонија, со Предлог на закон;
14. Предлог за донесување на закон за гаранција на Република Македонија на обврските од "Договорот за регулирање на обврските на ЈП Македонски Железници ЦО Скопје кон одредени железнички претпријатија", склучен на 15 јули 2004 година помеѓу ЈП Македонски Железници ЦО Скопје и Меѓународното здружение на железници УИЦ, со Предлог на закон;
15. Предлог на закон за Стопанска комора на Македонија;
16. Нацрт на закон за установите;
17. Предлог за донесување на Закон за парнична постапка:
18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Воена академија, со Предлог на закон;
19. Предлог на закон за изменување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија:
20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници, со Предлог на закон;
21. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Избирачки список, со Предлог на закон;
22. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за избор на претседател на Република Македонија , со Предлог на закон;
23. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, со Предлог на закон;
24. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон;
25. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон;
26. Предлог за донесување на закон за телекомуникации;
27. Предлог на закон за вршење на психолошка дејност;
28. Предлог за избор на заменици на Народниот правобранител.

Осумдесет и трета седница 06.12.2004 (понеделник)

1. Предлог за избор на судија на Уставниот суд на Република Македонија;
2. Предлог за избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија;
3. Предлог за избор на судии на Апелациоиите судови во Скопје и Штип:
4. Предлог за избор на претседател на Основниот суд во Дебар;
5. Предлог за избор на судии на основните судови во Битола, Гостивар, Крива Паланка, Куманово, Прилеп, Радовиш, Скопје 1- Скопје и Тетово;
6. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд Скопје 1- Скопје;
7. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд Скопје 2- Скопје;
8. Предлог за разрешување на претседател на Основниот суд во Кичево;
9. Предлог за разрешување судии на основните судови во Дебар, Кочани и Струмица;
10. Предлог на одлука за именување заменик на Генералниот директор на ЈП на МРТВ;
11. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели и заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
12. Предлог на одлука за разрешување и именување претседатели и членови на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев";
13. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија;
14. Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Свети Николе;
15. Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Кочани, Радовиш, Струмица и Тетово;
16. Предлог за разрешување потпретседател на Собранието на Република Македонија;
17. Предлог за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија;
18. Предлог на одлука за оснивање на Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;
19. Предлог за донесување Закон за ратификација на Европската социјална повелба и Протоколот со кој се врши измена и дополнување на Европската социјална повелба, со Предлог на закон;
20. Предлог за донесување закон за девизна инспекција, со Предлог на закон;
21. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите, со Предлог на закон;
22. Предлог на закон за спречување насилство и недостојно однесување на спортските натпревари;
23. Годишен извештај за извршените ревизии и за работа на Државниот завод за ревизија за 2003 година;
24. Информација за состојбата со системот "Спас на Дојранското Езеро".

Осумдесет и четврта седница 01.12.2004 (среда)

1. Предлог на одлука за испраќање на единици на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак.

Осумдесет и петта седница 15.12.2004 (среда)

1. Избор на Влада на Република Македонија

Осумдесет и шеста седница 27.12.2004 (понеделник)

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија;
2. Предлог на Буџет на Република Македонија за 2005 година;
3. Предлог за донесување на закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година, со Предлог на закон;
4. Предлог за донесување на закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2005 година, со Предлог на закон;
5. Предлог на програма за користење на средствата остварени со приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал за 2005 година;
6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за буџетите, со Предлог на закон;
7. Предлог за донесување на закон за изменување на законот за хартии од вредност, со Предлог на закон;
8. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за финансирање на единиците за локална самоуправа, со Предлог на закон;
9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход, со Предлог на закон;
10. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите, со Предлог на закон;
11. Предлог на закон за заштита на конкуренцијата;
12. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за авторско право и сродните права;
13. Предлог на програма за формирање на стоковите резерви за периодот 2005 - 2007 година;
14. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон;
15. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон;
16. Предлог на закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост;
17. Предлог за донесување на закон за буџетите;
18. Предлог за донесување на Царински закон;
19. Предлог за донесување на закон за јавен долг;
20. Предлог за донесување на закон за ревизија;
21. Предлог за донесување на закон за хартии од вредност;
22. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за договорен залог;
23. Барање за давање на автентично толкување на член 350 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, поднесено од пратеникот, Исмет Рамадани;
24. Барање за давање на автентично толкување на членовите 47, 60 и 104 став 4 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Република Македонија, поднесено од пратениците Зоран Шапуриќ и Андреј Жерновски.

Осумдесет и седма седница 22.12.2004 (среда)

-На оваа седница, претседателот на Република Македонија, г. Бранко Црвенковски, ќе му се обрати на Собранието.

Осумдесет и осма седница 24.12.2004 (петок)

1. Верификација на мандат на пратеник на Собранието на Република Македонија;
2. Предлог за именување заменици на министри;
3. Предлог за именување на директор на Агенцијата за државни службеници;
4. Предлог за избор на Народен правобранител.

Осумдесет и деветта седница 30.12.2004 (четврток)

1. Предлог за донесување по итна постапка на закон за изменување на Законот за домување, со Предлог на закон.

Деведесетта седница 24.01.2005 (понеделник)

1. Предлог на одлука за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување за локалните избори 2005 година;
2. Предлози за разрешување на судии на Врховниот суд на Република Македонија;
3. Предлог за разрешување на претседател на Основниот суд во Струмица;
4. Предлог за избор на судии-поротници во Апелациониот суд во Скопје;
5. Предлог за избор на судии-поротници во Апелациониот суд во Штип;
6. Предлог за избор на судии-поротници во Основниот суд во Берово;
7. Предлог за избор на судии-поротници во Основниот суд во Битола;
8. Предлог за избор на судии-поротници во Основниот суд во Виница;
9. Предлог за избор на судии-поротници во Основниот суд во Кавадарци;
10. Предлог за избор на судии-поротници во Основниот суд во Кочани;
11. Предлог за избор на судии-поротници во Основниот суд во Кратово;
12. Предлог за избор на судии-поротници во Основниот суд во Крива Паланка;
13. Предлог за избор на судии-поротници во Основниот суд во Неготино;
14. Предлог за избор на судии-поротници во Основниот суд во Ресен;
15. Предлог за избор на судии-поротници во Основниот суд во Радовиш;
16. Предлог за избор на судии-поротници во Основниот суд во Свети Николе;
17. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици на членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа;
18. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
19. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседателот, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија;
20. Предлог на одлука за именување членови на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;
21. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, потпретседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата;
22. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Апелациониот суд во Скопје;
23. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Основните судови во Дебар, Кочани, Радовиш, Скопје 1- Скопје, Скопје 2- Скопје и Струмица;
24. Предлог за избор на потпретседател на Собранието на Република Македонија;
25. Предлог на закон за заштита на личните податоци;
26. Предлог на закон за оружје;
27. Предлог за донесување на закон за заштита на сведоци;
28. Предлог за донесување на закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер;
29. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматската обработка на лични податоци, со Предлог на закон;
30. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за соработка меѓу Република Македонија и Република Хрватска во контекст на приближување и пристапување во Европската Унија, со Предлог на закон;
31. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за основање на Културно-информативен центар на Република Македонија во Софија и Културно-информативен центар на Република Бугарија во Скопје, со Предлог на закон;
32. Предлог на закон за користење и располагање со стварите на државните органи;

33. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за данок на додадена вредност, со Предлог на закон;
34. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија, со Предлог на закон;
35. Предлог за донесување на закон за амнестија, со Предлог на закон;
36. Барање за давање автентично толкување на член 95 од Законот за локална самоуправа (Службен весник, бр.5/2002), поднесено од градоначалникот на општина Штип.

Деведесет и прва седница 27.01.2005 (четврток)

-На седница беа поставувани пратенички прашања.

Деведесет и втора седница 15.02.2005 (вторник)

1. Предлог за разрешување заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје;
2. Предлог за избор на претседатели на основните судови во Скопје 1- Скопје, Куманово и Тетово;
3. Предлог за избор на судии на основните судови во Скопје 1- Скопје, Тетово, Велес, Кавадарци и Струмица;
4. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Делчево;
5. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Куманово;
6. Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на претседатели, заменици на претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
7. Предлог на одлука за избор на претседател, потпретседатели, членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;
8. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Комисијата за заштита на конкуренцијата;
9. Предлог на одлука за огласување избор на судии на Врховниот судна Република Македонија;
10. Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Основниот суд во Струмица;
11. Предлог на закон за општа управна постапка;
12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија, со Предлог на закон;
13. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за лична карта;
14. Предлог за донесување на закон за електронски комуникации, со Предлог на закон;

Деведесет и трета седница 04.02.2005 (петок)

1. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан.

Деведесет и четвртта седница 20.04.2005 (среда)

1. Верификација на мандати на пратеници во Собранието на Република Македонија;
2. Предлог на одлука за именување на претседател и членови на комисијата за електронски комуникации;

3. Интерпелација за работата на министерот за надворешни работи госпоѓа Илинка Митрева;
4. Предлог за разрешување на судии на Апелационите судови во Скопје и Битола;
5. Предлог за разрешување на судии на Основниот суд Скопје 2- Скопје;
6. Предлог за разрешување заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Скопје;
7. Предлог за разрешување заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Тетово;
8. Предлог за разрешување на судии поротници во Основниот суд Скопје 1- Скопје;
9. Предлог за разрешување на судии поротници на Основниот суд во Кичево;
10. Предлог за разрешување на судии поротници на Основниот суд во Охрид;
11. Предлог за разрешување на судии поротници на Основниот суд во Струга;
12. Предлог за именување член на Советот на Народна банка на Република Македонија;
13. Предлог на одлука за огласување именување заменици на јавните обвинители во основните јавни обвинителства;
14. Предлог на одлука за огласување именување на јавни обвинители во основните јавни обвинителства во Берово и Кичево;
15. Предлог на одлука за огласување именување на јавни обвинители во вишите јавни обвинителства во Битола и Скопје;
16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Амандман на Договорот за основање на Европска банка за обнова и развој, со Предлог на закон;
17. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за забрана или ограничување на употребата на мини, стапици и други средства, дополнет на 3 мај 1996 година (Протокол 2 дополнет на 3 мај 1996 година), со Предлог на закон;
18. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за пристапување на Европската заедница кон Меѓународната конвенција на Еуроконтрол за соработка во безбедноста на воздушниот сообраќај од 13 декември 1960 година, со разните измени и дополнувања и утврдена со Протоколот од 27 јуни 1997 година, со Предлог на закон;
19. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот број 14 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи за измена на контролниот механизам на Конвенцијата, со Предлог на закон;
20. Предлог за донесување на закон за ратификација на Женевскиот акт на Хашкиот договор кој се однесува на меѓународната регистрација на индустрискиот дизајн, со Предлог на закон;
21. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за соработка во борбата против тероризмот, организираниот криминал, недозволената трговија со наркотични дроги, психотропски супстанции и прекурсори, илегалната миграција и други нелегални активности, со Предлог на закон;
22. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанија за воспоставување на меѓународна езерска патничка линија Охрид - Подградец, со Предлог на закон;
23. Предлог на закон за управување со кризи;
24. Предлог на закон за установите;
25. Предлог на закон за извршување;
26. Предлог на закон за здравје на растенијата;
27. Предлог за донесување на закон за Трансформација на Јавното претпријатие "Македонски железници" - Ц.О Скопје, со Предлог на закон;
28. Предлог за донесување на закон за железници;
29. Предлог за донесување на закон за поништување на локалните избори одржани на 13 март 2005 година во општините Липково, Арачиново, Чаир, Студеничани, Гостивар, Тетово, Кичево, Струга, Дебар, Осломеј, Зајас, Боговиње, Теарце, Желино, Брвеница, Јегуновце, со Предлог на закон;
30. Предлог за донесување на закон за ограничување на потрошувачката на тутунски производи;

31. Предлог на одлука за распишување на референдум во Република Македонија;
32. Годишен извештај за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во 2004 година;
33. Извештај за преземените мерки и активности од Владата на Република Македонија за санирање на состојбите и ублажување на последиците од елементарните непогоди што ја зафатија земјата во месец јуни, јули и август 2004 година.

Деведесет и петта седница 31.03.2005 (четврток)

-На седницата беа поставувани пратенички прашања.

Деведесет и шеста седница 28.04.2005 (четврток)

-На седницата беа поставувани пратенички прашања.

Деведесет и седма седница 18.05.2005 (среда)

1. Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија;
2. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Гевгелија;
3. Предлог за разрешување на заменик на јавниот обвинител на Вишото јавно обвинителство во Штип;
4. Предлог за избор на судии на апелационите судови во Скопје и Битола;
5. Предлози за избор на претседатели на основните судови во Гостивар, Делчево и Кочани;
6. Предлози за избор на судии на основните судови во Кичево, Куманово, Гостивар, Прилеп, Крива Паланка и Струга;
7. Предлог за избор на судии поротници во Апелациониот суд во Битола;
8. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Дебар;
9. Предлог за избор на судии поротници во Основниот суд во Струга;
10. Предлог на одлука за огласување избор на судии на апелационите судови во Битола и Скопје;
11. Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Битола, Скопје 2 - Скопје и Скопје 1 - Скопје;
12. Предлози за разрешување и именување на членови на Комисијата за хартии од вредност;
13. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
14. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија;
15. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија;
16. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за оснивање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка;
17. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф и членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарната димензија на Централноевропската иницијатива;
18. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците;

19. Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за именување на претседател и членови на Комисијата за електронски комуникации;
20. Предлог на одлука за разрешување на член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;
21. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври";
22. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Албанијаза преземање на лица,со Предлог на закон:
23. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Картагенскиот протокол за биосигурност кон Конвенцијата за биолошка разновидност, со Предлог на закон;
24. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за акцизи, со Предлог на закон;
25. Предлог на закон за заштита на сведоци;
26. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за плата и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката, со Предлог на закон;
27. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија, со Предлог на закон;
28. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за заем за Проектот за катастар и регистрација на недвижности, со Предлог на закон;
29. Предлог за донесување на закон за престанување на важење на Законот за овластување на организација за изработка на книжни и ковани пари, со Предлог на закон;
30. Предлог за донесување на закон за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, со Предлог на закон;
31. Предлог на Царински закон;
32. Предлог за донесување на закон за соработка со Меѓународниот кривичен суд во Хаг, со Предлог на закон;
33. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за заштита од пушењето, со Предлог на закон;
34. Барање за давање автентично толкување на член 1, а во врска со одредбите на член 11, став 6 и член 44 од Законот за акцизите, поднесено од пратеникот Славица Станковска;
35. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика,со Предлог на закон;
36. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за водите,со Предлог на закон;
37. Годишен извештај за работата на Народниот правобранител во 2004 година;
38. Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2004 година;
39. Извештај за работата на јавните обвинителства во Република Македонија во 2004 година;
40. Интерпелација за работата на министерот за правда, Г-ѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Деведесет и осма седница 26.05.2005 (четврток)

-На седницата беа поставувани пратенички прашања.

Деведесет и деветта седница 08.06.2005 (среда)

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија;
2. Предлог за донесување на закон за работни односи;

3. Предлог за избор на член на Републичкиот судски совет;
4. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
5. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменици на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија;
6. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за оснивање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка;
7. Предлог на одлука за именување на претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за решавање на жалби од областа на конкуренцијата;
8. Предлог на одлука за изменување на Одликата за разрешување и именување на членови на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на Јавното претпријатие Македонска радиотелевизија;
9. Предлог на одлука за изменување на одлуката за именување на претседател , потпретседател и членови на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата;
10. Предлог за разрешување на претседател на Апелациониот суд во Штип;
11. Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Скопје;
12. Предлог за разрешување на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Штип;
13. Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Тетово, Битола, Гевгелија, Скопје 1- Скопје и Скопје 2- Скопје;
14. Предлог на одлуказа огласување именување заменик на јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство во Штип;
15. Предлог за избор на заменици на Народниот правобранител;
16. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија од една страна и Европските заедници и нивните земји членки од друга страна за Рамковна спогодба меѓу Република Македонија и Европската заедница за генералните принципи за учество на Република Македонија во програмите на заедницата, со Предлог на закон;
17. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија од една страна и Европските заедници и нивните земји членки од друга страна за да се земе во предвид пристапувањето на Чешката Република, Република Естонија, Република Кипар, Република Унгарија, Република Латвија, Република Литванија, Република Малта, Република Полска, Република Словенија и Словачката Република во Европската Унија, со Предлог на закон;
18. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата за развој на соработката меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија, со Предлог на закон;
19. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Спогодбата за развој на соработката меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Државата Израел за соработка во областа на културата, образованието и науката, со Предлог на закон;
20. Предлог за донесување на Закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министри на Република Албанија за заштита и одржлив развој на Охридското Езеро и на неговиот слив, со Предлог на закон;
21. Предлог на годишна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2004 година;
22. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за експропријација, со Предлог на закон;
23. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по финансискиот договор за заем што ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на Проектот за изградба на трафостаници во Република Македонија, со Предлог на закон;

24. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по финансискиот договор за заем што ќе се склучи меѓу Европската инвестициона банка и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на Проектот за изградба на 400 КВ далекувод од Штип (Република Македонија) до Црвена Могила (Република Бугарија), со Предлог на закон;
25. Предлог за донесување на закон за учебниците во основното и средното образование;
26. Предлог за донесување на закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија;
27. Предлог за донесување на закон за тутун и тутунски производи;
28. Предлог за донесување на закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните;
29. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Јавното претпријатие Македонска Радио-телевизија, со Предлог на закон;
30. Информација за состојбите и последиците на граѓаните од кризните региони , претрпени од воените дејствија во 2001 година;
31. Информација за системски мерки - императив за надминување на млечните кризи.

Стота седница 07.06.2005 (вторник)

1. Предлог на одлука за испраќање на единиците на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Ирак.

Сто и прва седница 22.06.2005 (среда)

1. Предлог за избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија;
2. Предлог за избор на претседатели на основните судови на Крива Паланка и Свети Николе;
3. Предлог за избор на судии во основните судови во Кочани, Радовиш, Струмица и Тетово;
4. Предлог за избор на судии-поротници во Основниот суд во Струга;
5. Предлог за именување директор на Дирекцијата за заштита на личните податоци;
6. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
7. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на шеф, членови и заменици на членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа;
8. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка;
9. Предлог на закон за животна средина;
10. Предлог на закон за парнична постапка;
11. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи;
12. Предлог на закон за ученичкиот стандард;
13. Предлог за донесување на закон за просветна инспекција, со Предлог на закон;
14. Предлог на закон за градење;
15. Предлог на закон за просторно и урбанистичко планирање;
16. Предлог за донесување на закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, со Предлог на закон;
17. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на сведоци, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства, со Предлог на закон;
19. Иницијатива за собирање на 150000 потписи на избирачи за распишување на законодавен (дополнителен) референдум, за преоценување на Законот за преобразба на Електростопанство на Македонија - акционерско друштво за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија во државна сопственост.

Сто и втора седница 30.06.2005 (четврток)

-На седницата беа поставувани пратенички прашања.

Сто и трета седница 05.07.2005 (вторник)

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија;
2. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
3. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за оснивање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка;
4. Предлог на одлука за разрешување на членови на Советот за радиодифузија;
5. Предлог на одлука за огласување избор на претседател на Апелациониот суд во Штип;
6. Предлог на одлука за огласување избор на судии на апелационите судови во Скопје и Битола;
7. Предлог на одлука за огласување именување јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Штип;
8. Предлог на одлука за огласување именување заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Кавадарци;
9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Република Македонија и Европската Унија за безбедносните процедури за размена на класифицирани информации, со Предлог на закон;
10. Предлог за донесување на закон за ратификација на Ревидираната Европска конвенција за заштита на археолошко наследство, со Предлог на закон;
11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за измени на Европската Конвенција за спречување на тероризмот, со Предлог на закон;
12. Предлог за донесување на закон за ратификација на Дополнителниот протокол на конвенцијата за компјутерски криминал за инкриминација на дела од расистички и ксенофобички вид по пат на информатички систем, со Предлог на закон;
13. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Бугарија за отварање на нов меѓународен патен граничен премин меѓу двете земји, со Предлог на закон;
14. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија, со Предлог на закон;
15. Предлог за донесување на закон за Академија за обука на судии и обвинители, со Предлог на закон;
16. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование, со Предлог на закон;
17. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование, со Предлог на закон;
18. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за основно образование, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за ограничување на изворите за финансирање на јавните потреби за 2005 година, со Предлог на закон;
20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија, со Предлог на закон;
21. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за денационализација, со Предлог на закон;
22. Предлог за донесување на закон за основање на Агенцијата за енергетика на Република Македонија, со Предлог на закон;
23. Предлог за донесување на закон за Бирото за развој на образованието, со Предлог на закон;
24. Предлог за донесување на закон за просветната инспекција, со Предлог на закон;
25. Предлог на декларација за неменување на уставното име на Република Македонија.

Сто и четврта седница 19.07.2005 (вторник)

1. Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Штип;
2. Предлог за разрешување на судија во Основниот суд во Куманово;
3. Предлог за разрешување на судија во Основниот суд во Охрид;
4. Предлог за избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија;
5. Предлог за избор на судии на Апелациониот суд во Скопје;
6. Предлог за избор на претседател на Основниот суд во Струмица;
7. Предлог за избор на судии во основните судови во Скопје 1-Скопје, Скопје 2-Скопје, Струмица, Кочани, Радовиш и Дебар;
8. Предлог на одлука за избор на членови на Советот за радиодифузија;
9. Предлог на одлука за дополнување на Одлуката за именување претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за решавање на жалби во областа на конкуренцијата;
10. Предлог на закон за работни односи;
11. Предлог на закон за буџетите;
12. Предлог на закон за јавен долг;
13. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита, со Предлог на закон;
14. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица, со Предлог на закон;
15. Предлог за донесување на закон за радиодифузна дејност;
16. Извештај за работата на Јавното претпријатие Македонска радиотелевизија во периодот мај 2004 - мај 2005 година;
17. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал, со Предлог на закон;
18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешна пловидба, со Предлог на закон;
19. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за избирачкиот список, со Предлог на закон;
20. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавните собири, со Предлог на закон.

Сто и петта седница 25.07.2005 (понеделник)

1. Барање за давање на автентично толкување на член 54, став 3, а во врска со ставовите 4, 5, 6 и 7 од овој член и членот 52, став 5 од Законот за локална самоуправа, поднесено од Советот на Општина Шуто Оризари;

2. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година;
3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за комунални такси, со Предлог на закон;
4. Предлог на закон за железници;
5. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон;
6. Предлог за донесување на Закон за пратеници, со Предлог на закон;
7. Предлог на одлука за оснивање на Анкетна комисија за испитување на причините и последиците од стечајот на Експорт-Импорт Банка;
8. Мислење на Комитетот за односи меѓу заедниците по Стратегијата за Ромите во Република Македонија.

Сто и шеста седница 28.07.2005 (петок)

1. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција во Авганистан;
2. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија медицински тим за учество во мировната операција во Авганистан;
3. Утврдување на Нацртот на амандманите од 20 до 34 на Уставот на Република Македонија.

Сто и седма седница 13.09.2005 (вторник)

1. Предлог за разрешување на судија во Основниот суд Скопје 1 - Скопје;
2. Предлог за именување вицегувернер на Народната банка на Република Македонија;
3. Предлог за именување член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија;
4. Предлог на одлука за огласување избор на судии на апелационите судови во Битола, Скопје и Штип;
5. Предлог на одлука за избор на судии на основните судови во Куманово, Охрид, Скопје и Скопје и Тетово;
6. Предлог на закон за дополнување на Кривичниот законик;
7. Предлог на закон за ревизија;
8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Босна и Херцеговина за социјално осигурување, со Предлог на закон;
9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за статусот и активностите на Регионалниот центар на Регионалната иницијатива за миграции, азил и бегалци МАРРИ со седиште во Скопје, со Предлог на закон;
10. Предлог за донесување на закон за ратификација на Дополнителниот протокол за Казнената конвенција за корупција, со Предлог на закон;
11. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за привилегии и имунитети на Меѓународниот кривичен суд, со Предлог на закон;
12. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за основното образование, со Предлог на Закон;
13. Предлог за донесување на закон за Управата за јавни приходи, со Предлог на закон;
14. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за Царинската управа, со Предлог на закон;
15. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за заем за Проектот за реформа на деловното окружување и институционално зајакнување, со Предлог на закон;
16. Предлог за донесување на закон за даночна постапка;

17. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници, со Предлог на закон;
18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници, со Предлог на закон;
19. Предлог на закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните;
20. Предлог за донесување на закон за извршување на санкциите;
21. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина, со Предлог на закон;
22. Предлог на закон за воздухопловство;
23. Национална стратегија за развој на информатичко општество;
24. Предлог за донесување на закон за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба, со Предлог на закон;
25. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за техничката инспекција, со Предлог на закон;
26. Предлог за донесување на закон за стечај;
27. Предлог за донесување на закон за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица, со Предлог на закон;
28. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за задругите, со Предлог на закон;
29. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, со Предлог на закон;
30. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за стопанските комори, со Предлог на закон;
31. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за културата, со Предлог на закон
32. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, со Предлог на закон;
33. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, со Предлог на закон;
34. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување, со Предлог на закон;
35. Предлог на закон за пратениците;
36. Предлог на закон за изменување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија;
37. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон;
38. Предлог за донесување на закон за основање на државен универзитет "Гоце Делчев" во Штип, со Предлог на закон;
39. Предлог за донесување на Закон за амнестија, со Предлог на закон.

Сто и осма седница 22.09.2005 (четврток)

1. Прашање за доверба на Владата на Република Македонија.

Сто и деветта седница 06.10.2005 (четврток)

1. Предлог за разрешување на судија на Врховниот суд на Република Македонија;
2. Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Охрид;

3. Предлог за именување на член на Советот на Народната банка на Република Македонија;
4. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
5. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија;
6. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател, заменик на претседателот, членови и нивни заменици на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија;
7. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка;
8. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мито Хаџи Василев - Јасмин";
9. Предлог на одлука за избор на претседател и членови на анкетната комисија за испитување на причините и последиците од стечајот на Експорт-импорт банка врз Буџетот на Република Македонија;
10. Предлог на одлука за огласување избор на претседатели на основните судови во Берово, Велес, Виница, Гевгелија, Кавадарци, Кичево, Неготино, Прилеп, Радовиш, Ресен и Скопје 2-Скопје;
11. Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Скопје 1 - Скопје и Струмица;
12. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија;
13. Предлог за донесување на закон за надворешни работи;
14. Предлог за донесување на закон за задолжително осигурување во сообраќајот, со Предлог на закон;
15. Предлог за донесување на закон за безбедност во железничкиот сообраќај;
16. Предлог за донесување на закон за основање на Агенција за железнички сообраќај и транспорт;
17. Предлог за донесување на закон за странците;
18. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, со Предлог на закон;
19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование, со Предлог на закон;
20. Барање за давање на автентично толкување на членот 13 став 2 и член 22 од Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства, поднесено од пратеникот Марија Којзеклиска;
21. Предлог на декларација за поддршка на борбата против корупцијата во Република Македонија.

Сто и десетта седница 29.09.2005 (четврток)

-На седницата беа поставувани пратенички прашања

Сто и единаесетта седница 26.10.2005 (среда)

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија;
2. Предлог за избор на претседател на Апелациониот суд во Штип;
3. Предлог за избор на судии во апелационите судови во Скопје и Битола;
4. Предлог за избор на судии во основните судови во Битола, Гевгелија, Скопје 1-Скопје, Скопје 2-Скопје, Струмица и Тетово.
5. Предлог на одлука за огласување избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија;
6. Предлог на одлука за огласување избор на судии на основните судови во Прилеп, Куманово, Крива Паланка и Охрид;
7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија со цивилни воздухоплови, со Предлог на закон;
8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Белорусија за одбегнување на двојното оданочување и заштита од фискална евазија по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон;
9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Шпанската Влада за одбегнување на двојното оданочување и заштита од фискална евазија по однос на данокот на доход и данокот на капитал, со Предлог на закон;
10. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за украдените или незаконски извезени културни добра, со Предлог на закон;
11. Предлог на закон за хартии од вредност;
12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси, со Предлог на закон;
13. Предлог за донесување на закон за полиција.
14. Предлог за донесување на закон за филмскиот фонд на Република Македонија;
15. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за водните заедници, со Предлог на закон;
16. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за водостопанствата, со Предлог на закон;
17. Барање за давање автентично толкување на член 9 точка 1 од Законот за денационализација, поднесено од пратеникот Ристе Бислимовски;
18. Предлог на декларација Земја по мерка на децата;
19. Предлог на закон за радиодифузната дејност;

Сто и дванаесетта седница 27.10.2005 (четврток)

-На седницата беа поставувани пратенички прашања.

Прилог 3

ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ

Реден број	акт	предлагач	постапка	број на седница - дата
1.	Закон за гаранција на Република Македонија на обврските од "Договорот за регулирање на обврските на ЈП Македонски Железници ЦО Скопје кон одредени железнички претпријатија", склучен на 15 јули,2004 година помеѓу ЈП Македонски Железници ЦО Скопје и Меѓунар. здружение на железници УИЦ	Влада	скратена	82 18.11.2004
2.	Закон за спречување насилство и недостојно однесување на спортските натпревари	Влада	редовна	83 07.12.2004
3.	Закон за девизна инспекција	Влада	скратена	83 07.12.2004
4.	Закон за изменување и дополнување на Законот за шумите	Влада	скратена	83 07.12.2004
5.	Закон за Стопанска комора на Македонија	Влада	редовна	82 09.12.2004
6.	Буџет на Република Македонија за 2005 година	Влада	редовна	86 29.12.2004
7.	Закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година	Влада	скратена	86 30.12.2004
8.	Закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2005 година	Влада	скратена	86 30.12.2004
9.	Закон за изменување и дополнување на законот за буџетите	Влада	скратена	86 30.12.2004
10.	Закон за изменување на законот за хартии од вредност	Влада	скратена	86 30.12.2004
11.	Закон за изменување на законот за финансирање на единиците за локална самоуправа	Влада	скратена	86 30.12.2004
12.	Закон за изменување и дополнување на законот за персонален данок на доход	Влада	скратена	86 30.12.2004
13.	Закон за изменување и дополнување на законот за акцизите	Влада	скратена	86 30.12.2004
14.	Закон за изменување на законот за домување	Влада	итна	89 30.12.2004

15.	Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност	Влада	скратена	86 11.01.2005
16.	Закон за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување	Влада	скратена	86 11.01.2005
17.	Закон за заштита на конкуренцијата	Влада	редовна	86 11.01.2005
18.	Закон за изменување и дополнување на Законот за авторско право и сродните права	Влада	редовна	86 12.01.2005
19.	Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост	Влада	редовна	86 12.01.2005
20.	Закон за изменување и дополнување на Законот за договорен залог	Ангелка П. Лауренчиќ Зоран Томиќ Аднан Јашари Зоран Шапуриќ	редовна	86 12.01.2005
21.	Закон за изменување и дополнување на Законот за воена академија	Влада	скратена	82 18.01.2005
22.	Закон за вршење на Психолошка дејност	Ана Андова Јордан Михајловски Коста Прешоски Киро Дојчиновски Нелко Стојановски Каме Петров	редовна	82 18.01.2005
23.	Закон за заштита на личните податоци	Влада	редовна	90 25.01.2005
24.	Закон за оружје	Влада	редовна	90 25.01.2005
25.	Закон за користење и располагање со стварите на државните органи	Влада	редовна	90 01.02.2005
26.	Закон за изменување и дополнување на Законот за територијална поделба на локалната самоуправа во Република Македонија	Влада	скратена	92 17.02.2005
27.	Закон за изменување на Законот за лична карта	Влада	скратена	92 17.02.2005
28.	Закон за електронски комуникации	Влада	скратена	92 18.02.2005
29.	Закон за управување со кризи	Влада	редовна	94 22.04.2005
30.	Закон за здравје на растенијата	Влада	редовна	94 26.04.2005
31.	Закон за Трансформација на Јавното претпријатие "Македонски Железници" - Ц.О Скопје	Влада	скратена	94 26.04.2005

32.	Закон за установите	Влада	редовна	94 05.05.2005
33.	Закон за извршување	Влада	редовна	94 05.05.2005
34.	Закон за општа управна постапка	Влада	редовна	92 18.05.2005
35.	Закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите	Влада	скратена	97 19.05.2005
36.	Закон за заштита на сведоци	Влада	редовна	97 19.05.2005
37.	Закон за изменување на Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката	Влада	скратена	97 19.05.2005
38.	Закон за дополнување на Законот за исплата на плати во Република Македонија	Влада	скратена	97 19.05.2005
39.	Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за заем за Проектот за катастар и регистрација на недвижности	Влада	скратена	97 19.05.2005
40.	Закон за престанување на важење на Законот за овластување на организација за изработка на книжни и ковани пари	Влада	скратена	97 19.05.2005
41.	Закон за царински мерки за заштита на права на интелектуална сопственост	Влада	скратена	97 19.05.2005
42.	Царински закон	Влада	редовна	97 19.05.2005
43.	Закон за изменување на Законот за заштита од пушењето	пратеници: Иван Атанасовски Славица Станковска Славица Грковска	скратена	97 20.05.2005
44.	Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика	Влада	скратена	97 25.05.2005
45.	Закон за изменување и дополнување на Законот за води	Влада	скратена	97 31.05.2005
46.	Закон за дополнување на Законот за експропријација	Влада	скратена	99 14.06.2005
47.	Закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по финансискиот договор за заем што ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на Проектот за изградба на трафостаници во Република Македонија	Влада	скратена	99 14.06.2005

48.	Закон за изменување и дополнување на Законот за гаранција на Република Македонија по финансискиот договор за заем што ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Електростопанство на Македонија А.Д. за реализација на Проектот за изградба на 400 КВ далекувод од Штип (Република Македонија) до Црвена Могила (Република Бугарија)	Влада	скратена	99 14.06.2005
49.	Закон за животна средина	Влада	редовна	101 22.06.2005
50.	Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи	Влада	итна	101 23.06.2005
51.	Закон за ученички стандард	Влада	редовна	101 23.06.2005
52.	Закон за просветна инспекција	Влада	скратена	101 23.06.2005
53.	Закон за градење	Влада	редовна	101 24.06.2005
54.	Закон за просторно и урбанистичко планирање	Влада	редовна	101 28.06.2005
55.	Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование	Влада	скратена	103 05.07.2005
56.	Закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование	Влада	скратена	103 05.07.2005
57.	Закон за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија	Влада	скратена	103 06.07.2005
58.	Закон за изменување и дополнување на Законот за ограничување на изворите за финансирање на јавните потреби за 2005 година	Влада	скратена	103 06.07.2005
59.	Закон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија	Влада	скратена	101 15.07.2005
60.	Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на сведоци	Влада	скратена	101 15.07.2005
61.	Закон за изменување и дополнување на Законот за правата на прогонуваните и затвораните лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и на членовите на нивните семејства	Блаже Стојановски Спире Мавровски Елеонора П.Митевска Цветанка Иванова Лилјана Поповска Никола Груевски Роза Т. Каревска Силвана Бонева	скратена	101 15.07.2005

62.	Закон за изменување и дополнување на Законот за Народна банка на Република Македонија	Влада	скратена	103 21.07.2005
63.	Закон за основање на Агенцијата за енергетика на Република Македонија	Влада	скратена	103 21.07.2005
64.	Закон за работни односи	Влада	редовна	104 22.07.2005
65.	Закон за буџетите	Влада	редовна	104 22.07.2005
66.	Закон за јавен долг	Влада	редовна	104 22.07.2005
67.	Закон за изменување и дополнување на Законот за социјална заштита	Влада	скратена	104 22.07.2005
68.	Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица	Влада	скратена	104 22.07.2005
69.	Изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2005 година	Влада	редовна	105 26.07.2005
70.	Закон за изменување и дополнување на Законот за комунални такси	Влада	скратена	105 26.07.2005
71.	Закон за железници	Влада	редовна	105 26.07.2005
72.	Закон за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување	Група од 13 пратеници	скратена	105 26.07.2005
73.	Закон за пратеници	Група од 13 пратеници	скратена	105 26.07.2005
74.	Закон за радиодифузна дејност	Влада	редовна	104 28.07.2005
75.	Закон за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал	Влада	скратена	104 31.08.2005
76.	Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешна пловидба	Влада	скратена	104 31.08.2005
77.	Закон за изменување на Законот за избирачкиот список	Влада	скратена	104 31.08.2005
78.	Закон за парнична постапка	Влада	редовна	101 13.09.2005
79.	Закон за дополнување на Кривичниот законик	Влада	итна	107 13.09.2005
80.	Закон за ревизија	Влада	редовна	107 13.09.2005
81.	Закон за дополнување на Законот за основното образование	Влада	скратена	107 13.09.2005
82.	Закон за Управата за јавни приходи	Влада	скратена	107 13.09.2005
83.	Закон за изменување на Законот за Царинската управа	Влада	скратена	107 13.09.2005

84.	Закон за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светската банка по Договор за заем за Проектот за реформа на деловното окружување и институционално зајакнување	Влада	скратена	107 13.09.2005
85.	Закон за изменување и дополнување на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници	Влада	скратена	107 13.09.2005
86.	Закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници	Влада	скратена	107 14.09.2005
87.	Закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните	Влада	скратена	107 16.09.2005
88.	Закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина	Влада	скратена	107 16.09.2005
89.	Закон за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба	Влада	скратена	107 21.09.2005
90.	Закон за изменување на Законот за техничката инспекција	Влада	скратена	107 21.09.2005
91.	Закон за изменување на Законот за културата	Влада	скратена	107 21.09.2005
92.	Закон за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица	Влада	скратена	107 23.09.2005
93.	Закон за изменување на законот за задругите	Влада	скратена	107 23.09.2005
94.	Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва	Влада	скратена	107 23.09.2005
95.	Закон за изменување на Законот за стопанските комори	Влада	скратена	107 23.09.2005
96.	Закон за изменување и дополнување на Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите	Влада	скратена	107 23.09.2005
97.	Закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита	Влада	скратена	107 27.09.2005
98.	Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување	Влада	скратена	107 27.09.2005
99.	Закон за пратениците	група од 13 пратеници	по непотпи-шување на Указот од Претсе-дателот на РМ редовна	107 27.09.2005
100.	Закон за изменување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија	Група од 15 пратеници од СДСМ, ДУИ, ЛДП, ВМРО-НП	редовна	107 27.09.2005

101.	Закон за задолжително осигурување во сообраќајот	Влада	скратена	109 12.10.2005
102.	Закон за хартии од вредност	Влада	редовна	111 26.10.2005
103.	Закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси	Влада	скратена	111 26.10.2005

Меѓународни активности

Датум	Меѓународна организација	Настан	Место на одржување
НОЕМВРИ 2004			
30.10-02.11.	ПС на ОБСЕ	Есенски состаноци: Конференцијата за трговија со луѓе, Седница на Постојаниот комитет и Втор Медитерански форум (пратеници: Ѓорѓи Трендафилов, шеф на делегацијата, Хусеинџеват Хусеини и Благој Голомеов, членови).	Родос, Грција
06	ПС на СЕ	Работен ручек со делегацијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа за набљудување на референдумот (Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното Собрание на Советот на Европа)	Скопје, Македонија
11-16	ПС на НАТО	50-та годишна сесија на ПС на НАТО (пратеници: Есад Рахиќ, В. Д. шеф на Делегацијата и Слободан Чашуле, член на Делегацијата)	Венеција, Италија
23	ПС на СЕ	Седницата на Постојаната комисија (пратеник: д-р Елеонора Петрова-Митевска, Шеф на Делегацијата)	Варшава, Полска
24-26	ПС на СЕ	Официјална посета на Република Македонија на Жозет Дирие, претседател на Мониторинг комисијата	Скопје, Македонија
26-28	Мултилатерала	Шести годишен состанок на Националните тела на Организацијата за забрана на хемиското оружје (пратеник д-р Аднан Ќахил)	Хаг, Холандија
29.11-01.12	СЗЕУ	Втор дел на 50 седница на СЗЕУ (пратеници: д-р Кенан Хасипи и Зоран Крстевски, членови на Делегацијата)	Париз, Франција

ДЕКЕМВРИ 2004			
06	ПзС	Состанок на Работната маса за парламентарна соработка (пратеник д-р Весна Борозан)	Брисел, Белгија
06-07	ПС на НАТО	Парламентарен трансатлански форум (пратеници: Есад Рахиќ и Слободан Чашуле)	Вашингтон, САД
10	ОБСЕ	Конференција "Меѓупарламентарна соработка и регионален дијалог" (пратеник Лилјана Поповска)	Приштина, Косово, Србија и Црна Гора
13-14	Мултилатерала	Меѓународната конференција на парламентарци-медицинари (пратеници: д-р Сашко Кедев и д-р Агим Џелили)	Куала Лумпур, Малезија
14	Билатерала	Средба со Н.Е. г. Адболмаџид Мозафари, амбасадор на Исламската Република Иран во Република Македонија (пратеници: Јордан Михајловски, претседател на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Исламската Република Иран и Талат Џафери, член на Пратеничката група)	Скопје, Македонија
14-15	Билатерала	Студиска посета во Британскиот парламент (пратеници: Славица Грковска, претседател на Пратеничката група, Борис Кондарко, Љупчо Мешков и Илјаз Халими, членови)	Лондон, Велика Британија
15	МПК	Состанок на Бирото на Мешовитиот парламентарен комитет (пратеници: Благородна Мингова-Крепиева, Лилјана Ивановска и Исни Шакири)	Стазбург, Франција
16-18	ПС на СЕ	Седници на комисии (пратеници: д-р Елеонора Петрова-Митевска, Шеф на делегацијата и Андреј Жерновски, заменик-член)	Париз, Франција

ЈАНУАРИ 2005			
24-28	ПС на СЕ	Редовна годишна сесија на ПС на СЕ - прв дел- (пратеници: д-р Елеонора Петрова-Митевска, Шеф на Делегацијата, членовите Рафис Алити и Зоран Крстевски, замениците-членови Ганка Самоиловска-Цветанова и Џевдет Насуфи)	Стразбург, Франција
ФЕВРУАРИ 2005			
05-08	ИПУ	Четвртата конференција за безбедност и соработка во Медитеранот (пратеници: Каролина Ристова, Чедомир Краљевски и Исмет Рамадани)	Нафлион, Грција
21-23	Твининг проект Државен збор на Република Словенија	Делегација на службата на Собранието на Република Македонија предводена од Раководителот на Компонентата 4, генерален секретар на Собранието на Р. Македонија, Александар Новаковски	Љубљана, Словенија
23-26	ПС на ОБСЕ	Седница на Постојан комитет на ПС на ОБСЕ и Зимска сесија на ПС на ОБСЕ (пратеници: Благој Голомеов и Хусеинџеват Хусеини)	Виена, Австрија
МАРТ 2005			
03	Билатерала	Средба на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Србија и Црна Гора со Предраг Марковиќ, претседател на Народното собрание на Република Србија	Скопје, Македонија
03-06	ПСФ	Седницата на Комисијата за политички прашања на ПСФ (Славица Станковска, претседател на Секцијата)	Либревил, Габон
10	Билатерала	Средба на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Кралството Норвешка со Хаакон Блакенборг, Шеф на Групата за односи со Балканот на Парламентот (Стортингет) на Кралството Норвешка	Скопје, Македонија
16-18	ПС на СЕ	Седници на Постојаната комисија, Комисијата за деловник и имунитети и Комисијата за култура, наука и образование (пратеници: д-р Елеонора Петрова-Митевска, Шеф на Делегацијата и Ганка Самоиловска-Цветанова)	Париз, Република Франција
23-25	ПС на СЕ	Официјална посета на известителот на Парламентарното собрание на Советот на Европа Џерардо Бјанко	Скопје, Македонија

25	Билатерала	Средба на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Руската Федерација со Делегацијата на Комитетот за меѓународни односи на Државната дума на Руската Федерација, предводена од Константин Јосифович Косачов	Скопје, Македонија
30-31	МПК	Прва седница на Мешовитиот парламентарен комитет	Скопје, Македонија
АПРИЛ 2005			
03-08	ИПУ	112 Собрание на ИПУ (пратеници: д-р Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија и Шеф на Делегацијата, Исмет Рамадани, Каролина Ристова, Чедомир Краљевски)	Манила, Филипини
05-06	Билатерала	Официјална посета на Република Македонија на Делегација на Кнесетот на Израел, предводена од претседателката на израелско-македонската група парламентарна група за пријателство	Скопје, Македонија
05-06	ПС на СЕ	Седници на Комисијата за политички прашања и на Комисијата за правни прашања и човекови права (пратеник д-р Елеонора Петрова-Митевска, Шеф на делегацијата)	Париз, Франција
11-14	СЗЕУ	Седницата на Комисијата за политички прашања на СЗЕУ (пратеници: Д-р Ќенан Хасипи и Зоран Крстевски)	Рига, Летонија и Хелсинки, Финска
15	ПзС	Состанок на Работната маса за парламентарна соработка (пратеник д-р Весна Борозан)	Брисел, Белгија
18-19	ПС на НАТО	Посета Поткомисијата за идните безбедносни и одбранбени способности на Комисијата за одбрана и безбедност на ПС на НАТО	Скопје, Македонија
22-23	Мултилатерала	Инаугуративна Конференција на "Заедничката иницијатива за градење на капацитети на парламентите за меѓународно право за животна средина и институциите за одржлив развој" (пратеници: Томе Тромбев и Љупчо Балковски)	Париз, Франција

25-29	ПС на СЕ	Редовна годишна сесија на ПС на СЕ - втор дел (пратеници: д-р Елеонора Петрова-Митевска, Шеф на Делегацијата, членовите Рафис Алити и Зоран Крстевски, замениците-членови Андреј Жерновски и Џевдет Насуфи)	Стразбург, Франција
26-29	ПСФ	Конференција на претседатели на секции на парламентарното собрание на Франкофонијата-Регион Европа	Скопје, Македонија
29	Билатерала	Средба на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Словенија со Франце Цукјати, претседател на Државното собрание на Република Словенија	Скопје, Македонија

МАЈ 2005			
05-06	ПД на ЦЕИ	Седницата на Парламентарниот комитет на ПД на ЦЕИ (пратеници: Ана Андова и Иван Анастасовски)	Братислава, Словачка
17	ПзС	Состанок на Работната маса за парламентарна соработка (пратеници: д-р Весна Борозан и Лилјана Поповска)	Софија, Бугарија
20	ПС на СЕ	Седницата на Комисијата за социјални, здравствени и семејни прашања (пратеник Андреј Жерновски, член на Комисијата)	Будимпешта, Унгарија
23-25	ПС на СЕ	Седницата на Комисијата за правни прашања и човекови права (пратеник Зоран Крстевски, заменик-член на Комисијата)	Лимасол, Кипар
25-27	ИПУ	Семинар за претседатели и членови на парламентарни тела за човекови права (пратеник Блаже Стојановски, член на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот)	Женева, Швајцарија
27-31	ПС на НАТО	Пролетна сесија на ПС на НАТО (пратеници: д-р Теута Арифи, шеф на Делегацијата, Слободан Чашуле и Есад Рахиќ, членови)	Љубљана, Словенија
ЈУНИ 2005			
06	ПС на СЕ	Седницата на Постојаниот комитет (пратеници: Андреј Жерновски, заменик-шеф на Делегацијата и Ганка Самоиловска-Цветанова, заменик-член на Делегацијата)	Лисабон, Португалија

06-07	ПзС	Конференција на Парламентарната димензија за основање на енергетска заедница во Југоисточна Европа	Скопје, Македонија
06-10	Билатерала	Официјална посета на Република Турција (пратеници: Д-р Ќенан Хасипи, претседател на Пратеничката група, Томе Тромбев и Г´зим Острени, членови)	Анкара и Истамбул, Турција
13-16	СЗЕУ	Прв дел на 51 седница на СЗЕУ (пратеници: Д-р Ќенан Хасипи и Зоран Крстевски, членови на Делегацијата)	Париз, Франција
13-16	Билатерала	Официјална посета на Делегација на Интерпарламентарната група на Хрватскиот сабор за пријателство со Собранието на Република Македонија	Скопје и Охрид
16	ПС на СЕ	Комисијата за економски прашања и развој на ПС на СЕ, Парламентарен семинар на ОЕЦД (пратеник Андреј Жерновски, заменик-шеф на Делегацијата)	Париз, Франција
20-24	ПС на СЕ	Редовна годишна сесија на ПС на СЕ - трет дел (пратеници: Зоран Крстевски, член на Делегацијата и Џевдет Насуфи, заменик-член на Делегацијата)	Стразбург, Франција
25-27	ИПУ	Подготвителен состанок за Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот (пратеници: Чедомир Краљевски и Исмет Рамадани)	Неапол, Италија
27-30	Совет на Европа и Европски суд на човекови права	Студиски престој, на покана на генералниот секретар на ПС на СЕ Бруно Халер, Генерален секретар на Собранието на Република Македонија, Александар Новаковски	Стразбур, Франција
ЈУЛИ 2005			
01-05	ПС на ОБСЕ	14 Годишна сесија на ПС на ОБСЕ (пратеници: Ѓорѓи Трендафилов, шеф на Делегацијата, Благој Голомеов, Хусеинџеват Хусеини)	Вашингтон, САД
06-09	ПСФ	31 редовна сесија на Парламентарното собрание на Франкофонијата (пратеници: Славица Станковска, Шеф на Делегацијата, Илјаз Халими, Нелко Стојаноски, членови и Џезаир Шакири, заменик-член)	Брисел, Белгија
10-17	ПС на НАТО	Обука за млади парламентарци (пратеници: Семијал Хасани и Ацо Спасовски)	Брисел, Белгија

АВГУСТ 2005			
/	/	/	/

СЕПТЕМВРИ 2005			
07	ИПУ, ООН	Учество на работата на Заседанието на генерални секретари на парламентите (ЗГСП) во рамките на Втората светска конференција на претседатели на парламенти, генерален секретар на Собранието на Република Македонија, Александар Новаковски	Њујорк, САД
13-16	ПС на НАТО	Посета на САД на Комисијата за цивилна димензија на одбраната (пратеници: Есад Рахиќ и Слободан Чашуле, членови на Делегацијата)	Вашингтон и Њујорк, САД
13-17		Семинар за парламентарци од Југоисточна Европа во организација на Фондацијата Фридрих Еберт (пратеници: Благородна Мингова-Крепиева, Ана Андова, Цветанка Гашоска и Семијал Хасани)	Брисел, Белгија
14- 16	ПС на СЕ	Седници на Комисијата за економски прашања и развој и на Комисијата за правни прашања и човекови права (пратеник Рафис Алити, член на Делегацијата)	Париз, Франција
14-16	СЗЕУ	Комисијата за одбрана на СЗЕУ (пратеник Зоран Крстевски, член на Делегацијата)	Лондон, Велика Британија
19-23		Семинар за парламентарци во организација на Меѓународниот монетарен фонд (пратеници: Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија, Зоран Крстевски, Абдулаќим Адеми, Благородна Мингова-Крепиева, Ангел Димитров и Спиро Мавровски)	Виена, Австрија
28-29	ПД на ЦЕИ	Конференцијата за организиран криминал (пратеник Ана Андова, Шеф на Делегацијата)	Братислава, Словачка
29	Билатерала	Средба на претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Романија, Цветле Јанеска со Н.Е. г. Василе Лека, Вршител на должност Амбасадор на Романија во Република Македонија	Скопје, Македонија
ОКТОМВРИ 2005			
03-07	ПС на СЕ	Редовна годишна сесија на ПС на СЕ - четврт дел (пратеници Игор Ивановски, Шеф на Делегацијата, Рафис Алити, член на Делегацијата и Андреј Жерновски, заменик-член на Делегацијата)	Стразбург, Франција

06-08	ПС на НАТО	61 Рос-Рот семинар (пратеници: Есад Рахиќ и Слободан Чашуле)	Ереван, Ерменија
06-10	ПС на ОБСЕ	Есенски состаноци: Постојан комитет, Парламентарна конференција и Форум за Медитеранот (пратеници: Благој Голомеов и Хусеинџеват Хусеини, челнови на Делегацијата)	Свети Стефан, Србија и Црна Гора
13	ПзС	Работна маса за парламентарна соработка (пратеник д-р Весна Борозан)	Брисел, Белгија
17	Билатерала	Средба на Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија со Едуард Кукан, Министер за надворешни работи на Република Словачка	Скопје, Македонија
17-19	ИПУ	113 Собрание на ИПУ (пратеници: д-р Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија и Шеф на Делегацијата, пратениците Каролина Ристова, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Исмет Рамадани и Чедомир Краљевски, членови на Делегацијата)	Женева, Швајцарија
17-19	ИПУ, ООН	Учество во работата на Заседанието на генералните секретари на парламентите (ЗГСП), Генерален секретар на Собранието на Република Македонија, Александар Новаковски	Женева, Швајцарија
17-19	ПзС	Семинар за ситуацијата со бегалците и раселените лица во регионот на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа (пратеник Стојан Андов, претседател на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот)	Скопје, Македонија
19-23	ПСФ	18 Собрание на ПСФ-Регион Европа (пратеници: Славица Станковска и Хусеинџеват Хусеини)	Монако
21-23		Шеста годишна Конференција на парламентарната мрежа на Светската банка (пратеник Никола Груевски)	Хелсинки, Финска
23-26	Билатерала	Официјална посета на Делегација на Постојаниот комитет на Народниот Конгрес на провинцијата Сечуан	Скопје, Македонија
26	Билатерала	Средба на членовите на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Чешката Република со Делегација од Комисијата за европски прашања на Чешката Република	Скопје, Македонија

Објаснување на кратенките:

ПС на СЕ - Парламентарно собрание на Совет на Европа;
ПС на НАТО - Парламентарно собрание на НАТО;
ПС на ОБСЕ - Парламентарно собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа;
ИПУ - Интерпарламентарна Унија;
ПД на ЦЕИ - Парламентарно собрание на Централноевропската иницијатива;
СЗЕУ - Собрание на Западноевропската унија;
ПСФ - Парламентарно собрание на Франкофонија
МПК - Мешовит парламентарен комитет Република Македонија-ЕУ
ПзС - Пакт за стабилност
СТО - Светска трговска организација
ЕП - Европски парламент
ПС ЈИЕ - Процес за спработка во Југоисточна Европа
ЕЦПРД - Европски центар за парламентарно истражување и документација

Прилог 5

ИНТЕГРАЛНИ ИЗВЕШТАИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ПАРЛАМЕНТАРНИТЕ ГРУПИ И ДЕЛЕГАЦИИ

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Парламентарното собрание на Советот на Европа

ИНФОРМАЦИЈА

за седницата на Постојаниот комитет на ПС на Советот на Европа
(Варшава, Република Полска, 23 ноември 2004 година)

Скопје, декември 2004 година

На седницата на Постојаниот комитет на ПС на СЕ што се одржа во Варшава, Република Полска на 23 ноември 2004 година присуствуваа шефот на Делегацијата на Собранието на РМ во ПС на СЕ д-р Елеонора Петрова-Митевска и членот на Секретаријатот на Делегацијата Ана Качакова. Со седницата раководеше претседателот на ПС на СЕ Питер Шидер, а свои обраќања имаа претседателот на Парламентот (Сејмот) на Република Полска Јозеф Олекси и министерот за надворешни работи на Република Полска Володимир Цимошевич. Седницата беше одржана во зградата на Сејмот на Република Полска.

Постојаниот комитет (кој меѓу две парламентарни сесии дејствува од името на ПС на СЕ) расправаше и усвои препораки и резолуции за повеќе прашања, односно расправаше по предлог-извештаите поднесени од известителите на Парламентарното собрание. Како особено значајни за Собранието на Република Македонија беше разгледувањето и усвојувањето на препораката и резолуцијата содржани во предлог-извештаите за "Културите на дијаспората" поднесен од известителот д-р Елеонора Петрова-Митевска (Социјалистичка група) и за "Обештетувањето на несловенските штедачи на поранешна Љубљанска банка за периодот 1977-1991", поднесен од Известителот Ерик Јиргенс (Социјалистичка група).

Во обемната агенда на состанокот беа разгледани и извештаите за: парламентарниот придонес на имплементацијата на Пактот за стабилност, ситуацијата во Западна Сахара, имлементацијата на одлуките на Европскиот суд за човекови права, за состојбата во мониторинг процедурите, спречување на прекин на електрична енергија во Европа, нерегистрираните случаи на исчезнати лица како последица на вооружените конфликти на Балканот, правото на семејство, борба против тероризам преку културата и за ловот и европскиот еколошки баланс.

1. На отворањето на седницата на Постојаниот комитет претседателот на ПС на СЕ Питер Шидер изрази задоволство што на покана на Парламентот на Република Полска, парламентарците од Советот на Европа можат да остварат размена на мислења со низа истакнати полски раководители. Претседателот на ПС на СЕ подвлече дека тоа е време на проширувањето со земјите кои доаѓаат од Централна Европа, но несомнено тој процес ја опфаќа и Источна и Југоисточна Европа. Од негова страна беше изразена благодарност и до шефот на полската делегација Тадеуш Ивински за ангажманот во врска со седниците на телата на ПС на СЕ - Бирото и Постојаниот комитет во Варшава.

Претседателот на Парламентот на Република Полска Јозеф Олекси изрази благодарност на Постојаниот комитет што ја избрал Варшава за место на одржување на својата седница на која се разгледуваат низа прашања сврзани со тековната работа на Парламентарното собрание на Советот на Европа, во време меѓу двете редовни годишни заседанија на Парламентарното собрание. Тој подвлече дека обединетата Европа сега поминува низ клучна фаза на својот интеграционен процес на конституирање на сопствен устав, со заедничко државјанство и заеднички права и одговорности и, од друга страна, со широко, досега незабележано проширување. Иако бавно и проследена со многу неизвесности и тешкотии, перспективата на единствена Европа станува реалност. На таква Европа силен белег даваат ЕУ и СЕ како две најголеми и највлијателни организации на европската интеграција. Посебно е значајно што според членот 7 на Нацртот на уставниот договор ЕУ се определи да се приклучи кон Европската конвенција за човековите права и основни слободи, донесена од СЕ пред педесет години. Преку учеството во активностите на ПС на Советот на Европа на парламентарците на новите европски демократии им е овозможено да бидат дел на еден ауторитативен и силен форум за меѓународна политичка дебата.

Министерот за надворешни работи на Република Полска Володимир Цимошевич, во време кога Полска е претседавач со Комитетот на министрите на Советот на Европа, се осврна на претстојниот Трет самит на шефови на држави или влади на Советот на

Европа, што ќе се одржи во Варшава на 16 и 17 мај 2005 година. На овој собир, како што беше и на двата претходни, треба да дојдат до израз новите политички потикнувања и решенија за предизвиците и промените кои ќе следат на европскиот континент со проширувањето и донесувањето на Уставот на Европа. Се очекува и интензивирање на напорите за спротивставувањена најголемите зла на нашето време какви што се тероризмот и трговијата со луѓе.

* * * * *

2. Извештајот за "Културите на дијаспората" поднесен од известителот д-р Елеонора Петрова-Митевска (Социјалистичка група) беше разгледан на оваа седница и претставува прв извештај подготвен од македонски парламентарец-член на Парламентарното собрание на Советот на Европа.

Изготвувањето на овој извештај започна од м. јуни минатата година, кога на седница на Комисијата за култура, наука и образование (одржана за време на јунската сесија на Парламентарното собрание) д-р Елеонора Петрова-Митевска беше предложена да го преземе и доврши Извештајот. Во текот на изминатиот период, д-р Елеонора Петрова-Митевска изврши студиска и научна анализа проучувајќи ги културите на дијаспората. Исто така, на четири седници на Комисијата за култура, наука и образование и на Поткомисијата за културно наследство пред членовите на Комисијата и Поткомисијата реферираше за фазите на подготовката на извештајот.

Извештајот се осврнува на европската културна дијаспора и особено во последно време се´ повеќе присутната балканска дијаспора. Разликите и специфичностите на културите на дијаспората претставуваат линк како за матичните земји, така и за земјите во кои одредена дијаспора е населена. Во таа смисла во врска со македонската дијаспора во Извештајот е наведено дека "таа постои во САД, Канада, Австралија, Европа, Јужна Америка и во сите соседни земји на Балканот". На овие простори македонската дијаспора е населувана "во неколку бранови од крајот на 19 век до денешниот ден".

На оваа седница д-р Петрова-Митевска имаше свое излагање како известител, кое е дадено во интегрален текст како ***Прилог 1*** на оваа информација.

Финалниот текст беше усвоен едногласно и немаше поднесено амандмани по истиот. Во својата дискусија, Шефот на шпанската делегациа во Советот на Европа и Претседател на Комисијата за култура г. Луиз Мариа де Пуџ (Социјалистичка група) и´ честиташе на д-р Петрова-Митевска за извонредниот Извештај и истакна дека тој е одлично конципиран и балансиран, во кој известителот на современ начин ги прикажува вредностите и придобивките на Советот на Европа во сферата на културата и зачувувањето на културните вредности на дијаспората. Тој укажа дека прифаќањето на разликите и специфичностите на културите на дијаспората треба да биде реализирано преку нивна мирна општествена интеграција и преку преземање на институционали мерки за нивно натамошно збогатување и афирмирање.

Препораката која беше едногласно усвоена, е дадена во интегрален текст како ***Прилог 2*** на оваа Информација.

3. Извештајот за "Обештетувањето на несловенските штедачи на поранешна Љубљанска банка за периодот 1977-1991", поднесен од известителот Ерик Јиргенс (Социјалистичка група) беше разгледан на оваа седница и покрај писмените дописи за одлагање на разгледувањето доставени од страна на шефовите на делегациите на Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина, кои поради други неодложни обврски не учествуваа во работата на Постојаната комисија. Во функција на изготвување на балансиран и правичен извештај, известителот Јиргенс изминатите години оствари повеќе посети на земјите кои се засегнати со ова прашање, при што минатата година ја посети и Република Македонија. Од овие посети тој стекна изворни сознанија за ова прашање, кои се сублимирани во извештајот според личното мислење на известителот.

Извештајот го елаборира проблемот со обештетувањето на несловенските штедачи на поранешна Љубљанска банка за периодот 1977-1991 година и на начините како ова прашање да биде разрешено. Финалната верзија која сега се разгледуваше беше дистрибуирана во април оваа година, а непосредно по тоа следеше изјаснувањето на Европскиот суд за човекови права кој прифати надлежност по индивидуалните тужби на штедачите. Со оваа одлука на Европскиот суд за човекови права секое натамошно одолговлекување на разрешувањето на проблемот со политички средства стана беспредметно.

Основната дилема при разгледувањето на ова прашање беше за правниот или политичкиот аспект на спорот: или да се изнајдат модалитети на неговото разрешување од аспект на облигационо-правни односи на релација штедачи-банка или да се решава со политички средства. Амандманите кои беа поднесени заради одбегнување на политички третман на прашањето, а прифаќање на правен третман на истото, не беа прифатени и Резолуцијата беше едногласно усвоена. Според тоа, Извештајот беше усвоен со одредбата дека обештетувањето ќе се врши по пат на сукцесија меѓу засегнатите држави (поранешни федерални југословенски држави).

Во Извештајот беше усвоена и одредбата за формирање на Колективен фонд за обештетување, во кој средства би вложиле земјите членки на ЕУ и земјите наследнички на СФРЈ.

Резолуцијата во интегрален текст е дадена во ***Прилог 3*** на оваа информација.

4. Како тековна дебата, по барање на полската делегација во ПС на Советот на Европа, беше разгледан Меморандумот за ситуацијата во Белорусија. Членството на Белорусија во Советот на Европа е суспендирано во 1996 година, кога белорускиот претседател Лукашенко преку манипулативен референдум, непочитувајќи ги демократските одредби на Белорускиот устав, го прошири претседателскиот мандат од 5 на 7 години. Преку друг референдум одржан минатиот месец, тој ја укина уставната одредба со која се забрануваше правото на повторен и консекутивен мандат и со тоа го продолжи своето владеење до 2011 година. Покрај тоа, во неговите ингеренции се вклучени и целосна контрола над владата, парламентот, судскиот систем и обвинителствата, образовните институции, медиумите, стопанството и синдикатите. Венецијанската комисија во неодамнешното Мислење подготвено по барањето на Парламентарното собрание на Советот на Европа, по овој референдум и целокупната постапка се изјасни дека ги смета за нелегални, како по основ на белорускиот правен систем, така и по основ на европските стандарди. Во Меморандумот беше предложено и усвоено од страна на Постојаната комисија преземање на соодветни мерки за неприфаќање на тоталитаристичкиот режим на Лукашенко преку:

- Прогласување на членовите на власта во Белорусија за *персонае нон гратае*, следејќи го примерот на САД и ЕУ;
- Намалување на официјалните контакти со претставниците на Лукашенко на начин што на белоруските амбасадори во европските земји нема да им бидат прифатени акредитациите и министрите нема да бидат примани на разговори и во официјални посети;
- Развивање на програми за поддршка на граѓанскиот општество, образование на младите луѓе и слободни медиуми.

Врз основа на овие предлози, Постојаниот комитет ја овласти Комисијата за политички прашања и Поткомисијата за Белорусија да ја развијат оваа соработка особено со опозициските лидери и граѓанското општество со подготовка на Ационен план. Истовремено, Постојаната комисија ја овласти Комисијата за правни прашања и човекови права да продолжи да ја следи состојбата со човековите права во земјата.

5. Со оглед на актуелноста со одржувањето на претседателските избори во Украина, на оваа седница, од страна на шефот и заменикот на шефот на Делегацијата на ПС на Советот на Европа Дорос Христодулидес и Хана Северинсен беше реферирано и за оценките за изборите од набљудувачките мисии. Притоа беше искажан заедничкиот став на сите набљудувачки мисии (Европскиот парламент, ПС на СЕ, ПС на ОБСЕ, ПС на НАТО и ОДИХР) за нерегуларноста и нетранспарентноста на изборите. Набљудувачките мисии и покрај негативната кампања, заклучиле дека гласањето се

одвивало на мирен начин, а изборните комисии ја вршеле својата работа согласно со законската процедура. И покрај тензиите во предизборниот период, набљудувачките мисии заклучиле дека електоратот не ја изгубил вербата во демократскиот процес.

Како неправилности, набљудувачките мисии на Европскиот парламент, ПС на СЕ, ПС на ОБСЕ, ПС на НАТО и ОДИХР го воочиле следното: недостигот на слободно медиумско изразување и небалансирано медиумско покривање на настапите на претседателските кандидати; неажурност и нетранспарентност на постапката по приговорите упатени до Централната изборна комисија; притисок да не излезат на гласање студентите и државните службеници и мешање на неовластени лица во изборниот процес и појавата на сомнителни бројки по пребројувањето на гласовите во одредени региони во земјата. Последното доведе до ескалирање на незадоволството на оние изборачи кои гласале за Виктор Јушченко, по што народот излезе на улица барајќи поништување на изборите.

На седницата оваа информација беше прифатена со укажување Парламентарното собрание и натаму да ја следи состојбата во Украина.

6. Предлог-извештајот за парламентарниот придонес кон иплементацијата на Пактот за стабилност во Југоисточна Европа поднесен од бугарскиот пратеник Лачезар Тошев (Европски народни партии) беше усвоен едногласно од страна на парламентарците. Извештајот се осврнува на активностите на Пактот за стабилност во изминатиот петгодишен период и на постигнатите значајни резултати во процесот на стабилизација и демократизација на Југоисточна Европа. Во овој регион влегуваат земји кои имаат различен степен на развој и се во различна фаза на приближување кон ЕУ: некои се веќе членки на Унијата, Бугарија и Романија се земји кандидати чие полноправно членство се очекува за 1 јануари 2007 година, а останатите се во процес на стабилизација и асоцијација или во почетна фаза. Во изминатиот период во Косово и Република Македонија се случија кризи од кои, со исклучок на Косово, во поглед на безбедносната стабилизација, во Република Македонија е постигнат значаен напредок. И покрај повеќе постигнати завидни резултати од политички и безбедносен карактер, општата економска ситуација останува на незавидно ниво. За таа цел во Извештајот се предлага, под покровителство на парламентарната тројка на Пактот за стабилност да се формираат повеќе билатерални и мултилатерални комисии кои ќе работат на поголема регионална соработка и внатрешна кохезија на граѓанските општества на земјите од регионот.

Во текстот на Извештајот е инкорпорирана една точка (предложена од страна на д-р Елеонора Петрова-Митевска уште на седницата на Комисијата за политички прашања одржана во Стразбург за време на октомвриската сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа), која беше прифатена од известителот Тошев и од останатите членови на Комисијата. Таа точка се однесува на потенцирање на улогата на Парламентарното собрание во натамошната поддршка на Работната маса за полова еднаквост на Пактот за стабилност кадешто се постигнати значајни резултати во последните години, со особен акцент на парламентарните активности кои имаат за цел промоција и на еднаквоста и подобрата застапеност на жените во политичкиот живот.

7. Во извештајот за состојбата со мониторинг и пост-мониторинг постапките на Мониторинг комисијата беше реферирано за досегашната состојба на планот на отворени, затворени или постапки кои се во тек. Беше разгледан и едногласно усвоен амандаман со кој "се наложува на Комисијата за деловник и имунитети во Деловникот на Парламентарното собрание, односно во делокругот на работа на Мониторинг комисијата да ја имплементира пост-мониторинг процедурата како надлежност на Комисијата". Ова е резултат на согледувањата од досегашната пракса во пост-мониторинг постапката, која по правило беше поведувана доколку претседателот на Мониторинг комисијата сметаше дека треба да биде поведена. Со оваа одредба, која беше усвоена и која ќе продуцира соодветни формални дејствија за да биде адекватно инкорпорирана во Деловникот на Парламентарното собрание, се отвора простор за еднаков пристап на сите членови на Мониторинг комисијата во постапката на поднесување на предлози за отворање или затворање на пост-мониторинг дијалог со одредена земја.

* * * * *

Во текот на престојот во Варшава, шефот на Делегацијата д-р Елеонора Петрова-Митевска оствари средби со генералниот секретар на Советот на Европа Тери Дејвис, со претседателот на ПС на Советот на Европа Питер Шидер, со претседателот на Групата на социјалистичките партии и претседател на Комисијата за култура, наука и образование Луиз Мариа де Пуџ, шефот на Британската парламентарна делегација во Советот на Европа Тони Лојд, со известиелот Ерик Јиргенс и со други парламентарци. Со оглед на актуелноста на признавањето на Република Македонија под нејзиното уставно име од страна на САД, главен акцент во разговорите беше ставен на поддршката од страна на парламентарците во Советот на Европа за соодветна поширока акција и во Советот на Европа. Беа разменети мислења и искажани индивидудални согледувања за модалитетите за отпочнување на поголема лобистичка активност на тој план, при што не остана незабележан позитивниот и пријателски приод на соговорниците во однос на ова прашање.

Заклучни согледувања

Со учеството на оваа седница уште еднаш се потврди потребата од редовно следење на седниците на комисиите на Парламентарното собрание на Советот на Европа и активен ангажман на шефот и членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа. И овој пат дојде до израз неопходноста од редовно и активно присуство и учество во работата на парламентарните структури на најстарата и најбројна европска организација, што отвора простор за презентација на достигнувањата и за заштита на интересите на Република Македонија.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Парламентарното собрание на Советот на Европа

ИНФОРМАЦИЈА

за седниците на комисиите на ПС на СЕ во Париз, Франција
(13 -16 декември 2004 година)

.

Скопје, декември 2004 година

Од 14 до 16 декември 2004 година во Париз беа одржани седници на комисиите на Парламентарното собрание на Советот на Европа за политички прашања, за обврските и заложбите на земјите членки и за правните прашања и човековите права. На седниците беше најавено учеството на шефот на Делегацијата на Собранието на РМ во ПС на СЕ д-р Елеонора Петрова-Митевска, во придружба на секретарот на Делегацијата Никола Тодоровски. Меѓутоа, заради расправата и гласањето за новата Влада во Собранието на Република Македонија г-ѓа Петрова-Митевска не допатува во Франција. Секретарот на Делегацијата Никола Тодоровски по покана на ПС на СЕ учествуваше на 13 декември 2004 година на состанокот на секретарите на националните делегаци и спрема најавата присуствуваше на седниците на комисите во Париз.

I

Седницата на **Комисијата за политички прашања** започна со излагањето на **претседателот на ПС на СЕ Питер Шидер** за актуелните состојби и преокупации на СЕ и неговото парламентарно Собрание. Најновите настани во Украина кои кулминираа со масовни мирни демонстрации против фалсификувањето на изборните резултати и чекорите презмени од претседателот и Парламентот на Украина за имплементација на одлуката на Врховниот суд за повторување на вториот круг ги оцени како израз на зрелоста на земјата и граѓаните во клучниот момент на нивната историја. Тој извести дека генералниот секретар на СЕ Тери Дејвис итно отпатувал за Киев, заради тоа не присуствуваше на состанокот на Комисијата, како што тоа беше најавено со дневниот ред. Генералниот секретар на СЕ треба да оствари средба со претседателот на Украина Кучма, претседателот на парламентот Литвин, преседателот на Централната изборна комисија Давидович и двата претседателски кандидати Јанукович и Јушченко со цел да помогне во подготвувките за повторувањето на вториот изборен круг.

Претседателот Шидер изрази длабока разочараност што СЕ не бил вклучен во активностите на меѓународната заедница, предводени од ЕУ, во кои беа вклучени претседателите на Полска, Русија и Естонија, како и генералниот секретар на ОБСЕ. Притоа е занемарено дека ПС на СЕ континуирано ја набљудувал ситуацијата во Украина и во повеќе прилики укажувал на несоодветноста на уставните промени во земјата и на недоследноста во имплементацијата на демократските стандарди во политичкиот систем на Украина.

Во натамошното излагање претседателот Шидер се задржа на елаборирањето на улогата на ПС на СЕ како модел за парламентарните организации на другите континенти. Организацијата на африканското единство воспотавила сопствено парламентрно собрание при што е користено искуството на најстарата европска организација. Вредностите и стандардите содржани во Европската конвенција за човекови права и слободи и механизмите за нивната имплементација, вклучувајќи го искуството на Венецијанската комисија и мораториумот за изведување на смртната казна. Со Африканското парламентарно собрание воспоставена е соработка која вклучва годишни обраќање на претседателите на двете собранија и низа други заеднички парламентарни активности.

Во тек се слични чекори и во однос на парламентарните структури на АСЕАН заради кои претседателот Шидер престојувал во Кина и на Филипини. Готовност за соработка постои, но постојат и извесни дилеми во врска со вклучувањето на Австралија и Нов Зеланд во оваа или за создавање на одделна парламентарна структура. Присутни се и многу поголеми правно-политички и културно-религиски разлики со Азија отколку со Африка што влијае на поблиска меѓусебна соработка во домените како што се човековите права, владеење на правото и демократијата.

Излагањето на претседателот Шидер, а особено иртираноста и забелешката во врска со недоволната вклученост во меѓународната активност во Украина предизвика

повеќе коментари. Притоа, беше укажано на потребата да се модифицираат и прилагодат активностите на СЕ на новата европска архитектура. На препознатлив и поефикасен начин, но без задоцнување, туку преку превентивно дествување треба да биде остварувана улогата на најбројната европска организација во однос на заштитата на човековите права, владеењето на правото и демократијата.

На седницата беше разгледуван извештајот за Третиот самит на рускиот пратеник **Константин Косачев** (Група на европски демократски партии) и усвоен е Предлогот на документите. Потсетено е дека на претходните самити била дадена поддршка на процесот на интеграција во Европа, во однос на некои чуствителни прашања, какви што се заштитата и унапредувањето на правата на малцинствата и мониторингот во остварувањето на општоприфатените европски вредности и стандарди. На престојниот самит организацијата треба да определи јасен политички мандат за идните активности и за адекватна позиција во новото институционализирање на Европа, по нејзиното проширување на исток и пред ратификување на Европскиот устав. Истакнато е дека остварувањето на новиот мандат на СЕ е можен доколку се обезбедат и соодветни средства за тоа.

Одржувањето на Третиот самит во Варшава, во мај идната година, според известителот Косачов, симболично коинцидира со одбележувањето на 60-годишнината од завршувањето на Втората светска војна и 15-годишнината од почетокот на демократските трансформации во Централна и Источна Европа. Се смета дека едновремено тоа е можност за искажување на новото европско единство базирано на заедничките вредности.

Исто така, дискусија предизвикаа и формулациите во Предлогот на документите кои бараа дополнително прецизирање, како што се они кои се однесуваат на: надминувањето на поделбата меѓу "старите" и "новите" членови на организацијата, кодексот на "клучните" конвенции на СЕ, односно на правниот простор кој како европски стандард и пракса е воспоставен со конвенциите на СЕ; дефинирањето на предизвиците сврзани со тероризмот и религискиот фундаментализам и други.

Клучна расправа беше водена околу какрактерот и начинот на остварување на мониторинг процедурата, како особено значаен инструмент на СЕ во развојот на демократијата и поддршката на одделни земји членки. Во тој контекст прифатено е на престојниот Самит да биде упатен предлог за преиспитување на мониторинг процедурата особено во однос на:

- укинувањето на мониторингот базирана на опсервирањето на одделни земји, што во пракса создава погрешна претстава за постоење на две или три брзини во Европа;
- концентрирањето на мониторингот на проблемски подрачја кои треба да доведат до меѓусебно доближување на земјите членки;
- рационализацијата на мониторингот процес преку устанување на на стандарди за она што се набљудува;
- насочување на мониторингот кон размената на позитивните искуства и
- прецизирање на начинот на отворање и затворање на постмониторинг дијалогот и утврдување на модалитетите за водење на оваа фаза на мониторинг процедурата.

Во расправата е укажано дека реорганизацијата на мониторинг процедурата не води кон аболиција во наљудувањето на стндардите, обврските и заложбите на земјите членки. Некој дискутанти изразија резервираност кон предложеното ремоделилрање, со кое би бил напуштен пристапот во мониторингот по принцип земја по земја и воведениот проблемски пристап во моноторингот за сите земји членки на СЕ. Доминантно беше мислењето дека и сега сите земји членки имаат исти обврски да ги достигнат и постојано да ги унапредуваат стандардите воспоставени со базичните документи и конвенции на СЕ. Во тој процес самата организација има улога на советодавец и поддржувач, а не на управувач со европските процеси.

II

Во функција на подготвувањето на расправата во ПС на СЕ од страна на Политичката комисија е организиран **хиеринг за прашањето на потребата за осуда на**

злосторствата на комунизмот. Во оваа дебата заради запознавање со фактографијата и расчистувањето на бројните дилеми учествуваа низа еминентни експерти, како што се: Стефан Куртоа, редактор на списанието "Комунизам", автор на книгата "Црната книга на комунизмот: криминалот, теророт и реперкусијата"; Владимир Буковски, поранешен советски дисидент и автор на неколку книги за комунизмот; Андреј Сахаров, директор на Институтот за руска историја на Руската академија на науките; Александар Шубин, директор на Институтот за светска историја на Руската академија на науките, Томас Ело, од Естонската фондација за истражување на злосторствата против човештвото и Дариус Стола, од Институтот за политички студии на Полската академија на науките.

Во расправата беше укажано дека несомнено тоталитарниот комунизам припаѓа на историјата и во таа смисла како клише се кажува "идеите беа добри, но народот потфрли". Во современиот свет постојат низа комунистички држави и партии, меѓу кои некои се наоѓаат и на линија на демократските процеси. Меѓутоа, време е да се забележат бројните злосторства од минатото на тоталитарниот комунизам и тие треба да бидат осудени од јавноста. Ако не се преземат такви чекори можно е да се појави носталгична илузија ва главите на младите генерации, како алтернатива на либералната демократија. Тоа може да има негативно дејство и затоа е потребно развивање на граѓанската свест која ги отфрла сите концепти на авторитарни режими.

Најкатегоричен во осудата на вакви режими беше дисидентот Буковски (и самиот беше негова жртва), кој го означи како "општествена шизофренија" во која во општеството се е искривено и болно. Од страна на пратениците учесници во расправата беа искажни размислувања дека имало многу злосторнички и тоталитаристички режими и појави во историјата (инквизиција, колонијализам, истребување на американските Индијанци, фашизмот и др.) и во современиот свет (режимите на Франко, Салазар, Пиноче, режимите сврзани со масовни цивилни жртви на Балканот, во Ирак и други). Меѓутоа, природата на фашизмот и на нацистичките злосторства веќе половина век не е контроверзна и нивните водачи се доведени пред лицето на правдата и осудени. Злосторствата на тоталитарниот комунизам сé уште не се пресретнати со соодветна одговорност и осуда. Нивните сторители не се доведени пред судот на правдата и покрај сета монструозност и обемноста на направените злосторства. Експертските процени за бројот на жртвите на комунизмот се околу 100 милиона убиени, од што во СССР 20 милиона и во Кина 65 милиона.

III

На седницата на **Комисијата за правни прашања и човекови права**, како едно од клучните прашања беше разгледано прашањето на заштитата човековите права на Косово. Усвоен е обемниот Предлог на резолуцијата и Предлогот на препораката на известителот **Тони Лојд** (Велика Британија, Социјалистичка група), во која најнапред се истакнува дека Косово е дел на територијата на Србија и Црна Гора, држава и член на СЕ од 2003 година, но потоа се нагалсува дека согласно со Резолуцијата 1244 (1999 година) и таа територија е управувана од меѓународната заедница, претставена од УНМИК, а за прашањата на безбедноста се надлежни НАТО и КФОР. Во однос на заштитата на човековите права постигнати се извесни позитивни резултати, меѓутоа и натаму се забележливи појавите на: недоволната безбедност на неалбанското население (на заедниците на Србите, Ромите, Ашкалиите, Бошњаците и Горанците); неможноста за остваруваење на правото на слободно движење; недоволната заштита на правото на сопственоста, како и распространетата корупција, трговија со луѓе и други повреди на човековите права.

Според мислењето на Европската комисија за демократијата преку правото (Венецијанската комисија), потребно е да биде воспоставен времен механизам за надгледување на трите главни можни извори на недоволната заштита на човековите права: УНМИК, КФОР и Времените институции на локалната самоуправа. Овој механизам за заштита само на одделни аспекти на човековите права треба да биде воспоставен со посебен аранжман меѓу СЕ, УН, НАТО и одделно со земјите на НАТО кои не се членки на СЕ, а партиципираат во силите на Косово. Врз основа на овие

аранжмани, јурисдикцијата на Судот за човекови права, преку УНМИК и КФОР би била проширена на Косово, без навлегување за прашањето на неговиот конечен статус.

На состанокот во Париз, Комисијата го усвои Предлогот на препораката, која по разгледувањето и усвојувањето од ПС на СЕ треба да биде упатена до УНМИК и КФОР за формирање на посебен суд за човекови права, како клучна алка за воспоставување на заштитниот механизам за човекови права. По своите ингеренции, судот би бил сличен на оној кој веќе функционира во Б и Х. Тој би бил составен од девет судии и тоа четворица локални (двајца од мнозинската заедница и двајца од малцинските заедници) и петмина меѓународни судии, номинирани од Комитетот на министрите на СЕ. Сите судии би биле назначени од претседателот на Европскиот суд за човекови права.

Во Предлогот на документите се зборува и за формирање на посебен совет на Врховниот суд за прашањата сврзани со уставните рамки; засилувањето на судскиот ситем; зацврстувањето на авторитетот на обдуцманот на Косово; создавањето на Советничка комисија на независни меѓународни експерти за човекови права; унапредувањето на ефикасноста на силите на цивилната полиција; подобрувањето на процедурите за заштита на сопственоста и друго. Целта на овие мерки е да се создаде специфичен времен механизам за заштита на човековите права на Косово, со засилено присуство и партиципирање на меѓународната заедница. Предложените документи претставуваат компромисно времено решение, кое треба да ја премости настанатата празнина во заштитата на човековите права на Косово, без прејудицирање на конечното решение.

Во рамките на подготовките за Третиот самит на СЕ беа разгледани најновите варијанти на две конвенции сврзани со борбата против тероризмот: четвртата ревидирана варијанта на Нацртот на конвенцијата за превенција на тероризмот усвоена на шестиот состанок на Комисијата на експертите за тероризам и на Нацртот на конвенцијата за перење на пари, финансирање на тероризмот, истражување, контрола и конфискација на добивките од криминал усвоена на петтиот состанок на Комисијата на експертите за тероризам. Во дискусијата и во оваа прилика дојдоа до израз несогласностите кои произлегуваат од непостоењето на меѓународна, општоприфатлива дефиниција на тероризмот и со тоа и на конкретните терористички активности.

IV

Во дневнит ред на состанокот на **Мониторинг комисијата** беше најавена како одделна точка размената на мислења за извештајот на претседателот на Комисијата Жозет Дириу, по нејзината посета на Република Македонија од 24 до 26 ноември 2004 година. Меѓутоа, заради должината на расправата по претходните точки, разгледувањето на прашањето е одложено за некоја од јануарските седници на Комисијата.

Во заклучокот на својата информација по посетата , претседателот на Мониторинг комисијата Дириу, искажува признание на македонските власти за напредокот постигнат во изминатите две години и се залага Парламентарното собрание да даде поддршка за продолжување по истиот пат. Во врска со постмониторинг дијалогот се препорачува негово продолжување, имајќи го предвид неговиот карактер на двонасочен дијалог. Преку него може да се помогне на "имплементацијата на преостанатите значајни обврски", како и да се даде "поткрепа на сé уште кревките нови институции базирани врз Охридскиот договор". Начиниот на кој политичкиот естаблишмент и општата јавност се справија со референдумот се оценува како "индикатор на потврдената политичка зрелост, која е неопходна за градење на политичката и инстиутционална сатабилност на земјата ". Во тој контекст според известителот Дирие, треба да се гледа и реагирањето на ситуацијата по неочекуваната оставка на премиерот која од владеачката коалиција е разрешена "брзо и без драматизирање".

Засегнува е и прашањто на уставното име, при што е изразено жалење што ова прашање сé уште не е разрешено заради што во извештајот се користи компромисната

формула која "очигледно не ги задоволува очекувањата на граѓаните на Македонија".[1] Притоа, се укажува дека иако заговарањето на некое решение за оваа "несреќна ситуација" е надвор од мандатот на извештајот, сепак е значајно да се истакне дека гестот на САД со признавањето на уставното име на државата имаше "позитивен ефект и помогна да се добијат резултати на неодамнешниот референдум во насока која ја посакуваше меѓународната заедница". Во извештајот се изразува надевање дека "сите вклучени страни ќе најдат храброст и мудрост да се договорат за решение кое ќе помогне да се зајакне кохезијата на граѓаните и нивната идентификација со земјата", што би ја "подобрило стабилноста и би било од несомнена корист не само за Македонија, туку и за другите европски земји, особено нејзините соседи ".

Извештајот е работен текст, дистрибуиран на самата седница, кој во текот на неговото разгледување од страна на Мониторинг комисијата има третман на доврлив материјал.[2]

V

На **состанокот на секретарите на националните делегации** е остварена широка размена на мислења за улогата што ја имаат секретарите и секретаријатите во активностите на делегациите во ПС на СЕ и во сопствените земји. Таа улога доаѓа до израз во однос на: континуитетот на активностите на делегациите; координирањето на експертските подготовки; комуникацијата со медиумите и информирањето на јавноста за одделни активности (соопштенија, брифинзи и сл.); едукацијата на новите членови на делагациите; укажувањето и селекција на прашањата од осбено значење; лобистичката активност за презентирање и заштита на интересите на змјите, како своевидна парламентарна дипломатска активност; познавањето на деловничките правила и водење сметка за нивната примена; соработката со секретарите на другите делегации, како и со службениците на СЕ. Укажано е на повеќе активности од страна на националните секретаријати кои заслужуваат внимание, како што се: публикување на извештаите за реализираните активности со увид на учеството на одделни членови на делегациите; годишно сумирање на написите во медиумите за СЕ и активностите на делегациите, организирање на средби и консултации за одделни прашања со владините или со независните експерти и слично. Во дискусијата беше зборувано и за искуството на земјите кандидати за членство во ЕУ, кои за време на интензивирањето на нивните односи со Унијата се соочиле со проблемот на намалување на рејтингот на активностите на делегациите во ПС на СЕ и со намалување на општиот интерес на јавноста за СЕ.

На средбата од страна на **секретарот на Делегацијата Никола Тодоровски,** беше укажано дека во случајот на малите држави, каква што е Република Македонија, мошне често секретарите имаат лобистички задачи сврзани со позицијата на змјата и нејзините интереси. Коректниот однос, отвореноста и подготвеноста за соработка на колегијална основа, придонесува на квалитетното застапување на сопствената земја, па дури и за надминување на тешкотиите во комуникацијата на меѓудржавната основа. Во таа смисла се потсетува дека секретарите од поранешните југословенски простори имаа коректни и кооперативни меѓусебни односи, без оглед на осцилациите во меѓудржавните односи. Во услови кога речиси и не постојат билатерални контакти (а балканските држави понекогаш се очигледен пример за такво однесување), секретарите на парламентарните делегации беа меѓу пионерите и промоторите за воспоставувањето на духот на меѓусебно запознавање и разбирање.

Во дискуиите беа изнесени повеќе размислувања и предлози кои беа примени со прифаќање: барањето за присуство на секретарите на националните делегации на седниците на Бирото на ПС на СЕ на кои инаку присуствуваат секретарите на парламентарните партиски групи (со што би било одбегнато постоење на секретари од

[1] На насловната страница се зборува за постмониторинг дијалогот со поранешната југословенска Република Македонија, а во текстот на извештајот постојано се употребува терминот Македонија.

[2] Интегрален текст на овој работен документ се наоѓа во Секретаријатот на Делегацијата на Собранието на РМ во ПС на СЕ.

"прв" и "втор" ранг); предлогот за скусување на рокот за пријавување на пратениците заменици за одделни претпладневни или попладневни сесии (пријавувањето го доставуваат секретарите на делегациите), имајќи предвид дека во последен момент на ниво на делегациите се постигнувааат џентлменски спогодби за присуството; укажувањето на потребата да се установи некој вид признание (што инаку е пракса во однос на пратениците), за секретарите кои се повеќе од десет години во ПС на СЕ, како што е случај со секретарите на делегациите на Унгарија, Естонија, Италија, Русија и Македонија.

Во однос на претстојните активности во ПС на СЕ од страна на **директорот Војчех Савицки** и неговите соработници е информирано дека постојат можности во рамките на програмата за меѓупарламентарна соработка да се реализираат кратки посети и стажирања во Стразбург на службениците на националните парламенти. ПС на СЕ оваа година е и во улога на претседавач со парламентарните активности на Пактот за стабилност во ЈИЕ (тројката ја сочинуваат ЕП, Собранието на ОБСЕ и ПС на СЕ) и очекуваат да добијат предлози за активностите (семинари, тркалезни маси и сл.), кои можат да бидат реализирани на ниво на стручните служби. Информирано е дека претстои натамошно подобрување на веб страницата на ПС на СЕ, која веќе ги содржи и стенограмите од 1998 година, а настојуваат електронски да ги обработат и сите претходни години. Наскоро документите од тековните сесии, со сите дискусии ќе бидат достапни и на компакт дисковите. На барање на делегациите ќе биде можно да се добијат на комапкт дисковите расправите за одделни прашања или кумулирани излагања и дискусии на членовите на делегациите.

* * * * *

Состаноците на комисиите во Париз беа во функција на подготовките на претстојната јануарска сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа во Стразбург. Фокусот на вниманието во овој момент е свртен кон: подготовките за Третиот самит на Советот на Европа, кој треба да ја определи позицијата и улогата на организацијата во новата европска архитектура; заштита на човековите права на Косово, преку создавањето на специфични времени судски и други правни механизми со партипација на Советот на Европа; разгледувањето на нацртот на две нови конвенции сврзани со борбата против тероризмот - Конвенција за превенција на тероризмот и Конвенција за перење на пари, финансирање на тероризмот, , истражување, контрола и конфискација на добивките од криминал; ситуацијата во Украина и други актуелни меѓународни прашања во кои е ангажиран Советот на Европа. Во врска со овие прашања на седниците на комисиите водена е отворена, често и полемична расправа преку која се усогласуваат доминантните ставови, што е од значење за претстојните активности на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа.

На седницата на Мониторинг комисијата (во рамките на постмониторинг дијалогот), беше најавена расправа за извештајот на претседателот Дирие по посетата на Република Македонија, која е одложена. На самата седница е добиен работниот текст на извештајот што овозможува да бидат извршени консултациите и навремените подготовки за расправата по ова прашање уште од најраната фаза на неговото разгледување.

Состанокот на секретарите на делегациите беше можност за запознавање со искуствата на секретарите и секретаријатите на другите делегации, како и со претстојните ангажмани и иновации на работата на стручната служба на Парламентарното собрание на Советот на Европа.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа на Првиот дел на редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2005 година, одржана од 24 до 28 јануари 2005 година во Стразбург, Република Франција

Скопје, февруари 2005

Првиот дел на редовната сесија за 2005 година на Парламентарното собрание на Советот на Европа се одржа од 24 до 28 јануари 2005 година, во Стразбург, Франција. На сесијата учествуваа: шефот на Делегацијата д-р Елеонора Петрова Митевска, членовите г. Рафис Алити и г. Зоран Крстевски и замениците на членовите г-ѓа Ганка Самоиловска-Цветанова и г. Џевдет Насуфи, во придружба на г. Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата и г-ѓа Ана Качакова, член на Секретаријатот на Делегацијата .

На парламентарците во текот на сесијата им се обратија: г. Виктор Јушченко, претседател на Украина, г. Михаел Сакашвили, претседател на Грузија, г. Мишел Барние, министер за надворешни работи на Франција, г. Адам Ротфелд, министер за надворешни работи на Полска (во својство на претседавач со Комитетот на министрите на Советот на Европа), г. Алси Хејстингс, претседател на Парламентарното собрание на ОБСЕ, г. Тери Дејвис, новиот генерален секретар на Советот на Европа и г. Марек Антони Новицки, Омбудсман во Косово.

1. На почетокот на оваа сесија се изврши ***избор на нов претседател на Парламентарното собрание на Советот на Европа***, поради истек на тригодишниот мандат на досегашниот претседател Питер Шидер. Со оглед на тоа што беше номиниран само еден кандидат ***господин.. Рене ван дер Линден од Холандија, Група на европски народни партии***, тој беше едногласно избран за нов претседател на Парламентарното собрание со едногодишен мандат, со можност мандатот да биде обновен уште два пати.

Во своето прво обраќање до парламентарците, г. ван дер Линден се заблагодари за искрената поддршка за неговиот избор и истакна дека исто како и неговиот претходник г. Питер Шидер, кој постигна значителни резултати во афирмацијата и унапредувањето на темелните вредности на Советот на Европа, ќе работи на нивно натамошно унапредување. Како врвни приоритети во неговата работа тој ги истакна следните: зајакнување на ефективноста на Парламентарното собрание, особено преку поголема интеракција со националните парламенти и приближување на неговата работа до сите граѓани; развивање на односите со другите партнерски институции: ОН, ОБСЕ и особено со Европската унија и обезбедување на предуслови за успешна работа на претстојниот Трет самит на шефови на држави и влади на замјите членки на Советот на Европа, како и доследна имплементација на неговите заклучоци. Тој воедно истакна дека Советот на Европа не е предворје на другите европски организации, ниту техничка агенција, туку витална меѓународна организација со мошне активно Парламентарно собрание. Токму активноста на Парламентарното собрание, во кое членуваат претставници на 800 милиона граѓани на Европа, е нашиот капитал, богатство и инвестиција за мирот и благосостојбата во Европа.

2. На оваа сесија ***пред парламентарците се обрати новоизбраниот претседател на Украина г.. Виктор Јушченко***. Тој истакна дека "Портокаловата револуција" која на мирен начин беше изведена по одржувањето на првите неуспешни претседателски избори минатата година, е израз на модерна Украина и на желбата на украинскиот народ да биде дел од Европа и нејзините темелни демократски вредности и принципи. Таа покажа дека почитувањето на законите и човековите права се фундаменталните вредности на украинското општество. Тоа впрочем е забележано и во Извештајот на известителите од Парламентарното собрание на Советот на Европа по повод претстедателските избори. Како претседател г. Јушченко истакна дека ќе се залага за натамошна демократизација на државата, владеење на правото, економски просперитет на земјата и благосостојба на сите граѓани.

3. Оваа година е годината на ***одбележување на 60-годишнината од ослободувањето на логорот Аушвиц од страна на руската армија***. Во

одбележувањето на овој јубилеј се вклучи и Парламентарното собрание на Советот на Европа со одржување на специјална седница, на која беа поканети преживеани затвореници од овој злогласен логор на смртта, кои пред парламентарците зборуваа за мачните денови поминати во Аушвиц. По повод комеморацијата, пригоден говор имаше и претседателот на Парламентарното собрание г. Рене ван дер Линден, а беше поставено и спомен-обележје пред влезот на Палатата на Советот на Европа, за кое пригодно обраќање имаше г. Тери Дејвис, генерален секретар на Советот на Европа.

4. Една од точките на Дневниот ред беше и ***Извештајот за заштитата на човековите права на Косово***. Овој извештај е фокусиран на изнаоѓање на можности за востановување на правен систем на Косово, под покровителство на меѓународната заедница. Парламентарното собрание му налага на Комитетот на министрите што побрзо да овозможи услови на КФОР/НАТО на Косово за имплементација на механизмите на Конвенцијата за заштита од тортура. Потребно е да се направат дополнителни консултации за донесување на правила за избор на судија во Европскиот суд за човекови права од Косово, кој ќе се избере од страна на претседателот на Европскиот суд за човекови права.

Во Препораката 1691(2005) се препорачува усвојување на Резолуција со која ќе се овласти претседателот на Европскиот суд за човекови права да номинира независни меѓународни експерти по човекови права во идната УНМИК Советодавна комисија за човекови права; да номинира независни меѓународни експерти по човекови права во реформираната КФОР Советодавен одбор за жалби и поплаки и да номинира независни меѓународни експерти по човекови права да бидат меѓународни судии во идната Специјална комора на Врховниот суд за уставни прашања.

Свои дискусии по овој извештај имаа г. Џевдет Насуфи и д-р Елеонора Петрова-Митевска (Дискусијата на д-р Петрова-Митевска беше депонирана поради скратување на времето за дискусии и неможност да дискутира).

Г. Насуфи во својата дискусија го поздрави Извештајот подготвен од г. Тони Лојд, британски парламентарец (Група на социјалистички партии) како позитивно избалансиран извештај. Укажа на одредени историски факти кои не би требало да се заборават, а кои се однесуваат на политиката во минатото кон косовското население од албанско етничко потекло. Ја поздрави идејата за востановување на Меѓународен суд за заштита на човековите права на Косово, како и Уставен суд, како битни институции кон процесот на владеењето на правото и правната држава. Г. Насуфи изрази надеж дека 2005 година ќе биде година на одлука за статусот, односно неговата независност со што конечно ќе се стабилизира регионот, а и пошироко. Особено го цени присуството на меѓународните фактори во Косово, но смета дека на локалните раководители е оставена мала надлежност за да може и тие самите да се справат со предизвиците на промените. Г. Насуфи на крајот од дискусијата изрази надеж дека во некоја наредна прилика Парламентарното собрание ќе ја разгледа можноста Косово да добие статус на посматрач во Советот на Европа.

Д-р Петрова-Митевска го поздрави Извештајот на г. Лојд и ја подели оцената на известителот дека во заштитата на човековите права на Косово се постигнати позитивни резултати, но и натами се присутни појави на недоволна заштита на човековите права. Ова особено се однесува на најранливата категорија на населението-жените и децата, кои во не мал обем се искористуваат за трговија со нив. Изрази целосна поддршка на препораките за воспоставување на времен правен механизам за заштита на човековите права во Косово, без навлегување во прашањето на идниот статус. (Дискусијата во интегрална форма е дадена во **Прилог 1** на овој извештај).

5. На седницата беше разгледуван извештајот на рускиот пратеник Константин Косачев (Група на европски демократски партии) и усвоена е Препорака 1693(2005) за ***Третиот самит***. Третиот самит треба да биде одржан во Варшава на 16 и 17 мај 2005 година, што симболично коинцидира со одбележувањето на 60-годишнината од

завршувањето на Втората светска војна и 15-годишнината од почетокот на демократските трансформации во Централна и Источна Европа. Се смета дека едновремено тоа е можност за искажување на новото европско единство базирано на заедничките вредности.

Заменикот на министерот за надворешни работи на Полска Јан Трушински во име на Комитетот на министрите на Советот на Европа, со кој претседава Полска и како претставник на земјата домаќин, информираше дека во текот на подготовките е усогласено дека водечка идеја за Самитот ќе биде токму "**Самит на Европското единство**". Документите на Самитот треба да ја одразат посветеноста на идејата на европското заедништво, со почитување на богатството и различноста на културно-историското наследство, со споделување на етичките и социјалните вредности и со отсликување на тријадата на принципите на Советот на Европа: човековите права, владеењето на правото и плуралистичката демократија. Европа се соочува и со задача на институционални реформи на нејзините три главни организации: Советот на Европа, Европпската унија и ОБСЕ. Присутно е извесно изолирано делување на овие организаци наместо што ќе се бара дефинирање на нивната комплементарна активност.

Во дискусијата и во усвоениот документ е истакнато дека Самитот треба да води кон реализација на демократска Европа без линии на поделби, а со обединување околу заедничките вредности врз кои и е создаден Советот на Европа, како израз на самосвеста за европското единство. Во таа смисла предложено е формирање на Комисија за демократија со цел да ја унапредува функционирањето на демократијата и демократските институции во општествата на земјите членки.

Во усвоената Препорака 1693 (2005) се повикани парламентите на земјите членки да организираат дебати за Третиот самит. Преку овие дебати треба да се обезбеди дијалог за претстојните задачи и да се даде политичко значење на Самитот. (Претседателот на Парламентарното собрание на Советот на Европа Рене ван дер Линден согласно со оваа интенција упати писмо до претседателите на националните парламенти.)

. Клучна расправа беше водена околу карактерот и начинот на остварување на мониторинг процедурата, како особено значаен инструмент на Советот на Европа во развојот на демократијата и поддршката на одделни земји членки. Во тој контекст прифатено е на претстојниот Самит да биде упатен предлог за преиспитување на мониторинг процедурата и за утврдување на сет на стандарди за јакнење на демократијата. Сите земји членки имаат исти обврски да ги достигнат и постојано да ги унапредуваат стандардите воспоставени со базичните документи и конвенции на Советот на Европа, но во тој процес самата организација има улога на советодавец и поддржувач, а не на управувач со европските процеси.

Акцентот во дискусијата на шефот на делегацијата д-р Елеонора Петрова-Митевска беше токму на ова дискутабилно прашање. Таа ги поддржа определбите за редефинирање на пристапот на мониторинг постапката од принципот "земја по земја" во мониторинг на проблемска основа, којшто би ги опфаќал сите земји членки, но без каква било аболиција во однос на претходните мониторинг обврски. Во новиот мониторинг, како надградба на постојниот, треба да биде ставен акцент на дијалогот и соработката преку експертска, техничка и друга помош за оние прашања кои се потребни на земјите-членки.

Д-р Петрова -Митевска потенцираше дека променета Европа бара и промена на методите особено во однос на соочувањето со современите глобални предизвици: тероризмот, природните катастрофи, еколошките промени и др. Во таа смисла, според неа, целосно се прифатливи размислувањата и предлозите на известителот Косачев за Европскиот самит 2006-2007 кој би ги вклучил сите европски и евроатлантски организации. Со тоа се совпаѓаат очекувањата на земјите во нивните евроатлантски аспирации за заедништво на народите, за креирање на единствен простор на социјална и економска благосостојба и за унапредување на општата безбедност. За малите земји, како што е Република Македонија која е на патот кон членство во НАТО и ЕУ, нагласи д-р Петрова-Митевска таквите определби се од витално и егзистенцијално значење. (Дискусијата во интегрална форма е дадена во **Прилог 2** на овој извештај).

6. Во текот на оваа сесија на една од седниците на Мониторинг комисијата беше разгледана Информацијата за посетата на Република Македонија (24-26 ноември 2004) на г-ѓа Жозет Дирие, претседателка на Мониторинг комисијата. Информација ги прикажува состојбите во земјата на објективен и реален начин и е изработена во мошне кус рок и со студиски и аналитички пристап. Информацијата ги содржи согледувањата на г-ѓа Дирие за напредокот на Република Македонија во исполнувањето на обврските кои се прецизирани во пост-мониторинг дијалогот на Советот на Европа со Република Македонија. Таа укажува дека голем дел од обврските се исполнети, но дека остануваат за реализација повеќе други обврски. Таа со право забележува во Информацијата дека Република Македонија е отворена за соработка и дијалог и надеж дека согласно со укажувањата во оваа фаза на пост-мониторинг дијалог и натаму ќе работи на нивното исполнување, што според неа во мошне блиска иднина ќе резултура со затворање на пост-мониторинг дијалогот.

Д-р Петрова-Митевска во своите забелешки се заблагодари на г-ѓа Дирие за објективната Информација и даде свои согледувања, односно прецизирања по одделни точки од Информацијата. Овие забелешки беа прифатени со големо задоволство од страна на г-ѓа Дирие и ќе бидат вградени во финалниот текст на Информацијата.

7. Во работата на Комисијата за деловник и имунитети учествуваше г-ѓа Ганка Самоиловска-Цветанова, член на оваа Комисија. На една од седниците, г-ѓа Ганка Самоиловска-Цветанова беше предложена и избрана за известител на оваа Комисија по Ревидираниот Предлог-Извештај за зголемување на бројот на местата во Комисијата за еднакви можности на жените и мажите (од 53 на 81). Разгледувањето и усвојувањето на овој извештај ќе се изврши на наредната седница на Комисијата закажана за м.март во Париз, на која г-ѓа Ганка Самоиловска-Цветанова ќе биде известител по овој извештај.

Извештајот е израз на залагањата на Парламентарното собрание да се зголеми бројот на местата во оние комисии кои разгледуваат битни прашања и е во духот на промените што се преземаат во модифицирањето на надлежностите на сите комисии на Парламентарното собрание во функција на нивна поефикасна работа.

8. На оваа сесија беше разгледано и Мислењето по Предлог-конвенцијата за превенција од тероризмот. Предлогот на Европската Конвенција за човекови права е во фаза на финална изработка од страна на CODEXTER - Комитет на експерти за тероризам и го помина првото читање на неговата седница во декември 2004 година. Во порано донесената Резолуција 1400(2004), Парламентарното собрание нотира дека "заштитата на човековите права игра мошне значајна улога во борбата против тероризмот. Овие права заземаат централно место и секоја нивна повреда ја намалува моќта на меѓународната коалиција за борба против тероризмот и оди во прилог на терористите". Парламентарното собрание ќе даде безусловна поддршка на оваа Конвенција, а од суштинско значење за оваа поддршка е почитувањето од страна на сите земји членки на Советот на Европа на стандардите содржани во "Насоките на Комитетот на министрите за човековите права и борбата против тероризмот", усвоени во јули 2002 година. Исто така, Парламентарното собрание предлага дефиницијата за тероризмот, која сеуште не е јасно утврдена, да биде прецизирана во соработка со ОН.

9. Во текот на оваа сесија беше разгледано и Мислењето по Предлог-конвенцијата за борбата против трговијата со луѓе. Парламентарното собрание укажа дека трговијата со луѓе доаѓа на трето место по трговијата со дрога и оружје. И покрај напорите и мобилизацијата на надлежните органи во државите и активното учество на невладиниот сектор, проблемот сеуште постои и дури и зема се´ поголем замав. Секоја година, илјадници луѓе, особено жени и деца, се жртви на трговија заради нивна сексуална експлоатација, ропство, присилна работа, присилно склучување на бракови и за други нелегални цели. Парламентарното собрание укажа дека Преамбулата на оваа

конвенција го содржи поимот трговија со луѓе како повреда на човековите пава и како кривично дело против достоинството и интегритетот на човекот. Исто така, Парламентарното собрание го поздрави напорот на ескпертите од САНТЕН со што се проширува доменот на Европската конвенција за човекови права која ги покрива сите видови на трговија, како домашна така и меѓународна, поврзани или не со организираниот криминал. Големо внимание во Конвенцијата е дадено и на заштитата на жртвите од оваа трговија и нивна ресоцијализација.

Сепак, Парламентарното собрание не може да се оттргне од впечатокот дека многу земји членки на Советот на Европа не се доволно заинтересирани да направат јасна дистинкција меѓу илегалната миграција и трговијата со луѓе. Сегашниот Предлог на Конвенцијата дава повеќе впечаток дека земјите-членки се повеќе заинтересирани да се заштитат од нелегалната миграција отколку да ја инкриминираат трговијата со луѓе и со тоа да ја стават во правниот систем на своите држави како кривично дело. Парламентарното собрание го поздравува претстојното донесување на оваа Конвенција, но укажува дека е потребно повеќе внимание да се посвети токму во разрешувањето на правните празнини на Предлогот на Европската Конвенција за човекови права во оваа сфера.

Други активности

10. По повод изборот на г. Рене ван дер Линден за претседател на Парламентарното собрание на Советот на Европа, македонската делегација побара и оствари прва средба со него во својство на нов претседател на Парламентарното собрание на Советот на Европа. На средбата се разговараше за повеќе прашања од интерес за натамошната активност на нашата делегација од повеќе аспекти. Д-р Петрова-Митевска најпрвин од името на целата Делегација му го честитеше изборот со желби за плодна и конструктивна работа. Го информираше за 10-годишниот јубилеј од полноправното членство на Република Македонија во Советот на Европа кој се навршува на 9 ноември о.г., при што македонската држава и парламентарна делегација во Советот на Европа би сакала овој јубилеј да биде одбележан на соодветен начин, за што г. ван дер Линден изрази целосна поддршка и разбирање. Тој укажа дека оваа идеја треба веднаш да се процесуира за да може благовремено бидат преземени сите неопходни организациони подготовки.

На средбата стана збор и за натамошната употреба на името на нашата земја во Советот на Европа, прашање што после десет години заслужува да му се посвети целосно и сериозно внимание. На господинот ван дер Линден му беше предочена апсурдноста од натамошно користење на референцата за нашата земја, од една страна поради фактот што државниот ентитет Југославија повеќе не постои, а од друга страна поради се´ повидливото расположение меѓу парламентарците на Парламентарното собрание за користење на уставното име на нашата држава. Господин ван дер Линден се согласи за апсурдноста на рефернцата, но укажа дека Советот на Европа не е надлежен форум за решавање на ова прашање, туку тоа се ОН и изрази надеж дека во најблиска иднина ќе се изнајде конечно решение на овој проблем.

11. Во текот на оваа сесија д-р Петрова-Митевска го поднесе на потпишување Предлогот на резолуцијата за заштита на ендемските видови на живиот фосил Охридската пастрмка. Предлогот на резолуцијата беше потпишан со големо задоволство и поддршка од страна на 40 парламентарци од десетина земји. Се очекува на наредната седница Бирото на Парламентарното собрание по овој предлог да одлучи дали ќе се подготвува посебен Извештај за оваа проблематика, со назначување на известител од надлежната Комисија (за екологија, земјоделие и локални регионални власти), или самиот документ ќе се дистрибуира до сите парламентарци само како

информативен материјал. (Предлогот на Резолуција е даден во **Прилог 3** на овој Извештај).

12. Д-р Елеонора Петрова-Митевска оствари средба со г. Тери Дејвис генерален секретар на Советот на Европа. На средбата се разговараше за одбележувањето на 10-годишнината од полноправното членство на Република Македонија во Советот на Европа и можностите за негово пригодно одбележување, при што г. Дејвис изрази целосна поддршка за оваа манифестација. Исто така, беше разговарано и за согледување на можностите за поднесување на Предлог на резолуција за употребата на името на нашата земја во Советот на Европа, бидејќи веќе се создадени некои предуслови на ова прашање да му се пристапи со должно внимание. Господинот Дејвис укажа дека и покрај се´ позабележителното расположение меѓу парламентарците на Парламентарното собрание за укинување на референцата со која нашата земја е примена во Советот на Европа, треба да се почитуваат и одлуките на другите меѓународни организации, како што е ОН. Изрази надеж дека во блиска иднина ќе се изнајде позитивно решение за ова прашање во рамките на единствено наделжниот форум ОН.

На средбата стана збор и за претстојната посета на Република Македонија на г. Дејвис, при што беше утврден терминот во првата половина на јуни о.г. Согласно со неговите обврски, дополнително ќе се прецизира терминот и ќе се пристапи кон подготовка на соодветна Програма за неговиот престој.

Заклучни согледувања

И овој пат дојде до израз неопходноста од редовно и активно присуство и учество во работата на парламентарните структури на најстарата и најбројна европска организација, што отвора простор за презентација на достигнувањата и за заштита на интересите на Република Македонија Остварени се значајни консултации и контакти сврзани со прашањата за политичката ситуација во земјата, пост-мониторинг дијалогот, кои се предмет на актуелната обсервација од страна на Парламентарното собрание. Беа разгледани и други можности значајни за натамошното активно учество на нашата делегација во Парламентарното собрание на Советот на Европа.

На оваа сесија вниманието беше фокусирано на подготовките за Третиот самит кој треба да биде одржан во Варшава на 16 и 17 мај 2005 година, со учество на шефови на држави и влади на земјите членки на Советот на Европа. Самитот треба да ја дефинира идната улога на Организацијата по промените во Европа. Усвоена е Препораката 1693 (2005) со која се повикани националните парламенти да организираат соодветни дебати за претстојниот Самит во прилог на определување на неговите цели и заради анимирање на пошироката јавност.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Парламентарното собрание на Советот на Европа

ИЗВЕШТАЈ

за седниците на Комисијата за деловник и имунитети, Комисијата за култура, наука и образование и Постојаниот комитет на ПС на Советот на Европа
(Париз, Република Франција, 17-18 март 2005 година)

Скопје, април 2005 година

Во рамките на редовната работа на комисиите на Парламентарното собрание на Советот на Европа, на 17 и 18 март 2005 година во Париз, Република Франција, се одржаа седници на повеќе комисии, на кои учествуваа: на седницата на Комисијата за култура, наука и образование (17 март 2005) - д-р Елеонора Петрова-Митевска, шеф на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа и член на Комисијата; на седницата на Комисијата за деловник и имунитети (17 март 2005)- г-ѓа Ганка Самоиловска-Цветанова, заменик-член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа и член на Комисијата и на седницата на Постојаниот комитет на ПС на Советот на Европа (18 март 2005)- д-р Елеонора Петрова-Митевска, Шеф на Делегацијата, во придружба на г-ѓа Ана Качакова, член на Секретаријатот на Делегацијата.

На седницата на Комисијата за деловник и имунитети, г-ѓа Ганка Самоиловска-Цветанова имаше свое излагање во својство на известител по Предлогот на извештајот за "Зголемување на бројот на местата во Комисијата за еднакви можности на жените и мажите од 53 на 81".

1. Во работата на Комисијата за деловник и имунитети учествуваше г-ѓа Ганка Самоиловска-Цветанова, втор потпретседател на Комисијата и Известител на Ревидирианиот Предлогот на извештајот за "Зголемување на бројот на местата во Комисијата за еднакви можности на жените и мажите од 53 на 81". Во овој Предлог-извештај се елаборира потребата од зголемување на бројноста на членовите во Комисијата, со оглед на зголемениот обем на работа, односно прашања кои ги разгледува оваа Комисија. Како најважни причини поради кои се предлага оваа измена, се наведуваат следниве:

- еднаквите можнисти за жените и мажите се важен предуслов за вистинска демократија;
- непостоење на посебно тело во рамките на Парламентарното собрание за промовирање и координирање на активностите сврзани со еднаквите можности на жените и мажите (како што е тоа случај со НВО во државите членки на Советот на Европа) и
- проширување на досегашната активност, односно оригинерната надлежност на Комисијата.

Во своето излагање по оваа точка, г-ѓа Ганка Самоиловска-Цветанова укажа дека Комисијата за еднакви можности на жените и мажите спаѓа во редот на оние работни тела на Парламентарното собрание чиј опсег на работа се зголемува со оглед на фактот што прашањата за еднаквоста на жените и мажите се меѓу приоритетните прашања на Парламентарното собрание на Советот на Европа. Исто така, заштитата на човековите права, вклучувајќи ги правата на жените, претставува темелна вредност на Советот на Европа, а се´ поголемата и позасилената активност на Советот на Европа во однос на нивната реализација бара и зголемен ангажман на парламентарците. Поради овие причини, се наметнува и потребата од зголемување на бројот на местата во Комисијата за еднакви можности на жените и мажите. (Текстот на дискусијата е даден во интегрална форма во **Прилог 1** на овој извештај).

По излагањето, беше дадена поддршка на Ревидираниот Предлог-извештај и едногласно беше усвоена Прелиминарната Предлог-резолуција. Се очекува финалното усвојување на Предлог-резолуцијата да следи на следната седница на Постојаниот комитет, што ќе се одржи кон крајот на мај о.г. во Лисабон, Португалија.

Како една од точките на дневниот ред беше разгледан и Предлог-Извештајот за иницирање на мониторинг и пост-мониторинг процедура како пракса регулирана со Деловникот на Парламентарното собрание. Според Предлог-резолуцијата, предлот за

иницирање или повторно отворање на мониторинг процедурата, може да биде поднесен од:

- Комисиите на Парламентарното собрание поткрепено со образложение до Бирото на Парламентарното собрание;
- Мониторинг комисијата преку писмено мислење подготвено од двајца ко-известители, а кое мислење ќе содржи прдлог-одлука за отворање на мониторинг процедура;
- Не помалку од десет пратеници на Парламентарното собрание претставени од најмалку пет делегации и две политички групи, преку поднесување на Предлог-резолуција или препорака;
- Од Бирото на Парламентарното собрание.

Преку овие механизми, се очекува да се воведе воедначен пристап кон отворање на мониторинг процедура кон сите земји-членки на Советот на Европа. Предлог-резолуцијата беше усвоена едногласно.

На овој состанок беа разгледани и следниве предлог-резолуции/препораки кои се однесуваат на повеќе измени на одредбите на Делвоникот на ПС на Советот на Европа и кои едногласно беа усвоени:

- рокот за поднесување на амандмани е продолжен за половина час повеќе. За првиот ден на сесијата, амандманите се поднесуваат најдоцна до 12 часот напладне; за вториот ден не подоцна од 16 часот на првиот ден од сесијата; за сите останати денови, не подоцна од 23 и половина час пред почетокот на седницата. Под-амандманите се поднесуваат два часа пред почетокот на дебатата;
- за тековните дебати и ургентните дебати барањата се поднесуваат написмено до Бирото на Парламентарното собрание пред почетокот на седницата на Постојаниот комитет или сесијата;
- во врска со акредитациите на националните делегации кои се предмет на оспорување, се изнесоа повеќе мислења во насока на фактот што оспорувањето на некои акредитации всушност се однесуваат на поедини членови на делегациите, а не на цели делегации. Заради избегнување на несакакни последици по работата на националните делегации во Парламентарното собрание, членовите на Комисијата за деловник и имунитети заседоа ја усвоија прелиминарната Предлог-резолуција која се однесува на оспорувањето на акредитациите за **индивидуални** членови на националните делегации во Парламентарното собрание, чии политички активности се во спротивност со европските вредности на демократијата и почитувањето на човековите права. Како своевиден "филтер" или новина што Парламентарното собрание во поглед на начинот на акредитирање на националните делегации може да го воведе е потпишување на **индивидуални изјави** дека, со стекнувањето на статусот на парламентарец на Парламентарното собрание на Советот на Европа, "*ќе ги почитува неговите демократски вредности и принципи*".

Беше разгледан и Извештајот за Семинарот за "Улогата на опозицијата во демократските парламенти", што во заедничка организација на оваа Комисија и Шведскиот парламент се одржа на 10 декември 2004 година. Семинарот беше оценет како мошне успешен форум каде што учествувале парламентарци од европските земји и еминентни професори и од повеќе европски универзитети. Пред членовите на Комисијата, по повод овој Семинар, свое пригодно обраќање имаше и Професорот Лудвиг Грамлих од Техничкиот универзитет од Чемниц, СР Германија.

2. На седницата на Комисијата за култура, наука и образование учествуваше д-р Елеонора Петрова-Митевска, член на Комисијата. Во рамките на редовната агенда на комисијата, беа разгледани извештаите за културната ситуација кај Курдите, Пактот за

стабилност за Југоисточна Европа и соработката со Парламентарното собрание во текот на 2005 година и други прашања од надлежност на Комисијата.

По редовната седница, беше одржано ислушување на тема "Медиумите и тероризмот", на кое како клучни говорници беа поканети Жорж Малбруно, новинар од Франција, поранешен заложник во Ирак Вит Поханка, новинар од Чешката Република, исто така поранешен заложник во Ирак и професор д-р Џо Гребел, директор на Европскиот институт за медиуми од Диселдорф, како и други еминентни новинари од BBC, Al-Jazeera, El Pais и весникот "Chechen society". Беа опфатени повеќе аспекти на оваа проблематика: стратегиите на медиумите кои ги користат терористите; одговорностите на медиумите, политичкото и правното влијание врз медиумите и др. Како основен предизвик во врска со оваа проблематика се јавува изнаоѓањето на баланс меѓу борбата против тероризмот и слободата на информирање. Во таа насока, беше подвлечено дека медиумите не смеат да се злоупотребуваат во глобалната борба против тероризмот и беше укажано на потребата за изнаоѓање на соодветни правни механизми за спречување на заложништовото меѓу новинарите.

3. Постојаниот комитет (кој меѓу две парламентарни сесии дејствува од името на ПС на СЕ) расправаше и усвои препораки и резолуции за повеќе прашања, односно расправаше по предлог-извештаите поднесени од известителите на Парламентарното собрание. Со седницата раководеше г. Рене ван дер Линден, претседател на Парламентарното собрание на Советот на Европа.

Во обемната агенда на состанокот беа разгледани и усвоени предлог-извештаите од делокругот на сите комисии на Парламентарното собрание. Посебно внимание беше посветено на реферирањето за преземените подготовки од страна на националните парламенти во врска со Третиот самит на шефови на држави и влади на земјите-членки на Советот на Европа, што ќе се одржи на 17 и 18 мај 2005 година во Варшава, Полска. Исто така, како ургентна точка беше разгледан Извештајот на Ад-хок Комисијата за борба против трговијата со луѓе и Предлогот на Европската конвенција за борба против трговијата со луѓе.

Членовите на Постојаниот комитет го разгледаа и извештајот за основање на *Агенција на ЕУ за фундаментални вредности*. Основањето на посебна агенција се наметнува како одговор на зголемувањето на надлежностите на постоечкиот *Мониторинг и истражувачки центар на ЕУ за расизам и ксенофобија*, чии надлежности се проширија со Одлуката на Европскиот совет од 2003 година. Во функција на обезбедување компетентна активност во областа на заштитата на човековите права во оваа сфера, се предлага формирање на оваа посебна агенција како засебна институција, која ќе даде голем придонес во работата на постоечкиот центар. Во понатамошните активности ќе бидат дефинирани целите, мандатот, концептот, сферата на работа и инструментите на агенцијата, а како појдовен критериум ќе се земе тематско следење на одредена проблематика во контекст на политиката на ЕУ.

Заклучни согледувања

Со учеството на овие седници уште еднаш се потврди потребата од редовно следење на седниците на комисиите на Парламентарното собрание на Советот на Европа и активен ангажман на шефот и членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа. И овој пат дојде до израз неопходноста од редовно и активно присуство и учество во работата на парламентарните структури на најстарата и најбројна европска организација, што отвора простор за презентација на достигнувањата и за заштита на интересите на Република Македонија.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Парламентарното собрание на Советот на Европа

ИНФОРМАЦИЈА

за седниците на комисиите на ПС на СЕ во Париз, Франција
(5 -6 април 2005 година)

Скопје, април 2005 година

На 5 и 6 април 2005 година во Париз беа одржани седници на комисиите на Парламентарното собрание на Советот на Европа за политички прашања и за правни прашања и човекови права на кои учествуваше шефот на Делегацијата на Собранието на РМ во ПС на СЕ д-р Елеонора Петрова-Митевска, во придружба на секретарот на Делегацијата Никола Тодоровски.

1. На седницата на **Комисијата за политички прашања** разгледуван е Нацрт-извештајот за ситуацијата во Република Македонија на известителот Џерардо Бјанко, италијански пратеник од групата на Европски народни партии, Во Нацрт извештајот подготвен по посета од 23 до 25 март оваа година,[3] се укажува дека во петгодишниот период Македонија постигнала забележителен прогрес во усвојувањето на реформите за имплементација на Охридскиот рамковен договор, при што е забележлив импресивен легислативен ангажман со кој Собранието расправало и усвојило низа уставни амандмани и повеќе од 40 закони. Во заклучните согледувања се констатира дека Македонија, која се наоѓа во нестабилен геополитички регион успешно ја надминала кризата од 2001 година. Од нејзина страна се исполнуваат стандардите на СЕ во областа на заштитата на националните малцинства и на недискриминација. Заради геополитичката ситуација на земјата известителот смета дека постигнувањето на внатрешната стабилност на земјата има и пошироко позитивно значење за регионот. Согласно со овие констатација од негова страна е предложена и соодветна резолуција и препорака.[4]

Во усното излагање известителот Бјанко изнесе генерална оцена дека Македонија веќе не е проблематична туку успешна приказна во регионот. Имајќи ја предвид достигната стабилност, како и тоа дека земјата склучила Договор за стабилизација и асоцијација со ЕУ и побарала да стане член на Унијата. Известителот смета дека е надминат првобитниот карактер на Извештајот и дека треба да биде променет неговиот наслов, пришто ситуацијата во земјата треба да биде разгледувана во поширок регионален контекст.

Италијанскиот парламентарец изрази особена благодарност на Собранието и делегацијата на Република Македонија во ПС на СЕ за срдечното гостопримство и добрата организација на неговата посета. Притоа истакна дека престојот беше реализиран во еден деликатен период за земјата, меѓу првиот и вториот круг на локалните избори и за регионот, по приведувањето на премиерот на Косово на Хашкиот трибунал, односно по обидот за атентат на претседателот на Косово. При посетата се остварени содржајни разговори со највисоките државни раководители, со пратениците од позицијата и опозицијата, како и со странските дипломатско конзуларни претставници во земјата.

Во врска со прашањето на разликите околу употребата на уставното име, подготвувајќи го Извештајот, забележал дека двете страни сметаат дека е тоа прашање за кое се разговара во Обединетите нации, додека ЕУ јасно ставила до знаење дека нема да зазема позиција по ова прашање. Иста е и позицијата на СЕ да не презема некоја директна улога туку прашањето да го препушти за решавање на билатерална основа. Меѓутоа од негова страна беше спомената можноста за формирање на работна група на парламентарци од Грција и Македонија за поддршка во изнаоѓање на компромисно билатерално решение. Бјанко информираше и за одлуката на САД за признавањето на уставното име на Република Македонија, како и за резолуциите на Бундестагот и на Комисијата за надворешна политика на Велика Британија и слични навестувања во Италијанскиот парламент во врска со ова прашање.

[3]Ова прашање се разгледува врз основа на Резолуцијата 1261 (2001) со која е определено Комисијата за политички прашања по кризата во 2001 година да го следи развојот на настаните во земјата и за тоа да информира според потребите, при што не е лимитирано времето до кога ќе биде вршено такво опсервирање

[4] Во прилог е даден интегрален текст на Нацрт - заклучоци и главни препораки.

Од страна на шефот на Делегацијата **д-р Еелеонора Петрова-Митевска** е дадена поддршка на Извештајот кој е оценет како добар и избалансиран, како и на предлогот да му биде даден друг, посоодветен наслов сврзан со ситуацијата во регионот.[5] Изразена е и благодарност до известителот и Секретаријатот на Комисијата кој во релативно кус временски период подготвил објективен и реален Нацрт извештај кој е изготвен една недела по посетата и дистрибиуран на самата седница на Комисијата. Дадени се и повеќе прецизирања и дополнувања на некој формулации на текстот. Посебно е потенцирано дека во ОН не се преговара за името, туку се разговара со посредство на специјалениот пратеник на генералниот секретар на ОН за различните позиции на двете земји околу името. Оттука, не е потребно да се инволвира ПС на СЕ во ова прашање со формирање на некаква парламентарна работна група. Во таа смисла поучна е познатата изјава на Черчил дека "ако се сака да не се реши некое прашање тогаш е добро да се одложи и да се формира работна група".

Поранешниот претседател на Парламентарното собрание на ОБСЕ, романскиот пратеник **Адриан Северин** во својата дискусија го пофали Нацрт-Извештајот како добро балансиран и структуиран со презентирање во раната, подготвителна фаза на консеквентна предлог резолуција и предлог-препорака. Согласен е со констатацијата во извештајот дека Македонија, иако е мала земја, има клучна положба во регионот и големо значење за неговата стабилност. Парламентарното собрание на СЕ треба да ја поддржи стабилноста на Македонија, како и да го задржи своето внимание на Западниот Балкан, иако постојат нови кризни жаришта во светот.

Македонија е сосема близу до успешното затворање на кризната ситуација. Меѓутоа самото решавање на ситуацијата со Рамковниот договор на етничка база во себе крие опасност заради воведување на двојни стандарди. Етничката затвореност и поделба не е решение за цивилно општество и мултикултурен карактер на државата. Тоа најдобро може да се види во Босна и Херцеговина која заради етничката поделеност се уште неможе да профункционира како вистинска држава. Рамковниот договор во Македонија е мудро политичко решение за кризата, но од албанската страна треба биде следено со лојално однесување. Смета дека вистинско решение не е мултиетнички поделена, федерализирана држава туку интегрирана, цивилна мултиетничка држава. Притоа треба да се имаат предвид и предизвиците за Македонија кои доаѓаат од соседството сврзани со непризнавањето на името, народот и јазикот, националниот идентитет, знамето, црквата и така натаму.

Литванскиот пратеник **Јонас Чекуолис** се интересираше за тоа дали е подобрена ситуацијата во однос на "сивото стопанство" и прекуграничниот шверц кои беа присутни во земјата во кризниот период.

Холандскиот пратеник **Франс Тимерманс** Извештајот на Бјанко го означи како преоптимистички. Присутни се проблемите во судството и корупцијата во земјата, а според меѓународните набљудувачи локалните избори не биле доволно фер и не е поминат тестот на демократијата. Недоволно е и мора да се даде поголемо внимание на средното и високото образование на малцинствата. Според Тимерманс сето тоа укажува дека земјата е сеуште мошне оддалечена од стабилноста.

Во врска со стабилноста на земјата и постигнатиот прогрес спротивно мислење искажа бугарскиот пратеник **Лучезар Тошев** кој ги оцени како мошне позитивни. Постигната е меѓуетничка стабилност на што беше посветено македонското раководство, а особено починатиот претседател Трајковски, кој притоа покажа и лична храброст. Што се однесува до прашањето на името и оспорувањата на Македонија од страна на соседите Тошев потенцираше дека Бугарија прва ја признала Република Македонија и никогаш не ја оспорувала. Затоа не треба да биде споменувана во таков контекст.

[5] Во повеќе средби во текот на посета на известителот Бјанко беше укажано дека тежиштето на активностите во земјата од прашањата сврзани со стабилноста и меѓуетничкиите односи се префрла на прашањата сврзани со економскиот развој во рамките на процесот на евроатлантското интегрирање на земјата. Во таа смисла е барано да се размисли дали Комисијата и ПС на СЕ треба да се занимаваат со веќе надминатиот посткризен период во РМ или со зацврстувањето на стабилноста и демократијата на Западен Балкан како целина.

Полскиот пратеник **Тадеуш Ивински** изрази согласност со оцената дека е постигнат очигледен прогрес во однос на стабилноста на земјата. Меѓутоа, смета дека работите се прикажани премногу "розево", како на пример кога станува збор за прашањето на враќањето и интегрирањето на бегалците и раселените лица. Согласен е и со мислењето на Северин дека создавање на мултиетничка држава наместо мултикултурно, цивилно општество може да биде погрешен правец на развојот.

Нацрт-Извештајот од страна на италијанскиот претеник **Умберто Рениери** е оценет како балансиран и реален. Македонија ја постигнала независноста без граѓанска војна и меѓуетничка конфронтација, благодарејќи на нејзините раководители, а кризата од 2001 година е разрешена со политички договор, поддржан од меѓународната зедница. Што се однесува до стабилноста на Западен Балкан, таа се воспоставува споро и ситуацијата и натаму е сложена и деликатна имајќи го предвид Косово и односите меѓу Србија и Црна Гора. Затоа треба да се поддржи стабилноста на Македонија, која има пошироко значење. Во целиот регион ЕУ има витална улога и треба да биде отворена за земјите каква што е Македонија. Нејзината помош и поддршка е неопходна за отстранување на слабостите.

Грчкиот пратеник **Теодорос Пангалос** најнапред ја елабориираше тезата дека вкупната стабилност е поврзана со економската стабилност на што Грција посебно придонесува, како водечки инвеститор во регионот. Потребно е уште доста да биде направено, особено кога станува збор за корупцијата и организираниот криминал, што е регионален проблем. Што се однесува до името, тој не се согласи со долгогодишната позиција на Владата на Нова демократија прашањето на името да остане нерешено. Потсети дека во времето кога пред десетина години бил министер за надворешни работи предлагал на името на земјата да се додаде нешто по што таа би се разликувала од Македонија во Грција. Наместо да се исцрпуваат силите подобро беше на името Република Македонија во заграда да се додадеше Скопје, заради разбирање дека станува збор за независна држава а не за Грција и Македонија во Грција. Поврзаност со ова име, особено во северниот дел на земјата, за нив има длабоко емотивно и историско значење. Наместо тој рационален пристап во Грција дојдоа до израз екстремистички позиции кои денес се пресечени. Во врска со предлогот за оваа прашање да биде формирана парламентарна работна група и тој како и д-р Петрова Митевска смета дека таквиот пристап нема да помогне во решавањето на проблемот.

Известителот Бјанко не се согласи дека на состојбите гледа во "розева" боја и истакна дека на ситуацијата гледа така како што е во реалноста. Во Извештајот констатира дека е постигнато забележително унапредување на состојбите и дека работите се движат во правилна насока која е поддржана и од владата и од опозицијата. Некои од забелешките на дискутантите за сегашната ситуација, како онаа сврзана со "сивото стопанство", организираниот криминал, корупцијата, проблемите во судството и други, се констатирани и во текот на средбите при посетата. Меѓутоа, тоа не се проблеми кои можат преку ноќ да бидат решени, а и пошироко се присутни во регионот. Согласен е да корегира некои од изнесените ставови, како оној дека не треба да биде споменувана Бугарија во врска со резервите за уставното име на Македонија. Неприфатлива е забелешката за недоволното внимание кон образованието на малцинствата, имајќи предвид дека од четири универзитети во земјата два се на албански јазик и дека малцинските јазици се употребуваат во регионите со над 20% на населението. Прашањето на името го смета за важно за идентитетот на земјата и затоа во извештајот (освен во насловот заради Резолуцијата 95/23 на Комитетот на министрите на Советот на Европа) постојано го употребува името Македонија, со напомена дека со тоа не се прејудицира позицијата на Советот на Европа.

Заклучено е Нацрт-Извештајот и Предлог-резолуцијата и Предлог- препораката амандмански да бидат разгледувани на седницата на Комисијата во текот на априлската сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа и да бидат на дневниот ред на Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на Советот на Европа во Лисабон, во јуни 2005 година. Прифатен е и предлогот да биде променет насловот на извештајот и да гласи: "Најновиот политички развој во поранешната југословенска Република Македонија во контекст на регионалната стабилност".

* * * * *

1. На седницата на Комисијата беше разгледен и Извештајот на Финскиот пратеник Мико Ело посветен на референдумот и позитивните искуства во неговата примена во Европа. Притоа е нагласено дека улогата на Советот на Европа не е да се поттикнуваат или попречуваат референдумите, туку да се усвои водич кој може да се употребува како инструмент за засилување на демократското изјаснување на граѓаните.

При разгледувањето на тековните активности на Комисијата е информирано за готовноста таа да биде отворена за прашањата и предлозите на националните делегации од нивен специфичен интерес за кои може неформално да се расправа пред нивно вобичаено процедурално покренување преку надлежната служба.

2. На седницата на **Комисијата за правни прашња и човекови права** централно внимание привлекоа извештаите за концептот на нацијата и за помошта на пациентите на крајот на животот. Двата извештаја, заради несогласноста при претходните разгледувања, беа вратени за доработка и повторна расправа во Комисијата.

Прашањето на концептот на нацијата на дневниот ред на Парламентарното собрание на Советот на Европа и неговите работни тела се наоѓа веќе две години. Иницијативата за негово разгледување е произлезена од дилемите што се предизвикани со преференцијалниот третман на националните малцинства од државата на потеклото (случајот на Унгарскиот закон од 2001 година кој се однесува на Унгарците во соседните земји). Известителот **Ѓерѓи Фрунда** од Романија, во функција на подготовките на извештајот, испратил посебен Прашалник на кој одговориле триесет и пет делегации, вклучувајќи ја и делегацијата на Собранието на Република Македонија, но не и делегациите на соседната Бугарија и Србија и Црна Гора. Во мислењата на правните експерти по оваа прашање, вклучувајќи ја и Венецијанската комисија се нагласува дека не постои заедничка европска правна дефиниција на концептот на нацијата, односно овој концепт се разбира различно, зависно од правниот систем на одделните земји. Судрувајќи се со овој проблем известителот ја застапува тезата дека потребно е повторно да се размисли, да се модернизира и да се ревитализира целиот концепт на нацијата, што може да помогне во решавањето на прашањето на националните малцинства во 21-от век.

Во компаративниот приказ на употребата на концептот на нацијата во Европа државите се поделени во пет групи и тоа: државите чии устави експлицитно го употребуваат концептот на нацијата во смисла на "граѓанска нација" (Белгија, Франција и други); држави со устави кои експлицитно зборуваат за етнички нации (Хрватска, Литванија, Албанија и други); државите во кои ентитет е народот, на основа на што се изразува сувереноста (Шпанија, Унгарија, Грција, Словенија); државите кои во уставите не го употребуваат зборот нација, туку народ како носител на сувереноста (Германија, Швајцарија, Австрија и други); државите во чии устави не се споменува ниту нацијата ниту народот (Босна и Херцеговина, Кипар, Данска, Исланд, Луксембург, Норвешка, Холандија и Република Македонија).

Според известителот Фрунда, не е неопходно да биде формулиран нов концепт на нацијата, имајќи предвид дека во 20-от век, после две светски војни, се исцртани национални граници кои довеле до одвојување и парцијализација на државите на потеклото и до живеење на деловите на народите во соседните земји, како национални малцински заедници. Овие традиционални национални малцинства, кои не се настанати како последица на миграционите движења, треба да ги уживаат колективните и индивидуалните права за зачувување, изразување и унапредување на нивниот национален идентитет. Во таа смисла, се препорачува ова Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, која е усвоена од 36 земји членки да биде ратификувана и од шесте кои ја потпишале, а се уште не ја ратификувале (меѓу кои и Грција). Истовремено се потсетува дека 17 земји членки ја усвоиле Европската повелба за регионални и малцински јазици, 15 ниту ја потпишале ниту ратификувале (меѓу кои Албанија, Бугарија и Грција), а 14 ја потпишале, но се уште не ја ратификувале (меѓу кои и Република Македонија и Србија и Црна Гора).

Известителот Фрунда во своето излагање се заложи државите на потеклото да се ангажираат во зачувувањето на националните малцинства и нивниот културен идентитет, користејќи ги инструментите на Советот на Европа. Лојалноста на

малцинствата кон државите во кои живеат, според него се зголемува доколку припадниците на малцинствата се еднакви и рамноправни граѓани.

Во дискусијата беа изразени низа забелешки во кои дојдоа до израз различните концепти на поимите нација, народ, држава, национални малцинства кои се израз на различните правно-политички концепти на европските држави. Во тој контекст, повеќе дискутанти изјавија дека изнесените констатации и заклучоци им се нејасни и неприфатливи. Беше нагласено дека присутните лингвистички проблеми во определување на содржината на концептот на нацијата предизвикуваат проблеми со правни последици. Целиот Извештај беше означен како "добра вежба" за сериозна работа која треба дополнително да биде продолжена. Во таа смисла беше посочено дека тоа е прашање со кое може да се занимава Поткомитетот за национални малцинства, чие основање е предложено токму заради промоција и надгледување на активностите на телата на Советот на Европа специјализирани за малцинските права.

Исклучително големи беа и несогласностите околу мислењето на известителот **Кевин Макнамара** за Извештајот за помошта на пациентите на крајот на нивниот живот. Меѓу другото, изменет е и неговиот првобитен наслов - Извештај за евтаназија. Заради голем број на поднесени и најавени амандмани, известителот укажа на опасноста да биде променета целата концепција и смислата за поднесување на Извештајот за кој ќе се расправа на идната априлска сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа.

На седницата на Комисијата беше дадена позитивна оцена за Извештајот на Венецијанската комисија во врска со рестрикциите во гласачките права на општите избори поднесен од известителот Мирјана Лазарова-Трајковска и е препорачано тој да биде прифатен и дистрибуиран од страна на Комисијата. Во Извештајот се нагласува дека рестрикциите можат да бидат оправдани само доколку се преземени на недискриминациона основа. (Студs но. 306/2004, 4 Април 2005, Страсбоург)

* * * * *

Активниот и кооперативниот однос при разгледувањето на прашањата од особен интерес за Република Македонија, од иницијалната до финалната фаза, уште еднаш се покажа како добар и ефикасен пристап во ангажманот на Собранието на Република Македонија и неговата Делегација во Парламентарното собрание на Советот на Европа. Во конципирањето и во досегашната фаза на разгледувањето на извештајот за ситуацијата во Република Македонија поддржан е ангажираниот однос на Известителот Бјанко, претседателот на Комисијата за политички прашања Атеш и на повеќе други пратеници на Парламентарното собрание на Советот на Европа, со што е обезбеден објективен и избалансиран извештај за Република Македонија. Внимание заслужува генералната констатација за забележителниот прогрес во однос на стабилноста на земјата и имплементацијата на реформите инцирани со Охридскиот рамковен договор. Оттаму е произлезена и промената на самиот наслов на Извештајот кој првобитно беше концентриран на пост-кризната ситуација во земјата, без временско ограничување за нејзино разгледување. Во Нацрт Извештајот политичката ситуација во земјата се согледува во регионален контекст и се истакнува нејзиното пошироко позитивно значење, а на постигната стабилност се дава целосна поддршка. Во тој контекст се разгледува и прашањето на употребата на уставното име на Република Македонија. Неодржливоста на деценската употреба на "времето име" во Парламентарното собрание на Советот на Европа и замореноста од непринципиелното образложение за таква постапка во пратеничките дискусии е видлива и од тоа што единствено уште од грчките пратеници се употребува референцата при означувањето на Република Македонија.

Заклучоци и главни препораки

40. Македонија е мултинационална држава и млада демократија ситуирана во нестабилен геополитички регион. Сепак, како мултинационална држава, таа треба да се придржува до стандардите на Советот на Европа на поле на националните малцинства и недискриминација; како млада демократија, таа треба да се осврне на слабостите на својот демократски систем; со оглед на нејзината геополитичка ситуација, нејзината внатрешна стабилност е подложна да има позитивно влијание на целиот регион, под услов истата да се залага за решавање на нерешени прашања во билатералните односи.

41. Земајќи го ова предвид, верувам дека Собранието треба да ги усвои следниве текстови:

1) нацрт на резолуција,

I. во која ќе се бара Македонија да:

а. ја финализира имплементација на реформите кои се налагаат со Охридскиот договор;
б. ги консолидира своите демократски институции преку осигурување на слободни и фер избори и спречување, санкционирање и корегирање на нерегуралностите; гарантирање независност на судството; и преземање мерки за подобрување на довербата од граѓаните во политичкиот систем и државните институции;
в. се придржува до стандардите на Советот на Европа на поле на националните малцинства и да работи кон градење мултинационално општество;
г. продолжи со своите напори за реформи за ревитализирање на економијата и поттикнување на странски инвестиции и
д. продолжи со своите напори кон евроатлантска интеграција со реалистични очекувања и да го информира јавното мислење за овој процес со кампањи со реалистични информации;

II. во која ќе се бара Грција да не ја попречува интеграцијата на Македонија во евроатлантските структури врз основа на прашањето на името;

III. во која ги поканува Грција и Македонија да:

а. ги интензивираат нивните дипломатски напори за постигнување решение околу прашањето за името;
б. да размислат за основање заедничка работна група составена од парламентарци од двете земји за дискутирање на прашањето на името и помош за негово решавање;

IV. во која ги повикува Македонија, Србија и Црна Гора и Косово да ја финализираат демаркацијата на границата;

V. во која бара од Европската унија да:

а. придонесе за поддршка во обновувањето на македонската економија;
б. размисли за играње поголема улога во помош кон решението за прашањето на името;

2). ***нацрт на прапорака***

во која бара од Советот на Европа да ја интензивира својата соработка со Македонија во следниве области:

а. зајакнување на демократските институции;
б. борба против корупцијата;
в. ефикасност на судството и обука на судиите;
г. зајакнување на граѓанското општество и
д.заштита на малцинствата и борба против расизмот и нетолеранцијата.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа на Вториот дел на редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2005 година, одржана од 25 до 29 април 2005 година во Стразбург, Република Франција

Скопје, мај 2005

Вториот дел на редовната сесија за 2005 година на Парламентарното собрание на Советот на Европа се одржа од 25 до 29 април 2005 година, во Стразбург, Франција. На сесијата учествуваа: шефот на Делегацијата д-р Елеонора Петрова Митевска, членовите г. Рафис Алити и г. Зоран Крстевски и замениците на членовите г. Андреј Жерновски и г. Џевдет Насуфи, во придружба на г. Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата и г-ѓа Ана Качакова, член на Секретаријатот на Делегацијата .

На парламентарците во текот на сесијата им се обратија: г. Светозар Маровиќ, претседател на Србија и Црна Гора, г. Жан-Клод Јункер, премиер на Луксембург и претседател на Советот на Европската унија, г. Адам Ротфелд, министер за надворешни работи на Полска (во својство на претседавач со Комитетот на министрите на Советот на Европа) и г. Клод Мандил, извршен директор на Меѓународната агенција за енергија.

1. На оваа сесија пред парламентарците се обрати ***г. Светозар Маровиќ, претседател на Сирија и Црна Гора***. Во своето концизно излагање тој се осврна на патот на Србија и Црна Гора кон ЕУ, особено по стекнувањето на статусот на полноправна земја членка на Советот на Европа во 2003 година. Истакна дека граѓаните на Србија и Црна Гора се свесни за одговорноста што сите ја имаат во напорите оваа земја да стане и формално европска земја, како и за тоа дека од вистинските чекори што на тој план ги презема Владата на Србија и Црна Гора зависи стабилноста на целиот регион. Во таа насока, измените на Уставната повелба кои се во тек и се реализираат со помош на меѓународната заедница, предвидуваат натамошна демократизација на државата во сите области од општествениот живот. Во таа смисла, г. Маровиќ подвлече дека како што европската иднина на Србија и Црна Гора е еден од клучните елементи на целокупниот европски демократски прогрес, така и прашањето на Косово е еден од најзначајните елементи на стабилноста на целиот регион.

Господинот Маровиќ одговараше на бројни прашања поставени од парламентарците. Д-р Елеонора Петрова-Митевска постави прашање кое ја опфаќа билатералната соработка меѓу Република Македонија и Србија и Црна Гора, со посебен акцент на стопанската соработка. Прашањето се однесуваше на тоа што треба во иднина повеќе да се направи за да дојде до интензивирање на меѓусебната стопанска соработка, особено во динамиката на изградбата на Коридорот 10, кој претставува една од најзначајните природни, економски, културни и историски врски меѓу европскиот север и југ.

Господинот Маровиќ одговори дека Србија и Црна Гора и Република Македонија имаат одлични меѓусебни односи и дека трендот на инетензивирање и на меѓустопанските односи продолжува, особено по неодамнешната средба на бизнисмените од двете земји.

Господинот Џевдет Насуфи во своето прашање упатено до г. Маровиќ истакна дека режимот на Милшевиќ создаде една ужасна атмосфера и на крај се обиде сосила да го задржи Косово под ропство. Политичката власт во Србија и Црна Гора ги користи сите средства и во таа насока прашањето се однесува на тоа која е разликата меѓу сегашното раководство на Србија и Црна Гора и она на Милошевиќ.

Господинот Маровиќ одговори дека во никој случај не може да се согласи да се прават вакви споредби, бидејќи тоа едноставно не кореспондира со реалноста.

2. ***Обраќањето на г. Жан-Клод Јункер, премиер на Луксембург и претседавач со Советот на ЕУ*** предизвика голем интерес. На почетокот тој истакна дека секогаш му претставува задоволство да дојде во Стразбург, европскиот главен град *par excellence* и бастион на европскиот парламентаризам. Тој се осврна на процесот на европската интеграција кој започна во Хаг во далечната 1948 од страна на Аденауер, Черчил и Шуман. Овој процес не беше лесен, но гледајќи од оваа временска дистанца, може само да се констатира дека беше многу успешен. Господинот Јункер смета дека во иднина треба повеќе да се работи на надминувањето на ривалството меѓу ЕУ и Советот на Европа во областа на воспоставувањето на стандарди и на развивањето на културните придобивки. Токму Уставот на ЕУ, кој за да влезе во сила треба да биде ратификуван од сите 25 земји-членки на ЕУ, ќе претставува правна рамка на желбите и интересите на граѓаните на ЕУ. Во однос на Советот на Европа, г. Јункер истакна дека тој треба да остане европска и меѓународна организација која ќе обезбедува високи стандарди и ќе бара од своите земји членки исполнување на овие стандарди.

Меѓу првите парламентарци кои му поставуваа прашања на г.Јункер беше и господин Андреј Жерновски, заменик-член на Делегацијата. Господинот Жерновски во своето прашање истакна дека Република Македонија е во фаза на очекување на одговорите на Прашалникот, по што земјата ќе се здобие со статус на земја кандидат за членка во ЕУ. Заблагодарувајќи се на поддршката, г. Жерновски праша дали наскоро може да очекуваме либерализација на визниот режим кој претставува еден од најголемите проблеми со кои се соочуваат македонските граѓани. Тоа би претставувало значајна придобивка и стимулација, како и потврда дека работите одат во вистинска насока.

Господинот Јункер, одговарајќи на прашањето, истакна дека за него лично постои земја која се вика Република Македонија и никако поинаку и дека отсега натаму тој Република Македонија ќе ја нарекува само под нејзиното уставно име, бидејќи тоа лично го смета за најправилно и најприродно. Во однос на либерализацијата на визниот режим, тој одговори дека тоа прашање се разгледува во рамките на ЕУ и се надева на негово скорешно позитивно разрешување.

3. На оваа сесија Македонската делегација до Бирото на Парламентарното собрание поднесе **Предлог-препорака за уставното име на Република Македонија**. Текстот беше подготвен уште минатата година, но се чекаше позитивен сигнал за временското усогласување на нејзиното поднесување. Предлог-Препораката беше безрезервно потпишана од страна на 28 парламентарци од 18 земји-членки на Советот на Европа од сите партиски групи[6]. Меѓу парламентарците - потписници на Предлог - Препораката се еминентни парламентарци, претседатели на комисии и истакнати членови на Парламентарното собрание на Советот на Европа со последователен повеќегодишен мандат.

Се очекува на наредната седница на Постојаниот комитет, односно на Бирото на Парламентарното собрание, да биде заземен став од страна на Парламентарното

[6] Тесктот на Предлог - препораката, исто така беше потпишан од членовите и заменици-членови на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на Советот на Европа. Со оглед на фактот што текстот беше подготвен минатата година, тој беше потпишан и од членови на Делегацијата во тогашниот состав.

собрание по Предлог-препораката. (Текстот на Предлог-Препораката во оригинал и во превод на македонски јазик е даден во **Прилог 1** на овој Извештај).

4. На седницата на Комисијата за политички прашања беше разгледан **"Предлог-Извештајот за политичката ситуација во Република Македонија"**, подготвен од Известителот г Џерардо Бјанко, (Италија, Група на европски народни партии). На текстот на Предлогот беа поднесени пет амандмана од страна на македонската делегација, кои се однесуваа на појаснување, односно корегирање на одредени ставови на Предлог-резолуцијата и Предлог-препораката. Амандманите во основа беа прифатени од страна на известителот.

На почетокот на расправата, д-р Петрова-Митевска уште еднаш укажа дека сеуште се покажува дека кога се расправа за ситуацијата во Македонија наместо вниманието да биде концентрирано на она што е постигнато и што треба да биде постигнато, присутни беа обидите вниманието да биде фокусирано на прашањето за името. Во однос на Извештајот, д-р Петрова-Митевска се заблагодари на Известителот Бјанко и секретаријатот на Комисијата за брзината со која Извештајот беше подготвен и го оцени како мошне објективен и реален. Воедно, таа ги поддржа заклучоците содржани во Предлог-Резолуцијата и Предлог-Препораката.

Исто така, од страна на Грчката делегација беа поднесени повеќе амандмани. Првиот амандман се однесуваше на употребата на уставното име на Република Македонија во текстот на Предлог-Извештајот, со препорака истото на десет места да биде заменето со референцата под која Република Македонија е примена во Советот на Европа. За овој амандман гласаа само двајцата присутни грчки пратеници, додека известителот г. Бјанко и останатите членови на Комисијата беа против. Во образложението, г. Бјанко истакна дека употребата на уставното име на Република Македонија во овој Предлог-Извештај е поради практични причини (за пократко именување на земјата), заради неговиот личен став по ова прашање и не го прејудицира ставот на Парламентарното собрание на СЕ по ова прашање.

Во текот на расправата беше презентирано писмото од министерот за надворешни работи на Грција г. Моливијатис, добиено преку Мисијата на Република Грција при Советот на Европа, а упатено до Комисијата, со кое се пренесува неговата изјава во врска со "името на БЈРМ". Притоа, ова писмо не беше примено со разбирање од страна на членовите на Комисијата поради фактот што истото претставува своевидно мешање и притисок на извршната власт врз парламентарните структури, а дури и од членот на Комисијата г. Теодорос Пангалос беше укажано дека и тој не е претходно запознаен со содржината на ова писмо. Поради тоа, писмото беше дистрибуирано до сите учесници за време на расправата на седницата, за нивно запознавање. Во овој контекст, клучно беше настојувањето на шефот на Грчката делегација во ПС на Советот на Европа г-ѓа Пападимитриу да импутира дека Македонија покажува неразбирање на ставот на ОН и специјалниот преговарач г. Метју Нимиц во однос на начинот на решавањето на прашањето за името. Шведскиот парламентарец г. Горан Линдблад, зборувајќи против овој амандман, истакна дека станува збор за погрешна интерпретација од грчка страна, со оглед дека за споменатото прашање не постои никаков официјален документ во ОН, односно Советот за безбедност (резолуција или препорака).

Предлог-Извештајот беше усвоен на продолжението на седницата на Комисијата во целост без забелешки и се очекува истиот да биде разгледан и конечно усвоен на следната седница на Постојаниот комитет, што ќе се одржи на 6 јуни 2005 година во Лисабон, Португалија.

5. На оваа сесија беа разгледани повеќе извештаи и усвоени соодветни резолуции и препораки.

Во **"Извештајот за енергетските системи и заштитата на животната средина"**, подготвен од британскиот парламентарец г. Бил Етерингтон (Група на социјалистички партии) беа разгледани можностите за замена на конвенционалните горива и енергенси со нови, кои се со помало штетно влијание врз човековата околина и биодиверзитетот. Во Предлог-Резолуцијата се повикуваат земјите членки на Советот на Европа да ги преземат сите неопходни законодавни и фискални мерки за развој на нови одржливи енерегетски политики и да го намалат користењето на фосилните горива. Се наметнува како неопходна потреба да се воведуваат обновливите видови на енергија (како што се биомасата, водата, соларната енергија, ветерот, искористувањето на плимата и осеката и сл.). Сите овие мерки истовремено треба да кореспондираат со препораките на Протоколот од Кјото, кој сеуште е нератификуван од поголем број земји.

Пратеникот г. Зоран Крстевски, член на Делегацијата, имаше своја дискусија по оваа точка, но поради скратување на времето за дискусија, тој не дискутираше. Текстот на дискусијата (**Прилог 2** на овој извештај) беше депониран и е составен дел на Стенограмот од таа седница.

Извештајот, односно Предлог-резолуцијата за **"Помош на лица пациенти при крај на животот"**, подготвен од Швајцарскиот парламентарец Дик Марти (Група на либерални, демократски и реформаторски партии), повторно не го доби потребното мнозинство при гласањето, и со тоа овој Извештај по вторпат се враќа на повторно разгледување пред надлежната комисија. Разногласието по однос на прашањето на еутаназијата е предизвикано од етички, правни, морални и други мислења кои се однесуваат на ова деликатно прашање.

Беше заклучено дека при натамошното разгледување на ова прашање, одредени факти не можат и не смеат да бидат игнорирани од страна на Парламентарното собрание на Советот на Европа и неговите комисии, како што се:

- во Холандија и Белгија, две земји-членки на Советот на Европа, се донесени закони кои се однесуваат на еутаназијата со што истата е легализирана;
- во голем број други земји, во парламентите се разгледуваат предлог-закони за еутаназијата;
- анкетите меѓу граѓаните покажуваат дека граѓаните се мошне осетливи по ова прашање и во повеќето земји мнозинството е за легализирање на евтаназијата, но во одредени специфични случаи;
- Неколку спроведени научни студии јасно покажуваат дека различни форми на еутаназија се применуваат во болниците без правна нормираност и покрај постоење на официјална забрана.

Заклучни согледувања

И овој пат дојде до израз неопходноста од редовно и активно присуство и учество во работата на парламентарните структури на најстарата и најбројна европска организација, што отвора простор за презентација на достигнувањата и за заштита на интересите на Република Македонија Остварени се значајни консултации и контакти сврзани со прашањата за политичката ситуација во земјата, а кои се предмет на актуелната обсервација од страна на Парламентарното собрание. Беа разгледани и

други можности значајни за натамошното активно учество на нашата Делегација во Парламентарното собрание на Советот на Европа.

На оваа сесија вниманието беше фокусирано на подготовките за Третиот самит кој треба да биде одржан во Варшава на 16 и 17 мај 2005 година, со учество на шефовите на држави и влади на земјите-членки на Советот на Европа. Самитот треба да ја дефинира идната улога на Организација по промените во Европа. Усвоена е Препораката 1693 (2005) со која се повикани националните парламенти да организираат соодветни дебати за претстојниот Самит во прилог на определување на неговите цели и заради анимирање на пошироката јавност.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Парламентарното собрание на Советот на Европа

ИНФОРМАЦИЈА

за седницата на Постојаниот комитет на ПС на Советот на Европа
(Лисабон, Португалија 6 јуни 2005 година)

Скопје, јуни 2005 година

На седницата на Постојаниот комитет на ПС на СЕ што се одржа во Лисабон, Португалија на 6 јуни 2005 година присуствуваа заменикот на шефот на Делегацијата на Собранието на РМ во ПС на СЕ Андреј Жерновски, членот на Делегацијата Ганка Самоиловска-Цветанова и секретарарот на Делегацијата Никола Тодоровски. Со седницата раководеше претседателот на ПС на СЕ Рене ван дер Линден, а свои обраќања имаа претседателот на Парламентот на Португалија Жаме Гама и министерот за надворешни работи на Португалија Диего Фритес д´ Амарал, во функција на португалското претседателство со Комитетот на минстрите на Советот на Европа. Седницата беше одржана во просторите на Сенатот на Португалија, во Палатата С.Бенто, во Лисабон.

1.**Претседателот на Парламентот на Португалија Жаме Гама** го поздрави одржувањето во Лисабон на седницата на Постојаниот комитет на која се разгледуваат низа прашања сврзани со тековната работа на Парламентарното собрание на Советот на Европа, во време меѓу двете редовни годишни заседанија на Парламентарното собрание. Тој подвлече дека во "тешките денови" за Европа, особено за Европската унија по негативните референдуми за Уставот на Европа во Франција и Холандија, потребно е да биде зачуван духот на европското единство. Треба да се гледа напред и да се продолжи со остварувањето на специфичниот мандат на сите меѓународни организации кои дејствуваат во Европа врз основа на компатибилните заеднички вредности. Притоа е добро да бидат одбегнати ситуациите на паралелни активности што не е позитивно како ни за организациите, така ни за европските граѓани. Според претседателот на Португалскиот парламент присутна е и се наметнува потребата за попрецизно определување на подрачјата на дејствувањето на европските меѓународни организации.

2. **Министерот за надворешни работи Диего Фритес д´ Амарал** откако укажа дека Парламентарното собрание е една од најстарите институции од овој вид и еден од двата носечки столба на Советот на Европа ја подвлече неговата улога на вистинска школа на демократијата, во која се практикува и развива целиот потенцијал на парламентарната дипломатија. Во врска со шестмесечното португалско претседателство со Советот на Европа, тој означи како приоритени три области на идната активност: промовирање на човековите права, демократијата и владеењето на правото; преземање на неопходните чекори во доменот на културата во врска со појавата на зголемување на разликите меѓу етничките групи, култури и религии во Европа и засилување на социјалната кохезија. Одговарајќи на поставените прашања, министерот коментираше дека актуелната политичка ситуација во Европа е песимистичка не само заради двата негативни референдуми, туку уште повеќе заради стопанското опаѓање. Потребно е соочување со економските тешкотии, а особено со невработеноста, при што треба да дојде до израз европското единство.

3. Во дебатата за актуелните прашања најнапред беше разгледуван Извештајот на Политичката комисија за "**Најновите политички случувања во Македонија во контекст на регионалната стабилност"** (Д.10547), поднесен од известителот Џерардо Бјанко (Италија, Група на европски народни партии).[7] Предлогот на резолуцијата и Предлогот на препораката содржани во текстот на Извештајот беа едногласно и целосно усвоени. Во овие документи и во воведното излагање на известителот Бјанко беше истакнато дека Македонија успешно ја надминала кризата од 2001 година и постигнала стабилност и забележителен прогрес, но треба да бидат надминати некои недостатоци во демократскиот систем и да бидат консолидирани демократските институции. Укажано е и на клучната геополитичка улога на Македонија за регионалната стабилност, а дадена е и поддршка на нејзините напори за целосно европско и евроатлантско интегрирање.

Известителот Бјанко потсети дека Извештајот бил разгледуван на две седници на Политичката комисија во Париз и во Стразбург на кои е дадена поддршка на оцените

[7] Интегралниот текст на Документот 10547 од 11 мај 2005 е даде во прилог

и предлозите кои се предложени од негова страна. При посетата на Македонија имал можност и лично да се увери дека се надминати тензиите од време кога земјата била близу до граѓанската војна. Рамковниот договор, со кој е трасиран патот за длабоките реформи и за обебедување на демократската иднина на земјата, е општо прифатен и се наоѓа во фаза на негова финална имплеметација. Италијанскиот пратеник нагласи дека во Извештајот, освен во насловот заради официјалното означување од страна на Советот на Европа, континуирано го употребува уставното име на земјата. Смета дека ословување на една држава со референца е неадекватно и непримерно. Добро е што побрзо двете земји во рамките на разговорите во ОН да го разрешат ова прашање, на што поддршка можат да дадат и европските и регионалните организаци.

Пратеникот Жерновски, заменик на шефот на Делегацијата и член на Постојаниот комитет во својата дискусија изрази задоволство заради добро концепираниот, објективен и реален извештај за политичката ситуација во Македонија. Тој ја поддржа генералната оцена дека е постигнат значаен прогрес во однос на стабилноста и демократските реформи и истакна дека импресивниот напредок во усвојувањето на европските и евроатлантските стандарди и вредности веќе ја легитимираат Република Македонија како земја кандидат за членство во ЕУ, до крајот на годината и за полноправен член во НАТО при следното проширување. Но, според Жерновски на Македонија притоа и´ е потребно разбирање и поддршка каква што и´ се дава со Предлог на резолуцијата и Предлог на препораката на Парламентарното собрание на Советот на Европа, заради што тој се заложи за нивно целосно усвојување.

Шефот на грчката делегација Пападимитриу ги повтори познатите грчки ставови дека како соседна земја ја поддржуваат БЈРМ, што добро се гледа од фактот дека се најголем инвеститор во земјата. Во врска со Предлогот на препораката за времето име на Република Македонија, што беше иницирана во текот на априлската сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа, изрази очекување дека таа од страна на Бирото ќе биде разгледувана подоцна, како и надевање дека за ова прашање двете страни ќе изнајдат решение во рамките на ОН, со посредство на специјалниот претставник Нимиц.

Во заклучните согледувања Бјанко истакна дека позитивното искуство на Македонија и нејзиното место во стабилноста на Европа треба соодветно да биде респектирано. Во правец на поддршка на македонската стабилност, тој побара да бидат усвоени предложената резолуција и препорака, што беше сторено едногласно.

4. На седницата на Постојаниот комитет, меѓу другите покренати прашања, беше усвоен и предлогот на Бирото на Парламентарното собрание на СЕ со кој до октомври 2005 година е одложено разгледувањето на **Документот 10538** од 5 мај 2005 година, со кој од страна на 27 пратеници од 17 земји членки е иницирано разгледување на препораката во врска со времето име на Република Македонија во Советот на Европа, со која се бара бришење на префиксот пред уставното име.[8]

5, Во врска со расправата за буџетот, **генералниот секретар на Советот на Европа Тери Дејвис** ја поздрави поддршката на Парламентарното собрание на определбата да биде разгледуван повеќегодишниот буџет на Советот на Европа. Основна буџетска политика на Комитетот на министрите и натаму е нулта покачување на расходите. Присутен е постојан притисок за дополнителни ограничувања и за намалувања на бројот на вработените при што се бара да не бидат намалени активностите. Истовремено, заради имплементацијата на Акциониот план од Третиот самит побарано е по пат на заштеди во сите институции на Советот на Европа, вклучувајќи го и Парламентарното собрание да бидат обезбедени дополнителни два процента. Во врска со ова барање од страна на пратениците беше укажано дека можностите за рационализација во Собранието се лимитирани имајќи предвид дека пред неколку години бројот на комисиите беше редуциран од 14 на 10. Согласно со неговите овластувања во оваа сфера Парламентарното собрание ќе го разгледа

[8] За одбележување е дека на седницата во Лисабон како поддршка на Делегацијата сврзано со точките на дневниот ред од нејзин интерес беа присутни нивните дипломатски претставници од Стразбург и Атина

4. Текстот на дискусијата е даден во прилог

барањето и ќе се настојува да изнајде сопствени резерви, но присутна е опасноста тоа да има влијание врз ефикасноста на работата.

6. На крајот на дневниот ред беше разгледано прашањето за зголемување на бројот на местата во Комисијата за еднакви можности на жените и мажите. Известител за ова прашање беше **Ганка Самоиловска Цветанова,** потпреседател на Комисијата на Парламентарното собрание на Советот на Европа за деловнички пршања и имунитет. Таа подвлече дека расправата за ова прашање покажала дека темелните вредности на Советот на Европа за заштита на и унапредување на човековите права, во еден се уште чуствителен сегмент каков што е еднаквоста на половите, треба и натаму да биде промовирана и унапредувана. Согласно со доминантното мислење во Парламентарното собрание на Советот на Европа, изразено и во Варшавската декларација од Третиот самит на земјите членки на Советот на Европа, поднесен е Предлог на резолуцијата, кој беше едногласно усвоен.

На седницата се разгледувани и усвоени и извештаите за мониторинг процедурата во Парламентарното собрание на Советот на Европа во периодот мај 2004 мај 2005 година; предизвиците во развојот на европските острови; економските импликации на развојот на есенцијалните услуги и еколошката заштита на делтите во Европа.

* * * * *

На седницата на Постојаниот комитет во Лисабон од централен интерес за Делегацијата на Собранието на Република Македонија, беше разгледувањето на извештајот на италијанскиот пратеник Бјанко за политичката ситуација во Македонија и усвојувањето на Предлогот на резолуцијата и Предлогот на препораката, за кои претходно е расправано на седниците на Политичката комисија. Извештајот е концепиран, подготвуван и разгледуван со активна партиципација на македонската делегација и по остварување на посетата на известителот на Република Македонија, при што се остварени средби со највисоките парламентарни и државни раководители. Имајќи ја предвид актуелната ситуација од страна на известителот идентификувана е потребата првобитниот мандат за следење на развојот на политичките настани во Македонија да биде проширен и разгледуван од регионален аспект. Од страна на Постојаниот комитет е прифатен овој пристап базиран врз генералната оцена дека Македонија направила извонреден напредок кон стабилноста и дека таа претставува пример кој треба да биде подржан и кој може да има позитивни ефекти за регионот во целина. Од страна на заменикот на шефот на Делегацијата Жерновски, извештајот е поздравен како добро концепиран, балансиран и реален и истакнато е дека по кризата во 2001 година во Македонија е постигнат значаен прогрес во однос на стабилноста и демократските реформи, а пред се´, во имплементацијата на Рамковниот договор, кој и од страна на меѓународните фактори се оценува како функционален модел (со пошироко значење), на уредување на односите меѓу мнозинскиот народ и малцинствата. Предложените документи Препораката 1705 (2005) и Резолуцијата 1440 (2005), како потврда на изнесените оцени од присутните пратеници се усвоени едногласно, вклучувајќи ги и грчките претставници.

Активната улога на Делегацијата на седницата дојде до израз и преку извештајот на потпреседателот на Комисијата за деловник и имунитет Ганка Самоиловска-Цветанова за зголемување на бројот на местата во Комисијата за еднакви можности на жените и мажите. Со овој извештај е побарано бројот на членовите на Комисијата, имајќи го предвид нејзиното значење за заштита и унапредување на човековите права, во еден сеуште чуствителен сегмент, каков што е еднаквоста на половите да биде зголемен и изедначен со бројот на другите комисии во Парламентарното собрание на Советот на Европа. Изнесениот предлог, како израз на претходните расправи и на доминантната политичка определба во Парламентарното собрание на Советот на Европа, кореспондентнои со насоките на Третиот самит на Советот на Европа беше едногласно прифатен.

Резултатите постигнати на седницата во Лисабон укажуваат дека со редовно следење на седниците на комисиите на Парламентарното собрание на Советот на Европа и со активниот ангажман на Делегацијата на најдобар начин може да биде придонесувано на изразувањето и зачувувањето на интересите на Република Македонија, како и на засилувањето на нејзиното место и улога во Советот на Европа.

ПРИЛОГ 1

Парламентарно собрание

СОВЕТ НА ЕВРОПА

Док. 10547
11 мај 2005

Најновите политички случувања во "поранешната југословенска Република Македонија" во контекст на регионалната стабилност

Извештај
Комитет за политички прашања

Известител: Г. Џерардо БЈАНКО, Италија, Група на европски народни партии

Резиме

Во 2001 година ескалацијата на екстремистичко насилство меѓу двете најголеми етнички задници во земјата, Македонците и Албанците, речиси ја доведе "поранешната југословенска Република Македонија" на работ на граѓанска војна. Четири години потоа Македонија[9] успешно ја надмина кризата од 2001 година и се наоѓа во процес на финализирање на законодавната рамка што ќе овозможи внатрешна стабилност.

Сепак, за да бидат долгорочни овие остварувања треба да бидат зајакнати. Македонија треба да направи натамошни напори за справување со некои од недостатоците на својот демократски систем. Потоа, сеопфатните реформи кои беа воведени во овој период треба да се оценуваат имајќи ги в предвид нивната практична имплементација, одржливост и прифатеност од страна на населението.

Како млада демократија во еден немирен регион, пред Македонија се наоѓаат значајни предизвици. Советот на Европа треба да ја поддржи Македонија во соочувањето со овие предизвици, многу од нив се однесуваат на области за кои Советот на Европа традиционално има експертиза како демократијата, плурализмот, владеењето на правото, заштитата на националните малцинства и социјалната кохезија. Во областа на надворешните односи Македонија треба да продолжи да работи на потесна интеграција во Европската и меѓународната заедница и да ги разреши нерешените прашања со своите соседи, вклучувајќи го и спорот со Грција околу името и конечната демаркација на греаницата со Србија и Црна Гора (Косово).

[9] Употребата на терминот "Македонија" во текстот е за описни цели и во корист на читачот: истата на прејудицира на ставот на Собранието за прашањето на името на државата.

I. Резолуција

1. Во 2001 година "поранешната југословенска Република Македонија беше сцена на ескалација на насилство меѓу двете најголеми етнички задници во земјата, Македонците и Албанците. Охридскиот рамковен договор (август 2001), потпишан од најзначајните политички партии, Европската унија и САД стави крај на непријателствата и го трасираше патот за сеопфатни реформи.

2. Во текот на овие четири години во земјата беше зачуван мирот и покрај стравувањата кои се појавија со изливот на насилства на Косово во март 2004 година. Македонија исто така постигна голем напредок во спроведувањето на реформите кои произлегуваат од Охридскиот договор и покрај смртта во несреќен случај на еден од неговите најголемите поддржувачи, покојниот Претседател Борис Трајковски, и одржувањето на референдумот за реформите на системот за локалната самоуправа кој можеше да ја одложи имплементацијата на процесот.

3. Исто така, нејзините напори кон потесни и поинтегрирани односи со Евроатлантската заедница доведоа до тоа Македонија од една страна на стане членка на Акциониот план за членство (МАП) на НАТО, а од друга страна да го склучи Договорот за стабилизација и асоцијација со Европската Унија (2001) и да поднесе апликација за членство во ЕУ (2004).

4. Парламентарното собрание признава дека Маекедонија успешно ја надмина кризата од 2001 година и дека процесот на финализирање на законодавната рамка е способен да осигури внатрешна стабилност. Ова е значајно постигнување за Македонија и нејзините граѓани, но исто така и за регионот на Западен Балкан во целина кој ќе треба да се соочи со големи предизвици во наредните месеци како почетокот на преговорите за конечниот статус на Косово.

5. Сепак, за да биде долготрајно ова постигнување треба да се консолидира: неодамнешните локални избори одржани во 2005 година укажаа дека Македонија треба да направи натамошни напори за справување со недостатоците на својот демократски систем. Потоа, опсежните реформи спроведени во последните 4 години треба да се оценуваат имајќи ги во предвид нивната практична имплементација, одржливост и прифатеност од страна на населението.

6. Признавајќи го големиот напредок во областа на ова поле, Собранието смета дека на внатрешен план Македонија треба да ги зајакне доброто владеење и демократските институции и да ја зацврсти довербата на граѓаните во политичкиот систем. Покрај тоа, што се однесува до заштитата на малцинствата и меѓуетничките односи, Македонија треба да се стреми да се надмине сегментацијата на општеството по етнички линии и да се избегне маргинализацијата на помалите етнички заедници.

7. На полето на надворешни односи, Собранието ја охрабрува Македонија да продолжи да работи на потесна интеграција во европската и меѓународната заедница и да ги разреши нерешените прашања со своите соседи, вклучувајги го и спорот со Грција околу името и конечната демаркација на границата со Србија и Црна Гора (Косово).

8. Собранието е загрижено поради потенцијално дестабилизирачко влијание на некои меѓуповрзани елементи кои се појавуваат во Македонија како и во други делови од западен Балкан, како опасностите од организираниот и транснационалниот криминал, слабиот капацитет на спроведувањето на законот и стагнантната економска ситуација со висока стапка на невработеност и раширена сиромаштија. Како што покажаа неодамнешните настани во Кондово, криминалитетот може да добие и политички конотации што го зголемува ризикот од внатрешна и регионална дестабилизација.

9. Со оглед на овие согледувања, Собранието ги повикува македонските власти:

I. Да преземат натамошни напори за консолидација на доброто владеење и на демократските институции, а особено:

а. Да осигурат дека изборниот процес е во согласност со стандардите на Советот на Европа за слободни и праведни избори на целата територија на земјата и во тој контекст да ги спречи, санкционира и исправи неправилностите преку:

А. Организирање на предизборни информативни кампањи во областите каде неправилностите се повторуваат во последните неколку избори, со вклучување на сите политички сили;
Б. Обезбедување адекватна обука за луѓето ангажирани на изборните места, во соработка со релевантните меѓународни агенции, вклучувајќи ги Советот на Европа и ОБСЕ;
В. Гарантирање на независност на Изборната комисија и
Г. Истражување на случаите на неправилности или злоупотреба секаде каде што ќе се појават и избегнување на неказнувањето на лицата вклучени во овие активности;

б. Финализирање на реформите на судството со цел да се гарантира неговата ефикасност и независност и зајакнување на соработката со Советот на Европа во оваа област;

в. Напори да се подобри довербата на граѓаните во политичкиот систем и државните институции и во овој конктекс:

А. Развивање на проекти и политики за поттикнување на граѓанска и демократска едукација со цел да се промовира вклучувањето на граѓаните во јавната сфера независно од нивниот статус;
Б. Промоција на воведувањето на упатства за внатрешна демократизација на политичките партии и охрабрување на развој на мултиетнички состав и лидерство, и
В. Продолжување на борбата против корпуцијата преку доработка на антикорупциската стратегија, продолжување на соработката со Групата на држави против корупцијата (GRECO) и почитување на препораките на GRECO за да се воспостават упатства за членовите на Собранието кои ќе содржат критериуми кои треба да се применат при одлучувањето по барањата за одзеање на имунитетот и намалување на списокот на функционери кои имаат имунитет на минимум;

д. Што се однесува до системот на локална самоуправа:

А. Развивање на детална стратегија за ефективна имплементација на реформите на системот на локална самоуправа, во соработка со Советот на Европа и
Б. Организирање на активности за информирање на населението за влијанието на реформите врз секојдневниот живот на граѓаните, нивното функционирање и цели;

ѓ. Што се однесува до заштитата на националните малцинства и меѓуетничките односи:
А. Развивање на политики за поттикнување на комуникацијата и интеракцијата меѓу поединците кои припаѓаат на различни етнички групи, со цел за да се промовира мултикултурализам и кохезија на општеството;
Б. Поддршка на политики и мерки за да се избегне маргинализација на поединците кои припаѓаат на помалите етнички зедници;

В. Внимателно разгледување на препораките кои неодамна ги даде Европската комисија против расизмот и нетолеранцијата (ЕЦРИ) и Советодавниот комитет на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства и

Г. Ратификација на Европската повелба за регионални и малцински јазици;

II Да се преземат соодветни и итни мерки за борба против организираниот и транснационалниот криминал;

III. Продолжување на процесот на економска обнова, со цел да се намали невработеноста и да се привлечат странски инвесатиции;

IV Продолжување на напорите за евроатлантска интеграција и информирање на јавноста за овој процес преку транспарентни информации;

10. Потоа, со цел да се решат преостанатите нерешени билатерални прашања Собранието ги повикува Грција и Македонија да ги интензивираат билатералните дипломатски напори за да се најде решение за прашањето со името.

11. Слично на ова, Собранието ги повикува Македонија, Србија и Црна Гора, косовските власти, како и УНМИК да започнат со преговори за финализирање на демакрацијата на границата меѓу Македонија и Србија и Црна Гора (Косово) пред почетокот на разговорите за конечниот статус на Косово;

12. Конечно, Собранието ја повикува Евртопската унија:

I Да продолжи со поддршката на преструктуирањето на македонската економија и со обезбедувањето на совети за економските реформи преку Европската агенција за обнова;

II Да размисли да има поголема улога во олеснувањето на изнаоѓање дипломатско решение меѓу Грција и Македонија околу прашањето со името по Заклучоците на Советот за општи прашања и надворешени односи од април 2005 година.

II. Препорака

1. Потсетувајќи на својата Резолуција Щ(2005) за најновите политички случувања во "поранешната југословенска Република Македонија" во контекст на регионалната стабилност, Парламентарното собрание истакнува дека извесен број области во кои Македонија треба да се стреми да постигне натамошни подобрувања спаѓаат во полето на конкретна експертиза на Советот на Европа.

2. Имајќи ја в предвид геополитичката положба на Македонија во обезбедувањето на траен мир и стабилност во регионот на Западен Балкан, значењето на поддршката на напорите на Македонија за потесна евроатлантска интеграција и целта на Советот на Европа да се постигне поголемо единство меѓу нејзините членки со цел да се обезбеди реализација на идеалите и принципите кои се нивно заедничко наследство и за олеснување на економскиот и социјалниот напредок Собранието го повикува Комиетот на министри да ја зајакне својата соработка со Македонија, доколку е потребно преку воспоставување на програми и активности конкретно наменети за оваа земја, особено во поглед на:

I Слоборни и праведни избори;
II Ефикасно и независно судство;
III Локалната самоуправа;
IV Борбата против корупцијата;
V Финансирањето на политичките партии и нивна демократизација;

VI Зајакнување на граѓанското општество и промоција на демократска едукација;
VII Мултикултурализам, социјална кохезија, меѓетнички односи и заштита на малцинствата;
VIII Борбата против организираниот и транснационалниот криминал.

III. Меморандум на објаснување од г. Бјанко

1. Увод

1. Комитетот за политички прашања последен пат изготви извештај за ситуацијата во "поранешната југословенска Република Македонија" во 2001 година. Во јуни таа година ескалацијата на екстремистичко насилство меѓу двете најголеми етнички задници во земјата, Македонците и Албанците, покрена стравувања дека десет години по отцепувањето од поранешна Југославија по мирен пат земјата се наоѓа на работ на граѓанска војна. Охридскиот договор, потпишан во август 2001 година од страна на лидерите на најзначајните политички партии и под супервизија на Европската унија и САД, стави крај на непријателствата и го трасираше патот за длабоки реформи со цел за "да се обезбеди иднината на македонската демократија и да се овозможи развој на потесни и поинтегрирани односи меѓу Република Македонија и Евро-атлантската заедница".

2. За четири години Македонија постигна значителен напредок во усвојувањето на реформите кои произлегуваат од Охридскиот договор, со импресивни законодавни и административни напори, вклучувајќи го и усвојувањето на повеќе амандмани на Уставот од 19991 година. Во април 2005 година останаа уште само два значајни закони, во врска со употребата на малцинските јазици и употребата на националните симболи.

3. Во повеќе наврати во текот на овие години меѓународната заедница се плашеше дека напредокот на Македонија кон стабилност може да биде забавен како резултат на настаните во државата како:

- Ненадејната смрт на претседателот Борис Трајковски во авионска несреќа (февруари 2004) и
- Референдумот за контроверзните реформи на локалната самоуправа (ноември 2004).

4. На полето на надворешните односи Македонија се соочи со предизвици како:

- Ризик од прелевање на меѓуетничкото насилство од соседно Косово (март 2004) и
- Контроверзноста со Грција во врска со употребата на уставното име "Република Македонија" во меѓународните односи.

2. Мандатот и опсегот на овој извештај

5. Како известител за ситуацијата во "поранешната југословенска Република Македонија" го посетив Скопје од 23 до 25 март 2005 година за подобро да ги согледам фактите. Се сретнав со високи функционери од Македонија, вклучувајќи ги премиерот, министерот за надворешни работи, претседателот на Парламентот, лидерите на политичките сили, претседателите на релевантните парламентарни комисии и народниот правобранител. Се сретнав и со претставници на меѓународните институции и со амбасадорите.

6. Искрено му се заблагодарувам на Македонскиот Парламент, а особено на претседателот на Македонската парламентарна делегација во Советот на Европа, г-ѓа Петрова-Митевска, за исклучителната гостољубивост. Исто така сакам да му се

заблагодарам и на Н.Е. Џорџо Марини, амбасадор на Италија во Скопје, за неговото топло добредојде и поддршка.

7. Мандатот на овој извештај е регулиран со Резолуцијата 1261 (2001) на Собранието, усвоена во септември 2001 година, со која се бара од Комитетот за политички прашања "да го следи развојот на политичките настани во Македонија и да поднесува извештаи до Собранието кога тоа е потребно". Заради поголема јасност, сакам да потсетам дека, паралелно, со Резолуцијата 1261 (2001) се бара Мониторинг комисијата да го интензивира постмониторинг дијалогот со Македонија, по заклучувањето на монитринг процедурата во 2000 година. Во контекст на овој дијалог, претседателот на Мониторинг комисијата имаше две посети на Македонија, во 2002 година и потоа во ноември 2004 година, и изготви информативни извештаи за кои оваа Комисија водеше дискусии. Како што можеби знаете, постмониторинг дијалогот не резултира со усвојување на текстови од страна на Мониторинг комисијата за кои дискутира Собранието.

8. Мојата посета на Скопје се случи во еден многу деликатен момент за Западен Балкан: една недела пред моето доаѓање г. Рамуш Харадинај, премиерот на Косово, му се предаде на Кривичниот трибунал за поранешна Југославија за да одговара по обвниненија за воени злосторства и злосторства против човештвото; косовскиот претседател Ибрахим Ругова избегна обид за атентат; во Македонија првиот круг од локалните избори - први по реформите на системот на локалната самоуправа и значаен тест за зрелоста на македонскиот политички систем - беше остро критикуван од страна на меѓународните набљудувачи, вклучувајќи го и Советот на Европа.

9. Имајќи ја в предвид актуелната ситуација во регионот и специфичната ситуација на Македонија, на домашен и меѓународен план, верувам дека е дојден моментот Комитетот за политички прашања да изготви извештај за Парламентарно собрание. Разговорите кои ги водев во текот на посетата ми помогнаа да го идентификувам аголот на мојата анализа под наслов "Најновите политички случувања во "поранешната југословенска Република Македонија" во контекст на регионалната стабилност."

10. Без да прејудицирам заклучоци, на почетокот на овој извештај би сакал да ги појаснам моите намери дека Македонија направи извонреден напредок кон стабилност и тоа треба да биде забележано. Во наредните месеци ќе видиме потенцијални нови предизвици за стабилноста на западен Балкан, имено почетокот на преговорите за статусот на Косово и евентуалните разговори меѓу Србија и Црна Гора за нивното федеративно уредување. Во овој немирен регион добрите примери како Македонија треба да бидат поттикнати да продолжат понатаму на Балканот му треба стабилност, мир и демократија. Македонија работи многу напорно да ги достигне овие цели и тоа може да има само позитивни ефекти за регионот во целина.

3. Неодложните прашања од 2001 година: дали се решени?

11. За време на мојата посета на Скопје се распрашував за релевантноста, во сегашно време, на двете основни неодложни прашања од 2001 година.

а) Безбедносната ситуација

12. Во седумте месеци борби од јануари до август 2001 година во Македонија загинаа 70 луѓе, а 170.000 беа раселени, По склучувањето на Охридскиот договор меѓународното воено присуство помогна да се осигури безбедност во земјата и тоа присуство беше прогресовно намалувано како реакција на нормализацијата на ситуацијата. Во моментов само меѓународната воена операција во Македонија Проксима, полициската мисија на ЕУ која брои околу 200 лица и која е ангажирана на мониторинг, менторство и советување на македонската полиција со цел да помогне во

борбата против организираниот криминал и во промоцијата на европските полициски стандарди.

13. Што се однеусва до разоружувањето, беа спроведени две програми за собирање на оружјето по склучувањето на Охридскиот договор, една беше преземена од операцијата Суштинска жетва на НАТО (2001), а другата од македонската влада (2003). Овие операции добија пофалби од меѓународната заедница поради нивната ефикасност[10].

14. Според моите соговорници во моментов безбедносната ситуација во Македонија не предизвикува никаква загриженост. Неодамнешните извештаи ја споменуваат специфичната ситуација на Кондово, област која се протега од Скопје до границата со Косово, каде се активни униформирани и вооружени групи Албанци кои се надвор од контролата на македонската полиција. Повеќето меѓународни фактори проблемот го квалификуваат како привремен. Во текот на средбата со шефот на Мониторинг мисијата на ОБСЕ бев убедуван дека значењето на безбедносната ситуација во Кондово не треба да се преувеличува тоа е проблем на обичен криминалитет кој, ако македонската полиција не го решава со должно внимание, постои ризик да добие политички конотации со оглед на етничкиот состав на регионот, во кој живеат претежно Албанци.

15. Сепак, според мое мислење проблемот со криминалитет, особено кога тој е организиран и со транснационална природа, не треба да се занемарува нелегалната трговија со луѓе, шверцувањето на дроги и нелегалната трговија со оружје се криминални активности со сериозен ризик за луѓето и со безбедносни импликации, не само за Македонија туку и за регионот во целина, уште повеќе ако се случува во регион кој се граничи со чувствителната покраина Косово. И покрај тоа што Македонија презема законски мерки за соочување со овој феномен, нивната практична имплементација е попречена поради следните комбинирани елементи:

- слабиот капацитет за превенција и спроведување на законот, меѓу другото и поради неефикасноста и постоењето на корупција во полицијата и судството
- слабиот капацитет за гранична контрола.

16. Влијанието на овие елементи е зголемено поради нивното присуство во соседните земји, како Албанија и Србија и Црна Гора.

17. Од мај 2004 година македонската полиција прогресивно ја презема одговорноста за граничната контрола како предуслов за членство во ЕУ и НАТО. Границите со Бугарија и Грција полицијата во целост ги презеде, додека границата со Србија и Црна Гора (Косово) треба да ја преземе на 1 мај 2005 година, додека во ноември оваа година ќе ја презме и границата со Албанија[11]. Европската унија, преку споменатата операција Проксима и ОБСЕ се вклучени во обуката на македонската гранична полиција.

18. ***Како заклучок,*** сметам дака проблемот со безбедноста, како што тој беше присутен во 2001 година, е решен. Сепак, со проблемот со криминалитетот треба се справи одлучно, потпирајќи се врз соработката која ја нудат меѓународните субјекти, вклучувајќи го и Советот на Европа. Покрај тоа, ситуацијата во Кондово треба да се разреши бидејќи остава простор за потенцијаелн ризик од идни немири, особено со оглед на почетокот на разговорите за конечниот статус на Косово. Во тој поглед македонската држава и локалните институции како и политичките партии, особено оние кои имаат значителна изборна база во реонот на Кондово, треба отворено да ги осудат активностите на паравоените елементи.

[10] Клириншка куѓа за Југоисточна Европа за контрола на малото и лесно оружје, Преглед на дневни медиуми, 17 декември 2003 г., www.seesac.org.

[11] Меѓународна кризна група, Македонија: Се уште не на чисто, 25 февруари, п8.

б) Малцински права

19. Прашањето за заштита на малцинствата се решава преку имплементација на реформите кои произлегуваат од Охридскиот договор, имено:

- Уставот е изменет за да се воведе концепт на граѓанска застапеност и појасна формулација на принципот на еднаквост на граѓаните;
- покрај македонскиот и албанскиот јазик стана службен јазик и може да се користи на локално (во општините каде албанскиот го зборува повеќе од 20% од населението) и на централно ниво;
- воведени се посебни парламентарни процедури со кои е потребно мнозинско гласање на претставниците кои се изјасниле дека припаѓаат на етничките малцинства со цел да се усвојат законите кои директно влијаат на културата, користењето на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите и
- воведени се повеќе законодавни и политички мерки за да се зголеми застапеноста на етничките малцинства во јавната администрација, вклучувајќи ги и армијата, полицијата и во борбата против дискриминацијата во сите сектори.

20. Сите мои соговорници, без оглед дали се од Македонија или меѓународни претставници, дали припаѓаат на етничкото мнозинство или на малцинствата, на владеачката коалиција или на опозицијата даваа исти одговори на моите прашања во врска со актуелната состојба со правата на малцинствата "*да им овозможиме на реформите да профункционираат*". Никој не покрена некои сомневања во поглед на можноста реформите, откако тие ќе бидат имплементирани во целост, да ги решат сите прашања во врска со малцинствата, вклучувајќи ја и ситуацијата на етничкото македонско население во областите каде тие се малцинство.

21. Место тоа, ми беше укажувано на едно сродно прашање во врска со внатрешно раселените лица, каде владата треба да интервенира поодлучно. Во Македонија во моментов има 1.424 внатрешно раселени лица[12].

22. Ја ценам довербата на македонските политички сили во правната рамка воведена за заштита на националните малцинства. Сепак, би сакал да ги потсетам на деликатната фаза на ефективната имплементација на реформите и нивното прифаќање од населението. Ова е предизвик со кој треба да се соочи во наредните месеци и години, а македонските власти не треба да го спуштат својот гард за едно вака деликатно прашање.

23. Покрај тоа, заштитата на малцинските права треба да се спроведува во поширок контекст на мултикултурализам и социјална кохезија. Но македонското општество е сегментирано по должина на етнички линии: нема голема интеракција меѓу поединците кои припаѓаат на различни етнички групи, а дури и политичките партии се главно базирани на етничка припадност. Надминувањето на оваа сегментација според мое мислење треба да биде итен приоритет за македонските власти, кои треба да сметаат на помош од Советот на Европа.

24. ***Како заклучок,*** Македонија воспостави правна рамка за соочување со повеќето проблеми кои беа основа за насилствата во 2001 година и наскоро ќе го заврши процесот на реформи. Сега треба да ги посвети своите напори на ефективна имплементација на овие реформи без да ги потценува евентуалните потешкотии кои може да се појават и треба приоритна цел да биде воспоставување на кохезивно и мултикултурно општество.

[12] Статистички извор: Министерство за труд и социјална политика, февруари 2005 година.

4. Македонија како млада демократија

25. За време на мојата посета на Скопје забележав дека три карактеристики се заеднички за сите македонски политички соговорници, без оглед на нивната улога или ориентација:

- одреден прагматизам: тие прифаќаат дека повеќето рефмори кои произлегуваат од Охрискиот договор се спроведени, овој процес е во напредна фаза, но се уште не е завршен, покрај тоа практичната имплементација на некои реформи допрва треба да се спроведе;
- голем ентузијазам за евроатлантските интеграции;
- загриженост дека стагнантната економска ситуација во земјата може да претставува сериозна закана за внатрешната стабилност.

26. Со оглед на ваквата задница, внимателно ги слушав зборовите на г. Љупчо Јордановски, претседателот на Собранието, дека "*Македонија е земја како многу други. Сега главна грижа на луѓето веќе не се меѓуетничките односи туку економијата*". Ваков е пристапот и на македонската политичка класа: *да не се гледа назад туку напред.* Сепак, јас сметам дека за да разбере каде треба да се стреми Македонија, треба прво да се размисли каде се наоѓа во моментов.

27. Извесно појаснивање за таа цел даде г. Лоренс Батлер, амбасадорот на САД во Скопје, кој ја изнесе следнава забелешка: "*Македонија беше посткомунистичка земја, потоа земја во конфликт, а потоа земја во постконфликтна ситуација. Сега е повторно она што беше: посткомунистичка земја.*" Оваа реченица, која се разбира треба да се гледа во одреден контекст, ме привлече поради нејзината јаснотија. Во својата лична проценка на ситуацијата во Македонија амбасадорот Батлер сметаше дека безбедноста, човековите права и меѓуетничките односи веќе не се главна грижа за Македонија, туку дека тоа се одржувањето на слободни и фер избори, независноста на судството и праведноста и ефикасноста на судските постапки, прекумерната употреба на сила од страна на полиицијата и недовербата на граѓаните во политичкиот систем.

28. Делумно се согласувам со г. Јордановски и г. Батлер. Македонија надмина многу проблеми во минатото и е далеку од ситуација каде внатрешната стабилност би можела да биде загрозена од експлозија на меѓетничко насилство. Таа сепак е млада земја, со млади демократски институции кои треба да се консолидираат.

5. Претстојните предизвици

29. Како млада демократија во немирен регион, Македонија се соочува со значајни предизвици во иднина. Советот на Европа треба да ја поддржи Македонија во справувањето со овие предизвици, од кои многу спаѓаат во традиционалните области на експертиза на Советот, како демократијата, плурализмот, владеењето на правото и социјалната кохезија. Според мое мислење, главните предизвици за во иднина се:

а) Промоција на демократската стабилност преку:

- осигурување на слободни и фер избори и спречување, санкционирање и справување со неправилностите

30. Локалните избори од март 2005 година беа значаен тест за Македонија, дали е можно да се опрганизираат фер избори кои ќе ги задоволат европските стандарди? Се плашам дека Македонија не го положи овој тест. Како што изјавија луѓето од меѓународната набљудувачка мисија на изборите, "*иако добро организирани во поголемиот дел од земјата, двата круга од локалните избори во некои области не ги задоволија клучните стандарди за избори на ОБСЕ и на Советот на Европа. Набљудувачите јавија за сериозни неправилности во повеќе општини, вклучувајќи крадење на гласачки ливчиња, полнење на гласачки кутии, заплашување, групно*

гласање, гласање за други лица и исти потписи на гласачките листи. Тајноста на гласањето не беше почитувана во 17 проценти од случаите, а беа забележани и најмалку 30 случаи на полнење на гласачките кутии."[13]

31. Мојата посета на Скопје се случи во периодот меѓу двата круга на локалните избори. Во оваа фаза сите претставници на политичките сили се согласија дека неправилностите во одржувањето на изборите се многу загрижувачки. Тие истакнаа дека:

- постои тенденција неправилностите секогаш да се случуваат во исти области, за кои е карактеристично мнозинско албанско население;
- постои тенденција неправилностите секогаш да бидат исти и
- беше побарано постојано присуство на меѓународните набљудувачи на гласачките места со цел да се спречат неправилности, но тоа беше одбиено.

32. Претставниците на опозицијата како и на ДУИ, албанската партија од владеачката коалиција, додадоа дека:

- по жалбите од Изборната комисија, изборните резултати во некои области беа поништени од Врховниот суд.
- ова, сепак, место да ги корегира нерегуларностите создаде нови Врховниот суд ги поништи изборните резултати во области каде гласањето се одвивало регуларно, а не беше повикан да одлучува по ефективни нерегуларности.

33. Овие забелешки се конзистентни со оцената на Меѓународната изборна набљудувачка мисија дека "*властите направија одредени напори за справување со нерегуларностите од првиот круг, менувајќи некои избирачки одбори каде што спроведувањето на гласањето било проблематично и отпочнувајќи кривични истраги против лица кои биле вклучени во изборните злоупотреби. Истовремено, властите не дејствуваа конзистентно да ги решат случаите на очигледна злоупотреба, а во многу случаи избирачките одбори гласаа по жалбите исклучиво во согласност со интересите на политичките партии. Постојаниот недостиг на поодлучна интервенција од страна на релевантните власти против заплашување на гласачите и членовите на избирачките одбори доведе до култура на неказнннивост во некои општини, поткопувајќи ја довербата во владеење на правото и способноста н изборнитеела за заштита на законитоста на процесот.*"[14]

34. Би сакал да ја истакнам изјавата на Изборната набљудувачка мисија дека изборите беа *добро организирани во најголем дел од земјата* и дека нерегуларностите беа ограничени на некои конкретни области. Македонија треба да извлече поука од ова искуство и да се залага за слободни и фер избори, како и да спречи санкции и да ги корегира нерегуларностите. Сите политички сили треба да имаат одговорност да го сензибилизираат електоратот за овие прашања. Во текот на идните избори, меѓународните набљудувачи треба да бидат охрабрени да гарантираат постојано присуство во некои гласачки места.

- Гарантирање ефикасност и независност на судството

35. Независен, ефективен, праведен и ефикасен правосден систем е незаменлив елемент од воспоставувањето на вистински демократски систем, во кој е осигурано почитување на владеењето на правото. За жал, сите актери со кои се сретнав во текот на мојата посета се сложија дека во Македонија тоа не е случај.

[13] Заедничко соопштение за печатот на Советот на Европа и ОБСЕ, 28 март 2005 година.

[14] Ибид.

36. Во моментов се дискутира за опсежен план за реформи во судството, со поддршка на неколку меѓународни фактори. Планот треба да ги опфати главните слабости на сегашниот систем, имено:

- Одлагањето на судските постапки поради процедурални одредби кои лесно можат да се злоупотребат и
- Недоволната независност на судиите.

37. Вториот елемент е прашање кое особено загрижува. Според постојната легислатива судиите ги бира со траен мандат и ги разрешува Собранието, на предлог на Судскиот совет. Овој систем на избор не гарантира независност на судсвото од политичко влијание, а не се чести ни случаите на корупција. Сите соговорници со кои се сретнав истакнаа дека реформите треба да ја поправат оваа ситуација преку прекинување на изборот на судии од страна на Собранието: Судскиот совет, кој првенствено ќе го сочинуваат судии, ќе биде надлежен за изборот на судии[15].

38.Друга значајна новина на реформите ќе биде воведување на обука за кандидатите за функцијата судија која ќе трае 12 и 15 месеци и ќе се одвива во Школа за судии. Слично, ќе се воведе и систем на напредување во кариерата врз јасно дефинирани објективни критериуми[16].

39.Можам само да се надевам дека овој опсежен реформски план ќе биде финализиран што е можно поскоро. Недоволната независност на судството во моментов претставува една од најголемите пречки за консолидација на демократијата во Македонија: постоењето на правна рамка конзистентна со стандардите на Советот на Европа во областа на демократијата и владеењето на правото не е доволно доколку таа не е придружена со праведен, правичен и ефикасен систем на спроведување на законот. Во тој поглед ги поканувам македонските власти да ја интензивираат соработката со Советот на Европа во врска со подобрување на независноста и работата на судството.

- ***Подобрување на доброто владеење, вклучувајќи го и она и на локално ниво***

40. Реформите на системот на локална самоуправа кои произлегуваат од Охридскиот договор се усвоени. Тие се базираат на два елементи:

- намалување на бројот на општини од 123 на 84 (за да биде натаму намален на 76 до 2008), преку спојување на постојните единици и
- проширување на онадлежностите на општините кои ќе можат да носат одлуки во области како културата, основното и средното образование, здравствентие инстиуции, просторното планирање и локалната полиција.

41. Најделикатен аспект на оваа реформа беше определувањето на општинските граници, бидејќи тоа влијае на односот меѓу двете најголеми етнички групи. На пример во случајот на Скопје како резултат на додавањето на две главно албански единици, етничките Албанци сега сочинуваат повеќе од 20% од населението,

[15] Извор: Одговори на Прашалникот за подготовки за мислење на Европската комисија за апликацијата на Република Македонија за членство во Европската унија, глава за политички критериуми, пп 131.

[16] Ибид.

што им овозможува да уживаат повеќе малционски права вклучувајќи го и правото да комуницираат со локалните институции на албански јазик.

42. Оваа деликатна реформа не беше усвоена без критики. Опозицијата ги обвини партиите од владеачката коалиција дека преговорите ги водат само меѓу себе. Покрај тоа беше направен обид легислативата за намалување на бројот на општини да биде укината преку референдум (ноември 2004), на кој сепак немаше доволен број излезени гласачи.

43. Сега новозибраните градоначалници по вториот круг од локалните избори одржани во март 2005 година ќе имаат задача да ги имплементираат реформите. Повеќе меѓународни соговорници сметаат дека владата треба повеќе внимание на посвети на законодавството и на административните детали неопходни да се осигури непречено функционирање на системот.[17]

44. Сметам дека македонските локални и централни власти, секој во својот домен на надлежности, треба да развијат добро обмислена стратегија за практична имплементација на реформите на системот на локалната самоуправа, да ја следат нејзината ефективна имплементација, да ги проценуваат нејзината одржливост и прифатеност од граѓаните и да продолжат да бидат подготвени да ја прилагодат за да реагираат на слабостите или на новите предизвици. Треба да се направи напор да се информира населението за влијанието на реформите врз нивниот живот и да се осигури дека реформите се користат за промоција на подобро владеење, транспарентност, одговорност и подобро чувство за ангажирање на граѓаните.

- Подобрување на довербата на граѓаните во политичкиот систем и државните институции

45. За време на мојата посета имав впечаток дека постои доминација на политичките партии, а не на државните институции, во политичкиот живот и јавната арена генерално. Мислам дека ова е опасна карактеристика која на долгорочен план може да го поткопа легитимитетот на државните институции и да го ослаби развојот на чувство на граѓанско учество на населението. Покрај што се поделени според етничките линии, политичките партии не се обврзани со правила во поглед на одговорноста, транспарентноста и системот на проверка и баланс, за разлика од државните институции. Покрај тоа, не постои правна рамка за да се осигури внатрешна демократија.

46. За довербата на македонските граѓани во политичкиот систем не придонесува тоа што политичарите често се вклучени во корупциски скандали. Групата замји против корупција (GRECO), во која Макеоднија е членка, во 2002 година забележа дека "*иако е тешко квантитавно да се определи нивото на корупција може да се потврди дека јавноста смета дека корупцјата е загрижувачки феномен кој влијае врз активностите на некои значајни државни институции и бездруго ја поткопува демократијата и пред се економскиот развој на државата: феноменот на корупција се смета за најсериозен проблем на земјата заедно со невработеноста. И функционерите и претставниците на општеството во Република Македонија се согласуваат дека земјата е општо заразена со корупција и фуункционери поврзани со корупцијата до степен кој го загрозува натамошниот политички, економски и социјален развој на државата*"[18].

[17] Меѓународна кризна група, Македонија: Се уште не на чисто, 25 февруари, п7.

[18] GRECO, извештај за процена на ситуацијата во поранешната југословенска Република Македонија, Прв круг на процени, 10 декември 2002.

47. По 2002 година ситуацијата се подобрува, пред се политичката класа има поголема свест за потребата од справување со феноменот на корупцијата. Според GRECO, до декември 2004 година повеќето од препораките за Македонија се имплементирани. Сметам дека македонските власти треба да продолжат да соработуваат со GRECO, а во тој контекст целосно да ги имплементираат преостанатите препораки, особено оние кои се однесуваат на имунитетот[19] како и препораката за спроведување на редовни истражувања на корпуцијата, како елемент кој би придонел за одредување на стратегија за борба против овој феномен.

- Градење на вистинско мултинационално општество засновано врз граѓанско чувство

48. Како што беше претходно споменато, сите субјекти со кои се сретнав имаат доверба во реформите за заштита на малцинствата. Ова е важен елемент, но политичарите треба да имаат предвид дека во земја со мултиетнички состав како Македонија[20] напорите за градење вистинско мултинационално општество треба да бидат константен приоритет. За таа цел заштитата на етничките малцинства е неопходна мерка, но не и единствена задача: интеракцијата меѓу поединци кои припаѓаат на различни етнички групи треба да биде охрабрена како начин за да се спречи сегментација на општеството по етничка линија; покрај тоа, малите малцинства не треба да бидат маргинализирани во политичките, економските и културните сфери. Затоа, ја поканувам Владата на Македонија, Комисијата за односи меѓу заедниците и Омбудсманот да бидат претпазливи за овие прашања и да обрнуваат посебно внимание на препораките кои неодамна се дадени од страна на Советодавниот комитет на Рамовната конвенција за заштита на националните малцинства и Европската комисија против расизам и нетолеранција (ECRI)[21].

49. Слично, постигнувањата од последните четири години во областа на образованието треба да се следат и консолидират. Тетовскиот универзитет, каде што предавањата се одвиваат на албански јазик, е официјално признат, што беше едно од главните барања на Албанците. Македонските власти сепак треба да осмислат соодветна политики за да се осигури дека слободата на користење малцински јазици нема да стане пречка за комуникација меѓу различните етнички групи и да стане причина за поделба, а не за кохезија на општеството. Македонија силно се охрабрува да ја ратификува Европската повелба за регионални и малцински јазици, која земјата ја потпиша во 1996 година.

б) Ревитализација на економијата

50. Позицијата на Македонијуа како копнена земја и релативно високиот степен на економска отвореност, при што трговската размена достигнува околу 90% од бруто домашниот производ, "*ја прават многу зависна од надворешни влијанија. Како резултат на тоа земјата е особено чувствителна на шокови, кои во измината деценија се случуваа често.*"[22]

---

[19] Во извештајот за реализација на препораките на поранешната југословенска Република Македонија (2 декември 2004) GRECO заклучува дека Македонија не ги исплолнила сите препораки за воспоставување на упатства за пратениците во Собранието кои содржат критериуми кои треба да се применат при одлучувањето за барање за одземање на имунитетот и за намалување на списокот на категории на функционери кои имаат имунитет на минимум.

[20] Според пописот од 2002 година, Македонците претставуваат 64,2% од населението, Албанците (25,2%), Турците (3,9), Ромите 1,8%), Бошњаците (0,8), Власите (0,5%) и другите (1%).

[21] Советодавниот комитет на Рамовната конвенција за заштита на националните малцинства објави Мислење за поранешната југословенска Република Македонија, во февруари 2005, а истото го стори и ECRI.

[22] Светска банка, Информација за пјРМ, 2004.

51. Светската банка препорача Македонската влада да се фокусира на три приоритетни области:

- забрзување на економскиот растеж;
- продолжување на реформите во јавните претпријатија, финансискиот и јавниот сектор и
- имплементација на мерки за намалување на сиромаштијата за да се ублажат негативните ефекти од реформите.

52. Ревитализацијата на економијата е еден од приоритетите на Владата, но тоа и натаму е тешка задача со оглед на ниското ниво на странски инвестиции. Во моментов, и покрај потешкотиите во билатералните односи поради разликите околу официјалното име на државата, Грците се најголеми приватни инвеститори во Македонија, а потоа следат Германија, Швајцарија, САД, Белика Британија и Кипар. Владата активно се обидува да промовира потесни економски и финансиски односи со другите сосдени земји, вклучувајќи ги Хрватска, Словенија и Турција.

53. Преку Европската агенција за реконструкција, Европската унија исто така и помага на Македонија на полето на економските реформи во поглед на воспоставување целосно функционална пазарна економија способна да овозможи одржлив економски растеж, унапредување на трговијата, генерирање вработувања и конкурентност на европско ниво. Оваа активност треба да биде охрабрена од страна на Советот на Европа.

в) Работење кон евроатлантска интеграција со реалистички очекувања

54. Претходно наведов дека постои голем ентузијазам за евроатлантска интеграција во март 2004 година, Македонија аплицираше за членство во ЕУ; следниот месец, како прва меѓу земјите од поранешна Југославија, земјата го потпиша Договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ и сега чека одговор од Комисијата за тоа дали е способна да почне преговори за прием. Што се однесува до воената интеграција, Македонија е членка на Акциониот план за членство на НАТО (МАП), изготвен за партнерските земји аспиранти за исполнување на стандардите на НАТО и за да ги подготви за евентуално идно членство. Се чини дека Скопје може да добие покана за членство во НАТО во 2006 година.

55. Сметам дека Советот на Европа треба да и помогне на Македонија во задоволувањето на стандардите потребни за членство во ЕУ во области кои спаѓаат во неговиот мандат. Од една страна охрабрувајќи ги македонските власти да продолжат со нивните напори, сакам да повикам на претпазливост и прагматизам: како и за другите земји членки на ЕУ процесот на интеграција во ЕУ може да трае подолго; јавноста - која се мисли дека е силно ориентирано про ЕУ - треба адекватно да биде информирана за целиот процес и не треба да биде оставена да мисли дека членството во ЕУ *тукушто не се случило*. Слично, треба силно да се спротивстави на тенденцијата евроатлантските интеграции да се сметаат како решение за земјата: Македонците се тие кои првенствено треба да ја имаат одговорноста за својата земја и за начинот на кој таа е водена.

г) Решавање на нерешени билатерални прашања

- Прашањето за името

56. Највидливо меѓународно нерешено прашање за Македонија е прашањето за името на државата, што предизвикува тензии во билатералните односи со Грција. По 1995 година во употреба е таканареченото "решение со двојно име": Македонија го користи своето уставно име во земјата и во билатералните односи, додека во мултилатералните односи се нарекува "поранешна југословенска Република

Македонија". Ова решение наметнува голем број на практични потешкотии, за кои сите сме свесни.

57. Преговорите за ова прашање се одржуваат под покровителство на Обединетите нации, а потпомагани се од специјалниот претставник на генералниот секретар на ОН, во моментот тоа е г. Метју Нимиц. Покрај десетте години од преговорите, се уште не е постигнато ефективно решение. Последниот предлог од страна на Грција е промена на името во "Нова Република Македонија- Скопје", даден една недела пред моето пристигање во Скопје, што беше категорично одбиено од Македонија. Европската унија, од друга страна, јасно изјави дека нема да игра улога за прашањето за името.

58. Во текот на мојата посета, имав долги разговори за ова прашање двете страни се убедени дека преговорите се блиску до завршување и сакаат да бидат во најдобра можна позиција кога тоа ќе се случи Македонија смета дека има право да го избере своето сопствено име и да го употребува и смета дека причините за грчкото спротивставување се чисто емоционални; Грција држи до тоа дека Македонија е историско име на Северна Грција 3000 години; уште повеќе, употребата на името Македонија од страна на Скопје создава конфузија со оглед на постоење на македонски региони во Грција и Бугарија и е потенцијално штетно за трговските интереси на овие земји.

59. Идејата дека преговорите можеби го достигнале својот финален статус е според мое мислење потврдено со препораките дадени од страна на Комисијата за надворешна политика на германскиот Бундестаг, како и на еквивалентот од Долниот дом до своите влади да го следат примерот на Соединетите Држави и да ја признаат Македонија под нејзиното уставно име. Италијанскиот парламент може наскоро да донесе слична одлука. Што се однесува на земјите членки на Советот на Европа повеќе од нив веќе го направиле тоа, меѓу нив и Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Естонија, Литванија, Русија, Србија и Црна Гора, Словенија, Турција и Украина.

60. Верувам дека Советот на Европа не треба да игра директна улога во прашањето за името, бидејќи ова треба да биде решено на билатерална основа. Собранието, сепак, може да ја покани Европската унија да игра позначителна улога во преговорите, имајќи ја в предвид апликацијата на Македонија за членство. Пред се, Македонија и Грција треба да бидат силно охрабрени сами да го решат овој спор пред почетокот на разговорите за конечниот статус на Косово.

- Демаркација на границата

61. Покрај спогодбата за границата потпишана во 2000 година, демаркацијата на границата меѓу Македонија и Србија и Црна Гора во северозападниот дел кон Косово се уште не е завршена. Ова создава ситуација на несигурност на безбедносно ниво и на ниво на контрола на границите; покрај тоа, за прекупограничниот сообраќај понекогаш се потребни часови, со тоа попречувајќи ги редовните лични контакти и трговијата. Верувам дека сите засегнати страни треба да направат напори да постигнат задоволително решение што е можно поскоро, исто така, во интерес на регионалната стабилност.

6. Заклучоци

62. Македонија успешно ја надмина кризата од 2001 година и ги постави темелите за законодавна рамка способна да осигури внатрешна стабилност. Ова е значајно постигнување за Македонија и за регионот на Западен Балкан во целина, кој во наредните месеци ќе треба да се соочи со големи предизвици како почетокот на преговорите за конечниот статус на Косово.

63. Сега клучен збор е "консолидација", овие постигнувања треба да се консолидираат и треба да се гради доверба.

62. Македонија е млада демократија која треба да ги зајакне своите демократски институции и да ја зацврсти довербата на граѓаните во политичкиот систем; таа е мултинационална држава која треба да ги надмине поделбите на општеството по етнички линии за да се искористи развојот на чувство на граѓанско општество и промоцијата на интеракција меѓу луѓето кои припаѓаат на различни етнички групи, со целосно почитување на мултикултурализмот; се работи за земја која може со оптимизам да гледа на потесна евроатлантска интеграција, под услов да се обврзе да го заврши реформскиот процес, да ја следи неговата ефективна имплементација, да врши проценка на неговата одржливост и прифаќањето од страна на граѓаните и да биде подготвена да го прилагоди овој процес за да одговори на слабостите или новите предизвици, со цел да се зачува внатрешниот мир и стабилност; Македонија е земја која може да биде пример и елемент на стабилизација за целиот регион, под услов да не го спушти гардот во имплементацијата на реформите и во решавањето на нерешените билатерални прашања.

65. Во извештајот реков дека македонската политичка класа гледа кон иднината. Сакам да потсетам на зборовите на покојниот претседател Борис Трајовски: "*Мојата визија за Македонија е таа да стане полноправна членка на ЕУ и НАТО. Мојата визија е Макеоднија да стане демократска и просперитетна земја која ќе изгради општество кое се заснова врз поединци, а не врз етнички групи - општество на граѓани, а не малцинства и мнозинства. Државата треба да изгради демократија која се заснова врз индивидуални, а не врз колективни права и одговорности. Сакам Македонија да биде земја во која секој поединец може да го оствари својот потенцијал преку напорна работа и сопствени заслуги, земја во која сите граѓани, без разлика на потеклото, ќе можат да ги остварат своите очекувања*"[23].

66. Собранието треба да признае дека Македонија постави здрави основи за оваа визија да стане реалност и треба да ја охрабри и поддржи во продолжувањето на нејзините напори.

[23] Обраќање во Парламентарното собрание на Советот на Европа, 27 април 2002.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа на Третиот дел на редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2005 година, одржана од 20 до 24 јуни 2005 година во Стразбург, Република Франција

Скопје, август 2005

Третиот дел на редовната сесија за 2005 година на Парламентарното собрание на Советот на Европа се одржа од 20 до 24 јуни 2005 година, во Стразбург, Франција. На сесијата учествуваа пратениците г. Зоран Крстевски, член на делегацијата и г. Џевдет Насуфи, заменик-член на делегацијата, во придружба на г-ѓа Ана Качакова, член на Секретаријатот на Делегацијата.

Со оглед на итните обврски во Собранието на Република Македонија по повод закажувањето на седница на Собранието, учеството на пратениците на оваа сесија беше реализирано само во первите два работни денови од сесијата.

На парламентарците во текот на сесијата им се обратија: г. Аднан Терзиќ, претседавач со Комитетот на министрите на Босна и Херцеговина, г. Диого Фреиташ до Амарал, министер за надворешни работи на Португалија (во својство на претседавач со Комитетот на министрите на Советот на Европа) и г. Жан Лемиер, претседател на ЕБРД. Во рамките на дискусијата по Извештајот за актуелната ситуација во Косово беше предвидено и обраќање на г. Сорен Јенсен Петерсен, шеф на мисијата УНМИК на Косово, но во последен момент неговото обраќање беше откажано.

1. На оваа сесија пред парламентарците се обрати ***г. Диого Фреиташ до Амарал, министер за надворешни работи на Португалија (во својство на претседавач со Комитетот на министрите на Советот на Европа)***. Во своето излагање тој се осврна на приоритетите на неговата земја како претседавач со Комитетот на министрите во насока на имплементација на политичките документи усвоени на Третиот самит на Советот на Европа, одржан на 16 и 17 мај 2005 година во Варшава, Република Полска. Тој истакна дека Варшавската декларација и Акциониот план за нејзината имплементација претставуваат темелни насоки во натамошно промовирање на основните вредности и активности на Советот на Европа-почитувањето и заштитата на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Истовремено, тие покажуваат дека Советот на Европа досега постигнал значајни резултати, но дека и во иднина претстои многу работа на овој план. Исто така, потенцирана е и водечката улога на Парламентарното собрание на Советот на Европа во имплементацијата на варшавските документи. Особено внимание треба да се посвети на поединечната активност на секој парламентарец на Советот на Европа во приближувањето на овие документи до граѓаните на својата земја, како и нивна имплементација и усогласување со домашната легислатива.

Господинот Амарал во своето излагање се осврна и на другите приоритети во неговата работа, како што се следењето и унапредувањето на демократските процеси во Европа од аспект на започнатите правни и политички реформи во Украина по доаѓањето на Виктор Јушченко за претседател на државата, потоа одржувањето на парламентарните избори во Албанија, како и многу иницијативи кои треба да се реализираат во сферата на културата.

Господинот Амарал одговараше на бројни прашања од парламентарците. Господинот Џевдет Насуфи во своето прашање упатено до г. Амарал истакна дека и покрај консензусот на власта и опозицијата од аспект на европската интеграција на

Република Македонија, пред се´ благодарение на интеретничката кохезија и демократскиот и економскиот прогрес на земјата, сепак впечатокот е дека последните одржани локални избори беа организирани на најлош можен начин. Господинот Насуфи праша како Комитетот на министрите ја цени оваа ситуација и нејзините последици врз Република Македонија.

Во својот одговор, г. Амарал на почетокот истакна дека г. Насуфи и на минатата сесија на Парламентарното собрание поставил слично прашање, а тогашниот претседавач со Комитетот на министрите (Полска) во својот одговор се повикал на заклучоците на меѓународните набљудувачи според кои одржувањето на локалните избори во Република Македонија било во согласност со основните насоки на ОБСЕ во тој поглед, и покрај некои нерегуларности во одредени општини. Исто така, Конгресот на локални и регионални власти на Советот на Европа во својот извештај публикуван во мај о.г. заклучува дека овие избори "покажале натамошен прогрес во имплементацијата на стандардите на ОБСЕ, Советот на Европа и други меѓународни стандарди". Истовремено, Конгресот во овој извештај дал свои препораки за подобрување на идните изборни процеси и ги упатил до Владата на Република Македонија. Комитетот на министрите високо ја цени неодамнешната одлука на Владата да формира работна група со која ќе раководи Министерот за правда со цел да се реформира изборното законодавство. Во таа насока, г. Амарал истакна дека покрај ОБСЕ, и Советот на Европа стои на располагање за давање на експертска помош во оваа област.

2. На оваа сесија беа разгледани повеќе извештаи и усвоени соодветни резолуции и препораки. Особено внимание предизвика **"Извештајот за актуелната ситуација во Косово"**, подготвен од германската парламентарка г-ѓа Маријана Трице (Група на социјалистички партии). Извештајот е подготвен врз основа на посетата на Косово на г-ѓа Трице во м.мај о.г. и е елаборирана тековната ситуација во Косово од аспект на политичкиот, стопанскиот и општествениот живот. Г-ѓа Трице во Извештајот наведува дека 2005 е година на Косово кога треба да се изнајде решение за неговиот финален статус и да се преземат низа активности во промоција на демократизацијата на општеството, почитувањето на човековите права и подобрувањето на економската состојба на граѓаните.

Во Предлог-резолуцијата се повикуваат сите политички партии на Косово да дадат позитивен сигнал на иницијативата за формирање на Политички форум со консултативни ингеренции, како и да воспостават меѓусебен дијалог во насока на изнаоѓање на мирно и опортуно решение во однос на финалниот статус, кое истовремено бара концесии од двете страни. Во Предлог-резолуцијата се бара и дејствување на властите на Косово согласно со насоките на УНХЦР за Косово во однос на враќањето на раселените лица, финансирање на изградбата на домаќинствата и изготвување на програми за интеграција на раселените. Од УНМИК се бара да ги отстрани сите пречки на патот на имплементацијата на Европската конвенција за човекови права, Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства и Европската конвенција за заштита од тортура. Од Советот на Европа и натаму се дава експертска помош во концепирањето на важни документи кои се однесуваат на заштитата на националните малцинства, употребата на малцинските јазици, меѓу-културниот дијалог, борбата против корупцијата, организираниот криминал, перењето на пари и трговијата со луѓе. Во Предлог-резолуцијата се бара Комисијата за политички прашања континуирано да ја следи состојбата и да дава извештаи до Парламентарното собрание кога ќе смета дека постои потреба за тоа.

По оваа точка пратениците г. Зоран Крстевски, член на Делегацијата и г. Џевдет Насуфи, заменик-член на Делегацијата, имаа свои дискусии. Пратеникот Крстевски потпиша и неколку амандмани поднесени од членовите на делегацијата на Србија и

Црна Гора, а кои се однесуваа на одредени квалитативни измени во терминологијата во Предлог-резолуцијата, кои, во подоцнежната расправа, беа и прифатени од страна на известителката.

Господинот Зоран Крстевски во својата дискусија го поздрави Извештајот на г-ѓата Трице како добро балансиран и истакна дека несомнено решавањето на ова прашање е од особено значење за меѓународната заедница, Европската унија и за земјите од регионот, како и за Македонија како земја која се граничи со Косово. Во своето излагање, г. Крстевски се осврна и на потребата од демаркацијата на границата на Македонија во делот кон Косово, прашање чие затворање Македонија го смета за важен предуслов за стабилноста во регионот. Исто така, г. Крстевски укажа и на потребата од создавање на ефикасен правен механизам за спречување на повредите на човековите права, особено на најмаргинализираните заедници, како на пример на Горанците. (Дискусијата е дадена во интегрална форма како **Прилог 1** на овој Извештај).

Господинот Џевдет Насуфи во своето излагање се осврна на актуелното прашање сврзано со решавањето на финалниот статус на Косово, притоа давајќи свои видувања по ова прашање. Во овој контекст, г. Насуфи укажа дека независноста или може да биде или не може да биде, значи истовремено не може да постои и да не постои. Тој истакна дека последната идеја дека Србите треба да се откажат од суверенитетот над Косово, а Албанците од идејата за независност, се непознати категории за политичката филозофија. Во однос на изнаоѓање на решение за финалниот статус на Косово, г. Насуфи истакна дека треба да се почитуваат барањата на граѓаните на Косово како основно мерило. (Дискусијата е дадена во интегрална форма како **Прилог 2** на овој Извештај).

По амандманската расправа, Предлог-резолуцијата и Предлог-препорката беа усвоени од страна на Парламентарното собрание на Советот на Европа.

Заклучни согледувања

И овој пат дојде до израз неопходноста од редовно и активно присуство и учество во работата на парламентарните структури на најстарата и најбројна европска организација, што отвора простор за презентација на достигнувањата и за заштита на интересите на Република Македонија. Беа разгледани и други можности значајни за натамошното активно учество на нашата Делегација во Парламентарното собрание на Советот на Европа.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа

ИНФОРМАЦИЈА

за седниците на комисиите на ПС на СЕ во Париз, Република Франција (14-16 септември 2005 година)

Скопје, октомври 2005 година

Од 14 до 16 септември 2005 година во Париз беа одржани седници на комисиите на Парламентарното собрание на Советот на Европа за економски прашања и развој и за правни прашања и човекови права на кои учествуваше членот на Делегацијата на Собранието на РМ во ПС на СЕ г. Рафис Алити, во придружба на членот на Секретаријатот на Делегацијата г-ѓа Ана Качакова.

1. На седницата на **Комисијата за економски прашања и развој** беа разгледани повеќе работни извештаи од делокругот на Комисијата. Во претпладневниот дел од седницата беше одржано и ислушување за "Можностите за замена на услугите кои се извршуваат во институции со услуги однадвор", на кое беа поканети неколку ескперти професори од повеќе европски универзитети. За оваа проблематика е подготвен Предлог-Извештај од хрватскиот пратеник Невен Мимица (Социјалистичка група), а целта е да се обединат размислувањата во врска со предизвиците и отворените перспективи на овој процес во Европа и пошироко. Оваа тема е присутна повеќе години, со оглед на економската експанзија на Европа. Многу богати држави во Европа се повеќе префрлуваат дел од своите економии надвор во посиромашните земји (Азија, Северна Африка и Латинска Америка), каде за помалку трошоци во однос на искористувањето на работната сила, суровини, производствени капацитети и сл., ги произведуваат истите производи со задржување на истиот квалитет. Со тоа, значително се намалуваат трошоците, се остварува поголем профит, но и посиримашните земји имаат бенефиции и корист поради зголемувањето на вработеноста и зајакнувањето на домашните стопанства.

Во Прелиминарната Предлог-Резолуција се потенцира значењето на овој процес во функција на економски просперитет и се повикуваат владите на земјите-членки на Советот на Европа доследно да ја имплементираат Лисабонската агенда на ЕУ која е во насока на развивање на стопанствата, поголема вработеност и компетитивност.

Меѓу другите извештаи, беше разгледан и Воведниот Меморандум посветен на: "Импликациите за Европа од економскиот развој на Кина", подготвен од белгискиот пратеник Пол Вил (Група на либерални партии-АЛДЕ). Во него се дава осврт на историјатот и досегашните врски на Европа и Кина на полето на трговијата, експанзијата на Кина во светски рамки на планот на производство на разновидни производи, а во завршните препораки се укажува на потребата од натамошно трговско партнерство меѓу Европа и Кина од аспект на глобален економски просперитет.

2. На седницата на **Комисијата за правни прашања и човекови права** беа разгледани повеќе одговори од Комитетот на министрите кои се однесуваат на веќе усвоени препораки и резолуции од Парламентарното собрание на Советот на Европа, воведните меморандуми кои се однесуваат на подобрување на процедурата при избор на кандидати за членови на Комитетот за превенција од тортура (ЦПТ), за обврската на земјите-членки на Советот на Европа за соработка со Европскиот суд за човекови права и за Нацртот на Европската повелба за затворите. Исто така, беа разгледани и прелозите на извештаите за присилните исчезнувања, за ситуацијата на бугарските медицинари во Либија и за јазичните проблеми при користењето на здравствените услуги во Брисел-главниот регион во Белгија. По кратки дикусии, без амандмани, беше дадена начелна согласност по овие предлози на извештаи пред нивното разгледување на октомвриската сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа.

* * * * *

Пред крајот на седницата до членовите на Комисијата беше дистрибуирано информативно писмо во врска со "случајот Вранишковски" од пратениците-членови на оваа Комисија од Делегацијата на Србија и Црна Гора Зоран Жижиќ (Социјалистичка група) и Љубиша Јовашевиќ (Група на европски партии). Во ова писмо се искажува намерата на српската делегација за време на октомвриската сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа да поднесе писмена декларација со

која "Парламентарното собрание на Советот на Европа ќе ги осуди мерките на Република Македонија кон нејзиниот граѓанин Јован Вранишковски....", со кои директно се кршат одредбите 9, 14 и 15 од Европската конвенција за заштита на човековите права и фундаментални слободи.

Во расправата, холандскиот пратеник Ерик Јиргенс (Социјалистичка група) укажа дека според содржината на писмото смета дека ова прашање не би требало да се разгледува во Парламентарното собрание на Советот на Европа, туку по искористување на сите правни средства пред судовите во Република Македонија, за ова прашање би бил надлежен Европскиот суд за човекови права. Но сепак, оставена е можноста за избор на српската делегација преку поднесување на Предлог за донесување на резолуција или препорака, доколку Бирото на Парламентарното собрание одлучи позитивно, ова прашање да биде предмет на разгледување на оваа Комисија. Со ова се сложи и швајцарскиот пратеник Андреас Грос (Социјалистичка група). Турскиот пратеник Абдулкадир Атеш (Социјалистичка група), кој воедно е и претседател на Комисијата за политички прашања, истакна дека пред да се пристапи кон какво било разгледување на ова прашање, смета дека е потребно за ова да биде побарано и мислење од Владата на Република Македонија и да се извршат консултации со Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа. Потоа претседавачот ја заклучи седницата, бидејќи дневниот ред беше исцрпен.

* * * * *

Со учеството на овие седници уште еднаш се потврди потребата од редовно следење на седниците на комисиите на Парламентарното собрание на Советот на Европа и активен ангажман на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа. И овој пат дојде до израз неопходноста од редовно и активно присуство и учество во работата на парламентарните структури на најстарата и најбројна европска организација, заради навремено информирање за активностите што се преземаат во комисиите или на маргините од овие состаноци, а кои се од особено значење за натамошната активност на Делегацијата во заштитата на интересите на Република Македонија.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Советот на Европа на Четвртиот дел на редовната сесија на Парламентарното собрание на Советот на Европа за 2005 година, одржана од 3 до 7 октомври 2005 година во Стразбург, Република Франција

Скопје, октомври 2005

Четвртиот дел на редовната сесија за 2005 година на Парламентарното собрание на Советот на Европа е одржана од 3 до 7 октомври 2005 година во Стразбург, Франција. На сесијата учествуваа: шефот на Делегацијата г. Игор Ивановски, членот на делегацијаата г. Рафис Алити и заменик-член на Делегацијата г. Андреј Жерновски, во придружба на г. Никола Тодоровски, секретар на Делегацијата.

На парламентарците во текот на сесијата им се обратија: г. Доналд Џонстон, генерален секретар на ОЕЦД, г. Екмеледин Ишаноглу, генерален секретар на Организацијата на исламаската конференција, г. Мариан Лупу, претседател на Парламентот на Молдавија, г. Володимир Литвин, претседател на Парламентот на Украина, г. Мигуел Ангел Моратинос, министер за надворешни работи и соработка на Шпанија и во функција на претседател на Министерскиот комитет на СЕ г. Фернандо д´Оливеира Нивес.

За нов европски комесар за човекови права, со шест годишен мандат, со 104 гласа од присутните 230 члена на Парламентарното собрание на Советот на Европа, во второто гласање беше избран Томас Хамбергер од Шведска.[24] Функцијата комесар за човекови права е установена 1999 година и неа досега ја вршеше Жан Марија Роблес од Шпанија. Тоа е независна институција во Советот на Европа која придонесува на унапредувањето на човековите права, дава помош на националните институции за човекови права, идентификува недостатоци во однос на човековите права и промовира почитување на човековите права во земјите членки.

За генерален секретар на Парламентарното собрание на Советот на Европа е избран Матео Соринас Балфуего[25] од Шпанија, кој порано беше генерален директор во Секретаријатот на Парламентарното собрание. Новиот генерален секретар кој е избран со 220 гласа од присутните 236 пратеници, има петгодишен мандат, а должноста ќе почне да ја извршува од 31 јануари 2006 година.

1. Парламентарното собрание на Советот на Европа, во улога на парламентарен форум на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) со учество на парламентарците и од земјите кои не се членки на Советот на Европа (Австралија, Канада, Јапонија, Кореја, Мексико, Нов Зеланд и САД), дебатираше за **годишниот извештај на ОЕЦД за светската економија.** Во извештајот е поздравен забележителниот пораст на светското стопанство (во што со 9% пораст се издвојува Кина), но е изразена и загриженост заради зголемувањето на дефицитот на САД и бавниот економски раст во еврозоната.

Генералниот секретар на ОЕЦД Донлад Џонстон во своето обраќање истакна дека со големо внимание ги следат нарушувањата сврзани со покачувањето на цената на бензинот. Притоа ја потенцираше потребата за користење на алтернативни енергетски извори и примената на политика на рационална енергетска потрошувачка. Во врска со предизвиците со кои се соочува светот во 21 век укажа на програмите за менаџирање и надминување на штетите предизвикани од тајфуните, како и на подготовките за соочување со пандемските појави кои го загрозуваат светот.

Во извештајот и во дискусијата беше укажано на потребата за проширување на ОЕЦД со земјите кои ги исполнуваат соодветните критериуми. Забележано е дека низа години Организацијата ја сочинуваат

[24] Во прилог се дадени биографските податоци за г. Хамбергер

[25] Во прилог се дадени биографските податоци за г. Соринас

30 земји, иако 16 земји веќе изразиле интерес за приклучување. Ова прашање се разгледува, но не е утврден рок во кој би била донесена одлука за евентуално проширување.

2. Посебен интерес предизвика излагањето на **професорот Екмеледин Ишаноглу, генерален секретар на Оргнизацијата на исламската конференција (ОИК)**. Во него тој најнапред искажа задоволство што за прв пат зборува на сесијата на ПС на СЕ и изрази надевање дека тоа ќе претставува почеток на интер-културни и интер-религиски дијалог, кој ќе биде следен и од другите европски форуми.[26] Во натамошното излагање Ишаноглу се задржа на потсетувањето на историското заедништво и когзистенцијата на муслиманите, христијаните и евреите. Притоа како позитивни примери беа посочени процветот на андалузиската култура и балканското културно наследство. Истовремено беше подвелечено дека тероризмот и екстремизмот се спротивни на интелектуалната суштина на исламот и тоа никогаш не била популарна доктрина меѓу муслиманските маси. Затоа е неприфатливо демонизирањето на се што е поврзано со исламот, присутната исламофобија (спомната и во извештајот за 2005 година на Европската комисија против расизмот и нетолеранцијата - ЕКРИ) и зголемената виктимизација на муслиманите во светот, особено по 11 септември.

Според Ишаноглу двете големи монотеистички религии и цивилизации треба да го одбегнат антагонизмот и да го следат патот на глобален мир, стабилност и соработка. Тргнувајќи од заедничките корени и допирните точки треба да бидат надминати недоразбирањата и конфликтите и да биде изграден "Историски пакт на помирување". За остварување на таа цел генералниот секретар на меѓународната исламска организација предложи низа чекори, како што се: признавање на исламот како една од главните религии во европските држави; ревизија на образовните програми на двете страни; воспоставување на вистинскиот културен дијалог на локален, регионален, национален и меѓународен план; отстранување на корените на тероризмот; истражување и казнување на актите на дискримнација и насилство и други. Според Ишаноглу во прашање се гигантски чекори кои СЕ и ОИК можат заеднички да ги преземат воспоставувајќи структурна соработка.

3. На сесијата е разгледувано и прашањето на **функционирање на демократските институции во Молдавија,** по десет години од нејзиниот прием во Советот на Европа. Констатирано е дека земјата има достигнато забележителни резултати во демократските реформи, но и дека голем број значајни обврски, преземени при приемот, се уште не се остварени на задоволителен начин. Потребни се дополнителни напори за подобрување на функционирањето на демократските институции, јакнење на независноста и ефикасноста на судството, обезбедувањето на слободата и плурализмот на електронските медиуми, засилувањето на локалната демократија, борбата против корупцијата и шверцот на луѓе и човечки органи. Еден од главните предизвици се уште е изнаоѓање на мирољубиво решение за надминување на Транснистрискиот конфликт. Тоа е главна пречка за натамошното унапредување на демократијата и за економскиот развој на територијата на целата земја.

Во своето обраќање пред Парламентарното собрание **претседателот на Парламентот на Молдавија Мариан Лупу** како пиоритетни ги означи: реформата на демократските институции, мирољубивото разрешување на Транснистрискиот конфликт и европската интеграција на земјата. По дестгодишниот мониторинг од страна на Советот на Европа тој побара Молдавија да го добие статусот на држава со која Советот на Европа остварува посмониторинг дијалог. Посебно внимание во неговото

[26] Во ОИК членуваат 57 муслимански држави од Азија, Африка, Европа и Латинска Америка и по бројноста тоа е втора организација во светот (после ОН), која опфаќа 1,3 милијарда луѓе или речиси една петтина од човештвото. Во Организацијата како набљудувачи се вклучени бројни немуслимански држави, меѓу кои од јуни 2005 година е и Руската Федерација. Целта на Организацијата е да ги застапува политичките погледи на муслиманските земји кои се базирани на заедничкото културно и духовно наследство на муслиманската заедница.

излагање беше посветено на сложеното транснистриско прашање во чие разрешување побара да бидат инволвирани ЕУ и САД. Во тој контекст беше изнесена определбата, по демократизација и демилитаризација на овој регион, да бидат одржани слободни избори под надзор на меѓународна изборна комисија, во која и Советот на Европа би имал значајна мониторинг улога.

4. По шести пат беше расправано и за **обврските и заложбите на Украина** преземени при приемот во Советот на Европа во 1995 година. Во врска со реформите и модернизацијата на земјата во извештајот е уптребена слична генерална оцена како и за Молдавија - дека се постигнати забележителни резултати, но и дека има низа недостатоци кои треба да бидат надминати: јасна поделба на власта, засилување на улогата на Парламентот, реформа на локалната самоуправа, трансформација на медиумите, засилување на судскиот систем, борба против корупцијата итн. Укажано е на потребата за засилување на процесот на целосна компатибилност на законодавството со европското законодавство имјаќи ги предвид аспирациите на земјата за интеграција во ЕУ.

Од страна на Парламентарното собрание на Советот на Европа се поздравени достигнувањата по таканаречената "портокалова револуција" и заложбите за неопходно потребните реформи на земјата. Во расправата е изразено очекување демократската определба на новото раководство и граѓаните да биде јасно потврдена на претстојните претседателски и локални избори. Усвоена е препораката за продолжување на мониторингот и зголеменото присуство и поддршка на Советот на Европа на реформските процеси во Украина. Прифатен е и предлогот за именување на специјален претставник на генералниот секретар на Советот на Европа, кој треба да го следи развојот на политичката ситуација и на барање на украинската власт да обезбедува соодветна експертска помош.

Претседателот на Парламентот на Украина Влодимир Литвин во своето обраќање, по оваа расправа, изнесе дека во земјата е општоприфатено дека со политички компромис може да биде одбегнат конфликт со непредвидливи последици. Веруваат дека сега и покрај бавноста се наоѓаат на прав пат за остварување на неопходните реформи. Во земјата е широко разбрана и прифатена потребата за мониторингот од страна на Советот на Европа. Се надеваат дека со остварувањето на демократските норми и стандарди за почитување на човековите права ќе започне и нова фаза во односите на Украина со Советот на Европа.

5. **Шпанскиот министер за надворешни работи Мигуел Анхел Моратинос** зборуваше за унапредувањето на демократијата и човековите права, борбата против тероризмот и имиграцијата. Посебно се задржа на иницијативата на неговата земја за креирање на Алијанса на цивилизациите со цел да бидат елиминирани разликите меѓу западниот и исламскиот свет. Тој нагласи дека оваа иницијатива е поддржана и од генералниот секретар на ОН. На Мајорка, до крајот на 2006 година, треба да биде одржан состанок на кој ќе биде усвоен акциониот план за реализација на проектот Алијанса.

6. **Секретарот за европски прашања на Португалија Фернандо д´Оливеира Нивес во функција на председател на Комитетот на министрите,** зборуваше за имплементацијата на Акциониот план од Третиот самит на Советот на Европа. Најнапред беше споменато дека е конституирана "Група на мудрите личности" која треба да го разгледа прашањето на ефикасноста на Европската конвенција за човекови слободи и права. Посветено е внимние и на подготовките за "Форумот за демократија" чии инагурален состанок треба да биде одржан во Варшава во почетокот на ноември. Се работи и на создавањето на "Центарот за експертиза на реформите во локалната самоуправа", како и на кампањите и активностите во 2006 година (против насилството врз жените, за социјална кохезија и друго).

Како приоритетни прашања за португалското претседателство беа посочени интеркултурниот дијалог и борбата против тероризмот и криумчарењето на луѓе. Педесетгодишнината од донесувањето на Европската културна конвенција

предвидуваат да ја одбележат со конференција во Фаро, Португалија која би била посветена на интеркултурниот дијалог, во која би биле вклучени земјите од двете страни на Медитеранот. Што се однесува до трите конвенции за борбата со тероризмот и криумчарењето со луѓе усвоени на Самитот во Варшава и отворени за потпишување и пристапување со жалење е информирано дека кон овие значајни меѓународни инструменти нема нови приклучувања.

7. Со ургентна процедура е разгледувано **прашањето на птичјиот грип и превентивните мерки во Европа**. Од страна на Парламентарното собрание на Советот на Европа е поддржан апелот на Светската здравствена организација за меѓународна мобилизација против оваа исклучително опасна инфективна болест (смртноста кај инфицираните достигнува 50%). Побарано е од земјите членки да ги преземат сите неопходни мерки во борбата против вирусот и да покажат солидарност пред се´ со зголемување на производството на антивирусните вакцини и лекови и овозможување на нивно користење и од страна на земјите во развој. Укажано е на ургентната потреба за развивање на систем за рано предупредување, особено во земјите кои заради неразвиеноста на здравствените и ветеринарските капацитети и недостатокот на средства имаат тешкотии со воспоставување на таков систем. Предложено е во наредните месеци ситуацијата да биде следена со постојано внимние.

На седницата се разгледани и прашањата на мерките за регулирање на миграционите бранови; насилното исчезнување на луѓе; жените и религијата во Европа; образованието и религијата; насилните бракови и браковите на децата; Советот на Европа и политиката на непосредно соседство на ЕУ; нехуманиот третман на бугарскиот медицински персонал во Либија; јазичните проблеми во пристапот до здравствената заштита во регионот на Брисел во Белгија; цената на заедничката аграрна политика на ЕУ и забрзувањето на процедурите за азил во земјите членки на Советот на Европа.

8. Шефот на Делегацијата Игор Ивановски и членот на Делегацијата Андреј Жерновски, во придружба на шефот на Мисијата при Советот на Европа, амбасадорот д-р Елеонора Петрова Митевска и секретарот на Делегацијата Никола Тодоровски беа примени од **претседателот на Парламентарното собрание на Советот на Европа Ван дер Линден**. На оваа прва официјална средба по неговото именување на чело на Делегацијата Игор Ивановски ја изрази готовноста на Собранието на Република Македонија за продолжување и продлабочување на соработката со Парламентарното собрание и нејзиниот претседател господинот Ван дер Линден. Притоа беше укажано дека во месец ноември ја очекуваме посетата на генералниот секретар на Советот на Европа Тери Дејвис, која се совпаѓа со десетгодишнината на нашиот прием во најстарата и најбројната европска организација. При пренесувањето на поздравите на претседателот на Собранието Јордановски беше упатена и покана за посета на претседателот на Парламентарното собрание во текот на неговиот мандат. Напоменато е дека претходниот претседател Петер Шидер не ја посетил Република Македонија. Во врска со актуелната политичка ситуација во земјата[27] е информирано дека во почетокот на идниот месец треба да го добиеме мислењето на Европската комисија за барањето на РМ за прием во ЕУ. Очекуваме во него да бидат валоризирани достигнувањата во реформските процеси и да биде потврдена исправноста на правецот по кој се движиме во евроинтеграциските процеси.

Претседателот Ван дер Линден поканата за посета ја прими со благодарност и нагласи дека таа ќе биде внесена во календарот на неговаите посети на Балканот и замоли да бидат пренесени неговите срдечни поздрави до председателот на Собранието Јордановски. Тој упати пофални зборови и за соработката за прашањата од заемен интерес што Парламентарното собрание, односно неговите комисии ја остваруваат со Собранието на Република Македонија.

[27] Политичката ситуација во Македонија се следи од страна на Парламентарното собрание на Советот на Европа според Резолуцијата 1261(2001),

9. Во врска со предлогот на препораката за временото име на Република Македонија во Советот на Европа (док. 10538 од 5 мај 2005) од страна на **генералниот секретар на Парламентарното собрание на Советот на Европа Бруно Халер** од македонската и грчката делегација се побарани дополнителни информации пред одлучувањето за ова прашање од страна на Бирото на Парламентарното собрание. Според Деловникот (член 23/2) Бирото треба да определи дали предлогот на препораката треба да биде разгледуван од една или повеќе комисии или да им биде доставен само за информирање или да не биде преземана никаква натамошна активност. Потоа оваа одлука треба да биде потврдена од Парламентарното собрание, односно Постојаниот комитет. Од страна на Делегацијата на средбата е информирано за текот на разговорите за споменатото прашање во рамките на ОН, во што Република Македонија учествува на континуиран и конструктивен начин. Бруно Халер изнесе дека проблемот со означувањето во Советот на Европа го чувствуваат како проблем меѓу две земји кои припаѓаат на "семејството" на Советот на Европа и сакаат да го поттикнат решавање на прашањето за кое двете страни водат разговори со учество на специјалниот претставник на генералниот секретар на ОН. На седницата на Бирото, одржана на крајот на сесијата, одлуката за натамошната процедура за ова прашање е одложена за следната седница.

10. Од страна на членовите на Делегацијата на Србија и Црна Гора **во форма на пишана декларација е покренат случајот Вранишковски [28].** Според членот 53 на Деловникот писмена декларација може да биде поднесена, од најмалку 20 члена или заменици на членови на Парламентарното собрание на Советот на Европа, кои припаѓаат на четири национални делегации и на две партиски групи и доколку предметот на кој се однесува е во компетенција на Советот на Европа и не содржи повеќе од 200 збора. Со писмената декларација не се покренува дебата во комисиите или на пленарната седница на Парламентарното собрание на Советот на Европа, туку таа го изразува само ставот на потпишаните пратеници. Откога таква декларација ќе биде поднесена до надлежната служба се објавува и потоа две недели е отворена за евентуални дополнителни потписи, по што се затвора и дистрибуира. При првото објавување декларацијата беше потпишана од 27 пратеници, од 11 национални делегации и од сите шест пратенички групи, но не и од пратениците од Црна Гора присутни на сесијата Иван Калезиќ (Демократска партија на социјалистите на Црна Гора) и Иван Брајовиќ Социјалдемократската партија на Црна Гора).

11. На седницата на Мешовитиот комитет составен од претседателите на делегациите и амбасадорите на земјите членки на Советот на Европа, претседателот на Парламентарното собрание Ван дер Линденн го повтори залагањето за ажурно **имплементирање на одлуките на Третиот самит на Советот на Европа**. Во врска со тоа испратнено е писмо и до парламентите на 46 држави членки на кое се добиени само 15 одговори. На седницата е изразено очекување националните парламенти да посветат соодветно внимание на Третиот самит, а особено да ја забрзаат процедурата за пристапување кон трите конвенции усвоени на самитот: Европската конвенција за активноста во борбата против трговијата со луѓе, Европска конвенција за превенција од тероризмот, Европската конвенција за перење на пари, претрес, заплена и конфискација на противправна имотна корист и финансирање на тероризмот.

* * * * *

[28] Писмена декларација бр 371 "Случајот на повреда на човековите права и религиски слободи во поранешната југословенска Република Македонија" во интегрална форма е даден во прилог на Ивештајот.

Во текот на сесијата внимането на Делегацијата беше концентрирано на средбите, лобистичките контакти и активностите сврзани со прашањата
од непосреден интерес за Република Македонија како што се оние сврзани со означувањето на нашата земја во Советот на Европа, имплементацијата на документите на Третиот самит на СЕ и иницијативата за писмена декларација за случајот на верските слободи во Македонија.

При првото учество на сесиите на Парламентарното собрание на новиот шеф на Делегацијата Игор Иваноски е остварена средба на Делегацијата со претседателот на Парламентарното собрание Рене ван дер Линден при што е упатена покана за посета која е примена со задоволство. Членовите на Делегацијата присуствуваа на пленарните седници, на седниците на партиските групи и комисии, имаа низа неформални средби со своите колеги и учествуваа во гласањето за избор на европскиот комесар за човекови права Хамбергер и генералниот секретар на Парламентарното собрание Соринас.

ПРИЛОГ 1

Парламентарно собрание
СОВЕТ НА ЕВРОПА

Док. 10712
5 октомври 2005

Случај на кршење на човекови права и верски слободи во "поранешната југословенска Република Македонија"

Писмена декларација бр. 371

Оваа писмена декларација ги обврзува само членките кои ја потпишале.

На 17 септември 2005 година, Врховниот суд на "поранешната југословенска Република Македонија" ја одби жалбата на г-дин Јован Вранишковски, граѓанин на "поранешната југословенска Република Македонија", со кој се исцрпија сите домашни правни лекови за повторно разгледување на казната со која е осуден за поттикнување на национална, расна и верска омраза и го осуди на 18 месеци затвор.

Тој беше затворен од јули за практицирање на неговата религија. Тој беше осуден за промена на неговата определба од црквата призната од страна на "поранешната југословенска Република Македонија" на друга што истата не ја признава, Српската православна црква (СПЦ). Со овој чин, брутално се нарушени принципите на Советот на Европа (СЕ) и членовите 9, 14 и 15 од Европската конвенција за заштита на човековите права и фундаментални слободи, како и релевантните документи на ОН и Уставот на "поранешната југословенска Република Македонија".

Господинот Вранишковски беше осуден за:

- прифаќање на позицијата претставник на СПЦ во "поранешната југословенска Република Македонија";
- учествување во верските обреди на СПЦ во Белград и
- изведување верски обреди во стан во Скопје;

по напуштање на Македонската православна црква и местото на нејзин владика.

Ние, долупотпишаните, членови на Собранието, бараме од властите на "поранешната југословенска Република Македонија," да се придржуваат од заложбите преземени по приемот во СЕ и да престанат со притисокот врз Јован Вранишковски. Во спротивно, очекуваме Парламентарното собрание на Советот на Европа да го разгледа овој случај преку неговите тела.

Потпишани[1]:

[1] СОЦ: Социјалистичка група

Љубиша ЈОВАШЕВИЌ, Србија и Црна Гора, ЕПП/ЦД
Атанасиос АЛЕВРАС, Грција, СОЦ
Рудолф БИНДИГ, Германија, СОЦ
Божидар БОЈОВИЌ, Србија и Црна Гора, ЕПП/ЦД
Дорос КРИСТОДУЛИДЕС, Кипар, УЕЛ
Дирк ДЕЕС, Холандија, АЛДЕ
Јанис ДРАГАСАКИС, Грција, УЕЛ
Џузепе ГАБУРО, Италија, ЕПП/ЦД
Андреас ГРОС, Швајцарија, СОЦ
Лијана КАНЕЛИ, Грција, УЕЛ
Тони ЛОЈД, Обединето Кралство, СОЦ
Иво ЛОЗАНЧИЌ, Босна и Херцеговина, ЕДГ
Евангелос МЕИМЕРАКИС, Грција, ЕПП/ЦД
Лилјана МИЛИЧЕВИЌ, Босна и Херцеговина, ЕПП/ЦД
Џузепе МУЛАС, Италија, ЕДГ
Томислав НИКОЛИЌ, Србија и Црна Гора, НР
Елза ПАПАДИМИТРИУ, Грција, ЕПП/ЦД
Антигони ПЕРИКЛЕУС ПАПАДОПУЛОС, Кипар, АЛДЕ
Људмила ПИРОЖНИКОВА, Русија, ЕДГ
Христос ПУРГУРИДЕС, Кипар, ЕПП/ЦД
Гордон ПРЕНТИС, Обединето Кралство, СОЦ
Бранко РУЖИЌ, Србоја и Црна Гора, ЕПП/ЦД
Зоран ШАМИ, Србија и Црна Гора, ЕПП/ЦД
Тигран ТОРОЗИЈАН, Ерменија, ЕДГ
Барт ван ВИНСЕН, Холандија, ЕПП/ЦД
Зоран ЖИЖИЌ, Србија и Црна Гора, СОЦ

ЕПП/ЦД: Група на Европската народна партија

АЛДЕ: Алијанса на либерали и демократи за Европа

ЕДГ: Европска демократска група

УЕЛ: Група на обединета европска левица

НР: нерегистриран во група

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Парламентарното собрание на ОБСЕ

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Конференцијата за трговија со луѓе
на ОБСЕ и на Вториот парламентарен форум на Медитеранот, одржани од 29 септември до 1 октомври 2004 година на Родос, Грција

Скопје, октомври 2004 година

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) од 29 септември до 1 октомври 2004 година, на Родос, Грција, ја организираше Конференцијата за трговија со луѓе и Вториот паралементарен форум на Медитеранот. На оваа Конференција, на покана од претседателот на ПС на ОБСЕ г. Брус Џорџ, присуствуваа членовите на постојаната Делегација на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ што ја сочинуваа пратениците: г. Ѓорѓи Трендафилов, шеф на Делегацијата, г. Благој Голомеов и г. Хусеинџеват Хусеини, членови на Делегацијата, како и секретарот на Делегацијата Лиман Авдиу, в.д. раководител на Секторот за меѓународна соработка.

На Конференцијата учествуваа делегации од овие земји: Албанија, Андора, Австрија, Азербејџан, Белгија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Канада, Хрватска, Кипар, Чешка Република, Данска, Естонија, Финска, Република Македонија, Франција, Грузија, Германија, Грција, Унгарија, Италија, Казахстан, Лихтенштајн, Литванија, Малта, Молдавија, Монако, Холандија, Норвешка, Полска, Португалија, Романија, Руската Федерација, Србија и Црна Гора, Словенија, Шпанија, Шведска, Швајцарија, Турција, Украина и Обединето Кралство, како и Делегација од САД и Медитеранските партнери за соработка Алжир, Израел, Јордан и Мароко. На оваа Конференција присуствуваа и набљудувачите на ПС на ОБСЕ, како и претставник од Собранието на ЗЕУ.

Конференцијата ја отворија конгресменот Алси Л. Хастингс, претседател на ПС на ОБСЕ, Ана Бенаки, претседател на грчкиот парламент и Панос Каменос, шеф на Грчката Делегација и потпретседател на ПС на ОБСЕ.

Сесија 1: Трговијата со луѓе како безбедносен предизвик

Во рамките на првата работна сесија се оствари дебата за "Нелегалната миграција и трговијата со луѓе како безбедносен проблем во 21 век". Во рамките на оваа тема излагање поднесе г. Аристотелис Павлидес, министер за егејска и островска политика. На тема "Безбедноста на луѓето: превенција и борба против трговијата со луѓе: предизвик за ОБСЕ", говореше проф. Хелга Конрад, специјален претставник на ОБСЕ за борба против трговијата со луѓе.

Потоа беше остварена поширока дебата во која учествуваа претставници од земјите членки кои ја нагласија важноста на оваа појава како и мерките што земјите членки треба да ги преземат на политички, економски, социјален и безбедносен план со цел успешно водење на борбата против трговијата со луѓе.

Во дебатата што се оствари по оваа тема свое писмено излагање приложи и пратеникот Ѓорѓи Трендафилов, шеф на нашата Делегација. Во неговото излагање, тој ги опишува мерките кои Република Македонија ги презема за борба против трговијата со луѓе, имплементацијата на Националната програма на Република Македонија за борба против оваа појава, како и за поддршката од надлежните институции на државата и на претставници на меѓународните организации како што се ОБСЕ, ИОМ, УНДП, УСАИД, УНИЦЕФ и др. НО преку КАРДС програмата за подготовка на Националниот план за борба против трговијата со луѓе.

Сесија 2: Трговијата со луѓе како нова форма на ропство

Со оваа работна сесија претседаваше г. Герт Вајскирхен, потпретседател на ПС на ОБСЕ.

Во рамките на оваа сесија своја презентација на тема " Прекугранична нелегална трговија и новите форми на ропство" поднесе г. Даниел Едрас, шеф на мисија, Меѓународна организација за миграција, Атина, на тема "Активностите на ЕУ во врска со трговијата со луѓе и експлоатацијата на деца", поднесе г-ѓа Марјан Вијерс, претседател на Експертската група за трговија со луѓе на ЕУ.

Сесија 3: Меѓународните стратегии во борбата против трговијата со луѓе

Со оваа работна сесија претседаваше г-ѓа Тоне Тингсгард, потпретседател на ПС на ОБСЕ.

Во рамките на оваа тема беа поднесени овие излагања: "Глобалната програма против трговијата со луѓе на ОН" од страна на г-ѓа Кристина Кангаспунта, Одделение за борба против нелегалната трговија од Канцеларијата за дроги и криминал на ОН и " Понуда и побарувачка: приватна и јавна соработка во превенцијата на трговијата со луѓе" од г. Марсин Свјечики, координатор на активностите во областа на економијата и животната средина на ОБСЕ.

Во дебатата што се оствари по оваа тема со свое излагање настапи и пратеникот д-р Благоја Голомеов. Тој даде приказ на операционализацијата на мерките кои нашата земја Република Македонија ги превзема за градење на меѓународните стратегии во борбата против трговијата со луѓе и додаде дека истите ги подразбира не само како регионална или билатерална соработка на надлежните институции, туку истовремено и како забрзано усогласување на домашната легислатива со европските и светските стандарди. Потоа, г. Голомеов истакна дека од особено значење е ратификувањето на меѓународните конвенции кои го третираат проблемот на сузбивањето и заедничкото дејствување во превенцијата и борбата против трговијата со луѓе и го истакна фактот дека Република Македонија во 2000 година го потпишала Протоколот за превенција, спречување и санкционирање на трговијата со луѓе, особено со жени и деца, со којшто се надополнува Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал и Собранието на Република Македонија го усвои Законот за ратификација на истата.

На крајот на неговото излагање, г. Голомеов наведе дека стратешката определба на Република Македонија за сериозна борба против организираниот криминал претставува приоритет на активностите за реформа на кривичното законодавство со имплементација на одредбите од Палермо , Конвенцијата со протоколите против трговија со луѓе и криумчарење на мигранти. Компатибилноста на нашето законодавство со Палермо протоколот и со препораките на Бриселската декларација за превенција и борба против трговијата со луѓе, усвоена на Европската конференција во 2002 година, се доведува на највисок степен.

Сесија 4: Панел дискусија за нелегалната миграција и трговијата со луѓе во регионот на ОБСЕ: географски пристап

Со оваа сесија претседаваше г. Ихор Осташи, потпретседател на ПС на ОБСЕ.

Во рамките на оваа тема, со панелни дискусии настапија: г-ѓа Арта Даде, шеф на Делегацијата на Албанија, за "Состојбите во Југоисточна Европа". Г. Панајотис Румелиотис, професор за Меѓународна економија и специјален претставник на ЕУ за Балкан, за "Медитеранскиот регион", г-ѓа Бони Милер, НО, за "Северна Америка" и проф. Елена Мизулина, постојан претставник на Дума за состојбите во бившиот Советски Сојуз.

Во завршните зборови г. Алси Л. Хастингс напомна дека трговијата со луѓе е присутна во повеќето земји на светот и претставува еден од трите најголеми криминални бизниси во целиот свет. Потоа, тој се осврна на Акциониот план за борба против трговијата со луѓе на Организацијата за безбедност и соработка во Европа и додаде дека треба да се согледуваат корените на оваа појава, како во земјите на потекло така и во земјите на дестинација, а тоа се сиромаштијата, социјалните и економските структури, можностите за вработување, дискриминацијата, половата и етничката нерамноправност, итн. На крајот тој истакна дека улогата на парламентарците е од голема важност во борбата против трговијата со луѓе и истите мора да предлагат и усвојуваат закони кои ја криминализираат трговијата со луѓе и да изградат неопходни административни структури за превенција на овој феномен.

Седница на Постојаниот комитет

На оваа седница беа разгледани општите активности на Парламентарното собрание на ОБСЕ:

- извештај за резултатите од Конференцијата за трговија со луѓе и подготовките за Медитеранскиот форум на ПС на ОБСЕ;
- Извештај на генералниот секретар;
- Извештај на Меѓународниот секретаријат за организација на изборниот мониторинг;
- активностите по Годишната сесија на Собранието во Единбург;
- брифинг на генералниот секретар на ОБСЕ, Амбасадор Јан Кубиш за предлог буџетот на ОБСЕ за 2005 година;

Тука треба да се наведе дека новата Работна група на ПС на ОБСЕ се состана за прв пат која што заклучи да се разгледуваат предлог буџетот на ОБСЕ и за подготвување на коментари за Постојаниот совет.

Втор парламентарен форум на Медитеранот

Работата на овој форум беше организирана во три сесии: Првата сесија за " Тероризмот и фундаментализмот во Медитеранската димензија на ОБСЕ". Втората сесија за " Економската безбедност, трговијата и соработката на Медитеранот". Во третата сесија се отвори општа расправа за безбедноста на Медитеранот-соочување со безбедносните ризици, закани и предизвици во Медитеранот.

* * * * *

Заклучок

Во текот на Конференцијата членовите на македонската Делегација остварија повеќе средби и контакти, како и корисна размена на мислења со парламентарци и официјални личности од повеќе земји кои беа присутни на овој настан. Во тие рамки се размануваа мислења за најактуелните случувања на меѓународен план, а во контекст на јакнењето на стабилноста и безбедноста во рамките на регионот на ОБСЕ.

Се оценува дека е потребно да се покренат активности во Собранието на Република Македонија за учество и следење на планираните настани кои претстојат во текот на оваа фискална година. Тоа се однесува во прв ред на учеството на Зимската сесија, што ќе се одржи од 24 до 25 февруари 2005 година во Виена, Австрија (седница на Постојаниот комитет, заеднички и посебни состаноци на трите генерални комитети), на Субрегионалната конференција (темата дополнително ќе биде одредена), што ќе се одржи од 12 до 14 мај 2005 година во Тромсо, Норвешка, на Годишната сесија на Собранието, што ќе се оржи од 1 до 5 јули 2005 година во Вашингтон Д.Ц., САД и на Есенската сесија (Постојан комитет, Конференција и Медитерански форум) што ќе се одржи од 8 до 11 октомври 2005 година во Монако.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Парламентарното собрание на ОБСЕ

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Зимската сесија на Параламентарното
собрание на ОБСЕ одржана на 24 и 25 февруари 2005 година во Виена, Австрија

Скопје, март 2005 година

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) на 24 и 25 февруари 2005 година, во Виена, Австрија, ја одржа редовната седница на Постојаниот комитет и на трите генерални комитети. Оваа сесија на ПС на ОБСЕ се одржува во вообичаени термини и е наречена Зимска сесија на која се согледуваат настаните и активностите кои изминале и кои ќе следат во текот на годината.

На седницата на Постојаниот комитет и на трите генерални комитети учествуваа членовите на постојаната Делегација на Собранието на Република Македонија што ја сочинуваа пратениците: д-р Благој Голомеов и г. Хусеинџевад Хусеини, како и секретарот на Делегацијата Лиман Авдиу.

На Зимската сесија на ПС на ОБСЕ учествуваа делегации на овие земји и организации : Албанија, Андора, Арменија, Австрија, Азербејџан, Белорусија, Белгија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Канада, Хрватска, Кипар, Чешка Република, Данска, Естонија, Финска, Франција, Грузија, Германија, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Казахстан, Киргистан, Латвија, Лихтенштајн, Литванија, Луксембург, Малта, Монако, Република Македонија, Холандија, Норвешка, Полска, Португалија, Руска Федерација, Србија и Црна Гора, Република Словачка, Словенија, Шпанија, Шведска, Швајцарија, Турција, Украина, Обединетото Кралство, како и делегациите од САД, Светата столица, Медитеранските партнери за соработка, Израел, Јордан и Мароко.

Во овој извештај прикажани се активностите и настаните кои се остварени во текот на Зимската сесија, (која се состои од две заеднички сесии од трите генерални комисии, како и од посебните седници на генералните комитети), како и договорените активности кои треба да бидат остварени во 2005 година и понатаму.

1. На почетокот на Зимската сесија седница одржа Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ. Со седницата претседаваше претседателот на ПС на ОБСЕ г. Алси Хастингс. Тој ги извести членовите на Комитетот за остварените активности што како претседател на организацијата ги реализирал во периодот меѓу двете седници на организацијата. Тој потсети на значењето на безбедноста на континентот и за остварувањето на основните принципи на ОБСЕ за кои се залагаат парламентарците од земјите членки.

Претседателот на ПС на ОБСЕ г. Алси Хастингс во пригодниот говор ги најави активностите што претседателството на ПС на ОБСЕ планира да се остварат во текот на 2005 година. Тој потсети на неговите ангажирања и настапите од името на организацијата на разни меѓународни средби и настани, со цел за поуспешно афирмирање на ставовите на пратениците од ПС на ОБСЕ што се утврдени во Ротердамската декларација од последното заседание на оваа организација во 2004 година. Даде приказ на остварените резултати од посетите на одделни земји членки на ОБСЕ и за остварените средби во рамките на надлежностите на ПС на ОБСЕ.

Од името на земјата домаќин шефовите на делегациите ги поздрави г. Андреас Кол, спикер на Австрискиот парламент. Откако им посака добредојде и успешна работа на парламентарците од ПС на ОБСЕ, тој оцени дека Австрија постојано ќе создава услови мултилатерализмот да влијае во позитивна насока и во правец на јакнење на стабилноста и безбедноста на континентот за што се залагаат и претставниците на ОБСЕ и парламентарците од земјите членки.

2. Зимската сесија на ПС на ОБСЕ продолжи со заедничка седница на трите генерални комитети. На седницата претседаваше претседателот г. Алси Хастингс . На почетокот тој ги поздрави учесниците и им посака успешна работа и истакна дека ПС на ОБСЕ, кое денес брои околу 300 парламентарци од земјите членки, игра значајна улога во акциите на организацијата. Тој наведе дека во изминатава година Парламентарното Собрание имало голема улога во меѓупарламентарниот дијалог и соработка, обезбедувајќи ја виталната врска меѓу владината страна на ОБСЕ и избраните претставници. Потоа тој и се заблагодари на Бугарија за значајната работа, во периодот на раководење на ОБСЕ. Во продолжение, г. Хастингс се осврна на реформите кои треба да бидат спроведени во ОБСЕ и истакна дека е време да се направи една

критичка анализа за да се осигураат дека ги остваруваат минатите, сегашните и идните предизвици. Како еден од главните недостатоци тој ја наведе процедурата за донесување на одлуки. ПС на ОБСЕ ќе се залага за зголемување и засилување на полициските и антитерористичките активности, како и за засилување на мисиите во Централна Азија и Кавказ.

Што се однесува до набљудувачките мисии, г. Хастингс истакна дека ОБСЕ ќе продолжи со мониторинг мисии, бидејќи нивното присуство во земјите на Исток овозможува униформирани стандарди за сите земји членки, пред се во соработка со ПС на ОБСЕ. Понатаму, тој ги наведе новите закани за мирот, тероризмот, сиромаштијата и стопанството и за ангажираноста на ОБСЕ во спречувањето на конфликтите, кризен менаџмент и постконфликтна рехабилитација. Собранието го поздрави усвојувањето на Декларацијата за превенција и борба против тероризмот на Министерскиот совет. Тоа исто така, ги охрабрува парламентите на земјите членки да ги ратификуваат дванаесетте конвенции на ОН кои се однесуваат на борбата против тероризмот. На крајот тој наведе дека ПС на ОБСЕ продолжува со соработката со медитеранските и азиските партнери, особено по настаните од 11 септември, кои ја засилија потребата за соработка меѓу ОБСЕ и останатите земји.

На крајот тој го најави присуството на претседателот на Република Австрија д-р Хајнц Фишер и на д-р Димитриј Рупел, претседател на Канцеларијата на ОБСЕ. Тој го нагласи гостопримството што Австрија и Виена го даваат за да може ОБСЕ успешно да ја извршува својата мисија во градењето на стабилноста и безбедноста во Европа. Во тој контекст парламентарците даваат значаен придонес и ги поттикнуваат владите за постигнување на долготорајна стабилност и безбедност во целина.

Министерот за надворешни работи на Република Словенија и претседател на Канцеларијата на ОБСЕ, г. Димитриј Рупел говореше пред пратениците од трите генерални комитети на ПС на ОБСЕ. Тој ги истакна новите предизвици со кои се соочува ОБСЕ, како што се проширувањето на ЕУ и НАТО, новите безбедносни проблеми и додаде дека промените во организацијата се неопходни заради подобрување на политичкиот дијалог за обезбедување на стратешка визија за Организацијата за 21 век. Потоа тој наведе дека овие прашања беа покренати на Министерскиот совет во Софија и истакна дека панелот претставува еден од елементите на реформи кои следуваат, покрај работната група за реформи и работната група за подобрување на функционирањето и ефективноста на ОБСЕ. Во понатамошното излагање, г. Рупел наведе дека новиот генерален секретар (мандатот на сегашниот секретар г. Јан Кубиш завршува во јуни 2005 година), треба да ја поведе организацијата во новата ера на реформи и направи преглед на активностите во кои моментално се ангажирани и ја наведе Украина како една од најважните земји учеснички. Притоа додаде дека демокртаска, обединета и стабилна Украина е многу значајна за регионалната стабилност и соработка. Што се однесува до проблемот на изборите, тој наведе дека е потребно обновување на Документот на ОБСЕ од Копенхаген стар веќе 15 години, посебно од областа на човековата димензија во изборите. Во своето излагање, тој се осврна и на земјите од југоисточна Европа и наведе дека ОБСЕ може многу да направи за нив а тоа пред се се однесува на поддршка на меѓудржавната соработка за воените злосторства, заштита на правата на малцинствата и зајакнување на меѓуетничката интеграција, враќањето на бегалците, тренинзи на полицијата, помош во законодавните реформи, избори, итн. Што се однесува до Косово, тој истакна дека ОБСЕ ќе биде активно вклучена во разговорите за иднината на Косово и е потребно подобрување на разговорите меѓу Белград и Приштина, како и вклучување на српското малцинство во политичкиот живот на Косово. Тој го истакна фактот за силната европска ориентација на српските политички лидери при решавањето на овој проблем и за продолжувањето на ОБСЕ да се грижи за одржлив мир и развој на овој регион. На крајот од своето излагање, г. Рупел се задржа на значењето на мониторинг операцијата на границата во Грузија, на изнаоѓање на решенија за конфликтот меѓу Ерменија и Азербејџан во областа Нагорно Карабах, активностите на ОБСЕ во Централна Азија за 2005 година, како и вниманието на ОБСЕ во имплементирањето на одлуките со кои се зацврстува контролата на земјите членки над извозот и пролиферација на лесно оружје и муниција, вклучувајќи го и МАНПАДС (Man-Portable Air Defense Systems). Потоа се осврна на

спречувањето и борбата против тероризмот, човековите права, фундаменталните слободи, владеењето на правото, економската димензија, заштитата на околината, демографските трендови во Европа и светот, како и на миграцијата и интеграцијата на националните малцинства.

По завршувањето на дебатата на заедничката седница на трите генерални комитети зимската сесија на ПС на ОБСЕ продолжи преку одделните седници на комитетите.

3. Работата на Комитетот за политички прашања и безбедност на ПС на ОБСЕ ја следеше членот на Делегацијата г. Хусеинџевад Хусеини. На седницата на Комитетот за политички прашања и безбедност воведно излагање поднесе копретседавачот на првиот комитет г. Жан Шарл Гардето, кој ги поздрави учесниците, им посака успешна работа и ги најави известителите: г. Питер Де Крем, известител на Првиот генерален комитет, г. Парвиз Шахбазов, претседател на Форумот за безбедност и соработка, амбасадорот Јанез Ленарчич, претседавач на Постојаниот совет, амбасадорот Ламберто Зание, директор на Центарот за превенција на конфликти и г. Димират Јалнев, Програм координатор во Одделението за Акција против тероризмот.

Во своето обраќање г. Де Крем ги претстави неговите идеи за извештајот и предлог - резолуциите. Тој наведе дека дека ПС на ОБСЕ треба повеќе внимание да им посвети на земјите од Кавказ и Централна Азија, како и на борбата против тероризмот и организираниот криминал. Господин Шахбазов во неговото излагање се осврна на проектите сврзани за Документот на ОБСЕ за лесно вооружување и лесно оружје. Тој наведе дека присуството на муниција во ОБСЕ регионот претставува опасност за безбедноста во регионот. Амбасадорот Ленарчич даде објаснување на проблемите на ОБСЕ сврзани за буџетот и го истакна постигнатиот напредок од организацијата во адаптирање на новите предизвици во борба против тероризмот. Во неговото излагање, амбасадорот Заниер даде преглед на активностите извршени од Центарот за превенција на конфликти, како и за мисите на организацијата во овој домен. Господин Јалнев ја изрази неговата длабока загриженост поради интензивирање на терористичките напади во регионот на ОБСЕ и ја подвлече работата на Одделението за акција против тероризмот во полза на ратификација на 12 конвенции на ОН против тероризмот и наведе дека наскоро ова Одделение ќе биде концентрирано на имплементација на овие конвенции од страна на земјите членки на ОБСЕ.

По ислушувањето на излагањата за предлог извештаите, се отвори дебата во којашто членовите дебатираа за специфичните регионални прашања, како што се стандардите за мониторинг на избори на ОБСЕ-ОДИХР, како и за реформите во рамките на ОБСЕ.

4. Седницата на Комитетот за економски прашања, наука, технологија и животна средина, ја следеше пратеникот д-р Благој Голомеов.

На овој Комитет воведно излагање поднесе американскиот конгресмен, г. Бенџамин Кардин, претседавач на овој Комитет. Откако ги поздрави учесниците, тој ги најави известителите : г. Леониод Иваншченко, г. Патрик Мулет, Шеф на Департманот на ОЕЦД за антикорупција, Марцин Свиецки, кооординатор за економски активности и човековата околина во рамките на ОБСЕ.

На почетокот на неговото излагање, г. Иваншченко ги запозна учесниците со неговите идеи за извештајот за Годишната сесија во Вашингтон која ќе биде фокусирана на тема: "30 години од Хелсинки - понатамошни предизвици". Тој наведе дека идејата за економска интеграција во Европа што се појави по Втората светска војна, го бележи почетокот на една нова ера во целиот свет. Хелсиншкиот процес со акцент на политички, економски, трговски и хуманитарни прашања претставуваше чекор напред во процесот на интеграција. Во неговото обраќање г. Фредерик Фурние, претставник на Меѓународниот Комитет на Црвениот крст за помош за жртвите од Цунамито, истакна дека активностите на Меѓународниот црвен крст за помош на погодените земји од Цунами се разликуваат зависно од земјата и додаде дека во Шри Ланка, на пример, помошта се одвиваше без проблеми поради постоење на комуникации и инфраструктура , додека во Индонезија тоа одеше потешко. На крајот тој подвлече дека е подобро да се инвестира за ревитализација на овие земји отколку за хуманитарна помош. Во неговото обраќање г. Мулет се осврна на глобализацијата и судирот од интернационализација на стопанствата за финансиски криминал и

злоупотреба. Потоа тој истакна дека финансискиот криминал го попречува економскиот и социјалниот развој на земјите во транзиција и сериозно ја поткопува довербата во демократските институции. Господинот Свиецки ги информираше парламентарците за сегашниот статус на економската и димензијата на животната средина на ОБСЕ. Тој наведе дека во заедничка организација со Економскиот форум на ОБСЕ се организираат три подготвителни семинари кои ќе се одржат на крајот на мај во Прага.

Во дебатата беше подвлечено дека ОБСЕ треба повеќе да се ангажира во борбата против трговијата со деца, како и за поголема меѓудржавна соработка во случај на природни катастрофи со цел брза ревитализација на инфраструктурата на погодените земји.

5. Со седницата на Комитетот за демократија, човекови права и хуманитарни прашања, претседаваше г-ѓа Клаудиа Нолте.

Во воведното излагање таа ги повика земјите учеснички да се борат против трговијата со луѓе, како во земјите на потекло така и во земјите на дестинација. Со обраќања учествуваа : г. Ролф Екеус, Висок комесар за национални малцинства, г. Миклош Харашти, претставник за слободата на медиумите, г-ѓа Ане-Мари Лизин, известител на Третиот комитет, г-ѓа Тоне Тингсгард, Специјален претставник на ОБСЕ за полова еднаквост прашања, г. Кристофер Смит, Специјален претставник на ОБСЕ за трговија со луѓе и г-ѓа Хелга Конрад, Специјален претставник на ОБСЕ за борба против трговијата со луѓе. Во неговото излагање г. Екеус ги претстави активностите од неговиот домен и напорите кои се преземаат од Канцеларијата на Високиот комесар во надминување на проблемите во врска со прашањата на малцинствата во земјите на ОБСЕ. Тој информираше за одделни земји каде што е ангажиран. Говорејќи за "стари малцинства" и "нови малцинства", тој наведе дека би било корисно да се отвори поинтензивна дебата и размена на мислења и практики меѓу луѓето и институциите кои се справуваат со овие проблеми. Потоа тој се осврна на фактот дека искуството покажало дека тензиите кои можат да доведат до конфликт се јавуваат почесто кај националните малцинства во нови демократии, во периодот на развој, отколку во веќе развиени демократски земји, со новите малцинства. Причините за тоа се желбите на малцинствата да ги задржат етничките и културолошките традиции што доведува до конфликт со желбите на мнозинството за зацврстување на идентитетот на државите. Ако овие тензии не се решаваат низ механизмите на државата, малцинството ги бара решенијата на друг начин. Потоа тој истакна дека зацврстувањето на демократијата, нејзините институции и владеење на правото, ги зголемуваат можностите на општеството за справување со тензиите вклучувајќи ги постојните и новите малцинства. Она што е важно за надминување на разликата меѓу новите и воспоставени малцинства е фундаменталното човеково право за еднаквост пред законот и заштитата од дискриминација, како и должноста на државите да го обезбедат ова право за сите во рамките на нивната јурисдикција. Тоа треба да биде важечко за сите малцинства, вклучувајќи ги и имигрантите кои не се граѓани на државата. Меѓународното право оди до таму што го истакнува правото на малцинствата да ги зачуваат нивните културни традиции и идентитет. На крајот, Високиот претставник за човекови права го поздрави фактот според кој во Нацрт-уставот на ЕУ е вклучена и заштитата на правата на малцинствата. Претставникот за слободата на медиумите, г. Харашти побара поддршка од учесниците на седницата за неговата кампања против законите за клевета и навреда како криминал и непропорционалните штети на цивили, со надеж дека ваквата соработка би резултирала со една пријателска легална рамка која ќе се однесува на слободниот говор во регионот на ОБСЕ. Потоа, тој истакна дека законите за клевета остануваат најголем инструмент за притисок, кој постојано се употребува против новинарите и уредниците во регионот на ОБСЕ а клеветата е најчеста причина за затворање на медиумските работници. Госпоѓа Ан-Мари Лизин, известител на Третиот комитет, го изложи Предлогот на извештајот кој ќе биде презентиран на Годишната сесија во Вашингтон, САД. На почетокот таа наведе дека предизвиците со кои треба да се соочува ОБСЕ, е тродимензионалната перспектива на заштита на човековите права и фундаменталните слободи: од страна на државите, меѓу нив и внатре во самите држави. Потоа таа ги подвлече мерките кои што државите би требало да ги преземат со цел за обезбедување на неопходни услови за заштита на фундаменталните права. На крајот, г-ѓа Лизин се осврна на заштитата на човековите права во самите држави,

подвлекувајќи дека тоа бара мирна коегзистенција на различни социолошки и политички групи.

6. Откако трите генерални комитети ги завршија сввоите одделни седници, се одржа заедничка сесија на трите генерални комитети на која претседаваше претседателот на ПС на ОБСЕ г. Алси Хастингс. На сесијата се оствари расправа и беа презентирани заклучоци за идните активности на ПС на ОБСЕ, како и за одржувањето на летната сесија и другите активности во текот на 2005 година.

Воведно излагање на оваа седница даде генералниот секретар на ОБСЕ г. Јан Кубиш, кој укажа на прашањата што се поврзани со функционирањето на ОБСЕ и со координацијата со мисиите на ОБСЕ на терен и додаде дека ова ќе биде негово последно обраќање пред ПС на ОБСЕ. Потоа, тој се задржа на финансиската состојба на ОБСЕ и наведе дека моментално оваа организација се соочува со буџетска криза, дека буџетските средства се планираат од месец во месец и многу активности на ОБСЕ се суспендирани. На крајот г. Кубиш побара подршка од парламентарците за постигнување на консензус за избор на нов генерален секретар.

Покрај тоа говореше и г-ѓа Тоне Тингсгард, специјален претставник на ПС на ОБСЕ за прашања на половата еднаквост. Таа искажа оцени за ангажирањето што се прави во рамките на овој дел на ОБСЕ за промоција на полова рамноправност и за поголемо учество на жените во политичките и претставничките органи во земјите на ОБСЕ.

Во одделни излагања претседавачите на трите генерални комитети ја сумираа расправата од комитетите, односно поднесоа извештаи пред пратениците на ПС на ОБСЕ. Во нив тие ги изнесоа предлозите за идните активности на ПС на ОБСЕ и укажаа на фактот дека предлозите ќе бидат елаборирани во предлог - извештаите и во предлог - резолуциите на летната сесија на ПС на ОБСЕ во Вашингтон, САД.

7. Претседателот на ПС на ОБСЕ г. Алси Хастингс заклучувајќи ја седницата на Зимската сесија на ПС на ОБСЕ оцени дека средбата ги исполнила очекувањата. Пратениците ги изнесоа согледувањата за одделни прашања од стабилноста и безбедноста, трговијата со луѓе, малцинските права, демократијата и владеењето на правото во нивните средини, а притоа се оствари корисна размена на мислења и беа презентирани информации за најактуелните настани и ангажирања во доменот на ОБСЕ. Известителите ги потврдија своите иницијативи за резолуциите за Годишната сесија на ПС на ОБСЕ што ќе се одржи во Вашингтон, како и за темите за кои ќе се расправа. Се заклучи сите предлози кои беа искажани за подобрување на текот и содржината на сесиите да бидат основ за градење на предлози и ставови за наредните седници на ПС на ОБСЕ. Беше согледана потребата на идните зимски седници да се подготвуваат материјали и извештаи по кои би се остварале и поуспешни дебати и заклучувања.

8. Во текот на Зимската сесија членовите на македонската делегација оствариј повеќе средби и контакти, како и корисна размена на мислења со парламентарци и официјални личности од повеќе земји кои беа присутни на седниците на комитетите на ПС на ОБСЕ. Во тие рамки се разменуваа мислења за најактуелните случувања на меѓународен план, а во контекст на случувањата во регионот на ОБСЕ.

На дел од средбите на Делегацијата и на седниците на комитетите на ПС на ОБСЕ присуствуваа и преставниците од Мисијата на Република Македонија во ОБСЕ.

* * * * *

Оцена е дека Зимската сесија на ПС на ОБСЕ овозможи членовите на Делегација на Собранието во ПС на ОБСЕ да партиципираат во градењето на ставовите на организацијата и во следењето на прашања од безбедноста и соработката кои се од интерес за Република Македонија. Остварените контакти и средби за време на одржувањето на сесијата придонесоа во афирмирањето на позицијата и интересите на Собранието на Република Македонија.

Се оценува дека е потребно да се покренат активности во Собранието на Република Македонија за учество и следење на планираните настани кои претстојат во текот на оваа фискална година. Тоа се однесува во прв ред на учеството на Годишната сесија на Собранието, што ќе се одржи од 1 до 5 јули 2005 година во Вашингтон Д.Ц., САД и на Есенската сесија (Постојан комитет, Конференција и Медитерански форум) што ќе се одржи од 8 до 11 октомври 2005 година во Монако.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Парламентарното собрание на ОБСЕ

ИЗВЕШТАЈ

за учество на Делегацијата на Собранието на Република Македонија
на Годишното заседание на Парламентарното собрание на ОБСЕ
Вашингтон, САД, 1-5 јули 2005 година

Скопје, јули 2005 година

Во работата на Годишното заседание на Парламентарното Собрание на ОБСЕ кое се одржа од 1 до 5 јули 2005 година во Вашингтон, САД учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ во состав: Ѓорѓи Трендафилов, шеф на Делегацијата (ВМРО Народна партија), Хусеин Хусеинџевад (ДУИ) и Благој Голомоев (ЛДП), членови на Делегацијата, како и Лидија Каракамчева секретар на Делегацијата.

Во овој извештај се прикажани активностите на Постојаниот комитрет на ПС на ОБСЕ, трите комитети на Парламентарното собрание на ОБСЕ и тоа: Првиот генерален комитет за политички работи и безбедност, Вториот генерален комитет за економски работи, наука, технологија и животна средина, Третиот генерален комитет за демократија, човекови права и хуманитарни прашања, како и на пленарното заседание на комитетите. Генерална тема на ова 14-то Годишно заседание на ПС на ОБСЕ беше "30 години од Хелсиншкиот договор на ОБСЕ - Идни предизвици". Секој комитет од свој аспект дебатираше за генералната тема. Работата на трите комитети заврши со усвојување на соодветни резолуции.

Постојан комитет на ПС на ОБСЕ

На Постојаниот комитет се разгледаа прашањата за актуелната финансиска ситуација и годишните придонеси на ПС на ОБСЕ и се усвои Буџетот за 2005/2006 година. Потоа се обнови мандатот на Генералниот секретар на ПС на ОБСЕ и се избра нов Заменик Генерален секретар. Комитетот ги разгледа: Извештајот за подрегионалната конференција одржана од 12 до 14 мај 2005 година во Тромсо, Норвешка, Извештајот за набљудување на изборите во Киргистан и Молдавија, и ги разгледа дополнителните точки предложени за тековното заседание.

На **Оливер Спенсер (САД)**, актуелен генерален секретар на ПС на ОБСЕ му беше обновен мандатот за следните пет година. **Тина Шон (Шведска)** е избрана за негов заменик. Господинот Спенсер во својот редовен извештај истакна дека е задоволен од работата на ПС на ОБСЕ, бројот на учесниците во нивните конференциите и сесија како и министрите за набљудување на изборите во регионот што го покрива ОБСЕ. Се одржува блиска соработка со владиниот дел на ОБСЕ, како и со другите парламентарни организации, посебно во делот за набљудување на изборите. Тој потенцираше дека Претседателот на ПС на ОБСЕ **Елси Хастинг (САД)** е еден од најактивните претседатели во историјата со над десет остварени посети на земји членки на ПС на ОБСЕ само во текот на првата година од неговиот мандат.

Ѓорѓи Трендафилов, шеф на Делегацијата, учествуваше во работат на Постојаниот комитет, и му даде поддршка на г. Оливер Спенсер за обновување на неговиот мандат за Генерален секретар.

Понатаму, претседателот Хастинг информираше дека во согласност со членот 20 од Деловникот на ПС на ОБСЕ се поднесени 17 дополнителни точки и побара тие да се внесат во дневниот ред на тековната сесија. Се направи распределба на дополнителните точки помеѓу Генералниот комитет и Пленарното заседание на следниов начин: Пленарно заседание: "Подобрување на родовата еднаквост во ОБСЕ", и "Борба против антисемитизмот"; Првиот комитет: "Тероризмот предизвикан од бомбаши самоубијци", "Ситуацијата во Абхазија, Грузија", "Молдавија" и "Тероризмот и човековите права"; Втор комитет: "Мало и лесно оружје", "Поморската безбедност и пиратството", "Медитеранската димензија на ОБСЕ", "Борбата против корупциата" и "Перењето на пари" ; третиот генерален комитет: "Борба против вклученоста на меѓународните мировни сили во трговијата со луѓе и сексуалната злоупотреба", "Потреба за зајакнување на кодексот за однесување на членовите на мисиите на ОБСЕ", "Борба против трговијата со луѓе", "Унапредување на ефикасноста на активностите на набљудувачките мисии на ОБСЕ" и "Финансирањето на канцеларијата на ОБСЕ/ОДИХР".

Првиот Генерален комитет за политички работи и безбедност

*Членовите на Првиот генерален комитет предводен од претседателот **Горан Ленмаркер (Шведска)** на генералната дебата го ислушаа воведното излагање на нацрт извештајот и нацрт резолуцијата "30 години од Хелсиншкиот договор - Идни предизвици" поднесен од известителот **Пиетер Де Крем (Белгија).** Потоа пратениците ги разгледа 20 амандмани поднесени по Резолуцијата. Се разгледаа и усвоија дополнителните точки поднесени до овој Комитет. .*

Вториот Генерален комитет за економски работи, наука, технологија и животна средина

*Членовите на Вториот генерален комитет ги разгледаа Нацртот на извештајот и Нацрт - резолуцијата "30 години од Хелсиншкиот договор - Идни предизвици" поднесени од известителот **Леонид Иванченко (Руска Федерација).***

Во рамките на инагуративното Пленарно заседание на 1 јули 2005 година на пратениците им се обрати **Кондолиза Рајс**, државен секретар на САД, која забележа дека во ОБСЕ во тек е спроведувањето на реформа. Таа сепак посочи дека при реформата од исклучително големо значење треба да биде зачувувањето на интегритетот на Хелсиншките принципи и обезбедањето на ОБСЕ како агент на мирна и демократска трансформација. Која било нова процедура не сме да биде на трошок на принципите и институционалните реформи, треба да се во функција на зајакнување на способноста на ОБСЕ да се има видни резултати, особено преку мисиите на теренот.

Словенскиот министер за надворешни работи, актуелниот претседавач на ОБСЕ, **Димитриј Рупел,** во своето обраќање најмногу се задржа на реформите во ОБСЕ. Тој ги поздрави сите идеи и сугестии за реформскиот процес што доаѓа од членовите на ПС на ОБСЕ, со цел да ги охрабри земјите членки на поширок и поразличен начин на размислување.

На Пленарното заседание, членовите на ПС на ОБСЕ усвоија Вашингтонска декларација која ги инкорпорира резолуциите на трите генерални комитети. Таа ќе биде поделена до сите национални парламенти, министри за надворешни работи на зејите членки на ОБСЕ, меѓународните парламентарни организации, како и до националните делегации на Постојаниот совет на ОБСЕ во Виена. Декларацијата е посветена на темата "30 години од Хелсиншкиот договор на ОБСЕ - Идни предизвици" и се однесува на фундаменталните принципи на кој се базира Хелсиншкиот финален документ, Повелбата од Париз и другите договори од ОБСЕ. Финалниот документ ги поддржува препораките за реформи, засновани на Извештајот од Панелот на ОБСЕ на еминентни експерти и од колоквиумот "Иднината на ОБСЕ". Собранието бара ОБСЕ да ја подобри родовата структура во организацијата и во своите работни методи да воведе потранспарентен и поодговорен начин на работа.

Во Вашингтонската декларација пратениците предлагаат препораки за борба против семитизмот, како и трговија со луѓе. Предлагаат пронаоѓање на мирно решение за "замрзнатите конфликти" во Абхазија (Грузија) и Трансднестрија.

Пратениците на 14-то Годишно заседание едногласно го реизбраа американскиот конгресмен **Если Хастинг** за претседател на ПС на ОБСЕ за следната година. Сенаторот **Џерахмил Графстин** за благајник, кој истакна дека Собранието веќе за 12 години добива позитивен извештај за своето финансиско работење од независни ревизори.

Претседателот **Хастинг** во своето излагање до пратениците рече дека организацијата се соочува со сериозни тешкотии, како и предизвици за нејзините цели и политичка релевантност. Сепак, ОБСЕ претставува ценета и релевантна меѓународна организација, која треба да продолжи да игра круцијална улога во промовирањето на

безбедноста и стабилноста во Европа. Политичките определби содржани во Хелсиншкиот финален документ се од голема важност и тие треба да се сочувани и поддржани од земјите учеснички. Иста така, тој укажа дека кризата во ОБСЕ е пред се политичка. И да се направат структурните реформи, нема да се решат политичките проблеми. Тие можат да ги решат само земјите членки. Владите на 55 земји членки на ОБСЕ треба да ја потврдат определбата за корисна, кредибилна и професинална организација, која служи во интерес на сите. На највисоко политичко ниво треба да се потврди целосната имплементација на определбите на ОБСЕ и идното подобрување на структурите и процедурите на организацијата.

Пратениците со тајно гласање од предложените пет кандидати избраа тројца нови потпретседатели на ПС на ОБСЕ и тоа: **Олег Билорус (Украина)**, **Пиа Кристман Молер (Данска)** и **Барбара Хиринг (Швајцарија).**

На генералната дебата настапија околу педесет пратеници од повеќе делегации. Пратеникот **Благој Голомеов** се вклучи во дискусија при што укажа на актуелните политички безбедностни случувања во земјата и соработката со мисијата на ОБСЕ во Република Македонија. Тој рече дека во сферата на меѓуетничките односи за краток период се постигнаа големи резултати, применувајќи брза динамика во решавањето на проблемите и повеќекратно забрзување на политичките реформи. Интензивно се работи на спроведување на реформите во судството, државната администрација и другите институции. Државата е фокусирана на финализирањето на Охридскиот рамковен договор и уставните реформи поврзани со судскиот систем.

Тој потенцираше дека остануваат сериозни задачи. Во земјата се создадени нормативно-правни претпоставки, во рамките на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, припадниците на заедниците слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и особености на своите заедници и да ги употребуваат симболите на својата заедница. Во таа смисла, во процедура е донесувањето на закон за употреба на знамињата и другите симболи на заедниците.

Тој потсети на заживувањето на финансиската децентрализација. Со неа ќе се обезбеди Република Македонија да биде побезбедна, постабилна, попросперитетна со подобро избалансиран развој.

На крајот пратеникот Голомеов истакна дека Владата на Република Македонија заедно со мисијата на ОБСЕ во Република Македонија сериозно работат на изборното законодавство во земјата. Врвен приоритет на државата е да создаде фер и демократски услови за спроведување на изборите. Неодамна одржаните локални избори во Македонија покажаа одредени нерегуларности и неправилности на одредени изборни места, каде имаше нарушување на изборниот процес. Земјата е свесна дека тие претставуват сериозна закана за владеењето на правото и за европските аспирации на државата и затоа се преземаат сите потребни мерки и активности против лицата кои учествувале во одредените неправилности. Се потенцираше дека во земјата постои изразена политичка волја и целосна посветеност за спроведување на препораките на ОБСЕ/ОДИХР: да се осигура правна рамка, усогласена со обврските кои произлегуваат од членството во ОБСЕ, да се воведе единствен изборен кодекс, да се промовира изборното законодавство што ќе се почитува во практиката од сите чинители, а пред се најмногу од страна на Владата на Република Македонија и политичките партии. Ќе ги спроведеме препораките на ОБСЕ/ОДИХР за значително зголемување на учеството на жените во изборната администрација на сите нивоа и ќе обезбедиме услови за општа и целосна вклученост на жените во процесот на гласање, како и целосно спроведување на претходните ветувања за реформите.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Парламентарното собрание на ОБСЕ

ИЗВЕШТАЈ

од Есенските состаноци на Парламентарното собрание на ОБСЕ, одржани од 7 до 10 октомври 2005 година во Свети Стефан, Србија и Црна Гора

Скопје, октомври 2005

Парламентарното собрание на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ПС на ОБСЕ) ги одржа своите редовни есенски состаноци од 7 до 10 октомври 2005 година во Свети Стефан, Србија и Црна Гора. Во рамките на есенските состаноци, што Парламентарното собрание на ОБСЕ ги организираше во соработка со Парламентот на Црна Гора, беа одржани: Парламентарна конференција "Демократија и добро владеење во мултиетничките општества како основа за стабилност и безбедност", седница на Постојаниот комитет на ПС на ОБСЕ, како и Третиот медитерански парламентарен форум.

На есенските состаноци на Парламентарното собрание на ОБСЕ учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија во состав д-р Благој Голомеов и г. Хусеинџеват Хусеини, членови на Делегацијата во Парламентарното собрание на ОБСЕ, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Делегацијата.

На трите состаноци, на кои учествуваа над 200 парламентарци од 55 земји членки на ОБСЕ и земји партнери беа разгледани бројни прашања од надлежноста на оваа организација, од аспект на безбедноста и соработката во Европа, како и соработката меѓу земјите од поширокиот медитерански регион и земјите членки на ОБСЕ.

ПАРЛАМЕНТАРНА КОНФЕРЕНЦИЈА "ДЕМОКРАТИЈА НА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ ВО МУЛТИЕТНИЧКИТЕ ОПШТЕСТВА КАКО ОСНОВА ЗА СТАБИЛНОСТ И БЕЗБЕДНОСТ"

Во рамките на дводневната Парламентарна конференција на ОБСЕ на тема "Демократија и добро владеење во мултиетничките општества како основа за стабилност и безбедност" на учесниците им се обратија бројни експерти од ова поле, меѓу кои шефови на повеќе мисии на ОБСЕ и високи политички функционери од Србија и Црна Гора. По обраќањата следеа дебати во кои пратениците размениј мислења за различните практики на владеење во мултиеничките општества.

Конференцијата ја отвори и воведен збор даде конгресменот г. Алси Хејстингс, претседател на Парламентарното собрание на ОБСЕ. Тој се осврна на активностите на ПС на ОБСЕ за промовирање на почитувањето на етничката и културната разновидност како предуслов за демократија. Претседателот оцени дека треба уште многу да се направи на овој план, со оглед на тоа дека во регионот на ОБСЕ малцинствата многу често се соочуваат со значителни тешкотии во секојдевното живеење. Истовремено, тој подвлече дека треба да се покаже цврстина и отвореност за исправање на историските неправди врз одредени етнички групи. Конгресменот Хејстингс истакна дека сиромаштијата претставува голем проблем и за малцинствата во неговата земја, што станало евидентно за време на санирањето на последиците од ураганот Катрина. Нагласувајќи дека демократијата е голем предизвик, а доброто владеење тест за мултиетничките општества, тој оцени дека демократијата не успеала да ги спаси настраданите од Катрина, но демократијата поврзана со добро владеење би го направила тоа.

Претседателот на Парламентот на Црна Гора, г. Ранко Кривокапиќ им посака на учесниците добредојде во Црна Гора, подвлекувајќи дека неговата земја е мала по површина, но голема по мултиетничките достигнувања. Тој нагласи дека Црна Гора бара одговор за балканската стабилност и се обидува да инвестира во мир на Балканот. Потенцирајќи дека секое општество мора да го пронајде својот модел, тој истакна дека Црна Гора се обидува да создаде свој идентитет на слободен граѓанин, кој ќе може да одлучи и да ги отвори просторите на евроатлантските и балканските интеграции на нови основи, меѓу независни држави кои сакаат да соработуваат и кои во потполност меѓусебно се почитуваат.

Потретседателот на Парламентот на Србија и Црна Гора, г. Милорад Дрљевиќ, оцени дека Црна Гора е вистинско место за одржување на ваков собир, бидејќи таа успеала да ги зачува внатрешните меѓуетнички и меѓуверски односи и да стекне епитет

на светла точка на Балканот по ова прашање. Тој информираше дека Црна Гора била дом за бегалците од регионот и пред 100 години и во неодамнешното минато, кога бројни луѓе од просторот на Западен Балкан во неа нашле прибежиште. Потпретседателот Дрљевиќ подвлече дека Црна Гора е подготвена да гради европско граѓанско општество и да ги решава сите проблеми на демократски начин и преку демократска процедура.

На пратениците им се обрати и амбасадорот г. Маурицио Масари, шеф на Мисијата на ОБСЕ во Србија и Црна Гора. Тој истакна дека во новите демократии, а особено во постконфликтните општества на Западен Балкан постои одредена тензија меѓу принципите на демократија и мултиетничност и дека е задача на ОБСЕ и на меѓународната заедница да им помогнат на владите од регионот на овој план. Амбасадорот Масари оцени дека за време на неговиот мандат, државната заедница на Србија и Црна Гора напреднала во развојот на мултиетничките односи и демократијата, но тој процес се уште не е завршен. Тој исто така, нагласи дека во регионот на Западен Балкан е непоходно да се овозможи максимален проток на луѓе, стоки идеи и култури.

Конференцијата продолжи со работа по четири сесии. Во рамките на *првата работна сесија* на тема: "*Управување со мултиетничките општества во ОБСЕ*", воведни излагања поднесоа: г. Роберт Шуп, претставник на Високиот комесар на ОБСЕ за национални малцинства, г. Жарко Кораќ, поранешен потпретседател на Владата на Република Србија и амбасадорот г. Вернер Венд, шеф на Мисијата на ОБСЕ на Косово.

Господинот Роберт Шуп, кој се обрати во името на Високиот комесар на ОБСЕ за национални малцинства, се осврна на заштитата на националните малцинства и активностите на Високиот комесар во регионот. Тој подвлече дека Високиот комесар на ОБСЕ се обидува да ги реши изворите на конфликтите преку препораките кои ги дава или преку почитувањето на најдобрите меѓународни практики, развиени од екипите на експерти на ОБСЕ. Во врска со активностите во Република Македонија, тој информираше дека работата на Комесарот е фокусирана на мултиетничките прашања во контекст на имлементацијата на Охридскиот рамковен договор, во полето на образованието и употребата на јазиците и симболите. Особено ја потенцираше поддршката на Универзитетот на Југоисточна Европа, кој го окарактеризира како модел за меѓуетничка интеграција и соработка. Тој се осврна и на проектот за зголемување на бројот на етничките Албанци на државните универзитети во Скопје и Битола, во кои се вклучени седум средни училишта во кои наставата се одвива на албански јазик и кој се имплементира веќе осум години. Високиот комесар на ОБСЕ за национални малцинства бил вклучен и во изготвувањето на Предлогот на законот за употреба на знамињата на заедниците.

Господинот Жарко Кораќ, поранешен потпретседател на Владата на Република Србија потенцираше дека главни предуслови за создавање на стабилно мултиетничко општество се нови луѓе во политиката и соочување со минатото. Посочувајќи дека политичарите се главните виновници за конфликтите на овие простори, тој се заложи за окончување на политичките процеси и казнување на воените злосторници, со цел да се избегнат новите судири и дестабилизацијата на етничките односи. Господинот Кораќ оцени дека ќе биде тешко да се изнајде решение за статусот на Косово, бидејќи српското население и Српската православна црква се противат и на условната и на реалната независност на протекторатот.

Амбасадорот г. Вернер Венд, шеф на Мисијата на ОБСЕ на Косово оцени дека Косово постигнало значаен напредок во заштитата на нациналните малцинства. Тој истакна дека ОБСЕ ја поддржува политиката "стандарди за Косово", чии цели се: воспоставување на демократски и репрезентативни јавни институции, ефективно владеење на правото, враќање на раселените лица, употреба на јазиците во сите институции на Косово и сл. Амбасарот Венд додаде дека ОБСЕ треба да придонесе за создавање на непристрасни и демократски институции, со што би се имлементирала политика по волјата на сите етнички групи. Тој оцени дека бојкотот на последните парламентарни избори од страна на повеќето национални малцинства, резултираше со мај број на нивни претставници во Парламентот и Владата, што е значаен чекор назад на патот за создавање на мултиетничко Косово.

Во дискусијата што следеше доминираше прашањето на иднината на Косово, а беше ставен акцент и на конфликтот во Јужна Осетија. Како пример за мултиетничко живеење беше посочен градот Торонто во Канада, каде што нема малцинства, односно сите граѓани се еднакви, а во администрацијата секојдневно се во употреба 36 јазици.

На *втората сесија* на тема: "*Демократско владеење во мултиетничките општества*" се обратија г. Мансур Ајупов, заменик на претседателот на Комисијата за националности на Државната дума на Руската Федерација и г. Срѓа Дармановиќ, декан на Факултетот за политички науки на Црна Гора.

Господинот Мансур Ајупов се осврна на управувањето со мултиетничкиот диверзитет во Руската Федерација, а г. Срѓа Дармановиќ на стратегиите и механизмите за владеење со мултиетничката разновидност. Господинот Дармановиќ истакна дека Црна Гора е редок пример на Балканот во кој етничките групи се во голема мера приврзани на идејата за сопствена држава и додаде дека поддршката за независноста на Црна Гора во голем дел доаѓа од малцинствата. Според истражувањето на јавното мислење спроведено во септември 2005 година, само 59,4% од Црногорците и 3% од Србите ја поддржуваат независноста на републиката, додека дури 85,7% од Албанците, 69,4% од Бошњаците и 81,7% од Муслиманите се за независност. Според г. Дармановиќ, ова зборува дека етничките малцинства се длабоко интегрирани во општеството и дека се лојални на државата. Тој додаде дека гласовите на Албанците редовно се поделени меѓу албанските и мултиетничките партии, а Бошњаците и Муслиманите немаат своја национална партија, туку гласаат за мултиетничките партии, што укажува дека малцинствата имаат голема доверба во црногорското општество.

Во дебатата на оваа сесија учествуваше и **г. Благој Голомеов, член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на ОБСЕ,** кој се осврна на моделот на Република Македонија за развој на мултиетничко, мултиконфесионално и мултикултурно општество. Во својата дискусија, тој подвлече дека најголем предизвик за македонската демократија претставувало развивањето на концепт на права на малцинските заедници во земјата, имајќи го предвид етничкиот состав на нејзиното население, како и сложениот регионален контекст по распадот на поранешна Југославија. Тој информираше дека правата на припадниците на етничките заедници и религиозните групи во Уставот на Република Македонија се регулирани на две нивоа: првото, со принципот на еднаквост на сите граѓани пред Уставот и второто, со забрана на дискриминација.

Господинот Голомеов посочи дека Република Македонија е потписник на Европската рамковна конвенција за национални малцинства, како и на многу други инструменти поврзани со малцинствата, но правата кои ги уживаат малцинствата во многу сегменти ги надминуваат оние кои се гарантирани во ваквите инструменти. Тој укажа дека во Собранието на Република Македонија во континуитет се застапени претставници на заедниците кои не се во мнозинство во земјата.

Членот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија нагласи дека имплементацијата на Рамковниот договор со кој се надмина етничкиот конфликт во 2001 година, е чекор кон реализацијата на визијата на македонското општество во кое се обезбедува единство на разликите, толеранција, социјална вклученост, рамноправност, лојалност и партиципација на граѓаните независно од нивната етничка и религиозна припадност и јазик. Тој се осврна и на партиципативните механизми за донесување на одлуки за прашањата кои ги засегаат заедниците што не се мнозинство во земјата, како што се законите кои се од значење за културата, употребата на јазиците, образованието, личните документи и употребата на симболите на припадниците на заедниците, како и законите поврзани со локалната самоуправа и територијалната организација.

Во врска со унапредувањето на службената употреба на јазиците и писмата на заедниците, тој подвлече дека во работата на Собранието на Република Македонија, покрај службениот македонски јазик, пратениците Албанци можат на седниците на Собранието и на седниците на работните тела да зборуваат на својот јазик. Донесените закони, покрај на македонски, се објавуваат и на албански јазик. Господинот Голомеов

се задржа и на подобрувањето на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците кои не се во мнозинство во јавната администрација. Во однос на образованието, тој информираше дека припадниците на заедниците имаат право на настава на својот јазик во основното и средното образование, а високото образование што се финансира од државата е достапно и на албански јазик, а одредени наставни програми и на турски. Тој се осврна на функционирањето на Универзитетот на Југоисточна Европа и на донесувањето на Законот за формирање на Државниот универзитет во Тетово, со што се исполнува обврската за државно финансирање на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните.

Господинот Благој Голомеов нагласи дека како мултиетничка заедница, Република Македонија својата перспектива ја наоѓа во јакнењето на отворено демократско цивилно општество, кое не може да остане затворено во сопствените тесни граници. Оттаму, идеите на "единство во различноста", на социјална вклученост и на се посилна меѓусебна поврзаност се цели кои се својствени на македонското општество и кои ги споделува Република Македонија.

Третата работна сесија на тема "*Институциите и заштитата на малцинствата*" ја отворија: д-р Лидија Баста Флеинер, директор на Меѓународниот центар на истражување и консалтинг на Институтот за федерализам при Универзитетот во Фрајбург, амбасадорот г-ѓа Параскива Бадеску, заменик на шефот на Мисијата на ОБСЕ во Србија и Црна Гора и шеф на Мисијата на ОБСЕ во Црна Гора и проф. д-р Небојша Вучиниќ, професор по меѓународно јавно право на Правниот факултет на Универзитетот на Црна Гора.

Д-р Лидија Баста Флеинер во своето обраќање се осврна на федералните институции и заштитата на малцинствата. **Амбасадорот г-ѓа Параскива Бадеску** зборуваше за изградбата на институциите за заштита на малцинствата во Црна Гора. Професорот **д-р Небојша Вучиниќ** се задржа на уставните модели во мултиентичките општества.

Во рамките на ***четвртата работна сесија*** се одржа дебата на тема: "*Културна разновидност, граѓанско општество и ново граѓанство*". На учесниците им се обрати **амбасадорот Даглас Дејвидсон**, шеф на Мисијата на ОБСЕ во Босна и Херцеговина. Тој нагласи дека националната разновидност е предност за едно општество, а отсуството на толеранција и разбирање меѓу народите доведува до конфликти. Истовремено, тој истакна дека главна цел на ОБСЕ во Босна и Херцеговина е развојот на силно граѓанско општество. Меѓународната заедница, преку спроведување на политиката на промени, ја преземала улогата на чувар на граѓанското општество, но ова не е доволно, бидејќи националните партии добиваат голем број на гласови на изборите, со оглед на тоа што мал број на граѓани излегуваат на избори.

Дискусиите што следеа беа фокусирани на случајот на Босна и Херцеговина, реформите во земјата, настојувањата за пренесување на овластувањата на ентитетите во државата и сл.

СЕДНИЦА НА ПОСТОЈАНИОТ КОМИТЕТ НА ПС НА ОБСЕ

Постојаниот комитет на Парламентарното собрание на ОБСЕ, во кој членуваат шефовите на делегациите во ПС на ОБСЕ, одржа седница на 8 октомври 2005 година. На седницата учествуваше пратеникот д-р Благој Голомеов.

Претседателот г. Алси Хејстингс даде извештај за активностите што ги реализирал од последната седница на Постојаниот комитет, одржана во јули 2005 година во Вашингтон, во рамките на Годишната сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ. Тој информираше за остварените официјални посети на Естонија, Летонија и Литванија, како и за учеството на Втората светска конференција на спикери/претседатели на парламенти, организирана од Интерпарламентарната унија, во септември 2005 година, во седиштето на ООН во Њујорк. Конгресменот Хејстингс, исто така, информираше за своето обраќање пред Постојаниот совет на ОБСЕ на 4 октомври 2005 година, каде што се осврнал на последните активности на Парламентарното

собрание, а особено на препораките од Вашингтонската декларација кои се однесуваат на потребата за реформирање на механизмите за донесување на одлуки во рамките на ОБСЕ, со цел за поефективно соочување со новите предизвици.

Благајникот на Парламентарното собрание, сенаторот Џери Графштајн даде преглед на финасиската состојба на организацијата за фискалната година која завршила на 30 септември, оценувајќи дека меѓународниот секретаријат успешно раководи со буџетот. Тој се заблагодари на Данскиот парламент за нивниот финансиски придонес со кој се плаќа киријата на канцеларииите на Секретаријатот во Копенхаген, како и на владите во Австрија и Германија, кои обезбедуваат финансиска поддршка за Канцеларијата за врски во Виена.

Генералниот секретар на Парламентарното собрание на ОБСЕ, г. Спенсер Оливер, поднесе извештај за работата на меѓународниот секретаријат, при што укажа дека гласилото "News from Copenhagen" се покажало како корисно средство за информирање за активностите на претседателот, членовите и Секретаријатот на Парламентарното собрание на ОБСЕ.

На Постојаниот комитет му беа презентирани извештаите за надљудувањето на изборите во Албанија и Киргистан, како и за активностите на ад-хок комитетите за Молдова, за Белорусија и за Авказија, на специјалните претставници за родови прашања и за конфликтот во Нагорно Карабак и на Поткомитетот за Правила на процедурата. Овој Поткомитет одржа на седница на 7 октомври 2005 година, на која биле разгледани предлозите за измена на Правилата на Процедура, поднесени на годишната сесија во Вашингот со цел за подобрување на работата на Парламентарното собрание. Поткомитетот ќе одржи дополнителна седница на почетокот од 2006 година во Брисел на која ќе бидат финализирани предлог-амандманите што ќе бидат поднесени за усвојување на Зимската сесија на ПС на ОБСЕ, што ќе се одржи на 23 и 24 февруари 2006 година во Виена.

Во согласност со воспоставената практика, на членовите на Постојаниот комитет им се обрати генералниот секретар на ОБСЕ, амбасадорот г. Марк Перин д Бришамбо, кој информираше за Предлогот на буџетот на ОБСЕ за 2006 година. Генералниот секретар даде осврт на трошоците на ОБСЕ, односно на мисиите на организацијата во Југоисточна Европа, Источна Европа, Кавкаскиот регион и Централна Азија. Амбасадорот д Бришамбо одговараше на прашањата од пратениците во врска со Предлогот на буџетот, особено во врска со реформата на ОБСЕ, скалата на придонесите на земјите членки, како и причините за предвиденото намалување на трошоците на мисиите во Кавкаскиот регион и Југоистична Европа, за сметка на зголемувањето на трошоците во регионот на Источна Европа и Централна Азија.

Шефовите на делегациите во Парламентарното собрание на ОБСЕ, исто така дискутираа за претстојните состаноци на собранието и ги разгледаа предлозите за теми за дискусија на претстојната Петнаесетта годишна сесија на ПС на ОБСЕ, што ќе се одржи во јули 2006 година во Брисел, Белгија.

ТРЕТ МЕДИТЕРАНСКИ ПАРЛАМЕНТАРЕН ФОРУМ

Седницата на Третиот парламентарен форум ја отвори претседателот на Парламентарното собрание на ОБСЕ, г. Алси Хејстингс, кој истакна дека досегашните медитерански форуми покажале дека треба да се разговара со земјите од медитеранскиот регион и во рамките на ОБСЕ да се развие дијалог за сите значајни прашања. На отворањето говореше и г. Предраг Бошковиќ, заменик на министерот за надворешни работи на Србија и Црна Гора. Тој оцени деа проблемот на Косово мора да се реши што е можно побрзо, бидејќи единствено Косово може да претставува закана за безбедноста во регионот. Според г. Бошковиќ, ОБСЕ и меѓународната заедница мораат да се вклучат во решавањето на косовското прашање и во тоа ќе имаат потполна поддршка од Белград и Подгорица. Заменикот на министерот додаде дека Србија и Црна Гора даваат полн придонес во развојот на демократијата и мирот и

претставуваат дел од пошироката коалиција за заедничка борба против тероризмот, кој во голем дел се генерира во медитеранскиот регион.

Во рамките на *работната сесија за Медитеранската димензија на ОБСЕ* на пратениците им се обрати премиерот на Црна Гора, г. Мило Ѓукановиќ. Тој оцени дека изборот на Црна Гора за домаќин на есенското заседание на ПС на ОБСЕ има суштинско, но и симболично значење и претставува своевиден израз на признание за успешниот мултиетнички проект на црногорското општество. Господинот Ѓукановиќ нагласи дека Црна Гора е одлучна да продолжи да се изградува како потполно функционална држава со политички и економски слободи за сите нејзини граѓани, која живее во мир и хармонија со соседите. Во тој процес, тие сакаат да го афирмираат својот државен и национален идентитет и на почетокот на идната година да им обезбедат на граѓаните остварување на фундаменталното демократско право на самоопределување. Премиерот Ѓукановиќ го изрази своето уверување дека епилогот на рефефендумот ќе биде демократски и ќе придонесе кон јакнењето на стабилноста во регионот. Воедно, тој го повика ОБСЕ директно да се вклучи во процесот на подготовка и мониторинг на референдумот, бидејќи Црна Гора е определена да обезбеди најдобри европски стандарди и практика во сите сегменти. Во тој контекст, тој ја нагласи важноста на улогата што ја има ОБСЕ во обезбедувањето на фер и транспарентни изборни процеси. Истоврмено, г. Мило Ѓукановиќ истакна дека Црна Гора е заинтересирана за развојот на медитеранското партнерство во сите аспекти од заеднички интерес, како што се политичкиот дијалог, стабилноста и безбедноста, културата, економската и трговската соработка, инвестициите, животната средина и сл.

Генералниот секретар на ОБСЕ амбасадорот г. Марк Перин д Бришамбо, се осврна на активностите на владината димензија на ОБСЕ и резултатите од Конференцијата во Рабат. Тој подвлече дека безбедноста на Медитеранот не може да се поврзува само со Европа и дека е особено важно да се зголеми соработката меѓу земјите од двете страни на Медитеранот. Генералниот секретар на ОБСЕ оцени дека активностите на медитеранските земји покажуваат дека тие го прифатиле духот на ОБСЕ, кој се одразува со партнерство и соработка. Истакнувајќи дека иднината на Медитеранот е во ОБСЕ, амбасадорот д Бришамбо додаде дека во блиска иднина партнерите од тоа подрачје ќе учествуваат во институциите и мисиите на организацијата.

На учесниците им се обрати и министерот за надворешни работи на Црна Гора, г. Миодраг Влаховиќ. Тој посочи дека Црна Гора е горда на својот мултикултурен и мултиверски карактер и сака да ги сочува својата единствена и разновидна култура и изворен идентитет. Ова е една од причините заради кои граѓаните на Црна Гора ќе ја донесат одлуката за идниот државно-правен статус на демократски референдум. Господинот Влаховиќ додаде дека Црна Гора, како мала медитеранска, европска земја која е дел од ОБСЕ чувствува потреба за поблиска соработка со медитеранските северноафрикански и блискоистични земји. Тој подвлече дека Европските медитерански земји имаат обврска да играат значајна улога во ваквата соработка, која ќе претставува мост на поврзување на европскиот и јужниот дел на Медитеранот.

На *работната сесија* на тема: *Економска безбедност, трговија и соработка во Медитеранот* се обратија г. Милорад Дрљевиќ, потпретседател на Собранието на Србија и Црна Гора и г-ѓа Гордана Ѓуровиќ, министер за економски односи со странство и европска интеграција на Црна Гора. Господинот Милорад Дрљевиќ се осврна на активностите и значењето на Јонско-јадранската иницијатива, а г-ѓа Гордана Ѓуровиќ на изгледите за влез на Црна Гора во Светската трговска организација.

Во дебатата што следеше учествуваа повеќе пратеници, кои се осврнаа на безбедноста во Медитеранот, потенцирајќи ги безбедносните ризици, закани и предизвици во овој регион. Во дискусиите доминираше состојбата на Блискиот Исток и проблемите со бегалците од Африка со кои се соочуваат одредени медитерански земји.

Во завршното обраќање, претседателот на Парламентот на Црна Гора, г. Ранко Кривокапиќ истакна дека Европа не смее да остане цивилизациска тврдина, затворена за други народи. Тој оцени дека ОБСЕ ќе има и други прилики да одговори на многу

прашања, но овој дијалог има непроценлива вредност и потврдува дека црногорското општество е зрело и може да преземе одговорност во меѓународната заедница, како и да влезе во процесот на меѓузависност на модерните дипломатии.

* * * * *

Парламентот на Црна Гора обезбеди одлични услови и организација на Есенските состаноци на Парламентарното собрание на ОБСЕ, како и поволна атмосфера за работа. Овој настан во голема мера беше искористен за лобирање меѓу пратениците од земјите членки на ОБСЕ за независност на Црна Гора. На пратениците им се обратија највисоките црногорски функционери, меѓу кои и претседателот на Црна Гора г. Филип Вујановиќ, кој приреди прием за учесниците на овој настан. Од друга страна, забележително беше отсуството на српските функционери. Иако беше најавено, на состаноците не учествуваа претседателот и министерот за надворешни работи на Србија и Црна Гора. Учеството го откажа и г. Димитриј Рупел, претседавач со ОБСЕ и министер за надворешни работи на Словенија.

Во текот на состаноците членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија остварија средби и контакти со пратеници од повеќе земји, на кои беа разменети мислења за најактуелните случувања на меѓународен план, а особено во доменот на надлежностите на ПС на ОБСЕ.

* * * * *

Оцена е дека учеството на Есенските состаноци на ПС на ОБСЕ ја потврди оправданоста од засилено присуство на македонските парламентарни делегации на меѓународните средби и настани на кои е потребна афирмација на Република Македонија. Со зголемено присуство, контакти и позитивно градење на односите се овозможува поголем пробив и подобрување на имиџот на земјата во странство.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Интерпарламентарната унија

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на четвртата и последна конференција за безбедност
и соработка на Медитеранот,
одржана на 6 и 7 февруари 2005 година
во Нафлион, Република Грција

Скопје, февруари 2005 година

Четвртата и последна конференција за безбедност и соработка на Медитеранот (ЦСЦМ) се одржа на 6 и 7 февруари 2005 година во Нафлион, Република Грција во организација на Интерпарламентарната унија (ИПУ) и Парламентот на Република Грција.

На Конференцијата учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија што ја сочинуваа пратениците: г-ѓа ***Каролина Ристова,*** *г.* ***Чедомир Краљевски*** *и г.* ***Исмет Рамадани,*** *членови на Делегацијата, како и г-ѓа* ***Лидија Каракамчева****, раководител на Одделението во Секторот за меѓународна соработка.*

Целиот процес на воспоставување на ПС на Медитеранот е поттикнат од Интерпарламентарната унија која цврсто верува дека мирот и просперитетот во регионот можат да се постигнат со промовирање на соработка низ политички дијалог. Заради тоа пред 15 години се воспоствени посебни механизми за промовирање на безбедноста и соработката во медитеранскиот регион. Со текот на годините, парламентите од овој регион се состануваа на постојани состаноци и средби организирани од ИПУ, познати како Процес на Конференцијата за безбедност и соработка на Медитеранот (ЦСЦМ).

На Четвртата и последна Конференција за безбедност и соработка на Медитеранот овој процес се трансформира во единствено Парламентарно собрание на Медитеранот.

Парламентите на земјите од медитеранскиот брег се членки на ЦСЦМ процесот и тоа: Албанија, Алжир, Босна и Херцеговина, Хрватска, Кипар, Египет, Франција, Грција, Израел, Италија, Либан, Либиска Арапска Џамахирија, Малта, Монако, Мароко, Србија и Црна Гора, Словенија, Шпанија, Сириска Арапска Република, Тунис и Турција. Исто така, Јордан, Португалија и Македонија се три држави кои не излегуваат на Медитеранот, но кои економски, политички и стратешки директно се поврзани со него. Сите земји членки на Процесот на Конференцијата за безбедност и соработка на Медитеранот стануваат членки на Парламентарното Собрание на Медитеранот. **Согласно со Статутот, земјите од медитеранските крајбрежни држави и Јордан, Република Македонија и Португалија по нивно барање ex officio стануваат членови на Собранието.**

На Конференцијата учествуваа 54 делегати од 23 парламенти. Од придружните членови во работата на Конференцијата учествуваа делегации на парламентите на Германија, Руската Федерација, Обединетото Кралство и Палестина додека во својство на набљудувачи учествуваа делегации на парламентите на Белгија, Бугарија, Ирска и Полска.

На маргините на Конференцијата, односно на 5 февруари се одржаа одвоени неформални средби на земјите од северниот и јужниот брег на Медитеранот. Целта на одржувањето на неформалните средби беше разгледување на идното организирање на ПС на Медитеранот и посебно договарање за идното раководство на ПС на Медитеранот. Делегацијата на Собранието на Република Македонија учествуваше на средбата на земјите од северниот брег на Медитеранот. На средбата провладуваа прашањата за застапеноста на жените парламентарки во националните делегации на ПС на Медитеранот, идното седиште на секретаријатот на ПС на Медитеранот, како и определување на претседател и потпретседател на идната инагуративна седница на ПС на Медитеранот. Присутните учесници на средбата за претседател го предложија г. **Руди Сал,** досегашен претседател на Координативниот комитет, додека за потпретседател ја предложија г-ѓа **Елса Пападимитриу,** известител на Координативниот комитет.

Инагуративната церемонија на Конференцијата се одржа на 6 февруари во присуство на г-ѓа **Ана Бенаки Псарудаи**, претседател на Парламентот на Грција и г.

Андерс Б. Џонсон, генерален секретат на ИПУ. Со конференцијата претседаваше г-ѓа **Елса Пападимитриу,** шеф на грчката делегација во ИПУ.

Г-ѓа Ана Бенакис, претседател на Грчкиот парламент истакна дека не е случајно тоа што оваа Конференција се одржува токму во Нафлион, лулката на една од најстарите цивилизации на Медитеранот и првиот главен град на модерна Грција. Таа посочи дека ова е крај на еден долг процес кој почнал во раните деведесетти кога се случија и огромни промени на политичката карта на Европа, постојани тензии во регионот на Среден Исток, социјални и демографски притисоци врз народите на јужниот Медитеран.

Таа посочи дека новото Парламентарно собрание на Медитеранот носи голем историски товар и треба да е потполно свесно за специфичниот геостратешки и геокултурен идентитет на Медитеранот. Задача на новиот парламент е да креира клима на доверба, да го консолидира мирот и стабилноста, да го промовира мирното решавање на различностите, почитување на територијалниот идентитет и границите и зачувување на човековите права. Од сите овие цели, безбедноста е посебно значајна со оглед дека таа е предуслов за економскиот развој и просперитет на сите народи. Безбедноста не може да се обезбеди со подигнување на ѕидови и зголемено вооружување, туку тоа е резултат на волјата на народите и соработката меѓу владите. Ризикот од тероризмот е поспецификен аспект на безбедноста. Тој претставува сериозна закана за човештвото. Затоа е потребно да се испитаат корените на проблемот и да се справува со нив на демократски начин.

Понатаму грчкиот претседател потенцираше дека една од основните цели на Парламентот треба да биде намалување на големите социо-економски разлики меѓу северот и југот на медитеранскиот басен. Треба да интензивираат напори и да се охрабрат иницијативите за креирање на евромедитеранска слободна трговска зона. Не треба да се заборави дека медитеранскиот регион е крстосница на миграционите движења што предизвикуваат различни економски, политички и социјални проблеми. Зашитита на човековата средина околу басенот, особено редукција на поморското загадување, управување со водните ресурси и промовирањето на одржлив развој се предизвици кои се исправени пред новите парламенти.

На инагуративното отворање на Конференцијата се обратија претставниците на повеќе меѓународни организација кои учествуваа на настанот, и тоа: **г. Ахмед Мокајес**, претседател на Арабската интерпарламентарна унија; **г. Стеф Гори**, претседател на Западноевропската унија; **г. Саид Мокадем,** генерален секретар на Магребскиот консултативен совет; **г. Александар Фурман,** заменик на генералниот секретар на Парламентарното собрание на Црноморската економска соработка; **г. Василис Магинас**, претставник на Парламентарното собрание на НАТО и **г. Клаудио Азолини**, потпретседател на Парламентарното собрание на Советот на Европа.

За претседател на Конференцијата која започна на 7 февруари едногласно беше избран **г. Руди Сал,** претседател на Координативниот комитет[29] на Конференцијата за безбедност и соработка. Пред отворањето на генералната дебата беа усвоени правила по кои ќе се работи на Конференцијата.

На генералната дебата посветена на зајакнувањето на безбедноста и соработката во Медитеранот настапија повеќе членови на присутните делегации на Конференцијата.

Во име на Делегацијата на Собранието на Република Македонија настапи пратеникот **г-ѓа Каролина Ристова**. Таа најнапред изрази голема благодарност за извонредната организација на Конференцијата од страна на Грчкиот парламент. Во својата дискусија го поддржа развојот на пофокусирана парламентарна соработка меѓу земјите на Медитеранот. Притоа потенцираше дека Парламентарното собрание на

[29] Земји членки на Координативниот комитет се парламентите на Алжир, Египет, Франција, Италија, Малта, Мароко, Словенија, Шпанија, Сириска Арабска Република, Тунис, како и претставник на работната група на жени парламентарки од Медитеранот. Претседател на Координативниот комитет е г. Руди Сали (Франција), известител е г. Абделуахед Ради (Мароко) и г-ѓа Елса Пападимитриу (Грција).

Медитеранот преку транспарентен и постојан дијалог и заедничко решавање на кризните ситуации треба да настојува тие да не прераснат во отворени конфликти.

Република Македонија директно не е медитеранска земја, односно нема излез на море, но со сливот на реката Вардар таа практично излегува на Егејското Море. Тоа не е единствената врска со Медитеранот со оглед на тоа што скоро целото наше соседство излегува на Јадранското Море. Населението на Република Македонија се уште го чувствува ова море како "свое" имајќи ги предвид многуте годишни одмори кои нашите граѓани ги минувале таму во времето на поранешна Југославија.

Како земја која аспирира да стане членка на ЕУ, Република Македонија смета дека оваа медитеранска соработка претставува можност за зајакнување на соработката со земјите членки на оваа меѓународна организација. Користа е, исто така, голема во смисла на среќавање со земјите кандидати, а особено со државите кои не се ни аспиранти ни кандидати, но имаат посебни врски со ЕУ како земји од медитеранскиот регион.

Понатаму таа истакна дека земјите од Медитеранот имаат свој дијалог со НАТО алијансата, што секако зборува за се поголемото значење на медитеранскиот регион и потребата за развивање на подлабоки меѓусебни односи на земјите од регионот. Република Македонија како земја аспирант во НАТО алијансата е дел од тој процес. Иста така, таа посочи дека регионалната соработка може многу да придонесе за унапредување на стабилноста и безбедноста во регионот. Македонија, Хрватска и Албанија се трите земји кандидати за членство во НАТО, кои со потпишувањето на Јадранската повелба, всушност ја иницираа зајакнатата регионална соработка, со цел преку размена на искуства да ја забрзаат трансформацијата во сферата на одбраната и да ја подобрат стабилноста во регионот.

Таа посебно го поздрави начинот на кој парламентите ќе учествуваат во работата на Парламентарното собрание на Медитеранот - на еднаква основа - како и настојувањето за еднаква полова застапеност на членовите на делегациите кои ќе учествуваат на работата на ПС на Медитеранот имајќи предвид дека станува збор за нов парламент во кој членуваат напредни демократии.

По завршувањето на генералната дебата во која сите учесници го поздравија институционализирањето на Парламентарното собрание на Медитеранот се премина на утврдување на местото и датумот на одржување на следната инагуративната сесија на ПС на Медитеранот. Делегациите на Италија и Јордан се кандидираа за земји домаќини на следната сесија при што се одлучи во Јордан да се одржи инагуративната сесија на ПС на Медитеранот во втората половина на 2005 година.

На Предлогот на статутот на Парламентарното собрание на Медитеранот амандмани поднесоа делегациите на Алжир, Малта, Португалија, Либија и Франција.

Дел од амандманите се однесуваа на воспоставување на меѓународен секретаријат на ПС на Медитеранот. Кандидатура за седиштето на меѓународиниот секретаријат на ПС на Медитеранот поднесе делегацијата на Малта. До конечното воспоставување на сопствен секретаријат кој ќе биде лоциран во медитеранска земја членка на новиот парламент, секретаријатот на ИПУ ќе ја дава потребната административна и стручна поддршка на Собранието. На Конференцијата се дискутираше и за финансиските средства потребни за функционирање на ПС на Медитеранот. Понудениот проект од страна на секретаријатот на ИПУ предвидува различно ниво на задолжување на националните парламенти во зависност од бројот на населението во државата и нејзиниот бруто национален доход. Предвидените стапки се движат од 15% највисока (Франција и Италија) до 1% најниска стапка. **Република Македонија заедно со уште пет земји се наоѓа во групата со задолжување од 1 %, односно износ од 2.800 швајцарски франци на годишно ниво.** Понудената пресметка од секретаријатот на ИПУ се однесува за 2005 година додека за конечно договарање околу финансиските средства се предложи да се формира работна група составена од четири земји, односно две од Северниот Медитеран (Италија и Малта) и две од Јужниот Медитеран (Алжир и Египет), која ќе се состане и постигне конечен договор. Подготвителен состанок на кој ќе се утврдат сите преостанати отворени прашања ќе се одржи во Италија.

По долга и обемна расправа, Статутот на ПС на Медитеранот беше усвоен.

Конференцијата заврши со усвојување на завршен документ во кој се истакнуваат придобивките на ПС на Медитеранот. Во документот се посочува дека народите од медитеранскиот регион делат богато културно и религиозно наследство и во голема мера придонесуваат за напредок во сите сфери на човечкото постоење, но тоа е сепак регион оптоварен со тензии од секаков вид. Трансформацијата на Процесот за безбедност и соработка на Медитеранот во ПС на Медитеранот ќе придонесе за поголем удел на парламентарната дипломатија во медитеранскиот регион. Ќе се овозможи медитеранскиот регион да има уникатен сопствен парламентарен форум, неприклучен во ниеден тековен процес. Членовите на Собранието ќе изготвуваат препораки и мислења за прашања од директен интерес за нив и за медитеранскиот простор.

Делегацијата на Шпанија искажа воздржаност во однос на усвојувањето на Статутот на ПС на Медитеранот и воопшто формирањето на ПС на Медитеранот (од финансиски аспект) се до конечното разгледување на ова прашање во шпанскиот национален парламент.

Во прилог на Извештајот се приложени Статутот на ПС на Медитеранот и усвоениот Завршен документ.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Интерпарламентарната Унија

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на 112 собрание на Интерпарламентарната Унија,
одржана од 3 до 8 април 2005 година
во Манила, Филипини

Скопје, април 2005 година

ВОВЕД

Собранието на Интерпарламентарната унија (ИПУ) го одржа своето редовно 112 заседание од 3 до 8 април 2005 година во Меѓународниот центар за конвенции во Манила, Филипини. На 112 Собрание на ИПУ учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија што ја сочинуваа пратениците: д-р Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија и шеф на Делегацијата, г-ѓа Каролина Ристова, г. Чедомир Краљевски и г. Исмет Рамадани, членови на Делегацијата, како и г-ѓа Билјана Огненовска, советник за мултилатерална соработка и г-ѓа Маријана Опашинова, преведувач.

Во рамките на 112 Собрание на ИПУ седници одржаа трите постојани комисии на Интерпарламентарната унија, Управниот совет на ИПУ, Состанокот на жени парламентарки, Здружението на генералните секретари на парламентите, како и други тела, геополитички групи и облици на ангажирање во рамките на ИПУ.

112 СОБРАНИЕ НА ИПУ

УЧЕСТВО

На Собранието учествуваа делегации на 116 парламенти[30] (од 141 парламенти - членови на Унијата). Од придружните членови, во работата на Конференцијата учествуваа регионалните парламентарни асоцијации,[31] а во својство на набљудувачи - делегации на парламентите на Палестина и на Палау, како и претставници на повеќе тела и специјализирани агенции на ООН[32] и други претставници на меѓународни и регионални организации,[33] на невладини организации[34] итн.

На Заседанието учествуваа 1127 делегати, од кои 614 членови на парламенти. Од делегатите - членови на парламентите, 32 беа носители на претседавачка функција, 31 носител на потпретседавачка функција и 165 жени парламентарки (27%).

---

[30] Австралија, Австрија, Албанија, Алжир, Ангола, Аргентина, Азербејџан, Бангладеш, Бахреин, Белгија, Белорусија, Бенин, Боливија, Босна и Херцеговина, Боцвана, Бразил, Брегот на Слоновата Коска, Бугарија, Буркина Фасо, Бурунди, Венецуела, Виетнам, Габон, Гана, Гватемала, Гвинеја, Германија, Грузија, Грција, Данска, Демократска Народна Република Кореја, Демократска Република Конго, Египет, Еквадор, Ел Салвадор, Естонија, Етиопија, Замбија, Израел, Индија, Индонезија, Иран (Исламска Република), Ирска, Исланд, Италија, Јапонија, Јордан, Јемен, Јужна Африка, Казахстан, Камбоџа, Камерун, Канада, Кенија, Кина, Кипар, Колумбија, Куба, Кувајт, Лаос, Латвија, Либиска Арапска Џамахирија, Мавританија, Малезија, Мали, Малта, Мароко, Мексико, Монако, Монголија, Мозамбик, Намибија, Непал, Нигерија, Нов Зеланд, Норвешка, Обединето Кралство, Пакистан, Папуа Нова Гвинеја, Перу, Полска, Португалија, Република Кореја, Република Македонија, Романија, Руанда, Руска Федерација, Самоа, Сан Марино, Сао Томе и Принципе, Саудиска Арабија, Сенегал, Сингапур, Сириска Арапска Република, Словачка, Словенија, Србија и Црна Гора, Судан, Тајланд, Тунис, Турција, Уганда, Украина, Унгарија, Уругвај, Филипини, Финска, Франција, Фиџи, Холандија, Чешка Република, Чиле, Швајцарија, Шведска, Шпанија и Шри Ланка.

[31] Андскиот парламент, Законодавното собрание на Источна Африка, Латинско-американскиот парламент, Парламентарното собрание на Советот на Европа и Парламентот на Економската заедница на западноафриканските држави.

[32] Обединетите нации, Меѓународната организација на трудот (ILO), Канцеларијата на високиот комесар на ООН за бегалци (UNHCR), Организацијата за образование, наука и култура (UNESCO), Организацијата на ОН за храна и земјоделство (FAO), Фондот за деца на ООН (UNICEF), Светската организација за здравство (WHO), Светската банка, Меѓународниот монетарен фонд (IMF) и Меѓународниот фонд за земјоделски развој (IFAD).

[33] Африканската парламентарна унија, Меѓународната организација за миграции (IOM), Лигата на арапски држави, Арапската интерпарламентарна унија, Собранието на Западноевропската унија (AWEU), Здружението на европски парламентарци за Африка (AWEPA), Парламентарното собрание на унијата на Белорусија и Руската Федерација, Парламентарната унија на земјите на Организацијата на исламската конференција (PUOICM), Парламентарното собрание на Црноморската економска соработка (PABSEC), Нордискиот совет, Интерпарламентарното собрание на Евроазиската економска заедница (EURASEC) и Парламентарниот форум на заедницата за развој на Јужна Африка (SADC).

[34] Меѓународниот комитет на Црвениот крст (ICRC) и Коалицијата на Меѓународниот кривичен суд (CICC).

СВЕЧЕНО ОТВОРАЊЕ НА СОБРАНИЕТО

Сто и дванаесеттото Собрание на Интерпарламентарната унија ја започна својата работа со инаугуралната церемонија на 3 април 2005 година во Големиот театар на Културниот центар на Филипините. При отворањето говореа *г. Френклин М. Дрилон,* претседател на Сенатот на Филипините, *г. Хозе де Венесиа*, претседател на Претставничкиот дом на Филипините, *г. Серџо Паез Вердуго,* претседател на Интерпарламентарната унија, како и г. *Роберт Ор*, помошник на генералниот секретар на Организацијата на обединетите нации, кој ја прочита пораката од Генералниот секретар на ООН.

Господинот *Френклин М. Дрилон* во своето излагање нагласи дека ИПУ е незаменлив партнер во промоцијата на мирот, кој се залага за реформи на меѓународниот правен и економски систем. Тој предупреди дека милениумските цели на ООН за намалување на сиромаштијата за 50% до 2015 година нема да бидат достигнати доколку на земјите од југот не им се овозможат праведни услови за тргување.

Господинот *Хозе де Венесиа* се осврна на дијалогот меѓу цивилизациите, религиите и културите како неопходен услов за постигнување на мултикултурно разбирање и на резолуцијата за промоција на глобалниот меѓупарламентарен дијалог, што на предлог од Филипините и Иран била усвоена од Обединетите нации.

Во пораката од Генералниот секретар на ООН, која на учесниците на Собранието на ИПУ им ја пренесе *г. Роберт Ор*, беа истакнати очекувањата од претстојниот Самит на Обединетите нации во Њујорк, каде што светските лидери треба да го разгледаат прогресот постигнат по донесувањето на Милениумската декларација на ОН. Истовремено, земјите во развој беа повикани да усвојат и да имплементираат јасни национални стратегии, како и да ги завршат трговските преговори од Доха до 2006 година, со цел до 2015 година да го достигнат договореното ниво за одвојување на 0,7% од БДП за развој.

Господинот *Серџо Паез Вердуго,* обраќајќи се на присутните, се осврна на темите кои ќе бидат разгледувани на 112 Собрание на ИПУ: милениумските развојни цели, борбата против ширењето на СИДА, превенцијата од природни катастрофи, потребата за ратификација на Римскиот статут и дефинирање на злосторствата против човештвото, воените злосторства и геноцидот и сл. Тој се заложи за заеднички напори на сите парламентарци за јакнење на улогата на Интерпарламентарната унија и продлабочување на соработката со ООН.

Собранието за отворено го прогласи *Н. Е. г-ѓа Глорија Аројо*, претседател на Филипините. Во своето обраќање таа истакна дека Филипините се прва азиска демократија и посебно го нагласи фактот дека на ова Собрание Филипините се застапени со најбројна делегација на жени парламентарки во досегашната историја на ИПУ. Таа подвлече дека социјалната правда и граѓанските права треба да одат заедно со економските можности и политичките слободи и повика на силни, слободни и независни медиуми, како чувари на демократијата.

За претседател на 112 Собрание, на седницата одржана на 4 април 2005 година, беше избран г. Френклин М. Дрилон, претседател на Сенатот на Филипините.

ИТНА ДОПОЛНИТЕЛНА ТОЧКА НА ДНЕВНИОТ РЕД

Согласно со Статутот, Собранието на Интерпарламентарната унија се изјаснуваше за дополнување на дневниот ред со итна дополнителна точка. Беа поднесени осум предлози за дополнување на дневниот ред:

1) *од Шри Ланка:* "Парламентарни иницијативи за обнова на нациите погодени од цунами и други природни катастрофи";
2) *од Алжир:* "Улогата на парламентите во обновата на земјите опустошени од природни катастрофи";
3) *од Јапонија*: "Улогата на парламентите во меѓународната соработка за заштита на децата и другите ранливи членови на општеството кои живеат во алармантни услови во земјите погодени од големиот земјотрес на брегот на Суматра и цунамито во Индискиот Океан";

4) *од Чиле:* "Формирање на парламентарен фонд за помош на земјите опустошени од природни катастрофи";
5) *од Унгарија:* "Улогата на парламентите во формирањето на системи за рано предупредување кои ќе овоможат брза реакција во случај на природни катастрофи со тешки последици";
6) *од Турција:* "Улогата на парламентите во преземањето на превентивни мерки и обезбедувањето на меѓународна техничка и економска соработка за управување со природни катастрофи";
7) *од Индонезија:* "Парламентарна поддршка за рехабилитација и реконструкција на земјите погодени од скорешната катастрофа на земјотресот и цунамито, вклучувајќи и превентивни напори за формирање на систем за рано предупредување во кругот на Индискиот Океан" и
8) *од Исламската Република Иран:* "Улогата на парламентите во развивањето на политики и институционални рамки за реконструкција и рехабилитација на земјите погодени од скорешната катастрофа на земјотресот и цунамито и за намалување на ризиците од природни катастрофи на национално ниво, како и во промовирањето на меѓународна соработка која ќе обезбеди намалување на ризиците од природните катастрофи, влучувајќи и формирање на систем за рано предупредување".

На седницата одржана на 4 април 2005 година, авторите на осумте предлози излегоа со заеднички предлог за итна дополнителна точка на дневниот ред на Собранието: "Природни катастрофи - улогата на парламентите во превенцијата, рехабилитацијата, реконструкцијата и заштитата на ранливите групи".

Заедничкиот предлог на делегациите од Шри Ланка, Алжир, Јапонија, Чиле, Унгарија, Турција, Индонезија и Исламската Република Иран, поддржан од геополитичката група "Азија - Пацифик", беше едногласно усвоен од Собранието, по што беше формирана техничка комисија за подготвување на предлог на резолуција.

Техничката комисија составена од парламентарци од: Алжир, Австралија, Белорусија, Данска, Индонезија, Иран, Јапонија, Јужноафриканската Република, Мексико, Тајланд, Филипини, Холандија, Чиле и Шри Ланка се состана на 5 и на 6 април 2005 година и подготви предлог на резолуција по оваа точка од дневниот ред, која беше поднесена за усвојување на Собранието на ИПУ.

ОПШТА ДЕБАТА

Во *општата дебата за политичката, економската и социјалната ситуација во светот на тема: "Влијанието на националните и меѓународните политики на положбата на жената",* која се одвиваше на пленарните седници одржани на 4, 5 и 7 април 2005 година учествуваа 120 говорници од 111 делегации.

Како и вообичаено, во дебата беа изнесени лепеза од ставови во врска со глобални и регионални проблеми во светот поврзани со темата, како и ситуации во одредени земји. Во текот на општата дебата на Собранието му се обратија: *г-ѓа Керол Белами*, извршен директор на УНИЦЕФ, *г. Роберт Ор,* помошник на генералниот секретар на Организацијата на обединетите нации и *г. Алберто Г. Ромуло,* министер за надворешни работи на Филипини.

Извршниот директор на УНИЦЕФ *г-ѓа Керол Белами* во своето излагање се осврна на значењето на соработката со Интерпарламентарната унија и улогата на парламентарците во заштитата на децата. Таа го презентираше последниот производ на плодната сорабока меѓу ИПУ и УНИЦЕФ, прирачникот за пратеници "Борба против трговијата со деца", подвлекувајќи ја улогата на членовите на парламенти во контролата на извршната власт и заложбите за спречување на насилството врз децата и нивната експлоатација.

Претставникот на Организацијата на обединетите нации *г. Робер Ор*, ги повика парламентаците да ги поддржат реформите на ООН предложени од генералниот секретар на оваа Организација. Со овие реформи е предложено и формирање на фонд за демократија, кој ќе биде ставен на располагање на владите, парламентите и невладините организации. Господинот Ор нагласи дека Обединетите нации високо ја ценат улогата на Интерпарламентарната унија, чие искуство и познавања можат да придонесат за ревитализацијата и реформата на Генералното собрание на ООН.

На Собранието му се обрати и *г. Алберто Г. Ромуло*, министер за надворешни работи на Филипините, кој како поранешен пратеник ја истакна значајната улога што ја имаат парламентарците во дефинирањето и водењето на надворешната политика. Тој подвлече дека е потребно да се зацврсти мултилатерализмот и нагласи дека ИПУ е вистински пример за функционирање на мултилатералната соработка. Министерот Ромуло информираше дека Владата на Филипините го поддржува предлогот на генералниот секретар на ООН за заменување на Комисијата за човекови права со совет. Во врска со меѓународната трговија, тој ја повика Интерпарламентарната унија повторно да ги афирмира своите заложби за либерализација и поддршка на правичен мултилатерален систем во рамките на Светската трговска организација.

Во општата дебата учествуваше шефот на македонската Делегација ***д-р Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија***. На почетокот од обраќањето г. Јордановски потсети дека во 18 век, за филозофите од тоа време просветителството и еманципацијата оделе заедно со верувањето дека сите луѓе треба да ги уживаат истите права и да бидат обврзани со истите должности. Во борбата за поголеми права не постоела разлика меѓу мажите и жените, барем во свеста на филозофите. Но сепак, и после три века Собранието на ИПУ расправа за рамноправност на половите. Да биде апсурдот поголем, пред 300 години, во времето на просветителството на чело на најсилните монархии стоеле жени кои се паметат како најголеми реформатори. Се поставува прашањето каде на патот кон демократијата и модерното општество се заборавиле пораките на времето на просветителството и дали развојот на демократијата е на штета на правата на жените. Господинот Љупчо Јордановски оцени дека проблемот е многуслоен и комплексен, а како еден од проблемите тој ја наведе денешната состојба на свеста која се уште робува на историско-локални и религиозни наследства и традиции. Токму затоа, потребата од една ваква дебата е голема, бидејќи и покрај значајниот прогрес во намалувањето на јазот меѓу мажите и жените во нивните ефективни права, се јавува проблемот за тоа што е побитно - формата или содржината.

Во своето излагање, претседателот на Собранието на Република Македонија се осврна и на резултатите кои се постигнати во промовирањето на родовата рамноправност и зголемувањето на моќта и влијанието на жените во Република Македонија. Господинот Јордановски истакна дека во Република Македонија еднаквоста меѓу половите се имплементира во целата позитивна законска регулатива, почнувајќи со Уставот и дека се ратификувани сите релевантини меѓународни правни инструменти што обезбедуваат основа за родовата рамноправност. Тој информираше дека во Законот за избор на пратеници и во Законот за локални избори е утврдено во предложените листи на кандидати секој пол да биде застапен со најмалку 30%. Подвлекувајќи го успехот постигнат на Парламентарните избори во 2002 година, кога бројот на избраните парламентарки од 4,2% застапеност во 1990 година, се зголеми и над европскиот просек, тој нагласи дека денес во Собранието на Република Македонија има 23 пратенички, што претставува 19,2% од вкупниот број пратеници. Претседателот на Собранието на Република Македонија се задржа и на резултатите од последните локални избори, каде што жените освоија 309 советнички места, што претставува 22,7% од вкупниот број советници, а истовремено беа избрани три жени градоначалници. Беше даден осврт и на активностите на Македонското женско лоби и на Клубот на жените пратеници, како регионален проект на Пактот за стабилност, кој обезбедува соработка меѓу парламентарките од Македонија, Босна и Херцеговина и Србија и Црна Гора.

Во врска со зголемувањето на моќта и влијанието на жените, д-р Љупчо Јордановски укажа дека во Парламентот со шест комисии претседаваат жени и предводат повеќе делегации во меѓународните парламентарни собранија, а во актуелната Влада еден од потпретседателите, кој раководи со процесот на евроинтеграција, како и министрите за надворешни работи и правда се жени.

На крајот од обраќањето г. Јордановски остави на присутните да оценат дали Република Македонија има направено доволно, во формална и суштинска смисла, за родовата рамноправност. Тој оцени дека треба да се работи на реализацијата на идеите

на просветителите од 18 век за целосна и вистинска еманципација, каде што нема да постои прашање за формата или суштината.

РАБОТА НА КОМИСИИТЕ

Првата постојана комисија за мир и меѓународна безбедност на трите седници одржани на 4 и на 6 април 2005 година расправаше за четвртата точка на дневниот ред на Собранието "*Улогата на парламентите за воспоставување и функционирање на соодветни механизми за донесување судски одлуки и осудување на воени злосторства, злосторства против човештвото, геноцид и тероризам, со цел истите да не останат неказнети*". Во работата на Комисијата учествуваше членот на Делегацијата *г-ѓа Каролина Ристова.*

Комисијата дискутираше по извештајот и Предлогот на резолуцијата подготвени од известителите г-ѓа Хурија Буиред, пратеник од Алжир и г. Хорхе Аргуељо, пратеник од Аргентина, како и амандманите на резолуцијата поднесени во статутарниот рок.[35] Во расправата учествуваа 63 дискутанти од 53 земји, меѓу кои и членот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија *г-ѓа Каролина Ристова*.

Во рамките на својата дискусија ***г-ѓа Каролина Ристова*** го нагласи значењето на соработката меѓу водечките земји во меѓународните односи за воспоставувањето и ефективното функционирање на Меѓународниот кривичен суд и расчистувањето на различните толкувања во однос на одредени одредби од неговиот статут. Потоа, таа се осврна на македонското искуство во однос на Меѓународниот кривичен суд и информираше за примерот на Република Македонија за ратификација на Статутот од Рим во 2002 година, како и подоцнежното потпишување на билатерален договор со САД во 2003 година, кој се однесува на предавање на лица на Меѓународниот кривичен суд. Имајќи ги предвид аспирациите на Македонија за членство во ЕУ и НАТО, како и фактот дека ЕУ не се согласува со САД во толкувањето на членот 98 од Римскиот статут, ова не беше едноставна одлука за Македонскиот парламент.

Пратеникот Каролина Ристова се наврати на периодот по конфликтот од 2001 година, кога во Република Македонија беше донесен закон за амнестија на паравоените сили, кои се трансформираа во политичка партија што стана коалиционен партнер во Владата. Заради овој момент, иако амнестијата не вклучуваше дела кои претставуваат кршење на меѓународното хуманитарно право, во пракса е многу тешко да се санкционираат обвинетите за вакви злосторства. Токму затоа Република Македонија ги поддржува дискусиите во рамките на ИПУ и ООН за начините и моделите како да се пристапи кон истовремено балансирање на заложбите за мир и правда во пост-военото период во една земја. Таа наведе дека едно од можните решенија за кои треба да се размислува е толкувањето на надлежностите на Меѓународниот кривичен суд кога државите се "неспособни" да го спроведат судењето, да ги опфаќа ваквите ситуации, со што ефективно МКС секогаш би ја имал надлежност и би се избегнал споменатиот проблем на балансирање меѓу мирот и правдата.

Во врска со македонското искуство со Меѓународниот кривичен суд за поранешна Југославија, пратеникот Ристова подвлече дека по конфликтот во 2001 година биле идентификувани пет случаи на прекршување на меѓународното хуманитарно право кои се во надлежност на овој трибунал. Таа истакна дека Република Македонија целосно соработува со Хашкиот трибунал, при што укажа дека поранешниот министер за внатрешни работи е обвинет пред судот во Хаг, а другите четири случаи се вратени во македонските судови, бидејќи овој суд ќе престане да постои. Иронијата е во тоа што во случајот на поранешниот министер фактите изнесени од обвинителството уште се утврдуваат и се контраверзни, додека кај другите четири случаи постојат јасни и неспорни факти, но прекршителите се уште не се пронајдени. Како последица на ова во јавноста се јавува впечаток дека Меѓународниот суд зазема страна, дека не е непристрасен и дека развива доктрина на гонење само на државните функционери, а паравоените лидери и пониските во воената хиерархија се третираат

[35] Согласно со Статутот и правилата на Интерпарламентарната унија (правило 17.1 од Правилата на Собранието и правило 12.2 од Правилата на Постојаните комисии), амандманите на предлогот на резолуциите подготвени од известителите треба да бидат доставени до Секретаријатот на ИПУ најдоцна една недела пред отворањето на Собранието.

како "ситни риби", односно помалку одговорни. Госпоѓа Каролина Ристова оцени дека на овој начин не може да се достигне правдата и да се залечат раните на војната и дека може да се загрози мирот. И покрај тоа, г-ѓа Ристова подвлече дека македонската делегација ја поддржува предложената резолуција, со оглед дека таа ги покрива сите значајни прашања од оваа проблематика.

Важно е да се истакне дека многу (европски) делегации ги одобрија поентите на македонското искуство.

По дебатата беше формирана техничка комисија составена од парламентарци од Бенин, Венецуела, Израел, Индија, Иран, Мароко, Обединетото Кралство, Руската Федерација, Судан, Чиле и Швајцарија. Во работата на техничката комисија учествуваше и известителот г. Аргуељо од Аргентина.

Нацртот на резолуцијата подготвен од техничката комисија беше рагледан и усвоен на седницата на комисијата на 6 април 2005 година. На седницата, исто така, беше определена темата за расправа на Првата комисија за 114 Собрание на Интерпарламентарната унија што ќе се одржи во мај 2005 година во Најроби, Кенија. Членовите на Комисијата одлучија на Собранието да му ја предложат темата "Улогата на парламентите во зацврствувањето на контролата на трговијата со лесно оружје и оружје од мал калибар и нивната муниција" за вклучување во дневниот ред на 114 Собрание.

Во **Втората постојана комисијата за траен развој, финансии и трговија** на 5 и 7 април 2005 година се оствари расправата за петтата точка на дневниот ред "*Улогата на парламентите за воспоставување на иновативни меѓународни финансиски и трговски механизми кои ќе овозможат разрешување на проблемот со долговите и реализација на Милениумските развојни цели*". Во работата на Комисијата учествуваше пратеникот *Исмет Рамадани.*

Комисијата го разгледуваше извештајот и предлогот на резолуцијата подготвени од известителите г. Освалдо Мартинез, пратеник од Куба и г. Робер Дени дел Пикиа, сенатор од Франција, како и амандманите на нацртот на резолуцијата поднесени од делегациите од Алжир, Австралија, Белгија, Велика Британија, Германија, Египет, Индија, Индонезија, Италија, Јапонија, Канада Кувајт, Мексико, Норвешка, Романија, Словенија, Судан, Филипини, Финска, Чиле, Шведска, Швајцарија и Парламентарното собрание на Советот на Европа.

Во дискусијата учествуваа 48 говорници од 47 земји и од Светската банка. Во својата дискусија, членот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија ***г. Исмет Рамадани*** истакна дека Милениумските развојни цели и определбите содржани во Милениумската декларација на Обединетите нации и во Декларацијата на Милениумската конференција на претседателите на националните парламенти се присутни како инспирација и ориентација во активностите на Собранието на Република Македонија и на Делегацијата во Интерпарламентарната унија. Нивната содржина е инкорпорирана во низа законски решенија и владини програми, а на национално ниво е формирана посебна Комисија и е пристапено кон изготвување на извештајот за милениумските развојни цели.

Господинот Рамадани посочи дека во Република Македонија некои од милениумските цели се речиси постигнати, а некои од започнатите задачи можат да бидат реализирани само во еден подолг период. Подвлекувајќи дека Македонија генерално се оценува како умерено задолжена земја, тој укажа дека значајна пропорција од надворешниот долг се однесува на мултилатерални и билатерални кредитори, а во помал дел потекнува од меѓународните пазари на приватен капитал.

Пратеникот Рамадани нагласи дека за Република Македонија, како земја без излез на море, од особено значење е да може да го користи правото на транзит по најповолните коридори, по економски одржливи услови. Тој додаде дека интеграцијата на Република Македонија во светската економија се одвива преку три заемно компатибилни процеси: регионална трговска интеграција, интегрирање во Европската унија и интегрирање во мултилатералниот трговски систем. Истовремено, тој информираше дека Република Македонија е една од ретките земји која има потпишано договори за слободна трговија со сите земји од Југоисточна Европа и со земјите членки на ЕФТА и во таа смисла веќе ги има исполнето соодветните интенции на ЕУ во однос на регионот. Истакнувајќи дека преку Спогодбата за стабилизација и асоцијација се

одвива безцаринска трговија со земјите членки на Европската унија, г. Рамадани посочи дека на овој начин на македонските производители им е овозможен пристап на пазар од околу 650 милиони потрошувачи.

Тој го искажа своето уверување дека постои голема оправданост за алоцирање на дел од богатството на развиените земји во земјите кои се судираат со висок степен на сиромаштија. Истовремено, тој укажа дека ова може да се спроведе со доделување на официјална помош, по предходни преговори меѓу донаторот и примателот, со цел да се избегне неадекватно искористување на добиената помош.

Пратеникот Исмет Рамадани истакна дека најголем дел од земјите во развој се соочуваат со огромно ниво на долг што ја обременува економијата и негативно се одразува на економскиот раст. Тој се осврна на различните инструменти кои помагаат во намалувањето на долгот, нагласувајќи дека реализацијата на овие инструменти зависи, пред се, од извршната власт во заседнатите држави. Господинот Рамадани заклучи дека токму тоа е полето во кое парламентарците можат да играат клучна улога, остварувајќи ја доследно својата контролна улога врз владите во оваа сфера.

По дебатата, техничката комисија составена од пратеници од Белгија, Гватемала, Египет, Јапонија, Кенија, Република Кореја, Уругвај, Филипини, Франција и Шведска разгледа над 120 поднесени амандмани на резолуцијата, при што усвои 40 амандмани (во целост или со мали измени).

На седницата одржана на 7 април Втората постојана комисија го разгледа консолидираниот текст на Предлогот на резолуцијата и усвои два дополнителни амандмани, по што резолуцијата беше прифатена со консензус. На седницата, исто така, беше определена темата за дискусија на Втората комисија за 114 Собрание на ИПУ "Улогата на парламентите во управувањето со животната средина и во борбата против деградацијата на животната средина во светски рамки".

Третата постојана комисија за демократија и човекови права на седниците одржани на 5, 6 и 7 април расправаше за шестата точка од дневниот ред на Собранието "*Улогата на парламентите во промовирањето и имплементацијата на почитувањето на човековите права во стратегиите за спречување, управување и лекување на пандемијата на ХИВ/СИДА*". Во работата на Третата постојана комисија учествуваше пратеникот Чедомир Краљевски .

Комисијата дискутираше по извештајот и предлогот на резолуцијата подготвени од известителите г-ѓа Клавел Мартинез, пратеник од Филипини и д-р Елиода Тумвесиге, пратеник од Уганда, како и по амандманите на нацртот на резолуцијата поднесени од делегациите од Алжир, Германија, Египет, Индија, Индонезија, Иран, Јапонија, Канада, Кина, Латвија, Мексико, Романија, Тајланд, Чиле, Шведска и Швајцарија, како и од Состанокот на жени парламентарки.

Во расправата учествуваа 55 дискутанти, меѓу кои и членот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија пратеникот *г. Чедомир Краљевски.*

Во својата дискусија ***г. Чедомир Краљевски*** истакна дека две децении по појавата на епидемијата на СИДА, многу организации и поединци во Република Македонија настојуваат да ги едуцираат луѓето за да се заштитат себеси од СИДА преку создавање на позитивни навики и сигурно однесување. Но и покрај тоа, секоја година нови млади луѓе се заразуваат со вирусот на оваа болест. Тој оцени дека 69-те досега регистрирани случаи со ХИВ/СИДА во Република Македонија не ја преставуваат реалната состојба во однос на проблемот, предупредувајќи дека не треба да се заборават познатите примери на многу земји од светот кои живеејќи во илузијата на мал број заболени, одеднаш се соочиле со експлозија на ХИВ/СИДА епидемија.

Пратеникот Краљевски во својата дискусија истакна дека Република Македонија има остварено голем дел од обврските преземени со потпишувањето на декларацијата на Специјалната сесија за ХИВ/СИДА на Генералното собрание на Обединетите нации, како и на Декларацијата за превенција од ХИВ/СИДА на земјите од Југоисточна Европа. Тој се задржа и на активностите на Националната меѓуресорска комисија за ХИВ/СИДА, во која се вклучени преставници на релевантни министерства, асоцијации, комисии, верски заедници и организации, како и пратеници, претставници на Комисијата за здравство на Собранието на Република Македонија. Комисијата има изготвено тригодишна Национална стратегија за ХИВ/СИДА, која ги опфаќа сегментите од

превенцијата на болеста до континуираното снабдување со терапија за лицата со ХИВ/СИДА.

Господинот Чедомир Краљевски информираше дека во рамките на одбележувањето на 1 Декември - Меѓународниот ден за превенција од ХИВ/СИДА, пратеници од политичките партии застапени во Собранието на Република Македонија ја искажаа својата спремност и поддршка за превенцијата од ХИВ/СИДА. Истовремено, тие упатија пораки дека ќе настојуваат да се зголеми поддршката на владините институции и локалната самоуправа за програмите кои се однесуваат за ХИВ/СИДА, со што нивното успешно остварување нема да зависи само од надворешните донации.

Тој ја насочи својата дискусија на прашањето за надминување на проблемите со дискриминацијата на лицата со ХИВ/СИДА, легислативата за нивните човекови права, како и континуираната достапност до антиретровирусната терапија. Господинот Краљевски подвлече дека за разрешување на овие прашања била направена анализа на постоечката легислатива за човекови права со цел за согледување на постоечките можности и потреби на лицата со ХИВ/СИДА.

На крајот од својата дискусија, г. Краљевски изрази надеж дека меѓународната заедница ќе продолжи и понатаму да ја дава својата поддршка на овој многу важен процес и ја нагласи потребата за заедничкото дејствување со спречување, односно ублажување на ХИВ/СИДА епидемија.

По дебатата Комисијата формира техничка комисија составена од парламентарци од Белгија, Египет, Ел Салвадор, Етиопија, Индија, Индија, Мароко, Мексико, Руска Федерација, Фиџи и Швајцарија.

На 7 април Третата постојана комисија со консензус го усвои нацртот на резолуцијата поднесен од известителите, изменет со прифатените амандмани. На седницата, исто така, беше определена темата за расправа на Третата комисија за 114 Собрание на ИПУ "Како парламентарците можат и треба да промовираат ефикасна борба против насилството врз жените на сите полиња".

УСВОЈУВАЊЕ НА РЕЗОЛУЦИИТЕ НА 112 СОБРАНИЕ НА ИПУ

На пленарната седница одржана на 8 април 2005 година Собранието расправаше и ги усвои извештаите на постојаните комисии и предложените резолуции за точките од дневниот ред.

Предлогот на резолуцијата за четвртата точка од дневниот ред беше едногласно усвоен, по што претставник на Делегацијата на Сирија, како објаснување за гласањето, ја нагласи потребата за организирање на меѓународна конференција со цел да се утврди прецизна дефиниција за тероризмот. За збор се јави и претседателот на Првата постојана комисија на ИПУ г. Едуардо Менем, кој ги поздрави заедничките напори за усвојување на силна резолуција и уште еднаш ги повика парламентите да не ги прифатат билатералните договори што обезбедуваат имунитет за испитување и гонење, од страна на Меѓународниот кривичен суд, на граѓани од која било држава.

Едногласно беа усвоени и резолуциите за петтата и осмата (итна дополнителна) точка од дневниот ред. По гласањето за резолуцијата по шестата точка од дневниот ред која, исто така, беше усвоена едногласно, Делегацијата на Саудиска Арабија даде коментар за заштитата од ХИВ/СИДА на здравствените работници.

На седницата на Собранието беа одобрени предложените теми за дискусија во рамките на постојаните комисии за 114 Собрание на Интерпарламентарната унија, а темата за расправа на општата дебата за политичката, економската и социјалната состојба во светот за ова собрание ќе биде определена на 113 Собрание на Интерпарламентарната унија што ќе се одржи од 14 до 19 октомври 2005 година во Женева, Швајцарија.

176 ЗАСЕДАНИЕ НА УПРАВНИОТ СОВЕТ НА ИПУ

Заседанието на Управниот совет на ИПУ се одржа на 4 и 8 април 2005 година, под претседателство на претседателот на ИПУ г. Серџо Паез Вердуго.

Во работата на Советот учествуваа *д-р Љупчо Јордановски, г-ѓа Каролина Ристова и г. Исмет Рамадани,* членови на Управниот совет.

Претседателот на ИПУ поднесе извештај за активностите на претседателот меѓу двете заседанија на Советот и усен извештај за активностите на Извршниот комитет. Советот констатира дека генералниот секретар поднесе годишен извештај за активностите на Унијата во 2004 година, кој ќе биде издаден како посебна публикација.

Членство во Унијата

Советот, по препорака од Извршниот комитет, го одобри барањето за повторно здобивање со статус на полноправен член на Парламентот на Грузија. Со оваа измена Интерпарламентарната унија брои 141 член.

Управниот совет, исто така, ја разгледа состојбата во одредени членки на Унијата, кои заостануваат со плаќањето на своите обврски кон Унијата.

Финансиски резултати на Унијата за 2004 година

Управниот совет ги разгледа Годишниот финансиски извештај, ревидираните финансиски извештаи и извештајот на надворешните ревизори за 2004 година. На седницата беше разгледан и усвоен извештајот на внатрешните ревизори на Унијата за 2004 година, поднесен од г. Рамон Вериер, пратеник од Куба и г. Сурананд Вејаџива, пратеник од Тајланд. Внатрешните ревизори ја оценија финансиската состојба на Унијата како задоволителна и подобрена во однос на претходната година. Тие изразија загриженост во врска со инвестирањето во Пензискиот фонд за членовите на Службата на ИПУ и можноста за иден дефицит во исплаќањето на пензиите на 12 пензионери кои треба да бидат исплатени од овој Пензиски фонд.

Амандмани на Статутот и правилата

Советот го одбри предлогот за ново правило во Финансиските регулативи со кое се овозвожува делумно или целосно бришење на заостанатиот долг што потенцијалните членки на ИПУ го имаат наследено од поранешните режими. Во предлогот се нагласува дека ваква одлука може да биде донесена само во исклучителни случаи и тоа случај по случај. Се очекува Советот формално да го усвои амандманот на своето 177 заседание во Женева.

Соработка со системот на Обединетите нации

Советот беше информиран за продлабочувањето на соработката меѓу ИПУ и Организацијата на Обединетите нации. Главен акцент беше ставен на *Резолуцијата 59/19*,[36] усвоена со консензус на 59 заседание на Генералното собрание на ОН. Оваа резолуција повикува на зацврстување на соработката меѓу ООН и ИПУ, ја поздравува одлуката за свикување на Втората светска конференција на спикерите/претседателите на парламентите во седиштето на ООН во септември 2005 година и ја истакнува клучната улога на Интерпарламентарната унија во консултирањето на националните парламенти за изнаоѓање на најсоодветни начини за примена на заклучоците од Панелот Кардозо[37].

Управниот совет, исто така, оцени дека двата годишни парламентарни состаноци Парламентарното ислушување на ООН, одржано во рамките на есенското заседание на Генералното собрание на ОН и Парламентарниот состанок, одржан во рамките на Годишната сесија на Комисијата за состобата на жените, постепено се етаблираат како редовни и значајни активности во работната програма на Обединетите нации.

По барање од Извршниот комитет на ИПУ, проектите и програмите спроведени во партнерство со телата и специјализираните агенции на ООН беа презентирани во посебен документ, при што беше оценето дека постои голем потенцијал за натамошно развивање на партнерството помеѓу Интерпарламентарната унија и системот на Обединетите нации.

---

[36] Оваа резолуција беше заеднички предложена од над 100 земји членки на ООН, меѓу кои и Република Македонија.

[37] Panel of Eminent Persons on United Nations - Civil Society Relations

Втора светска конференција на спикери/претседатели на парламенти

Членовите на Советот беа информирани за подготовките за Конференцијата што ќе се одржи од 7 до 9 септември 2005 година во седиштето на ООН во Њујорк. Се очекува на овој настан, кој ќе биде отворен од Генералниот секретар на ОН г. Кофи Анан, да учествуваат над 150 носители на претседавачки функции од националните парламенти.

Третиот состанок на Подготвителниот комитет за Конференцијата ќе се одржи во мај 2005 година во Либревил, Габон. На овој состанок ќе биде разгледан предлогот на резолуцијата за Конференцијата, како и одговорите на прашалникот кој беше упатен до претседателите на парламентите. На овој прашалник одговориле над 80 парламенти меѓу кои и Собранието на Република Македонија.

Специјализирани конференции и состаноци

Членовите на Управниот совет беа информирани за резултатите од Парламентарното сослушување на 59 заседание на Обединетите нации, одржано на 19 и 20 октомври 2005 година во седиштето на ОН во Њујорк, Парламентарната конференција за Светската трговска организација, што се одржа од 24 до 26 ноември 2004 година во Брисел, Четвртата конференција за соработка и безбедност на Медитеранот, што се одржа на 6 и 7 февруари 2005 година во Нафлион, Грција и Парламентарниот состанок во рамките на 49 сесија на Комисијата за статусот на жената: Пекинг + 10, што се одржа на 3 март 2005 година во седиштето на ОН во Њујорк.

Реформа на Интерпарламентарната унија

Управниот совет го разгледа извештајот за предложената комуникациска стратегија и новиот ресурсен центар на ИПУ. Во извештајот подготвен од надворешен консултант, компанијата Saatchi & Saatchi Генева, се предлага корпоративно брендирање и нова комуникациска стратегија за ИПУ, со цел организацијата да стане повидлива и попрепознатлива. Предложено е ИПУ да се позиционира како *меѓународен глас на демократијата*, односно како организација која е меѓународен претставник на повеќе од 40000 парламентарци и парламентарки од светот, кои се избрани од милиони луѓе за да ги претставуваат нивните интереси.

Во врска со новиот ресурсен центар на Интерпарламентарната унија, Советот беше информиран дека истиот би бил во функција на промовирање на ИПУ во светски центар за информации за парламентите и демократијата и афирмирање на неговата улога во овој домен, како и зачувување и дистрибуирање на публикациите и документите на ИПУ.

Извештаи за работата на комисиите и другите тела на Унијата

На Управниот совет му беа презентирани извештаите за активностите на Состанокот на жените членови на парламенти, Комитетот за човекови права на парламентарците, Комитетот за прашања на Блискиот Исток, Групата на олеснувачи за Кипар, Комитетот за промоција на меѓународното хуманитарно право и Групата за партнерство меѓу половите.

За одбележување е извештајот на Комитетот за човекови права на парламентарците, кој за време на заседанието во Манила разгледа 57 случаи од 31 земја и одржа состаноци со 17 делегации. Од Комитетот беа поднесени, а од Советот усвоени, резолуции што се однесуваат на 123 случаи на загрозување на човековите права на парламентарци од 17 земји: Белорусија, Бурунди, Еквадор, Еритреа, Зимбабве, Израел/Палестина, Индонезија, Камбоџа, Колумбија, Малезија, Мианмар, Монголија, Пакистан, Сирија, Руанда, Турција и Хондурас.

Идни интерпарламентарни состаноци

Советот беше запознат со календарот на веќе утврдените идни активности на Унијата, по што го одобри одржувањето на следниве Собранија на ИПУ: 115 Собрание

(13-18 октомври 2006, Женева), 116 Собрание (март/април 2007, Банкок, Тајланд), 117 Собрание (септември/октомври 2007, Женева) и 118 Собрание (март/април 2008, Адис Абеба, Етиопија).

Управниот совет одлучи да го одобри и одржувањето на следните состаноци: Семинарот за влијанието на парламентарната акција врз правата на доморотците, организиран во партнерство со Канцеларијата на високиот комесар за човекови права ОХЦХР (25-27 јули 2005 г., Женева), Парламентарниот состанок во рамките на втората фаза на Светскиот самит за информатичко општество (17 ноември 2005 г., Тунис) и Состанокот на Координативниот комитет на Светската конференција на жени членови на парламенти за заштита на децата и младите (Женева).

УЧЕСТВО ВО РАБОТАТА НА ДРУГИ ТЕЛА, ОБЛИЦИ И АКТИВНОСТИ НА УНИЈАТА

ДЕСЕТТИ СОСТАНОК НА ЖЕНИ ЧЛЕНОВИ НА ПАРЛАМЕНТИ

Десеттиот состанок на жените членови на парламенти се одржа на 3 април 2005 година, а на него учествуваа 120 жени членови на парламенти од 79 земји. Во работата на состанокот учествуваше членот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија *г-ѓа Каролина Ристова.*

Состанокот го отвори г-ѓа Џоан Фрејзер, сенатор од Канада и претседател на координативниот комитет на жените членови на парламенти, а за претседател на Десеттиот состанок беше избрана г-ѓа Пиа С. Кајетано, сенатор од Филипини. На отворањето на состанокот говореа претседателот на ИПУ г. Серџо Паез Вердуго, претседателот на Сенатот на Филипините г. Френклин М. Дрилон и генералниот секретар на ИПУ г. Андерс Џонсон.

Во Манила Состанокот на жени членови на парламенти ја прослави својата 20 годишнина,[38] при што беше оддадено признание на жените кои се залагале за формирање на овој форум. За оваа прилика беше отворена и мала изложба за историјата на Состанокот.

На состанокот се водеше расправа за шестата точка од дневниот ред на Собранието "*Улогата на парламентите во промовирањето и имплементацијата на почитувањето на човековите права во стратегиите за спречување, управување и лекување на пандемијата на ХИВ/СИДА*". Учесниците се поделија во две панел-групи во кои дискутираа на две поттеми и подготвија амандмани за нацртот нарезолуцијата на Третата комисија.

Пратеничката ***г-ѓа Каролина Ристова*** учествуваше во работата на првата група која дискутираше на темата "*Улогата на парламентите во имплементацијата на почитувањето на човековите права на жените и девојчињата во стратегиите за спречување, управување и лекување на пандемијата на ХИВ/СИДА*". Во својата дискусија г-ѓа Ристова оцени дека улогата на Македонскиот парламент во борбата против ХИВ/СИДА е пасивна и маргинална. Таа истакна дека до сега не е одржана ниту една седница на Собранието посветена на оваа тема, на седниците на комисиите за здравство и за човекови права не е водена дискусија за овој проблем, нуту пак е поставено пратеничко прашање во врска со превенцијата од ХИВ/СИДА. Одржана е само една прес-конференција на која пратениците искажале декларативна поддршка на борбата против оваа пандемија. Понатаму, таа го наведе фактот дека во Националната стратегија за борба против ХИВ/СИДА не се спомнува Парламентот, туку само владините институции, невладините организации и медиумите. Исто така, во Клубот на жените парламентарки во Собранието на Република Македонија темите за влијанието на ХИВ/СИДА врз жените и децата не се директно адресирани, иако се обработувани теми кои се поврзани со овој проблем, како што се трговијата со жени и девојчиња, проституцијата и сл. Ова остава простор за акција на одредена специфична

[38] Првиот состанок на жени парламентарки е одржан во април 1985 година во Ломе, Того, во рамките на 73 Конференција на Интерпарламентарната унија.

тема, како на пример, едукација за пренесувањето на вирусот од мајката на плодот, проблемите со планирањето на семејството и условите на раѓање на децата итн.

Госпоѓа Каролина Ристова се осврна и на некои од причините за ваквата пасивност и маргинализација на Парламентот во превенцијата од ХИВ/СИДА. Таа ги наведе следниве причини: постоењето на соодветна правна регулатива за ХИВ/СИДА, малиот број случаи на заразени со вирусот, многу активната улога на НВО секторот во образованието, информирањето и зголемувањето на свесноста кај населението итн. Посочувајќи дека се уште постои простор за соодветна ангажираност на Парламентот за подобрување на целокупната состојба со ХИВ/СИДА во земјата, таа се заложи за иницирање на активности за ослободување од жигосаноста на заболените од овој вирус, обезбедување на соодветно финансирање на борбата против ХИВ/СИДА, подобрување на законодавството за почитување на приватноста и сл.

ГЕОПОЛИТИЧКА ГРУПА "ДВАНАЕСЕТ ПЛУС"

Групата "Дванаесет плус" одржуваше редовни состаноци пред заседанијата на телата на Унијата на 2 април, како и од 4 до 7 април 2005 година. Од Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија на состаноците учествуваа членовите на Управниот совет *д-р Љупчо Јордановски и г. Исмет Рамадани*.

Посебно внимание во текот на седниците беше посветено на изборот на претседател на Интерпарламентарната унија, што треба да се оствари во октомври 2005 година, на престојното 113 Собрание на ИПУ. За оваа функција се најавени две кандидатури на претставници од земји членки на Групата "Дванаесет плус": г. Герт Весник, пратеник од Белгија и претседател на Групата "Дванаесет плус" и г. Пјер Фердинандо Казини, претседател на Долниот дом на Италијанскиот парламент. Другите геополитички групи се уште немаат предложено свој кандидат за претседател и неизвесно е дали ќе го сторат тоа.

На последниот состанок на Надзорниот комитет на Групата "Дванаесет плус", одржан на 11 март 2005 година била утврдена процедурата по која Групата "Дванаесет плус" ќе гласа за свој официјален кандидат за претседател на ИПУ. Со оглед дека претседателот г. Пјер Фердинандо Казини не беше во можност да присуствува на 112 Собрание на ИПУ заради активности поврзани со смртта на Папата Јован Павле II, тој упати писмо до членовите на Групата со кое ја потврди својата одлука да се кандидира за претседател на ИПУ и побара да не се гласа за официјален кандидат на Геополитичката група "Дванаесет плус". По ова следеше гласање во кое членовите на Групата "Дванаесет плус" поединечно се изјаснуваа дали оваа геополитичка група треба да гласа за утврдување на свој официјален кандидат за претседател на ИПУ. Резултатот од гласањето беше следниов: 39 гласа "за", 29 гласа "против" и 1 "воздржан" (Македонија: 2 гласа "против"), по што беше заклучено дека гласањето за официјалниот кандидат ќе се одржи наредниот ден.

Како реакција на ваквиот исход од гласањето пристигна допис од италијанската Делегација, во кој Делегацијата информира дека претседателот на Долниот дом на Италијанскиот парламент ја повлекува својата кандидатура во рамките на Групата "Дванаесет плус" и дека истата ќе ја презентира директно пред Управниот совет во октомври 2005 година, без разлика каков ќе биде резултатот од гласањето во Геополитичката група. Истовремено, италијанската Делегација информираше дека нема да учествува во делот од состанок каде што ќе се изврши гласањето за кандидат на Групата.

Со тајно гласање, во кое членовите се изјаснуваа само за кандидатурата на белгискиот пратеник, Групата "Дванаесет плус" го избра г. Герт Версник за свој официјален кандидат за претседател на Интерпарламентарната унија.

На состаноците на Геополитичката група "Дванаесет плус", исто така беа усогласени ставовите за дополнителната точка на дневниот ред на Собранието и беше дадена поддршка на кандидатите од членовите на Групата за упразнетите функции во органите и телата на ИПУ и за техничките комисии, а беа разгледани и други прашања од надлежност на геополитичката група и на Интерпарламентарната унија.

ЗАСЕДАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГЕНЕРАЛНИТЕ СЕКРЕТАРИ НА ПАРЛАМЕНТИТЕ

Во текот на Собранието се одржа заседанието на Здружението на генералните секретари на парламентите (ЗГСП). На заседанието се водеа општи дебати на две теми "Развојот на парламентарната служба" и "Интерпарламентарната соработка во рамките на геополитиките региони". Модератор на дебатата по првата тема беше г. Јан Харис, генерален секретар на Претставничкиот дом на Австралија, а со дебатата по втората тема раководеше г. Андерс Форсберг, генерален секретар на Парламентот на Шведска.

Во рамките на првата дебата свој прилог за развојот на парламентарната служба во Собранието на Република Македонија достави г. Александар Новакоски, генерален секретар на Собранието на Република Македонија. Генералниот секретар на Националното собрание на Кенија г. Самуел Ваверу Ндиндири, информираше за подготовките за одржувањето на следното заседание на ЗГСП што ќе се одржи во Најроби, во рамките на 114 Собрание на Интерпарламентарната унија.

Здружението избра двајца нови члена на Извршниот комитет, а расправаше и за административни, финансиски и други прашања од надлежностите на ЗГСП.

ДРУГИ АКТИВНОСТИ ВО ТЕКОТ НА СОБРАНИЕТО

На 5 април 2005 година се одржа дебата на тема "Миграции и развој". На парламентарците им се обратија и одговараа на прашања г. Јан Карлсон, копретседавач на Глобалната комисија за меѓународни миграции и поранешен министер за миграции и развој на Шведска и г. Томас Ачакосо, поранешен администратор на Администрацијата за вработување во странство на Филипините.

Во заедничка организација на ИПУ и УНИЦЕФ на 6 април 2005 година беше организирана панел дискусија на тема "Насилството врз жените и децата во состојби на вооружен конфликт". Воведничари во дебатата беа пратеници од Руанда, Шри Ланка и Шведска, како и претставници на Амнести Интернешнл и Обединетите нации.

Во текот на Собранието беа одржани седници на Извршниот комитет, Координативниот комитет за жените парламентарки, Комисијата за човекови права на парламентарците, Комитетот за прашања на Блискиот Исток, Групата на олеснувачи за Кипар, Комитетот за промоција на меѓународното хуманитарно право и Групата за партнерство меѓу половите.

За време на 112 Собрание на ИПУ, претседателот на Собранието на Република Македонија д-р Љупчо Јордановски оствари средба г. Герт Версник, претседател на Групата вДванаесет плусг, на негово барање. На средбата, која беше во функција на лобирање за претстојниот избор за претседател на Интерпарламентарната унија, г. Версник ја презентираше својата кандидатура и побара поддршка од македонската Делегација за изборот. Господинот Јордановски се обврза дека на членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија ќе им ги пренесе деталите од состанокот, по што Делегацијата ќе одлучи на кого ќе ја даде својата поддршка при гласањето за претседател на Интерпарламентарната унија.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Може да се оцени дека учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на 113 Собранието на ИПУ беше мошне успешно, активно и конструктивно. Со настапите на пратениците се овозможи презентација на ставовите од македонските парламентарци за актуелните прашања од доменот на надлежностите на ИПУ. Покрај тоа, беше остварено активно учество во работата на организационите структури на Унијата, како и непосредни контакти и средби со парламентарци од голем број земји. Со тоа е продолжен континуитетот во соработката и во градењето на ставовите на ИПУ, а особено во поглед на афирмација на Република Македонија на поширок меѓународен план.

ПРИЛОГ 1

УЛОГАТА НА ПАРЛАМЕНТИТЕ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА СООДВЕТНИ МЕХАНИЗМИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ СУДСКИ ОДЛУКИ И ОСУДУВАЊЕ НА ВОЕНИ ЗЛОСТОРСТВА, ЗЛОСТОРСТВА ПРОТИВ ЧОВЕШТВОТО, ГЕНОЦИД И ТЕРОРИЗАМ, СО ЦЕЛ ИСТИТЕ ДА НЕ ОСТАНАТ НЕКАЗНЕТИ

Резолуција едногласно усвоена од 112 Собрание на ИПУ

(Манила, 8 април 2005)

112 Собрание на Интерпарламентарната унија,

Длабоко загрижени од фактот дека во денешниот свет, многу региони и цели општества се брутално погодени од постоењето на воени злосторства, злосторства против човештвото, геноцид и/или тероризам, кои се сериозни видови на криминал што ја загрижуваат целокупната меѓународна заедница,

Убедени дека нема оправдана причина за таквите одвратни злосторства,

Сметајќи дека, согласно со принципите гарантирани со Повелбата на Обединетите нации, меѓународното право за човекови права, меѓународното хуманитарно право и меѓународното кривично право, се развиени соодветни инструменти и тоа е од врвно значење за осигурување дека нивните одредби треба да бидат спроведени, во согласност со меѓународните обврски преземени од државите,

Потсетувајќи во таа насока, на особеното значење од осигурување на почитување на правата и фундаменталните слободи гарантирани во Универзалната декларација за човекови права, Меѓународниот договор за граѓански и политички права, Меѓународниот договор за економски, социјални и културни права, Женевската конвенција за заштита на жртви на војна од 12 август 1949 година и нејзините дополнителни протоколи, Конвенцијата за спречување и казнување на злосторства на геноцид и други инструменти, спогодби и договори кои осигуруваат почитување на човековиот дигнитет, како и нормите за човекови права на обичаено меѓународно право рефлекитрани од државните практики,

Сметајќи дека според меѓународното право нема да се применуваат статутарни ограничувања за воени злосторства, злосторства против човештвото, геноцидот и тероризмот и ваквите злосторства нема да бидат предмет на амнестија, милосрдие или простување и дека тоа е потврдено со одлуки на националните и меѓународните судови,

Потсетувајќи на резолуциите за мир, безбедност и разоружување усвоени од ИПУ од 1990 година,

Нагласувајќи ја важноста на Меѓународниот кривичен суд (МКС) во спречувањето и казнувањето на воени злосторства, геноцид и злосторства против човештвото и *потсетувајќи* во таа насока дека државите страни на Римскиот статут на МКС имаат должност самите да гонат вакви злосторства или да ги доведат лицата под сомнение за вакви злосторства под јурисдикција на МКС и исто така дека меѓународното хуманитарно право, како што е гарантирано во Женевската конвенција за заштита на жртви на војна од 12 август 1949 година и нивните дополнителни протоколи, ја става обврската на државите да трагаат и да ги судат лицата за кои постои сомневање дека извршиле, или наредиле да се извршат, сериозни прекршувања, без разлика на националноста на лицето или каде што се случиле прекршувањата,

Признавајќи дека надлежноста на МКС е ограничена на злосторства извршени на или по 1 јули 2002 година и дека има потреба од механизми за справување со воени злосторства, злосторства против човештвото и геноцид извршен пред тој датум,

Имајќи го предвид Римскиот статут, кој бара државите страни да соработуваат со МКС со цел да се справат со воени злосторства, злосторства против човештвото и геноцид и *имајќи ги предвид* 12 меѓународни конвенции и протоколи поврзани со тероризмот,

Загрижени за недостигот на напредок, од една страна од државите страни на Римскиот статут на МКС и, од друга страна, на сите држави во имплементирање на

потребните механизми за поддршка, соодветно на статутот и на одредбите усвоени од страна на Обединетите нации и другите тела за борба против овие злосторства,

Признавајќи дека политичката волја за зборување против расизмот, ксенофобијата и нетолеранцијата е основен елемент во ставање крај на неказнивоста,

Загрижени од фактот што имплементацијата на договори за гонење на воени злосторства против човештвото, геноцидот и тероризмот се одложени, ставени настрана или избегнувани од некои држави, со тоа подложувајќи ги овие договори на различни интерпретации и намалувајќи ја нивната ефективност, алармирани од можноста дека ова може да биде сигнал за дозволиво однесување кон неказнивост и загрижени од фактот дека многу држави се уште не го ратификувале или пристапиле кон Римскиот статут,

Убедени дека парламентите имаат примарна одговорност и мора, преку спроведување на потребното законодавство, да играат централна улога во превенција, казнување и избегнување на неказнивост за воени злосторства, злосторства против човештвото, геноцид и тероризам и дека мултилатералниот пристап меѓу парламентите е соодветен начин за потпомагање на имплементацијата на механизми за спроведување на пресудите и казните за овие одвратни злосторства,

Потсетувајќи дека секоја држава има обврска и должност да ги гони или екстрадира сторителите на воени злосторства, злосторства против човештвото, злосторства или геноцид и терористички злосторства, без разлика на локацијата на злосторството или националноста на сторителот или жртвата,

Потсетувајќи дека жртвите на воени злосторства, злосторства против човештвото, геноцид и тероризам имаат право на вистина, правда и репарација,

1. *Силно ги осудува*, без исклучок, сите акти, методи и практики на злосторства, злосторства против човештвото и геноцид;

2. *Силно ги осудува* сите акти, методи и практики на тероризам во сите негови форми и манифестации, каде и од кого било извршени, вклучувајќи ги оние во кои државите се директно или индиректно вклучени, кои ги загрозуваат пријателските односи меѓу луѓето, ги загрозуваат или одземаат невини животи, имаат разорен ефект на меѓународните односи и можат да ја загрозат безбедноста и територијалниот интегритет на државите;

3. *Силно ги советува* сите парламенти членки на ИПУ да преземат, пред нивните држави и граѓани, во согласност со нивните национални законодавства и меѓународните обврски на државите, одговорност за имплементирање и спроведување, преку спроведување на националното законодавство, на меѓународни договори кои се склучени за казнување и спречување на воени злосторства, злосторства против човештвото, геноцид и тероризам;

4. *Препорачува* преку интерпарламентарната активност на членките на ИПУ, да се комбинираат напори и споделат искуства со цел да се развијат потребните механизми за следење на овие цели и за избегнување на неказнивост за тие поединци, организации и држави кои извршуваат воени злосторства, злосторства против човештвото, геноцид и тероризам;

5. *Бара* од парламентите членки целосно да ги кодификуваат, согласно со меѓународното право, особено меѓународното хуманитарно право, човековите права и правата на бегалците, овие одвратни злосторства во нивното домашно кривично право и да постават соодветни казни и механизми за избегнување на неказнивост;

6. *Ги поканува* оние држави кои се уште не го направиле тоа, да го ратификуваат или да пристапат кон Римскиот статут и да го ратификуваат Договорот за привилегии и имунитети на Меѓународниот кривичен суд и ги охрабрува сите парламенти членки чии држави се страни на Римскиот статут да го усвојат домашното законодавство со цел да им овозможат да соработуваат со МКС;

7. *Препорачува* парламентите, вклучувајќи ги и оние на државите кои не го ратификувале Римскиот статут, да донесат закони за спречување и казнување на воени злосторства, злосторства против човештвото, геноцид и тероризам;

8. *Препорачува* сите парламенти да го поддржат и да соработуваат со МКС и другите компетентни тела (како националните и меѓународните комисии за истражување на злосторства против човештвото и националните и меѓународни судови)

и со тоа да ја зајакне парламентарната активност за искоренување на воени злосторства, злосторства против човештвото, геноцид и тероризам;

9. *Препорачува* државите посебно да се осврнат на прашањето на воени злосторства, злосторства против човештвото и геноцид извршени пред влегувањето во сила на Римскиот статут во правна и легална рамка, кои се потребни услови за постигнување мир и почитување на човековите права во секоја земја и во меѓународната заедница;

10. *Бара* од парламентите членки да ги одбијат меѓународните договори кои би обезбедиле имунитет од истрага и гонење од страна на МКС за државјани на која било држава;

11. *Препорачува* сите парламенти да направат се што е во нивна моќ за да помогнат во кривичното гонење на лица кои ги бара Меѓународната кривична полициска организација (Интерпол), вклучувајќи и помош за нивно испорачување;

12. *Ги повикува* парламентите да размислат за ратификување, доколку се уште не го направиле тоа, на 12 мултилатерални договори за тероризам и релевантните регионални инструменти, да ги вклучат нивните одредби во домашното законодавство и да да се погрижат за нивно целосно имплементирање;

13. *Препорачува* сите парламенти да бараат од нивните соодветни влади да ги интензивираат напорите да дојдат до глобален договор за тероризмот, изразувајќи ја заедничката свест на државите за заканата на меѓународниот тероризам и обезбедувајќи прецизна дефиниција на природата и вистинските карактеристики на овој феномен, за поефективна борба против него;

14. *Повикува на* признавање на потребата за зајакнување на помошта за градење капацитет за земји кои имаат политичка волја, но имаат недостиг од технички ресурси потребни за склучување и имплементација на 12 антитерористички конвенции и протоколи;

15. *Препорачува* сите парламенти да донесат законодавство, во согласност со меѓународното право, за овозможување граѓански постапки кои ќе обезбедат компензација на жртви на воени злосторства, злосторства против човештвото, геноцид и тероризам;

16. *Ги охрабрува* парламентите да ја искористат најдобро што можат нивната надлежност и улога за постигнување на овие цели;

17. *Препорачува* парламентите да ги земат предвид меѓународните декларации и конвенции по овие предмети и на ставовите на Обединетите нации, МКС и сродните меѓународни или регионални агенции, власти и тела;

18. *Ги поканува* парламентите да ги вклучат во нивната агенда, активностите барани за имплементација на сите механизми кои можат да придонесат за гонење на воени злосторства, злосторства против човештвото, геноцид и тероризам, вклучувајќи зајакнување на владеењето на правни механизми за избегнување на неказнивост за овие злосторства и да осигураат права на жртвите на вакви злосторства на праведна репарација и

19. *Ги поканува* Обединетите нации и парламентите да промовираат дорбоволен придонес на Трустот на доверители за жрвти на МКС.

ПРИЛОГ 2

УЛОГАТА НА ПАРЛАМЕНТИТЕ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ИНОВАТИВНИ МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИСКИ И ТРГОВСКИ МЕХАНИЗМИ КОИ ЌЕ ОВОЗМОЖАТ РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ДОЛГОВИТЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА МИЛЕНИУМСКИТЕ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ

Резолуција едногласно усвоена од 112 Собрание на ИПУ

(Манила, 8 април 2005)

112 Собрание на Интерпарламентарната унија,

Повикувајќи се на Декларацијата усвоена на 1 септември 2000 година, од претседателите на националните парламенти, под наслов Парламентарната визија за меѓународна соработка на вечерта на третиот милениум,

Повикувајќи се и на Милениумската декларација од 8 септември 2000 година, која ги поставува осумте временски врзани и мерливи цели, колективно познати како Милениумски развојни цели, како критериум заеднички поставен од меѓународната заедница за искоренување на сиромаштијата и извештаите за човечки развој изготвени од Програмата за развој на Обединетите нации,

Повикувајќи се на крајните декларации на специјализираните конференции на Обединетите нации, особено на Меѓународната конференција за финансирање на развојот, одржана во Монтерej, Мексико во 2002 година, Светскиот самит за одржлив развој, одржан во Јоханесбург, Јужна Африка во 2002 година и Третата конференција на Обединетите нации за најслабо развиените земји, одржана во Брисел, Белгија во 2001 година,

Повикувајќи се на Декларацијата усвоена во Њујорк на 20 септември 2004 година, од 120 земји на крајот од Самитот за дејствување против гладот и сиромаштијата, септемврискиот извештај за 2004 година од Техничката група за иновативни финансирачки механизми и крајните извештаи на Милениумскиот проект на ОН, поднесени на 17 јануари 2005 година,

Повикувајќи се на резолуциите на Интерпарламентарната унија, особено оние усвоени на 7 Интерпарламентарна конференција (Ломе, 1985) за улогата на парламентите и нивниот придонес за искоренување на сиромаштијата, преку елиминирање на товарот од меѓународните долгови; 74 Интерпарламентарна конференција (Отава, 1985) за придонесот на парламентите во барањето на мерки и дејствија насочени кон отстранување на товарот од странските долгови, кој им тежи на земјите во развој; 88 Интерпарламентарна конференција (Стокхолм, 1992) за потребата од радикално решение за проблемот со долговите на светот во развој, 102 Интерпарламентарна конференција (Берлин, 1999) за потребата од ревизија на сегашниот глобален финансиски и економски модел, како и Крајниот документ од Интерпарламентарната конференција "Север-југ дијалог за глобален просперитет", организиран од ИПУ во Отава во 1993 година; резолуциите усвоени на 107 Конференција (Маракеш, 2002) за улогата на парламентите во развојот на јавната политика, во ера на глобализација, мултилатерални институции и меѓународни трговски договори, а исто и од Парламентарниот состанок по повод Светскиот самит за одржлив развој (Јоханесбург, 2002) од 108 Интерпарламентарна конференција (Сантјаго, 2003) за улогата на парламентите во зајакнувањето на демократските институции и човечкиот развој во еден поделен свет и од 109 Собрание (Женева, 2003) за глобалните јавни стоки - нов предизвик за парламентите,

Видно загрижени поради фактот што 1,2 милијарда луѓе - или секој петти човек во светот - преживуваат со помалку од еден американски долар дневно во секојдневното купување на рамноправноста на власта по глава, пониско од меѓународната стапка за сиромаштија посочена како долар дневно и дека во деведесетите години од минатиот век, сиромаштијата се влоши во 54 земји, вклучувајќи 35 африкански земји, оставајќи ги на крајот на декадата посиромашни отколку што беа во 1990 година,

Загрижени поради фактот што дури и да се преполови во 2015 година бројката на луѓе со крајна сиромаштија, во однос на 1990, јасно е дека стотици милиони луѓе од светот во развој ќе продолжат да живеат во целосна немаштија,

Препознавајќи дека улогата на парламентите во постигнувањето на осумтте МРЦ е суштинска и дека усвојувањето на согласното законодавство и соодветните буџетски распределби е неопходно,

Истакнувајќи ја потребата од помош и поддршка за подобрување на институционалниот капацитет на парламентите во земјите во развој, овозможивајќи им ефективно да го спроведуваат законодавството, надгледувачки и буџетски функции поврзани со МРЦ,

Препознавајќи ја важноста на обезбедувањето на одржливост на околината во постигнувањето на МРЦ, истакнувајќи ја улогата на Декадата на образованието за одржлив развој на Обединетите нации и Меѓународната декада за дејствување - Вода за живот, која почнува во 2005 година, и пречекот на влегувањетово сила на Кјото протоколот од 16 февруари 2005 година, како значителен чекор нанапред,

Длабоко загрижени што во сегашната состојба, финансирањето на Милениумските развојни цели (МРЦ), а со тоа и нивната имплементација, не се обезбедени,

Посочувајќи дека економскиот пораст, ослободувањето од долговите и помошта за јавен развој - трите главни извори во финансирањето на развојот - во сегашните услови не се во можност да ги создадат дополнителните 50 до 100 милијарди долари потребни годишно за постигнување на МРЦ,

Посочувајќи дека заложбите за помош при развојот (одредба за 0,7 проценти од бруто националниот производ) се уште не е спроведена од многу земји, но *со задоволство посочувајки* ги обврските што ги преземаа одредени земји да ги спроведат овие заложби во рамките на наредната декада,

Посочувајќи дека и покрај прогресот во одложувањето на долговите, ослободувањето и прераспоредувањето што беше направено и билатерално и мултилатерално во рамките на Бретон Вудс институциите, товарот од долговите останува главна пречка и препрека во економскиот пораст и човечкиот развој,

Убедени дека зајакнатото финансирање за помош во развојот може да биде корисно само доколку земјите приматели промовираат демократија и добра управа,

Убедени дека глобализацијата истовремено е извор за можности и предизвици за сите земји и дека има влијание врз секојдневниот живот на луѓето,

Посочувајќи дека многу земји во развој се засилено исклучени од меѓународната трговија и приливот на капитал, придружени од сиромаштија,

Посочувајќи ја растечката важност на меѓународната трговија и инвестициите и нивното директно влијание врз развојот и благосостојбата на нациите ширум светот и *загрижени* за фактот што сегашниот систем на меѓународна трговија и инвестиции е нарушен во многу сектори за сметка на развиените земји и претставува проблем за многу земји во развој,

Посочувајќи дека свесноста за важноста на трговијата и инвестициите во продлабочувањето на развојот на земјите бележи пораст откако во Доха се одржа Четвртиот министерски состанок на Светската трговска организација (СТО), која бараше да ги лоцира потребите и интересите на земјите во развој во центарот на меѓународните трговски преговори и ја состави Доха агендата за развој,

Поздравувајќи го пробивот, со Женевската рамковна спогодба од јули 2004 година, на преговорите извршени од СТО, после неуспехот од состанокот од Канкун,

И покрај тоа, загрижени за мноштвото несигурности кои преостанаа во тие преговори, особено во однос на прашањата од голема важност за земјите во развој,

Посочувајќи на фрапантниот недостаток на извори моментално расположливи за постигнување на повеќето МРЦ до 2015 година и *нагласувајки* ја одговорноста на владите и парламентите кои им обезбедуваат надзор во однос на заложбите маправени на Милениумскиот самит 2000,

Цврсто верувајќи дека 2005 година ќе биде клучна за владите да дејствуваат за постигнување на МРЦ, на состаноци на високо ниво, како што беше Г8 самитот во јули, на пленарниот состанок на високо ниво за разгледување на спроведувањето на Милениумската декларација на Обединетите нации, на Шеесеттата седница на

Генералното собрание на Обединетите нации, во септември и Шестата министерска СТО конференција, во декември,

Во очекување на престојниот Милениумски + 5 самит, кој ќе се одржи во Њујорк од 14 до 16 септември 2005 година, и *силно посакувајќи* да настанот повторно да ги исполни со енергија глобалните партнерства за постигнување на МРЦ;

1. *Бара од* парламентите членки на ИПУ, чии влади ја усвоија Милениумската декларација да го поддржат на спроведувањето на МРЦ во своите земји, преку распределба на средствата за таа цел во нивниот национален буџет;
2. *Ги охрабрува* парламентите на развиените земји да бараат од нивните влади да ги исполнат своите заложби за распределба на 0,7 проценти од нивниот БНП за ОДА, како што е посочено во Милениумската декларација и Монтерејскиот консензус;
3. *Ги поттикнува* парламентите на земјите во развој да осигураат дека нивните влади ќе ги мобилизираат потребните ресурси за развој, борба против корупцијата, ќе ги продолжат институционалните реформи, ќе усвојат економски и социјални политики соодветни за поттикнување на порастот и ќе промовираат демократија и човекови права, со обраќање посебно внимание на имплементацијата на новата Светска програма за образование за човековите права и ќе ги следат принципите на добро управување;
4. *Ги охрабрува* парламентите на земјите во развој да ги бранат интересите на својот народ во преговорите со СТО и да ја зајакнаат соработката меѓу нив;
5. *Ги поттикнува* владите на развиените земји и земјите во развој да даваат годишни извештаи за апликацијата и спроведувањето на овие стратегии во нивните парламенти;
6. *Предлага* таквите извештаи да даваат акцент на парламентарните дебати на национално и, доколку е возможно, на регионално ниво;
7. *Предлага* одредбите да бидат направени за истиот вид на пристап (стратегија и извештај) на регионално ниво;
8. *Ги поттикнува* земјите донатори, особено членките на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) да составуваат извештаи за спроведувањето на Целта број 8 од МРЦ (развивање на глобално партнерство за развој), специфицирајќи ги дејствијата што ги преземале за постигнување на таквите цели и квантитативно и квалитативно;
9. *Повикува на* напори за зголемување на ефективноста од помошта на меѓународно и регионално ниво, преку похармонизирани процедури и подобрена донаторска координација;
10. *Ги поттикнува* земјите донатори да ја продолжат соработката со организациите на Обединетите нации, меѓународните финансиски институции, други земји донатори, НВО-а и приватниот сектор;
11. *Ја истакнува* неподносливата природа на долговите за голем број земји во развој и *итно повикува на* ефективно одложување на долговите и да се забрзаат изводливите процедури за прераспоредување, додека се преземаат мерки за одбегнување на ново презадолжување меѓу земјите во развој;
12. *Предлага* да се воспостави витална врска меѓу простувањето на долговите и одредувањето на ресурсите кои според ова се ослободени за инвестициите поврзани со МРЦ, особено во областите на здравството, образованието и еднаквоста на половите, како што е посочено во Стратегијата за намалување на сиромаштијата на секоја земја;
13. *Препорачува* проучување на други механизми за помагање на земјите кои имаат сериозни кризи со долговите, но кои имаат многу високи приходи по човек за да се квалификуваат за помош која се одобрува на длабоко задолжените сиромашни земји;
14. *Ја искажува желбата* потребите на земјите во развој систематски да се земат предвид во меѓународните трговски преговори кои се во тек, во рамките на СТО, особено во однос на намалувањето на сиромаштијата, сигурност на храната и одржлив приход;

15. *Ја истакнува* централната улога на парламентите како олицетворение на народниот суверенитет во искажувањето на волјата на народите на меѓународните форуми;

16. *Препорачува* создавање на специјализирани комитети од страна на парламентите членки на ИПУ, за проследување на меѓународните трговски преговори и за дејствијата на меѓународните финансиски институции, за да обезбедат надзор на активностите на владите;

17. *Бара* од владите да ги информираат целосно своите парламенти за состојбата на релевантните меѓународни преговори и вклучените влогови;

18. *Бара* од ИПУ, работејќи со СТО, да помогне во зајакнувањето на капацитетите на парламентите во ова поле;

19. *Предлага* владите да вклучат парламентарци во делегациите кои учествуваат на министерските состаноци на СТО;

20. *Го поздравува* усвојувањето во седиштето на Обединетите нации на Декларацијата за дејствување против гладот и сиромаштијата од 120 земји, на 20 септември 2004 година, која е насочена кон поддршка на воспоставувањето на нови меѓународни финансиски алатки за МРЦ;

21. *Препорачува* да се постават новите ресурси, дополнително кон постоечките механизми и истовремено да бидат предвидливи и стабилни;

22. *Ја поддржува* понатамошната работа на предлозите за меѓународни финансиски механизми, на креативен и истовремено реалистичен начин на обезбедување дополнителни ресурси за развој и

23. *Бара* на Втората светска конференција на спикери, која ќе се одржи во Обединетите нации во 2005 година, да се проследи ова прашање.

ПРИЛОГ 3

УЛОГАТА НА ПАРЛАМЕНТИТЕ ВО ПРОМОВИРАЊЕТО И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПОЧИТУВАЊЕТО НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО СТРАТЕГИИТЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ И ЛЕКУВАЊЕ НА ПАНДЕМИЈАТА НА ХИВ/СИДА

Резолуција едногласно усвоена од 112 Собрание на ИПУ

(Манила, 8 април 2005)

112 Собрание на Интерпарламентарната унија,

Повикувајќи се на релевантните резолуции на ИПУ, особено на резолуцијата насловена Акција за борба против ХИВ/СИДА, во поглед на нејзиното уништувачко, економско и социјално влијание, усвоена во Виндхоек во 1998 година и убедени дека ХИВ/СИДА е севкупна закана на развојот, а не е изолиран здравствен проблем,

Понатаму повикувајќи се на Меѓународните насоки за ХИВ/СИДА и човекови права, издадени од страна на Програмата за ХИВ/СИДА на Обединетите нации (УНАИДС) и Канцеларијата на Високиот комесар на Обединетите нации за човекови права (ОХЦХР) во 1998 година и Декларацијата за заложби за ХИВ/СИДА "Глобални кризи - Глобална акција", усвоена од страна на Специјална седница за ХИВ/СИДА на Генералното собрание на Обединетите нации во 2001 година,

Имајќи го предвид Извештајот на УНАИДС од 2004 година за глобалната епидемија на СИДА,

Потврдувајќи ги препораките содржани во документот *Насоки за етиката и еднаквиот пристап* до ХИВ третман и грижа, издаден од УНАИДС и Светската здравствена организација (СЗО),

Осврнувајќи се на *Прирачникот за законодавци за ХИВ/СИДА, право и човекови права*, издаден заеднички од ИПУ и УНАИДС во 1999 година,

Потврдувајќи ги Милениумските развојни цели (МРЦ) содржани во Милениумската декларација на Обединетите нации, која има за цел да го спречи и да почне да го смени до 2015 година ширењето на ХИВ/СИДАТА,

Свесни дека остварувањето на сите МРЦ, вклучувајќи ги и оние за образование и безбедност на храна, нема да бидат видливи доколку нема напредок во соочување со предизвикот на СИДА и други преносливи болести,

Длабоко загрижени дека секоја година бројот на луѓе заразени со СИДА продолжува да расте, исто така, *длабоко загрижени* од изразениот пораст во бројот на жени и деца заразени со ХИВ/СИДА,

Признавајќи дека дискриминацијата против жените, де јуре и де факто, ги прави нив посебно подложни на ХИВ/СИДА,

Алармирани од невидениот број на деца ширум светот кои се останати без родители заради ХИВ/СИДА, кои се многу поподложни и се соочуваат со многу поголем ризик на глад, ограничен пристап до образование, здравство и социјални услуги, насилство, злоупотреба, експлоатација и регрутирање на деца како војници и свесни дека овие фактори ја зголемуваат нивната веројатност самите да станат заразени со ХИВ,

Понатаму загрижени што некои влади немаат волја да го признаат постоењето и сериозноста на ХИВ/СИДА пандемија и да ја признаат стигмата и дискриминацијата со кои се соочуваат луѓето болни од ХИВ/СИДА, особено жените, што ја спречува ефективноста на одговори на оваа епидемија,

Свесни дека стигмата и дискриминацијата продолжуваат да ги спречуваат луѓето да имаат пристап до ХИВ тестирање и консултантски услуги, кои се од посебна важност во спречувањето и третманот на пандемијата,

Признавајќи дека глобалната ХИВ/СИДА пандемија претставува страшен предизвик за човечкиот живот и дигнитет и за целосно уживање на човековите права и дека целосната реализација на човековите права и фундаменталните слободи за луѓето погодени, е основен елемент во глобалниот одговор на ХИВ/СИДА пандемијата,

Потврдувајќи дека почитувањето на заштитата и исполнувањето на човековите права за жените и девојчињата се фундаментални компоненти за пристапот кон решавање на ХИВ/СИДА,

Загрижени за негативното економско и социјално влијание за одбивањето на човекови права на луѓе кои живеат со ХИВ/СИДА на работа, образование и други социјални услуги и *уште повеќе загрижени* дека жените и децата често страдаат од најголемо економско и социјално влијание како резултат на пандемијата,

Подвлекувајќи дека борбата против ХИВ/СИДА не може да се издвои од борбата против сиромаштијата, која главно ги погодува жените и децата, поткопувајќи ја работната сила и наштетувајќи на економскиот и социјалниот развој,

Загрижени дека незнаењето и нетолеранцијата се се уште причина за маргинализација на лица погодени или кои се смета дека се погодени од ХИВ/СИДА, што претставува дискриминаторен акт на полето на медицинската помош, можностите за работа, образованието, домувањето и генерално на секој аспект поврзан со нивната социјална добросостојба,

Сметајќи дека, иако употребата на антиретровирусни лекарства комбинирани со соодветна терапија можат да го одложат напредувањето на ХИВ/СИДА, милиони инфицирани луѓе во земјите во развој, особено во Африка, не можат да си ги дозволат овие третмани,

Сметајќи дека, според Договорот за трговски аспекти на правата на интелектуална сопственост (ТРИПС Договорот) на Светската трговска организација (СТО), членките на СТО можат да дозволат производство на патентирани средства во случај на здравствени вонредни состојби и *давајќи до знаење* дека Светското здравствено собрание усвои резолуција со која ги охрабрува членките на ЊХО целосно да ги искористат флексибилностите на ТРИПС Договорот за промовирање пристап до антиретровируси и други неопходно фармацевтски производи,

Свесни дека реализацијата на правата на луѓето кои живеат со ХИВ/СИДА бара недискриминаторен пристап за нив до услуги, вклучувајќи здравствена грижа и третман, социјални и правни услуги, во подржлива социјална средина,

Убедени дека признавањето на степенот на инфекција на ХИВ/СИДА пандемија во секоја земја ќе помогне на соодветните влади да изготват нивна превенција и програми за третман за исполнување на нивните посебни потреби,

Понатаму убедени дека градење на капацитетите на поле на јавното здравство е клучно за спречување и третман на ХИВ/СИДА,

Исто така, убедени дека земјите особено погодени со ХИВ/СИДА пандемија треба да добијат посебна поддршка од меѓународната заедница за нивните напори за придржување со нивните заложби,

Сметајќи дека осигурувањето пристап до евтини лекарства, вклучувајќи пристап до антиретровирусна терапија за тие кои страдаат од ХИВ/СИДА, е фундаментално за брзо постигнување целосна реализација на универзалното право на уживање на највисоките можни стандарди на здравството,

Сметајќи дека конфликтните ситуации, особено во Африка, доведоа до зголемена појава на ХИВ/СИДА и *потсетувајќи* на Резолуцијата 1308 (2000) на Советот за безбедност на Обединетите нации, која констатира дека ХИВ/СИДА пандемија доколку е непроверена, може да претставува ризик за стабилноста и безбедноста и извештајот на Панелот на високо ниво за заканите, предизвиците и промените, кој ги става инфективните болести меѓу економските и социјалните закани за меѓународната безбедност,

Свесни за фактот дека секој одговор на епидемијата може да биде ефективен само ако ги решава причините на нејзино ширење, вклучувајќи илегална трговија со луѓе, особено тргувањето со жени и девојки, злоупотребата на дрога и нелегалната трговија и полово насилство, сметајќи во овој контекст дека основната улога на семејството, религијата и долго поставените етнички принципи и вредности треба да се подвлечат,

Нагласувајќи дека ХИВ/СИДА пандемија е истовремено медицинска, социјална и економска итна состојба,

1. *Ги повикува* парламентите и владите да осигураат дека нивните закони, политики и практики ги почитуваат човековите права во контекст на ХИВ/СИДА,

особено правата на образование, работа, приватност, заштита и пристап до нега, третман и социјални услуги и исто така, *бара* од нив да ги заштитат луѓето кои живеат со ХИВ/СИДА од сите форми на дискриминација во јавниот и приватниот сектор, да промовираат полова еднаквост, да осигураат приватност и доверливост во истражувањето што вклучува човечки субјекти и да обезбедат брзи и ефективни судски, административни и граѓански лекови во случај да се нарушени правата на луѓето кои живеат со ХИВ/СИДА;

2. *Ги потсетува* државите на заложбите кои ги направиле за промовирање и охрабрување на почитување на инструментите за човекови права, како Универзалната декларација за човекови права, Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права, Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација против жените и нејзините Алтернативни протоколи, Конвенцијата за права на детето, Конвенцијата против тортура и друг суров, нехуман или деградирачки третман или казна и Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација, како и Декларацијата за фундаментални права и принципи на работа на Меѓународната организација на трудот и *бара* од државите кои се уште не го направиле тоа да ги преземат потребните чекори и да ги имплементираат овие меѓународни инструменти;

3. *Ги поканува* државите кои не го направиле тоа да ја вклучат во нивните национални извештаи за МРЦ, целта за стопирање на ширењето на ХИВ/СИДА и за започнување на спречување на развојот на оваа епидемија; *понатаму ги поканува* парламентите да спонзорираат промовирање на овие извештаи од нивните места и охрабрува периодично основање на национални и регионални извештаи од кои го следат степенот на постигнување на МРЦ, особено на полето на борба против ХИВ/СИДА;

4. *Бара* од владите на развиените земји да продолжат и да ја зголемуваат финансиската и техничката помош која ја обезбедуваат за земјите во развој, а особено помалку развиените земји и да ја споделат нивната експертиза за ХИВ/СИДА со тие земји кои бараат создавање или зајакнување на нивните сопствени институции за човекови права во контекст на ХИВ/СИДА;

5. *Понатаму бара* од владите да определат доволно средства за нивните здравствени системи, вклучувајќи ресурси за спречување и грижа;

6. *Силно бара* од владите да имплементираат мерки препорачани во документот на UNAIDS/WHO *Насоки за етика и праведен пристап до ХИВ третман и грижа* за промовирање на еднаквост во дистрибуција на грижата за ХИВ во ресурсно-ограничени услови;

7. *Понатаму бара* од парламентите и владите да усвојат и да финансираат мерки потребни за осигурување на одржлива основа и за сите погодени лица (без разлика на социјалниот статус, законската ситуација, полот, возраста или сексуалната ориентација), достапноста и пристапноста до квалитетни услуги и информации за спречување ХИВ/СИДА, управување, третман, грижа и поддршка, вклучувајќи обезбедување на ХИВ/СИДА превентивни средства, како кондоми за мажи и жени, безбедни игли за инекции, микробициди и базични превентивни пакети за грижа, како и достапни антиретровирусни лекарства и други безбедни и ефективни лекови за сиромашните земји, психолошка поддршка, дијагноза и сродни технологии, за сите лица, со особено внимание на погодените поединци и населенија, како што се жените и децата;

8. *Исто така, бара* од парламентите и владите имплементација на мерките за зголемување на способноста на жените и адолесцентните девојки да се заштитат себеси од ризикот од ХИВ инфекција, главно преку обезбедување здравствена грижа и здравствени услуги, вклучувајќи ги оние поврзани со сексуалното и репродуктивното здравје;

9. *Ги поканува* парламентите и владите да усвојат мерки потребни за продолжување, интензивирање, комбинирање, правејќи заемно корисни и хармонизирани истражувачки и развојни напори за развивање нови третмани за броба против ХИВ/СИДА, нови средства за спречување и нови апарати и тестови за дијагностицирање, вклучувајќи вакцини и превентивни методи за контрола на жени како микробициди;

10. *Ги повикува* парламентите и владите да ги признаат здравствените, социјално-економските и другите ефекти на ХИВ/СИДА за поединци, семејства, општества и нации и да преземат соодветни законодавни и извршни социјални мерки за да го спречат ова ширење;

11. *Ги повикува* владите да обезбедат услуги за третман, грижа и поддршка за луѓето кои живеат со ХИВ/СИДА да бидат сеопфатни со вклучување на превенција и третман на други инфективни болести често асоцирани со ХИВ/СИДА, како пневмонија, туберкулоза и опортунистички инфекции;

12. *Бара* од сите парламенти и влади да усвојат и имплементираат политики за почитување на човековите права на лица кои живеат со ХИВ/СИДА и преку сите достапни медиуми да се застапуваат за и да ја подигаат свеста за тие права;

13. *Бара* од парламентите и владите да развијат и да имплементираат национални законодавства и политики кои се осврнуваат на потребите и човековите права на голем број деца без родители и кои се чувствителни од ХИВ/СИДА епидемијата;

14. *Бара* од парламентите:

(а) да изготват закони или да го изменат постојното законодавство за дефинирање на националните стандарди на заштита на оние кои страдаат од ХИВ/СИДА, а особено на луѓето од ранливите групи, како што се жените и децата, со особено внимание на ситуацијата на сите кои страдаат од губење на членови на блиското семејство како резултат на ХИВ/СИДА;

(б) да го разгледаат и прилагодат законодавството за да осигураат дека е во согласност со Меѓународните насоки за ХИВ/СИДА и човекови права;

(в) да донесат законодавство за да ги казнат оние кои со знаење го преземаат ризикот да пренесуваат ХИВ/СИДА или кои доброволно го прават тоа;

15. *Понатаму бара* од парламентите на земјите членки на ИПУ да промовираат соодветни законодавни мерки за справување со дискриминацијата против луѓе кои се погодени од ХИВ/СИДА и да придонесат за создавање социјална средина на толеранција и човечка солидарност, незаменлива за спречување на оваа страшна закана и за помагање на оние кои се погодени од неа;

16. *Исто така, ги повикува* владите, парламентите и меѓународната заедница да осигураат слободен пристап до ХИВ тестирање за сите;

17. *Бара* од парламентите да промовираат ефективна и ефикасна употреба на ресурси за ХИВ/СИДА одговор, вклучително со помош на координација на ниво на земја што го зема предвид разгледувањето на УНАИДС "Трите" носечки принципи за националните власти и нивните партнери;

18. *Бара* од парламентите да создадат парламентарни комисии и/или други структури формално поврзани со парламентите со посебна задача за справување со прашањето на спречување на ширењето на ХИВ/СИДА, за споделување на искуства, информации и најдобри практики за вклучување на сите сектори на општеството преку програми за партнерство во процесите на одлучување на високо ниво;

19. *Бара* од организациите, агенциите, телата, фондовите и програмите со системот на Обединетите нации да го инкорпорираат јавното здравство во нивните развојни активности и програми и активно да го поддржат градењето на капацитетот на системите на јавно здравство на земјите членки во однос на спречување и третман на ХИВ/СИДА;

20. *Бара* од парламентите и владите да ја земат предвид поврзаноста меѓу сексуалното и репродуктивното здравје и права, од една страна и борбата против ХИВ/СИДА, од друга;

21. *Понатаму бара* од парламентите да развијат сеопфатни политики за обезбедување на подобрена достава на храна во земјите погодени од ХИВ/СИДА пандемија;

22. *Бара* од парламентите и владите да осигураат развој и забрзана имплементација на национални стратегии за оспособување на жените, вклучувајќи пристап до права на сопственост, промоција и заштита на целосно уживање на сите човекови права од страна на жените и намалување на нивната подложност на ХИВ/СИДА преку елиминација на сите форми на дискриминација, како и на сите форми

на насилство против жените и девојките, вклучувајќи штетни традиционални и вообичаени практики, злоупотреба, силување и други форми на сексуално насилство;

23. *Силно бара* од владите да ги координираат напорите и да работат со Обединетите нации, невладините организации и други тела или институции вклучени во спречување на ХИВ/СИДА, со цел да се осигура дека човековите права на поединците кои живеат со ХИВ/СИДА се поддржуваат и заштитуваат;

24. *Ги повикува* парламентите и владите да ги зајакнат националните механизми како комисии, трибунали, законодавства и координирани стратегии за заштита, зајакнување, следење во нивните соодветни земји, на човекови права на поединци заразени и погодени со ХИВ/СИДА и да ги елиминираат сите форми на стигма и дискриминација, особено во поглед на ранливите групи како што се жени и деца - машки и девојчиња - кои го носат товарот на епидемијата и се грижат за болни луѓе и губат работни места, членови на семејството, приход и можности за образование како резултат на болеста и да обрнат посебно внимание на другите ранливи групи, како што се затворениците;

25. *Бара* од парламентите и владите да изготват политики и програми за ХИВ/СИДА кои ефективно ги признаваат потребите, посебно на жените и кои се сензитивни на разлики во смисла на културата и религијата што може да постои во општествата;

26. *Понатаму бара* од парламентите и владите да осмислат заштита во јавното здравство, предвидена со Одлуката на Генералниот совет на СТО од 30 август 2003 година, која им овозможува на членките да произведуваат и/или да извезуваат фармацевтски производи потребни за борба против заразните болести како ХИВ/СИДА кои се закануваат на општествата и да се залагаат за инкорпорирање на дозволена флексибилност во националните закони во согласност со ТРИПС договор на СТО;

27. *Ги повикува* парламентите и владите да го забранат задолжителното снимање на лица со ХИВ/СИДА кои се пријавуваат за патни визи, универзитетски уписи, работа или азил, во полза на доброволно тестирање;

28. *Понатаму бара* посебно внимание на спречувањето на ХИВ/СИДА со дистрибуирање на адекватни и целно ориентирани информации, со помош на сите достапни медиуми, подигање на свеста и образование на мажи и жени, со посебно внимание на адолесцентните момчиња и девојки и бара вклучување на сексуално образование во школските програми, за момчиња и девојчиња, како средство за спречување;

29. *Бара* од националните и локалните агенции да дадат висок приоритет за помош на трудните и жените кои дојат, а кои страдаат од ХИВ/СИДА, со цел да се заштитат нивните бебиња од инфекција;

30. *Бара* од парламентите и владите да основаат координирани, партиципативни, транспарентни и одговорни национални политики и програми за одговор на ХИВ/СИДА и да ги преведат во националните политики во активности на регионални и локални нивоа, вклучувајќи ја во развојот и имплементацијата, каде што е можно, на невладини организации и унии, религиозни организации, приватниот сектор и што е најважно на луѓе кои живеат со ХИВ/СИДА, а особено најранливите меѓу нив, вклучувајќи ги жените и децата;

31. *Ги повикува* мажите и жените парламентарци да осигураат дека националниот буџет е сензитивен на пол, со тоа ефективно осврнувајќи се на потребите на мажите и жените;

32. *Повикува* на зголемување на поддршката и ресурсите на Заедничката програма на Обединетите нации за ХИВ/СИДА (УНАИДС) и за зголемен финансиски придонес за Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија;

33. *Бара* од парламентите и владите да промовираат меѓународна соработка, растеж и развој како чекори кон содржаност на конфликтни ситуации и намалување на можното влијание од ХИВ/СИДА;

34. *Бара* од државите, во согласност со Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на Обединетите нации (2000) за жени, мир и безбедност, да осигураат адекватна обука за свесност за ХИВ/СИДА за членови на воениот, полицискиот и мировниот персонал;

35. *Го повторува* својот повик за владите да го признаат Меѓународното партнерство против СИДА во Африка и да го промовираат, заедно со Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија, како рамка за акција во борбата против СИДА во Африка;

36. *Ја потврдува* важноста за намалување на економскиот и културниот јаз меѓу развиените и земјите во развој, истовремено осигурувајќи дека стратегиите и програмите во борба против СИДА ги земаат предвид природните, човечките и културните карактеристики на регионите каде што тие се применуваат, за да се рефлектираат карактеристиките на демографската структура на секој регион и социјалните и економските услови на нејзините жители;

37. *Нагласува* дека земјите треба да го интегрираат развојот на проекти за јавно здравство во нивните национални економски и социјално развојни стратегии, кои би вклучиле основање и подобрување на ефективните јавни здравствени механизми, особено мрежа за надзор, спречување, третман на ХИВ/СИДА епидемија и за размена на информации.

ПРИЛОГ 4

ПРИРОДНИ КАТАСТРОФИ: УЛОГАТА НА ПАРЛАМЕНТИТЕ ВО ПРЕВЕНЦИЈАТА, РЕХАБИЛИТАЦИЈАТА, РЕКОНСТРУКЦИЈАТА И ЗАШТИТАТА НА РАНЛИВИТЕ ГРУПИ

Резолуција едногласно усвоена од 112 Собрание на ИПУ

(Манила, 8 април 2005)

112 Собрание на Интерпарламентарната унија,

Загрижено дека земјотресите, цунамите, поројните дождови, големите снегови, силните ветрови (тајфуни, торнада, итн.) поплави, одрони на земјиште, вулкански ерупции, шумски пожари, суши, напади на скакулци и други сериозни природни катастрофи се голема транснационална закана за сите луѓе и дека социјално ранливите сиромашни луѓе во земјите во развој се оние кои се особено чувствителни на катастрофите и честопати страдаат од големи оштети и завршуваат како внатрешно раселени лица или бегалци после ударите на природните катастрофи и дека последователните ефекти од природните катастрофи, како што се недостатоци на храна и влошувањето на санитарните услови, стануваат долготрајни извори на проблеми,

Свесно дека сите катастрофи, вклучувајќи ги и оние сторени од луѓето, се директна закана за човечките суштества и од гледна точка на гарантирање на човековата сигурност, неопходно е да се обезбеди помошта вистински да се насочи кон оние кои страдаат од последиците на овие катастрофи и да се зголемат можностите на индивидуите и локалните заедници за преземање на иницијатива,

Земајќи предвид дека преку 270.000 невини граѓани од Индонезија, Шри Ланка, Индија, Тајланд, Малезија, Мијанмар, Малдивите, Бангладеш, Сомалија, Кенија, Танзанија и други земји загинаа на 26 декември 2004 година, како резултат на големиот земјотрес на брегот на Суматра и цунамите во Индискиот Океан и дека десеттици илјади луѓе се уште не се пронајдени и дека многу стотици други си ги изгубија животите поради повратните удари во Индонезија, три месеца подоцна,

Искажувајќи го своето искрено сочувство на оние кои ги изгубија своите сакани во цунами катастрофата и во повратните удари, како и на народите, парламентите и владите на нациите зафатени од катастрофата,

Оддавајќи признание на лидерската улога што ја одиграа зафатените нации во реагирањето на катастрофата и *високо ценејќи* ја брзата соработка што ја покажа меѓународната заедница во изведувањето на олеснителни активности, како одговор на апелот за итна поддршка од Обединетите нации,

Ценејќи го фактот што Обединетите нации и нивните специјализирани агенции, како што се Канцеларијата на високиот комесар за бегалци на Обединетите нации (UNHCR), Детскиот фонд на Обединетите нации (UNICEF), Светската здравствена организација (SZO), Светската програма за храна (WFP) и Свестката банка, Меѓународниот монетарен фонд (MMF) и други институции, како што се Меѓународниот црвен крст и Црвената полумесечина и Азиската банка за развој (ADB), како и владите и многу меѓународни хуманитарни организации, веднаш излегоа во пресрет да обезбедат итна хуманитарна помош за потребите на жртвите од цунами катастрофата и да обезбедат итна медицинска нега, засолниште и храна за луѓето од зафатените земји и *искажувајки почит и благодарност* на генералниот секретар на Обединетите нации за неговото итно дејствување за посета на зафатените земји, со цел на самото место да го испита ужасот и пустошот предизвикани од цунамито,

Повикувајќи се на Декларацијата за дејствија за зајакнување на олеснувањето, рехабилитацијата и реконструкцијата на непогодите и превенција во последиците од земјотресите и цунами катастрофата од 26 декември 2004 година, усвоена на специјалниот состанок на лидерите на Асоцијацијата на југоисточните азиски нации (ASEAN) , одржана во Џакарта на 6 јануари 2005 година, и многубројните други дискусии кои се одвиваа на оваа тема на меѓународно ниво,

Повикувајќи се на резолуцијата усвоена на 108 ИПУ конференција, одржана во Сантијаго во Чиле, 2003 година, која се однесува на меѓународната соработка за превенција и менаџмент на прекуграничните природни катастрофи и нивното влијание врз зафатените региони,

Свесно дека штетата од неодамнешниот земјотрес и цунамите беа влошени поради недостатокот од систем за рано предупредување од цунами во крајбрежната област на Индискиот Океан и недостатокот во зафатената област од свесност за превенција од катастрофи, во однос на причинско-последователната врска меѓу големите земјотреси и цунамите,

Посочувајќи дека Специјалната седница за катастрофата на Индискиот Океан, одржана на Светската конференција за намалување на катастрофите (Кобе, Јапонија, 18-22 јануари, 2005) ја нагласи важноста на сеопфатното проценување на сите лекции научени од цунами катастрофата и продолжени меѓународни и регионални дијалози и дискусии за градење на системи за рано предупредување,

Посочувајќи дека извештај на УНИЦЕФ процени дека преку една третина од оние коишто умреле во скорешните земјотреси и цунами се деца и *длабоко загрижени* дека децата кои што страдале од катастрофата сега се изложени на таков третман како што е трговијата со луѓе и заразни болести,

Нагласувајќи ја важноста од итни хуманитарни олеснителни дејствија, промовирани од УНИЦЕФ, Меѓународната организација за емиграција (ИОМ), Светската здравствена организација (СЗО) и други, како одговор на оваа трагедија за опстанокот и за заштита на децата,

Повторно потврдувајќи ја важноста на повеќекратниот придонес од страна на парламентите и парламентарците за итно хуманитарно олеснување за деца и жени коишто се ранливи во ситуациите после катастрофите,

Препознавајќи ја потребата од психолошка помош и советување за елиминирање на менталната траума од големите човечки катастрофи за милиони невини жртви и *потврдувајќи* ја ефективноста од различните видови на поддршка обезбедена од невладини организации,

Земајќи ја предвид важноста на меѓународната соработка, солидарноста и партнерството, како и добро управување на сите нивоа, во зајакнување на дејностите за намалување на глобалните катастрофи,

1. *Ја повикува* меѓународната заедница да ја обнови својата определба за превенција од катастрофи онаму кадешто е возможно и да го минимизира влијанието од неизбежните природни непогоди, преку максимално искористување на лекциите научени во минатото, со цел да се подготвиме за природните катастрофи, кои можат да се случат каде било во светот и да се постигне општа волја кај целиот човечки род за спречување на големите оштети, а особено губитоци на животи;

2. *Предлага* нациите ширум светот кои се често погодени од катастрофи понатаму да ја зајакнат својата соработка во напорите за превенција од катастрофите, *ги охрабрува* да обезбедат и споделат искуства, експертиза, технологија и други информации за обезбедувањето на систем за рано предупредување и *ги поттикнува* засегнатите влади да направат чекор нанапред преку конкретни напори за создавање на систем за рано предупредување од цунами во регионот на Индискиот Океан, во рамките на меѓународна координација, управувана од органите на Обединетите нации, вклучувајќи ја Меѓувладината океанографска комисија (IOC) на Организацијата на Обединетите нации за образование, наука и култура (UNESCO) и Меѓународната стратегија за намалување на катастрофите (ISDR);

3. *Ги повикува* парламентите на секоја нација да ги предупредат своите влади да поддржат, во партнерство со Обединетите нации, ефективни проекти извршени од меѓународни организации како што се Црвениот крст и Црвената полумесечина, УНИЦЕФ, ИОМ, Програмата за човечко населување на Обединетите нации (UN-HABITAT), WHO и Развојниот фонд за жени на Обединетите нации (UNIFEM) за поддршка на децата, жените, најсиромашните и другите членови на општеството кои се ранливи во ситуациите после катастрофите;

4. *Предлага* парламентите на засегнатите нации и меѓународните организации вклучени во напорите за олеснување да ги повикаат владите на имплементација на планови за заштита и преживување на деца, вклучувајќи: (I) мерки

за спречување на трговија со луѓе и поддршка на повторно соединување на семејствата, (II) создавање на средства за заштита на децата и привремени домаќинства за семејства со еден родител, (III) услуги за олеснување на психолошките трауми, (IV) мерки за контрола на заразните болести и (V) прехранбена поддршка за децата;

5. *Ги повикува* парламентите на засегнатите земји и нивните соседи да заштитуваат од трговија со луѓе, заразни болести и други секундарни штети, деца кои станале сирачиња или останале неидентификувани после катастрофата, преку разнесување на информации, преку привлекување на општественото внимание кон ова прашање и образование на владата и полицијата и преку апелирање на националните влади да преземат институционални превентивни мерки, вклучувајќи го соодветното и навремено утврдување на правниот систем, на пример, преку привремена суспензија на процедурите за усвојување;

6. *Ги поттикнува* засегнатите лица да бидат особено внимателни во однос на важноста на локалната сопственост во процесот на реконструкција, *предлага* напорите да бидат направени на сите нивоа за промоција на учеството на ранливите популации во планирањето, одлучувањето и оперативните активности, со што реконструкцијата ќе биде поефективна и ќе се зајакне локалната демократија и *ги поттикнува* сите засегнати во реконструктивните напори да преземат чекори за создавање на општества и економии кои се одржливи за околината и екологијата;

7. *Ги поттикнува* Обединетите нации и другите институции на меѓународната заедница, а особено земјите донатори и меѓународните финансиски институции, да ги ценат нивните залагања за финансирање и помош во поддршката на националната рехабилитација и реконструктивните напори на засегнатите земји; и ги *охрабрува* парламентите членки на ИПУ чии влади направиле залагања да преземат решавачки чекори кон нивна реализација, на навремен и итен начин;

8. *Силно ги поттикнува* сите лица вклучени во процесот да бидат ригорозни во борбата против секоја форма на корупција, вклучувајќи го профитерството, кога сите програми ќе бидат составени и менаџирани;

9. *Ги повикува* земјите зафатени од цунами катастрофата да бидат одговорни и транспарентни и да и го обезбедат на меѓународната заедница, што е можно побрзо, бројот на загинатите и сите други релевантни информации во однос на последиците од штетата, со цел да се обезбеди доставувањето на помош соодветна за актуелната ситуација и да се олеснат одлуките поврзани со распределбата на помошта и *понатаму ги повикува* засегнатите земји да ги направат сите можни напори за да осигураат дека таквата помош е употребена најбрзо можно за директна корист на жртвите од цунами и е совесно употребена за изградба на сопствените нации;

10. *Ја признава* важната улога што ја играат и печатените и електронските медиуми во обезбедувањето на ажурирани информации во однос на цунами катастрофата, во охрабрувањето на светската заедница во обезбедувањето помош на цунами жртвите и во разнесувањето на сите релевантни информации за оваа катастрофа и ги *поттикнува* медиумите да го прават истото во сите катастрофални ситуации;

11. *Ги повикува* сите земји да бидат подготвени да се соочат со такви природни катастрофи во иднина, и да им помагаат на земјите во развој да се здобијат со системи за предупредување од природни непогоди и планови за подготовка за природни катастрофи и *понатаму ги повикува* научно развиените земји да споделуваат информации за такви катастрофи со остатокот од светот, Обединетите нации и соодветните меѓународни институции;

12. *Ги повикува* парламентите на секоја нација да ги поддржат мерките за превенција од катастрофите и хуманитарната помош спроведена од владите, меѓународните организации и други и ги *поттикнува* владите да учествуваат во меѓународната координација на помошта, со цел да се обезбеди ефикасна употреба на расположливите средства. Ова не ја исклучува билатералната поддршка и помошта обезбедена од одделни земји и меѓународни организации на настраданите нации;

13. *Ги повикува* парламентите членки да ги поттикнат своите влади да состават или да ги зајакнат постојните законодавни политики во однос на создавањето, обучувањето и поддршката на локалните тимови за реагирање на катастрофите во сите области, особено во областите изложени на катастрофи, да ги предвидат, да се

подготват, да ги планираат и спречат природните катастрофи и оние сторени од човекот, да се справат и да ги ублажат ефектите од последователната штета и да ги олеснат, рехабилитираат и да ги обноват областите зафатени од катастрофите, применувајќи ги, меѓу другото, следниве методи:

(а) изградба на капацитетите преку создавање на системи за рано предупредување и лоцирање на опасност и преку определување начини за спасување, поставување на евакуациони центри и изготвување на мерки за превенција од катастрофи;

(б) создавањето на брзи и ефикасни механизми за известување за катастрофите, обезбедување на информации за опсегот на штетата, бројот на засегнатите семејства и бројот на умрените, исчезнатите и повредените луѓе, определување на приоритетот на потребите што треба да се задоволат, справување и намалување на штетата, доставување на олеснителни залихи, како храна, непрехранбени продукти, материјали за итни засолништа и одредби за рехабилитација, вклучувајќи финансиска помош, вдомување и заеми;

(в) создавање на итни, среднорочни и долгорочни рехабилитациони планови, посветувајќи им особено внимание на жените, децата, постарите и другите членови на општеството кои се најранливи на секој аспект на катастрофата;

14. *Ги повикува* парламентите членки да создадат стратешки лоцирани регионални центри за обука, логистика и реакција на катастрофи кои, меѓу другото, ќе ги обучат локалните тимови за реагирање на катастрофите, ќе споделат меѓународни искуства, експертиза, технологија и други информации поврзани со превенција на катастрофите, обука и менаџмент, за предвреме да се постави итната опрема за брзо доставување и користење од меѓународните реактивни тимови кои одговараат веднаш во зафатените области, користејќи информации претходно собрани во областите подложни на катастрофи и да се координираат, мобилизираат и соработуваат со локалните тимови за реагирање на катастрофи во засегнатите области и *понатаму ја поттикнуваат* соработката меѓу овие регионални центри за обука, логистика и реакција на катастрофи и меѓународните хуманитарни организации, како што се оние на Обединетите нации, нивните партнери и агенции и Меѓународниот црвен крст и Црвена полумесечина. Ова не исклучува билатерална поддршка и помош обезбедена од одделни земји или меѓународни организации за настраданите нации;

15. *Ги поканува* сите парламенти членки на ИПУ да преземат итни дејствија за проследување на препораките содржани во оваа резолуција и со тоа уште еднаш да ги потврдат своите заложби за обезбедување цврста поддршка за сите иницијативи, особено во времиња на екстремна итност, за зачувување на неприкосновеноста на животот, да се отстрани човечкото страдање и да се подигне достоинството на сите народи.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Парламентарно собрание на Медитеранот

БЕЛЕШКА

за одредени покренати прашања за време на одржувањето на Подготвителниот состанок за Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот (Неапол, Република Италија, 25-27 јуни 2005 година)

Скопје, јуни 2005 година

1. *Подготвителниот состанок беше во функција на стручно и техничко организирање на Инаугуративната сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот, што треба да се одржи во периодот на третата декада на ноември о.г. во Аман, Јордан. Со тоа, Парламентарното собрание на Медитеранот прераснува во самостојна меѓународна мултилатерална организација, произлезена од поранешниот Процес за соработка и безбедност на Медитеранот (ЦСММ), кој во изминативе 12 години дејствуваше во рамките на ИПУ.*

Во текот на сесијата беше презентирано писмо од г. Борел де Фонтеле, претседател на Европскиот парламент упатено до претседатели на парламенти на одредени земји-членки на ЕУ, а во кое е пренесен ставот на членовите на Конференцијата на претседателите на политичките партии во Европскиот парламент во однос на формирањето на Парламентарното собрание на Медитеранот и ставот на Европскиот парламент по однос на ова прашање. Имено, изразена е резерва во однос на формирањето на Парламентарното собрание на Медитеранот како нова самостојна мултилатерална меѓународна организација поради постоењето на Евро-медитеранското парламентарно собрание (ЕМПА)[39]. Господинот Борел укажува дека постоењето на две сродни организации ќе претставува преклопување на надлежностите и интересите и ги замолува претседателите на одредените парламенти до кои се обраќа да размислат и да заземат став дали сметаат дека е или не е опортуно да се формира Парламентарното собрание на Медитеранот. (На овој состанок, на пример, Шпанија не беше претставена и беше пренесена информацијата дека таа се откажува од натамошно учество на идните настани на Парламентарното собрание на Медитеранот).

Учесниците на овој форум се согласија до г. Фонтеле да се испрати одговор на ова негово писмо во форма на Предлог-белешка, подготвена од г. Руди Сал, пратеник од Франција, претседател на Привременото биро на Парламентарното собрание на Медитеранот, г. Абделвахад Ради (Мароко), претседател на Претставничкот дом на Парламентот на Мароко и коизвестител на Привременото биро и г-ѓа Елза Пападимитриу, пратеник од Грција, исто коизвестител на Привременото Биро. Во Предлогот се наведуваат причините, односно фактите кои одат во прилог на формирањето на Парламентарното собрание на Медитеранот како самостојна меѓународна мултилатерална организација која според целите на својата активност, нема да се меша во сферата на интереси на постојното Евро-медитеранско парламентарно собрание (ЕМПА). Како појдовна основа се зема фактот дека не сите земји од Медитеранот се членки на ЕМПА, потоа целта на ЕМПА е да воспостави само вертикална соработка во однос на евро-медитеранскиот дијалог од зоната север-југ и особено во ЕУ.

Од друга страна, Парламентарното собрание на Медитеранот ќе ги опфати сите земји од Медитеранот и Балканските земји и ќе има за цел да оформи рамка за дебатирање на регионални проблеми, со посебен акцент на политичката соработка и безбедност, развој и натамошен прогрес во дијалогот меѓу цивилизациите.

Во Предлогот се апелира сите парламенти на земјите членки на досегашниот Процес за соработка и безбедност на Медитеранот да ги разгледаат сите овие укажувања пред да донесат издражана политичка одлука по ова прашање.

Истовремено, беше договорено претставници од овој форум да остварат разговори и политички консултации со г. Фонтеле со цел за изнаоѓање на соодветно решение за надминување на овие отворени прашања.

---

[39] ЕМПА е формирано во март минатата година и во кое веќе членуваат парламентите на сите земји членки од ЕУ и 10 медитерански партнерски земји. Сепак, интересите на сите земји од Медитеранот не се претставени во ЕМПА и на пример, во него не членуваат Либиската Арапска Џамахирија, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Србија и Црна Гора, а и Република Македонија).

2. Согледувајќи ги сите аспекти на новонастанатата ситуација, а со оглед на фактот што во Собранието на Република Македонија се започнати активности за формирање на нова делегација на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Медитеранот (согласно заклучоците на последната конференција на ЦСММ, одржана во февруари о.г. во Нафлион, Грција), но гледано и од аспект на нашето зачленување во ЕУ, сметаме дека политички е опортуно да се одложи формирањето на нова посебна собраниска делегација во Парламентарното собрание на Медитеранот, се додека не се расчистат сите дилеми и отворени прашања. Истовремено, може да се даде поддршка на формирањето на Парламентарното собрание на Медитеранот, како и натамошно учество на пратеници од Собранието на Република Македонија на идните настани на оваа организација, особено на следната Инаугуративна сесија на Парламентарното собрание на Медитеранот (ноември о.г., Аман, Јордан), но делегацијата да биде составена од пратеници од веќе постојната делегација во ИПУ и која всушност беше на Конференцијата во Нафлион, односно делегација која ги следи активностите од оваа област.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната Унија

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на 113 собрание на Интерпарламентарната Унија, одржано од 16 до 19 октомври 2005 година во Женева, Швајцарска Конфедерација

Скопје, ноември 2005 година

ВОВЕД

Собранието на Интерпарламентарната унија (ИПУ) го одржа своето редовно 113 заседание од 16 до 19 октомври 2005 година, во Меѓународниот конференциски центар во Женева, Швајцарска Конфедерација. На 113 Собрание на ИПУ учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија што ја сочинуваа пратениците г. Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија и шеф на Делегацијата, г-ѓа Каролина Ристова, г-ѓа Ангелка Пеева Лауренчиќ, г. Чедомир Краљевски и г. Исмет Рамадани, членови на Делегацијата, како и г. Александар Новакоски, генерален секретар на Собранието на Република Македонија, г-ѓа Каракамчева, секретар на Делегацијата и г-ѓа Анита Огњановска, раководител на Одделение. На дел од активностите присуствуваше и г. Ѓорѓи Аврамчев, амбасадор во Постојаната мисија на Република Македонија во Женева.

Во рамките на 113 Собрание на ИПУ седници одржаа трите постојани комисии на Интерпарламентарната унија, Управниот совет на ИПУ, Здружението на генералните секретари на парламентите, како и други тела, геополитички групи и облици на ангажирање во рамките на ИПУ.

113 СОБРАНИЕ НА ИПУ

Сто и тринаесеттото Собрание на Интерпарламентарната унија го отвори г. Серџо Паез Вердуго, сенатор од Чиле и претседател на ИПУ. Господинот Вердуго беше избран за претседател на Собранието, а г. Руди Сал, пратеник од Франција и потпретседател за Извршниот комитет на ИПУ беше избран за потпретседател на Собранието. На Собранието учествуваа делегации на 130 парламенти[40] (од 143 парламенти - членови на Унијата и седум асоцирани делегации). Од придружните членови, во работата на Конференцијата учествуваа регионалните парламентарни асоцијации,[41] а во својство на набљудувачи - делегации на Палестина, како и

[40] Албанија, Австрија, Алжир, Андора, Ангола, Аргентина, Азербејџан, Австралија, Бангладеш, Бахреин, Белгија, Белорусија, Бенин, Боливија, Босна и Херцеговина, Бразил, Боцвана, Брегот на Слоновата Коска, Бугарија, Буркина Фасо, Бурунди, Венецуела, Виетнам, Габон, Гана, Гватемала, Гвинеја, Германија, Грција, Грузија, Данска, Доминиканска Република, Демократска Република Конго, Декоратска Република Кореа, Египет, Еквадор, Ел Салвадор, Ерменија, Естонија, Етиопија, Зимбабве, Израел, Индија, Индонезија, Иран (Исламска Република), Ирска, Исланд, Италија, Јапонија, Јемен, Јордан, Јужна Африка, Канада, Казахстан, Кенија, Кина, Кипар, Киргистан, Конго, Куба, Кувајт, Лаос, Латвија, Либан, Либиска Арапска Џамахирија, Литванија, Лихтенштајн, Луксембург, Маврициус, Мадагаскар, Малезија, Малдиви, Мали, Малта, Мароко, Мексико, Монако, Монголија, Намибија, Непал, Нигерија, Нов Зеланд, Норвешка, Никарагва, Нигер, Обединета Република Танзанија, Обединето Кралство, Обединети Арапски Емирати, Пакистан, Панама, Перу, Полска, Португалија, Република Кореја, Република Молдова, Република Македонија, Романија, Руанда, Руска Федерација, Сан Марино, Сао Томе и Принципе, Саудиска Арабија, Сенегал, Сингапур, Сириска Арапска Република, Словачка, Словенија, Србија и Црна Гора, Судан, Суринам, Тајланд, Того, Тунис, Турција, Уганда, Украина, Обединета Република Танзанија, Унгарија, Уругвај, Филипини, Финска, Франција, Фиџи, Холандија, Чешка Република, Чиле, Џибути, Швајцарија, Шведска,Шпанија и Шри Ланка.

[41] Андскиот парламент, Централноамериканскиот парламент, Европскиот парламент, Латинскоамериканскиот парламент, Парламентарното собрание на Советот на Европа и Парламентот на Економската заедница на западноафриканските држави.

претставници на повеќе тела и специјализирани агенции на ООН[42] и други претставници на меѓународни и регионални организации,[43] на невладини организации[44] итн.

На Заседанието учествуваа 1.093 делегати, од кои 548 члена на парламенти. Од делегатите - членови на парламентите, 48 беа носители на претседавачка функција, 25 носители на потпретседавачка функција и 179 жени парламентарки (32,5%).

ИТНА ДОПОЛНИТЕЛНА ТОЧКА НА ДНЕВНИОТ РЕД

Согласно со Статутот, Собранието на Интерпарламентарната унија се изјаснуваше за дополнување на дневниот ред со итна дополнителна точка. Беше поднесен следниов предлог за дополнување на дневниот ред:

Од Индија, Мексико и Пакистан "Природни катастрофи: Улогата на парламентите во спречување, рехабилитација, реконструкција и заштита на ранливите групи".

По претставувањето на предлогот од страна на Пакистанската делегација, предлогот беше усвоен едногласно. Делегациите на Мексико и Индија зборуваат за поддршка на предлогот.

Дебатата по итната дополнителна точка, што се одржа на 18 октомври 2005 година и почна со презентација на г. Петер, заменик на шеф, Канцеларија за координација на хуманитарните работи (ОСНА), а во неа учествуваа 17 говорници од 14 парламентарни делегации и еден набљудувач. Дебатата ја следеше г. Љупчо Јордановски. Техничката комисија, составена од парламентарци од Индија, Индонезија, Мексико, Пакистан, Јужна Африка и Швајцарија, подготви предлог на резолуција и му ја поднесе за усвојување на Собранието на ИПУ.

Нацртот на резолуцијата на 19 октомври беше едногласно усвоена од страна на Собранието.

РАБОТА НА КОМИСИИТЕ

Првата постојана комисија за мир и меѓународна безбедност на седниците одржани на 17 и 19 октомври 2005 година расправаше за третата точка на дневниот ред на Собранието *вУлогата на парламентите и на медиумите во објективното информирање на јавноста, особено во врска со вооружените конфликти и борбата против тероризмот".* Во работата на Комисијата учествуваше членот на Делегацијата *г-ѓа Каролина Ристова.*

Комисијата дискутираше по извештајот и предлогот на резолуцијата подготвени од известителите г. Забо од Унгарија и г. Салим од Индија, како и амандманите на резолуцијата поднесени во статутарниот рок.

Во расправата учествуваа 63 дискутанти од 55 земји и две меѓународни организации, меѓу кои и членот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија *г-ѓа Каролина Ристова*.

---

[42] Обединетите нации, Конференцијата на Обединетите нации за трговија и развој (UNCTAD) Меѓународната организација на трудот (ILO), Организацијата за храна и земјоделство (FAO), Организацијата на обединетите нации за образование, наука и култура (UNESCO), Канцеларијата на Високиот комесар на ООН за бегалци (UNHCR), Организацијата за образование, наука и култура (UNESCO), Фондот за деца на ООН (UNICEF), Волонтерите на ООН (UNV), Светската организација за здравство (WHO), Светската банка, Меѓународниот монетарен фонд (IMF) и Светската трговска организација (WTO).

[43] Африканската унија, Меѓународната организација за миграции (IOM), Лигата на арапски држави, Арапската интерпарламентарна унија (AIPU), Африканската парламентарна унија (APU), Собранието на Западноевропската унија (AWEU), Здружението на европските парламентарци за Африка (AWEPA), Магребскиот консултативен совет, Парламентарното собрание на унијата на Белорусија и Руската Федерација, Парламентарното здружение за евро-арапска соработка (PAEAC), Парламентарната унија на земјите на Организацијата на исламската конференција (PUOICM) и Организацијата за забрана на хемиското оружје (OPCW).

[44] Амнести Интернационал, Меѓународниот комитет на Црвениот крст (ICRC) и Меѓународната федерација на здруженијата на Црвениот крст и Црвената полумесечина.

Во рамките на својата дискусија г-ѓа Ристова истакна дека Република Македонија се залага за подобрување на информирањето и во собраниска процедура е новиот закон за пристап на информациите за добивање на информации од државните институции. Во функција за подобро информирирање на граѓаните, јавниот радиодифузер воведе парламентарен канал кој директно ги пренесува не само пленарните седници, туку и седниците на работните тела.

Таа истакна дека Собранието на Република Македонија расправа и одлучува за испраќање на трупи во Ирак и Авганистан, но сепак нема доволно повратни извешаи, бидејќи Владата смета дека тоа се многу сензитивни информации. За жал за време на конфликтот во 2001 година, Собранието не било доволно информирано и честопати било изненадувано од нападите што се случувале во земјата, додека може само да се шпекулира дали и Владата била изненадена или едноставно таа не ги споделувала информациите со Парламентот.

Во врска со медиумите во посткомунистичките земји, таа потенцираше дека е потребна нивна поголема едукација, бидејќи некои од нив слободата на медиумите ја доживуваат како слобода од одговорност. Посочувајќи го случајот за ликвидирањето на тројцата киднапирани македонски граѓани во Ирак, рече дека медумите информирале без какво и да е воздржување, дали нивните семејства претходно знаеле што се случува со нивните најблиски. Истото се случувало и во 2001 година кога медиумите информирале поделени по етничка линија, а особено за цивилните жртви. Таа на крајот го поздрави ваквиот вид на дебати кои се во правец на подобрување на состојбите и донесување на правилни одлуки.

По дебатата беше формирана техничка комисија составена од парламентарци од Алжир, Белгија, Бенин, Данска, Гана, Израел, Јапонија, Пакистан, Руската Федерација, Венецуела и Зимбабве. Во работата на техничката комисија учествуваа и двајцата известители од Унгарија и Индија.

На седницата, исто така, беше определена темата за расправа на Првата комисија за 115 Собрание на ИПУ:

- *за 115 Собрание* "Соработката меѓу парламентите и Обединетите нации во промовирање на светскиот мир, посебно од перспектива на борба против тероризмот и енергетската безбедност", а за известители ги номинираше г. Мабадели од Јужна Африка и г-ѓа Молер од Исланд.

Во **Втората постојана комисија за траен развој, финансии и трговија** на 17 и 19 октомври 2005 година се оствари расправата за четвртата точка на дневниот ред "*Миграција и развој*". Во работата на Комисијата учествуваше пратеникот Исмет Рамадани .

Комисијата го разгледуваше извештајот и предлогот на резолуцијата поднесени од известителите, поднесените амандмани, како и информацијата подготвена од Секретаријатот .

Во дискусијата учествуваа 55 говорници од 46 земји и меѓународни организации. Во својата дискусија, членот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија Исмет Рамадани, истакна дека Република Македонија се наоѓа во регион во кој отсекогаш се случувале големи миграциони движења. За жал земјата, како и многу земји од Балканскиот регион, се соочува со проблемот на одлив на интелектуална сила, односно "одлив на мозоци". Причините се пред се економски, односно заради низок животен стандард, недостиг на професионален прогрес, лоши услови за научна работа. Посочи дека е потребно креирање на миграциона политика со посебни делови за интелектуалната миграција. како и правилно менаџирање на "одливот на мозоци".

Република Македонија стратешки се залага за развој и унапредување на регионалната соработка на полето на миграцијата, азилот, граничното управување, како и донесување на издржани решенија во однос на раселените лица, како витален дел од процесот на интеграција во Европската унија, во рамките на Процесот на стабилизација и асоцијација, Солунската агенда и Пактот за стабилност. Регионалната иницијатива за миграција, азил и бегалци позната како Регионален центар МАРРИ, а кој неодамна е отворен со седиште во Скопје, Република Македонија, позитивно влијае за нашите заложби за зајакнување и управување со популациските движења во областа на миграцијата, азилот и прашањата на раселените лица. Центарот работи на прашања за движење на населението во Западна Европа со промовирање на тесна регионална

соработка, како и современ, интегративен и кохерентен пристап кон миграционите прашања со цел да се задоволат меѓународните и европските стандарди.

Исто така, тој посочи дека Република Македонија презема активности за подобрување на законските решенија во областа на миграцијата со европските стандарди и правила. Во таа насока во собраниска процедура е Предлогот за донесување на закон за странци со кој практично се врши усогласување на визниот режим со стандардите на ЕУ. Законот предвидува и заострување на казнената политика во однос на илегалната миграција. Како дел од реформскиот процес на зајакнување и промена на системот на граничното обезбедување и режимот на премин на државната граница, во Република Македонија се спроведува проектот за Интегрирано гранично управување, со што започнува етапното преземање на надлежностите на државните граници од страна на Граничната полиција.

На седницата одржана на 19 октомври, Втората постојана комисија го разгледа консолидираниот текст на предлогот на резолуцијата по што резолуцијата беше прифатена со консензус. На седницата, исто така, беше определена темата за дискусија на Втората комисија за 115 Собрание на ИПУ:

- *за 115 Собрание* "Улогата на парламентите во менаџирање на достигнувањата на Милениумските развојни цели, особено во врска со проблемите за долговите и искоренување на сиромаштијата и корупцијата;

Третата постојана комисија за демократија и човекови права на седниците одржани на 17 и 19 октомври расправаше за петтата точка од дневниот ред на Собранието "Значењето на граѓанското општество и неговиот однос со парламентите и другите демократски избрани собранија во созревањето и развојот на демократијата". Со Комисијата претседаваше г-ѓа J. K. Jo од Република Кореа, при што беа одржани две седници. Во работата на Третата постојана комисија учествуваше пратеникот *Ангелка Пеева Лауренчиќ*.

Комисијата дискутираше по извештајот и предлогот на резолуцијата подготвени од известителите г-ѓа Никелана од Јужна Африка и г. Нарти од Шведска, како и по амандманите на нацртот на резолуцијата поднесени од делегациите од Алжир, Канада, Куба, Египет, Индија, Индонезија, Италија, Мексико, Филипини, Романија, Шведска и Венецуела.

Во расправата учествуваа 59 дискутанти од 47 земји и две меѓународни организации, меѓу кои и членот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија г-ѓа *Ангелка Пеева Лауренчиќ*.

Во рамките на својата дискусија г-ѓа *Лауренчиќ* посочи дека демократијата најдобро функционира кога граѓаните се запознати и вклучени во донесувањето одлуки и следствено на тоа Собранието на Република Македонија активно соработува со невладиниот сектор. Таа ја потенцираше соработката на Собранието со Граѓанската асоцијација МОСТ, претставена преку повеќе од 20 невладини здруженија со примарна цел за институционализирање на соработката меѓу Собранието и граѓанските организации, поврзување на граѓаните со законодавните тела, во насока на зголемување на инпутот од граѓанскиот сектор во процесите на донесување одлуки и обезбедување на релевантни податоци неопходни за остварување на интензивен дијалог. Со цел да се изнајдат начините за поактивна соработка меѓу Собранието и НВО-и, се одржа Конференција на тема Зајакнување на соработката меѓу Собранието и НВО-ите во Република Македонија.

Таа информираше дека на иницијатива на претседателот на Собранието на Република Македонија се одржа манифестацијата "Денови на отворен парламент", со што на симболичен начин Собранието се отвори за граѓаните. Сите постигнати резултати со реализираните проекти се мерливи и значајно придонесуваат кон зголемување на транспарентноста на работата на Собранието и зголемување на степенот на вклученоста на граѓаните во процесот на донесување одлуки, со што во значајна мера се придонесува за институционализирање на соработката меѓу Собранието на Република Македонија и граѓанските организации.

На 19 октомври Третата постојана комисија со консензус го донесе и нацртот на резолуцијата поднесен од известителите, изменет со прифатените амандмани. На седницата, исто така, беше определена темата за расправа на Треттата комисија за 115 Собрание на ИПУ. Членовите на Комисијата одлучија на Собранието да му ги предложат следниве теми за вклучување во дневниот ред на следниве собранија:

- *за 115 Собрание* "Исчезнати лица ".

УСВОЈУВАЊЕ НА РЕЗОЛУЦИИТЕ НА 113 СОБРАНИЕ НА ИПУ

На пленарна седница одржана на 18 октомври 2005 година Собранието расправаше и ги усвои извештаите на постојаните комисии и предложените резолуции за точките од дневниот ред. Усвоените резолуции се доставени во прилог на Извештајот.

177 ЗАСЕДАНИЕ НА УПРАВНИОТ СОВЕТ НА ИПУ

Управниот совет на ИПУ на 18 октомври 2005 година го избра г. Пјер Фердинандо Казини (Италија) за тригодишен мандат, кој ќе заврши во октомври 2008. Г. Казини доби 230 гласа, додека другиот кандидат Г. Версник (Белгија) освои 107 гласа.

За членови во Извршниот Комитет со мандат до октомври 2009 година, Советот ги избра г-ѓа Е. Пападимитриу (Грција) и г. А. Козловски (Руската Федерација). Г-ѓа Лерксамран (Тајланд) ја замени г-ѓа Бејајва (Тајланд), која повеќе не е пратеник. Нејзиниот мандат ќе трае до октомври 2007.

Во работата на Советот учествуваа: г. Љупчо Јордановски, г-ѓа Каролина Ристова и г. Исмет Рамадани, членови на Управниот совет.

Членство во Унијата

Управниот совет го одобри барањето за прием на Парламентот на Малдиви и барањето за повторен прием на парламентите на Доминиканската Република и Мадагаскар додека заради воените трупи во земјата го суспенираше барањето на Мауританија. Во моментот ИПУ брои 143 члена и седум меѓународни парламентарни асоцијации како асоцирани членови.

Управниот совет го одобри барањето за добивање на статус на набљудувач на Организацијата за забрана на хемиско оружје (OPCW).

Финансиска состојба на Унијата и буџет за 2006 година

На седницата беше дистрибуиран писмен извештај за финансиската состојба на Интерпарламентарната унија заклучно со 30 јуни 2005 година, со список на членките кои имаат заостанат долг кон Унијата.

Генералниот секретар на ИПУ потврди дека трошоците за Втората светска конференција на спикери на парламенти биле повисоки од предвидените и годината ќе се заврши со мал суфицит во оперативните трошоци кои пред се се должи на домаќинското работење.

Известителот на Извршниот комитет г. К. Коми (Финска), поднесе извештај за предлогот на програмата и буџетот за 2006 година. Извршниот комитет предложи зголемување за 3% на предвидените придонеси, а приходите ќе се зголемат и по основ на членарината на новите членки на Унијата.

Соработка со системот на Обединетите нации

Советот го имаше прегледот на сите активности на ИПУ кои се извршиле во соработка со Обединетите нации. Советот ја потврди Декларацијата за принципите на меѓународните набљудувачи при изборите, како и Кодексот на однесување на набљудувачите.

Втора светска конференција на спикери на парламентите

Управниот совет добил извештај од Втората светска конференција на спикери на парламентите на кои учествувале 150 спикери на националните парламенти во седиштето на Обединетите нации во Њујорк од 7 до 9 септември. Целта на конференцијата била да се разменат мислења меѓу парламенарците од сите региони на светот, како и да се обезбеди повеќе помош за меѓународна соработка со ОН. На конференцијата се усвоила декларацијата за парламентите да можат да ги надоместат демократските недостатоци, односно процеп во меѓународните релации. Еден спикер не се приклучил на консензусот и искажал воздржаност.

Во рамките на пленарната дебата се одржале две панел дискусии. Панелот "Придонесот на парламентите кон демократијата" бил воден од г-ѓа Мбете, спикер на парламентот на Јужна Африка, додека со панелот "Улогата и одговорноста на парламентите vis a vis Обединетите нации" претседавал г. Сомавија. На Конференцијата се усвоила и изјава со која се искажало негодување за одбивање на издавање виза од страна на земјата домаќин на една делегација и каснење со издавањето на виза на друга делегација, со што тие биле спречени да ја следат конференцијата.

Специјализирани конференции и состаноци

Членовите на Управниот совет беа информирани за семинарот за изразување на слободата, подготвителен семинар за инагуративно заседание на Парламенарното собрание на Медитеранот, регионален семинар за парламентите во Латинска Америка за парламентарна контрола на безбедносниот сектор, семинар за имплементација на законодавството за правата на домородното население и семинар за парламентите на земјите од Латинска Америка за буџетот и половите.

Идни интерпарламентарни состаноци

Управниот совет ги одобри датумите и местата на одржување на 115 и 116 Собрание, да се одржат во Женева и Банког. Советот беше запознат со календарот на веќе утврдените идни активности на Унијата, по што го одобри одржувањето и на следниве состаноци: Регионален семинар за азиските парламенти за прашања во врска со заштита на децата (Виетнам, јануари или февруари 2006); Состанок за жени парламентарки за жените во политиката (Њу Јорк март 2006); Состанок за членовите на парламенарните тела за човекови права (Женева, март 2006); Регионална конференција за жени парламенарки во заливските земји (април 2006); Регионален семинар за парламентите на Југоисточна Азија за реформи во безбедносниот сектор во заедничка организација на ИПУ и ДЦАФ - Центар за демократска контрола на вооружените сили во Женева (мај 2006) и Регионален семинар за улогата на парламентите во процесот на национално помирување во Латинска Америка, во соработка со Меѓународниот институт за демократија (Латинска Америка, ноември 2006).

УЧЕСТВО ВО РАБОТАТА НА ДРУГИ ТЕЛА, ОБЛИЦИ И АКТИВНОСТИ НА УНИЈАТА

БИЛАТЕРАЛНИ СРЕДБИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Претседателот на Собранието на Република Македонија Љупчо Јордановски, оствари повеќе одвоени билатерални средби со претседателите на парламентите на Бугарија, Малта и Албанија, како и со новиот претседател на ИПУ г. Казини.

На средбата на г. Јордановски со г. Пирински, претседател на Бугарскиот парламент, двајцата соговорници ја искажаа потребата од зголемување на парламентарната соработка меѓу двете земји, изразија задоволство од односите меѓу двете земји, а од наша страна е искажано очекување дека ќе продолжи поддршката на Бугарија на патот на нашата интеграција кон НАТО. Претседателите начелно се договорија за размена на меѓусебни посети, од кои, постои можност првата да се реализира во јануари 2006 година.

На средбата меѓу претседателот Љупчо Јордановски и г. Антон Табоне, претседател на Парламентот на Малта, се разменија повеќе искуства за прашања од заеднички интерес. Јордановски информираше дека во Собранието на Република Македонија е формирана Пратеничка група за соработка со парламентите на Малта и Кипар. Тој информираше дека Република Македонија не применува визен режим кон Малта, како новопримена членка на Европската унија. Понатаму тој посочи дека во својот процес на евроинтегарција, Република Македонија на 9 ноември го очекува мислењето (Авис) од Европска комисија. Во текот на декемврискиот самит на Европскиот совет се очекува земјата да се стекне со статусот земја кандидат на Унијата.

На средбата г. Антон Табоне, претседател на Парламентот на Малта, побара поддршка на нивната иницијатива Малта да биде седиште на меѓународниот секретаријата на Парламентарното собрание на Медитеранот, што треба да се формира во текот на 2006 година, за што од наша страна беше искажана согласност.

Претседателот Јордановски имаше средба и со новиот претседател на парламентот на Република Албанија г-ѓа Жозефина Чоба Топали. Главен акцент на разговорот беше ставен на теми од меѓупарламентарната соработка. Двајцата соговорници се согласија дека е многу важно што побрзо да станат дел од европското семејство, да ја интензивираат регионалната соработка и интензивно да работата на сузбивање на корупцијата и криминалот.

Се заклучи дека парламентарните контакти се многу важни, двете земји имаат широко поле на соработка како што се: Коридорот 8, разни проекти за заштита на Охридското и Преспанското Езеро, потоа транспортот, земјоделтвото и поврзување на инфраструктурните објекти.

ПАРЛАМЕНТАРНО СОБРАНИЕ НА МЕДИТЕРАНОТ (ПАМ)

Во функција на подготовка на инагуративното заседание на Парламентарното собрание на Медитеранот што требаше да се одржи до крајот на 2005 година, на 18 октомври 2005 година, во текот на 113 Собрание на ИПУ во Женева се одржа неформален состанок на земјите членки на ПАМ. Состанокот беше во функција на отстранување на некои иницијативи кои се спротивставуваа на формирањето на ПАМ.

Како што е познато Делегацијата на Парламентот на Шпанија изразува резерва во однос на формирањето на ПАМ со образложение дека веќе постои Евромедитеранско парламентарно собрание (ЕМПА) и дека со воспоставувањето на нов сличен парламент ќе се изврши дуплирање на надлежностите на парламентите. Следуваше писмо од г. Борел, претседател на Европскиот парламент со кој ги повика земјите членки на Европската унија да не дадат поддршка на ПАМ.

Со неформалниот состанок на ПАМ на кои присуствуваа повеќето земји членки претседаваше г. Руди Сал, претседател на Привременото биро на ПАМ. На состанокот се разгледа добиеното писмо од г. Јосеп Борел Фонтелес, претседател на ЕП упатено до г. Серџио Паез, претседател на ИПУ. Со оглед дека се работи за многу сензитивен регион, во писмото се искажува загриженост доколку дојде до дуплирање на надлежностите на двата парламента и генерирање на конфузија која може да го поткопа целиот процес. Г. Сантос, потпретседател на Европскиот парламент, кој присуствуваше на состанокот, во своето излагање изнесе ставови против формирањето на ПАМ.

Во дискусијата во која учествуваа претставниците на Малта, Франција, Египет, Палестина, Јордан, Либија и други се искажа став дека се непотребни стравувањата дека со формирањето на ПАМ ќе се предизвика конфузија и преклопување на надлежностите во Евромедитеранскиот парламентарен дијалог. Различен е составот на

двете собранија, имено, ЕМПА е составена од 18 немедитерански земји, а само шест се наоѓаат на медитеранскиот брег, додека ПАМ ги вклучува сите медитерански земји и трите земји кои имаат силно изразен заеднички интерес со медитеранскиот регион (Јордан, Република Македонија и Португалија). ПАМ ќе ги вклучува само националните парламенти додека ЕП е длабоко навлезен во ЕМПА. ПАМ нема намера да биде дел од северо-јужниот пристап на Медитеранот, но ќе се залага за зајакнување на хоризонталниот дијалог на еднаква основа меѓу медитеранските земји имајќи ја предвид заедничката култура. Впрочем ПАМ не е вештачка креација туку резултат на долгогодишна подготовка во рамките на ЦСЦМ процесот кој долго време се водеше во ИПУ.

Ниедна од присутните делегации не се спротивставија на формирањето на ПАМ освен шпанската делегација. Со оглед на тоа што Делегацијата на Парламентот на Јордан ќе биде земја домаќин на инагуративното заседание, а на барање на г. Андерсен, генерален секретар на ИПУ, се утврди терминот, крајот на јануари 2006 година, како краен термин за одржување на заседанието.

ГЕОПОЛИТИЧКА ГРУПА "ДВАНАЕСЕТ ПЛУС"

Групата вДванаесет плусг одржуваше редовни состаноци пред заседанијата на телата на Унијата на 16, 18 и 19 октомври 2005 година. Од Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Интерпарламентарната унија на состаноците учествуваа членовите на Управниот совет Каролина Ристова и Исмет Рамадани.

На состаноците на геополитичката група "Дванаесет плус" беа усогласени ставовите за дополнителната точка на дневниот ред на Собранието и беше дадена поддршка на кандидатите од членовите на Групата за упразнетите функции во органите и телата на ИПУ и за техничките комисии, а беа разгледани и други прашања од надлежност на геополитичката група и на Интерпарламентарната унија.

ПАНЕЛ ДИСКУСИЈА ЗА ДРЖАВЈАНСТВОТО И АПАТРИДИТЕ

Панел дискусијата за државјанството и апатридите се одржа на 18 октомври 2005 година во заедничка организација на ИПУ и на УНХЦР. Тоа беше можност да се промовира нова книга за парламентарци за прашањата на државјанството и апатридите. Учесниците на панелот ги ислушаа излагањата на г. Гутерес, г. Наваро Браин, потпротседател на Парламентот на Чиле, професорот г. де Грот, експерт за закони за државјанство од Универзитетот во Мастрих, Холандија и г-га Сантос Паез, директор на Истражувачкиот центар на УНИЦЕФ.

ЗАСЕДАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ГЕНЕРАЛНИТЕ СЕКРЕТАРИ НА ПАРЛАМЕНТИТЕ

Во текот на Собранието се одржа заседанието на Здружението на генералните секретари на парламентите (ЗГСП) кое е формирано како консултативно тело на ИПУ и чија примарна цел е да ги проучува законите, постапките и работните методи на различните парламенти, како и да предлага мерки за подобрување на тие методи и овозможување соработка меѓу нивните служби. На заседанието на ЗГСП учествуваше г. Александар Новакоски, генерален секретар на Собранието на Република Македонија.

На заседанието се водеа општи дебати на четири теми: "Кабинетот и моќта на претседателот на парламентот"; "Интерпарламентарната соработка со геополитичките региони: Африка и поширокото светско искуство"; "Привилегии и имунитети во парламентот" и "Менаџерски прашања поврзани со службата која работи за претседателот на парламентот, пратениците и политичките групи". Модератор на дебатата по првата тема беше претседателот на ЗГСП и генерален секретар на Претставничкиот дом на Австралија, г. Јан Харис, со дебатата по втората тема раководеше генералниот секретар на Националното собрание на Кенија г. Самуел Ваверу NDINDRI, модератор по третата тема беше генералниот секретар на Сенатот на Франција г-ѓа Хелен Понцеу и модератор по четвртата тема беше генералниот секретар на Националното собрание на Франција г. Хавиер Рокуе.

Во рамките на третата дебата беше дистрибуирана информацијата "Привилегиите и имунитетите во Собранието на Република Македонија", поднесена од генералниот секретар на Собранието на Република Македонија г. Александар Новакоски. Во информацијата се истакнува дека специфичните обврски што ги имаат пратениците како претставници на граѓаните и носители на законодавната власт ја наложува потребата и за специфична заштита при вршењето на оваа нивна функција. Парламентарната привилегија ги штити пратениците од кривично гонење како резултат на јавно искажано мислење или гласање во парламентот. Парламентарниот имунитет ги штити пратениците од кривично гонење за дела што се сторени надвор од применувањето на пратеничката функција.

Овие специфични права и имунитети на пратениците, стои во информацијата, се неопходни за да можат пратениците слободно да дискутираат по важни прашања и да одлучуваат по свое уверување и без никакви притисоци.

Исто така, во информацијата приложена од г. Новакоски се дава осврт на тоа како овие права се регулирани согласно со Уставот на Република Македонија и Деловникот за работа на Собранието.

Генералниот секретар на Националното собрание на Кенија информираше за подготовките за одржувањето на следното заседание на ЗГСП што ќе се одржи во Најроби, во рамките на 114 Собрание на Интерпарламентарната унија.

Здружението избра нов претседател и потпретседател на Здружението, како и тројца нови члена на Извршниот комитет на ЗГСП. За претседател на Здружението беше избран дотогашниот потпретседател на Здужението, генералниот секретар на Парламентот на Шведска г. Андерс Форсберг на местото на генералниот секретар на Претставничкиот дом на Австралија г. Јан Харис на кого му заврши манадатот од три години. На испразнетото потпретседателско место беше избран генералниот секретар на Сенатот на Чиле г. Карлос Хофман Контрерас.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Може да се оцени дека учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на 113 Собранието на ИПУ беше мошне успешно, активно и конструктивно. Со настапите на пратениците се овозможи презентација на ставовите од македонските парламентарци за актуелните прашања од доменот на надлежностите на ИПУ. Покрај тоа, беше остварено активно учество во работата на организационите структури на Унијата, како и непосредни контакти и средби со парламентарци од голем број земји. Со тоа е продолжен континуитетот во соработката и во градењето на ставовите на ИПУ, а особено во поглед на афирмација на Република Македонија на поширок меѓународен план.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Централноевропска Иницијатива ЦЕИ

ИЗВЕШТАЈ

од Конференцијата на Централноевропската иницијатива за соработка во борбата против организираниот криминал и тероризмот одржана од 28 до 29 септември 2005 година во Братислава

Скопје, октомври 2005 година

Конференцијата организирана од владиниот дел на ЦЕИ учествуваа 35 делегации од 17 земји членки на Централноевропската иницијатива. На неа беа поканети и членовите на ад хок Комисијата за борба против организираниот криминал и тероризмот на ЦЕИ-Парламентарното собрание. Конференцијата им даде можност на претставниците на владите и на парламентите да разменат информации за искуствата во нивните земји во врска со борбата против организираниот криминал и тероризмот.

На Конференцијата како претставник од Собранието на Република Македонија учествуваше г-ѓа Ана Андова, заменик на членот на ад хок Комисијата за борба против организираниот криминал и тероризмот и шеф на Делегацијата во Парламентарниот комитет на ЦЕИ.

На Конференцијата воведно излагање имаше г. Милан Предан, заменик на директорот на Секретаријатот на ЦЕИ. Наведувајќи ги информациите дека регионот на ЦЕИ има 250 милиони жители и зафаќа површина од 2,4 милиони км^2 тој ја нагласи потребата една регионална организација како ЦЕИ да учествува во борбата против организираниот криминал и тероризмот.

На состанокот свои излагања имаа претставницита на министерствата за правда и внатрешни работи, обвинителствата, финасиската полиција како и агенциите за борба против организиран криминал и тероризам, а присуствуваа и членови на ад хок Комисијата за борба против организираниот криминал од парламентарната димензија на ЦЕИ .

Учесниците се согласија дека постои потреба од подлабока соработка во борбата против организираниот криминал и размена на информации со цел да се обезбеди подобро општо знаење за криминалните организации, нивните организациони структури и активности. Учесниците на состанокот понатаму нагласија дека ЦЕИ ги поддржува активностите кои го зајакнуваат регионалниот идентитет и изразија надеж дека Конференцијата ќе понуди решенија за овој горлив проблем.

На состанокот г. Антонио Дел Пенино, претседавач на ад хок Комисијата за борба против организраниот криминал и тероризам, се заблагодари на поканата за учество на оваа конференција. Според него, ваквите состаноци и поврзувањата меѓу парламентарните и владините аспекти се од витална важност за Централноевропската иницијатива, бидејќи на нив претставниците на владите и на парламентите комуницираат и разменуваат информации. Во однос на борбата против тероризмот, беше речено она што е неопходно е хармонизација на регулативата за прогон на терористите, размена на информациите и екстрадиција.

Во врска со работа на полицијата беше истакнато дека структурите во полицијата треба да се прилагодат за да можат да одговорат на актуелната состојба со организираниот криминал. Во овој контекст беше наведен примерот со Република Словачка каде што за оваа цел во рамките на полициските сили постојат две единици, канцеларија за борба против сите форми на традиционалниот организиран криминал и канцеларија за борба против корупцијата. Благодарение на правната регулативе, Словачка успева да се бори против економскиот криминал.

Претставниците на министерствата за правда зборуваа за потребата од хармонизација на различните судски системи, истражните постапки, од зајакната соработка меѓу обвинителите и полицијата, потребата од правна помош, билатерални правни договори како и потребата ЦЕИ да стане лабораторија на иницијативи за безбедноста. Беше дискутирано и за новата улога на обвинителството во борбата против организираниот

криминал, односно посебен обвинител надлежен за најсериозните кривични дела и корупција.

Во врска со спречувањето на трговијата со жени беше истакнато дека оваа борба се води на три фронта: превенција, сузбивање и помош. Како многу корисни превентивни инструменти беа спомнати дистрибуцијата на брошури кои им се даваат на младите кога патуваат во странство а кои содржат информации за трговијата со луѓе, телефони на амбасади и НВО во странство кои нудат помош на жртвите на трговијата со луѓе,. Беше истакнато дека е многу важно ваквите материјали да се вклучат во наставните програми во училиштата.

На состанокот се зборуваше и за проблемот на украдени возила. Беше објавена статистика дека годишно се крадат околу 3 милиони возила, односно околу 10% од светското производство. Ова предизвикува големи загуби за сопствениците на возилата, осигурителните компании и компаниите кои изнајмуваат возила. Она што може да се направи за справување со овој проблем би било објавувањето на украдените возила преку Интернет и инсталирање на електронски чипови во возилата при нивното производство.

Учесниците на Конференцијата заклучија дека е неопходно земјите членки на ЦЕИ да создадат мрежа за размена на информации и да се вклучат во кофинансирање на семинари, работилници и други експертски состаноци кои би имале за цел да ги зголемат способностите на државите од регионот на ЦЕИ за борба против организираниот криминал и тероризмот. Истовремено, членките на ЦЕИ кои се и членки на Европската унија ќе им помогнат на земјите кои имаат аспирации да станат полноправни членки на ЕУ да ги достигнат неопходните стандарди на ова поле.

На крајот Конференцијата усвои заеднички заклучоци, кои се дадени во прилог.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Парламентарното собрание на НАТО

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија
на 50-то годишно заседание на Парламентарното Собрание
на ОПСЕ
Венеција, Италија, 11-16 ноември 2004 година

Скопје, декември 2004 година

Во работата на педесеттото годишно заседание на Парламентарното Собрание на НАТО кое се одржа од 11 до 16 ноември 2004 година, во Венеција, Италија, учествуваше делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО во состав пратениците: Есад Рахиќ (СДСМ), в. д.шеф на Делегација, Слободан Чашуле, член на Делегацијата (ВМРО-ДПМНЕ) и Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.

Во овој извештај се прикажани: активностите на Комисиите на Парламентарното собрание на НАТО и учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во нивната работа како и дискусиите на пленарното заседание. На заседанието се разгледаа широк ранг на актуелни прашања што влијаат на Трансатлантската Алијанса, вклучувајќи го "постконфликтното" реконструирање и развој на Авганистан и Ирак, борбата против тероризмот, капацитетите и заложбите на НАТО, како и новото партнерство изразено преку "Истанбулската иницијатива за соработка", операциите и мисиите на Алијансата, заканите од масовно уништување и односите меѓу НАТО и ЕУ во врска со прашањата од безбедносен карактер.

Пред одржувањето на пленарното заседание кое беше предвидено за 16 ноември, се одржат седници на: Комитетот за цивилната димензија на безбедноста, Комитетот за одбрана и безбедност, Политичкиот комитет, Комитетот за економија и безбедност како и Комитетот за наука и технологија. На седниците се обратија со свои презентации повеќе меѓународни експерти и претставници на италијанската Влада. Се разгледаа серија на извештаи за определени значајни прашања, меѓу кои и Извешатајот за безбедноста во Југоисточна Европа и улогата на партнерството меѓу НАТО и ЕУ.

Главен акцент на 50-то годишно заседание на Парламентарното Собрание на НАТО беше посветен на состојбите во Ирак, улогата на НАТО во Авганистан и новите безбедносни закани со кои се соочува НАТО, како што се тероризмот и оружјето за масовно уништување и реформите на командната структура на НАТО. На заседанието учествуваа околу 300 парламентарци од преку 40 држави (26 држави - членки на НАТО, 13 држави со статус на асоцирани делегации и 11 држави со статус на парламентарни набљудувачи)

На 12 ноември се одржа седница на Парламентарниот комитет меѓу НАТО и Руската Федерација, работно тело кое е креирано со цел да се промовира поголемо разбирање меѓу пратениците од земјите членки на НАТО и руските парламентаци. Проблемите во Кавкаскиот регион и потребата од поголемо меѓународно внимание во овој значаен регион беа главна тема на која се фокусираа дискусиите на седницата.

По повод 50 - годишницата од постоењето на Парламентарното Собрание на НАТО на 13 ноември се одржа Заедничка пленарна сесија со Северноатлантскиот Совет на НАТО. Генералниот секретар на НАТО, **Јап де Хоп Шефер** во своето обраќања ги увери НАТО парламентарците преку организацијата продолжува да игра политичка улога пропорционална со операционите придонеси во своите обиди да се справи со предизвиците на радикално различното стратегиско опкружување. Понатаму тој истакна дека НАТО ги обезбедуваше основите на сите тековни операции на Балканот и во Авганистан додека политичкиот процес во овие региони бил воден од други актери.

Јап де Хоп Шефер оваа сесија ја нарече историска и ги поддржа парламентарците во нивната значајна улога за подигнување на јавната свест во нивните земји за променетата улога на НАТО и за промовирање на "култура на дебатирање" во кои дискусиите за иднината на Косово, Авганистан и Ирак не се исклучок туку правило.

Во рамките на сесијата настапија повеќе претставниците на Северноатлантскиот Совет како и пратениците на ПС на НАТО. **Слободан Чашуле**, осврнувајќи се на темата "мисиите и операциите на Алијансата", истакна дека Република Македонија е пример на земја во која се остварија многу успешни мисии и операции на НАТО, а кои во голема мерка придонесоа за стабилизирање на земјата. Кога беше потребно Македонија ја понуди својата територија и услуги за логистичка поддршка на НАТО, како и силите на КФОР. Тој истакна дека и тогаш во земјата демонстрираше спремност и желба за

полноправно членство во НАТО и во целост се почитуваа вредностите на Алијансата. Мисиите на НАТО "Неопходна жетва", "Килибарна лисица" и "Сојузничка хармонија" го гарантираа стабилизирањето на Македонија. Тој посочи дека се наоѓаме на пресвртница во дефинирање на идната европска безбедностна архитектура: НАТО постепено се повлекува од Балканот, а ЕУ се обврза да ја започне прва голема воена мисија во Босна и Херцеговина. Почетокот на 2003 година, е историски момент во еволуцијата на политиката и визијата на ЕУ и НАТО за Југоисточна Европа односно Западен Балкан. Преку воената операција "Конкордија", што се случи токму во Македонија се оствари голема победа на НАТО и ЕУ за хармонизација и спроведување на Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕСПД). Актуелната мисија на Европската Унија во Република Македонија "Проксима", чии мандат е продолжен до декември 2005 година, има советодавен карактер за полициските сили во државата и веќе ги покажува првите позитивни резултати.

Понатаму Слободан Чашуле истакна дека Македонија од корисник се трансформира во контрибутор на безбедноста. Денес таа придонесува за светскиот мир преку испраќање на свои војници заедно со силите на НАТО во мисијата ИСАФ во Авганистан и операцијата "Слобода за Ирак".

Комисијата за цивилна димензија на безбедноста ги разгледа и усвои следниве извештаи:

- Стабилноста на трите Јужнокафкаски републики: десет години независност, прогрес и нови предизвици, поднесен од известителот **Верена Вохлабен (Германија)** и

- Борбата против трговијата со деца во Европа, поднесен од **Гудмундур Арни Стефанскон (Исланд);**

Комисијата за одбрана и безбедност расправаше и ги усвои следниве извештаи:

- Операциите во Авганистан и проширената улога на НАТО, поднесен од **Пјер Лелуш (Франција)**;

- Развој на "силите за одговор" на НАТО и на ЕУ како и развивање на односите меѓу НАТО и ЕУ, поднесен од **Џон Смит, (Обединетото Кралство)**.

- Голем прогрес на Алијаната во остварувањето на преземените обврски од Прага, поднесен од **Џон Шимкус (САД).**

Комисијата за економија и безбедност, ги разгледа и усвои следните извештаи:

- Пост-конфликтната реконструкција и развој: предизвиците и развој: Предизвикот во Ирак и Авганистан, поднесен од **Јос ван Генип (Холандија);**

- Економските транзиции во Централна и Источна Европа и димензијата на животната средина, поднесен од **Хари Коен, (Обединетото Кралство);**
- Економските и трговските импликации од миграцијата и оутсоурцинг: трансатлантските предизвици, поднесен од известителите: **Џон Танер (САД) и Мишел Геп (Обединетото Кралство);**
- Авганистан, поднесен од асоцираниот известител **Виктор Воитенко (Руската Федерација)**;

Политичката комисија ги разгледа и усвои следниве извештаи:

- НАТО и употребата на сила, поднесен од известителот **Берт Коендер (Холандија);**
- Безбедноста во Југоисточна Европа и улогата на партнерството на НАТО и Европската унија, поднесен од известителот **Марко Минити (Италија)** и
- Безбедносниот концепт на Европската Унија - импликациите за НАТО и ЕУ, поднесен од **Рупреш Поленз (Германија)**.

При разгледување на Извештајот за безбедноста во Југоисточна Европа и улогата на партнерството на НАТО и Европската Унија, пратеникот **Есад Рахиќ** имаше

забелешки на делот што се однесува на Република Македонија. Со оглед на завршувањето на референдумското изјаснување, тој предложи извештајот да се дополни. Притоа нагласи дека со донесувањето на Законот за територијалната организација и Законот за град Скопје, имлементацијата на Охридскиот рамковен договор влегува на последната фаза. Како што е опширно наведено во Извештајот овие закони беа предмет на референдумско изјаснување на граѓаните а кој предизвика многу дилеми и сомнежи дека ќе го врати назад етничкото насилство во земјата. Тој истакна дека за сите оние што се сомневаа во граѓаните на Република Македонија, тие меѓу границите на Струга, Кичево и Скопје ги избраа НАТО и ЕУ, односно избраа свет без граници. Исходот на референдумот покажа дека граѓаните гледаат во иднината, а не во минатото. Тие докажаа дека сакаат да живеат во мултиетничка држава и да ги промовираат евроатлантските вредности. Тој рече дека овој референдум е обврска повеќе, на сите граѓани да им се пружи повеќе, да им се овозможи повеќе и да се понуди реална перспектива. Република Македонија и понатаму останува детерминирана за целосно спроведување на Рамковниот договор.

Тој побара од известителот во Извештајот да не се употребуваат термините "Словенско" и "Албанско" население за жителите на Македонија, туку формулацијата "население со македонско етничко потекло" и "албанско етничко потекло", што беше и прифатено.

Во врска со нискиот економски раст на земјата, **Рахиќ** потсети дека Македонија само пред шест месеца трагично го загуби својот претседател заради што се спроведоа предвремени избори, донесе пакет закони од областа на децентализацијата, прашање што во секоја држава е исклучително тешко прашање и спроведе референдум. Со оглед на сите овие потешкотии од политичка природа, реалните можности на државата да се сконцентрира на економскиот развој беа минимални. Сепак во државата се прават сериозни напори да се зголеми соодветната застапеност на етничките заедници во сите структури на јавната администрација а посебно во Армијата и Министерството за одбрана, што во значителна мерка влијае врз намалување на невработеноста посебно меѓу албанската заедница. Како и во сите транзициони земји постои проблем со превработеноста во администрацијата. Од една страна мора да се намалува администрацијата а истовремено да се зголемува застапеноста на албанската заедница во државните институции. Очигледно постои дискурс и Владата на Република Македонија овој проблем го третира на многу сериозен и внимателен начин.

Комисијата за наука и технологија ги разгледа и усвои следниве извештаи:

- Пролиферацијата на нуклеарното оружје, поднесен од **Пјер Клод Нолин (Канада)** и
- Одбранбени проектили и оружјето вовселената, поднесен од **Лотар Ибругер (Германија);**

Приоритетни активност за 2005

Претстојните активностите на ПС на НАТО се повеќе се насочуваат кон Кавкаскиот регион, Централна Азија, Јужниот Медитеран и Блискиот Исток, што е во согласност со проширувањето на Алијансата, новите предизвици со кои се соочува НАТО и неговата реорганизација. Сеуште останува "незавршената работа на Балканот", вклучително подготовките за членство во НАТО на Јадранската група, додека состојбите на Косово, Босна и Херцеговина и Србија и Црни Гора и понатаму ќе го привлекуваат вниманието на Алијансата.

Главни теми за претстојниот период се:

Трансатлантски односи

ПС на НАТО има единствена улога во придвижување на трансатлантскиот дијалог како клучно прашање и изнаоѓање на начини за негово зајакнување.

Парламентарниот трансатлантски форум посебно посветува внимание на унапедување на трансатлантските прашања.

Операциите на Алијансата во Авганистан и Косово

Обврските на Алијансата кон Авганиста и понатаму ќе бидат главни предизвици на Алијансата, со оглед дека земјите се соочуваат со тешкотии во распоредувањето и одржувањето на силите. Парламентарните избори во Авганиста се предвидени за првата половина на 2005 година.

Ирак

Ирак е извор на значајни несогласувања меѓу членките на Алијансата. ПС на НАТО ќе продолжи да го набљудува развојот во Ирак, вклучувајќи го придонесот на "Коалицијата" и имплементацијата на договорената мисии за обука.

Способностите на Алијансата

Искуството од Авганистан покажа дека членките се соочуваат со недостиг на употребливи сили кои ќе бидат на располагање на Алијансата и ќе се настојува са се зголеми процентот на овие сили во рамките на националните структури.

Балканот

Постои прогрес во регионот, посебно во односите на подготовките за членство во НАТО и ЕУ. ПС на НАТО ќе продолжи да ги охрабрува и поддржува трите земји од Јадранската група - Албанија, Хрватска и Македонија, на кои се гледа како на следни држави кои ќе и се приклучат на Алијансата. Посебно внимание ќе се посвети на Косово, Србија и Црна Гора и Босна и Херцеговина. Серија на РОС-РОТ семинари ќе се одржат во регионот.

Јужниот Медитеран и Средниот Исток

Дел од комисиите на ПС на НАТО, како и посебната Медитеранска група за 2005 година планираат посети на овој регион. Потребно е да се интегрираат земјите од овој регион во работата на ПС на НАТО преку посебен вид на соработка со определувањето на статус на организацијата.

Кавказот и Централна Азија

Контактите со трите кавказки земји се повеќе се нагласуваат. Серија на РОС-РОТ семинари ќе се одржат и во овој регион. Планирани се повеќе посети на комисиите на ПС на НАТО.

Односите со Централан Азија остануваат минимални со оглед дека земјите од тој регион не покажуваат особен интерес да учествуваат во работата на Собранието освен Парламентот на Казахстан кој побарал да се здобие со статусот на набљудувач.

НАТО и ЕУ

Направен е значаен прогрес во соработката на НАТО и ЕУ. Аранжманот "Берлин Плус" за првпат практично профункционира во Македонија што во голема мера придонесе за унапредување на нивните односи.

Оносите на ПС на НАТО со Русија, Украина, Белорусија, Иран и Нордискиот Регион, се, исто така, од особен интерес.

Пленарно заседание на Парламентарното собрание на НАТО

Пленарното заседание се одржа на 16 ноември 2003 година.

Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Парламентарно собрание на НАТО Даглас Бирејтер (САД).

Претседателот **Бирејтер** во својата презентација истакна дека тензиите меѓу Европа и САД околу Ирак се минато и Алијансата во иднина треба да игра поголема улога во воспоставувањето на поствоената внатрешна администрација. Тој ги охрабри пратениците од 19 земји членки и 20 земји со статус на асоцирани делегации со своите дискусии да придонесат во подобрување и оживување на трансатлантските односи. И покрај кризниот период за Алијансата, е потребно да се вложат максимални напори за унапредување на односите во Алијансата.

Бирејтер смета дека Европската унија треба да биде подготвена да ја преземе лидерската улога во мировните операции во Европа, пред се во Босна и Херцеговија и Косово но НАТО и понатаму треба да остане главна безбедносна организација и воведувањето на европската компонента не треба да создава дуплирање на улогите. НАТО останува организација која може најефикасно да ги одбрани нациите во Европа и Северна Америка против сериозните закани по нивната безбедност. Тој искажа загриженост за одредбите од предложениот устав на ЕУ во кои се предлага поделба на улогите меѓу НАТО И ЕУ во областа на одбраната, што би водело кон преоценување на основните причини за постоењето на НАТО и нејзината примарна мисија.

Фокусирајќи се на претстојните активности на Алијансата, со вклучување на седум нови држави од поранешниот комунистички европски блок, г. Бирејтер укажа дека новите земји кои ќе се приклучат на Алијансата во 2004 година ќе ја оживеат и освежат Алијансата. Петтото проширување на Алијансата ќе ги релативизира делбените граници од Јалта и ќе ја прошири зоната на мир и безбедност во Евроатлантскиот регион. Во врска со минатогодишниот самит во Прага, кога земјите членки на НАТО се согласија на зајакнување на оперативните способности, претседателот истакна дека во тој поглед има незначителен напредок, односно владите сеуште не го исполниле она за што се заложиле, обезбедување на повеќе средства за одбранбените буџети.

Лордот Робертсон како генерален секретар на НАТО за последен пат се обрати пред НАТО парламентарците. Тој потенцираше дека Алијансата е во добра состојба со оглед на одлично подготвената платформа за справување со предизвиците на 21-от век.

Тој не негираше дека во Алијансата постојат несогласувања меѓу Европа и Америка по прашањето за Ирак и Европската безбедносна политика, но се настојува овие прашања да се надминуваат. Успешниот самит на НАТО во Прага покрена многу значајни прашања како што се: Проширувањето на НАТО и новите партнери. Следната година се очекува најголемо проширување на Алијансата, кое нема да загрози никого а ќе донесе придобивки за сите. Постабилна Европа ќе донесе подобро соседство, а вратата на НАТО и натаму останува отворена.

Партнерството што го создаде НАТО е посебно значајно со оглед што 46 земји од Ванкувер до Владивосток се заедно во една единствена коалиција. Но тоа не е статичен концепт. Партнерството мора во иднина да се проширува особено кон делот на Медитеранските земји со цел да се најдат нови области на соработка.

Робертсон истакна дека Балканот веќе не е главна преокупација за НАТО, што само по себе претставува голем успех. Алијансата многу научила од претходната криза во Македонија односно како треба да се интервенира пред да се случи цивилна војна. Тој рече дека се чувствува посебно горд што заедно со Солана дејствувале во правец на спречување на можната војна во Македонија.

Понатаму тој се задржа на настаните од 11 септември кои целосно го трансформираа безбедносното опкружување. Овој настан докажа дека е потребно постојано вложување во способностите и воените капацитети иако тоа некои влади го игнорираат.

Успех претставува и тоа што НАТО ги превзеде Меѓународните сили за безбедносна помош во Авганистан и ги поддржа Полска и Шпанија во воспоставувањето на мултинационални стабилизациони сили во Ирак.

Во врска со следните предизвици на НАТО, тој истакна дека Авганистан мора да заврши успешно. Тоа е во интерес на кредибилитетот на Алијансата, да се исполнат ветувањата до крај. Авганистан ќе биде успешен само ако се исполни вториот предизвик а тоа е значително зголемување на европските армиски сили. И понатаму треба да се охрабруваат европските земји членки на НАТО да испраќаат војници во мултинационалните мировни мисии.

Третиот предизвик е да се убедат владите, стратешкото партнерство меѓу НАТО И ЕУ да стане успешно.

НАТО парламентаците ги усвоија следниве резулуции: за трговија на човечки суштества, за операциите на Алијансата во Ирак, за економскиот развој и безбедноста, за повторна изградба на трансатлантската доверба по војната во Ирак и не-пролиферацијата во 21-от век.

Заклучни согледувања

Може да се оцени дека учеството на делегацијата на Собранието на Република Македонија на 49-то годишно заседание на Парламентарното собрание на НАТО, во својство на асоцирана делегација беше успешно и корисно.

Како идни најзначајни активности на НАТО Алијансата на кои ПС на НАТО ќе посвети поголемо внимание во 2004 година се сметаат:

Трансатлантските односи, кои и натаму ќе бидат централен елемент на сите активности на Собранието. Како законодавци на Алијансата, Собранието останува двигател на трансатлантскиот дијалог и зацврстувач на трансатлантските односи.

Тероризмот и прашањата поврзани со него како што се пролиферацијата на оружјето за масовно уништување ќе продолжи да биде една од главните теми во извештаите на Комисиите и при разгледувањето на односите со Кавказот.

Конфликтот во **Ирак** предизвика сериозни нарушувања меѓу сојузниците. Потребно е да се вложат напори за помирување и пронаоѓање на заедничка прифатлива формула во процесот на реконструкција. Можната нова улога на НАТО во Ирак ќе биде централна точка во периодот што следува.

Трансформацијата на НАТО, преку имплементација на определбите од Прашкиот самит остануваат клучно прашање во текот на 2004 година. Посебно ќе се разгледуваат преземените обврски за зголемување на способностите и развој на Силите за одговор на НАТО.

Операции за поддршка на мирот меѓу кои активностите во Босна и Херцеговина и Косово се посебно обработувани во извештаите на ПС на НАТО и комисиите направиле повеќе посети во овие земји. Одлуката на НАТО да ја прифати одговорноста за ИСАФ во Авганистан и поддршката што и се дава на Полска во Ирак се главни активности кои Собранието ќе ги разгледува во иднина.

Соработка меѓу НАТО и Европската унија: Направен е значаен прогрес меѓу НАТО и ЕУ во развојот на ЕСДП, како што е Договорот Берлин плус, преземање на мисијата "Конкордија" во Македонија од страна на ЕУ.

Проширувањето на НАТО: Вклучувањето на седум нови члена во Алијансата ќе се формализира на следниот Самит на НАТО што ќе се одржи во Истанбул. По завршувањето на оваа рунда проширување, вниманието ќе се фокусира на трите нови кандидати кои не добија покани на Прашкиот самит - Македонија, Албанија и Хрватска. Собранието ќе бара начини за поддршка на трите земји во нивната подготовка за членство во Алијансата.

Балканот: И покрај тоа што постои прогрес во различни земји на поранешна Југославија, сепак постојат различни проблеми и тензии и уште многу треба да се направи. Во регионот земјите се наоѓаат во различен степен на развој и тие се соочуваат со различни предизвици. Македонија, Албанија и Хрватска се подготвуваат за следниот чекор на проширување, Босна и Херцеговија и Србија и Црна Гора се на различно ниво на транзиција, но се борат за иста цел за евентуално членство во Алијансата со учество во Партнерството за мир.

Медитерански дијалог: Во новото безбедносно опкружување, значењето на Медитеранскиот дијалог се зголеми. Се очекува поактивно дејствување на Групата за Медитеранот во следната година.

Соработка и партнерство: Проширувањето на НАТО значи дека Алијансата блиску соработува со регионите кои се соочуваат со нестабилност но се од посебно стратешко значење, како што се: Кавказот, Молдавија и Централна Азија.

Односите со Русија: Соработката со Рускиот парламент се развива неколку нивоа: руските пратеници се вклучени во сите активности на Собранието, се одржуваат редовни состаноци на ниво на комисии на ПС на НАТО и Собранието на Руската Федерација.

Освен овие активност, ПС на НАТО ги развива односите со Украина и Белорусија. ПС на НАТО има блиски односи со НАТО, кои се манифестираат со заеднички состаноци на НАТО, Собранието и Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили (ДЦАФ) за управување со кризи и разрешување на конфликти.

Како една од претстојните активности на ПС на НАТО е одржувањето на РОС-РОТ семинар на 24-26 јуни 2004 година во Охрид во организација на ПС на НАТО и Собранието на Република Македонија, што претставува извонредна можност за промоција на политичките ставови на државата во евроатланската интеграција на земјата.

На крајот може да заклучи дека пролетните и годишните заседанија на Парламентарното собрание на НАТО претставуваат извонредна можност за презентирање на ставовите на Република Македонија на меѓународен план, остварување на контакти и размена на мислења со претставници на националните парламенти, како и стекнување на богати искуства и анализирање на сознанијата, добиени преку овие активности.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Парламентарното собрание на НАТО

ИЗВЕШТАЈ

за учество на Делегацијата на Собранието на Република Македонија
на пролетното заседание на Парламентарното собрание
на НАТО
Љубљана, Република Словенија, 27-31 мај 2005 година

Скопје, јули 2005 година

Во работата на пролетното заседание на Парламентарното собрание на НАТО кое се одржа од 27 до 31 мај 2005 година во Љубљана, Словенија, учествуваше Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО во состав: Теута Арифи, шеф на Делегацијата (ДУИ); Есад Рахиќ, член (СДСМ), како и Лидија Каракамчева, секретар на Делегацијата.

Во овој извештај се прикажани активностите на комисиите на Парламентарното собрание на НАТО и учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во нивната работа, како и дискусиите на пленарното заседание.

На 28 и 29 мај 2005 година се одржаа состаноци на петте комисии: Комисијата за одбрана и безбедност, Комисијата за цивилна димензија на одбрана, Политичката комисија, Комисијата за економија и безбедност и Комисијата за наука и технологија. Комисиите ги разгледаа поднесените извештаи за најзначајните прашања, вклучително актуелните операции и мисии на НАТО, идната улога во "постконфликтните" операции, направениот прогрес за "Заложбите за зголемување на капацитетите од Прага", безбедносната соработка меѓу НАТО и ЕУ, регионалните прашања, вклучително за Кавкаскиот, Балканскиот и регионот на Централна Азија, цивилната заштита, оскудност на ресурсите како извор на конфликти, импликациите од растењето на кинеската економија и безбедноста на прашањата за оружје за масовно уништување во Русија.

* * * * *

Членовите на ***Комитетот за одбрана и безбедност*** расправаа за клучните прашања на одбранбената политика на Алијансата. Пратениците ги разгледаа следниве извештаи: "Операциите на НАТО надвор од нејзиниот простор", репортер **Џулио Миранда Калха** (Португалија); Извештајот на Поткомитетот за идните безбедносни и одбранбени капацитети "Тековната улога на НАТО за безбедноста на Балканот", поднесен од **Џон Смит** и Извештајот на Поткомитетот за трансатлантска безбедносна и одбранбена соработка "Прогресот на заложбите од Прага за градење на капацитети", поднесен од **Џон Шимкус**.

При разгледувањето на извештајот "Операциите на НАТО надвор од нејзиниот простор" се отвори широка дебата за операциите на Алијансата во Авганистан, финансирањето на истите, како и потребата за нивно зголемување. Се истакна дека во Авганистан има недостаток на опрема што е резултат на некомплетното учество на некои земји на Алијансата. Преовладуваа дискусии за "националните барања",[45] проблем што е надвор од надлежностите на НАТО, а се однесува на комплицираните национални процедури во одлучувањето во случај кога е потребно поголемо зафаќање од националните буџети за потребите на Авганистан. Се изнесе размислување дека со цел за поефикасно решавање на проблемот со "националните барања" ова прашање треба да го разгледа и Северноатлантскиот совет на НАТО.

Во врска со операциите во Ирак, се посочи дека некои членки на Алијансата не сакаат да учествуваат на мисии за обука и дека заеднички интерес е поддршка за стабилизирање на Ирак.

Се истакна дека извештајот дава премногу оптимистичка слика за Авганистан во време кога "господарите на војната" сé уште се вооружени и силни и сé уште не е доволно направено за проблемите со производството на дрога.

На членовите на Комисијата им се обрати **Карл Виктор Ерјавец**, министер за одбрана на Словенија, кој зборуваше за напорите што ги прави Словенија во градење на армија која треба да одговори на задачите на одбрана на земјата и меѓународните

[45] Барања за зголемување на придонесите на зејмите членки на НАТО за потребите на операциите во Авганистан и сложената процедура за добивање на средства од националните авторитети на земјите членки на НАТО.

операции, при што ги истакна заложбите за подобрување на националните капацитети и поголем придонес кон операциите на Алијансата. Словенија го зголемила учеството од 26 на 60 војници во Авганистан и ги поддржала мисиите за обука на НАТО во Ирак. Западен Балкан останува приоритет за Словенија. Тој истакна дека таму е потребно континуирано меѓународно воено присуство, посебно за поддршка на чувствителната состојба на Косово. Иако прашањето за соработка со Меѓународниот суд за криминал за поранешна Југославија останува како исклучително значајно прашање, сепак блиската интеграција на регионот во евроатлантските институции се најсигурниот пат кон долгорочна стабилност.

При разгледувањето на извештајот "Тековната улога на НАТО за безбедноста на Балканот" беше искажан цврст став дека земјите од регионот мораат да соработуваат со Хашкиот трибунал и дека тоа е еден од условите за членство во НАТО и ЕУ .

Во врска со идниот статус на Косово се истакна дека Србија мора да биде активен учесник во преговорите за Косово.

Претседавачот со Поткомитетот за идните безбедносни и одбранбени капацитети **Франко Анџиони (Италија),** информираше за посетата на Македонија и Косово што се оствари од 18 до 22 април 2005 година. Тој извести дека делегацијата била импресионирана од прогресот на Македонија во градењето на безбедносното опкружување за сите граѓани, како и воспоставувањето на мали, но ефикасни воени капацитети, способни да придонесат во операциите на НАТО. Покрај видниот прогрес, сé уште остануваат многу домашни задачи кои земјата треба да ги заврши, посебно во економскиот сектор и намалувањето на невработеноста. Делегацијата позитивно ги оцени напорите на Владата за градење на мултиетничко општество и перспективите за членство во НАТО и ЕУ.

Со оглед на тоа што дел од податоците во Извештајот што се однесуваа на состојбите во Република Македонија беа застарени,[46] пратеникот **Есад Рахиќ** побара истите да се ажурираат во согласност со реформското напредување на земјата. Сите сугестии и забелешки Делегацијата на Собранието на Република Македонија писмено ги достави до Комитетот за одбрана и безбедност. Се очекува на следното годишно заседание на ПС на НАТО, кога повторно ќе се разгледува Извештајот, предложените измени во делот за Република Македонија да се усвојат.

Понатаму Есад Рахиќ исцрпно ги претстави напорите и идните активности на Република Македонија во спроведувањето на реформите за достигнување на стандардите на НАТО И ЕУ. Како најзначајни активности тој ги посочи: финализацијата на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор, значајниот прогрес во спроведувањето на соодветната и правичната застапеност на членовите на етничките заедници и во борбата против организираниот криминал и корупцијата и реформите во правосудниот систем со цел да се зголеми судската независност, ефикасност и транспарентност. Во Собранието на Република Македонија во процедура се уставните измени во оваа сфера. Владата интензивно работи на подобрување на инвестициите и бизнис климата и креирање на погодни услови за долгорочен одржлив развој. Македонија преку активно учество во регионалната соработка, значително придонесува во постигнување на долгорочен мир и стабилност во регионот. Како идни активности тој ги посочи усвојувањето на Законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, започнување на фискалната децентрализација, како и воспоставување на специјален Оддел за борба против организираниот криминал во Министерството за внатрешни работи. Тој ги потенцираше заедничките активности на Македонија, Албанија и Хрватска во рамките на Јадранската повелба, зад која застана и САД за зацврстување на регионалната соработка. Рахиќ информираше за учеството на земјите од Јадранската повелба со заеднички медицински тим во операциите во Авганистан.

[46] Нацртот на извештајот е подготвен пред посетата на Поткомитетот на безбедносни и одбранбени способности на Република Македоија, а ќе се усвојува на Годишното заседание на ПС на НАТО што ќе се оджи во ноември во Копенгхаген, Данска.

Тој информираше дека со оглед на тоа што Македонија во текот на втората половина на 2005 година ќе биде координатор на активностите во врска со Јадранската повелба, земјата подготвува амбициозен акционен план. Се посочи дека ќе продолжат залагањата за добивање поддршка земјата да стане членка на НАТО во 2007 година, како и заложбите за натамошна парламентарна соработка во рамките на ПС на НАТО.

Во делот на Извештајот за Република Македонија интервенираше грчкиот пратеник **Андреас Ловердос** кој, меѓу другото, забележа дека во Извештајот се употребува терминот Македонци и побара тој да се замени со зборот Словени на што му реплицираше **Теута Арифи** при што истакна дека ваквото барање е неприфатливо со образложение дека во Обединетите нации се водат преговори за името на државата, а не за тоа како граѓаните кои живеат во земјата ќе се нарекуваат себеси.

Понатаму вклучувајќи се во дискусијата по Извештајот **Теута Арифи** истакна дека граѓаните во регионот, како и меѓународната заедница мораат да имаат поголема улога во промовирање на тековните решенија за значајните прашања во регионот, базирани на демократијата и човековите права.

Во другите презентации на Комисијата преовладуваше тезата за второ реобликување на НАТО, во кои се истакна дека настаните од 11 септември ја измениле перспективата со демонстрирање на закани кои доаѓаат надвор од Европа. Војната во Авганистан е само предупредување за потреба од реформи. Потребна е визија за улогата на Алијансата во регионите на Блискиот Исток, Црното Море и Централна Азија. Петте приоритети за реобликувањето на НАТО се: завршување со стабилизацијата на Западен Балкан, натамошно проширување кон Грузија и Украина, поактивна улога на Блискиот Исток, подобрување и продлабочување на односите со Русија и градење на конструктивни и јасни односи со Европската унија.

Претседателот на ПС на НАТО **Пјер Лелуш** забележа дека е потребно зајакнување на трансатлантското партнерство и унапредување на трансатлантскиот стратегиски дијалог. Европјаните мораат повеќе да придонесуваат во капацитетот на Алијансата, но истовремено е потребно разјаснување од страна на Американците за улогата на НАТО во нивната надворешна политика.

Претставниците на САД потенцираа дека НАТО сé уште е примарен инструмент на Вашингтон за стратегиска соработка со Европа и во интерес на САД е да има силен европски партнер за соработка за домашната безбедност и контратероризмот.

* * * * *

Членовите на **Политичката комисија** ги разгледаа следниве извештаи: "Развојната улога на НАТО во постконфликтните операции", поднесена од репортерот **Берт Коендер** (Холандија), "Безбедносната соработка меѓу НАТО и ЕУ", поднесен од **Марко Минити** (Италија), како и "НАТО и безбедноста во Персискиот Залив", поднесен од **Рупреш Поленз** (Германија).

По презентацијата на Извештајот "Безбедносната соработка меѓу НАТО и ЕУ", се јавија голем број пратеници за дискусија, при што се укажа дека актуелните односи не се негативни, но е потребно да се детектираат слабостите и да се настојува тие да се надминат. Дел од капацитетите на НАТО и ЕУ се дуплираат и потребно е двете организации да се надополнуваат во постконфликтните операции.

Теута Арифи посочи дека "одлучната акција" на НАТО била апсолутно клучна во решавањето на мировните процеси во Југоисточна Европа. Двете организации, и НАТО и ЕУ, споделуваат исти вредности и имаат еден концепт, а тоа е демократија и просперитет. Таа потенцираше дека народите од Југоисточна Европа подеднакво гледаат и ги почитуваат двете организации, при што истакна дека не е добро од граѓаните во регионот да се бара да се определат за една од овие организации.

При разгледувањето на Извештајот "Развојната улога на НАТО во постконфликтните операции" известителот Коендер се задржа на одржувањето на неуспешниот референдум за Европскиот устав во Франција и Холандија, при што укажа дека тој ќе има негативни последици, но нема да значи крај за уставот.

Тој повика на развивање и продлабочување на соработката со другите меѓународни актери, посебно за дејствувањата во таканареченото поширок Блиски Исток и Африка. Потребни се меѓународни решенија за универзалните проблеми и да се соработува со другите постојни регионални и меѓународни актери. Тој посочи дека улогата на НАТО треба да биде насочена кон мировни и други постконфликтни операции, помагање на коалиционите партнери, како и дејствување заедно со ОН во операции за спроведување на санкции. Тој го поздрави вклучувањето на НАТО во суданската провинција Дајфур, бидејќи Африканската унија има недостаток од капацитет за мировни операции. Во дискусиите што следеа се посочи недостатокот од прогрес во Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕСДП).

При презентирањето на Извештајот "НАТО и безбедноста во Персискиот залив", се разгледаа широк спектар на прашања за безбедноста во Персискиот Залив, при што се коментираше дека досега во голема мера се толерирала тиранијата, за што сега се плаќа висока цена. Заради актуелноста на настаните што се случуваат таму, потребно е ова прашање да се стави високо на агендата на Северноатлантскиот совет на НАТО.

* * * * *

Делегацијата на Собранието на Република Македонија беше информирана дека на Постојаниот комитет[47] на ПС на НАТО било поставено прашањето за употреба на името на нашата држава во ПС на НАТО. Неколку делегации се изјасниле дека нивните држави го употребуваат уставното име на Република Македонија но сепак бил постигнат консензус да се почека со разгледување на прашањето, со оглед на тоа што во Обединетите Нации се интензивираат преговорите по истото.

[47] Постојаниот комитет е многу значајно работно тело во кое членуваат само земјите -членки на ПС НАТО.

Пленарно заседание на Парламентарното собрание на НАТО

На пленарното заседание на пратениците им се обратија: **Пјер Лелуш,** претседател на Парламентарното собрание на НАТО **(Франција)**, **Франц Цукјати**, претседател на Националното собрание на Република Словенија, **Јанеш Јанша**, премиер на Република Словенија, **Димитар Рупел,** министер за надворешни работи на Република Словенија и **Јап Де Хоп Шефер,** генерален секретар на НАТО и претседавач со Северноатлантскот совет.

Централна точка на заседанието беше интерактивната презентација на "Црна Зора", симулација базирана на сценарио за катастрофален нуклеарен тероризам. Пратениците, исто така, ги ислушаа презентациите на повеќе меѓународни експерти во врска со можната улога на НАТО за обука на воени сили со цел борба против тероризмот на Блискиот Исток.

НАТО парламентарци повикаа на блиска соработка меѓу НАТО и Европската унија како позитивен одговор на барањето на Африканската унија за помош на настанатата криза во регионот на Дајфур на Западен Судан.

Парламентарното собрание на НАТО ја охрабри Европската унија и НАТО да дејствуваат заеднички во духот на комплементарност за обезбедување на логистичка и финансиска помош во областите како што се стратешкиот пренос на трупи, обука во командата и контролата, во планирањето на операциите и во разменувањето на информации на разузнавачките служби и на полицијата.

На пленарното заседание на пратениците им се обрати **Јап Де Хоп Шефер,** генерален секретар на НАТО и претседавач со Северноатлантскот совет на НАТО. Тој посочи дека НАТО останува посветен на определбите да им помогне на сите земји од Југоисточна Европа за да го следат примерот на Словенија. Преку Јадранската повелба блиску се соработува со Албанија, Македонија и Хрватска, потоа се повеќе се продлабочува соработката со Босна и Херцеговина и Србија и Црна Гора. Исто така, Алијансата обезбедува силно присуство во клучните моменти за Косово и продолжува да биде вклучена во Контакт групата и да го поддржува процесот на имплементација на стандардите на Косово.

Освен вклученоста на Балканот, НАТО своето внимание го насочува кон голем број сериозни предизвици. Алијансата повеќе не е "евроцентрична" организација, тука таа се повеќе има функционален пристап, односно ги решава проблемите каде и да се појават од антитерористички поморски операции во Медитеранот до мисии за обука во Ирак. Тоа бара големи воени капацитети и нов степен на соработка меѓу нациите и институциите.

Со оглед на тоа што демократијата во Ирак доста бавно се остварува, НАТО мора да и помогне на новата Влада да обезбеди поголема безбедност. НАТО мисија за обука во Ирак е оперативна и Алијансата и помага на земјата на четири начини, и тоа: обука во земјата, обука надвор од Ирак, финансиски придонеси и донации во опрема.

Алијансата заедно со Обединетите нации и Европската унија се подготвени да и помогнат на Африканската унија во однос на состојбите во Дајфур. Во живата дискусија со генералниот секретар на НАТО, тој истакна дека е апсурдно, кога дневно умираат повеќе 10.000 луѓе, НАТО и ЕУ да немаат блиска соработка.

Зголемените операциони барања во НАТО укажуваат на потребата од воена трансформација. Иако структурата на воената команда станува многу поефикасна сепак тоа не е доволно. Зафаќањата на одбранбените буџети сé уште не се доволни за да се подобрат инвестициите на потребните капацитети.

Алијансата ја унапреди соработката со партнерите на Евроатлантскиот партнерски совет, посебно со земјите од Кавказието и Централна Азија. Односите со Русија продолжуваат да се развиваат во однос на воената соработка и прашањето за

Грузија. Односите со Украина влегуваат во нова фаза. Новата Украинска влада ги покажува своите аспирации да се приклучи кон НАТО.

НАТО направи голем прогрес и во однос на Медитеранскиот дијалог, во приближувањето на партнерите од Северна Африка и Блискиот Исток во остварување на меѓусебен дијалог и реална практична безбедносна соработка.

Како најзначајна потреба се наметнува барањето за искрено, стратешко партнерство меѓу НАТО и Европската унија. ЕУ е сериозен безбедносен актер и се повеќе меѓу европските партнери може да се забележи поголем реализам за идните предизвици на Алијансата.

Како најкомплексен проблем е прашањето на терозизмот. Ќе се бара поголемо внимание за Централна Азија, Северна Африка и Блискиот Исток. Мора да се адаптираат капацитетите, структурите и процедурите на новите изменети околности. Потребно е да се интензивира дијалогот меѓу ЕУ и Вашингтон и Отава.

Понатаму НАТО пратениците одлучија Палестинскиот законодавен совет да стекне статус на набљудувач во ПС на НАТО, додека Алжир, Јордан, Мавританија и Мароко да го стекнат статусот медитерански асоцирани делегации. Ваквите донесени одлуки на ПС на НАТО ја рефлектираат широката улога на НАТО парламентарците за безбедносните прашања надвор од традиционалните области на дејствувањето на Алијансата.

Пратениците исто така усвоија Декларација со која ја осудија непропорционалната употреба на сила од страна на Узбекистанските безбедносни сили против опозиционите активисти и цивили во Андријан и други места. Во декларацијата се препорачува да се преиспита узбекистанското учество во Евроатлантскиот партнерски совет на НАТО и Партнерството за мир. Исто така, се препорачува сите членки на НАТО да суспендираат било каква поддршка на узбекистанските вооружени сили.

* * * * *

Заклучни согледувања

Може да се оцени дека учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на Пролетното заседание на Парламентарното собрание на НАТО, во својство на асоцирана делегација беше успешно и корисно.

Во настапите на членовите на Македонската делегација, пратениците дискутираа по предложените извештаи на комисиите при што ги презентираа ставовите на Република Македонија во однос на приближувањето на земјата кон евроатлантските структури.

Седниците на Парламентарното собрание на НАТО, состаноците на комисиите, како и РОС-РОТ семинарите претставуваат извонредна можност за презентирање на ставовите на Република Македонија на меѓународен план, остварување на контакти и размена на мислења со претставници на националните парламенти, како и осознавање на богати искуства и анализирање на сознанијата, стекнати преку овие активности.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секција на Собранието на Република Македонија
во Парламентарното собрание на Франкофонијата

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на г-ѓа Славица Станковска, претседател на Секцијата
на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание
на Франкофонијата, на седницата на Комисијата за политички прашања на ПСФ,
одржана од 3 до 6 март 2005 година во Либревил, Габон

Скопје, март 2005 година

Седницата на Комисијата за политички прашања на Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ) се одржа од 3 до 6 март 2004 година во Либревил, Габон. На седницата присуствуваа претседатели на дваесет секции на Парламентарното собрание на Франкофонијата, како и други претставници на секциите во ПСФ, на Меѓународниот секретаријат на ПСФ и на Меѓувладината агенција на Франкофонијата. Од Собранието на Република Македонија на седницата учествуваше г-ѓа Славица Станковска, претседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата и член на Комисијата, како и г-ца Билјана Огненовска, советник за мултилатерална соработка во Секторот за меѓународна соработка.

Со седницата претседаваше г. Ришар Казнав, пратеник од Франција и претседател на Комисијата за политички прашања на Парламентарното собрание на Франкофонијата.

Од името на домаќинот, Габонската секција во Парламентарното собрание на Франкофонијата, на учесниците на седницата им се обрати и им посака добредојде г. Ги Нзуба Ндама, претседател на Националното собрание на Габон и потпретседател на ПСФ.

Претседателот на Комисијата г. Ришар Казнав ги запозна парламентарците со текот на работата и процедуралните прашања во рамките на Комисијата и накратко се осврна на темите за дискусија предвидени за седницата.

На седницата беа разгледани и одобрени следниве извештаи: "Следење на Самитот од Уагадугу и стратегиската дециниска рамка" на известителот г. Иван Бордело од Квебек, "Состојбите со политички кризи во франкофонскиот простор" на известителот г. Бањесан Арсен Је од Буркина Фасо, "Следење на примената на Декларацијата од Бамако " на известителот г-ѓа Амина Дербаки Сбаи од Француската заедница на Белгија и "Трговијата со лесно оружје" на известителот г. Бернар Патри од Канада.

Членовите на комисијата усвоија резолуција за "Кризните ситуации во франкофонскиот простор". Беше утврден и предлогот на резолуцијата за "Следањето на примената на Декларацијата од Бамако", а се очекува резолуцијата да биде усвоена од Пленарното собрание на претстојната триесет и прва седница на Парламентарното собрание на Франкофонијата, што ќе се одржи од 5 до 9 јули 2005 година во Брисел, Белгија.

Членовите на Комисијата за политички прашања на Парламентарното собрание на Франкофонијата беа информирани за резултатите од последниот Самит на Франкофонијата преку извештајот **"Следење на Самититот од Уагадугу и стратегиската дециниска рамка"**, поднесен од известителот г. Иван Бордело од Квебек. Десетиот самит на тема "Франкофонијата: солидарен простор за траен развој" се одржа на 26 и 27 ноември 2004 година во Уагадугу, Буркина Фасо и на него беше презентирано мислењето што ПСФ го усвои на својата годишна пленарна седница во Шарлоттаун, Канада. Мислењето на ПСФ се состои од два дела: првиот дел се однесува на трајниот развој, а вториот на следењето на Бејрутскиот самит на Франкофонијата, односно парламентарниот надзор и контрола врз извршната власт во исполнувањето на обрските од Самитот.

Во извештајот на г. Бордело е анализирана Декларацијата од Уагадугу, која се однесува на мобилизирањето на франкофонската солидарност за траен развој и промовирањето на мирот и безбедноста како основни услови за траен развој. Известителот дава осврт и на стратегиската дециниска рамка на Франкофонијата, која беше иницирана од шефовите на држави и влади на Самитот во Бејрут, а усвоена на

Самитот во Уагадугу. Овој документ ги содржи долгорочните стратешки цели на Меѓународната организација на Франкофонијата.

За содржината на стратегиската рамка информираше и г. Жак Бато, директор за програмирање и евалуација на Меѓувладината агенција на Франкофонијата.

Најголемиот дел од работата на Комисијата беше посветен на разгледување на извештајот **"Состојбите со политички кризи во франкофонскиот простор"**, подготвен од известителот г. Бојесан Арсен Је од Буркина Фасо. Овој извештај е поделен на три дела. Во првиот дел е разгледан развојот на настаните во земјите чии секции се суспендирани од страна на ПСФ: Демократската Република Конго (суспендирана од јули 1998 година), Хаити (суспендирана од јануари 2004 година) и Централноафриканската Република (суспендирана од јули 2003 година). Во продолжение на извештајот се разгледува состојбата во земјите чии секции се под надзор на ПСФ: Коморските Острови, Конго, Гвинеја Бисао и Руанда. На овие четири секции им беа укинати суспензиите на членството во јули 2003 година (Конго), односно во јули 2004 година (Коморските Острови, Гвинеја Бисао и Руанда), откако беше констатирано дека во земјите е направен значаен напредок кон враќањето на демократијата и владеењето на правото. Во третиот дел од извештајот се дава осврт на кризните ситуации во останатиот дел од Франкофонскиот простор: Бурунди, Камбоџа, Брегот на Слоновата Коска, Гвинеја, Либан и Того.

По расправата, членовите на Комисијата усвоија резолуција во која се заземени ставови и се упатени препораки за разрешување на кризните ситуации во Бурунди, Камбоџа, Конго, Демократска Република Конго, Брегот на Слоновата Коска, Гвинеја Бисао, Хаити, Либан, Централноафриканската Република и Того.

Комисијата за политички прашања го разгледа извештајот **"Следење на примената на Декларацијата од Бамако"** кој го презентираше известителот г-ѓа Амина Дербаки Сбаи од Француската заедница на Белгија. Во извештајот е даден осврт на чекорите што се преземени од институциите на Франкофонијата за да се обезбеди имплементација на оваа декларација, која беше усвоена од министрите и шефовите на делегации на држави и влади во рамките на Меѓународниот симпозиум за демократија, права и слободи во франкофонскиот простор, одржан во Бамако во ноември 2000 година.

За подготовка на овој извештај до секциите на ПСФ беше испратен прашалник за законодавната власт. Одговорите добиени од секциите, меѓу кои и од Секцијата на Собранието на Република Македонија, се претставени во посебен документ којшто е даден во прилог на извештајот на г-ѓа Амина Дербаки Сбаи.

На оваа седница членовите на Комисијата утврдија предлог на резолуција за "Следањето на примената на Декларацијата од Бамако", кој ќе биде поднесен за усвојување на Пленарното собрание на Парламентарното собрание на Франкофонијата, што ќе се одржи во јули 2005 година во Брисел, Белгија.

Во извештајот **"Трговијата со лесно оружје"** известителот г. Бернар Парти дава осврт на трговијата со лесно оружје во светот и заканата што тоа ја претставува за човештвото. На почетокот од извештајот, г. Патри се задржува на внатрешните конфликти од деведесеттите години на минатиот век, кои придонесоа за зголемување на употребата на лесното оружје. Во извештајот се дадени дефиниции и технички карактеристики за најчесто употребуваните лесни оружја и нивната распространетост во одделни земји. Презентирани се и статистички податоци за легалната и нелегалната трговија со овој вид оружје. Предложени се и стратегии за борба против нелегалната трговија и ширењето на лесното оружје, со укажување за улогата што може да ја одигра Парламентарното собрание на Франкофонијата во изнаоѓањето на решенија за овој проблем.

Претседателот на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ г-ѓа Славица Станковска, информираше за активностите што ги презема Република Македонија за сузбивање на недозволената трговија со оружје. Беше подвлечено дека

неповолните економски, политички и безбедносни состојби на Балканот предизвикаа сериозни последици по безбедносната состојба во регионот, што во голема мера се должи и на големото присуство на нелегалното оружје. Госпоѓата Станковска информираше дека Репубика Македонија презема планирани и организирани активности за сузбивање на неконтролираниот трансфер на оружје, кое во текот на претходните години забележува постојано зголемување и добива карактеристика на организиран меѓународен криминал. Таа се осврна и на проектот "Контрола на малите и лесни оружја во Република Македонија" чија основна цел е подигање на безбедносната култура преку зголемување на јавната свест и разбирање за ризикот од оружјето.

Беше подвлечено дека заради доближување до европското законодавство и воведување на стандарди во сузбивањето на нелегалната трговија со оружје, Собранието на Република Македонија донесе нови закони, како и измени на постојните законски прописи со кои се санкционираат овој вид инкриминации.

Во однос на иницијативите за контрола на оружјето, г-ѓа Славица Станковска се осврна на "Акцијата за доброволно предавање на нелегалното оружје", што беше спроведена во 2003 година, во соработка со УНДП, а во која активно се вклучија и пратеници од Собранието на Република Македонија како членови на Националното координативно тело и предводници на "Маршот за разоружување". Истовремено, во Собранието беше донесен *Законот за доброволно предавање и собирање на огнено оружје, муниција и експлозивни материи и за легализација на оружјето*, а беше потпишана и декларација на сите парламентарни партии за поддршка на акцијата за разоружување.

На седницата, исто така, беше разгледана состојбата со ратификациите на меѓународните конвенции кои се однесуваат на човековите права од страна на земјите членки на Меѓународната организација на Франкофонијата. Во прегледот на ратификациите беа дадени информации само за оние земји чии секции испратиле одговор во предложениот краен рок, меѓу кои и прегледот на ратификуваните меѓународни инструменти од страна на Република Македонија.

Членовите на Комисијата одлучија следната седница на Комисијата за политички прашања на ПСФ да се одржи на 6 јули 2005 година во Брисел, Белгија во рамките на Триесет и првата годишна седница на Парламентарното собрание на Франкофонијата.

* * * * *

Оцена е дека учеството на претседателот на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата г-ѓа Славица Станковска, на седницата на Комисијата за политички прашања на ПСФ, што се одржа од 3 до 6 март 2005 година во Либревил, Габон, беше многу корисно и плодотворно. Во оваа прилика пратеникот г-ѓа Станковска имаше можност да воспостави контакти со пратениците - претседатели на секциите во ПСФ и членови на Комисијата и да размени мислења за прашања од заеднички интерес.

Со оглед дека Комисијата за политички прашања на ПСФ расправа за генералните насоки и ориентации на ова меѓународно собрание, учеството на оваа седница претставува значаен придонес во градењето на ставовите на Парламентарното собрание на Франкофонијата.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секција на Собранието на Република Македонија
во Парламентарното Собрание на Франкофонијата

ИНФОРМАЦИЈА

за Конференцијата на претседатели на секции на Парламентарното Собрание на Франкофонијата - регион Европа одржана од 26 до 29 април 2005 година во Скопје, Република Македонија

Скопје, мај 2005

Од 26 до 29 април 2005 година, во Скопје, Република Македонија, се одржа редовната Конференција на претседателите на секции на Парламентарното собрание на Франкофонијата-регион Европа.

Домаќин на оваа Конференција беше Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата.

На Конференцијата на претседателите на секции на ПСФ-регион Европа учествуваа делегациите на земјите членки на ПСФ-регион Европа, региони и институции: ПСФ-Регион Европа, Француска заедница на Белгија, Валонија-Брисел, Франција, Јура (Кантон во Швајцарија), Република Македонија, Монако, Полска, Романија, Швајцарија, Вале (Кантон во Швајцарија) Вале д´Аост, како и специјалните гости г-ѓа Малинка Ристеска-Јорданова, шеф на Кабинетот на потпретседателот на Владата на Република Македонија г-ѓа Радмила Шекеринска и г. Мухамет Халили, национален координатор за Франкофонија во МНР.

Од Секцијата на Република Македонија во ПСФ, на оваа Конференција учествуваа пратениците: г-ѓа Славица Станковска, претседател на Секцијата, г. Нелко Стојаноски, потпретседател на Секцијата, г. Хусеинџеват Хусеини, потпретседател на Секцијата и г-ѓа Лилјана Ивановска и г. Џезаир Шакири, членови на Бирото на Секцијата.

Конференцијата ја отвори г-ѓа Славица Станковска, претседател на Секцијата на Собраноието на Република Македонија во ПСФ. Најпрвин, во своето поздравно обраќање таа ги поздрави учесниците и во името на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ им посака топло добредојде и пријатен и продуктивен престој во Република Македонија. Притоа, таа додаде дека одржувањето на оваа Конференција во нашата земја претставува посебна чест и задоволство за нашата секција, како и признание за нашиот досегашен ангажман во активностите на Делегацијата на Секцијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата, како и во Мрежата на жени-парламентарки на ПСФ. Понатаму, таа наведе дека францускиот јазик, култура и цивилизација имаат долга историја во Република Македонија и изучувањето на францускиот јазик сé уште го има високото второ место. Притоа, таа нагласи дека бројот на учениците и студентите кои го изучуваат францускиот јазик во Република Македонија од година во година значително се зголемува. Госпоѓата Славица Станковска истакна дека за натамошно продлабочување на соработката во доменот на образованието, културата и науката, Република Македонија има склучено голем број спогодби, договори и протоколи со франкофонските земји. Потоа таа додаде дека овој форум претставува можност за отворена и конструктивна размена на мислења, искуства и информации со цел за запознавање со актуелните состојби во нашите земји. За таа цел, денес сме почестени со присуството на двајца исклучителни експерти од Владата на Република Македонија, кои ќе дадат свој придонес во работата на нашата Конференција. На крајот, г-ѓа Славица Станковска им се заблагодари на учесниците за прифаќање на темата предложена од нашата секција којашто се разгледа минатата година во Вале д´Аост: "*Влијанијата на проширувањето на Европската унија на политиките на соседството и перспективите на европската интеграција на Балканот-улогата на франкофонските земји*". На крајот г-ѓа Славица Станковска ја најави г-ѓа Малинка Ристевска-Јорданова, експерт за европска интеграција во Владата на Република Македонија која пред учесниците презентираше едно кратко експозе на тема: "Македонија кон европска интеграција".

На почетокот на своето ексопозе, г-ѓа Ристевска ги поздрави учесниците и упати честитки до романската и бугарската секција по повод потпишувањето на Спогодбата за приклучување во ЕУ. Потоа таа се осврна на активностите кои Република Македонија ги презема за зачленување во ЕУ. Притоа, наведе дека во февруари се предадени одговорите на Прашалникот од Европската комисија за подготвување на мислење за нашето приклучување кон ЕУ. Потоа таа ја претстави примената на Спогодбата за асоцијација и стабилизација, Стратегијата за европска интеграција на

Република Македонија, се осврна на консензусот на сите политички партии во врска со приклучувањето на Република Македонија кон ЕУ. Г-ѓа Ристевска исто така , се задржа, и на Самитот во Солун и истакна дека истиот ги афирмираше европските перспективи на земјите од регионот. На крајот таа наведе дека во функција на што побрзо вклучување во Европската унија, во Собранието на Република Македонија е формирана и Комисија за европски прашања и додаде дека се очекува Република Македонија да ги започне преговорите за здобивање на статус на земја кандидат во 2006 и до 2010 да станеме земја членка.

По нејзиното обраќање, г-ѓа Славица Станковска го најави г. Мухамет Халили, амбасадор и национален координатор за Франкофонија , кој презентираше експозе на тема : "Предизвиците на Франкофонијата во Македонија".

Господин Халили, откако ги поздрави учесниците, ги претстави сите активности на владино и парламентарно ниво на Република Македонија во врска со членството на нашата земја во Меѓународната организација на Франкофонијата. Притоа, тој наведе дека Република Македонија се здоби со статус на осоцијативно членство во Франкофонијата на Осмиот самит на шефови на држави и влади, одржан во септември 1999 година во Монктон, Канада, додека како членка на Меѓународната агенција на Франкофонијата таа беше примена на Министерската конференција, одржана во февруари 2001 година во Нџамена, Чад. Потоа, тој наведе дека Република Македонија е членка на Парламентарното собрание на Франкофонијата, како и на директните оператори[48] на Франкофонијата. На крајот, г. Халили истакна дека бројни франкофонски културни активности се одвиваат во Република Македонија и дека нашата земја се надева дека на Самитот на шефови на држави и влади, што ќе се одржи во октомври 2006 година во Букурешт, Романија, ќе добие статус на полноправно членство во Франкофонијата.

На крајот од експозето, г-ѓа Славица Станковска им се заблагодари на специјалните гости за нивниот придонес и на учесниците им посака убав престој во европска Македонија.

Господин Фреди Дегилаж, шеф на Мисијата Европа, на почетокот на своето обраќање ги поздрави учесниците, се заблагодари на македонската секција а особено на г. Лиман Авдиу, административен секретар на Секцијата, за организацијата на работата на Конференцијата на претседатели на секции на ПСФ-регион Европа. Потоа се заблагодари и на г. Халили за експозето и додаде дека Република Македонија заслужува статус на полноправно членство во Франкофонијата, имајќи ги предвид сите активности на нашата земја во Франкофонијата. На крајот г. Дегилаж предложи следните конференции на претседатели на секции на ПСФ-регион Европа да се организираат како оваа во Скопје, т.е. на почетокот на конференцијата земјата домаќин да подготви експозе за сите реализирани активности во Франкофонијата. Предлогот беше едногласно прифатен.

1. Датум и место на 18. сесија на регионот Европа

По оваа точка од дневниот ред, г. Жан-Франсуа Робијон, претседател на Секцијата на Монако предложи 18-та сесија на ПСФ-регион Европа да се одржи од 19 до 23 октомври 2005 година во Монако. Работниот дел на сесијата ќе се одвива на 20 и 21 октомври 2005 година. Предлогот беше едногласно прифатен.

2. Разгледување на Предлогот на дневниот ред на 18. сесија на Парламентарното собрание на Франкофонијата-регион Европа

- предлог на теми,
- избор на работни теми на комисиите,
- определување на известители и
- организација на работата.

[48] Директни оператори на Франкофонијата се : Универзитетска агенција на Франкофонијата, TV5, Универзитет Сенгор во Александрија, Меѓународна асоцијација на франкофонските градоначалници.

Претседателот на секцијата на Монако, г. Жан-Франсуа Робијон ја предложи темата Фаворизирање на интересот за Франкофонијата преку меѓународна демензија на културни настани. *Образложувајќи го овој предлог, меѓу другото, тој истакна дека оваа тема ќе овозможи промоција на францускиот јазик и различните културни содржини на франкофонските земји. Господин Андре Бушат, претседател на белгиската секција истакна дека предлогот од Секцијата на Монако е добар но би требало франкофонските содржини да добијат телевизиска експресија преку дифузија на резултатите и манифестациите на нашите секции. Француската секција ја предложи темата* Организации и асоциајации дејствувајќи за промоција на Франкофонијата во Европа: различни комплементарности.

По расправата по предложените теми, претседателите на секции на ПСФ-регион Европа ги прифатија следниве теми:

1. Стратегии на комуникација: Фаворизирање на интересот за Франкофонијата преку меѓународна демензија на културни настани и
2. Организации и асоциајации дејствувајќи за промоција на Франкофонијата во Европа: различни комплементарности.

За првата тема известителот ќе биде од Секцијата на Монако, додека за другата од францускатa секција. Во врска со организацијата на работата на 18 сесија на ПСФ-регион Европа, шефот на Мисијата г. Фреди Дегилаж истакна дека работниот дел на оваа седница ќе биде на 20 и 21 октомври 2005 година, додека на 22 октомври ке биде организирана една екскурзија.

3. Акциона програма за соработка на ПСФ-регион Европа

По оваа точка од дневниот ред г. Бург-Брок, претседател на францускатa секција нагласи дека досега се реализирани неколку студиски посети за парламентарците и административните секретари на новите членки на Франкофонијата во рамките на Акционата програма за соработка на ПСФ-регион Европа. Во оваа прилика, г. Дегилаж истакна дека реализираниот студиски престој на македонската секција во Францускатa алијанса и институциите на Европската унија во Брисел е извонредно искуство за паралментарците и со оваа практика треба да се продолжи и понатаму.

4. Мисии за набљудување на избори и семинари на ПСФ, организирани од ПСФ-регион Европа преку нивниот секретаријат

Шефот на Мисијата Европа ги презентираше рекапитулативните прегледи на Парламентарното собрание на Франкофонијата-регион Европа за мисиите за набљудување на избори и семинари на ПСФ-организирани од регионот Европа. Притоа, тој истакна дека во 2004 година од ПСФ-регион Европа се организирани четири мисии за набљудување на изборите, додека во 2005 година само една мисија за набљудување на изборите. Што се однесува до семинарите, административниот секретар на ПСФ-регион Европа г-ѓа Вивјан Жерар истакна дека за жал, досега сé уште не се добиени прегледите од Генералниот секретаријат на ПСФ и додаде дека штом ќе ги добијат, истите ќе бидат доставени до сите национални секции.

5. Ротација на меѓународните мандати од европските секции

На почетокот г. Дегилаж истакна дека на Годишното собрание во Брисел во јули 2005 година, неколку меѓународни мандати завршуваат и традиција е националните секции да доставуваат предлози. Потоа тој се осврна на Мрежата на жени парламентарки и додаде дека ПСФ-регион Европа ги има следниве мандати во оваа организација: потпретседател на Мрежата-белгијската секција, известител - француската секција и еден член на Извршниот одбор на Мрежата-Секцијата на Луксембург. Со оглед на тоа дека Секцијата на Луксембург се откажува од овој мандат, препорачливо би било за ова место да се предложи член на секција од Источна Европа. По ова објаснување, г. Разван Теоддореску, претседател на романската секција ја предложи г-ѓа Славица Станковска, претседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ како член на Извршниот одбор на Мрежата на жени парламентарки на ПСФ. Предлогот беше едногласно прифатен. Важно е да се наведе дека г-ѓа Славица Станковска е единствен член на овој Одбор од источните земји.

6. Седница на 31. Годишна сесија на ПСФ и на Третата сесија на Парламентот на младите франкофони во Брисел

Оваа година домаќин на 31. Годишна сесија на ПСФ ќе биде Секцијата на Француската заедница на Белгија. Г. Андре Бушат, претседател на Секцијата истакна дека 31. Годишна сесија ќе се одржи од 4 до 10 јули 2005 година. Притоа тој наведе дека сите подготвителни активности за оваа сесија се во фаза на завршување. На крајот, тој упати покана до сите национални секции за учество на оваа сесија. Паралелно со одржување на 31. сесија, се одржува и Третата сесија на Парламентот на младите франкофони[49].

* * * * *

Оцена е дека одржувањето на Конференцијата на претседатели на секции-регион Европа во Скопје, Република Македонија беше многу корисно за нашата земја. Членовите на Бирото на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ имаа можност да воспоставуваат контакти со сите претседатели на секции на ПСФ-регион Европа и да ги информираат за состојбите во Република Македонија. Учесниците на Конференцијата, меѓу другото имаа и можност да се запознаваат со Република Македонија. Воспоставените контакти и врски ќе бидат во функција на лобирање за нашата држава за што поскоро зачленување во Европската унија и НАТО.

Се оценува дека е потребно да се покренат активности во Собранието на Република Македонија за учество и следење на планираните настани кои претстојат во текот на оваа година. Тоа се однесува, во прв ред, на учеството на 31. Годишна сесија што ќе се одржи од 4 до 10 јули 2005 година во Брисел, Белгија и на 18. Регионално собрание на ПСФ, од 19 до 23 октомври 2005 година во Манако, на коишто ќе бидат разгледани бројни извештаи и резолуции од активноста на Парламентарното собрание на Франкофонијата.

[49] На третата сесија на Парламентот на младите франкофони, од Република Македонија ќе учествуваат г-ѓа Наталија Ѓорѓевиќ, студент на Универзитетот "Св Кирил и Методиј" во Скопје и г. Ардиан Рамадани, студент на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секција на Собранието на Република Македонија
во Парламентарното Собрание на Франкофонијата

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Делегацијата на Секцијата на Собранието
на Република Македонија во Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ)
на Триесет и првата редовна сесија на ПСФ, одржана од 4 до 9 јули 2005 година во
Брисел, Белгија

Скопје, јули 2005 година

Вовед

На Триесет и првата редовна годишна сесија на Парламентарното собрание на Франкофонијата (ПСФ), што се одржа од 4 до 9 јули 2005 година во Брисел, Белгија учествуваше Делегација на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ во состав на пратениците: г-ѓа Славица Станковска, претседател на Секцијата, г. Илјаз Халими, прв потпретседател на Секцијата, г. Нелко Стојаноски, потпретседател на Секцијата, како и г. Лиман Авдиу, административен секретар на Секцијата и државен советник за меѓународна соработка во Собранието на Република Македонија.

На сесијата зедоа учество парламентарци од 38 национални и регионални парламенти членки на Парламентарното собрание на Франкофонијата[50]. Како набљудувачи на сесијата учествуваа претставници на: Економската и монетарната унија на Западна Африка (UEMOA)[51], Економската и монетарната заедница на Централна Африка (CEMAC), Меѓународната организација на Франкофонијата (OIF), Универзитетската агенција на Франкофонијата (AUF), Меѓународниот комитет на игрите на Франкофонијата (CIFJ), Конференцијата на министрите за млади и спорт на Франкофонијата (CONFEJES) и Меѓувладината агенција на Франкофонијата (AIF).

Како специјални гости на сесијата на Парламентарното собрание на Франкофонијата во Брисел, присуствуваа пратеници од Парламентот на Алжир г. Жан-Жак Ајаго, генерален директор на ТВ5 Монде, г. Тексие Фернан, ректор на Универзитетот Сенгор во Александрија, г. Вандерлинден Рене, претседател на Парламентарното собрание на Советот на Европа, г. Мишел Жандро-Масалу, ректор на Асоцијацијата на франкофонските универзитети (AUF), г-ѓа Дефонтен Мартин, генерален секретар на Меѓународната федерација на професори по француски јазик, претставници на Програмата на ОН за ХИВ/СИДА (ONUSIDA), Конференцијата на министрите за образование на земјите што го "делат" францускиот јазик, г. Арманд Де Декер, министер за соработка и развој на федералната влада на Белгија, г. Жан-Франсуа Истас, претседател на Парламентот на француската заедница на Белгија г. Луи Мишел, европски комесар за развој и хуминатарна помош и г-ѓа Брижит Жирарден, министер за соработка, развој и Франкофонија на Република Франција.

Во рамките на Триесет и првата сесија на Парламентарното собрание на Франкофонијата се одржаа состаноци на Бирото на ПСФ, Извршниот комитет и на Мрежата на жени парламентарки, како и седници на четирите комисии на Парламентарното собрание на Франкофонијата: за политички прашања, за парламентарни прашања, за образование, комуникации и културни прашања и за соработка и развој.

.Пленарно заседание

Пленарното заседание на Парламентарното собрание на Франкофонијата го отворија г. Арман де Декер, министер за соработка и развој на Федералната влада на Белгија г. Андре Буша, претседател на белгијската секција, г. Жан-Франсуа Истас, претседател на Парламентот на француската заедница на Белгија Валони-Брисел, министрите на француската заедница на Белгија г-ѓа Мари Арена и г-ѓа Доминик

[50] Алжир, Андора, Арменија, Бенин, Буркина Фасо, Бурунди, Камерун, Канада, Француската заедница на Белгија, Конго, Брегот на Слоновата Коска, Џибути, Египет, Франција, Габон, Грузија, Унгарија, Островот на Принц Едвард, Кантонот Јура, Лаос, Либан, Литванија, Луксембург, Македонија, Мали, Мароко, Мавританија, Молдавија, Монако, Нигер, Нова Шкотска, Онтарио, Квебек, Романија, Сенегал, Швајцарија, Чад, Тунис, Вал д´Аоста, Кантонот Вале и Виетнам.

[51] UEMOA е постојан набљудувач во ПСФ.

Симоне. Со заседанието претседаваше г. Махаман Осман, претседател на Националното собрание на Нигер и претседател на Парламентарното собрание на Франкофонијата. Откако беше усвоен дневниот ред на 31-та сесија на Парламентарното собрание на Франкофонијата, на пратениците им се обрати г. Абду Диуф, генерален секретар на Меѓународната организација на Франкофонијата (ОИФ).

Господинот Абду Диуф ги информира пратениците за активностите на Меѓународната организација на Франкофонијата во изминатиот период и за подготовките за претстојниот Самит на Франкофонијата, кој ќе се одржи во ноември 2006 година во Букурешт, Романија. Се очекува на овој Самит шефовите на држави и влади да разменат мислења за актуелните светски прашања и за улогата на Франкофонијата во информатичкото општество, знаењето и образованието[52]. Тој, додаде дека на Десеттиот самит на Франкофонијата[53], беше усвоена *Стратегиската дециниска рамка*, која ги определи наредните приоритети и активности на Франкофонијата, а тоа се : францускиот јазик и културната и јазична различност; мирот, демократијата и човековите права; образованието, високото образование и истражувањата и солидарноста и одржливиот развој. Потоа, тој наведе дека овие приоритети претставуваат стратешки и фундаментални цели за коишто е потребно време и методи за нивно вклопување во реалноста и за постигнување прифатливи резултати. За да се соочиме со предизвиците на глобализацијата во идните десет години, во четирите избрани приоритети, Франкофонијата треба да ги модернизира своите институционални капацитети. Затоа, на Самитот во Уагадугу побараа да направам предлози за ревизија на Повелбата на Франкфонијата од 1997 година, со цел Меѓународната организација на Франкофонијата да се здобие со статус на правно лице. Усвојувањето на *Стратегиската дециниска рамка* не́ потсетува дека нашата франкофонска акција се заснова на два столба: политичка франкофонија од една и мултилатерална соработка од друга страна. Генералниот секретар г. Абду Диуф се осврна на актуелните кризни и постконфликтни состојби во одредени франкофонски земји (на Централноафриканска Република, Того, Слоновата Коска и Хаити) и на активностите што Меѓународната организација на Франкофонијата ги презема на политички план за разрешување на овие кризи. Овие активности се однесуваат на овие сектори: политичкиот дијалог, подготовка, набљудување и спроведување на мирни, слободни и демократски избори, помош во организирање на правосудниот систем во партнерство со Канада и Европската унија, помош за медиумите и активностите за успешна транзиција.Тој, исто така, информираше и за мисиите на ОИФ за набљудување на изборите што се одржаа во Камбоџа, Руанда, Гвинеја Бисао, Македонија и Коморските Острови и за плановите за испраќање мисии за набљудување на изборите оваа година, што се одржуваат во: Того, Џибути, Молдавија, Албанија, Морис и Демократска Република Конго. На крајот од неговото излагање, г. Абду Диуф се осврна на културната и јазичната различност и местото на францускиот јазик во меѓународните организации и наведе дека до 1998 година рамноправната употреба на францускиот јазик беше почитувана од страна на Европската комисија и од Советот на министрите, додека денеска како прв јазик за пишување на документите на овие институции е англискиот јазик. И покрај тоа што се постигнати значајни резултати во јазичната политика на меѓународните организации, особено со воведување на мултијазичниот критериум за вработување во администрацијата на ОН и Европската унија, сепак и понатаму Меѓународната организација на Франкофонијата треба да инсистира за рамноправен третман на францускиот со англискиот јазик.

По излагањето на генералниот секретар на пратениците им се обратија г. Махаман Осман, претседател на Парламентарното собрание на Франкофонијата, г. Луи Мишел, европски комесар за развој и хуманитарна помош, г-ѓа Брижит Жирарден, министер за соработка, развој и Франкофонија на Република Франција.

---

[52] Темата за дебата на Самитот ќе биде "Франкофонијата кон информатичко општество, знаењето преку образование за сите".

[53] Десеттиот самит на Франкофонијата се одржа во ноември 2004 година во Уагадугу, Буркина Фасо.

Претседателот на ПСФ **г. Махаман Осман**, поздравувајќи ги присутните, истакна дека му претставува особено задоволство што Триесет и првата сесија на ПСФ се одржува во Брисел, Белгија, во срцето на Европа, токму во моментот кога се прославува 175-годишнината од независноста на Белгија и 25-годишнината од нејзината трансформација во федерална држава. Тој им се заблагодари на г. Андре Буша, претседател на белгиската секција и на г. Жан-Франсуа Истас, претседател на Парламентот на Француската заедница на Белгија за прекрасната организација на 31-та сесија на ПСФ. Тој се осврна на улогата и активностите на Собранието во изминатиот период, задржувајќи се на развојот на ПСФ од првиот состанок на парламентарци-франкофони, одржан во 1967 година во Луксембург до денес.

Генералниот директор на ТВ5 Монде г. Жан-Жак Ајаго, г-ѓа Катрин Стену (UNESCO), г. Жак Делмоли, раководител на Одделението "Политика за мултилингвизам" на Европската комисија и г-ѓа Мартин Дефинтен, генерален секретар на Меѓународната федерација на професори по француски јазик, информираа за улогата на ТВ5 во ширењето на францускиот јазик во светот, односно за соработката меѓу овие организации и Меѓународната организација на Франкофонијата.

. О п ш т а д е б а т а

На заседанието се водеше **општа дебата** на тема- "*Придонес на Франкофонијата за културната различност во движењето на глобализацијата*". Во дебатата учествуваа пратеници од парламентите на: Кантонот Јура, Мароко, Лаос, Квебек, Вал д´Аоста, Виетнам, Коморски Острови, Канада и Франција. Во своите дискусии тие ја подвлекоа важноста на францускиот јазик за промовирање на културната различност во оваа ера на глобализација.

Парламентарниот генерален секретар на Парламентарното собрание на Франкофонијата г. Жак Лежандр го презентираше Извештајот за активностите на Собранието од последното заседание одржано во јули 2004 година во Шрлоттаун, Канада.. Парламентарците го усвоија и финансискиот извештај на ПСФ за 2004 година, поднесен од пратеникот од Луксембург Жос Шоер, благајник на Собранието.

Извештај за работата на трите регионални собранија на Парламентарното собрание на Франкофонијата поднесоа: г. Бернар Буба Самали, претседател на регионот Африка, г. Клод Вилијамс, претседател на регионот Америка и г. Фреди Дегилаж, претседател на регионот Европа. За активностите на Мрежата на жени парламентарки извештај поднесе г-ѓа Вивиан Кампаоре, претседател на Мрежата.

Собранието одлучи да ги укине суспензиите на членството на Секцијата на Парламентот на Централноафриканската Република, констатирајќи дека во оваа земја е направен значаен напредок со парламентарните избори, признати од меѓународната заедница, што придонесе за враќањето на демократијата и владеењето на правото.

На седницата беше презентирано и усвоено мислењето со препораки од Парламентарното собрание на Франкофонијата за темата- "Франкофонијата кон информатичко општество и на знаењето преку образование за сите". Овие препораки ќе им бидат презентирани на шефовите на држави и влади на претстојниот Самит на Франкофонијата што ќе се одржи во ноември 2006 година во Букурешт, Романија, од страна на известителите на Парламентарното собрание на Франкофонијата, сенаторот г. Жоел Бурден и г. Жак Шањон.

На седницата беа усвоени две декларации : *Декларацијата за Конвенцијата на Обединетите нации за елиминација на сите форми на дискриминација кон жените* и *Декларацијата* со којашто се осудуваат терористичките напади во Обединетото Кралство и се изразува солидарност со британскиот народ.

На Триесет и првата седница на ПСФ беа презентирани и извештаите на комисиите за политички прашања, за образование комуникации и културни прашања и

за соработка и развој. Собранието ги усвои резолуциите[54] и двете декларации предложени од четирите комисии и Мрежата на жени прламентарки на Парламентарното собрание на Франкофонијата. Собранието го избра г. Бернар Патри, претседател на Комисијата за надворешни работи на Долниот дом на Канада за претседател на Парламентарното собрание на Франкофонијата.

Беше одлучено Триесет и втората редовна сесија на Парламентарното собрание на Франкофонијата да се одржи во јули 2006 година во Маракеш, Мароко.

.Мрежата на жени парламентарки

Состанокот на Извршниот комитет на Мрежата на жени парламентарки на Парламентарното собрание на Франкофонијата[55] се одржа на 5 јули 2005 година. Со состанокот претседаваше г-ѓа Вивиан Кампаоре, пратеник од Буркина Фасо и претседател на Мрежата. На овој состанок беше усвоена кандидатурата на г-ѓа Славица Станковска, претседател на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ за член на овој Комитет, наместо претставникот од Секцијата на Луксембург. Исто така, Извршниот комитет за претседател на Мрежата ја предложи г-ѓа Дије Ба, сенатор од Мавританија. Мрежата го усвои овој предлог.

Состанокот на Мрежата на жени парламентарки на ПСФ се одржа на 5 јули 2005 година. Со состанокот претседаваше г-ѓа Дије Ба .На состанокот се дискутираше за имплементацијата на Меѓународната конвеција на Обединетите нации за елиминација на сите форми на дискриминација на жените (CEDEF) и побара од владите, парламентите и медиумите да направат сé за да овој документ биде почитуван. Со цел за подобро запознавање со одредбите на оваа конвенција која претставува основен текст за правата на жените, беше организиран семинар на оваа тема за парламентарки-франкофони, кој се одржа во Мадагаскар. Следниот семинар се планира да се одржи во Европа.

Мрежата на жени парламентарки, исто така, дискутираше за проблематиката на борбата против ХИВ/СИДА, рамноправноста на жените во политичкиот живот и за сексуалните злоупотреби на жените за време на конфликти. Мрежата на жени парламентарки предложи декларација за конвенцијата на ОН за елиминација на сите форми на дискриминација на жените што Собранието ја усвои.

Работа на комисиите на ПСФ

Седниците на комисиите на Парламентарното собрание на Франкофонијата се одржаа на 7 јуни 2005 година. Претседателот на Секцијата на Собранието на Република Македонија во ПСФ г-ѓа Славица Станковска учествуваше на седницата на Комисијата за политички прашања, првиот потпретседател на Секцијата г. Илјаз Халими на седницата на Комисијата за парламентарни прашања, а потпретседателот на Секцијата г. Нелко Стојаноски на седницата на Комисијата за соработка и развој. Работата на Комисијата за образование, комуникации и културни прашања ја следеше секретарот на Делегацијата.

На седницата на **Комисијата за политички прашања,** со која претседаваше г. Ришар Казнав, пратеник од Франција и претседател на Комисијата, беа разгледани

[54] Резолуциите се достапни на веб страницата на ПСФ: http://www.apf.francophonie.org

[55] Мрежата на жени парламентарки на ПСФ е формирана во 2002 година во Берн и во неа членуваат сите жени парламентарки од секциите на ПСФ. Целта на Мрежата е унапредување на учеството на жените во политичкиот, економскиот, социјалниот и културниот живот, како и зацврстување на местото и улогата на жените во парламентите членки на Франкофонијата и во меѓународните организации.

четири извештаи: *Следење на Самитот од Уагадугу и на Стратегиската деценискa рамка, Ситуации на политичка криза во франкофонскиот простор, Следење на декларацијата од Бамако*[56]*, Реформата на Организацијата на Обединетите нации и Франкофонијата, Состојба на ратификации од земјите членки на Меѓународната организација на Франкофонијата на меѓународни конвенции за човекови права*.

Комисијата за парламентарни прашања, чиј претседател е г. Пиер Де Бане, сенатор од Канада, ги разгледа следниве извештаи: *Преглед на територијални колективитети, Парламентарна контрола, Животот на собранијата во франкофонскиот простор, Проектот НОРИА, Мисии за набљудување на избори, Семинари за парламентарци и Парламент на млади франкофони.*

На седницата на **Комисијата за образование, комуникации и културни прашања,** со која претседаваше г. Его Перон, претседател на Регионалниот совет на Вал д´Аоста и претседател на Комисијата, се дискутираше по следниве извештаи: *Состојбата на францускиот јазик во меѓународните организации*, *Франкофонијата кон информатичко општество и знаење преку образование за сите, Елаборација на Конвенцијата за различноста на културните содржини и уметничките изразувања од UNESCO и состојбата со трговските преговори и Следење на активностите на Парламентарната мрежа за борба против ХИВ/СИДА.*

Во врска со активностите на Парламентарната мрежа за борба против ХИВ/СИДА, излагања поднесоа пратениците г-ѓа Фатна Елк´Хиел од Мароко и г. Пол Лемба Нгоје од Габон.

За подготовките на претстојните Игри на Франкофонијата[57] информираше г. Мишел Даш, извршен секретар на Меѓународниот комитет на Игрите на Франкофонијата (CIJF). Свое обраќање пред парламентарците франкофони имаше и г-ѓа Мишел Жандро-Масалу, ректор на Универзитетската агенција на Франкофонијата (AUF), која се осврна на активностите на овој оператор на Франкофонијата.

На седницата на **Комисија за соработка и развој,** со која претседаваше г. Феликс Онкеја, пратеник од Габон и претседател на Комисијата, беа разгледани следниве извештаи: *Обновливи енергии, Приватизација, Уништување на шуми и Следење на меѓународните преговори за трговија во рамките на СТО*[58]*.*

Ред на Плејадата на Франкофонијата

На оваа сесија, како посебен настан се издвојуваше доделувањето на наградите на "Редот на Плејадата", ред на Франкофонијата и на дијалогот меѓу културите. Во посебна програма за таа цел, претседателот на Парламентарното собрание на Франкофонијата г. Махаман Осман ги подели наградите на номинираните кандидати, како признание за нивните заслуги и придонес за развој на франкофонската идеја. Меѓу наградените личности од различен профил: парламентарци, публицисти, писатели,

[56] Декларацијата од Бамако е документ донесен на Самитот на министрите и шефови на делегациите на држави и влади на земјите кои го споделуваат францускиот јазик, одржана во Бамако (Мали) на 3 ноември 2000 г. Декларацијата по својата содржина претставува своевиден устав на Франкофонијата, бидејќи ги опфаќа релевантните области на човековата општествена димензија: демократија, правна држава, слободни, фер и транспарентни избори, слободно изразување на политичкото убедување и дијалог на сите нивоа. Особено е значен делот посветен на процедурите за следење на демократијата, правата и слободите во франкофонскиот простор.

[57] Петтите игри на Франкофонијата ќе се одржат од 7 до 17 декември 2005 година во Ниамеј, Нигер. Македонски претставници се пријавени во 13 од вкупно 14 спорта и култури.

[58] Светска трговска организација -146 земји членки. Република Македонија е членка од 4 април 2003 година.

професори музичари и слично, беше и пеачот Салваторе Адамо, кој се здоби со титулата "Голем офицер на Франкофонијата".

Парлламент на млади франкофони

За време на одржување на 31-та годишна сесија на Парламентарното собрание на Франкофонијата, се одржа и Третата сесија на Парламентот на млади франкофони[59]. Овој форум на младите франкофони од целиот свет, формиран со голема помош од Агенцијата на Франкофонијата, како идеја е замислен да претставува тело на Франкофонијата каде што младите франкофони ќе ги презентираат своите интереси, ќе дебатираат заедно со парламентарците, ќе им поставуваат прашања и ќе донесуваат повелби за одредени прашања. Со Статутот на Парламентот на младите франкофони е уредено истиот да се состанува на секои две години во рамките на редовната годишна сесија на Парламентарното собрание на Франкофонијата.На оваа сесија беше усвоена Белата книга (Ливре бланц) за улогата на Франкофонијата и на парламентите во промоција на демократијата и човековите права во франкофонскиот простор, за борбата против ХИВ/СИДА, за учеството на младите во политичкиот живот и на крајот за сиромаштијата и одржливиот развој.

Заклучок

Учеството на Делегацијата на Секцијата на Собранието на Република Македонија, во Парламентарното собрание на Франкофонијата на Триесет и првата редовна сесија на ПСФ даде значаен придонес кон активностите во врска со стекнувањето на Република Македонија со статус на полноправна членка во Меѓународната организација на Франкофонијата, што се очекува на следниот самит на оваа организација, кој ќе се одржи во ноември 2006 година во Букурешт, Романија. Во таа насока се и идните активности на Секцијата, меѓу кои е учеството на седницата на Регионалното собрание на Европа на ПСФ, што ќе се одржи од 19 до 23 октомври 2005 година во Монако, како и учеството на претседателот на Секцијата во работата на Извршниот комитет и Мрежата на жени парламентарки на ПСФ.

Учеството на оваа редовна годишна сесија беше мошне корисно од аспект на остварување на контакти со франкофонските парламентарци од целиот свет и зацврстување на веќе постојните контакти остварени преку досегашните активности на членовите на Делегацијата. Во текот на ова Собрание, членовите на Македонската делегација остварија повеќе средби и контакти, како и корисна размена на мислења со парламентарци и официјални личности од повеќе земји кои беа присутни на овој настан. Во тие рамки се разменуваа мислења за најактуелните случувања на меѓународен план, а во контекст на јакнењето на билатералната и мултилатералната соработка меѓу Република Македонија и земјите, регионите и институциите членки на Франкофонијата. Од контактите со учесниците на сесијата, се стекна впечаток дека постои голема симпатија кон Република Македонија и заинтересираност за актуелните состојби. Во контактите со парламентарците и функционерите од регионот Европа е изразена подготвеност од нивна страна за поддршка на кандидатурата на Република Македонија за стекнување со статус на полноправна членка во Меѓународната организација на Франкофонијата.

Следната редовна годишна сесија ќе се одржи во почетокот на јули 2005 година во Маракеш, Мароко.

[59] На Третата сесија на Парламентот на младите франкофони, од Република Македонија учествуваа г-ѓа Наталија Ѓорѓевиќ, студент на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и г. Ардиан Рамадани, студент на Универзитетот на ЈИЕ во Тетово.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Мешовит парламентарен комитет - Република Македонија и ЕУ

ИЗВЕШТАЈ

од Првата средба на Мешовитиот парламентарен комитет
Република Македонија и ЕУ
одржана на 30 и 31 март 2005 година

Скопје, мај 2005 година

На 30 и 31 март 2005 година, во Собранието на Република Македонија се одржа првата седница на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и ЕУ.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и ЕУ ја сочинуваа пратениците: ***Андреј Жерновски****, претседател,* ***Теута Арифи и Слободан Чашуле****, потпретседатели,* ***Јани Макрадули, Благородна Мингова Крепиева, Цветанка Иванова, Иван Анастасовски, Аднан Јашари, Ејуп Рустеми, Лилјана Ивановска, Неждет Мустафа, Ганка Самоиловска Цветанова, Зоран Крстевски и Замир Дика****, членови на Делегацијата. Пратеникот* ***Марјан Ѓорчев*** *од оправдани причини го најави своето отсуство. Делегацијата на Европскиот парламент беше претставена од пратениците:* ***Георгиос Парастамкос*** *(Грција), претседател,* ***Ѓула Хеги*** *(Унгарија), потпретседател,* ***Ерик Мејер*** *(Холандија), известител на Комисијата за надворешни работи на Европскиот парламент,* ***Мојца Дрчак Мурко*** *(Словенија),* ***Панагиотис Беглитис*** *(Грција),* ***Сер Куштесер*** *(Италија),* ***Дијаманто Манолаку*** *(Грција),* ***Јустас Винкас Плацекис*** *(Литванија), членови на Делегацијата.*

На средбата беа разгледани и покренати повеќе прашања во врска со интеграцијата на Република Македонија во Европската унија, односно апликацијата за членство во ЕУ и Европското партнерство, потоа внатрешно-политичката ситуација во земјата, како и имплементацијата на Охридскиот рамковен договор, локалните избори, реформите во судството и државната администрација. Се разгледа и процесот на економските реформи, регионалната соработка, имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација, како и имплементацијата на помошта од ЕУ, односно KARDS програмата и претпристапната помош. Пратениците дискутираа и за либерализацијата на визниот режим за граѓаните на Република Македонија.

Во текот на подготвителните состаноци на Делегацијата, се изврши рамковна поделба на прашањата меѓу членовите на Делегацијата, така што секој член подетално се задржа на одредено прашање од дневниот ред и тоа на следниов начин: апликацијата за членство во ЕУ - Слободан Чашуле, Европското партнерство - Јани Макрадули, имплементацијата на Охридскиот договор - Теута Арифи, локалните избори - Лилјана Ивановска, реформите во судството и државната администрација - Цветанка Иванова, процесот на економските реформи - Благородна Мингова Крепиева, регионалната соработка - Иван Анастасовски, имплементацијата на Договорот за стабилизација и асоцијација - Замир Дика, имплементацијата на помошта од ЕУ, односно KARDS програма и претпристапната помош - Зоран Крстевски и либерализацијата на визниот режим - Ганка Самоилова Цветановска.

Свои обраќања на средбата имаа: **Радмила Шекеринска,** заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, **Жан-Луи Вотцфелд,** амбасадор задолжен за Западен Балкан во име на луксембуршкото претседавање со Советот на Европската унија, **Донато Кијарини**, амбасадор шеф на Делегацијата на Европската комисија, **Каролина Ристова**, претседател на Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија и **Ерик Мејер**, известител на Комисијата за надворешни работи на Европскиот парламент за апликацијата на Република Македонија за членство во ЕУ.

Во извешајот дискусиите се презентирани според хронолошки редослед.

Првата седница на Мешовитата парламентарна комисија на ЕУ и Република Македонија ја отвори **Љупчо Јордановски** , претседател на Собранието на Република Македонија, потоа **Андреј Жерновски** и **Георгиос Папастамкос**, како копретседавачи на Мешовитиот парламентарен комитет ги претставија членовите на Делегациите.

Прва средба на Мешовитиот парламентарен комитет на Република Македонија и Европската унија

Андреј ЖЕРНОВСКИ и Георгиос ПАПАСТАМКОС (ЕНП-ЕД, Грција), копретседавачи на Мешовитиот парламентарен комитет (МПК) го отворија состанокот во 15,05 часот и ги претставија членовите.

Господинот Љупчо ЈОРДАНОВСКИ, претседател на Собранието на Република Македонија, зеде збор и ги поздрави присутните, истакнувајќи дека првиот состанок на МПК на РМ и ЕУ е понатамошен чекор на патот на неговата држава кон членство во ЕУ и дека европската интеграција ќе биде нецелосна без Балканот. Тој забележа дека ова беше констатирано на Самитот во Солун во јуни 2003 година, со што беше потврдена европската перспектива на државите во регионот. Потсети и дека во 2001 година неговата земја прва го потпиша Договорот за стабилизација и асоцијација кој влезе во сила во 2004 година. Притоа даде краток преглед на структурните реформи од Охридскиот договор, кои вклучуваат неповредливост на границите и територијалниот ингритет и ја нагласи потребата од постигнување на финален договор за северната граница на државата. Господин Јордановски, исто така, повика на либерализација на постоечкиот визен режим на ЕУ.

Господинот ЖЕРНОВСКИ му заблагодари на г. Јордановски и повтори многу од неговите зборови. Тој ја нагласи важноста од парламентарен дијалог и забележа дека основањето на МПК ќе го подигне нивото на оваа соработка и подвлече дека апликацијата за членство во ЕУ на неговата држава ужива поддршка низ целиот политички и етнички спектрум. Исто така, нагласи дека неговата држава никогаш не им извезувала етнички тензии на своите соседи, дури и во времето на кризата од 2001 година. Господинот Жерновски заврши нагласувајќи дека за Република Македонија критериумите од Копенхаген претставуваат одлична рамка за политичка реформа што се презема.

Господинот ПАПАСТАМКОС нагласи дека членовите на Европскиот парламент се ревносни да дадат конструктивен придонес на односите меѓу двете страни, поздравувајќи го резултатот од референдумот одржан на 7 ноември 2004 година за предложениот закон за децентрализација, како знак дека граѓаните на државата сакаат да се приближат кон ЕУ и НАТО. Исто така, ја подвлече важноста за градење на доверба низ етничките поделби преку имплементацијата на Охридскиот договор. Господинот Папастамкос прифати дека сé уште постојат разлики околу името на државата и тој препорача постигнување на договор во рамките на Обединетите нации. Го забележа и планираното пристапување кон Централноевропската спогодба за слободна трговија (CEFTA) во 2005 година и најавата дека Владата ќе ја потпише Конвенцијата на ОН за борба против корупцијата. Притоа ја нагласи позитивната улога на странските директни инвестиции од земјите членки на ЕУ во државата, истовремено нагласувајќи ја важноста од институционална, политичка и регионална стабилност за привлекување на натамошни вакви инвестиции. Копретседавачот заврши потенцирајќи дека РМ треба да ги исполни политичките, економските и социјалните критериуми на ЕУ и дека Унијата ќе биде на нејзина страна на нејзиниот пат до членството.

1. Усвојување на нацртот на дневниот ред

Дневниот ред беше усвоен.

2. Разгледување и усвојување на Нацртот на деловникот на МПК

Точката беше поместена за следниот ден.

3. Интеграција на Република Македонија во ЕУ

Госпоѓицата Радмила ШЕКЕРИНСКА, заменик на претседател на Владата, претставувајќи ја Владата на Република Македонија, нагласи дека нејзината држава направи голем чекор со поднесувањето на апликацијата за членство во ЕУ во март 2004 година. Оваа апликација имаше широка поддршка во државата и Владата е решена да го забрза процесот на интеграција и пристапување. Државата се стреми да добие статус на земја кандидат до 2006 година и да биде подготвена за пристапување до 2010 година. Таа нагласи дека државата треба да се соочи со условите кои се однесуваа на сите земји апликанти и дека не треба да се додаваат дополнителни критеиуми.

Госпоѓицата Шекеринска го забележа напредокот во имплементацијата на Охридскиот договор и особено се осврна на зголемениот број на етничките Албанци во полициските сили и призна дека имаше некои неправилности во неодамнешните локални избории нагласувајќи дека властите ќе ги имплементираат препораките на ОБСЕ/ОДИХИР за изборниот закон. Потпретседелката на Владата, исто така, ги подвлече реформите во судството, кои ја зголемија неговата ефикасност и независност и притоа забележа дека макроекономската стабилност се одржува од 1995 година и дека нејзината држава стана членка на СТО во 2003 година. На крајот г-цата Шекеринска се заложи за децентрализација на помошта од ЕУ и за претпристапна помош, а исто така, ја истакна и важноста од реформа на визниот режим за граѓаните на нејзината држава.

Неговата екселенција, г. Жан-Луи ВОЛЦФЕЛД, претставник на луксембуршкото претседателство со Советот на Европската унија, истакна дека Унијата го поздрави почетокот на Договорот за стабилизација и асоцијација, кој е рамка за договорни односи меѓу двете страни. Тој го поздрави повторното воспоставување на стабилност од потпишувањето на Охридскиот договор и продлабочувањето на односите со ЕУ. Позитивниот тренд на реформите треба да се одржи и да се интензивира. Господинот Волцфелд ја подвече важноста од зајакнување на владеењето на правото и ја поздрави заложбата на Владата да се справи со неправилностите околу локалните избори. Истакнувајќи дека "патот кон Брисел минува низ Охрид", г. Волцфелд ја нагласи клучната важност од продолжување на имплементацијата на Рамковниот договор. Исто така, ја подвлече потребата од економски развој, намалување на бирократијата и борба против корупцијата и заврши нагласувајќи дека 2005 година е клучна година за патот на РМ кон ЕУ имајќи предвид дека Комисијата ја проучува апликацијата за членство што ја поднесе Владата во Скопје.

Господинот Донато КЈАРИНИ, претставник на Европската комисија, се осврна на многу од овие теми како што е Охридскиот договор и потребата за создавање поволна бизнис клима. Во врска со локалните избори ја истакна потребата од непристрасна изборна администрација. Тој забележа дека изгледите за членство во ЕУ се катализатор за реформи во многу земји апликанти и ја нагласи клучната улога на парламентот во овој процес. Тој особено ја пофали работата на Комисијата за европски прашања.

Госпоѓата Каролина РИСТОВА, претседател на Комисијата за европски прашања, изнесе детали за структурата на Комисијата која има 13 членови од повеќе различни партии и е многу активна со досега одржани 19 седници. Комисијата го следи имплементирањето на хармонизацијата на законодавството со законодавството на ЕУ. Таа ја координира својата работа со другите комисии и се надева на пристап до правните сервиси на ЕУ. Владата на Република Македонија секои три месеци на Собранието му доставува извештаи за активностите во процесот на евроинтеграцијата. Комисијата може да дава директни мислења и препораки на Владата. Госпоѓата Ристова објасни дека Комисијата за европски прашања е транспарентно тело и дека документите се веќе достапни преку Интернет. Комисијата, исто така, има тесни врски со НВО и подвлече дека постои општ политички консензус во државата за членство во ЕУ. Таа истакна дека Комисијата остварува соработка со комисиите за европски

прашања од други земји како и со KOSAK, Конференцијата на комисиите за европски прашања.

Господинот Ерик МАЈЕР (GOE/NZL, Холандија) известител на Комисијата за надворешни работи на Европскиот парламент за апликацијата на РМ за членство во ЕУ, забележа дека досега нема утврдено датум за започнување на преговорите за членство. Но, како што рече, е сигурен дека тие ќе започнат кога ќе бидат исполнети критериумите од Копенхаген. Тој ја подвлече важноста на имплементацијата на Охридскиот рамковен договор и постигнување согласност за името на државата. Господинот Мајер се осврна на прашањата како што е проблемот со визите, демаркација на границата и потребата да се реши проблемот со невработеноста. Исто така, забележа дека Владата во Скопје има поинаков став за Меѓународниот кривичен суд од оној на ЕУ.

Господинот Слободан ЧАШУЛЕ истакна дека неговата држава треба да ги имплементира правилата на ЕУ за нејзино добро, бидејќи процесот на исполнување на релевантните критериуми ќе ја промовира безбедноста и стабилноста. Тој рече дека не верува дека Скопје треба да се концентрира на стриктни датуми, туку треба да се осигура дека имплементацијата на "acquis" ги исполнува највисоките стандарди и се надева дека ЕУ ќе понуди помош за надминување на предизвиците како што се корупцијата и организираниот криминал. Ако државата не се интегрира во ЕУ, предупреди, таа ќе биде "константна црна дупка" за соседството.

Господинот Ѓула ХЕГИ (PES, Унгарија) предупреди дека регионот е се уште кревок, особено на Косово и во Босна и Херцеговина. Во интерес е на самите земји апликанти за членство во ЕУ да ги исполнат критериумите за членство во ЕУ. Властите во Скопје не би требало да ги насочат сите свои напори кон добивање датуми за прием, бидејќи е поважно прво да се исполнат критериумите за членство. Тој забележа дека критериумите од Копенхаген можат да се исполнат само кога економските услови ќе бидат задоволителни. Јавната доверба, на пример, е основна за да се има целосно функционален банкарски систем и потсети дека не постои еднаквост во третманот за граѓаните на сите земји членки на ЕУ во однос на прашањето на визи, бидејќи на некои нови земји членки се уште им е потребна виза за влез во РМ.

Господинот Панајотис БЕГЛИТИС (PES, Грција) се осврна на успехот на ЕУ во надминувањето на проблемите во земјите членки како што се воени и етнички конфликти, сиромаштија и неразвиеност. Тој нагласи дека во Грција постои општа поддршка за интеграција на Балканот во Унијата, бидејќи државите во регионот се привилегирани сојузници. Предупреди на тешките преговори во иднина и ја нагласи потребата за имплементација на acquis**.** Исто така, забележа дека РМ се разидува со ЕУ за прашањето на Меѓународниот кривичен суд. Тој ја подвлече потребата од реализам за постигнување согласност за името на државата.

Господинот Јелко КАЦИН (ALDE, Словенија) ја нагласи важноста од понатамошно зајакнување на улогата на парламентот и ја потенцира потребата од консензус на сите етнички групи и граѓанското општество за мултилатерален пристап со сите 25 држави членки. Процесот на поблиска интеграција со ЕУ ќе го трасира патот за етничките Албанци на Косово и за граѓаните на Албанија.

Господинот Јани МАКРАДУЛИ изнесе детали од Акциониот план за имплементација на Договорот за стабилизација и асоцијација. Тие вклучуваат забрзана имплементација на Охридскиот договор и создавање поволна бизнис клима. Тој нагласи дека сите министерства биле вклучени во елаборација на планот и дека поставува прецизни и дефинрани рокови, а 15% од владиниот буџет се посветени на планот.

Господинот Сер КУСТАЧЕР (Зелени/EFA, Италија) изнесе детали за рамката која се применуваше во регионот на Јужен Тирол во Италија каде што 65-66% од населението е од германско говорно подрачје. Тој особено ги пофали предностите на мултилингвизмот каде што сите учат најмалку два јазика од најмала возраст.

Госпоѓата Теута АРИФИ забележа дека таа го посетила Јужен Тирол за да види како мултиетничкиот живот може да функционира и потенцира дека Охридскиот договор ја спаси државата од ескалација на конфликтот. Коментирајќи дека би било подобро да се инвестира во преведувачи отколку во оружје, таа го препорача Европскиот парламент како модел на мултилингвизам, нагласувајќи го правото студентите да се здобиваат со високо образование на мајчин јазик. Создавањето на третиот Државен универзитет во Тетово доведе до зголемување на бројот на етничките Албанци во високото образование од 6% на 15%, од кои 50% се жени. Притоа го поздрави фактот што референдумот од минатата година покажа дека политиката на децентрализација ја има поддршката на мнозинството од населението. Госпоѓата Арифи истакна дека зголемувањето на бројот на етничките Албанци во униформираните полициски сили е позабележително, бидејќи роковите за имплементација на оваа политика се јасни. Но, наведе дека е потребно да се направи повеќе за да се вработат етнички Албанци во администрацијата и да се спроведе реформа на административните структури.

Госпоѓата Мојца ДРЧАР МУРКО (ALDE, Словенија) би сакала регионот да се стабилизира и да има јасна перспектива за членство на државата која може да биде катализатор на процесот на политичка и економска реформа.

Господинот Замир ДИКА рече дека Охридскиот договор ќе биде вистински спроведен кога ќе функционира на теренот и МПК треба да има улога во следењето на неговата имплементација. Тој нагласи дека се уште постојат проблеми во државата и забележа дека неговата партија - Демократската партија на Албанците (ДПА) го бојкотираше вториот круг на локалните избори.

Седницата заврши во 18,30 и започна во 9,00 часот следниот ден.

Госпоѓата Лилјана ИВАНОВСКА ја нагласи важноста на неодамнешните локални избори поради децентрализацијата која резултира од Охридскиот договор и прифати дека постоеја аномалии и ја подвлече потребата за политички консензус за решавање на неправилностите кои беа идентификувани. Извршителите на измамите треба да бидат казнети и изнесе детали од резултатите, искажувајќи особено задоволство што односот на избрани жени порасна на 22,7% од вкупниот број, со поголема застапеност на жените од етничките малцинства. Госпоѓата Ивановска, исто така, забележа дека НВО покрија 60% од избирачките места. Одговарајќи на прашање од Дрчар Мурко таа наведе дека неправилностите опфатија полнење гласачки кутии, кинење гласачки ливчиња и семејно гласање.

Господинот Неждет МУСТАФА нагласи дека Ромите сакаат да се интегрираат во општеството и особено да добијат поголем пристап до образованието. Тој забележа дека во Скопје е дојден Ром член на Европскиот парламент и дека тоа остава добар впечаток. Господинот Кацин истакна дека има двајца Роми членови на Европскиот парламент и дека Парламентот ќе усвои специјална резолуција за Меѓународниот ден на Ромите. Според него Ромите бегалци не добиваат доволно внимание и резолуцијата на Европскиот парламент треба да ги натера политичарите да направат повеќе.

Господинот ЧАШУЛЕ нагласи дека на 29 март 2005 година сите опозициони партии потпишаа декларација со која се поттикнуваат властите да го поништат вториот круг на гласање во неколку општини каде што беа идентификувани неправилности. Госпоѓата Диаманто МАНОЛАКОУ (GUE/NGL, Грција) подвлече дека е есенцијално да се има слободни и фер избори, во спротивно граѓаните нема да ги почитуваат властите. Господинот Јани МАКРАДУЛИ истакна дека неправилности се забележени во 1,7% од избирачките места. Господинот ХЕЃИ рече дека треба да се научат лекции од

унгарскиот пристап кон Ромите. Тој истакна дека бојкотот на изборите испрати погрешен сигнал. Оние кои се незадоволни поради неправилностите треба своите жалби да ги изнесат пред суд. Господинот ПЛАЦЕКИС запраша колку биле активни обичните граѓани во известувањето за неправилности и која била улогата на масовните медиуми во изборите. Како одговор на неговото следно прашање за казните за причинетите неправилности, г. ЖЕРНОВСКИ истакна дека се можни казни затвор до пет години. Господинот МУСТАФА ги осуди акциите во изборната единица каде што 23% од етничките Албанци им го одзедоа правото на Ромите да имаат контрола врз изборната единица.

Госпоѓата Цветанка ИВАНОВА изнесе детали за реформата на судството, особено на судскиот систем и забележа дека потпишувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација и неопходноста од приближување на македонското законодавство со законодавството на ЕУ доведоа до реформи. Таа нагласи дека постои политичка волја за имплементација на реформите која има три елемента: суштински, процедурален и структурен и се наведени во Акциониот план за имплементација на Договорот за стабилизација и асоцијација. Таа особено ја нагласи важноста од постоење на ефективен систем на назначување на судии и истакна дека судството треба да биде финансиски независно. Госпоѓата Иванова, исто така, подвлече дека има потреба од намалување на државната администрација и намалување на бирократијата.

Господинот КАЦИН ја нагласи важноста на ова прашање и рече дека имплементацијата е императив и се осврна на проблемите на преведување, забележувајќи дека зборот "одговорност" не постои во словенските јазици. Госпоѓата ИВАНОВА повторно нагласи дека постои општ консензус за тоа дека реформите во судството се императив. Граѓаните веќе можат да се обратат до Европскиот суд за човекови права.

Осврнувајќи се на економската состојба , госпоѓата МИНГОВА КРЕПИЕВА забележа дека развојот е недоволен. На позитивната страна постои макроекономска стабилност и стабилност на цените. Не постои јавен дефицит и економијата е либерализирана. Но нивото на невработеност и сиромаштија се уште се високи. Постои низок степан на штедење и инвестиции и има остар пад на индустриското производство поради затворање на фирмите загубари. Таа изнесе детали од новиот закон, особено Законот за претпријатија кој има за цел да ги поедностави постапките во оваа област и Законот за заштита на потрошувачите. Значителни структурни реформи се спроведени, особено во транспортниот сектор. Госпоѓата Мингова Крепиева нагласи дека е основно да се задржи макроекономската стабилност и дека добивањето на статус на држава кандидат за ЕУ ќе ја стимулира економијата.

Господинот АНАСТАСОВСКИ изнесе детали за соработката на парламентите во регионот, забележувајќи дека оваа соработка станува поформализирана. Тој се осврна на договорот со Хрватска за интеграција во ЕУ и Меморандумот за разбирање за борба против криминалот со државите во регионот. Генерално односите со соседните држави се добри или се подобруваат.

Господинот Зоран КРСТЕВСКИ забележа дека во почетокот на деведесеттите години на минатиот век имаше ограничен економски развој поради војните во регионот и затворање на границата со Грција. Тој посочи на значителниот институционален развој и стремежот на државата да стане кандидат за членство во ЕУ што е можно поскоро.

Госпоѓата ДРЧАР МУРКО подвлече дека има потреба од транспарентна бизнис клима во која претприемачите ќе бидат уверени дека нивните пари се безбедни. Со цел да се привлечат странски инвестиции неопходно е да се создаде економска стабилност и да се воспостави владеење на правото.

Госпоѓата САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА говореше за имплементацијата на законот за фискална децентрализација. Таа забележа дека некои етнички заедници ќе

доминираат во некои области и дека е основно да се обезбедат механизми за спречување на дискриминација на малцинствата.

2. Разгледување и усвојување на Нацртот на деловникот на МПК

Деловникот беше усвоен со амандман. Беше нагласено дека ако има технички услови ќе биде можно да се одржуваат состаноци и на други локации во Република Македонија освен во Скопје.

3. Либерализација на визниот режим

Госпоѓата САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА зборуваше за релаксирање на визниот режим. Важно е да се потпишат договори за реадмисија, да се подготват нови пасоши и да се обезбедат ефикасни гранични премини. Треба да има еднаков пристап во државата за граѓаните на сите земји членки на ЕУ.

Господинот ХЕГИ нагласи дека основен принцип на ЕУ е дека сите држави се еднакви и дека треба да бидат во визните договори со трети држави. Госпоѓата ИВАНОВСКА сакаше да се укине барањето за дипломатите да имаат виза и забележа дека на пратениците од Република Македонија им е потребна виза за да влезат во шенген државите.

Господинот ЧАШУЛЕ истакна дека на "младите Македонци кои се идни граѓани на ЕУ" треба да им биде дозволено да патуваат слободно. Господинот КАЦИН се спротивстави на овој предлог со образложение дека тоа би претставувало дискриминација според возраст. Расправата за визниот режим треба да се заснова на човековите права и граѓанските слободи.

Госпоѓата САМОИЛОВСКА ЦВЕТАНОВА истакна дека не постојат политички пречки за укинување на визниот режим и дека едноставно треба да се исполнат техничките барања.

4. Разгледување и усвојување на завршна изјава

Завршната изјава беше усвоена со амандмани. Господинот КУСТАЧЕР сакаше да нагласи дека треба да се постави прашањето за Меѓународниот кривичен суд.

5. Друго

Немаше други точки.

6. Датум и место на одржување на втората средба на Мешовитиот парламентарен комитет на Република Македонија и Европската унија

Следниот состанок ќе се одржи во Брисел на 28 и 29 ноември 2005 година.

Во прилог на извештајот се доставени усвоената Заедничка изјава и Деловникот за работа на Мешовитиот парламентарен комитет - Република Македонија и ЕУ.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Собранието на Западноевропската Унија

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Педесеттата седница на Собранието
на Западноевропската унија (втор дел),
одржана од 29 ноември до 1 декември 2004 година
во Париз, Република Франција

Скопје, декември 2004 година

Собранието на Западноевропската унија, Интерпарламентарното европско собрание за безбедност и одбрана (СЗЕУ), го одржа вториот дел на својата редовна 50 седница од 29 ноември до 1 декември 2004 година во Париз, Република Франција. На седницата учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија, што ја сочинуваа пратениците г. Кенан Хасипи и г. Зоран Крстевски, како и г-ѓа Билјана Огненовска, советник за мултилатерална соработка во Собранието на Република Македонија.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија на оваа седница на Собранието на ЗЕУ учествуваше со статус на "специјален гостин",[60] со кој се овозможува пратениците редовно да учествуваат во работата на СЗЕУ, без право на глас.

На вториот дел од Педесеттата седницата на СЗЕУ се расправаше за повеќе прашања од областа на одбраната, безбедноста и актуелните збиднувања во Европа и пошироко. Пратениците разгледаа и усвоија 11 извештаи, десет препораки, две резолуции и една одлука[61], а беше разгледан и Педесеттиот годишен извештај на Советот на ЗЕУ.

Во текот на седницата, на 1 декември 2004 година, парламентарците го избраа г. Стеф Горис, пратеник од Белгија, за нов претседател на Собранието на ЗЕУ.

Со свои излагања на пратениците им се обратија: г. Марсел Глесенер, претседател на Собранието на Западноевропската унија, г. Лук Фриеден, министер за правда, трезор, буџет и одбрана на Луксембург, како претставник на идното претседателство со Западноевропската унија и со Европската унија, г. Алесандро Минуто Рицо, заменик на генералниот секретар на НАТО, г. Џорџ Јакову, министер за надворешни работи на Кипар и г. Стеф Горис, новоизбраниот претседател на СЗЕУ.

* * * * *

На почетокот на седницата на пратениците им се обрати **г. Марсел Глесенер,** претседател на Собранието на Западноевропската унија, кој ги претстави темите за дебата на седницата и гостите кои ќе им се обратат на пратениците. Истакнувајќи дека заедничката безбедностна политика на Европската унија е веќе реалност, претседателот Глесенер го изрази своето убедување дека улогата на Собранието на ЗЕУ станува с# позначајна, со оглед дека се зголемува потребата за парламентарен надзор и дијалог за одбранбените и безбедностните прашања. Тој информираше за одбележувањето на педесетгодишнината од изменетиот Бриселски договор, при што укажа на потребата за негово остануање во сила, бидејќи во Уставот за Европа не се содржани неколку клучни поглавја од овој договор.

За зачување на изменетиот Бриселски договор се заложи и **г. Лук Фриеден**, министер за правда, трезор, буџет и одбрана на Луксембург и претставник на идното луксембургшко претседателство со Западноевропската унија и со Европската унија. Во своето обраќање пред Собранието тој оцени дека с# додека одредени клаузули од договорот не фигурираат во идниот Европски устав, би било логично да се задржат одредбите од изменетиот Бриселски договор, а исто така и интерпарламентарниот форум што го претставува Собранието на ЗЕУ. Господинот Фриеден подвлече дека претседателството на Луксембург придава големо значење на односите со парламентарните тела, ценејќи дека заеднички треба да се изнајдат начини за продлабочување на дијалогот меѓу владите и националните парламенти. Тој се осврна на основните насоки на програмата и предвидените активности на идното претседателство со ЗЕУ и со ЕУ, како и на предизвиците во спроведувањето на Европската безбедносна и одбранбена политика.

[60] Со овој статус Собранието на Република Македонија се здоби во декември 2003 год.

[61] Извештаите, препораките, резолуциите и одлуката (на англиски и француски јазик) се достапни на Интернет страницата на СЗЕУ: www.assemblee-ueo.org

На прашањето од германскиот пратеник г. Клаус-Вернер Јонас за иднината на Косово, министерот се изјасни против намалувањето на мандатот меѓународните сили, оценувајќи дека се уште постојат сериозни ризици по стабилноста. Тој се заложи за поактивна стратегија на ЕУ во врска со идниот статус на Косово и односите меѓу различните заедници.

Заменикот на генаралниот секретар на НАТО **г. Алесандро Минуто Рицо,** се заложи за постепено и прагматично проширување на соработката меѓу НАТО и ЕУ, како на географски, така и на функционален план. Тој подвлече дека заедничка цел на двете организации е да соработуваат во области каде што се совпаѓаат нивните интереси, посочувајќи го Балканот како пример за соработка во кризниот менаџмент. Борбата против тероризмот и подобрувањето на воените капацитети се, исто така домени во кои е нужна синергија меѓу НАТО и ЕУ. Господинот Минуто Рицо ги повика парламентарците членови на Собранието на ЗЕУ, како најупатени во одбранбените и безбедносните прашања, да ги убедат скептиците за потребата од продлабочена соработка меѓу двете организации. Изразувајќи надеж дека разликите меѓу алтантистите и европеистите се веќе минато, тој нагласи дека премногу време, енергија и пари биле потрошени за одржување на вештачки бариери.

Одговорајќи на прашањето од г. Мартинсен, пратеник од Норвешка, г. Минуто Рицо изрази песимизам во врска со премостувањето на јазот меѓу воените капацитети на ЕУ и САД. Тој подвлече дека буџетите за одбрана на земјите членки на ЕУ изнесуваат околу 60% од буџетот за одбрана на САД, додека кај воената ефикасност разликата е многу поголема.

На пратениците им се обрати и **г. Џорџ Јакову**, министер за надворешни работи на Кипар. Тој се осврна на проширувањето на Европската унија, нагласувајќи дека тоа не смее да создаде нови линии на поделба, туку мора да придонесе за зголемување на стабилноста, прогресот и соработката со соседите на Унијата. Господинот Јакову го поздрави договорот за соработка меѓу ООН и ЕУ во управувањето со кризи, а го осуди однесувањето на "една членка на НАТО", која ја користи својата позиција за да го блокира учеството на Кипар и Малта во дискусиите, дури и кога не станува збор за договорите "Берлин плус".

Во врска со отварањето на преговори за членство на Турција во ЕУ, министерот предупреди дека неговата земја ќе ја блокира одлуката за отпочнување на преговорите доколку Турција не ги почитува обврските што произлегуваат од меѓународните резолуции и од одлуките на ЕУ, а се однесуваат на Република Кипар. Господинот Јакову ја потврди определбата на неговата Влада за постигнување на сеопфатна и правилна спогодба за Кипар, која ќе биде прифалива за двете страни и во согласност со релевантните резолуции на Советот за безбедност на ООН, меѓународното право и вредностите и принципите врз кои се базира Европската унија.

Новоизбраниот претседател на Собранието на Западноевропската унија **г. Стеф Горис**, во својот инагуративен говор ги повика членовите на Собранието да придонесат за развивање на клима на доверба и соработка меѓу ЕУ и НАТО. Тој подлече дека фактот што Собранието на ЗЕУ ги соединува парламентите на земјите кои се членки на ЕУ, а не на НАТО и обратно - земјите членки на НАТО, но не на ЕУ, придонесува ова Собрание да биде мост меѓу европскиот и трансатлантскиот пристап во безбедноста. Господинот Горис, исто така се осврна на иднината на Собранието на ЗЕУ и целите кон кои ќе се стреми за време на својот мандат.

П О Л И Т И Ч К И П Р А Ш А Њ А

Собранието на Западноевропската унија ги разгледа и усвои следниве извештаи предложени од Комисијата за политички прашања:

- "*Новите предизвици за трансатлантската безбедносна соработка*", поднесен од г-ѓа Елса Пападимитриу, пратеник од Грција,
- "*Стабилноста и безбедноста во Јужен Кавказ*", поднесен од г. Жан-Пјер Масере, сенатор од Франција и г. Марко Закера, пратеник од Италија,
- "*Европската безбедносна политика педесет години по потпишувањето на изменетиот Бриселски договор - одговор на годишниот извештај на Советот*", поднесен од г. Антонио Назаре Переира, пратеник од Португалија и

- "*Состојбата во Украина*", устен извештај поднесен од г. Стеф Горис, пратеник од Белгија.

Во извештајот **"Новите предизвици за трансатлантската безбедносна соработка",** поднесен од г-ѓа Пападимитриу се дава осврт на начинот на кој еволуирале евроатлантските односи, особено по претседателските избори во САД, како и на проблемите во врска со иднината на Ирак, состојбата во Авганистан, нуклеарните активности на Иран и Северна Кореја, перспективите за траен мир на Блискиот Исток по смртта на Јасер Арафат и сл.

Известителот г-ѓа Пападимитриу поднесе амандман на Предлогот на препораката, со кој Собранието на ЗЕУ "*подвлекува дека е значајно сите членки на Организацијата на Обединетите нации да се придржуваат кон сите нејзини резолуции и изразува жалење за скорешното унилатерално признавање од страна на САД на поранешната југословенска Република Македонија како "Република Македонија", што е спротивно со духот на резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на ОН*".

Господинот Кенан Хасипи, член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ЗЕУ ги повика членовите на Собранието да не го поддржат овој амандаман, истакнувајки дека референцата БЈРМ е од времен карактер и не го ускратува правото на било која земја да ја именува Република Македонија со нејзиното уставно име. Тој оцени дека признавањето на Република Македонија од страна на САД под нејзиното уставно име не е спротивно со ниту една норма на Организацијата на Обединетите нации. Истовремено, г. Кенан Хасипи потсети дека САД го направија она што досега го имаат направено многу земји во светот, подвлекувајќи дека дел од тие земји имаат свои преставници и во Собранието на ЗЕУ.

По изјаснувањето на преставникот на Комисијата за политички прашања дека членовите на комисијата го подржале амандманот, истиот беше усвоен од Собранието на ЗЕУ.

Пратеникот г. Хасипи дискутираше против овој амандман и на седницата на Комисијата за политички прашања што се одржа на 30 ноември 2004 година, кога амандманот беше усвоен од Комисијата со шест гласа "за", ниеден "против" и три "воздржани".[62]

Собранието на ЗЕУ усвои препорака до Советот на ЗЕУ со која се повикуваат владите на земјите членки да соработуваат со администрацијата на претседателот Буш, како билатерално, така и во рамките на мултилатералните организации како што е НАТО, којашто е главен форум за трансатлантски консултации. Според Собранието, консолидираните трансатлантски врски, приспособени на новите безбедносни предизвици, би можеле да бидат движечка сила во корист на светската безбедност во мултиполарниот свет. Овие врски би требало да се развиваат само преку конкретни политики и акции базирани на заедничка стратегија, каде што НАТО останува основен форум за безбедност и соработка меѓу Американците и Европејците.

Известителите сен. Жан-Пјер Масере и г. Марко Закера во извештајот **"Стабилноста и безбедноста во Јужен Кавказ"** се осврнуваат на политичката и безбедносната ситуација во Ерменија, Азербејџан и Грузија. Тие оценуваат дека е прерано да се размислува за пакт за стабилност за Кавкаскиот регион, с# додека не се разрешат конфликтите во Авказија, Јужна Осетија и Нагорно Карабак. Од друга страна, во извештајот се предупредува дека развојот на енергенските потенцијали (нафта и природен гас), може да влијае на безбедносната димензија во регионот.

Во усвоената препорака Собранието на ЗЕУ ја поздравува одлуката за вклучување на Ерменија, Азербејџан и Грузија во политиката за Европско соседство и ја повикува Европската унија да го спречи отпочнувањето на трка за вооружување меѓу Ерменија и Азербејџан, во обид по пат на сила да се разреши конфликтот за Нагорно

[62] За признавањето на уставното име на Република Македонија од страна на САД било дискутирано и на Седницата на Комисијата за политички прашања, одржана на 8 ноември 2004 година во Париз. На оваа седница не присуствуваа претставници на Собранието на Република Македонија.

Карабак. Собранието смета дека треба да се спречи и циркулацијата на големи количества на воена опрема во овој регион.

Собранието на ЗЕУ расправаше и по извештајот **"Европската безбедносна политика педесет години по потпишувањето на изменетиот Бриселски договор - одговор на годишниот извештај на Советот"** поднесен од г. Антонио Назаре Переира. Извештајот се осврнува на историскиот развој на Европската безбедносна политика и напредокот што е постигнат на ова поле во изминатите педесет години. Известителот дава осврт и на конференциите што ги организираше Собранието на ЗЕУ за одбележување на педесетгодишнината од потпишувањето на Париските договори со кои е изменет Бриселскиот договор, како и на потпишувањето на договорот за Уставот за Европа. Господинот Назаре Переира, исто така во извештајот ја образложува потребата за зачувување на клаузулата за обврзувачка заедничка одбрана, што е содржана во членот 5 од изменетиот Бриселскиот договор и оценува дека е с# уште рано да се укине овој договор.

По овој извештај се водеше заедничка дискусија со извештајот "*Европски устав: парламентарно следење и ставот на јавното мислење*", поднесен од лордот Расел-Џонстон од Обединетото Кралство и г. Анџеј Гавловски, пратеник од Полска, во име на Комисијата за парламентарни прашања и односи со јавноста. По дискусијата во која свои ставови изнесоа пратеници од повеќе земји, Собранието усвои препорака до Советот на ЗЕУ и одлука со која на парламентарните делегации од седум земји[63] им се доделува право на глас во комисиите на СЗЕУ.

Во усвоената препорака, парламентарците со задоволство констатираат дека со потпишувањето на договорот за Уставот за Европа се исполнети многу од целите што пред 50 години биле зацртани во Париските договори со кои е изменет Бриселскиот договор. Собранието смета дека со вклучувањето на "клаузулата за солидарност" во Уставниот договор се отвораат перспективи за борба против меѓународниот тероризам и се овозможува вклучување на земјите членки на ЗЕУ во мисиите од областа на Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕСДП). И покрај неспорниот напредок во безбедноста и одбраната на ЕУ, Собранието им препорача на владите да се задржи изменетиот Бриселски договор, со цел и понатаму да се применуваат одредбите за колективна одбрана.

Усниот извештај поднесен од г. Стеф Горис следеше по одобрувањето на барањето за **итна дебата за состојбата во Украина**. Барањето за итна дебата беше поднесено од Комисијата за политички прашања врз основа на правило 44.1 од Деловникот на СЗЕУ.

> *Известителот г. Горис, кој бил член на меѓународната мисија за набљудување на претседателските избори во Украина одржани на 21 ноември, информираше за одредени неправилности што ги воочил во изборниот процес и изрази сомневање во објавените официјални резултати од изборите. Тој им порача на властите во Украина дека волјата на народот треба да биде демократски изразена преку одржување на "трет круг" избори.*

По дебатата во која учествуваа голем број пратеници кои повикаа на компромис и побараа одржување на нови претседателски избори, Собранието на ЗЕУ усвои резолуција за состојбата во Украина. Во резолуцијата Собранието на ЗЕУ ги повикува властите во Украина, заедно со ОБСЕ/ОДИХР, да го преиспитаат изборниот закон и да направат с# што е во нивна моќ за да ги исправат неправилностите во текот на изборниот процес. Истовремено, двете вклучени страни се повикуваат да се воздржат од употреба на сила и да спречат поделба на земјата. Собранието на ЗЕУ, исто така изрази поддршка на напорите на меѓународната заедница, а особено на г. Хавиер Солана, генерален секретар на ЗЕУ и висок претставник на ЕУ за ЗНБП, за постигнување на компромис меѓу спротивставените страни, со цел Владата да започне реформи со кои Украина ќе остане функционална и демократска земја.

[63] Австрија, Данска, Ирска, Кипар, Малта, Финска и Шведска.

О Д Б Р А Н Б Е Н И П Р А Ш А Њ А

На седницата на Собранието на Западноевропската унија се расправаше и по три извештаи од Комисијата за одбрана:

- "*Распоредувањето на европските сили на Балканот*", поднесен од г. Џон Вилкинсон, пратеник од Обединетото Кралство,
- "*Европската унија и одржувањето на мирот во Африка* ", поднесен од г. Стеф Горис, пратеник од Белгија и
- "*Вселенската димензија на Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕСДП)* ", поднесен од г. Ренцо Губерт, сенатор од Италија.

Известителот г. Џон Вилкинсон во извештајот за **"Распоредувањето на европските сили на Балканот",** најпрво ги објаснува мандатите на досегашните сили на ЕУ и НАТО во регионот, по што се задржува на операцијата "Алтеа", воена мисија на Европската унија, која во Босна и Херцеговина треба да го замени присуството на СФОР.

Во извештајот е даден осврт на развојот на европскиот кризен менаџмент, иднината на европските воени способности, како и лекциите што се научени од ангажирањето на европските сили на Балканот.

Во дебатата по овој извештај учествуваше **г. Кенан Хасипи,** член на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ. Тој го истакна своето задоволство што Собранието на ЗЕУ во континуитет ја следи состојбата на Балканот, придонесувајќи на тој начин за стабилноста и безбедноста на регионот. Господинот Хасипи оцени дека преку мисијата "Конкордија" беше постигната хармонизација на напорите на ЕУ и НАТО во регионот и подвлече дека оваа мисија, која беше реализирана во потполно партнерство со властите во Република Македонија, може да служи како пример и вистински патоказ во имплементацијата на Европската безбедносна и одбранбена политика.

Истакнувајќи ја неопходноста за вклучување на Балканот во пошириката рамка на евроатлантската безбедност, пратеникот г. Хасипи се осврна на напредокот што е постигнат во безбедносната и одбранбената соработка на Република Македонија со земјите од регионот. Тој укажа дека на Република Македонија, како и на пошироката меѓународна заедница е особено важно да се стабилизира и унапреди состојбата на Косово, со решавање на неговиот конечен статус преку директни разговори меѓу Приштина и Белград и со активно учество на меѓународната заедница.

Во своето излагање, пратеникот се осврна на Националната стратегија за европска интреграција на Република Македонија, како и на процесот на изготвување на одговорите на Прашалникот од Европската комисија за подготовка на Мислење за барањето за членство на Република Македонија во ЕУ. Во врска со ова, тој оцени дека прашањето за идната територијална организација на земјата и исходот од организираниот референдум по тоа прашање ја покажа готовноста на Република Македонија за целосно прифаќање на стандардите на Европската унија.

На крајот од обраќањето г. Кенан Хасипи подвлече дека Република Македонија ќе обезбедува континуирано приближување и усогласување на своите надворешно-политички и безбедносни активности со Заедничката безбедносна и надворешна политика на Унијата преку континуиран политички дијалог со ЕУ, како и преку регионалната соработка.

По дискусијата, Собранието на ЗЕУ усвои препорака до Советот во која се бара задржување на силно присуство на ЕУ на Балканот, со добро обучени сили за брза интервенција. Истовремено, владите на земјите членки на ЗЕУ се повикуваат активно да се вклучат во обучувањето на полицијата во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово и Македонија, со помош на Европската жандармерија. Во препораката се охрабрува ЕУ да ја преземе одговорноста за стабилноста на Босна и Херцеговина преку операцијата "Алтеа" и се повикува КФОР да остане на Косово се до постигнувањето на дефинитивна политичка спогодба, што ќе биде во интерес на сите страни, заедници и засегнати држави.

На предложената препорака беа поднесени девет амандмани од г. Клаус-Вернер Јонас, пратеник од Социјалдемократската партија на Германија. Со амандманот број 7 беше побарано во текстот на препораката да се избришат зборовите: "поранешна југословенска" (во англиската верзија), односно да се заменат зборовите: "поранешна југословенска Република Македонија" со зборовите: "Република Македонија" (во француската верзија на амандманот).

Против амандманот дискутираше пратеничката од Грција г-ѓа Елза Пападимитриу, која истакна дека г. Јонас може за "поранешната југословенска Република Македонија" да го користи кое сака име во Бундестагот, но во рамките на едно меѓународно собрание мора да се земат предвид одлуките на Обединетите нации, Советот на Европа и ЕУ. Таа го повика предлагачот да им дозволи на известителот и на Комисијата да го користат името "поранешна југословенска Република Македонија", особено во периодот кога премиерот и министерот за надворешни работи на Грција јавно зборуваат за опасноста за иднината на земјата на која сакаат да помогнат и со која сакаат да бидат добри пријатели. Госпоѓата Папандреу оцени дека двете земји треба да седнат на маса во Обединетите нации и да изнајдат заедничко прифатливо решение, а Собранието на ЗЕУ треба да помогне во тој правец.

Господинот Џон Вилкинсон, во својство на претседател на Комисијата за одбрана, истакна дека при изготвувањето на извештајот и препораката во голема мера се водело сметка за употребата на соодветените зборови[64] и се изјасни против овој амандман.

Амандманот не беше прифатен од Собранието на ЗЕУ.

На седницата на Комисијата за одбранбени прашања, што се одржа утрото на 1 декември 2004 година, амандманите не беа разгледувани заради неприсуството на г. Јонас[65]. На пленарната седница, во име на г. Јонас амандманите ги бранеше г-ѓа Луцига, пратеничка од Германија, која однапред се огради дека не е во целост запознаена со мотивите на нејзиниот колега за поднесувањето на деветте амандамани и дека не учествувала на дискусијата во рамките на Комисијата.

По другите два извештаи поднесени од Комисијата за одбрана, исто така се водеше дебата и беа усвоени препораки до Советот на министрите на Западноевропската унија.

ПАРЛАМЕНТАРНИ ПРАШАЊА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Пратениците ги разгледаа и усвоија следниве извештаи поднесени од Комисијата за парламентарни прашања и односи со јавноста:

- "*Развојот на интерпарламентарната соработка меѓу Медитеранските земји*", поднесен од г-ѓа Елвира Кортахарена Итуриоз, пратеник од Шпанија и
- "*Европски устав: парламентарно следење и ставот на јавното мислење*", поднесен од лордот Расел-Џонстон од Обединетото Кралство и г. Анџеј Гавловски, пратеник од Полска.

Во извештајот за **"Развојот на интерпарламентарната соработка меѓу Медитеранските земји",** известителот г-ѓа Елвира Кортахарена Итуриоз се задржува на Процесот за Евромедитеранско партнерство (Барцелона процес) и формирањето на Евромедитеранското парламентарно собрание (EMPA). Во извештајот се дава осврт и на другите форми на меѓупарламентарна соработка во Медитеранот: Конфренцијата на

[64] Од записникот на Седницата на Комисијата за одбрана, одржана на 9 ноември 2004 година во Париз, може да се види дека во првата верзија на препораката фигурирало името "Македонија". На ова реагирал г. Макнамара, пратеник од Велика Британија, кој побарал да се замени зборот "Македонија" со зборовите: "поранешна југословенска Република Македонија", бидејќи под тоа име земјата е признаена од ЕУ, НАТО и други европски и меѓународни организации. На оваа седница не учествуваше Македонската делегација.

[65] Според правилата на СЗЕУ, амандманите не можат да бидат разгледувани, доколку не е присутен предлагачот.

спикери на парламентите од Медитеранскиот регион, Евромедитеранскиот форум на жени-парламентарки и Конференцијата за безбедност и соработка во Медитеранот (ЦСЦМ), организирана во рамките на ИПУ, која во 2005 година треба да прерасне во Парламентарно собрание на Медитеранот. Разработени се и различните иницијативи и работни групи за соработка со Медитеранот на парламентарните собранија на ЗЕУ, НАТО, Советот на Европа и ОБСЕ.

Во Резолуцијата содржана во извештајот, Собранието на ЗЕУ го поздравува формирањето на Евромедитеранското парламентарното собрание (ЕМРА) и напредокот постигнат во рамките на Конференцијата за безбедност и соработка во Медитеранот (ЦСЦМ). Собранието на ЗЕУ го кани ЕМРА да учествува на седниците на СЗЕУ во својство на набљудувач и изразува желба тесно да соработува со Парламентарното собрание на Медитеранот, по неговото формирање од страна на ЦСЦМ.

Лордот Расел Џонстон кој го презентираше извештајот **"Европски устав: парламентарно следење и ставот на јавното мислење"** во своето излагање се осврна на улогата на парламентите во информирањето на јавноста и оцени дека граѓаните не се добро информирани за точната содржина на Уставот за Европа.

Известителите лорд Расел Џонстон и г. Гавловски во извештајот подвлекуваат дека е тешко да се зборува за парламентарно следење на Европскиот устав, со оглед дека договорот бил усвоен на 18 јуни 2004 година, а оттогаш речиси и немало парламентарна дебата по ова прашање. Во извештајот, исто така се дава осврт на различните процедури во 25 земји членки на ЕУ за ратификација на Европскиот устав.

По овој извештај беше усвоена резолуција со која се поттикнуваат парламентите на земјите членки на ЗЕУ да направат поголеми напори за информирање на јавноста за главните аспекти од договорот за Европскиот устав и да не ги влучуваат прашањата од внатрашната политика во дебатите за ратификација на договорот.

ТЕХНОЛОШКИ И АЕРОВСЕЛЕНСКИ ПРАШАЊА

На седницата беа разгледани и усвоени три извештаи од Комисијата за технолошки и аеровселенски прашања, по кои беа усвоени препораки до Советот на ЗЕУ:

- "*Трансатлантската соработка во полето на одбранбената технологија*", поднесен од г. Филип Монфис, пратеник од Белгија,
- "*Беспилотни борбени авиони и иднината на воената аеронаутика*", поднесен од г. Антонио Брага, пратеник од Португалија и
- "*Соработка во доменот на набавките на системите за одбрана - одговор на годишниот извештај на Советот*" поднесен од г. Едвард О´Хара, пратеник од Обединетото Кралство.

Во извештајот за **Трансатлантската соработка во полето на одбранбената технологија,** поднесен од г. Филип Монфис се истакнува потребата Европската одбранбена агенција да има централна улога во намалувањето на јазот и постигнувањето рамнотежа во трансатлантската соработка во одбранбената технологија, каде што во моментов доминираат американските компании.

Извештајот **"Беспилотни борбени авиони и иднината на воената аеронаутика"**, поднесен од г. Антонио Брага, дава осврт на употребата на тактичките беспилотни летатла во Косово, Авганистан, Африка и Ирак, како и на европските напори за дизајнирање и развој на беспилотни летата и беспилотни борбени авиони. Во прилог на извештајот е даден приказ на европските програми и европското учество во меѓународните програми за беспилотни борбени авиони, како и на американските програми за беспилотни борбени авиони.

Известителот г. Едвард О´Хара во извештајот **"Соработка во доменот на набавките на системите за одбрана - одговор на годишниот извештај на Советот"** се осврнува пред с# на дискусиите и заклучоците од Конференцијата на оваа тема што ја организираше Собранието на ЗЕУ на 16 и 17 септември во Еншеде, Холандија.

БУЏЕТСКИ И АДМИНИСТРАТИВНИ ПРАШАЊА

Членовите на Собранието на Западноевропската унија ја одобрија Завршната сметка на Собранието за 2003 година**, поднесена од г. Антонио Брага, пратеник од Португалија и** Предлогот на буџетот на Собранието за 2005 година**, поднесен од г-ѓа Кристина Лусига, пратеник од Германија и претседател на Комисијата за буџетски и административни прашања.**

Парламентарците го разгледаа и Мислењето за буџетот на министерските органи на Западноевропската унија за 2004 година**, поднесено од г-ѓа Кристина Лусига, по што ја усвоија препораката до Советот на ЗЕУ.**

* * *

Од особена важност е што на Вториот дел од Педесеттата седница на Собранието на Западноевропската унија за прв пат се постави прашањето за употребата на уставното име на Република Македонија во официјален документ на ова Собрание, преку амандманот на г. Клаус-Вернер Јонас, пратеник од Сојузна Република Германија. Иако предложениот амандман не го доби потребното мнозинство, сепак ова претставува значаен знак на поддршка на политиката што ја води Република Македонија и на активностите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ. За одбележување е и фактот дека на беџовите на членовите на Македонската делегација стоеше името Македонија, што на претходните седници не беше случај.

Од друга страна, усвојувањето на амандманот во кој се изразува жалење за признавањето на уставното име на нашата земја од страна на САД, јасно укажува на потребата за редовно учество на седниците на комиисите на Собранието на ЗЕУ. Ова особено се однесува на седниците кои по правило се одржуваат еден месец пред редовните седници на СЗЕУ и на кои се усвојуваат извештаите што ќе бидат дискутирани на пленарното заседание, како и на седниците на кои се разгледуваат предложените амандамни на препораките, резолуциите и одлуките што ги донесува Собранието. Практиката покажува дека во речиси сите случаи, Собранието на ЗЕУ на пленарната седница ги усвојува амандманите што имаат поддршка од надлежната комисија, а не ги прифаќа оние што не го добиле потребното мнозинство од членовите на комисијата. Од друга страна, со редовно учество на седниците на комисиите на СЗЕУ се придонесува за навремено информирање за евентуалните непожелни амандмани или несоодветни одредби во извештаите и се овозможува навремено реагирање, како и лобирање кај пратениците кои ни се пријателски наклонети и кои имаат право на глас.

Делегацијата на Собранието на Република Македонија што учествуваше на Вториот дел на Педесеттата седница на Собранието на ЗЕУ, даде конструктивен придонес во градењето на ставовите на овој форум и презентираше ставови кои се од интерес на Република Македонија. Со учеството на оваа седница се остварува континуитет на соработката со оваа меѓународна организација и се потврдува интересот за натамошно активно партиципирање во европските организации и институции.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија во Собранието на Западноевропската Унија

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ на седницата на Комисијата за политички прашања и работната посета на Хелсинки и Рига, одржани од 11 до 14 април 2005 година во Финска и Латвија

Скопје, април 2005 година

Собранието на Западноевропската унија (СЗЕУ) од 11 до 14 април 2005 година ја организираше седницата на Политичката комисија и работната посета на Хелсинки, Финска и Рига, Латвија. На оваа седница присуствуваа членовите на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во СЗЕУ што ја сочинуваа пратениците: г. Кенан Хасипи и г. Зоран Крстевски, како и секретарот на Делегацијата Лиман Авдиу, државен советник за меѓународна соработка.

На состанокот учествуваа делегации од овие земји: Белгија, Бугарија, Грција, Чешка Република, Франција, Финска, Италија, Германија, Латвија, Литванија, Република Македонија, Норвешка, Романија, Шпанија, Обединето Кралство и Турција. На состанокот и работната посета во Хелсинки и Рига присуствуваше и претседателот на Собранието на Западноевропската унија г. Стеф Горис.

1. Работниот дел на состанокот се одржа во Финскиот парламент.

Состанокот го отвори претседателот на Политичката комисија на СЗЕУ г. Педро Аграмунт. На почетокот, откако им се заблагодари на домаќините за успешна организација на овој состанок, г. Педро Аграмунт ги поздрави сите учесници посакувајќи им добредојде и успешна работа.

Откако беше усвоен дневниот ред, Комисијата го усвои записникот од одржаниот состанок на 30 ноември 2004 година во седиштето на СЗЕУ во Париз, Франција.

На седницата на оваа Комисија беа разгледувани следниве работни документи: *Примена на европската стратегија за безбедност-одговор на годишниот извештај на Советот,* подготвен од известителот г. Герд Хофер, (Германија), *Развојот во Блискиот исток,* подготвен од г-ѓа Дирие (Франција) и *Соработката во доменот на безбедност меѓу ЕУ и нејзиото блиско соседство на исток,* подготвен од г. Жан-Пјер Масере, известител од Франција.

Во неговиот работен документ за *Примена на европската стратегија за безбедност-одговор на годишниот извештај на Советот,* г. Герд Хофер истакна дека откако Европскиот совет го усвои текстот за Европската стратегија за безбедност на 12 декември 2003 година му препорача на Советот да му ја даде неопходната поддршка на ЕУ со цел за обезбедување брза примена на оваа стратегија и да иницира едно истражување за еволуцијата сврзана за легитимната индивидуална и колективна одбрана во контекст на превентивно ангажирање предложено од Европската стратегија за безбедност.

Со оглед на тоа дека по 15 месеци од усвојувањето на овој документ, меѓународната состојба еволуирала со значителна брзина, ЕУ се конфронтира со дополнителни предизвици. Потоа, тој додаде дека парламентите и граѓаните на европските земји треба да настојуваат за реализирање на посигурна Европа дотолку повеќе што Европската стратегија за безбедност потврдува дека "најдобрата заштита за нашата безбедност е еден свет составен од демократски држави со добро владеење". Во врска со ова, г. Солана пред извесно време ја истакна важноста на "демократската вокација на Европа".

Потоа, г. Хофер истакна дека со цел да ја процениме заедно еволуцијата на меѓународните односи и неговите последици за Европската политика за безбедност и соработка, заедничките состаноци на комисиите на СЗЕУ со членовите на Постојаниот совет на ЗЕУ-кои се истовремено членови на Политичката комисија и за безбедност на ЕУ- заедно со Советот на НАТО и надлежните на СХАПЕ, претставуваат основа за идните активности на СЗЕУ. Тој наведе дека заканите и опасностите дефинирани од Европската стратегија се: *меѓународниот тероризам, ширење на оружјата за масовно уништување, регионалните конфликти, распаѓање на држави и организираниот криминал.* Во оваа прилика тој ги спомна нуклеарните амбиции на Иран и Северна Кореја, конфликтите во Африка и Кавказ, во Централна Азија и Блискиот исток, проблемите во Молдавија и состојбата во различните земји произлезени од бивша

Југославија. Други елементи коишто можат да ја загрозат светската и европската безбедност се реалното или потенцијалното зголемување на национализмот во некои важни земји. Таква еволуција на работите може да предизвикува отстапување од демократскиот живот на засегнатите земји и преференција на политика на конфронтирање наместо соработка и меѓусебно разбирање. Што се однесува до распаѓањето на Советскиот сојуз, може да се рече дека тоа се случи на мирен начин и не предизвика слични насилства како во бивша Југославија. Сите овие случувања не можат да бидат без последици за еволуцијата на внатрешната и надворешната политика на самата Русија во којашто едно национално чувство на запоставеност се меша со комплекс на окружување и изолација. Неодамнешните критики на Русија за активностите на ОБСЕ и нејзината позиција спроти проблемите во Чеченија, Грузија, треба да бидат евалуирани во овој контекст. Понатаму г. Хофер истакна дека за елаборација на заедничка политика кон Русија, треба да се имаат предвид позициите на новите земји членки на Централна Европа како на пример балтичките земји, Полска и други. Жално е што во овој контекст, во рамките на ЕУ немаше взаемна согласност за заедничкиот пристап кон прославата на 60-годишнината од крајот на Втората светска војна на 9 мај 2005 година во Москва и да се избегнува една полемика што избувна за овој настан меѓу балтичките земји и Русија. Евидентно е дека една од основните цели на Европската стратегија за безбедност е заменување на меѓународниот поредок заснован на рамномерноста на моќта со меѓународен поредок заснован на целина на правила.

Со оглед на тоа дека ОН како организација немаат ни моќ ни сопствени средства за да ја надгледуваат примената на Повелбата и на меѓународното право во светот, остварувањето на меѓународен поредок засновен на владеење на правото зависи од моќта на големите сили, членки на ООН од една страна, пред се на членките на СБ, а од друга страна регионалните организации на коишто ООН може да се повика, како на пр. НАТО и ЕУ.

Господин Хофер се задржа и на ангажманот на ЕУ во управувањето со кризи и во оваа прилика наведе дека со формирањето на тактичките групи за воени операции се јавува проблемот на координација со проектот на НАТО кој има за цел формирање на сили за брза реакција (FRO-NRF) затоа што двете сили треба да бидат формирани од постојните воени сили ("single set of forces"). Значи, изразената амбиција во Европската стратегија за безбедност според која ЕУ би требало да биде во можност истовремено да води повеќе операции засега нема можности да се реализира. Но благодарение на спогодбата Берлин плус, ЕУ може да им се обрати на НАТО, како што моментално го прави во рамките на операцијата ALTHEA (во БиХ- 7000 војници). Во овој контекст г. Хофер ја спомна и полициската мисија PROXIMA во Република Македонија.

На крајот на овој работен документ г. Хофер наведе дека Еврпската стратегија за безбедност претставува важен документ кој содржи заеднички погледи со САД и со другите меѓународни организации како ООН и ОБСЕ.

Во врска со работниот документ за *Развојот во поширокиот Блиски Исток,* г-ѓа Дирие даде усно објаснување. На почетокот таа наведе дека администрацијата на Буш подготвила иницијатива на поширокиот Блиски Исток и Северна Африка (IGMOAN) која што претставува план за мултилатерален развој и реформа која што има за цел да ја охрабрува економската и политичката либерализација во една Широка зона на муслимански и неарапски земји кои се наоѓаат од Мароко до Пакистан. Откако беа објавени првите проекти на Иницијативата, арапските влади реагираа со разочарување и фрустрации затоа што не биле консултирани.

Потоа таа се задржа на процесот на Барцелона кој беше лансиран во ноември 1995 година на Конференција на министрите за надворешни работи на земјите членки на ЕУ и нивните земји партнери на јужниот Медитеран: Алжир, Египет, Израел, Јорданија, Либан, Мароко, Палестинските власти, Сирија и Турција (Либија има статус на замја набљудувач). Овој процес содржи три поглавја: формирање на зеднички простор на мир и стабилност преку политички дијалог; формирање на економски и финансиски партнерства и на една слободна економска зона; формирање на партнерство во социјалниот, културниот и хуманиот домен, промовирајќи го разбирањето меѓу

культурите и размената меѓу цивилните општества. Потоа, таа се осврна на Европската политика на соседство и наведе дека Европскиот совет ја усвои оваа политика во Луксембург на 14 јуни 2004 година. Целите на оваа политика се поделба на користа на проширена ЕУ со соседните земји со цел да се придонесува за стабилноста, безбедноста и зголемениот просперитет на ЕУ и нејзините соседи.

Потоа г-ѓа Дирие се задржа на Турција и додаде дека Партијата на правдата и развојот на власта настојува да ја зајакне улогата на Организацијата на Исламската конференција во муслиманскиот свет и не прави напори за вклучување во регионалната соработка. На ова реагираа турските пратеници и нагласија дека нема да го подржат овој дел на работниот документ (работните документи се усвојуваат на Годишната сесија). На крајот на своето излагање г-ѓа Дирие ја опиша состојбата и развојот на демократските процеси во Кувајт, Либан, Катар, Саудијска Арабија, Либија, како и улогата на Шеријатот во муслиманските земји.

Во работниот документ за *Соработката во доменот на безбедност меѓу ЕУ и нејзиото блиско соседство на исток,* г. Жан-Пјер Масере, известител од Франција истакна дека по проширување на ЕУ, три земји го сочинуваат нејзиното блиско соседство на исток. Тоа се Белорусија, Украина и Молдавија. ЕУ иницирала европска политика на соседсво за соседните земји на ЕУ како на исток така и на југ. Европските институции предвиделе структури за соработка и финансиски инструменти за поддршка. Потоа тој се задржа на иницирање на регионалната соработка меѓу Русија, Украина и Молдавија со цел за зацврстување на безбедноста во овој дел на регионот и во Европската унија. На крајот, тој ја опиша геостратешката позиција и политичката ситуација во горенаведените земји како и нивните релации со Европската унија. На крајот тој истакна дека Русија е главен актер за безбедноста во регионот. Соседните земји не го скријат стравот од внатрешната еволуција на настаните во Русија, кои би можеле да предизвикуваат политичка, економска и социјална дестабилизација кои би биле како последица на авторитарно дејствување, недостаток на економски реформи, како и чеченската криза.

3. Предлогот на претседателот на политичката комисија г. Педро Аграмунт, за учество на делегациите на Русија и Украина на сесиите и семинарите на СЗЕУ беше едногласно прифатен од сите учесници на состанокот.

4. Претседателот информираше дека следната седница на Комисијата ќе се одржи за време на 51-та годишна сесија на СЗЕУ во Париз од 13 до 15 мај 2005 година.

Во делот на работната посета во Хелсинки, беа остварени средби во министерството за одбрана (генерал на дивизија г. Еики Холма), Министерството за надворешни работи (г. Маркус Лира државен потсекретар), Финскиот институт за меѓународни односи.

За време на работната посета на Рига , Латвија, се одржа заеднички состанок со членовите на Комисијата за одбрана и внатрешни работи, Комисијата за надворешни работи и Делегацијата во СЗЕУ на Латвија. На состанокот, летонските пратеници ја презентираа сегашната економска, политичка, социјална и безбедносната состојба во Летонија. Некои од нив се задржаа на проблемот со Руската заедница во Летонија и наведоа дека само сомболичен дел од нив добиле државјанства. Делегациите на Франција, Италија и Обединетото Кралство упатија критики до домаќините за состојбата на Руската заедница во Летонија.

Во Летонија членовите на Комисијата го посетија и Министерството за одбрана и Центарот за воздушни операции Балтнет.

Заклучок:

Во текот на Конференцијата членовите на Македонската делегација остварија повеќе средби и контакти, како и корисна размена на мислења со парламентарци и официјални личности од повеќе земји кои беа присутни на овој настан. Во тие рамки се

размануваа мислења за најактуелните случувања на меѓународен план, а во контекст на јакнењето на стабилноста и безбедноста во Европа и светот пошироко, развојот на демократските процеси и владеењето на правото.

Се оценува дека е потребно да се покренат активности во Собранието на Република Македонија за учество и следење на планираните настани кои претстојат во текот на оваа година. Тоа се однесува во прв ред на учеството на 51 Годишна сесија, што ќе се одржи од 13 до 15 јуни 2005 година во Париз, Франција.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Делегација на Собранието на Република Македонија
во Собранието на Западноевропската Унија

ИЗВЕШТАЈ

за учеството на Педесет и првата седница на Собранието
на Западноевропската унија (прв дел),
одржана од 13 до 16 јуни 2005 година во Париз, Република Франција

Скопје, јуни 2005 година

Собранието на Западноевропската унија, Интерпарламентарно европско собрание за безбедност и одбрана (СЗЕУ), го одржа првиот дел на својата редовна Педесет и прва седница од 13 до 16 јуни 2005 година во Париз, Франција. На седницата учествуваше Делегација на Собранието на Република Македонија што ја сочинуваа пратениците г. Кенан Хасипи и г. Зоран Крстевски, како и г-ѓа Билјана Огненовска, советник за мултилатерална соработка во Собранието на Република Македонија.

На првиот дел од Педесет и првата седница на СЗЕУ се расправаше за повеќе прашања од областа на одбраната, безбедноста и актуелните збиднувања во Европа и пошироко. Пратениците разгледаа и усвоија осум препораки, една резолуција и една одлука[66], а беше усвоен и Ревидираниот нацрт на буџетот на Собранието за 2005 година.

Со свои излагања на пратениците им се обратија: г. Стеф Горис, претседател на Собранието на Западноевропската унија, г. Лук Фриден, министер за правда, трезор, буџет и одбрана на Луксембург, претставник на Луксембуршкото претседателство со ЗЕУ и со ЕУ, г. Стјепан Месиќ, претседател на Република Хрватска, г-ѓа Јулија Тимошенко, премиер на Украина, сер Џон Холмс, амбасадор на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во Париз, кој ја прочита пораката од г. Џек Строу, државен секретар за надворешни прашања и Комонвелт на Обединетото Кралство, како претставник на идното претседателство со ЗЕУ и ЕУ и г. Френк Асбек, директор на Сателитскиот центар на ЕУ во Торехон.

На оваа седница, Собранието на ЗЕУ усвои измени на Правилата за работа, со кои на земјите членки на ЕУ што се набљудувачи во ЗЕУ, а кои активно учествуваат во Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕСДП) им се даваат поголеми права во процесот на одлучување на СЗЕУ. Со донесената одлука, на делегациите на Австрија, Данска, Финска, Ирска, Шведска, Кипар и Малта им се овозможи право на глас во комисиите на Собранието.

Членовите на Собранието на ЗЕУ не го прифатија барањето за итна дебата за иднината на Уставот за Европа, поднесено од Комисијата за политички прашања. Сепак, последиците од гласањето против Уставот за Европа доминираа во дискусиите по извештајот "Парламентарни дебати и трендовите во јавното мислење за ратификацијата на Уставот за Европа" и во официјалните обраќања, а за оваа тема се дискутираше и во дебатите по другите извештаи поднесени од комисиите.

* * * * *

На почетокот на седницата на пратениците им се обрати **г. Стеф Горис,** претседател на Собранието на Западноевропската унија. Во своето уводно обраќање тој се осврна на кризата со којашто се соочува ЕУ во врска со ратификацијата на Уставот за Европа, при што укажа дека не треба да се дозволи оваа криза да влијае врз целите за европската безбедност. Тој посочи дека ваквата ситуација може да се претвори во предност и можност да се надминат недостатоците во Уставниот договор, како што е на пример премногу рестриктивната улога на националните парламенти. Имајќи предвид дека одредбите за колективната одбрана во овој договор не се обврзувачки, препораките од СЗЕУ за останување во сила на изменетиот Бриселски договор се уште порелевантни. Тој оцени дека е крајно време новите членки на ЕУ и НАТО да пристапат кон Бриселскиот договор, со оглед на тоа што е единствениот обврзувачки европски договор во полето на колективната безбедност. Претседателот г. Горис нагласи дека Договорот од Ница дозволува соработка меѓу две или повеќе членки, особено во рамките на ЗЕУ. Тој подвлече дека без оглед на судбината на

[66] Извештаите, препораките, резолуциите и одлуката (на англиски и француски јазик) се достапни на интернет страницата на СЗЕУ: www.assemblee-ueo.org

Уставниот договор, парламентарците мора да ги поттикнуваат владите да ги достигнат целите на европската безбедносна политика.

Истакнувајќи дека Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕСДП) нема вистински легитимитет без демократската поддршка од Собранието на ЗЕУ, тој подвлече дека се очекува на оваа сесија да им се даде право на глас во комисиите на СЗЕУ на земјите членки на ЕУ што не се членки на НАТО.

Господинот Лук Фриден, министер за правда, трезор, буџет и одбрана на Луксембург, информираше за основните насоки на програмата на луксембуршкото претседавање со Западноевропската унија и за резултатите од активностите што се преземени од Луксембург, како претседавач на ЗЕУ и на ЕУ. Тој изрази уверување дека по големата криза предизвикана со одбивањето на Уставниот договор од страна на Франција и Холандија, Европската унија треба да го забави процесот на проширување. Истакнувајќи дека една од лекциите по гласањето во Франција и Холандија е дека проширувањето со десет нови членки било перципирано како пребрзо од страна на пошироката јавност, тој подвлече дека треба добро да се размисли пред да се примат во ЕУ нови членки. Според министерот, ова не се однесува на Бугарија и Романија, чии пристапни договори се веќе потпишани.

Сумирајќи ги активностите на луксембуршкото претседавање, г. Фриден оцени дека Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕСПД) напреднала и станала поконкретна во последните шест месеци. Тој ја посочи операцијата "Алтеа" во Босна и Херцеговина, за која оцени дека е успех за Европа, за ЕСПД и за Босна. Министерот ја поздрави одличната соработка меѓу ЕУ и НАТО во рамките на операцијата "Алтеа" и истакна дека ваква соработка постои и во Судан, каде што ЕУ и НАТО дејствуваат заеднички за да одговорат на барањата од Африканската унија. Тој, исто така, се осврна на скорешната одлука на ЕУ да испрати советодавна мисија за реформата во безбедносниот сектор во Демократска Република Конго.

Претседателот на Република Хрватска**, н. е. г. Стјепан Месиќ,** во своето обраќање пред Собранието се осврна на местото и улогата на Југосточна Европа во европските процеси, како и перспективите и интересите на Хрватска на овој план. Потсетувајќи дека колективната омраза и страв од другиот доведоа до многу војни во Југоисточна Европа, тој истакна дека земјите од регионот треба да ја преземат вината и да ги разрешат проблемите со воените злосторства. Земјите кои не се членки на ЕУ треба да продолжат со реформите и развојот на демократијата, бидејќи тоа е единствениот начин целосно да се интегрираат во обединета Европа.

Тој истакна дека во Хрватска многу луѓе се прашуваат што можат да добијат од Европската унија. Наместо ова, Хрватска треба да си го постави прашањето што таа може да и понуди на Европа, бидејќи за прв пат во историјата идентитетот на малите држави може да биде зачуван преку заедничките стандарди.

Одговарајќи на прашањето дали непредавањето на генералот Анте Готовина на Хашкиот трибунал може да го загрози интегрирањето на Хрватска во ЕУ, г. Месиќ истакна дека Готовина не е во Хрватска и дека властите во земјата не успеваат да го пронајдат, и покрај тоа што се користат сите расположливи средства. Тој оцени дека треба да се зацврсти соработката со странските разузнавачки служби со цел да се забрза пронаоѓањето на генералот Готовина и додаде дека Хрватска целосно соработува со Хашкиот трибунал.

Запрашан за одбивањето на Уставниот договор од страна на Франција и Холандија, претседателот Месиќ оцени дека гласањето "против" нема да го запре проширувањето на ЕУ, но нема ни да го забрза.

На прашањето за идниот статус на Косово, претседателот Стјепан Месиќ одговори дека проблемите во регионот можат да бидат решени само со преговори. Тој го цитираше премиерот на Србија кој изјавил дека Косово треба да добие "повеќе од автономија, но помалку од независност", без да прецизира што значи тоа.

Во врска со спорот со Словенија околу територијалните води, г. Месиќ истакна дека доколку не се изнајде решение во преговорите меѓу двете земји, проблемот ќе мора да се предаде на арбитражна комисија, чија одлука Хрватска ќе ја почитува.

На пратениците им се обрати и **г-ѓа Јулија Тимошенко,** премиер на Украина. Во своето обраќање таа подвлече дека Владата на Украина прави огромни напори за да ги достигне европските стандарди во сите домени, со цел за целосна интеграција во

Европската унија, што е главен приоритет на земјата. Госпоѓата Тимошенко истакна дека на Украина и претстои огромна задача во внатрешната политика, но Владата е одлучна во спроведувањето на реформите и развивањето на демократските вредности врз кои се темели ЕУ. Таа се задржа на проблемите со сивата економија, корупцијата и криминалните банди, за чие разрешување е потребна меѓународна поддршка. Премиерот г-ѓа Тимошенко додаде дека во Украина се преземаат чекори за реформирање и демократизирање на полициските сили, кои претставувале столб на поранешниот режим. Таа се задржа и на напорите за враќање на единството во земјата, по штетата предизвикана со изборната кампања и јазот меѓу "проевропскиот" западен дел и "прорускиот" источен дел од Украина.

Госпоѓата Јулија Тимошенко истакна дека Украина сака да развива пријателски врски со Русија, преку балансирано партнерство. Во врска со проблемот со Транснистрија, таа подвлече дека Украина соработува со Молдавија за да се создаде вистинска граница, со што Транснистрија би се сметала за интегрален дел на Молдавија, а не изолиран регион под контрола на организираниот криминал.

Сер Џон Холмс, амбасадор на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во Париз, се обрати пред членовите на Собранието од името на **г. Џек Строу**, државен секретар за надворешни прашања и Комонвелт на Обединетото Кралство. Во пораката на државниот секретар се истакнува дека Европската унија треба да продолжи да ја изградува Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕСПД) и покрај одбивањето на Уставниот договор од страна на Франција и Холандија. Зацврствувањето на ЕСДП ќе биде еден од главните приоритети на британското претседавање со ЕУ, имајќи предвид дека таа е успешна политика која има поддршка во јавноста, а се базира на постојните европски договори. Од друга страна, неуспехот на референдумите не значи запирање на сите европски активности.

Обединетото Кралство се надева дека за време на шестмесечното претседателство со ЕУ ќе се постигне договор за тригодишна финансиска рамка за Европската агенција за одбрана (ЕДА).

Амбасадорот сер Џон Холмс истакна дека по скорешното одбивање на Уставот за Европа од две земји членки на ЕУ, Собранието на Западноевропската унија добива на значење, заедно со националните парламенти. Во недостаток на алтернативна парламентарна димензија, тоа ќе продолжи да игра многу значајна улога, како и во минатото.

Директорот на Сателитскиот центар на ЕУ во Торехон, **г. Френк Асбек**, ги повика земјите членки да го зголемат буџетот на Центарот со цел да се овозможи развој на неговите капацитети во служба на Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕСПД). Тој оцени дека буџетот од 10 милиони евра годишно е неадекватен на потребите на Центарот, особено во поглед на квантитетот и квалитетот на активностите и несразмерен со буџетите на другите слични институции. По детална презентација на активностите на Сателитскиот центар, г. Асбек подвлече дека ЕУ не смее да ја игнорира растечката улога на сателитското разузнавање.

П О Л И Т И Ч К И П Р А Ш А Њ А

Собранието на Западноевропската унија ги разгледа и усвои следниве извештаи предложени од Комисијата за политички прашања:

- "*Имплементација на Европската безбедносна стратегија - одговор на годишниот извештај на Советот*", поднесен од г. Герд Хефер,
- "*Безбедносната соработка меѓу Европската унија и нејзините источни соседи*", поднесен од г. Жан-Пјер Масере и г. Абдулкадир Атес и
- "*Развојот на настаните во поширокиот Блиски Исток*", поднесен од г-ѓа Жозет Дирје.

Господинот Герд Хефер кој го презентираше извештајот **"Имплементација на Европската безбедносна стратегија - одговор на годишниот извештај на Советот"**, во своето излагање истакна дека градењето на трансатлантски консензус останува главен услов за достигнување на европските безбедносни цели. Известителот г. Хефер оцени дека ЕУ мора да изготви заедничка дефиниција за тероризмот и да ги "испегла"

значајните разлики со САД и додаде дека соработката со Русија е од фундаментално значење.

Во извештајот се нагласува потребата за брзо премостување на разликите во дијалогот меѓу ЕУ и НАТО, поширока дискусија за опасностите од оживувањето на милитантниот национализам во одредени земји и поголеми напори за гарантирање на почитувањето на договорите против ширењето на оружјето за масовно уништување. Истовремено, се осудува Советот на министри на ЗЕУ за задоцнетото доставување на годишниот извештај, при што се нагласува дека откако кризниот менаџмент на ЗЕУ се трансферирал во ЕУ, колективното информирање на националните парламенти станува се потешко.

Врз основа на извештајот и дебатата во која учествуваа повеќе пратеници, Собранието усвои препорака во која на Советот на ЗЕУ му се препорачува да го задржи изменетиот Бриселски договор и особено членот 5 (кој се однесува на СЗЕУ), се додека не бидат изготвени еквивалентни одредби што ќе го заменат овој договор.

Собранието на ЗЕУ расправаше и по извештајот **"Безбедносната соработка меѓу Европската унија и нејзините источни соседи",** поднесен од г. Жан-Пјер Масере и г. Абдулкадир Атес. Извештајот се осврнува на политичката и воената состојба во Украина, Молдавија и Белорусија, како и на односите со Русија.

Известителите се задржуваат и на стравовите што произлегуваат од развојот на настаните во Русија и ризиците за политичка, економска и социјална дестабилизација на соседните земји, кои можат да произлезат доколку режимот во Русија се сврти кон авторитаризам.

По дискусијата во која свои ставови изнесоа пратеници од повеќе земји, Собранието усвои препорака до Советот на ЗЕУ. Во препораката пратениците од земјите членки на ЗЕУ ја истакнуваат потребата од интензивирање на соработката со источните соседи на ЕУ во борбата против организираниот криминал и засилување на контролата на границите. Истовремено, Европската унија се повикува да преземе итни мерки за поголемо отворање на активностите на Заедничката надворешна и безбедносна политика кон Украина, со оглед дека украинските власти јасно ја истакнале подготвеноста за тесна соработка со ЕУ на планот на безбедноста.

Во извештајот **"Развојот на настаните во поширокиот Блиски Исток",** поднесен од г-ѓа Жозет Дирје направена е анализа на состојбата во Ирак, Либан, Израел, Палестина, Сирија и Иран, а даден е и осврт на повеќе западни, арапски и регионални иницијативи за Блискиот Исток.

Во усвоената препорака, СЗЕУ ја повикува ЕУ да ги консолидира своите напори, средства и капацитети за воспоставување на траен мир на Блискиот Исток.

О Д Б Р А Н Б Е Н И П Р А Ш А Њ А

На седницата на Собранието на Западноевропската унија се расправаше и по три извештаи од Комисијата за одбрана:

- "*Развојот на Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕСДП) и Глобалната цел 2010 (Хеадлине Гоал 2010) - одговор на годишниот извештај на Советот*", поднесен од г. Константинос Вретос,
- "*Борба против меѓународниот тероризам: одбранбени аспекти*", поднесен од г. Игнасио Косидо Гутиерез и
- "*Мрежно-центрични операции: европските капацитети*", поднесен од г. Клаус Вернер Јонас.

Известителот г. Константинос Вретос во извештајот **"Развојот на Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕСДП) и Глобалната цел 2010 (Хеадлине Гоал 2010) - одговор на годишниот извештај на Советот",** истакнува дека со исполнувањето на Глобалната цел 2010 треба да се подобри капацитетот на ЕУ за реагирање во кризни ситуации. Со ова треба да се овозможи ЕУ да преземе акција пет дена по добиеното одобрување од Советот на ЕУ, а распоредувањето на силите да се ефектуира десет дена по одлуката. Господинот Вретос ја нагласи потребата за развивање на европска индустриска политика, со што европските претпријатија би биле во можност не само да се натпреварува со своите американски ривали, туку и со нив да склучуваат сојузи на еднаква основа.

Во усвоената препорака се повикуваат земјите членки на ЗЕУ да продолжат со напорите за дооформување на потребните структури и ресурси на ЕСПД, а особено за инкорпорирање на соодветна разузнавачка политика.

Во извештајот **"Борба против меѓународниот тероризам: одбранбени аспекти"**, поднесен од г. Игнасио Косидо Гутиерез, известителот посочува дека е потребен заеднички одговор за справување со тероризмот. Терористите се обидуваат да набават оружје за масовно уништување и доколку не се реагира на време, во тоа може и да успеат. Во извештајот се подвлекува дека разузнавањето е најефективното оружје за борба против тероризмот. Инфилтрирањето на тајните служби во терористичките групи претставува единствен ефективен начин за спречување на понатамошни напади и растурање на терористичките мрежи.

Собранието на ЗЕУ усвои препорака со која ги повикува земјите членки на ЗЕУ да ги зацврстат и развијат своите капацитети за борба против тероризмот и да ја засилат соработката во воената сфера, за да може поефективно да одговорат на новите закани во Европа и надвор од неа.

Господинот Клаус Вернер Јонас го презентираше извештајот **"Мрежно-центрични операции: европските капацитети",** по што беше усвоена препорака со која Собранието ја повикува Европската унија да ги зголеми инвестициите и соработката за да излезе во пресрет на предизвикот за "мрежно-центрична опрема" , базирана на C4STAR технологија[67], која беше применета од САД за време на операцијата "Слобода за Ирак."

ПАРЛАМЕНТАРНИ ПРАШАЊА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Пратениците ги разгледаа и усвоија следниве извештаи поднесени од Комисијата за парламентарни прашања и односи со јавноста:

- "*Парламентарни дебати и трендови во јавното мислење за ратификацијата на Уставот за Европа*", поднесен од лорд Расел Џонстон и г-ѓа Вилија Алекнаите и
- "*Развојот на меѓупарламентарната соработка на Балканот*", поднесен од г. Милос Будин.

Големо внимание предизвика извештајот **"Парламентарни дебати и трендови во јавното мислење за ратификацијата на Уставот за Европа"** поднесен од известителите лорд Расел Џонстон и г-ѓа Вилија Алекнаите. Во своето излагање лордот Расел Џонстон истакна дека намерата на извештајот била да ги претстави дебатите за Уставот за Европа водени во парламентите. Со предложената резолуција парламентите се охрабруваат да им дадат на граѓаните што е можно повеќе информации за Уставот за Европа, без разлика дали истиот треба да биде ратификуван во парламентот или на референдум. Но, по резултатите од гласањето на референдумите за Европскиот устав во Франција и Холандија состојбата е драстично променета.

Иако во извештајот не е даден осврт на последиците од референдумите за Уставниот договор во Франција и Холандија[68], оваа тема беше доминантна во сите дискусии по извештајот, а на Предлогот на резолуцијата беа поднесени амандмани во врска со француското и холандското "не" за Уставот за Европа. Голем број од учесниците во дебатата подвлекоа дека одбивање на договорот не треба да биде пречка во развојот на ЕСДП. Европската безбедносна и одбранбена политика треба да продолжи да се развива паралелно со напорите за изнаоѓање на решенија за уставните проблеми. Учесниците во дебатата изразија загриженост за јазот што постои меѓу европските лидери и обичните граѓани, кој стана очигледен со резултатите од скорешните референдуми.

---

[67] Command, Control, Communications, Computers, Intelegence, Surveillance Target Acquisition and Reconnaissance.

[68] Извештајот беше усвоен од Комисијата и доставен до Собранието пред одржувањето на референдумите во Франција и Холандија.

Коизвестителот г-ѓа Вилија Алекнаите оцени дека треба да се анализираат резултатите, да се отстрани стравот на граѓаните и да се изнајде компромис за отворените прашања. Таа се согласи со претседателот на Европската комисија г. Хосе Мануел Баросо дека не постои план "Б" за Уставниот договор и предложи план "Д", што би значело демократија и дијалог.

По дебатата, известителите предложија извештајот да биде вратен во Комисијата со цел да се земат предвид поентите од дискусиите и да се разгледаат предложените амандмани на резолуцијата. Собранието на ЗЕУ го прифати овој предлог.

Во извештајот за **Развојот на меѓупарламентарната соработка на Балканот,** известителот г. Милос Будин оценува дека регионалната меѓупарламентарна соработка одиграла многу важна улога во приближувањето на земјите од Балканот и забрзувањето на нивната демократизација. Даден е детален приказ на целите и активностите на Парламентарното собрание на Централноевропската иницијатива, Интерпарламентарното собрание на Православието, Парламентарната димензија на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа, Рос-Рот семинарите на Парламентарното собрание на НАТО и Проектот за парламентарна практика "Исток-Запад".

Господинот Будин го разгледува и прашањето за иднината на овие интерпарламентарни тела, со оглед на поделбата на Балканот на две групи на земји: оние што станале членки на ЕУ и оние што не се членки. Истовремено, во извештајот се нагласува дека Собранието на ЗЕУ и понатаму треба да претставува мост за земјите кои сакаат да се интегрираат во Европа.

Во дебатата по овој извештај учествуваа повеќе пратеници, меѓу кои и членот на Делегацијата на Собранието на Република Македонија, **г. Зоран Крстевски.**

Честитајќи му на известителот за исцрпниот извештај во кој се опфатени повеќе аспекти од интерпарламентарната соработка во Југоистична Европа, г. Крстевски потсети дека СЗЕУ дискутираше за Парламентарното собрание на Централноевропската иницијатива на 44 и 46 седница на Собранието. Тој оцени дека соработката меѓу овие две собранија беше многу успешна и продуктивна за време на македонското претседавање со ЦЕИ во 2002 година. Во рамките на таа соработка, претседавачот на Парламентарната димензија на ЦЕИ им се обрати на членовите на комисиите за политички и за парламентарни прашања и ги информираше за преземените активности на македонското парламентарно претседателство со ЦЕИ, а одговараше и на прашања за функционирањето на Парламентарното собрание на ЦЕИ. Од друга страна, претставник на Собранието на Западноевропската унија учествуваше на Седницата на Парламентарното собрание на ЦЕИ, одржана во ноември 2002 година во Скопје.

Господинот Зоран Крстевски подвлече дека успешна парламентарна соработка меѓу земјите од Југоисточна Европа се остварува и преку Рос-Рот семинарите на Парламентарното собрание на НАТО. Тој, исто така, информираше дека Делегацијата на Собранието на Република Македонија во ПС на НАТО редовно учествува на овие семинари и дека во Република Македонија досега се одржани пет Рос-Рот семинари.

Членот на Македонската делегација во СЗЕУ се осврна и на активностите што се одвиваат во рамките на Парламентарната димензија на Пактот за стабилност, Процесот на соработка во Југоисточна Европа, како и преку Проектот за парламентарна практика "Исток-Запад", каде што се активно вклучени пратениците од Собранието на Република Македонија.

Господинот Зоран Крстевски нагласи дека Република Македонија активно придонесува кон промовирање на политиката на добрососедство, безбедност, стабилност и соработка во Југоситочна Европа. Изразувајќи го своето длабоко уверување дека трајната определба за мир, демократија и развој не е можна без активно учество на народните избраници, г. Крстевски подвлече дека регионалната парламентарна соработка може да го зацврсти меѓусебното разбирање, толеранција и добрососедски односи меѓу земјите. Тој, исто така, оцени дека парламентарната соработка може да придонесе во борбата против тероризмот, организираниот криминал и илегалната емиграција, кои се главните пречки за меѓународната, регионалната и пошироката безбедност и стабилност.

Собранието на ЗЕУ усвои резолуција со која ги повикува парламентите застапени во СЗЕУ да продолжат да ја поддржуваат регионалната соработка и активно да учествуваат во работата на интерпарламентарните институции.

ТЕХНОЛОШКИ И АЕРОВСЕЛЕНСКИ ПРАШАЊА

На седницата беа разгледани и усвоени два извештаи од Комисијата за технолошки и аеровселенски прашања:

- "*Европската програма за набавка на технологија (ЕТАП) - одговор на годишниот извештај на Советот*", поднесен од г. Едвард О´Хара и
- "*Контрола на вооружувањето и непролиферација: верификација од сателит*", поднесен од г. Жан-Ги Бранже.

По овие два извештаи поднесени од Комисијата се водеше дебата и беа усвоени препораки до Советот на министрите на Западноевропската унија.

* * * * *

Во рамките на седницата, на 16 јуни 2005 година членовите на комисиите за политички прашања, за одбрана и за технолошки и аеровселенски прашања го посетија 46 Меѓународен салон за аеронаутика и вселена во Л Бурже, Париз. Ова е најголем настан од овој вид во светот, на кој беа претставени 1905 излагачи од 46 земји, повеќе од 200 авиони (меѓу кои и новиот Аирбус А340-600), како и борбени авиони, хеликоптери, беспилотни летала, вселенски проекти и сателити и опрема за истите. За време на одржувањето на салонот беа организирани повеќе семинари и конференции и секојдневни презентации на летови.

* * * * *

Учеството на Делегацијата на Собранието на Република Македонија на Првиот дел на Педесет и првата седница на Собранието на Западноевропската унија може да се оцени како многу успешно и плодотворно. Со учеството на оваа седница се остварува континуитет на соработката со оваа меѓународна организација и се потврдува интересот за натамошно активно партиципирање во европските организации и институции.

На маргините на седницата беше остварена средба со претседателот на СЗЕУ г. Стеф Горис и генералниот секретар г. Колин Камерон. Во оваа прилика, претседателот г. Горис ја потврди намерата да оствари официјална посета на Република Македонија по упатената покана од д-р Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија, во првата половина на есента 2005 година. Од друга страна, заеднички беше иницирано на вториот дел од Педесет и првата седница на СЗЕУ, што ќе се одржи од 5 до 7 декември 2005 година, во Собранието со свое обраќање да настапи претседателот на Владата на Република Македонија, д-р Владо Бучковски, во својство на специјален гостин.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Пакт за стабилност

ИЗВЕШТАЈ

од состанокот на Првата работна маса на Пактот за стабилност на ЈИЕ одржан во Софија на 17 мај 2005 година

Скопје, мај 2005

На полугодишниот состанок на Регионалната маса на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа (Софија, 18 мај 2005 г.), му претходеа состаноците на трите работни маси на кои беа сумирани остварените активности и резултати и беа утврдени насоките за работа до крајот на 2005 година.

За одбележување беше широкото учество на овие состаноци на околу 70 делегации од земјите кориснички: Република Македонија, Албанија, Хрватска, Србија и Црна Гора, УНМИК/Косово, Босна и Херцеговина, Романија, Бугарија и Молдова, земјите помагачи- членките на Европската Унија, скандинавските земји, САД, Русија, Јапонија, Швајцарија, Канада, Турција, Европскиот парламент, Европската комисија, Процесот за соработка во Југоисточна Европа, НАТО, ОБСЕ,СоЕ, ИОМ, УНХЦР, УНДП, ЕИБ, СБ, ЦЕИ, Институтот Исток- Запад и др.

Состанокот на Првата работна маса се одржа на 17 мај 2005 г. и на него претседаваше г-дин Горан Свилановиќ.

Како претставници на Собранието на Република Македонија учествуваа: г-ѓа Весна Борозан и г-ѓа Лилјана Поповска, пратеници и г-ѓа Анкица Крстевска, државен советник за меѓународна соработка.

Расправата беше фокусирана на две теми: "Регионалната сопственост" и "Политиката за младите" .

По првата тема насловена "Колку сме постигнале во напорите за стекнување со повисок степен на регионална сопственост во иницијативите на Првата работна маса", се водеше панел дискусија за прашања од областа на:

- парламентарната соработка;
- локалната демократија и пограничната соработка;
- медиумите;
- образованието и
- половата еднаквост.

Во своето воведно излагање, г-дин **Горан Свилановиќ** ја образложи потребата од интензивна регионална соработка на земјите од Југоисточна Европа, нагласувајќи ја нејзината улога во интегрирањето на регионот во Европската Унија. Размената на искуствата за регионалната сопственост и за регионалните иницијативи е мошне значајна, се додека земјите од Југоисточна Европа се соочуваат со проблеми кои можат заеднички да ги надминуваат.

Како позитивни примери на регионална сопственост од шестгодишните активности на Првата работна маса на Пактот за стабилност, тој ги посочи: структурата и работата на Работната група за полова еднаквост; на Работната група за парламентарна соработка и Работната група за медиумите, како и некои од регионалните иницијативи кои што се трансферирани во регионот: ЕРИ (иницијатива за реформи во образованието) и НАЛАС (национална помош на локалните власти). Свилановиќ ја нагласи улогата на локалните заедници во донесувањето на одлуките, кадровското осамостојување и финансирањето на сопствените активности. Во услови кога земјите од регионот самите се грижат за својата судбина, нивните влади треба да го интензивираат спроведувањето на неопходните реформи, проширувањето на институционалните капацитети и зајакнувањето на регионалната соработка.

Г-динот Ерхард Бусек, специјален координатор на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа, говореше за регионалната сопственост како за приоритет на регионалната соработка. Во актуелните политички услови во Европа и во светот, регионот треба да преземе поголема одговорност за своите проекти и да лобира за сопствените интереси од кои најзначаен е интересот за приклучување кон Европската Унија. Пактот за стабилност досега ја координираше регионалната соработка, но со оглед на својот привремен карактер, оваа иницијатива почнува да ги поттикнува земјите од регионот на сопствени активности. Целта е, остварените стабилност и соработка во регионот да преминат во повисок степен на регионална сопственост и регионално лидерство. Целосната регионална сопственост подразбира регионот самиот да ги обезбеди: политичкото лидерство, кадровските и просторните услови, стабилното финансирање и раководењето со проектите за регионална соработка. Значајни во унапредувањето на регионалната соработка се и регионалните иницијативи од типот на

Процесот за соработка во Југоисточна Европа. Според Бусек, основа за одржување на легитиметот на Пактот за стабилност е зајакнувањето на регионалната сопственост.

Парламентарна соработка

Д-р. Весна Борозан, пратеник во Собранието на Република Македонија, ги презентираше активностите на Работната група на Пактот за стабилност за парламентарна соработка. Регионалната сопственост претставува битен предуслов за стабилност и развој на регионот и за неговото интегрирање во Европската Унија. Оттука одржувањето на регионалните парламентарни форуми по прашања од заеднички интерес на земјите во регионот е важна и корисна форма на соработка на парламентарно ниво (Цетињскиот парламентарен форум; форумите на жените парламентарки кои се во тек). Планирани се и парламентарни регионални средби: за прашања од областа на енергијата; на комисиите за европски прашања на земјите од Западен Балкан WB COSAC ; на парламентарната димензија на Јонско- Јадранската иницијатива; на Меѓупарламентарната лоби група за инвалидизирани лица и др.

Како поле на парламентарна соработка, во кое е постигнат висок степен на регионална сопственост, д-р Весна Борозан ги истакна подготовките за потпишување и ратификација на Договорот за енергетска заедница на Југоисточна Европа. Д-р Борозан ја елабориираше политичката димензија на Договорот и говореше за регионалните форуми посветени на овој акт и на прашањата од енергетската област: одржаната конференција во Букурешт на која учествуваа парламентарци, невладини организации и социјалните партнери и претстојната конференција која ќе се одржи на 6 и 7 јуни 2005 г. во Скопје, во организација на Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија, Европската Комисија и Пактот за стабилност, за парламентарната димензија на Договорот. На овој форум е предвидено да се расправа за процесот на негова ратификација, за имплементацијата на обврските што од него произлегуваат, за нивното прифаќање во јавноста, како и за хармонизацијата на националните законодавства со европското во однос на респективните прашања.

Се очекува овој проект да ги обедини парламентарците од ЈИЕ за заедничка соработка поради следните причини:

- интегрирањето во Европската Унија е приоритет на земјите од Југоисточна Европа , а енергетската заедница може да се смета за специфичен модел на секторска интеграција;
- Договорот треба да се ратификува во парламентите на земјите од Југоисточна Европа ;
- владите на земјите во Југоисточна Европа постигнале напредок во спроведувањето на реформите во енергетскиот сектор, надоместувајќи го недостатокот од кадровски капацитет за изготвување законски предлози во парламентите;
- проектот е пилот проект за хармонизација на националните законодавства со законите на Европската Унија .

Што се однесува до имплементацијата на Договорот, д-р Борозан укажува на неговите социјално-економски и еколошки импликации; начините за олеснување на енергетската сиромаштија и на улогата на парламентарците од земјите членки на енергетската заедница на Југоисточна Европа и во промоцијата на соработката со останатите социјални групи за подигање на јавната свест за значењето на Договорот.

Пактот за стабилност за Југоисточна Европа во однос на проектот има улога да создаде мрежа за информирање на парламентарците во земјите на Југоисточна Европа ; да помогне во организацијата на конференцијата со парламентарците и во идентификацијата на учесниците од земјите на Југоисточна Европа ; да учествува во подготовките на активностите што следуваат. Како такви активности од регионалната соработка се предвидуваат: работилниците со учество на синдикатите и невладините организации на национално ниво; TWINING програми за обука на парламентарците и стручните служби на парламентите. Изворите за финансирање на овие активности

може да се очекуваат од ЕУ инструментите, од донаторите и од буџетите на земјите на Југоисточна Европа.

Г-Ѓа Петра Блес, главен советник за парламентарна соработка на специјалниот координатор на Пактот за стабилност, изрази задоволство од трендот на интензивирање на парламентарната соработка во Југоисточна Европа по нејзината промоција во суштинска цел на активностите на Пактот. Парламентарците во земјите на Југоисточна Европа стануваат се повеќе свесни за својата улога и влијанието во реформските процеси и јасно го изразуваат интересот како за зајакнување на сопствените капацитети, така и на капацитетите на парламентарните служби во извршувањето на задачите (заложба за обука и тренинзи).

Регионалните форуми, чиј број е во пораст, претставуваат можност за плодна размена на искуствата и за споредување на активностите и постигнатите резултати (Цетињскиот форум) и често се следени со ефикасни измени во националните законодавства.

Г-ѓа Блес го подржа воспоставувањето на новата структура на парламентарна регионална соработка на ниво на комисии за европски прашања WB COSAC . Парламентарните мрежи добиваат се позначајна улога и стануваат клучен фактор за промоцијата на дијалогот и свртувањето кон заедничката цел: интегрирање во Европската Унија. Состаноците на Работната група за парламентарна соработка на кои учествуваат голем број парламентарци од земјите на Југоисточна Европа и Европската Унија, како и претставници на донаторите, на меѓународните и невладините организации, го потврдуваат значењето на парламентарната соработка како еден од приоритетите на Пактот за стабилност.

Поаѓајќи од тоа, оправдани се заложбите за пошироко вклучување на парламентите од Југоисточна Европа во активностите и иницијативите на сите работни маси на Пактот, како и за соработка со други институции (со Балтичкото собрание, на пр.).

Локална демократија и погранична соработка

Панелист на оваа тема беше г-дин Стефан Софијански, градоначелник на Софија, кој ги коментираше аспектите на локалната демократија според: политичкиот амбиент; степенот на институционална подршка на локалните власти; примената на принципот на одговорност и економските параметри во поглед на финансирањето и сопственоста.

Приоритетно за развојот на локалната демократија е доследното спроведување на принципот на децентрализација во локалните единици.

Што се однесува до пограничната соработка, тој смета дека нејзиниот развој е пропорционален со развојот на регионот и посочи на ефикасноста воостварувањето на оваа соработка во евро -регионите.

Во однос на оваа точка, беше афирмирана потребата од имплементација на програмата усвоена на Меѓупарламентарната конференција за локална самоуправа одржана во Загреб.

Пограничната соработка останува насочена на специфичните прашања какви што се: управувањето со границите; поделбата на водените ресурси; заштитата на човековата околина и особено, на движењето преку границите. Констатирана е потребата од тренинзи на претставниците на локалните власти во врска со остварувањето на пограничната соработка.

Искажани се заложби за зајакнување на NALAS мрежата со соодветни фондови доделени и од централните власти. Во насока на зголемување на ефикасноста во практицирањето на локалната демократија, ЕУфондовите, наменети за локални проекти, би требало да се упатуваат директно до локалните единици, а не тие да се распоредуваат преку централните власти.

Медиуми

Воведно излагање по оваа точка имаше г-дин **Радован Диклиќ,** советник на претседателот на Србија и Црна Гора. Тој ги елабориираше состојбите во медиумите во земјите на Југоисточна Европа и укажа на приоритетите во оваа област во насока на развојот и надминувањето на проблемите. Пред се, тие се однесуваат на одредувањето на помошта врз принципите на пазарна економија и демократија, што налага укинување на директната помош на медиумите.

Заклучено е дека регионалната соработка на земјите од Југоисточна Европа во областа на медиумите бележи пораст како резултат на странските вложувања, експанзијата на домашните медиуми во соседните земји и се потесната соработка помеѓу медиумите истомисленици. Работната група за медиуми ќе продолжи да придонесува за подршката на регионалната соработка на планот на законодавството за медиумите,телевизиската продукција и поврзувањето на медиумските иницијативи.

Образование

Г-ѓа Соња Лихт, претседател на Белградскиот фонд за политичка извонредност, говореше за постигнатите резултати во реформирањето на образовниот процес, за спроведувањето на иницијативите и проектите подржани од Пактот за стабилност, за степенот на подршка што земјите на Југоисточна Европа ја добиваат од донаторите, за потребата од зголемување на националните фондови во областа на образованието.Суштинска промена кон која треба да се стремат земјите на Југоисточна Европа во оваа област е зајакнувањето на капацитетите на локалните единици. Г-ѓа Лихт укажа на потребата од обука на одделни нивоа на субјекти во образовниот процес. Таа упати порака до политичарите во земјите на Југоисточна Европа дека треба се повеќе да стануваат свесни за значењето на образованието во вкупното живеење и се повеќе да инвестираат во него.

Констатирано е дека регионалната сопственост во образованието треба да се развива со уште поактивен придонес од страна на регионот (експертизи, контрибуции, вклучување во финансирањето).

Засиленото и ефективно користење на достапните национални и регионални мрежи, структури и извори може да резултира во појасна европска димензија на реформските процеси (на пр.: подготвување на новите програми за локалните единици, продолжението на Болоња процесот, Копенхагеншкиот процес и сл).

Пактот за стабилност треба да се фокусира на неколку прашања на планот на образованието, истражувањата, иновациите и технологијата, каде што соработката меѓу европските институции во земјите во и надвор од Европската унија е мошне значајна. Од земјите на Југоисточна Европа се очекува јасно да ги искажат своите потреби и приоритети и да учествуваат активно во иницијативите.

Полова еднаквост

Во својство на член на советодавниот одбор на работната група за полова еднаквост на Пактот за стабилност, г-ѓа **Лилјана Поповска** ги запозна учесниците со мотивите кои го поттикнаа основањето на групата, условите во кои таа отпочнува со работа, структурата, методите на делување, активностите и постигнатите резултати. Според овие параметри, таа може да се дефинира како вистинска регионална сопственост.

Основана е во јули 1999 година на иницијатива на еманципирани жени од невладиниот сектор во земјите на Југоисточна Европа, кои се залагаа за полов баланс во општеството. Како значајна политичка рамка која може да влијае врз националните

власти во насока на подобрување на половата еднаквост, Пактот за стабилност го подржа концептот за формирање на работната група за полова еднаквост.

РГПЕ е регионална мрежа составена од 12 национални мрежи, при што во секоја се вклучени партнери од различни општествени сектори.

Организирањето состаноци посветени на регионалната и на националните стратегии и имплементацијата на регионалните и националните проекти го карактеризираат методот на работа на групата. Реализирани се 15 регионални проекти главно на планот на :

* градењето и јакнењето на капацитетите кај жените;

*измените во законите и

*воспоставувањето и зајакнувањето на механизмите за полова еднаквост.

Одржани се околу 600 семинари, обучени повеќе од 500 професионални тренери, анимирани над 16.000 жени-активисти и одржани 25 национални кампањи. Овие проекти претставуваат примери на вистинска регионална сопственост; реализирани се со скромен финансиски придонес на Пактот за стабилност.

Резултатите од делувањето на РГПЕ се фокусираат во зголемувањето на бројот на жените во политиката и во процесот на одлучување, како и во едукацијата на избраните жени (на национално и на локално ниво) за поуспешно и поодговорно вршење на функциите.

Г-ѓа Поповска го илустрираше позитивниот придонес на Пактот за стабилност во процесот на демократизација и стабилизација на регионот на Југоисточна Европа со примерот на Македонското женско лоби, иницијатива на РГПЕ, основана пред 5 години во Република Македонија. Со обележја и на национална (следејќи ги националните приоритети) и на регионална (учествувајќи во регионалните проекти) иницијатива, МЖЛ претставува одржлива мултисекторска структура што развива различни институционални и полуинституционални форми: контат лица на Пактот за стабилност; координативно тело со координатор; 20 локални ограноци; Женски парламентарен клуб со координатор и Национална канцеларија на РГПЕ со извршен директор.
Повеќето работат доброволно а некои со директна подршка на Пактот за стабилност.

Главните достигања на МЖЛ до сега се лоцираат во зголемувањето на бројот на жените во политиката (за 3 пати во Парламентот и 4 пати во локалната самоуправа); подобрувањето на законските решенија од перспектива на половата еднаквост; промоција на мировни активности за време на конфликтот во 2001година и постконфликтните активности потоа.

МЖЛ дава значаен придонес во подобрувањето на статусот на жените во општеството, но и за демократијата, цивилното општество и подобрата кохезија на државата преку минување на политичките, етничките и верските граници. МЖЛ послужи како позитивен пример за формирање Меѓупарламентарна лоби група за инвалидизирани лица во 2003 година. МЖЛ исто така , претставува успешен модел во регионот за остварувањето на меѓусекторското партнерство на национално, регионално и меѓународно ниво.

Со македонскиот пример и со останатите примери на успешно практицирање, РГПЕ конструктивно придонесува кон градењето на европската перспектива и припаѓа на Европа сега и во иднина.

Г-ѓа Поповска се заложи за унапредување на оваа иницијатива во новите европски услови и структура, при што укажа да се имаат предвид : долгорочниот карактер на демократизацијата која како процес нема да заврши со влегувањето на државите во Европската унија; потребата од ангажирање на целокупниот интелектуален и научен потенцијал, со рамноправно вклучување на жените во креирањето на политиката, одлучувањето и економскиот развој; мултикултурниот карактер на регионот и Европа во целина, при што различностите можат да се искористат како предност.

Во својата дискусија, г-ѓа **Соња Локар**, претседавач на РГПЕ, ја нагласи потребата од унапредување на регионалната соработка на планот на половата еднаквост.

Помошта и подршката од страна на Пактот за стабилност донаторите во иднина , таа ги лоцира во обезбедувањето услови: за доследна имплементација на проектите

во 2006 г.; стабилно среднорочно финансирање на седиштето во Загреб; започнување на преговорите на РГПЕ со партнерите во европските институции.

Во врска со оваа точка од дневниот ред, претседавачот Свилановиќ заклучи дека РГПЕ ќе продолжи со работата врз регионалните проекти со подршка на Пактот за стабилност и на донаторите. Европските стандарди за полова еднаквост се интегрален дел на Acquis Communautaire. Значењето на РГПЕ лежи во нејзината улога на основна институција во Југоисточна Европа која дава висок придонес кон Рамковната стратегија на Европската комисија за полова еднаквост. Бидејќи нејзината улога беше од мост помеѓу регионот на Југоисточна Европа и институциите на Европската унија , да прерасне во партнер на новосоздадениот Европски институт за полова еднаквост, таа би требало активно да придонесува воза зајакнувањето на партнерските односи.

Политика за младите

Воведно излагање на втората тема имаше г-ѓа Елица Нешевска, заменик министер за млади и спорт од Бугарија. Таа ги елаборираше состојбите врзани со политиката за младите, сумирајќи ги остварените активности и резултати и презентирајќи ги престојните активности.

Во таа насока, како иницијативи што следат, а што се однесуваат на агендата за младите во Југоисточна Европа, таа ги посочи: заедничкиот консултативен состанок на најистакнатите
експерти за респективните прашања од Советот на Европа, Европската комисија и Пактот за стабилност; состанокот со Процесот за соработка со Југоисточна Европа под покровителство на грчкото претседателство наесен и министерската конференција за млади на Југоисточна Европа подготвена заедно со Советот на Европа.

* * * * *

Состанокот претставуваше можност да се презентираат регионалните иницијативи и регионалните проекти на земјите од Југоисточна Европа и да се оценат постигнувањата во унапредувањето на регионалната сопственост во рамките на Првата работна маса на Пактот за стабилност. Учесниците на состанокот можеа да ги разменат сопствените искуства во остварувањето на регионалната соработка како и да постигнат согласност во однос на значењето на регионалната сопственост за вкупниот развој на земјите од Југоисточна Европа и за остварувањето на нивната приоритетна цел: интегрирање во Европската унија. Во тој контекст тие ја лоцираа сопствената улога како и улогата на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа.

Б Е Л Е Ш К А

од средбата на г. Јордан Михајловски, претседател на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Исламската Република Иран со Н.Е. г. Адболмаџид Мозафари, амбасадор на Исламската Република Иран во Република Македонија, одржана на 14 декември 2004 година

Скопје, декември 2004 година

Претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Исламската Република Иран, г. Јордан Михајловски, на 14 декември 2004 година оствари средба со Н.Е. г. Адболмаџид Мозафари, амбасадор на Исламската Република Иран во Република Македонија. На средбата присуствуваше и пратеникот г. Талал Џафери, член на Пратеничката група, како и г-ѓа Билјана Огненовска, секретар на Групата.

Господинот Јордан Михајловски му честиташе на Н.Е. г. Адболмаџид Мозафари за назначувањето за прв нерезидентен амбасадор на Исламската Република Иран во Република Македонија, со седиште во Техеран, изразувајќи надеж дека заедничката соработка и понатаму успешно ќе се одвива.

Господинот Адболмаџид Мозафари се заблагодари за честитките и изрази задоволство за можноста повторно да се сретне со претставници на Пратеничката група за соработка со Иранскиот парламент. Амбасадорот на Исламската Република Иран во Република Македонија информираше за новиот, седми по ред парламетарен состав на Исламското консултативно собрание на Исламската Република Иран, подвлекувајќи дека во него се вклучени претставници на верските и националните малцинства кои живееат во земјата: христијани (Ерменци и Асиријци), Евреи, зароастријци и други помали религиозни групи. Тој истакна дека Иран има 70 годишно парламентарно искуство, но влијанието и улогата на парламентот биле значително зголемени по Исламската револуција.

Амбасадорот Мозафари ги запозна пратениците со составот на Интерпарламентарната група на Исламското консултативно собрание на Исламската Република Иран за пријателство со Собранието на Република Македонија и изрази уверување дека двете групи можат да имаат големо влијание во подобрувањето на односите меѓу двете земји. Истакнувајќи дека меѓу Република Македонија и Исламската Република Иран постојат добри политики, економски и културни односи, тој оцени дека постои потреба за унапредување на парламентарната соработка, со оглед на тоа што досега не е остварена билатерална средба меѓу пратениците од двете земји. За продлабочување на билатералната соработка меѓу двата парламенти било разговарано и на средбата на амбасадорот Адболмаџид Мозафари со г. Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

За таа цел, амбасадорот Мозафари остварил средба и со др. Омидвар Резаи Миркаед, претседател на Интерпарламентарната група на Исламското консултативно собрание на Исламската Република Иран за пријателство со Собранието на Република Македонија. На средбата, на која присуствувале и три членови на групата за пријателство, амасадорот ги информирал иранските пратеници за односите со Република Македонија и со Македонскиот парламент. Тој подвлече дека г. Резаи Миркаед и неговите колеги го делат мислењето дека парламентарните односи се значаен дел од севкупната соработка меѓу двете земји и ја пренесе подготвеноста на членовите на Интерпарламентарната група за пријателство да ја посетат Република Македонија.

Претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Исламската Република Иран, г. Јордан Михајловски, подвлече дека со задоволство ја прифаќа иницијативата за остварување на средба меѓу пратеничките групи од двата парламента, за што подршка искажал и претседателот на Собранието на Република Македонија. Тој истакна дека пратениците во Македонскиот парламент се отворени за соработка со своите иранските колеги и дека тие високо ги почитуваат културата, традицијата и духовните вредности на Иран. Тој го замоли амбасадорот да се консултира со иранските пратеници во кој период од првата половина на 2005 година би биле во можност да остварат посета на Република Македонија, по што би уследила официјална покана од Пратеничката група на Собранието за соработка со Иранскиот парламент.

Господинот Јордан Михајловски го запозна амбасадорот со активностите на Собранието на Република Македонија во очекување на изборот на новата Влада на Република Македонија. Тој подвлече дека основни задачи и на оваа Влада ќе бидат економскиот развој и борбата против корупцијата, евроатлантските интеграции и имплементацијата на Охридскиот рамковен договор.

На ова се надоврза пратеникот Талал Џафери, кој ги потврди определбите за доследно спроведување на Охридскиот договор и заложбите за членство во НАТО и во Европската унија. Тој исто така се осврна на добрите и пријателски односи помеѓу Република Македонија и Исламската Република Иран, оценувајќи дека меѓу двете земји не постојат отворени прашања.

На крајот од разговорот, претседателот на Пратеничката група за соработка со Парламентот на Исламската Република Иран, г. Јордан Михајловски, изрази задоволство од средбата и подвлече дека за деталите од разговорите ќе бидат информирани пратениците во Собранието на Република Македонија.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Билатерална соработка

ИНФОРМАЦИЈА

од студиската посета во Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска на Делегацијата на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, остварена на 14 и 15 декември 2004 година

Скопје, декември 2004 година

На покана од г. Џон Рандал, пратеник и секретар на Меѓупарламентарната група на Британскиот парламент за соработка со Македонија, делегација на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска оствари студиска посета во Лондон на 14 и 15 декември 2004 година. Делегацијата ја предводеше пратеникот г-ца Славица Грковска, претседател на Пратеничката група, а во составот на делегацијата беа членовите на Пратеничката група пратениците г.Борис Кондарко, г. Љупчо Мешков и г. Илјаз Халими. Делегацијата ја придружуваше г-ѓа Ана Качакова, во својство на секретар на Пратеничката група. Исто така, во постојана придружба на делегацијата беше г-ѓа Дафинка Скатоза, преведувач.

Оперативната реализација на оваа студиска посета се оствари преку Амбасадата на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во Република Македонија и со личен ангажман на Н.Е. г-дин Роберт Чатертон Диксон, Амбасадор на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска во Република Македонија, како и со логистичка поддршка на Н.Е. г-дин Ѓорѓи Спасов, Амбасадор на Република Македонија во Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

Во рамките на студиската посета делегацијата оствари повеќе средби со г. Џон Рандал, со г-ѓа Алис Махон, претседател на Меѓупарламентарната група на Британскиот парламент за соработка со Македонија, со г. Николас Џаролд, директор на Британската асоцијација за централна и источна Европа (BACEE), а имаше можност и да ја следи работата на Долниот дом на Британскиот парламент (House of Commons) за време на седницата посветена на пратенички прашања (Question time) упатени до британскиот премиер Тони Блер.

* * * * *

1. На средбата со г. Џон Рандал се разговараше за повеќе прашања согласно поединечно изразениот интерес на пратениците. На почетокот г-ца Грковска се заблагодари за овозможената студиска посета и на гостопримливоста на домаќинот, при што се осврна на традиционално добрите и пријателски односи што се негуваат и постојано унапредуваат меѓу Република Македонија и Обединетото Кралство. Г-ца Грковска го информираше г. Рандал за извонредната и континуирана соработка меѓу оваа Пратеничка група и поранешниот и сегашниот амбасадор на Обединетото Кралство во Република Македонија, како и со директорот на Британскиот совет во Република Македонија. На состаноците, што вообичаено се одржуваат во Собранието на Република Македонија, се разменуваат мислења и ставови за актуелни прашања и се покренуваат иницијативи за поинтензивна меѓупарламентарна соработка. Како особено значајно се смета учеството на членовите на Пратеничката група во проектите што се организираат под покровителство на Британскиот совет во Форумот Обединето Кралство-Југоисточна Европа (UK-SEE Форум).

Г. Рандал истакна дека како член на Меѓупарламентарната група во Британскиот парламент за соработка со Македонија со особен интерес ја следи актуелната состојба во Република Македонија и работи на што поголемо промовирање на нашата зема меѓу британските парламентарци и граѓани. Воедно укажа дека Република Македонија не е непозната во неговата земја и дека токму како Република Македонија ја познаваат сите граѓани. Го дели општоприфатеното мислење дека спорот околу употребата на уставното име на државата е апсурден и дека секоја држава има право да се нарече со име кое историски и´ припаѓа и во таа смисла недозволиви и правно неиздржани се притисоци од политичка природа. Г. Рандал информираше дека во Британскиот парламент на промоцијата на Република Македонија активно работат повеќе парламентарци, особено на планот на нејзиното што поскоро европско и евро-атлантско интегрирање.

Членовите на Пратеничката група се интересираа за повеќе области: работата на парламентот и неговата законодавна надлежност; дали постои пишан деловник и кои се деловничките одредби во поглед на кворумот како услов за работа на парламентот, особено при гласањето за законите, како и за мандатот, трансферот и отсуствата на пратениците; британските искуства во процесот на децентрализацијата (како сложен и долготраен процес), развојот на општините и финансирањето на единиците на локалната самоуправа; од образовната сфера која е позицијата на директорите во основните и средните училишта.

Г. Рандал одговори дека во Британскиот парламент постои пишан деловник - Стандардни правила- (Standing orders), кои ја регулираат целокупната законодавна постапка и правата и обврските на пратениците во оваа постапка. Законите се донесуваат во три фази-прво, второ и трето читање. Првата фаза е формална презентација на предлогот на законот; втората фаза следи после 10 дена од првата кога и може да се поднесат аргументирани амандмани. Голема реткост е еден предлог на закон да не го помине второто читање, по што тој се разгледува во комисиите, каде може да се разгледува одредба по одредба и исто така и да се гласа поединечно по секоја одредба, а може да се прифати изгласа и во целост.

По тоа, предлогот на законот се разгледува на пленарна седница и се изгласува[69], по што предлогот на законот се упатува на трето (многу формално) читање во Домот на лордовите (House of Lords). Карактеристичо во оваа трета фаза е можноста и Владата и Домот на лордовите да поднесат амандмани на предлогот на законот. Доколку нема амандмани, законот се смета за донесен.

Во однос на мандатот на пратениците, г. Рандал истакна дека се´ додека една личност е номинирана од партијата и потоа избрана за пратеник, мандатот е неприкосновен. Можни се пратенички трансфери, но во поглед на одлуката за евентуален трансфер пресудни се моралните принципи. Во однос на отсуствата на пратениците, не е потребно посебно информирање до спикерот на парламентот, но се препорачува за отсуствата да биде благовремено известена партијата, односно партискиот секретар.

Г. Рандал се осврна и на децентрализацијата која како и секаде, и во Обединетото Кралство се реализирала како долготраен и сложен процес. На локално ниво постојат и работат регионални собранија на Шкотска и Велс, но нивните одлуки се субординирани на државниот парламент, односно не може да донесуваат самостојни одлуки и за прашања од витално значање за граѓаните од локален карактер. Интересот на граѓаните од една страна е спротивставен на државниот интерес, а многу граѓани сметаат и сакаат одлуките кои се однесуваат на прашања од нивниот секојдневен живот да се донесуваат на локално ниво, додека од друга страна државата нема интерес овие прашања да им ги препушти во нивна надлежност без државна верификација. Од друга страна пак, граѓаните не сакаат да имаат многу политичари, затоа што трошоците за нивната работа паѓаат на нивен грб, а тоа е случај при постоење на регионални парламенти. Во даночната сфера, исто така, државата ги пропишува сите даноци и такси и не постои реална децентрализација во оваа област.

Во однос на финансиската децентрализација, таа не е определена однапред и процентуално, туку се определува за секоја година согласно потребите на секоја општина одделно.

[69] Во постапката на гласање може да има и "слободно гласање од одредени пратеници доколку од морални причини сметаат дека треба да гласаат спротивно на партискиот став. Исто така, согласно деловничките одредби, за донесување на закон е потребен кворум од само 30 пратеници- деловникот не определува никакви квалификувани мнозинства, ниту потреба од посебен кворум. Според многу старо правило, кворум може да побара секој пратеник, барањето го упатува усно до спикерот на парламентот и се одлучува со глаасање - за да се уважи барањето, потребни се минимум 30 гласови.

Во образовната сфера надлежностите се поинаку решени. Имено, со секое училиште раководи тим кој сноси лична одговорност за својата работа, бидејќи финансиските средства од централната власт наменети за образованието се алиментираат на раководниот тим кој располага со нив. Директорот на училиштето треба да има писмена квалификација и препораки за дотогашната работа, за да може заедно со тимот да раководи со училиштето.

2. Во рамките на оваа посета, делегацијата оствари средба и со г. Николас Џаролд, директор на Британската асоцијација за централна и источна Европа (BACEE). Притоа, беше информирана за активностите на оваа реномирана институција, посебно за изминатите и идните активности на Асоцијацијата во Република Македонија. Асоцијацијата е формирана во 1967 година во време на "студената војна" со цел надминување на разликите во политичките системи во западна и источна Европа и воспоставување на подобри релации меѓу овие земји со една визионерска цел (која сега станува реалност) - целосно европско интегрирање. Во Асоцијацијата членуваат парламентарци, еминентни професори, академици и научни работници, а се финансира од британските министерства за надворешни работи, за внатрешни работи и за правда, од владите на Швајцарија и на скандинавските земји, НДИ, ОБСЕ и УСАИД, како и преку лобирање кај амбасадорите во Обединетото Кралство за одредени проекти. Движечка сила во нејзината работа е поддршката како од владата на односната земја, така и од опозицијата.

Методите на работа на Асоцијацијата се одржување на конференции, семинари, тркалезни маси и форуми, на кои се промовираат граѓанските општествени и демократски институции во процесот на европската интеграција. Во Република Македонија Асоцијацијата во изминатиот период бележи голем број активности, а особено во изминатиов тримесечен период беа организирани повеќе студиски посети во Обединетото Кралство за парламентарци и државни службеници.[70] Во тој контекст, г-ца Грковска се интересираше за пректите на Асоцијацијата за Република Македонија за 2005 година. Укажа дека од особен интерес за Република Македонија се развивање на посебни проекти од областа на приближувањето на македонското кон европското законодавство, НАТО реформите, децентрализацијата, реформата на судскиот систем, превенција од организиран криминал, и посебно евентуални планирани проекти од образовната сфера.

Г. Џаролд истакна дека за наредната година, во рамките на британското претседателствување со ЕУ, се предвидува одржување на конференција за превенција од организиран криминал, а се работи и на други проекти кои се од интерес за Република Македонија. Тој нагласи дека проекти од образовната сфера не се предвидени, но Асоцијацијата е отворена за конструктивни и аргументирани предлози кои може да бидат доставени до Управниот одбор на Асоцијацијата на разгледување.

3. На средбата со г-ѓа Алис Махон, претседател на Меѓупарламентарната група на Британскиот парламент за соработка со Македонија, присуствуваа и г. Џон Рандал, г. Тони Лојд, Шеф на делегацијата на Британскиот парламент во Парламентарното собрание на Советот на Европа, г. Тим Бозвел, пратеник од Давентри, г-ѓа Џоис Меклелан, заменик-директор на Британската асоцијација за централна и источна

[70] Од 20 до 27 ноември 2004 година во студиска посета на Обединетото Кралство престојуваше делегација од Собранието на Република Македонија предводена од г. Исни Шаќири, потпретседател на Собранието на Република Македонија, а во нејзиниот состав беа повеќе претседатели на собраниски комисии и државни службеници. Во текот на разговорот, г. Халими ги поздрави досегашните активности на Асоцијацијата и идните проекти, но во однос на погоре цитираната студиска посета на пратеници од Собранието на Република Македонија му предочи на г. Џаролд дека во составот на оваа делегација немало ниту еден пратеник од Демократската партија на албанците и укажа дека во иднина треба да се обрне поголемо внимание на рамномерната партиска застапеност во составот на вакви делегации. Укажувањето од страна на г. Џаролд беше примено со одобрување и со извинување за извршениот превид.

Европа и Н.Е. г. Ѓорѓи Спасов, Амбасадор на Република Македонија во Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска.

На средбата се разговараше за актуелната политичка состојба во Република Македонија, за македонскиот став околу решавањето на статусот на Косово, тековните активности околу демаркацијата на границата со Србија и Црна Гора во делот со Косово, меѓународните политички активности во однос на прашањето на употребата на уставното име на нашата држава и можностите за либерализација на визниот режим. Притоа, од страна на г-ца Грковска во однос на решавањето на статусот на Косово, беше укажано дека став на македонската влада е дека ќе се поздрави секое решение кое нема да има импакт врз стабилноста, територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија. Во таа насока се интензивираат и финализираат активностите околу демаркацијата на границата со Србија и Црна Гора, каде не постојат политички пречки и проблеми, но останато е за решавање едно земјиште во приватна сопственост токму на границата во делот со Косово, за кое се очекува да се изнајде решение во блиска иднина.

Во однос на употребата на уставното име на нашата држава, г-ца Грковска изрази надеж дека британскиот парламент ќе го следи примерот на Германскиот Бундестаг и ќе донесе декларација за признавање на уставното име во меѓународната мултилатерална комуникација, особено поради фактот што во билатералната комуникација се употребува уставното име-Република Македонија. Г-ца Грковска изрази уверување дека Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска и натаму ќе дава силна поддршка на напорите на Република Македонија на планот на нејзиното европско и евро-атлантско интегрирање, за кој процес меѓу политичките партии во Република Македонија постои општ консензус. Таа укажа дека не треба да се занемарат оценките од меѓународната заедница во поглед на НАТО реформите во Република Македонија, која е на прво место од регионот по постигнатите резултати.

Г. Тони Лојд и г. Бомзвел истакнаа дека Република Македонија за Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска претставува земја која ја заслужува нивната поддршка во европските и евроатлантските аспирации, а во однос на употребата на уставното име на земјата истакна дека на страната на британската влада не постојат пречки, но потребно е од страна на Република Македонија да се исполнат *acquis communautaires*.

Г. Рандал укажа на можноста да се поднесе предлог во британскиот парламент за признавањето на Република Македонија под нејзиното уставно име со што би се започнала една посилна кампања во таа насока. Постои можност и да се постави и пратеничко прашање до премиерот Блер за ова прашање. Тој укажа дека како една од обврските на двете пратенички групи е да работат што поинтензивно на овој план, како би можело што повеќе британски политичари да бидат запознаени со ова прашање. Истите активности треба да се преземат и во однос на можноста за либерализација на визниот режим за македонските граѓани, во прво време за студентите и бизнисмените како категорија на граѓани која ги зближува двете земји, со што ќе се отворат големи перспективи за натамошно интензивирање на односите меѓу двете земји на сите нивоа. Како особено значајна г. Рандал ја спомена и можноста за тњиннинг програми за основните и средните училишта во Република Македонија и Обединетото Кралство, кои би се реализирале со воведување на интернет комуникација меѓу училиштата, како модус за остварување на непосредни контакти и пренесувања на искуства од образовните процеси во двете земји.

Заклучни согледувања

Студиската посета на Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска на делегацијата на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска може да се оцени како мошне успешна и корисна од аспект на размена на искуства, мислења и ставови во врска со актуелните односи меѓу двете земји. Посебен акцент беше ставен на промовирањето на парламентарната дипломатија во решавање и усогласување на сите важни државни одлуки, особено во контекст на взаемна поддршка и лобирање во парламентарните собранија во сите меѓународни организации каде двата парламента се во полноправно членство.

Од особено значење е добивањето на британската поддршка на напорите и активностите на Република Македонија во процесот на нејзиното што поскоро европско и евро-атлантско интегрирање. Несомнена придобивка е и поддршката на Република Македонија во акитвностите на меѓународна сцена во врска со признавањето на земјата под нејзиното уставно име како од страна на поединечни земји, така и во рамките на меѓународните мултилатерални организации.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Билатерална соработка

БЕЛЕШКА

од средбата на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Србија и Црна Гора со г. Предраг Марковиќ, претседател на Народното Собрание на Република Србија (3 март 2005 година)

Скопје, март 2005 година

На 3 март 2005 година, Пратеничката група на Собранието на Република македонија за соработка со парламентот на Србија и Црна Гора оствари средба со г. Предраг Марковиќ, претседател на Народното Собрание на Република Србија и неговата делегација. На средбата присиствуваа претседателот и членовите на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Србија и Црна Гора, г. Петар Апостолов (претседател), Иван Стоилковиќ (член) и Ѓорѓи Оровчанец (член).

На почетокот г. Петар Апостолов им посака добредојде на гостите во РМ, и ги претстави членовите на Групата за соработка. Потоа, тој изрази задоволство од средбата во Србија реализирана во 2002 година во рамките на посетата на висока државна делегација од Собранието на Република Македонија. Понатаму беше даден краток осврт на активностите на парламентот: донесување на законите кои се во согласност со Охридскиот Договор, како еден од условите за влез во ЕУ, како и активностите сврзани за измена и дополнување на Деловникот на Собранието на Република Македонија што се планираат:

- изработка на законски текст за побрзо одвивање на седниците, односно за надминување на малата неефикасност во оддржување на седниците, бидејќи траат долго;
- назначување на еден од потпредседателите на Парламентот од редовите на опозицијата;
- оправдување за отсуство од седница на Парламентот да постои само заради болест или службено патување;
- времетраењето на дискусиите на парламентарците да се ограничат на 10-15 минути, со само едно обраќање на една седница, а само координаторите да имаат право на неколку обраќања.

Во оваа пригода беше нагласено дека во нашиот Парламент постои целосен консензус за соработката со СЦГ, како и дека на минатата средба во Белград начелно било договорено покренување на иницијатива за формирање на Пратеничка група при Собранието на СЦГ за соработка со Македонија.

Претседателот Марковиќ истакна дека со оваа средба се интензивира соработката меѓу Парламентите на Македонија и Србија. Тој немаше информација дали во парламентот на СЦГ е формирана Парламентарната група за соработка, но наведе дека е неопходно основање на таква група заради поголема соработка меѓу двете земји.

Тој информираше дека во српскиот Парламент постои решение со одборите да претседава претставник на опозицијата, посебно во клучните одбори како за финансии, одбрана итн. со што едногласно се решени некои прашања, како за знамето, за химната, грбот. Марковиќ понатаму истакна дека меѓу двете држави нема проблеми, но има прашања за кои треба да се дискутира. Има неколку прашања за кои што иницијативата од Парламентите би била многу корисна. Тоа се малцинските прашања, некои технички прашања како отворање на средно училиште на српски јазик во Скопје, малограничните премини и соработката, односите на црквите - (државата ќе дефинира преку законите кои се правата и на тој начин ќе се придонесе за решавање на спорот), прашања во врска со ЕУ интеграциите.

Господин Марковиќ информираше дека на средбата со премиерот Бучковски било разговарано за нов економски договор со полна либерализација на економските односи меѓу двете земји, како еден симболички гест...Потоа, тој истакна дека притисоците на економската состојба се слични како во СЦГ така и во Македонија, затоа корисно е да се соработува таму каде проблемите се најчуствителни, и изрази надеж дека соработката меѓу парламентарните групи ќе придонесе за тоа.

Од наша страна беа наведени проблеми кои се важни за решавање меѓу двете земји како спорот меѓу црквите, кој, беше речено, не би смеел да ги нарушува

добрососедските односи. Беше изразена надеж дека заеднички преговори на ниво цркви ќе ги разрешат проблемите. Беше посочена и Декларацијата на Собранието на РМ за автокефалноста на МПЦ.

Во однос на образованието на српски јазик, г. Апостолов потенцираше дека според законот 25 деца, можат да формираат паралелка на својот мајчин јазик.

Понатаму, Претседателот на групата за соработка на Собранието на РМ со парламентот на СГЦ подвелече дека учеството на жените во парламентот и изборите се наметнува како тема. Според Законот за парламентарни избори, најмалку 20% од кандидатите на листите треба да бидат жени. Во Парламентот на РМ од 120 пратеници, денес 23 се жени. Законот за локални избори обезбедува 30% учество на жените и на предниот и на задниот дел на листите. Но г. Апостолов истакна дека тој лично гласал против овој закон, со образложение дека жените се самите способни да се изборат во парламентот и политичкиот живот во земјава. Понатаму тој информираше дека во неговата партија, ЛДП 50% од членовите се жени, и дека затоа тој е против квоти за жените. Беше речено дека жените во Парламентот се многу активни и дека активно учествуваат и на претстојните локални избори. Претстојните избори ќе бидат еден вид тест за демократијата во Македонија после предавањето на ЕУ Прашалникот.

Претседателот Марковиќ информираше дека во Србија постои законска обврска за полова застапеност, која порано била само препорака, но само на локално ниво. На избирачките листи од четворица кандидати секој четврти треба да биде од другиот пол. Според новите закони кои би требало да се донесат, ќе има повеќе жени , посебно од оние партии кои се потолерантни кон жените.

Господин Ѓорѓи Оровчанец од ВМРО-Народна, најголемата опозициона партија во земјата, во врска со учеството на опозицијата во Комисиите на Парламентот, наведе дека тој е претседател во Комисијата за здравство. Тој истакна дека порано постоеле непишани правила за избор на потпретседател во Парламентот од редовите на опозицијата, но во овој мандат опозицијата ја одбила таа функција од други причини.

Во однос на ограничувањето на дискусиите на седниците, г. Оровчанец подвлече дека не се согласува, потенцирајќи дека во овој момент Парламентот нема заостанати прашања на сите седници во период од две и пол години, т.е. дека сите обврски се завршени. Според него, овој тип на ефикасност води кон ограничување на демократијата. Во сегашниот Деловник има член за ограничување на дискусиите на 10 минути во некои случаи, што според него е доволно. Во врска со соработката меѓу двете држави, ВМРО - Народна е за проширување на соработката од 1996 година, кога двете држави меѓусебно се признаа. За некои прашања постои дискрепанца во однос на сфаќањето на проблемот во секоја држава , затоа важно е помошта да биде секогаш во "принципот на добра волја". Економската соработка може да биде и поголема; и денес во двете земји важат ЈУ стандардите. Проблеми кои би можеле да се идентификуваат, според ВМРО Народна се проблемот со Црквите, кој би требало да се остави на решавање на Црквите, додека државите треба да создадат само добра атмосфера за решавање на проблемот; Беше наведено дека имаше грешки од двете страни, но од нив треба да се извлечат поуки. Понатаму околу решавањето на статусот на Косово, според г. Оровчанец, Македонија треба да биде учесник во интегративниот процес на Косово на Балканот. Договорот за Косово, треба да биде специфика за третманот на етничките заедници на Косово, и одговорноста да се пренесе на сите етнички групи; да се направи систем на државен договор, како Државниот договор за Австрија, кој би гарантирал: неменливост на границите, спречување на прелевање на криза, имплементирање на највисоките стандарди на Меѓународната заедница.

Господин Апостолов подвлече дека искажаните ставови се ставови на политичка партија, а не официјален став на владата на РМ. Друг проблем кој се иницира, а кој не е проблем на Парламентот, е поттикнување на Владата за решавање на проблемот со штедните влогови на граѓаните.

Во врска со ова претседатлот на Народното Собрание на Србија г. Марковиќ истакна дека за регулирање на сите имотни права пред три години во Загреб се водени

преговори кои се завршени, а формирана е и Комисија .Тој понатаму информираше дека врз основа на Договорот за сукцесија ќе работи Комисијата. Потоа, тој исто така ја поздрави иницијативата на г-динот Оровчнец за Косово.

На крајот г. Марковиќ се заблагодари за посетата и изрази надеж дека секоја година ќе се остварува барем една посета.

Билатерална соработка

ИНФОРМАЦИЈА

од посетата на Република Македонија на шефот на Групата за односи со Балканот на Парламентот на Кралството Норвешка, г. Хакон Блакенборг, остварена на 10 март 2005 година

Скопје, март 2005 година

*На 10 март 2005 година во официјална посета на Република Македонија престојуваше **г. Хакон Блакенборг**, шеф на Групата за односи со Балканот на Парламентот на Кралството Норвешка*

*Во постојана придружба за време на посетата беше **г. Карл Вибу**, Амбасадор на Кралството Норвешка во Република Македонија*

Во текот на посетата во Собранието на Република Македонија, работен ручек за гостинот приреди г-ѓа Марија Којзеклиска, претседател на пратеничката група за соработка на Собранието на Република Македонија со парламентите на Кралството Норвешка и Исланд, на која присуствуваа и членови на пратеничката група.

1. *Првата средба г. Блакенборг ја оствари со Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентите на Кралството Норвешка и Исланд* **на која присуствуваа г-ѓа Марија Којзеклиска, претседател на групата и г. Борче Петковски, член на групата.**

На почетокот г-ѓа Којзеклиска, изрази задоволство поради реализација на средбата како прв чекор за поблиски односи меѓу Република Македонија и Кралството Норвешка. Потоа даде краток осврт на политичката состојба во земјата, и подвлече дека заложбите на сите партии во Македонија се за побрз влез во ЕУ и НАТО. Ја поздрави соработката меѓу владите на двете држави во сферата на економијата, проектите за наука и образование, помошта од владата на Кралството Норвешка за реформи во јавната администрација, здравството, полицијата и други области. Таа исто така се заблагодари за донацијата на Кралството Норвешка за реконструкција на неколку училишта во скопско и кумановско. Госпоѓа Којзеклиска изрази очекување за натамошна норвешка поддршка за нашето приближување и вклучување во НАТО и изрази надеж дека билатералната соработка ќе продолжи и по престојните парламентарни избори во Норвешка.

Господинот Блакенборг истакна дека се надева на поструктурна соработка по септемвриските избори во Норвешка. Тој подвлече дека членството на РМ во ЕУ е важно не само за Македонија туку и за Норвешка, бидејќи тоа ќе значи безбедност за Македонија и стабилност за Европа. Пред 6 години се дискутираше за подготовка на РМ за Договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ, а сега амбициите на Норвешка се да и помогне на РМ да стане членка на ЕУ.

Господинот Борис Петковски изрази задоволство поради тоа што односите се движат во нагорна линија, и особено што норвешката влада во 2003 година одлучи да им помага на општините за зајакнување на нивната финансиска моќ, за да можат да им дават поквалитени услуги на граѓаните. Процесот на децентрализација тукушто започна и ќе трае. Граѓаните ќе одлучуваат за сите сфери на живеењето во својата општина и затоа подршката за развој на општините е добредојдена за да можат побрзо да се трансформираат. Тој изрази благодарност до норвешката влада која најави дека ќе донира средства за реконструкција на училишта во Битола, и истакна дека заложбите на владите на Македонија и Норвешка треба да се насочени кон поголема економска соработка и привлекување на норвешки бизнисмени кои би инвестирале во РМ, што воедно би значело и приближување на Македонија кон ЕУ. Господинот Петковски изрази надеж дека наскоро ќе потпиешеме спогодба за избегнување на двојното оданочување и договор за поттикнување и заштита на инвестициите. Понатаму, тој информираше дека постои консензус меѓу сите партии во РМ за пристап во ЕУ и НАТО, но и дека од брзината со која се спроведува Уставот, а кој произлезе од Охридскиот Договор, ќе зависи нашиот влез во ЕУ. Поради конфликтот во 2001 година постои отпор кон брза имплементација на Уставот и тоа не́ кочи кон побрзо приближување кон ЕУ и НАТО. Со цел овој процес да заврши што побрзо потребна ни е помош од ЕУ како и од пријатеслките земји.

Господинот Блакенборг истакна дека во парламентарните контакти треба да учествуваат сите партиии (и од опозицијата и од партите на власт), и истите

претставуваат еден вид на поддршка на соработката меѓу владите, ги одразуваат внатрешните дебати и покажуваат како функционира демократијата во нашите држави.

На крајот г-ѓа Кој зеклиска изрази уверување дека ќе се изнајдат конкретни теми на кои после изборите во Норвешка ќе може да се соработува: лобирање на парламентарците за потпишување на договор за избегнување на двојното оданочување; взаемна заштита на инвестициите; либерализација на визниот режим. Потоа, таа му се заблагодари на г. Блакенборг за посетата.

2. Господин Хакон Блакенборг оствари средба со д-р Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија. (Посебна белешка од оваа средба ќе биде подготвена дополнително од страна на Кабинетот на Претседателот на Собранието на Република Македонија).

3. На ***средбата со Комисијата за надворешна политика*** присуствуваа: **Претседателот на Комисјата за надворешна политика** г-ѓа **Теута Арифи** и членовите на Комисијата г-ѓа **Каролина Ристова** и г. **Слободан Чашуле**.
Поздравувајќи ги добрите меѓусебни односи, неподелена беше констатацијата на соговорниците за потребата за унапредување на билатералната соработка на повеќе нивоа, вклучително и паралментарната димензија, а во тие рамки и на комисиите за надворешна политика. Оцена е дека парламентарниот дијалог значајно придонесува во развојот на севкупните односи меѓу државите.

Заедничка беше и констатацијата дека актуелната состојба во Македонија бележи прогрес на планот на стабилноста и безбедноста во државата, а резултатите од активностите во функција на определбата за членство во евроатлантските структури, се евидентни.

Особен акцентво разговорот беше даден на соработката на регионален план, како можност за побрза и поефикасна реализација на нашата евроатлантска амбиција и во таа смисла македонските пратеници се заложија за конкретна помош и поддршка во реализацијата на овие цели.

Гостинот беше информиран за активностите во надлежност на Комисијата за надворешна политика каде што, меѓу другото, беше речено дека покрај прашањата од особен интерес за државата, особено се негува односот спрема соработката со соодветните комисии од земјите во регионот и на тој план настојува континуирано унапредување на меѓусебните односи. Оцена е дека билатералните односи придонесуваат кон вкупните односи во регионот што овозможува успешна соработка во повеќе области од заемен интерес. Политичкиот дијалог што комисиите го промовираат претставува широка заложба за реализација на овој вид соработка и во таа смисла Комисијата беше организатор и домаќин на конференции, посветени на особено важни прашања за нас, односно Јадранското партнерство и Коридрот 8.

Во однос на Комисијата за европски прашања, за овој краток временски период од формирањето, како што беше речено, бележи богата агенда на активности како во однос на обврските околу процесот на усогласување на националното законодавство со европското законодавство, следењето на активностите на Владата од процесот за евроинтеграциите, така и во однос на соработката со соодветните комисии од државите во регионот и државите членки на Унијата. Со оглед на фактот дека парламентарната димензија во овој процес во Македонија е вклучена подоцна во однос на извршната власт, оцена е дека туѓите искуства на овој план се од особено значење за ефикасно извршување на целите од овој процес. Во таа смисла беше коментирана потребата од помош и програми за обука не само на владино ниво, туку и во рамките на парламентарната димензија на политичко и административно ниво, посочувајќи ја притоа ТВИНИНГ програмата која се реализира во соработка со Словенија. Учеството на регионалните иницијативи во рамките на овој процес се добар начин на размена на мислења околу унапредувањето на соработката, за што побрзо достигнување на заедничката цел, односно интеграцијата во европските структури. Во овој контекст беше коментирано учеството на Делегацијата од Комисијата на Конференцијата на КОСАК во Даблин, како значајно искуство и сознанија за активностите на овој план.

Врз основа на позитивното искуство од регионалната соработка на нордиските земји, беше изразена надеж дека туѓите искуства би можеле да ни помогнат за

поефикасно практикување на овој вид соработка. Ваквата соработка е подеднакво значајна за економските движења и за остварувањето на нашата амбиција за членство во Европската унија и НАТО. Во однос на НАТО соработката евидентни се активностите и резултатите од оваа соработка која функционира на повеќе нивоа. Направените реформи, етаблирањето на високите стандарди и други елементи, кои Република Македонија успешно ги реализира, даваат право за надеж и реално очекување за приклучување во Алијансата во текот на 2007 година.

Беше речено дека регионалните иницијативи претставуваат кооперативен процес и ефикасен механизам за соработка на повеќе нивоа и области на соработка, каде активно учествува и парламентарната димензија. Во овој контекст беше поздравено претстојното одржување на Состанокот во Букурешт на ниво на паралментарни комисии за надворешна политика и европски прашања во рамките на Процесот за соработка во Југоисточна Европа. Она што особено е важно за регионот е негување на дијалогот со цел надминување на отворените прашања и пред се овозможување на секаков вид движења, особено на планот на културата. Запознавањето на културите и традицијата на народите во регионот придонесуваат кон подигнување на нивото на меѓусебна почит.

Гостинот од Норвешка ги поздрави конструктивните активности и размислувања во однос на регионалниот пристап во градењето на односите и стратегијата коишто комисиите ги изразуваат спрема соседството, како можност за просперитетна иднина и напредок во остварувањето на интеративните процеси. Беше нагласено дека развојот на оваа соработка е единствено успешен доколку се спроведува на демократски начин, како и можноста за искористување на заедничките

4. Господин Блакенборг оствари средба и со г. ***Фуад Хасановиќ, заменик министер за надворешни работи на Република Македонија*** На средбата учествуваше и г. Рефет Хајдари, шеф на отсекот за европски прашања. Господинот Хасановиќ истакна дека со Кралството Норвешка имаме континуирана соработка и на билатерално и на мултилатерално ниво. Норвешка покажува висок степен на разбирање за потребите на РМ и помага преку различни проекти во различни области; а соработка постои и меѓу двете министерства за надворешни работи преку семинари и курсеви за обука на дипломати. Политичките односи се на високо ниво, но економските заостануваат, затоа, основна задача во иднина треба да биде зголемување на економската соработка преку активностите на двете министерства за економија, како и преку стопанските комори. Треба да се организираат и економски форуми во двете земји заради запознавање на норвешките бизнисмени со можностите за инвестирање во Македонија. РМ има капацитети за развој на земјоделието, туризмот (планински, езерски) развој на текстилната индустрија. Ние би сакале техничката помош од Норвешка да ја преточиме во инвестиции. Потоа заменикот министер даде краток осврт на приоритетите на надворешната политика на РМ: интеграција во ЕУ, НАТО и регионалната соработка.

Господинот Блакенборг подвлече дека финансискиот дел од соработката има силна поддршка во парламентот на Норвешка. Тој се согласи дека економската соработка од која инвестициите се најкомплицираниот дел, заостанува. Важно е да се гарантираат странските инвестиции - фокусот да биде на конкретни закони и заедно да работиме на транспарентен систем во кој инвестициите се сигурни. Исто така треба да се обезбедат и детални информации за инвеститорите. Тој подвлече дека Македонија треба уште повеќе да направи за привлекување странски инвестиции.

Господинот Хасановиќ се согласи дека капиталот и инвестициите не одат таму каде не се сигурни и заштитени. Во регионот РМ е извозник на стабилност, безбедност и добри односи со соседите. Тој нагласи дека во моментов во Скопје се одржува Самит за економска соработка со учество на сите лидери од регионот, а под покровителство на Претседателот Црвенковски. Сите држави во регионот сé помалку гледаат во минатото а сé повеќе во иднината. Заменик министерот понатаму истакна дека РМ поднесе апликација до ЕУ, го предаде прашалникот и очекува Комисијата да даде мислење до крајот на годината. Тој информираше дека важно е претстојните локални избори да се одржат во фер и демократска атмосфера бидејќи тие за нас ќе бидат тест за влез во

ЕУ. Од Кралството Норвешка Македонија очекува поддршка за влез во НАТО. Во соработката на овој план би требало да се вклучат парламентите, владата и експерти.

Господинот Блакенборг истакна дека еден од проблемите за влез во ЕУ и НАТО е прашањето на односот со трети страни. Тој го постави прашањето на демаркација на границата со Косово.

Господинот Хасановиќ подвлече дека тоа е многу важно и чувствително прашање за нас. Ние се обидуваме да бидеме конструктивни и да имаме разбирање кон сите заинтересирани страни, Белград, Приштина и меѓународната заедница, но приоритет ни е да ги сочуваме правниот и територијалниот интегритет на Македонија. Постојат разлики во пристапот, но главно прашање е кој ќе учествува во демаркацијата од другата страна, но тоа не е прашање на РМ. Она за што ќе се договорат Приштина, Белград и меѓународната заедница, а нема да биде во спротивност на нашите интереси ќе го прифатиме. Македонија со својот позитивен пристап е катализатор на процесот на демаркација.

Господинот Блакенборг потврди дека имаме интензивни контакти за решавање на ова прашање но не е сигурно кој ќе биде потписник од другата страна. На крајот на средбата г. Блакенборг ни посака успех во нашите заложби.

5. На **средбата со Координаторите на пратеничките групи во Собранието на Република Македонија** присуствуваа: **г. Јани Макрадули,** координатор на Пратеничката група на СДСМ, **г. Чедо Краљевски,** координатор на Пратеничката група на ВМРО- народна партија, **г. Коце Трајановски**, координатор на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, **г-ѓа Роза Топузевска Каревска,** заменик координатор на Пратеничката група на ЛДП, **г. Замир Дика**, координатор на Пратеничката група на ДПА и **г. Зоран Кртстевски,** заменик координатор на Пратеничката група на ЛП.

На почетокот г. Макрадули потенцираше неколку аспекти кои се важни за соработката меѓу Р. Македонија и Кралството Норвешка како реновирање на училиштата, помагање на реформите на јавната администрација преку информатичка помош. Беше истакнато дека на Македонија и е потребна поддршка за членство во НАТО, но и дека добива поддршка од многу држави во врска со името и таквата поддршка ја очекува и од Норвешка. Гостинот изрази благодарност за можноста да се сретне со претставници на повеќе партии. Според него вообичаено власта и опозицијата имаат различни ставови за домашни и надворешни прашања и затоа во идната соработка е важно да се води сметка во делегациите да има претставници од повеќе партии. Понатаму г. Блакенборг информираше дека во норвешкиот парламент има силна поддршка за соработка со земјите од овој регион и изрази надеж дека во иднина ќе развијат сеопфатни односи со регионот.

Господинот Чедомир Краљевски истакна дека иако од различни партии, сите пратеници постигнале консензус за членство во ЕУ и НАТО, бидејќи тоа е натпартиски интерес. Затоа Македонија е спремна да ги прифати сугестиите на земјите членки на ЕУ и НАТО. Со цел да ги достигнеме стандардите, треба да спроведеме реформи во судството, безбедносниот сsстем, да се справиме со корупцијата и организираниот киминал. На крајот г. Краљевски изрази благодарност за донациите од Кралството Норвешка и изрази надеж дека Норвешка ќе не поддржува во меѓународните организации.

Господинот Коце Трајановски подвлече дека програмска цел на неговата партија е членство во ЕУ и НАТО, членовите на ВМРО-ДПМНЕ се трудат со своето политичко дејствување да придонесат РМ да стане членка на ЕУ што е можно побрзо и ги поддржуваат сите чекори на владата кои водат кон оваа цел. Проблемите со кои се соочува Македонија се: реформи во јавната администрација кои резултираат со отпуштања од работа, слаби социјални пакети, многу слаба побарувачка на работна сила на пазарот и невработеност од 37%; реформа на судството која е на почеток и персоналните решенија на власта за клучните места во судството. Тој на крајот апелираше до Кралството Норвешка решавањето на статусот на Косово да не влијае врз Македонија.

Госпоѓа Роза Топузовска Каревска, истакна дека ЛДП, дел од коалицијата За Македонија има 50% застапеност на жените и со тоа го следи примерот на Норвешка. Таа ги наведе приоритетите на Македонија: хармонизација на законодавството, Охридскиот Договор, реформите во судството и привлекување на странски инвестиции.

Господинот Замир Дика нагласи дека за интеграцијата на Р. Македонија во ЕУ постои политички консензус и тие како партија се обидуваат да придонесат кон оваа цел за интеграцијата да не остане само фраза. Понатаму подвлече дека тие не се задоволни од улогата на парламентот во поделбата на власта, имено парламентот не успеал да се наметне како институција што ќе ги забрза процесите, туку е само сервис на владата. Она што ни е потребно е побрз, поквалитетен и потранспарентен процес на реформи, кои треба да имаат влијание во секојдневниот живот. Меѓуетничките односи се исто така многу важно прашање. Рамковниот договор е основа на овие односи но ДПА има забелешки на имплемнтацијата на столбовите на овој Договор: употребата на јазиците, правичната застапеност на малцинствата во јавната администрација, процесот на децентрализација. Тој наведе дека обичните граѓани не ги чувствуваат бенефициите кои требаше да ги донесе Охридскиот договор.

Господинот Зоран Крстевски, истакна дека имал можност да се запознае со начинот на работа во норвешкиот парламент, и дека го предложил во нашиот парламент законот кој важи во Норвешка а според кој говорникот на говорница има законска обврска да го сослуша следниот говорник. Ние во нашиот парламент многу зборуваме но не се слушаме. Тој информираше дека е автор на првиот закон во РМ за омбудсман, а чија основа е норвешкиот закон, бидејќи искуствата на Норвешка во заштитата на граѓанските права се меѓу најдобрите во Европа. Тој нагласи дека ние ја охрабруваме Норвешка да го следи примерот на британскиот парламент и да го покрене прашањето за употреба на нашето уставно име, како најдиректен придонес за подобрување на стабилноста во регионот.

На крајот од средбата г. Блакенборг истакна дека Кралството Норвешка ќе ја поддржи Македонија за членство во НАТО и ЕУ.

6. Господин Блакенборг оствари средба со ***г-ѓа Радмила Шеќеринска, потпретседател на Владата на Република Македонија за европски интеграции.***

Тој се заблагодари за приемот и истакна дека е во кратка посета на Македонија со цел остварување поструктуирана соработка со РМ по парламентарните избори во Норвешка закажани за септември 2005 година. Тој се интересираше каква е политичката клима во однос на прогресот кон ЕУ.

Госпоѓица Шеќеринска истакна дека постои добра соработка меѓу парламентите и дека оваа година е обележана со интегративни процеси. Постои исто така политички дијалог за политичките критериуми кои се доминантни за одлуката. Таа нагласи дека г. Барбасо, раководител на генералниот директорат за проширување заедно со комесарот Рен на самитот во Скопје ги подвлекле главните прашања кои ќе влијаат врз одлуката: прво, локалните избори и децентрализацијата. Госпоѓица Шеќеринска рече дека ќе се соочиме со тешкотии во пренесувањето на надлежностите на локално ниво без поголеми пореметувања, и потешкотии се очекуваат во помалите рурални средини. Второ прашање е прашањето на Охридскиот договор и усвојувањто на двата преостанати закони за симболите и јазиците на локалните заедници. Трето прашање е реформата на судството. На овие три работи ќе се базира одлуката на Комисијата. Но Комисијата ќе го следи не само донесувањето туку и имплементацијата на законите.

Господинот Блакенборг го покрена прашањето за демаркација на границата. Госпоѓица Шеќеринска информираше дека српската влада нема да се противи ако демаркацијата ја направи УНМИК и сега на потег е УНМИК. Таа истакна дека е важно да се затворат сите потенцијални чувствителни прашања пред започнување на преговорите за статусот на Косово. Во однос на локалните избори г-ца Шеќеринска истакна дека тие се важни за децентрализацијата. Треба да имаме способна локална самоуправа; етничките проблеми ќе бидат ублажени а граѓаните ќе одлучуваат сами за себе, наместо да се свртени кон главниот град. На крајот г-ца Шеќеринска подвлече дека изборите се важни за стабилноста на институциите а резултатите доаѓаат на второ место.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Билатерална соработка

ИНФОРМАЦИЈА

за официјалната посета на Република Македонија на Делегацијата на Парламентот (Кнесетот) на Државата Израел, остварена на 5 и 6 април 2005 година

Скопје, април 2005 година

Во официјална посета на Република Македонија на 5 и 6 април 2005 година престојуваше Делегација на Кнесетот на Државата Израел, во состав: г-ѓа Ети Ливни, потпретседател на Кнесетот[71] и претседател на Израелско-македонската парламентарна група за пријателство и Н.Е. г-ѓа Ирит Бен Аба, Амбасадор на Израел во Република Македонија (резидентна во Ерусалим, Израел[72]).

Во постојана придружба на делегацијата за време на нивниот престој во Република Македонија беа г. Виктор Мизрахи, Почесен конзул на Државата Израел во Република Македонија, г-ѓа Ана Качакова, секретар на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Државата Израел и г-ѓа Даниела Лумаковска од Отсекот за протоколарни работи.

* * * * *

Во рамките на Програмата, Делегацијата ги оствари следните средби во Собранието на Република Македонија: со г. Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија, со претседателот и членовите на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Државата Израел, со претседателот и членовите на Комисијата за надворешна политика, со претставнички на Женскиот парламентарен клуб во Собранието на Република Македонија; вон Собранието со: г-ѓа Радмила Шеќеринска, потпретседател на Владата на Република Македонија за евро-интеграции и со г. Фуад Хасановиќ, заменик-министер за надворешни работи на Република Македонија. Во организација на Еврејската заедница во Република Македонија, Делегацијата ја посети Еврејската заедница, при што присуствуваше на презентација на Проектот за изградба на Меморијалниот центар во Скопје за жртвите од Холокаустот, чие свечено отворање се предвидува за 8 септември 2005 година.

Во текот на престојот во Република Македонија, Делегацијата, во организација на Еврејската заедница во Република Македонија го посети Охрид, при што оствари средби со советниците на Општината Охрид и со претставници од Туристичкиот сојуз на Македонија, а воедно и имаше прилика да ги разгледа културно-историските споменици на градот.

По завршувањето на средбите во Собранието на Република Македонија беше одржана Прес-конференција на г. Стојан Андов и г-ѓа Ети Ливни, при што беше пројавен голем интерес за текот на посетата од страна на претставниците на средствата за јавно информирање.

* * * * *

Целта на посетата на Делегацијата на Кнесетот на Државата Израел, покрај воспоставување на поблиски билатерални односи на парламентарно ниво, беше размена на искуства од парламентарното работење, особено во областа на уставното уредување на односите на заедниците во Република Македонија и улогата на Собранието на Република Македонија во таа област. Со оглед на фактот што Државата Израел, и покрај нејзиното 57-годишно постоење како независна држава, нема устав како највисок државен акт, г-ѓа Ливни пројави интерес за преземање на нашите искуства во оваа област кои, поради сличностите на двете држави, израелскиот Кнесет

[71] (Шинуи партија-секуларистичко движење (Shinui-secularist movement), односно "Партија на промените"-либерална провиниенција. Партија во опозиција.

[72] Од 1.01.2005 година, дипломатското претставништво на Државата Израел надлежно за Република Македонија е со седиште во Ерусалим, односно во Министерството за надворешни работи на Државата Израел. До крајот на минатата година, дипломатското претставништво на Државата Израел во Република Македонија беше со седиште во Белград, Србија и Црна Гора. Г-ѓа Бен-Аба е исто така и Амбасадор на Државата Израел во Република Албанија и во Босна и Херцеговина.

има потреба да ги имплементира при изготвувањето на Уставот на Државата Израел. Покрај тоа, г-ѓата Ливни изрази подготвеност билатералната парламентарна соработка во иднина да се динамизира, како би можело на непосреден начин, преку парламентарните групи за соработка, да се разменуваат и имплементираат искуствата од парламентарното работење.

Со оглед на фактот што г-ѓа Ливни е и член на Комисијата за подобрување на статусот на жените при Кнесетот, таа прејави интерес за размена на искуства од областа на прашањата поврзани со статусот на жените во политичкиот живот на Република Македонија, законите кои го уредуваат учеството на жените во политиката и јавните дејности и воопшто за сите аспекти на инволвираноста на жените во политиката и општествениот живот.

Од аспект на актуелната политичка ситуација во Државата Израел, г-ѓа Ливни сите соговорници ги запозна со фазите на мировниот процес и со активностите што Владата на Државата Израел ги презема на планот на запирање на терористичките активности на Движењето ХАМАС и на смирување на тензиите во критичните региони на земјата. Во врска со тоа, таа информираше за планот на повлекување на еврејското население од појасот Газа, место каде веќе 35 години живеат 8,000 евреи и кои треба да започнат со исселување на 20 јули о.г. Во врска со овој план, требало да биде распишан референдум, но Кнесетот донел одлука тој да не биде распишан со оглед на фактот што референдумот, во оваа фаза на односите, однапред би бил осуден на неуспех. Поради тоа, во напорите на приближувањето на овој план до граѓаните од еврејско потекло се пристапило на побезболен начин, односно со политичка одлука која, во интерес на севкупната стабилизација на земјата, треба сите да ја почитуваат. Во однос на граѓаните од арапско(палестинско) потекло, г-ѓа Ливни информираше дека тие претсавуваат 20% од вкупното население, но се малцинство кое, за жал, не ја чувствува Државата Израел како своја татковина. Заради сите овие состојби, г-ѓа Ливни укажа дека сите политички фактори во државата очекуваат големи турбуленции и при донесувањето на Уставот и при реализацијата на мировниот план на премиерот Шарон.

* * * * *

1. На средбата со ***г. Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија***, Делегацијата беше запознаена со актуелната политичка ситуација во Република Македонија и со постапката на донесувањето на Уставот на Република Македонија, како и за сите негови досегашни измени. Од аспект на рамномерното вклучување на заедниците во политичкиот живот, Делегацијата беше информирана дека и во тој поглед Уставот има претрпено измени кои резултираа по донесувањето на Рамковниот договор. Г. Најдовски ја информираше Делегацијата дека во поглед на имплементацијата на Рамковниот договор се постигнати значајни резултати и се донесени законите кои произлегуваат како обврска според Рамковниот договор. Делегацијата беше запознаена и со политиката на Владата на Република Македонија во поглед на остварување на програмските определби во насока на стабилизација на земјата, спречувањето на корупцијата и организираниот криминал, намалување на стапката на невработеноста, реформите во судството и јавната администрација. Во поглед на надворешната политика на Република Македонија, г. Најдовски информираше за консензусот што постои на страната на сите политички партии во однос на европските и евро-атлантските интеграции.

2. Средбата со ***претставнички на Клубот на жени-парламентарки во Собранието на Република Македонија*** ја раководеше пратеникот г-ѓа Благородна Мингова-Крепиева, а присуствуваа пратениците: г-ѓа Лилјана Поповска, г-ѓа Силвана Бонева и г-ѓа Ристана Лалчевска. Делегацијата беше запознаена дека во Собранието на Република Македонија од вкупниот број на 120 пратеници 25 се припаднички од женскиот пол, што досега претставува највисока процентуална застапеност на жените-пратеници. Исто така, Делегацијата беше запознаена со положбата и активностите на Женскиот парламентарен клуб во Собранието на Република Македонија, кој постои од самото конституирање на Собранието на Република Македонија, а формиран со помош

на Пактот за стабилност на ЕУ. Пратениците ја запознаа Делегацијата и со законската регулатива која овозможи висок процент на застапеност на жените во политичкиот живот во Република Македонија, при што им беше укажано дека се направени круцијални чекори во измена на законите кои уредуваа одредени категории поврзани со жените, како што се: воведувањето на семејното насилство како инкриминирано дело во Кривичниот закон на Република Македонија, воведување на квоти за жените на листите за парламентарните и локалните избори, одредени позитивни новини во сферата на работното законодавтсво и сл. Со сите овие активности значително се подобри местото, позицијата и улогата на жените во политичкиот живот во Република Македонија.

Делегацијата беше запознаена и со активностите на Женскиот парламентарен клуб во поглед на организирање на семинари, обуки, предавања, со кои сите овие активности се приближуваат до секоја жена во Република Македонија и стануваат составен дел на секојдневниот живот. Исто така, Делегацијата беше запознаена дека наскоро се очекува и донесувањето на Законот за еднакви можности на жените и мажите, со што ќе се регулираат односите на жените и мажите како од родов, така и од социјален аспект, односно за позитивната дискриминација на жените. Со донесувањето на овој закон, Република Македонија ќе се приближи кон Европа во процесот на усогласување на македонското со европското законодавство.

Г-ѓа Ливни нформираше дека и во Израел се преземаат чекори на планот на подобрувањето на статусот на жените во политичкиот и општествениот живот, односно веќе 10 години постои Закон за афирмативна акција. За жал, досега немаат постигнато значајни резултати на полето на поголема застапеност на жените во политиката, но на пример во војската и воените структури се надминати поради одредени деценски бариери и таму жените се застапени на солидно ниво. (Во Израел војската е задолжителна обврска за сите граѓани, а за жените воениот рок трае 2 години).

3. Средбата со ***Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Државата Израел*** ја водеше пратеникот г. Стојан Андов, претседател на Пратеничката група, а присуствуваа пратениците: г-ѓа Емилија Костадинова, г. Рафис Алити, г-ѓа Роза Топузовска-Каревска и г. Михајло Георгиевски, членови на Пратеничката група.

На почетокот на средбата, г. Андов изрази особено задоволство што се реализира прва официјална посета на Делегација од Кнесетот на Државата Израел и што претставува значаен импулс за натамошна плодна и интензивна соработка меѓу парламентите на двете пријателски земји.

Делегацијата беше запознаена со структурата и тековните активности на Собранието на Република Македонија, како и со уставните и деловничките одредби кои ја регулираат застапеноста на припадниците на етничките заедници во политичкото одлучување. На Делегацијата и´ беше предочено дека со принципот на т.н. "Бадентерово мнозинство" се овозможува рамноправно одлучување по одредени законски предлози за кои, согласно уставните амандмани произлезени од Рамковниот договор, е потребно и посебно мнозинство од присутните пратеници-припадници на заедниците во Република Македонија. Со тоа се надминаа одредени систуации на нееднаков и небалансиран пристап кон политичкото одлучување во целина.

Во однос на прашањата сврзани со билатералните односи на Република Македонија и Израел, претседателот и членовите на Пратеничката група изразија поддршка на напорите што Израелската Влада ги презема на полето на стабилизирање на безбедносната ситуација во земјата. Безбеден Израел значи безбедност за целиот Блиски Исток и пошироко, бидејќи Израел е држава која претставува пример за издржана политика во светски рамки. Во таа насока, активностите на премиерот Шарон се насочени во вистинска насока и се поткрепени со издржани политички одлуки.

Членовите на Пратеничката група изразија посебна благодарност што Државата Израел во билатералната комуникација и при потпишувањето спогодби го користи уставното име на Република Македонија. Истовремено изразија надеж дека Кнесетот на Државата Израел, следејќи го примерот на САД, Германскиот и Британскиот парламент, ќе донесе декларација за поддршка на користењето на уставното име на Република Македонија во мултилатерални рамки.

На средбата беа разменети мислења и согледувања за идната меѓупарламентарна соработка, особено на ниво на пратеничките групи за соработка и се изразија уверувања дека меѓупарламентарната соработка ќе ја следи меѓувладината соработка со исто темпо и динамика.

4. Средбата со членовите на ***Комисијата за надворешна политика*** ја водеше пратеникот и член на Комисијата г. Еуп Рустеми, а присутни беа пратениците-членови на Комисијата: г-ѓа Весна Борозан, г-ѓа Славица Станковска, г-ѓа Славица Грковска, г. Игор Ивановски, г-ѓа Цветанка Гашоска, г. Слободан Чашуле, г-ѓа Ганка Самоиловска-Цветанова, г. Михајло Георгиевски и г. Замир Дика, како и секретарот на Комисијата г-ѓа Љиља Трпковска.

Членовите на Комисијата ја поздравија официјалната посета на Делегацијата на Кнесетот и изразија уверувања дека во иднина ќе продолжи меѓупарламентарната соработка на ниво на комисиите за надворешна политика на двата парламента. Беа поздравени извонредно добрите односи меѓу владите на Република Македонија и Државата Израел и истите беа оценети како мошне значајни, со оглед на фактот што Израел претставува стратешки партнер на Република Македонија.

Делегацијата беше запознаена со работата на Комисијата за надворешна политика и активностите што Комисијата ги презема и реализира, особено во процесот на европската и евро-атлантската интеграција на Република Македонија и унапредувањето на вкупните меѓународни односи. Взаемно беше констатиран интересот и за меѓудржавна соработка и споделување на искуства на планот на одбраната, културата, здравството и други области.

5. На средбата со ***г-ѓа Радмила Шеќеринска, потпретседател на Валдата на Република Македонија за европски интеграции*** беа елаборирани повеќе прашања сврзани со актуелната политичка состојба во Република Македонија и за тековните активности на Владата на Република Македонија со кои се заокружува имплементацијата на Рамковниот договор. Исто така, се осврна и на текот на реформите во судството и јавната администрација, стратегијата на Владата во борбата против корупцијата и организираниот криминал, како и во однос на трговијата со жени.

Г-ѓа Шеќеринска ја запозна Делегацијата и со активностите во врска со реализирање на обврските во наредниот период што произлегуваат од поднесувањето на апликацијата на Република Македонија за полноправно членство во ЕУ и доставувањето на одговорите на Прашалникот, при што укажа дека се очекува позитивно мислење по одговорите на Прашалникот до крајот на о.г. Г-ѓа Шеќеринска информираше и за спроведените реформи во сферата на одбраната кои се мошне значајни за процесот на зачленување на Република Македонија во НАТО, што се очекува за наредната година.

6. На **средбата со г. Фуад Хасановиќ, заменик-министер за надворешни работи на Република Македонија**, се разговараше за актуелните политички односи меѓу двете земји. Г. Хасановиќ ја оцени посетата на Делегацијата од Кнесетот на Државата Израел како мошне значајна и истакна дека меѓу-парламентарната соработка претставува придонес кон целокупната билатерална соработка на двете земји. Во тој контекст, ја информираше Делегацијата за Одлуката на Владата на Република Македонија за назначување на г. Виктор Мизрахи за Почесен конзул на Државата Израел во Република Македонија. Укажа дека Република Македонија со посебен пиетет се сеќава на жртвите од депортацијата на Евреите од Република Македонија во концентрационите логори и во таа насока информираше дека Владата на Република Македонија дава безрезервна поддршка и административно-техничка помош на Еврејската заедница во Република Македонија при изградбата на Меморијалниот центар за жртвите од Холокаустот во Скопје.

Г. Хасановиќ истакна дека трговската и економската соработка меѓу двете земји не е на задоволително ниво и во иднина, од страна на надлежните фактори во двете земји, треба да се стави акцент на зголемување на таа соработка. На средбата Делегацијата беше информирана и за актуелните приоритети на Владата на Република

Македонија во однос на надворешната политика на државата - европската и евро-атлантската интеграција на Република Македонија.

Заклучни согледувања

Првата официјална посета на Република Македонија на Делегацијата на Кнесетот на Државата Израел може да се оцени како мошне успешна и корисна од аспект на размена на искуства, мислења и ставови во врска со актуелните односи меѓу двете земји. Посебен акцент беше ставен на заинтересираноста на Кнесетот на Израел за преземањето на искуствата од Собранието на Република Македонија, односно од уставното и законското уредување на односите меѓу заедниците во Република Македонија, подобрување на статусот на жените во политиката и општествениот живот и воопшто за парламентарната дипломатија како модус за позитивно и ефикасно парламентарно работење. Со тоа уште еднаш се потврдува високата позиција на Република Македонија во однос на промовирањето и унапредувањето на основните демократски принципи-плуралистичко, демократско и граѓанско општество.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Билатерална соработка

ИЗВЕШТАЈ

за посетата на Република Турција на Делегацијата на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Турција, остварена од 6 до 10 јуни 2005 година

Скопје, јуни 2005 година

Делегација на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Турција, од 6 до 10 јуни 2005 година оствари посета на Република Турција, на покана од г. Нијази Пакјурек, претседател на Турско - македонската меѓупарламентарна група за пријателство на Големото национално собрание на Турција (GNST). Делегацијата ја сочинуваа пратениците: г. Ќенан Хасипи, претседател на Пратеничката група, г. Томе Тромбев и г. Г΄зим Острени, членови на групата, како и г-ца Билјана Огненовска, секретар на групата.

Делегацијата оствари повеќе средби со високи претставници на парламентарната и извршната власт, како и со здруженија на бизнисмени и иселеници. За време на престојот во Анкара, Делегацијата беше придружувана од г. Мухедин Рустеми, амбасадор на Република Македонија во Република Турција и г-ѓа Благица Марковска, министер советник во Амбасадата на Република Македонија во Анкара, Република Турција, а на средбите во Истанбул присуствуваа г. Јордан Панев, генерален конзул на Република Македонија во Истанбул и г. Шабан Јашари, конзул. Во постојана придружба на Делегацијата беа г. Нијази Пакјурек и г. Мухарем Топрак, пратеници од Големото национално собрание на Турција.

Во Анкара, Делегацијата на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Турција се сретна и водеше разговори со: г. Невзат Пакдил, заменик на претседателот на Големото национално собрание на Турција, г. Нијази Пакјурек, претседател на Турско - македонската меѓупарламентарна група за пријателство на Големото национално собрание и членови на групата, г. Јашар Јакиш, претседател на Комисијата за интеграција во ЕУ на ГНСТ, г. Абдулатиф Шенер, заменик на претседателот на Владата на Република Турција и државен министер за економски прашања, г-ѓа Нимет Чубукчу, државен министер без ресор и г. Рифат Хисарџиклиоглу, претседател на Сојузот на стопански комори и стопански берзи на Турција (TOBB) и членови на Сојузот. Делегацијата положи венец во Мавзолејот на основачот на современа Турција, Мустафа Кемал Ататурк, а присуствуваше и на дел од седницата на Големото национално собрание.

Во Истанбул, Делегацијата на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Турција, оствари средби со Културно-хуманитарната фондација на Румелиските Турци и Румелиското здружение на иселеници-бизнисмени (RIAD). Беа организирани посети на културно-историски споменици и на Центарот за исламска историја, уметност и култура на Организацијата на Исламската конференција (IRCICA).

* * * * *

На сите средби што во рамките на програмата ги оствари Делегацијата на Собранието на Република Македонија, беше констатирано дека традиционално добрите и стабилни односи меѓу Република Македонија и Република Турција ги карактеризира висок степен на пријателство и меѓусебно почитување. Македонската страна им изрази благодарност на домаќините за помошта што Република Турција перманентно & ја пружа на Република Македонија, првенствено на политичко-безбедносен план, а особено во врска со поддршката за употребата на уставното име и конкретните активности во рамките на НАТО. Притоа, беше подвлечено дека во Република Македонија високо се цени односот на Турција која меѓу првите држави ја призна нашата земја под уставното име, прва отвори амбасада и прва именува амбасадор во Скопје.

Во разговорите г. Ќенан Хасипи, г. Г΄зим Острени и г. Томе Тромбев се задржаа и на внатрешно-политичките и економските состојби во Република Македонија, потенцирајќи ги напорите на Собранието на Република Македонија за целосна реализација на обврските од Охридскиот договор, територијалната реорганизација, пропорционалната застапеност на заедниците во органите на управата и локалната самоуправа и слично.

Соговорниците, исто така констатираа дека соработката меѓу Република Македонија и Република Турција на политички план е со голем интензитет, односно со бројни средби на владино, парламентарно и други нивоа и со потпишување на повеќе билатерални договори од разни области. Беше укажано дека продолжувањето на политичкиот дијалог на сите нивоа е многу важно за унапредување на вкупната соработка. Соработката меѓу двете земји во полето на внатрешните работи, одбраната, правдата, информациите, сообраќајот, културата и образованието, исто така е мошне успешна и се карактеризира со позитивен тренд и континуитет, како и тенденција и интерес од двете страни за натамошно унапредување.

На средбите беше оценето дека се уште постои простор за проширување на економската соработка. Ова, пред се, беше нагласено во разговорите со потпретседателот на Владата на Република Турција, г. Абдулатиф Шенер и претседателот на Сојузот на стопански комори и стопански берзи на Турција (ТОВВ)[73], г. Рифат Хисарџиклиоглу, каде што беа изнесени мислења за можностите за унапредување на оваа соработка, која со оглед на потенцијалите на двете земји, би требало да се реализира преку конкретни проекти. Со стимулирањето и поттикнувањето на малите и средни претпријатија би требало да се забрза процесот на инвестирање од страна на турските стопанственици. Беше истакнато дека турските директни инвестиции во Македонија од 2003 година наваму бележат нагорна линија, при што беа особено нагласени вложувањата во "Силика" од Гостивар и изградбата на деловен центар "Рамстор" во Скопје. Но и покрај ова, турските инвестиции се ниски по обем и Република Турција се наоѓа меѓу последните земји на листата на странски инвеститори во Република Македонија. Нагласувајќи го интересот за зголемување на стопанската соработка во сите области, домаќините беа информирани и за активностите на Република Македонија за привлекување на странски инвестиции, можностите со приватизацијата на покрупните инфраструктурни проекти и слично.

На средбата во ТОББ, турските бизнисмени прејавија посебен интерес за влез на турските градежни фирми на македонскиот пазар и укажаа на проблемите во врска со влезните такси за Република Македонија, со кои се соочуваат турските превозници. Истовремено, пратениците беа информирани и за можноста за доделување на стипендии за студирање на Универзитетот за економија и технологија на ТОББ, за студенти од Република Македонија.

Во текот на разговорите стана збор и за подготвеноста за преговори за одделни измени во Договорот за слободна трговија, за што веќе има одредени активности. Беше повторен и интересот за користење на кредитот од Ексим банка, при што се истакнаа одредени проблеми во реализацијата на овој кредит.

Во областа на културата, турската страна се заложи за заштита и обновување на културно-историските споменици од Османлискиот период, при што беше нагласено дека од овој период постојат повеќе споменици во земјите од Балканот и блиското соседство, отколку во самата Турција.

Во врска со интеграцијата во Европската унија, пратениците од Собранието на Република Македонија дадоа осврт на активностите што се преземаат во Република Македонија на овој план. Истовремено, беше поздравено најавеното отпочнување на преговорите за стапување во членство на Република Турција во Европската унија, предвидено за 3 октомври 2005 година. Притоа, беше искажана надеж дека француското и холандското "не" на Уставот за Европа нема да ја промени динамиката на процесот на интеграцијата во Европската унија на земјите кандидатки и земјите аспиранти кон ЕУ.

Турските соговорници информираа за активностите во врска со членството на Турција во ЕУ и ја нагласија потребата од континуирана соработка на планот на размена на искуства и заемна поддршка во процесот на интегрирање во ЕУ на двете земји. Овие прашања со повеќе детали и аналитички пристап беа опфатени на средбата со г. Јашар Јакиш, претседател на Комисијата за интеграција во ЕУ на Големото национално

[73] ТОББ е највисокото правно тело што го застапува приватниот сектор во Република Турција. Во ТОББ членуваат 363 локални стопански комори и берзи, преку кои се претставени околу 1.200.000 компании.

собрание на Турција и поранешен министер за надворешни работи во Владата на Република Турција.

Од страна на турските соговорници беше дадено ветување дека Република Турција ќе продолжи и понатаму да ја поддржува Република Македонија во нејзините напори и стратешки определби за членство во Европската унија и НАТО. На средбите остварени во Големото национално собрание на Турција, исто така беше изразена надеж за натамошно унапредување на парламентарната соработка и меѓусебната поддршка на меѓународен план, како на билатерално, така и на мултилатерално ниво, во меѓународните парламентарни собранија.

На средбите со Културно-хуманитарната фондација на Румелиските Турци и Румелиското здружение на иселеници-бизнисмени беше изразено задоволство од досегашната соработка меѓу Република Македонија и Република Турција и негувањето на културните и историски врски, при што беше нагласено дека иселеништвото претставува мост меѓу двете пријателски земји. Од страна на иселениците беше побарано поголемо ангажирање на Република Македонија за отворање можности за инвестирање и стопанска соработка, за што постои традиционален интерес. Иселениците изразија посебен интерес и за можностите за добивање на македонско државјанство.

* * * * *

Посетата на Република Турција на Делегацијата на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Турција, може да се оцени како многу успешна и плодотворна. На средбите беа покренати многу прашања од заеднички интерес и беа разменети мислења за меѓусебната соработка и актуелната состојба во Република Македонија и Република Турција. Оваа посета беше уште една потврда дека односите меѓу Република Македонија и Република Турција се стабилни и на многу високо ниво. Истовремено, престојот на Македонската делегација во Република Турција, даде поттик за натамошно развивање на заемното пријателство, почитување и соработка, како меѓу двете парламентарни групи, така и меѓу двете држави.

Во реализацијата на посетата, покрај службите на парламентите на двете земји, значаен придонес дадоа и Амбасадата на Република Македонија во Анкара и Генералниот конзулат на Република Македонија во Истанбул, кои земаа активно учество во средбите и во целост излегоа во пресрет на потребите на Делегацијата.

Се очекува делегација на Турско-македонската меѓупарламентарна група за пријателство на Големото национално собрание на Турција да оствари возвратна посета на Република Македонија во првата половина на 2006 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Билатерална соработка

ИНФОРМАЦИЈА

за официјалната посета на Република Македонија
на Делегацијата на Интерпарламентарната група на Хрватскиот сабор за соработка
со Собранието на Република Македонија,
остварена од 13 до 16 јуни 2005 година 2005 година

Скопје, јули 2005 година

Во официјална посета на Република Македонија од 13 до 16 јуни 2005 година престојуваше делегација на Интерпарламентарната група на Хрватскиот сабор за соработка со Собранието на Република Македонија во состав: г. Силвано Хреља, претседател на Интерпарламентарната група (пратеник од Хрватската партија на пензионери), членовите на Групата г. Мирослав Кореника и г-ѓа Бисерка Перман (пратеници од Социјал-демократската партија), во придружба на г. Игор Кошутиќ, секретар на Групата.

Во постојана придружба на делегацијата за време на нивниот престој во Република Македонија беа Д-р Мите Николов, претседател на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Хрватска, Н.Е. г. Александар Милошевиќ, Амбасадор на Република Хрватска во Република Македонија, г. Веселин Пејиновиќ, политички советник во Амбасадата, г-ѓа Ана Качакова, секретар на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Хрватска, преведувач и г-ѓа Мица Велкова од Отсекот за протоколарни работи. За време на престојот во Охрид, Вевчани и Битола на Делегацијата се придружија и пратеникот г. Јанаќе Витановски, член на Пратеничката група и г-ца Марија Стефанова, советник за билатерална соработка (во замена на г-ѓа Ана Качакова).

* * * * *

Во рамките на Програмата, Делегацијата ги оствари следните средби во Собранието на Република Македонија: со претседателот и членовите на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Хрватска, со координаторите на пратеничките групи, со претседателот и членовите на Законодавно-правната комисија, со претседателот и членовите на Комисијата за труд и социјална политика, а за време на работниот ручек се сретнаа и со г-ѓа Каролина Ристова, претседател на Комисијата за европски прашања и г. Јусуф Арифи, заменик-претседател на Комисијата за надворешна политика. Делегацијата во рамките на Програмата оствари средби и со: г. Стевчо Јакимовски, министер за труд и социјална политика. и со г. Фуад Хасановиќ, заменик-министер за надворешни работи на Република Македонија и со

Во текот на престојот во Република Македонија, членовите на Делегацијата ги посетија Охрид, Вевчани и Битола, при што во Охрид д-р Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија приреди работна вечера за делегацијата.

Во Охрид и Вевчани Делегацијата оствари средби со г. Владо Чинго, претседател на Советот и со советниците на Општината Охрид, г. Васил Радиноски, градоначалник на општина Вевчани, а во Битола г. Слободан Најдоски, потпретседател на Собранието на Република Македонија приреди работна вечера. Делегацијата ги посети и разгледа културно-историските споменици во Охрид.

* * * * *

Целта на посетата на Делегацијата на Интерпарламентарната група на Хрватскиот сабор за соработка со Собранието на Република Македонија, покрај воспоставување на поблиски билатерални односи на парламентарно ниво, беше размена на искуства од парламентарното работење, особено во областа на уставното уредување на односите на заедниците во Република Македонија и за улогата на Собранието на Република Македонија, како и за надлежностите на Собранието и неговите работни тела во постапката на донесување на закони од сферата на

трудовата и социјалната политика, во процесот на евро-интеграцијата на земјата и особено во областа на усогласувањето на националното со европското законодавство.

* * * * *

Средбата со ***Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Хрватска*** ја водеше пратеникот Д-р Мите Николов, претседател на Пратеничката група, а присуствуваа пратениците: г. Јанаќе Витановски, г. Ефтим Манев и г. Ејуп Рустеми, членови на Пратеничката група.

На почетокот на средбата, Д-р Николов изрази особено задоволство што се реализира прва официјална посета на Делегација на Интерпарламентарната група на Хрватскиот сабор за соработка со Собранието на Република Македонија, за разлика од интензивните средби што се остваруваат на владино и претседателско ниво. Тоа претставува значаен импулс за натамошна плодна и интензивна соработка меѓу парламентите на двете пријателски земји. Беше искажано задоволство од одличните односи што се оставруваат и негуваат на сите нивоа, а особено што досега се потпишани преку 25 меѓудржавни договори со кои се уредуваат повеќе области на општествениот, економскиот и културниот живот меѓу двете држави.

Делегацијата беше запознаена со структурата и тековните активности на Собранието на Република Македонија, како и за претстојните активности сврзани со финализирањето на реализацијата на Рамковниот договор. Исто така, беа разменети меѓусебните искуства од парламентарното работење, начините и постапките на донесувањето на законите, работата на комисиите, при што и од двете страни беше констатирано дека се´ уште приматот во предлагањето на законите го има Владата на сметка на пратениците. Се укажа на потребата од што поголема офанзивност на пратениците во остварувањето на нивната оригинерна уставна надлежност-предлагање и донесување на закони.

Членовите на Пратеничката група изразија посебни честитки што Република Хрватска наскоро ќе се стекне со статус на земја-кандидат за членка на ЕУ, при што изразија надеж дека и Република Македонија наскоро ќе се придружи на Република Хрватска во процесот на стекнувањето на тој статус.

На средбата беа разменети мислења и согледувања за идната меѓупарламентарна соработка, особено на ниво на пратеничките групи за соработка и се изразија уверувања дека меѓупарламентарната соработка ќе ја следи меѓувладината соработка со исто темпо и динамика.

* * * * *

Во зависност од надлежноста на соговорниците по одредени прашања, беа елаборирани и следните области:

Билатерални односи и позиции во меѓународната политика

На средбите со координаторите на пратеничките групи[74] беа констатирани извонредните и неоптоварени односи што постојат меѓу Република Македонија и Република Хрватска. Особен акцент беше ставен на промовирањето на парламентарната демократија како модус на спонтано надминување на одредени

[74] На средбата присуствуваа:г-ѓа Цветанка Иванова, како претставник на координаторот на ПГ на СДСМ, г. Рафис Алити, координатор на ПГ на ДУИ, г. Чедомир Краљевски, координатор на ПГ на ВМРО-НП, г. Стојан Андов, координатор на ПГ на ЛП и г. Марјан Ѓорчев, координатор на ПГ на независни пратеници.

заеднички проблеми, преку давање на поддршка во однос на активностите во мултилатералните и регионалните меѓународни организации. Во таа насока, беше искажана благодарноста за поддршката што Република Хрватска ја дава на Република Македонија во нејзините напори да стане полноправна членка на ЦЕФТА[75]. Исто така, во однос на обврските од Јадранската повелба[76], делегацијата беше запознаена дека од јуни о.г. Република Македонија е координатор на активностите и за таа цел Владата на Република Македонија има подготвено амбициозен Акционен план.

Област на евро-интеграции на двете држави

Македонските соговорници информираа дека на планот на европската и евро-атлантската интеграција на Република Македонија постои широк консензус меѓу сите политички партии и дека Владата на Република Македонија презема сериозни чекори во остварувањето на таа цел. Исто така, Собранието на Република Македонија преку Комисијата за европски прашања и Комисијата за надворешна политика е во координација со Владата во однос на преземањето на политички активности за реализација на овие стратешки цели. Во таа насока, беше посочено дека Република Македонија се надева дека наесен ќе добие позитивен одговор на Прашалникот и дека ќе се стекне со статус на земја-кандидат за членка на ЕУ.

Делегацијата информираше дека во Република Хрватска меѓу политичките партии исто така постои широк консензус во однос на евро-интеграцијата на земјата. Предност во однос на Република Македонија е што во Владата на Република Хрватска постои посебно Министерство за евроинтеграции, при што активностите што се преземаат на овој план, се комплетно искоординирани на сите државни нивоа. Заради олеснување на реализацијата на сите овие активности, Хрватскиот сабор го промени Деловникот за работа и внесе посебен член во делот кој се уредува постапката за донесување на закони. Со таа измена, сите закони кои се однесуваат на усогласување на домашното со европското законодавство се донесуваат по итна постапка.

Законодавни и владини активности во областа на трудовата и социјалната политика на двете држави

Овие прашања беа посебно елаборирани на средбата со г. Стевчо Јакимовски, министер за труд и социјална политика и со членовите на Комисијата за труд и социјална политика[77].

Министерот Јакимовски ги информираше гостите за владината политика во оваа област, за реформите што се предвидуваат во сферата на работните односи и во сферата на пензискиот систем. Укажа дека во прва фаза е усвоен Предлогот за донесување на нов Закон за работни односи, кој од страна на Светската банка и ММФ беше оценет како закон кој содржи добри и балансирани решенија во заштитата на работничките права и слободи. Усогласувањето на решенијата се одвиваше и во соработка со претставници на синдикатот, а заради запознавање на пошироката јавност со текстот на предлогот на законот, се одржуваат трибини низ целата држава. Се очекува на една од наредните седници на Собранието на Република Македонија предлогот на законот да се најде на расправа пред пратениците.

[75] Централно европски договор за слободна трговија.

[76] Потпишана на 3 мај 2001 година во Тирана, Република Албанија од САД, од една страна и Република Хрватска, Република Македонија и Република Албанија, од друга страна.

[77] Со средбата претседаваше членот на Комисијата г. Блаже Стојаноски, а присуствуваа следниве членови на Комисијата: г. Благоја Гешоски, г. Ристе Бислимовски и г-ѓа Марија Кој зеклиска, како и советникот на Комисијата г-ѓа Василка Илиевска.

Во однос на реформите во пензискиот систем, министерот информираше дека главен консултант на Владата во овој проект е Светската банка. Со реформата се предвидува воведување на втор приватен пензиски столб, при што како банки преку кои ќе се одвиваат трансакциите се избрани Комерцијална банка и Тутунска банка, и двете од Скопје. Со приватниот столб, во кој ќе се слева 7.4% од придонесот за пензиско осигурување, задолжително ќе бидат опфатени сите нови вработени лица.

Министерот ја запозна делегацијата и со останатите тековни активности на Министерството во ресорната област, при што беа разменети и искуствата од Република Хрватска на овој план.

Законодавни и владини активности во внатрешната политика на Република Македонија

Делегацијата на повеќето одделни средби во Собранието на Република Македонија, како и на средбата со г. Фуад Хасановиќ, заменик-министер за надворешни работи на Република Македонија, беше запознаена со програмските определби на Владата во насока на стабилизација на земјата, спречувањето на корупцијата и организираниот криминал, намалување на стапката на невработеноста, реформите во судството и јавната администрација, имплементацијата на Рамковниот договор - каде се постигнати значајни резултати и е донесен поголемиот дел од законите кои произлегуваат како обврска според Рамковниот договор. Беше истакнато дека претстои донесување на уште два клучни закона - Законот за употреба на јазиците на зедниците и Законот за употреба на симболите на заедниците во Република Македонија.

На средбата со г. Хасановиќ, делегацијата укажа на потребата за поинтензивна билатерална културна соработка, особено поради поврзаноста на двете држави во одредени цивилизациски културни придобивки (Зборникот на браќата Миладиновци, и сл.). Притоа, гостите укажаа дека Владата на Република Хрватска од државниот буџет издвојува 70 илјади евра годишно за културните потреби на македонската заедница во Хрватска. Господинот Хасановиќ ја искажа благодарноста и почитта кон овој потег на Хрватската влада и воедно информираше дека Владата на Република Македонија, за жал, се´ уште нема утврдено политика кон заедниците на странските малцинства во однос на финансирањето на потребите сврзани со изразувањето на културниот идентитет. Изрази спремност Владата, односно Министерството за надворешни работи, да ја разгледа можноста за финансирање на културните потреби на хрватската заедница во Република Македонија (која брои околу 2.500 лица), во соработка со Амбасадата на Република Хрватска во Република Македонија.

На средбата со претседателот и членовите на Законодавно-правната комисија[78] делегацијата беше запознаена со улогата, надлежноста, функциите и деловничкиот мандат на комисијата. Делегацијата беше запознаена со постапката за донесување на законите, постапката за поднесување на амандмани, начинот на расправа во комисијата, координација со Владата во однос на предлагањето на законите. Беше укажано дека како една од надлежностите на оваа Комисија е и оценувањето на усогласеноста на актите и законите со европското законодавтсво, но поради недостиг од човечки ресурси на ниво на службата, Комисијата се´ уште нема отпочнато со работа по ова прашање.

* * * * *

На одделни средби и во неформални разговори, беше дискутирано и за прашањето на застапеност на жените во општествениот и политичкиот живот во

[78] Средбата ја водеше г-ѓа Цветанка Иванова, претседател на Комисијата, а присуствуваа членовите на Комисијата: г. Јанаќе Витановски, г. Зоран Томиќ, г. Борис Кондарко, г. Ефтим Манев, г. Чедомир Краљевски, г. Исни Шаќири, г. Нелко Стојановски и г-ѓа Ристана Лалчевска, како и советникот на Комисијата г-ѓа Марија Алексовска.

Република Македонија. Притоа, делегацијата беше запознаена дека од вкупниот број на 120 пратеници 25 се припаднички од женскиот пол, што досега претставува највисока процентуална застапеност на жените-пратеници. Делегацијата беше информирана и за законската регулатива која овозможи висок процент на застапеност на жените во политичкиот живот во Република Македонија, при што им беше укажано дека се направени круцијални чекори во измена на законите кои уредуваа одредени категории поврзани со жените, како што се: воведувањето на семејното насилство како инкриминирано дело во Кривичниот закон на Република Македонија, воведување на квоти за жените на листите за парламентарните и локалните избори, одредени позитивни новини во сферата на работното законодавтсво и сл. Со сите овие активности значително се подобри местото, позицијата и улогата на жените во политичкиот живот во Република Македонија. Претстои донесување на Законот за еднакви можности на жените и мажите, со што ќе се регулираат односите на жените и мажите како од родов, така и од социјален аспект, односно за позитивната дискриминација на жените. Со донесувањето на овој закон, Република Македонија ќе се приближи кон Европа во процесот на усогласување на македонското со европското законодавство.

* * * * *

Во рамките на престојот во Република Македонија, македонските соговорници од страна на г. Мирослав Кореника (кој инаку е пратеник од градот Вараждин), беа запознани со иницијативата на градоначалникот на Вараждин за обновување на статусот на збратимени градови Вараждин-Куманово, што постоеше во бившата Југословенска федерација. Оваа иницијатива, на одделна неформална средба, беше пренесена на пратениците од Куманово г. Иван Анастасовски и г. Чедомир Краљевски. Пратениците срдечно се заблагодарија за оваа иницијатива и се заложија дека за ова ќе го запознаат градоначалникот на Куманово, како би следела натамошна реализација на иницијативата.

На средбата со претседателот на Советот на градот Охрид г. Владо Чинго и членовите на Советот, делегацијата беше информирана за работата на Советот по неодамна спроведените локални избори, како и за ингеренциите на Советот и за одредени сегменти од процесот на децентрализацијата. Беше истакната и соработката на Охрид и Винковци како збратимени градови и на соработката на Охрид со Трогир, за што се изразија уверувања дека таа и натаму ќе продолжи.

Исто така, во неформален разговор во текот на престојот, беше посочено на можноста за иницирање на збратимување на градивите Неготино-Јастребарско, како клучни градови во најголемите винарски региони во двете држави.

Заклучни согледувања

Првата официјална посета на Република Македонија на Делегацијата на Интерпарламентарната група на Хрватскиот сабор за соработка со Собранието на Република Македонија може да се оцени како мошне успешна и корисна од аспект на размена на искуства, мислења и ставови во врска со актуелните односи меѓу двете земји. Посебен акцент беше ставен на заинтересираноста на оваа делегација да ги сподели искуствата од парламентарното работење во доменот на донесување на законите, реформите во трудовата и социјалната област, како и за улогата на парламентите во евро-интегративните процеси на двете земји.

Преку ваков вид на посети и средби, генерално уште еднаш се потврдува потребата од размена на искуства во областа на парламентарната практика. Од друга страна, натамошното промовирање на парламентарната дипломатија, се´ повеќе добива во свое значење како можност за збогатување и унапредување на билатералните односи меѓу двете држави во однос на мултилатералните и регионалните меѓународни организации.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Билатерална соработка

Б Е Л Е Ш К А

од средбата на г. Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија со Н.Е. г. Едуард Кукан, министер за надворешни работи на Словачката Република,
одржана на 17 октомври 2005 година

Скопје, октомври 2005 година

Во рамките на официјалната посета на Република Македонија, остварена на 16 и 17 октомври 2005 година, Н.Е. г. Едуард Кукан, министер за надворешни работи на Словачката Република беше примен од г. Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

На средбата присуствуваа: Н.Е. г. Игор Фурдик, амбасадор на Словачката Република во Република Македонија, г. Петер Кмец, шеф на Кабинетот на министерот за надворешни работи, г. Штефан Розкопал, директор на дирекцијата за Југоисточна Европа во Министерството за надворешни работи на Словачката Република, г. Роман Хлобен, трет секретар во Амбасадата на Словачката Република, г. Милан Спиродоновски, раководител на Сектор во Министерството за надворешни работи на Република Македонија, г. Реџеп Прекопуца, раководител на Одделение во Секторот за документација, библиотека и информатика на Собранието на Република Македонија и г-ѓа Билјана Огненовска, советник во Секторот за меѓународна соработка на Собранието.

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија г. Слободан Најдовски на министерот г. Едуард Кукан му посака добредојде во Македонскиот парламент и изрази благодарност за поддршката што Словачката Република во континуитет & ја дава на Република Македонија. Тој информираше за составот на Собранието на Република Македонија, при што подвлече дека ова е последна година на овој состав на Собранието, со оглед на тоа дека наредната година треба да се одржат парламентарни избори. Подвлекувајќи дека почетокот на мандатот се совпадна со постконфликтниот период, г. Најдовски истакна дека овој парламентарен состав се фокусираше на две главни цели: исполнувањето на обврските од Рамковниот договор и усогласувањето на нашето законодавство со законодавството на Европската унија.

Господинот Слободан Најдовски посочи дека Собранието на Република Македонија ги преточи во законски одредби сите обврски кои произлегоа од Охридскиот рамковен договор. Тој особено се осврна на законите за територијална организација и за употреба на знамињата на заедниците, за кои во Собранието се водеше обемна расправа. Во врска со усогласувањето на законодавството со она на Европската унија, г. Најдовски подвлече дека во Собранието е формирана Комисија за европски прашања, во чии надлежности е вклучено разгледување на прашања за усогласеноста на предлозите за донесување закони, односно предлозите на закони со законодавството на ЕУ, како и следењето и поттикнувањето на процесот на усогласување.

Потпретседателот Најдовски се осврна и на амандманите на Уставот за реформи во судството, кои се во завршна фаза. Со оглед дека е завршена јавната расправа по овие аманднани, се очекува Владата на Република Македонија амандманите да ги достави до Собранието.

Подвлекувајќи дека нивото на досегашната соработка и политичките односи меѓу Република Македонија и Словачката Република е гаранција за развивање на добра соработка меѓу двата парламенти, потпретседателот г. Најдовски информираше дека во Собранието на Република Македонија е формирана Пратеничката група за соработка со парламентот на Словачката Република. Тој укажа дека претседателката на Групата г-ѓа Цветанка Гашовска упатила писмо за иницирање на парламентарна соработка до Националниот совет на Словачката Република. Нагласувајќи дека Република Македонија очекува да добие позитивен одговор на кандидатурата за членство во ЕУ, тој оцени дека размената на мислења и искуства со Словачкиот парламент на овој план би била од голема важност за Собранието на Република Македонија.

Министерот за надворешни работи на Словачката Република г. Едуард Кукан се заблагодари за приемот и за информирањето за активностите на Собранието на Република Македонија и нагласи дека Република Македонија за прв пат ја посетил пред точно пет години во својство на специјален пратеник на Генералниот секретар на ООН за Балканот. Тој изрази задоволство што во Собранието на Република Македонија е формирана група за соработка со Парламентот на Словачката Република, за која оцени дека може да придонесе кон развивањето на соработката меѓу двата парламенти. Тој од името на претседателот на Националниот совет на Словачката Република г. Павол Хрушовски ја пренесе поканата упатена до претседателот на

Собранието на Република Македонија д-р Љупчо Јордановски, за официјална посета на Словачката Република.

Господинот Едуард Кукан подвлече дека високо ги цени активностите на Република Македонија за имплементација на Охридскиот рамковен договор, за што постои позитивно мислење во меѓународната заедница. Истовремено, тој истакна дека Словачка активно ја поддржува Република Македонија во аспирациите да стане членка на ЕУ и НАТО и цени дека земјата е фактор на стабилност во регионот. Во врска со мислењето на Европската комисија што се очекува на 9 ноември, тој нагласи дека документот ќе биде балансиран, односно ќе содржи и пофалби и критики. Сепак, изрази очекување дека на состанокот на Европскиот совет што ќе се одржи во декември, ќе биде усвоено позитивно мислење за Република Македонија.

Министерот г. Кукан истакна дека Словачката Република е подготвена да ги сподели своите искуства за влез во Европската унија, при што оцени дека од особена важност е да се воспостави добра соработка меѓу двата парламенти, а особено меѓу комисиите за надворешни работи и за европски прашања. Тој подвлече дека на вечерата со претседателот и членовите на Комисијата за надворешни работи имал можност да разговара со пратеници од опозицијата, изразувајќи задоволство што и тие ја поддржуваат Владата во напорите за членство во ЕУ и НАТО. Тој посочи дека во периодот што претстои Македонскиот парламент го очекува обемна работа за усогласување на законодавството со европското законодавство, напоменувајќи дека Словачкиот парламент во претпристапниот период работел прекувремено, дури и во сабота и недела.

Министерот за надворешни работи на Словачка изрази интерес за ставовите во врска со идниот статус на Косово. Напоменувајќи дека следната година Словачката Република ќе биде член на Советот за безбедност на Обединетите нации, тој укажа дека има потреба од релевантни информации, со оглед на тоа дека решението на ова прашање го засега целиот регион.

Потпретседателот на Собранието на Република Македонија нагласи дека за Република Македонија е многу важно да се стабилизира и унапреди состојбата на Косово, подвлекувајќи дека с# уште не е завршена демаркацијата на границата со Косово. Тој истакна дека Македонија е заинтересирана за мирно решавање на конечниот статус на Косово и ќе го поддржи секое решение до кое преку преговори ќе дојдат Белград и Приштина, со активно учество на меѓународната заедница. Република Македонија не може директно да биде инволвирана во решавањето на овој проблем, но може да даде свој позитивен придонес. Потпретседателот Најдовски оцени дека примерот на мултиетничко живеење во Република Македонија може да се примени и на Косово, иако состојбата не е идентична. Тој истакна дека е многу важно меѓународната заедница да им застане на патот на радикалните струи на двете инволвирани страни, како и да се нагласи потребата за неменување на границите и интеграција на целиот регион во Европската унија.

Министерот за надворешни работи на Словачката Република оцени дека ќе биде исклучително тешко да се стигне до решението за финалниот статус на Косово, односно да се постигне компромис што ќе биде релативно прифатлив за сите страни. Дополнително отежнувачка околност, според г. Кукан, е што во исто време кога ќе се одлучува за иднината на Косово, најверојатно ќе треба да се решава и за статусот на Црна Гора. Тој истакна дека за ова прашање се разговара и во рамките на ЕУ, каде што е сосема јасно каков не треба да биде резултатот од разговорите (не треба да се подели Косово, не треба да се припои кон Албанија и сл.), но се уште нема предлог за прифатливо решение.

На крајот од разговорите, потпретседателот на Собранието на Република Македонија г. Слободан Најдовски, се заблагодари за поканата за посета на Словачката Република упатена до претседателот на Собранието и нагласи дека истата ќе му ја пренесе на претседателот д-р Љупчо Јордановски.

Билатерална соработка

ИНФОРМАЦИЈА

од посетата на Република Македонија на Делегацијата на Народниот конгрес на провинцијата Сичуан, Народна Република Кина, остварена од 23 до 26 октомври 2005 година

Скопје, ноември 2005 година

Од 23 до 26 октомври 2005 година во официјална посета на Република Македонија, престојуваше Делегацијата на Народниот конгрес на провинцијата Сичуан, Народна Република Кина. Делегацијата ја сочинуваа: г. Шу Шичун, потпретседател на постојаниот комитет на Народниот конгрес на провинцијата Сичуан, г. Јао Ханмин, член на постојаниот комитет на Народниот конгрес на провинцијата, г. Хе Пинг, заменик на раководителот на секторот за надворешни работи при Народната влада на провинцијата, г. Џанг Чинггуеи, раководител на Одделението за услуги на странски установи на провинцијата Сичуан и г. Ху Шиаофеј, преведувач на Секторот за надворешни работи при Народната влада на провинцијата Сичуан.

Во постојана придружба за време на посетата беше г. Џанг Вангсуе, амбасадорот на Народна Република Кина во Република Македонија, г. Каме Петров, претседател на Пратеничката група за соработка на Собранието на Република Македонија со Парламентот на Народна Република Кина, г-ца Марија Стефанова, советник за билатерална соработка во Секторот за меѓународна соработка и претставник на протоколот на Собранието на Република Македонија.

Во текот на посетата во Собранието на Република Македонија, работен ручек за гостите приреди г. Каме Петров, на која присуствуваа и членови на пратеничката група, а работна вечера приреди г. Гзим Острени, потпретседател на Собранието на Република Македонија, на која присуствуваа координаторите на пратеничките групи во Собранието на Република Македонија.

* * * * *

1. ***Првата средба Делегацијата на Народниот конгрес на провинацијата Сичуан ја оствари со г. Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.*** (Посебна белешка од оваа средба ќе биде подготвена дополнително од Кабинетот на Претседателот на Собранието на Република Македонија).

2. Делегацијата се сретна и со Пратеничката група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Народна Република Кина **на која присуствуваа г. Каме Петров, претседател на групата, г-ѓа Каролина Ристова Астеруд, г-ѓа Соња Лепиткова, г. Аднан Ќахил и г. Ѓорѓе Паљошковски, членови на групата.**

На почетокот г. Каме Петров изрази задоволство поради реализација на средбата и даде осврт на актуелната политичка состојба и составот на Парламентот. Ја поздрави соработката меѓу владите на двете држави и потсети на посетите на двајцата поранешни претседатели на Република Македонија на Народна Република Кина. Тој истакна дека Република Македонија особено ја цени поддршката што Народна Република Кина & ја дава за употребата на уставното име и се заблагодари за помошта од НР Кина за обнова на економијата по конфликтот од 2001 година со грант од 50 милиони јуани.

Република Македонија има силен интерес за зголемување на економската соработка, трансфер на технологија и заеднички настап на трети пазари. Беше потврдена и подршката за политиката на ведна Кинаг во однос на прашањето со Тајван.

Гостите ја поздравија подготвеноста за соработка со Народна Република Кина и со провинцијата Сичуан и предложија да назначат група за зајакнување на соработката. Провинцијата Сичуан е позната по изградба на хидроцентрали и делови за хидроцентрали и во овој дел Делегацијата изрази интерес за соработка со Република Македонија. Можности и потенцијали за соработка постојат и на полето на науката Ѣ Сичуан има 74 универзитети и на полето на културата и туризмот.

Од наша страна беше истакнато дека иако приоритетите на земјата се членството во ЕУ и НАТО, Република Македонија е заинтересирана за соработка со Народна Република Кина и тоа не само на билатерално ниво туку и во меѓународни организации. Парламентите на двете држави во иднина би требало да работат на уредување на договорните односи и ратификација на билатералните договори.

Амбасадорот на Народна Република Кина во Република Македонија, Н.Е. Џанг Вангксуе рече дека сите иницијативи за соработка имаат поддршка од Централниот комитет на НР Кина. Тој подвлече дека НР Кина ја признава Република Македонија како историски факт, ја смета за рамноправен партнер, ја признава под нејзиното уставно име и ја поддржува во сите меѓународни организации.

Средбата заврши со искрена желба од двете страни за продлабочување на соработката.

3. Делагацијата оствари средба и со г. ***Фуад Хасановиќ, заменик на министерот за надворешни работи на Република Македонија***

Господинот Хасановиќ истакна дека односите со Народна Република Кина ги каратеризираат висок степен на пријателство и взаемна соработка и дека тие континуирано се унапредуваат. Оваа посета г. Хасановиќ ја оцени како продолжување на средбите меѓу претставниците на двете земји од највисоко ниво до техничко ниво, и потсети на средбата на претседателите Црвенковски и Ху Џинтао на Самитот на ОН во Њујорк, и на средбата на министрите за надворешни работи оваа година. Тој ја реафирмираше политиката на ведна Кинаг и поддршката на Република Македонија за мирно интегрирање на НР Кина со кинеските територии. Основна задача во иднина треба да биде зголемување на економската соработка и трговската размена кои ни од близу не ги задоволуваат капацитетите на двете држави. На полето на енергетиката, Република Македонија е свесна за капацитетите на кинеските компании и во таа насока г. Хасановиќ истакна дека кинеските компании треба да се поттикнат да учествуваат на тендерите за изградба на хидроцентралите Матка 2 и Црвена Могила кај Штип. Тој, исто така на кинеската страна & изрази благодарност за техничката помош за Република Македонија а во името на МНР се заблагодари за помошта од 500.000 УСД од кинеското МНР за опрема на нашето министерство. На крајот го изрази задоволството од извонредната соработка со Амбасадата на Народна Република Кина во Република Македонија.

Господинот Шу нагласи дека зајакнувањето на регионалната соработка е од меѓусебен интерес на двете држави. Тој информираше дека провинцијата Сичуан традиционално била ориентирана кон земјоделството но сега с# повеќе се ориентира кон индустријата. Компанијата Еаст Елецтрицитs Гроуп од Сичуан е најголемиот производител на опрема за хидроцентрали. Провинцијата е исто така колевка на традиционалната кинеска медицина, акупунтура и масажа.

На крајот потпретседателот на постојаниот комитет на Народниот конгрес на провинцијата Сичуан изрази благодарност на Република Македонија за поддршката на политиката на ведна Кинаг.

4. На ***средбата со координаторите на пратеничките групи во Собранието на Република Македонија*** присуствуваа: ***г-ѓа Цветанка Ивановска,*** заменик на координаторот на Пратеничката група на СДСМ, ***г. Чедомир Краљевски,*** координатор на Пратеничката група на ВМРО- народна партија, ***г-ѓа Роза Топузова Каревска***, заменик на координаторот на Пратеничката група на ЛДП, ***г. Зоран Кртстевски***, заменик на координаторот на Пратеничката група на ЛП и ***г. Марјан Ѓорчев***, координатор на Пратеничката група на Земјоделската народна партија на Македонија.

На почетокот координаторите ги запознаа гостите со составот на Собранието и информираа за приоритеите на Република Македонија во наредниот период. Од наша страна беше оценето дека дипломатските односи меѓу двете држави се одлични и дека економските односи, иако бележат нагорна линија, би можеле да се зајакнат, со оглед на тоа што Република Македонија има капацитети и економски ресурси интересни за кинескиот капитал. Исто така, беше нагласено дека во однос на спорот со името Република Македонија смета на кинеската поддршка во ОН каде што се решава ова прашање. Македонската страна изрази верба во пријателството и недвосмислената поддршка на принципот на ведна Кинаг. Понатаму беше спомнато дека провинцијата Сичуан како една поразвиените провинциии во НР Кина е збратимена со Република Словенија и беше побарано од гостите тоа искуство да се пренесе во РМ. Исто така, беше нагласено дека би било корисно да се пренесат искуствата на НР Кина во областа

на земјоделството и прехранбената индустрија, бидејќи НР Кина докажа дека со тоа може да се направи исчекор во економскиот развој. Други области во кои постојат можности за соработка : хидроенергетиката, производството на храна, фармацевтската индустрија, производството на пијалаци, образованието и науката.

Гостите изразија благодарност за пријателските чувства на Република Македонија кон Народна Република Кина. НР Кина во Република Македонија гледа како на искрен и рамноправен пријател. На крајот беше нагласено дека Народна Република Кина ја призна Република Македонија под уставното име пред 13 години и таа принципелна позиција нема да се промени во иднина.

5. Делегацијата оствари средба со ***г. Ризван Сулејмани, министер за локална самоуправа на Република Македонија.***

На почетокот министерот Сулејмани ги запозна гостите со процесот на трансфер на власта од централно на локално ниво. Беа објаснети надлежностите кои се пренесени од централно на локално ниво. Гостите се интересираа за даноците и министерот ги информираше за главните карактерискики на законот за фискална децентрализација. Тој понатаму упати на четрите закони, Законот за локална самоуправа, Законот за Скопје, Законот за територијална поделаба и Законот за фискална децентрализација, со кои се уредуваат прашањата на локалната самоуправа.

Министерот, исто така информираше дека според законот, е можна соработка меѓу општините, но и соработка меѓу општини во други држави. За таа цел потребно е да се потпише Меморандум за соработка меѓу општините.

Гостите изразија надеж дека ќе се искористат можностите за развој на соработката меѓу Република Македонија и провинцијата Сичуан.

* * * * *

Посетата на Република Македонија на Делегацијата на Народниот конгрес на провинцијата Сичуан може да се оцени како успешна и плодотворна. На средбите беа покренати многу прашања од заеднички интерес и беа разменети мислења за меѓусебната соработка и можностите за продлабочување на економската соработка меѓу Република Македонија и Народна Република Кина. Оваа посета даде поттик за натамошно развивање на заемното пријателство, почитување и соработка меѓу двете држави.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Европски центар за парламентарни истражувања и документација

ИЗВЕШТАЈ

од семинарот "Технички прашања што произлегуваат од односите меѓу Европскиот парламент и националните парламенти на земјите членки на Европската унија", одржан на 27 и 28 октомври 2005 година во Мадрид, Шпанија

Скопје, ноември 2005 година

Европскиот центар за парламентарно истражување и документација (ЕЦПРД), во соработка со Долниот дом на Парламентот на Шпанија (Конгресот на пратеници), одржа семинар на тема: "Технички прашања што произлегуваат од односите меѓу Европскиот парламент и националните парламенти на земјите членки на Европската унија". Семинарот се одржа на 27 и 28 октомври во Долниот дом на Парламентот на Шпанија во Мадрид, а на него учествуваа 52 претставника на службите од националните парламенти на 25 земји и од Европскиот парламент. Од Собранието на Република Македонија на семинарот учествуваа г. Фелек Касами, заменик на генералниот секретар на Собранието и г-ѓа Билјана Огненовска, советник за мултилатерална соработка во Секторот за меѓународна соработка.

Семинарот го отвори претседателот на Долниот дом на Парламентот на Шпанија г. Мануел Марин Гонзалес. Во своето излагање тој се осврна на состојбата во Унијата по неизгласувањето на Уставот за Европа на референдумите во Франција и Холандија. Тој се задржа на последиците за парламентите на земјите членки што произлегле од ваквиот развој на настаните, со оглед на тоа дека во Предлогот на уставот е вклучен протоколот за улогата на националните парламенти во Европската унија. Претседателот Гонзалес се осврна на своето долгогодишно искуство во соработката со Европската унија, истакнувајќи дека како член на Владата бил предводник на тимот што преговарал за членството на Шпанија во Европската унија, потоа 14 години бил Европски комесар и сега се наоѓа во сосема поинаква улога како претседател на Конгресот на пратениците.

На учесниците на семинарот им се обрати и генералниот секретар на Конгресот на пратениците, г. Мануел Алба Наваро. Тој се задржа на соработката на Долниот дом на Шпанскиот парламент со Европската унија, соработката со Владата во врска со европските прашања и улогата на Дирекцијата за истражување и документација на ова поле. Тој подвлече дека се очекува во најскоро време Конгресот на пратениците да назначи свој постојан претставник во Европскиот парламент.

Работата на семинарот се одвиваше во четири работни сесии:

- Разгледување на кризата во Европската унија и потребата за поголема вклученост на националните парламенти,
- Процедури за следење, евалуација и дифузија на европските иницијативи од страна на националните парламенти,
- Постојани претставници на националните парламенти во Европскиот парламент и
- Размена на парламентарни информации меѓу Европскиот парламент и националните парламенти.

Во рамките на **првата работна сесија** на учесниците им се обрати г. Максимилијано Бернар и Алварез де Еулате, професор по меѓународно јавно право и меѓународни односи на Универзитетот во Сарагоса, претседател и основач на Кралскиот институт за Европски студии, кој оцени дека ваквите иницијативи се многу корисни за комуникацијата меѓу парламентите. Според професорот, Европската унија се соочува со најголемата криза од своето постоење, затоа што за првпат во историјата е соочена со вето од две земји членки, Франција и Холандија, чии граѓани на референдум не го изгласаа европскиот устав. Според неговите процени, доколку продолжеа референдумите во другите земји членки, Унијата ќе беше соочена со шест или седум вета. Вината за ваквата состојба професорот Еулате ја гледа пред с# во Президиумот на Конвенцијата, чија работа била затворена за очите на јавноста, како и во нејзиниот претседател г. Жискар д´Естен. Тој оцени дека процесот, сепак не е мртов и дека постојат три решенија за излез од кризата. Првото решение би било да се повторат референдумите во Франција и Холандија. Со второто решение, земјите кои веќе го имаат ратификувано Уставниот договор би требало да најдат правно решение со кое не би се зеле предвид одбивањата на земјите што се изјасниле против Уставот. Третото

решение, според кои би биле одбрани и имплементирани само одредени аспекти од договорот, го посакуваат федералистите.

Во врска со улогата на националните парламенти, професорот Максимилијано Бернар и Алварез де Еулате истакна дека парламентите треба да обучат стручни тимови составени од службеници кои знаат како фунционира ЕУ, да формираат комисии за европски прашања и да испратат свој постојан претставник во Европскиот парламент.

Во дискусијата што следеше преовладуваа мислењата дека неуспехот на уставот на Европа се должи на недоволната инфирмораност на јавноста за содржината на проектот. Исто така, беше дадена оцена дека е погрешно избрано името на договорот, односно дека терминот "Уставен договор" придонесол да мораат да се организираат референдуми во одредени држави.

Модератор на **втората работна сесија** беше г. Мануел Делгадо-Ирибарен Гарсиа-Камперо, секретар на Мешовитата комисија за Евроска унија на Шпанскиот парламент. Речиси сите учесници во расправата изразија незадоволство од односите со Владата во врска со навременото доставување на европските иницијативи и информирањето за активностите поврзани со Европската унија. Дискутантите истакнаа дека тие најчесто се информираат преку постојаните претставници во Европскиот парламент, преку Интернет или преку лични контакти со службеници од Владата и Европската унија. Исклучок беше претставникот на Финска, која нагласи дека соработката со Владата е на задоволително ниво. Таа истакна дека Парламентот на Финска историски има многу значајна улога во финското општество и дека за преговорите во рамките на Европската унија министерот треба да добие мандат од Парламентот. Токму затоа Владата е многу ревносна во доставувањетото на сите потребни информации, бидејќи доколку пратениците не се навремено информирани, тие нема да му изгласаат мандат за преговори на министерот. Претставникот на Литванија информираше дека во неговата земја е формирана заедничка база на податоци за европски прашања ЛИНЕСИС, до која имаат пристап пратениците, Владата и службениците во Парламентот. Информациите што се достапни на оваа база на податоци ги подготвува Владата.

Во дискусиите беше разгледано и прашањето за евалуација и филтрирање на информациите, односно начинот на кој се селектира, кои од огромниот број на европски иницијативи треба да им бидат доставени на пратениците.

Со **третата работна сесија** раководеше г. Хозе Мануел Бретал Вазкез, раководител на Секторот за европски истражувања на Сенатот. Дискусијата беше фокусирана на улогата на постојаните претставници на националните парламенти во Европската унија, односно Европскиот парламент. Заклучно со 1 септември 2005 година, постојани претставници во Европската унија, со седиште во Европскиот парламент имале назначено 19 парламенти од земјите членки на Унијата. Земји кои се уште немаат назначено претставници се: Белгија, Кипар, Германија, Малта, Португалија и Шпанија. Претставникот на Германскиот парламент се очекува да пристигне во Европскиот парламент во наредните месеци, а во Шпанскиот парламент во тек е донесувањето на одлука за назначување на постојан претставник. Од земјите кандидати за членство, единствено Турскиот парламент доставил барање за назначување на постојан претставник и во тек е вообичената процедура во Европскиот парламент.

Одлуката за назначување на постојан претставник ја донесува самостојно секој национален парламент, при што претставникот е избран од Службата на парламентот. Секој постојан претставник работи според инструкциите на својот парламент и не е дел од администрацијата на Европскиот парламент. На претставниците на националните парламенти, Европскиот парламент им овозможува слободен пристап до просториите и им обезбедува материјална поддршка (опремена канцеларија и комуникациски пристап) за извршување на задачите.

Најголем број од постојаните претставници на националните парламенти ја извршуваат својата функција пред сите европски институции, односно се претставници за Европската унија или за европските институции. Единствено претставникот на

Словачкиот парламент е одгоровен исклучиво за Европскиот парламент. Грчкиот претставник е задолжен за Европскиот парламент, а доколку има потреба, и за другите институции. Најчесто претставниците се сместени во Европскиот парламент, а некои од нив имаат канцеларии и во амбасадите на нивните земји и во националниот парламент. Најголем број од претставниците ја извршуваат функцијата самостојно, а само мал број од нив имаат асистенти. Повеќето постојани претставници имаат дипломатски статус.

Постојаните претставници најчесто ги информираат националните парламенти преку извештаи (неделни или тематски), кои се дистрибуираат преку различни канали (е-маил, конференциска врска, посети и сл.). Карактеристично е што претставниците на поголемите земји се многу почесто присутни во националните парламенти (некои од нив патуваат еднаш неделно).

За извршувањето на своите функции, претставниците одржуваат бројни контакти: со службите на Европскиот парламент и другите европски иституции, со европратениците и пратениците од националните парламенти, со службениците во амбасадите, со лобисти или претставници на политички и социјални организации итн. Тие учествуваат на парламентарни форуми, средби и настани, како што се IPEX, COSAC и сл.

Претставниците од новите земји членки на ЕУ во своите дискусии истакнаа дека постојаните претставници биле од голема корист во периодот кога земјите имале статус на кандидат за членство во ЕУ, а особено во периодот кога пратениците од нациналните парламенти учествувале во работата на Европскиот парламент со статус на набљудувачи.

Од дискусиите можеше да се заклучи дека основната предност од присуството на постојаните претставници во Европскиот парламент, за националните парламенти претставува можноста за добивање на навремени информации "од прва рака" за тековните европски иницијави. Стандардните канали за дистирубуција на информации беа оценети како многу побавни, поформални и покомплексни. Поголемата брзина во добивањето и циркулирањето на информациите им овозможува на националните парламенти да играат поактивна улога во надзорот на владините активности, во моментот кога се предлагаат и дебатираат иницијативите на Европската комисија. Ова е особено важно кога е краток временскиот период меѓу презентирањето на иницијативата и нејзиното усвојување од страна на Советот. Во процесот на одлучување често пати е многу значајно и мислењето на другите национални парламенти, а постојаните претставници лесно ја добиваат потребната информација преку своите колеги, претставници на нациналните парламенти во Европскиот парламент.

Во рамките на **четвртата работна сесија** на учесниците им се обратија г-ѓа Мариа Роса Риполес Серано, Директор на Дирекцијата за истражување и документација на Конгресот на пратеници, г-ѓа Јозефа Фуентес Гарсија, г. Мигел Анхел Гонзало Рохас и г-ѓа Роса Грау Гуади, документаристи од Конгресот на пратеници и Сенатот на Шпанија. Во своите излагања тие се задржаа на размената на информации меѓу двата дома на Парламентот на Шпанија и Европскиот парламент. Беше даден осврт и на искуствата за електронска размена на информации за парламентарното работење на три нивоа: на ниво на Европската унија, на пошироко европско ниво и на глобално ниво. Во рамките на Европската унија електронска размена на парламентарни информации се врши преку Европскиот центар за парламентарно истражување и документација - ECPRD (http://www.ecprd.org) и проектот Истражувачка иницијатива на европските парламенти - EPRI (http://www.epri.org). На пошироко европско ниво, во рамките на Советот на Европа функционира паневропската програма за интерпарламентарна соработка и поддршка ДЕМОПАРЛ. На глобално ниво значајни се базите на податоци PARLINE (парламентите на мрежа) и ПАРЛИТ (парламентарна литература) на Интерпарламентарната унија - ИПУ (http://www.ipu.org), како и Меѓународната федерација на библиотечни асоцијации и институции-ИФЛА, чија што Секција за библиотеки и служби за истражување на парламентите (http://www.ifla.org/VII/s3/sparll.htm) содржи многу корисни информации за парламентите во светот.

* * * * *

Европскиот центар за парламентарно истражување и документација (ЕЦПРД) е формиран во 1977 година во Виена, Австрија на Конференцијата на претседателите на европските парламентарни собранија. Во него членуваат парламентите на 46 земји членки на Советот на Европа и три супранационални парламентарни собранија: Европскиот парламент, Парламентарното собрание на Советот на Европа и Собранието на Западноевропската унија. Основна цел на ЕЦПРД е да посредува во контактите и да ја олеснува размената на информациите меѓу службите на земјите членки. Секоја година ЕЦПРД организира околу 18 семинари на теми поврзани со парламентарното работење. Преку Центарот редовно се дистрибуираат прашалници за различни прашања од интерес на парламентите, како и добиените одговори на прашалниците од земјите членки. ЕЦПРд издава Годишен извештај за активностите и други ад-хок публикации на истражувачки студии.

Прилог 6

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПОЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ

ТЕРМИН	НАСТАН
29.03 - 29.04 2005	Прва средба на Мешовитиот парламентарен комитет на Република Македонија - Европска Унија
26.04 - 29.04 2005	Конференција на претседателите на секции на Парламентарното Собрание на Франкофонија - Регион Европа
09.05 - 13.05. 2005	Денови на Собранието
20.05.2005	Седница на Интерпарламентарната лоби група за лица со посебни потреби
06.06 - 07.06 2005	Конференција на пратеници од Југоисточна Европа, Парламентарна димензија за оснивање на Енергетска заедница во Југоисточна Европа
26.06 - 02.07 2005	Посета на Делегацијата на стручната служба на Конгресот на САД на Собранието на Република Македонија
27.07.2005	"Светско првенство во дебатирање", во организација на Младинскиот отворен форум
02.08.2005	Одбележување на 102-годишнина од Илинден
19.09 - 20.09 5005	Семинар на тема "Собранието на Република Македонија на патот кон Европска Унија преку искуствата на Република Словенија"
24.10.2005	Тркалезна маса за улогата на ООН во современиот свет и свечен прием по повод 60-годишнината од формирање на ООН во коорганизација со Канцеларијата на резидентниот координатор на ООН
	ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИ
08.12.2004	Доделување на наградата "Свети Климент Охридски"
21.12.2004	Доделување на наградата "Мито Хаџивасилев Јасмин"
04.05.2005	Доделување на наградата "Гоце Делчев"
11.10.2005	Доделување на наградата "11 Октомври"

ДЕНОВИ НА СОБРАНИЕТО

Од 9-13 мај 2005 година за првпат се организираше манифестацијата ДЕНОВИ НА СОБРАНИЕТО. Покрај основната цел, Собранието ширум да ги отвори вратите за граѓаните, во рамките на манифестацијата се одржаа и бројни активности преку кои сите присутни, а и целата македонска јавност (преку директните ТВ преноси) имаше можност подетално да се запознае со начинот на функционирање на законодавниот дом.

Отворање на манифестацијата – Претседателот на Собранието на Република Македонија, д-р Љупчо Јордановски пред свечениот влез на Собранието ја отвори манифестацијата со зборовите: "Нема да речам "Сезаме отвори се" бидејќи зад овие врати не се крие никакво богатство, но сепак ширум ги отвораме вратите и ги поканувам сите заинтересирани да го посетат Собранието. Повелете, ова е Ваш дом и вратите Ви се отворени".

➢ **9 мај - ден на Европа -** Во Кристална сала во Собранието се одржа меѓународна трибина на тема н*ашето големо ЗА УСТАВОТ НА ЕВРОПА: Македонија меѓу усвојувањето на Уставот и приемот во Унијата.*

Трибината ја отвори професорот Димитар Мирчев, претседател на Европското движење - Република Македонија, кој ги поздрави сите присутни граѓани и експерти, г. Донато Кијарини - шеф на делегацијата на Европската Комисија во Република Македонија и странските амбасадори и пратеници во Собранието на РМ.

Во воведното излагање г. Мирчев се осврна на патот за донесувањето на Уставот на Европа како и текот на неговото усвојување во земјите членки на Евопската унија. Изразувајќи надеж дека Уставот ќе биде усвоен и ќе почне да функционира, г. Мирчев истакна дека за нас, кои еден ден ќе гласаме за Уставот, е значајно да ги видиме, да ги запознаеме неговите механизми и правата на граѓаните кои произлегуваат од него и токму тоа е, како што рече, поентата на Европското движење за организирање на ваква дебата. Професорот Мирчев објасни дека со право се смета дека Уставот е историски документ, и покрај многуте други историски документи кои се однесуваат на Европската Унија, но со него за првпат се дава визија за една нова Европа, нов тип на држава-фередација која ќе биде фактор во современиот свет во 21 век. Според професорот Мирчев, не постои план Б во случај Уставот да не се усвои. Постапката е флексибилна и асиметрична и може повторно да се гласа, но текстот нема да се менува. Европскиот Устав предвидува нов тип на заедница на Европски држави кој се разликува од класичните федерации или конфедерации бидејќи, пред се, се однесува на граѓаните на Европа. Уставот ги дефинира основните односи меѓу законовданата, судската и извршната власт во таа нова држава, а ги утврдува и основните човекови и граѓански права. Професорот Мирчев изрази надеж дека и ние ќе вградиме дел од одредбите на Европскиот устав во нашиот Устав, а ова, според него, е само почеток на отворањето на дебатата на таа тема.

Со свое излагање продолжи г-ѓа Каролина Ристова Астеруд, претседател на Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија. Таа се осврна на одредени делови од Уставот на Европа, а изложи и видувања за импликациите кои одредени решенија ќе ги имаат врз Република Македонија. Г-ѓа Ристова-Астеруд истакна дека зајакнувањето на Европскиот парламент и повлијателната улога на националните парламенти ќе доведат до постоење на понезависни мислења кои нема нужно да ги следат ставовите на националните влади. Акцентот не треба да биде ставен на односите Влада-Комисија-Совет туку треба да се зајакне комуникацијата со националните парламенти, и пред се нивните Комисии за европски прашања и за надворешна политика. Менувањето на Деловникот на нашето Собрание и прилагодувањето на домашните парламентарни процедури треба да го следат духот на Европскиот устав, односно неговите протоколи кои се однесуваат на положбата и улогата на националните парламенти. Кога сето ова ќе се реализира, истакна г. Ристова-Астеруд, кога пратениците ќе ја сработат својата работа, кога Македонија ќе стане членка во Европската унија, ќе биде во групата на најмали држави по број на население и ќе има 6 пратеника во Европскиот парламент, што е минимумот според членот 120 од Уставот. Затоа, порача таа, сите треба да работиме напорно за

својата земја, па некои, при што појасни дека не мисли само на пратениците во Собранието на РМ, еден ден можеби ќе станат евро пратеници.

Свој воведен збор имаше и г. Донато Кијарини, шефот на Делегацијата на Европската Комисија во Република Македонија. Тој нагласи дека нема да зборува за Уставот туку за одредени аспекти поврзани за Уставот и за тоа какво е расположението во земјите членки. Амбасадорот Кијарини се осврна на состојбата во Европската унија во различни периоди и ги истакна сите недоразбирања и различни мислења во однос на проширувањето на Унијата, усвојувањето на Европскиот устав, (не)поддршката од другата страна на Атлантикот итн. На крајот, своето излагање го заврши со зборовите:

"Сметам дека немаме доволно интеграција, затоа сме разочарани во однос на тоа во каков вид на ЕУ ќе бидеме, а секако вие можете да придонесете кон дебатата. Еден ден секако сакам да ве видам како дел од Европскиот парламент, како г-ѓа Ристова и другите, се разбира, и да дадете свое одлично обележје на Европарламентот. Меѓутоа, во моментов, работите се доста комплексни и сложени и ќе видиме што ќе се случи."

Трибината продолжи со видувањата и коментарите на голем број експерти и пратеници, како и граѓани кои земаа учество со одредени коментари и прашања кои се однесуваа, меѓу другото, за потребата за поголемо информирање за европските прашања, за тоа зошто во Република Македонија не функционира правната држава, каква е иднината во однос на почитувањето на малцинските права во Европската унија, посебно за правата на Македонците во соседните земји и слично.

➢ **Шаховска симултанка** - Во соорганизација со Шаховската федерација на РМ, секретарот Иван Кочовски организираше симултанка помеѓу пратеникот Ванчо Стаменков и 20 пријавени учесници. По избор на г. Ванчо Стаменков беа наградени трите противници кои покажаа најдобра игра.

➢ **Студенти прашуваат пратеници** - Симулација на седница на пратенички прашања при што 120 студенти поставуваа прашања до пратениците, кои одговараа на нив, а седеа во делот на Салата предвиден за претставниците на Влада. Присутни беа 130 студенти, претставници од сите Универзитети во државата, а со седницата претседаваше потпретседателот на Собранието г. Слободан Најдовски. На почетокот на седницата беа утврдени правилата за работа: секој студент може да постави прашање во траење од 3 минути, а за исто толку време пратеникот да му одговори. Постоеше можност за дополнително прашање во рок од една минута. Први поставуваа прашања по еден претставник од секој Универзитет, а потоа по случаен избор - со влечење на бројчиња кои однапред беа поделени помеѓу студентите.

➢ Најголем број на прашањата беа од сферата на образованието и ученичкиот стандард, па најчесто одговараа членовите на Комисијата за образование, наука и спорт. Секако, имаше и прашања на други теми како: евроинтеграцијата, имплементација на рамковниот договор - дали ќе се спроведуваат законите или ќе останат само на хартија откако ке се се изгласаат во Собранието, какви се активностите на Претседателството на Собранието во смисол на поттикнување на пратениците да предлагаат закони итн.

➢ **Заедничка седница на Комисијата за образование, наука и спорт, Комисијата за европски прашања со средношколци** на темите: "Болоњска декларација" и "Образованието кај нас и Европа". Унијата на средношколците покани свои членови од сите краишта на Република Македонија кои имаа можност, во непосреден дијалог со пратениците, министерот за образование, наука и спорт и претставници на универзитетите во Република Македонија подетално да се запознаат со темите кои беа на дневен ред.

Во воведното излагање, двете претседателки на комисиите, г-ѓа Соња Лепиткова и г-ѓа Каролина Ристова Астеруд ги запознаа средношколците со надлежностите и активностите на комисиите поврзани со високообразовниот систем како и реформите кои што се спроведуваат во таа сфера. Министерот за образование, наука и спорт, г. Азис Положани се осврна на Болоњската декларација и историјатот и причините поради кои е таа донесена. При тоа, истакна дека динамичниот пазар на трудот наметнува потребата за побрзо оструччување и образување на кадри преку начин кој подржува трансфер систем, глобално признавање на дипломите, степенско академско постигнување итн.

За текот на процесот на реформирање на образовниот систем на универзитетите, на средношколците им се обратија ректорот на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, г. Ѓорѓи Мартиновски, деканот на Рударско-геолошкиот факултет г. Тодор Делипетров како и ректорот на Тетовскиот Универзитет г. Неџмедин Беадини и проректорот на Универзитетот Св. Климент Охридски од Битола, г. Добре Петровски.

Во вториот дел од седницата студентите поставуваа прашања кои беа поврзани со темите на дискусијата, а добија одговори и на одредени прашања вон темите. Дел од поставените прашања се однесуваа на проблемот со учебниците во средните училишта во Тетово, дали Болоњската декларација има за цел да го симне образованието на пониско ниво или да го уништи сегашниот систем, која е смислата од признавањето на

дипломата согласно Болоњската декларација кога таа не овозможува работење во странство, нострификацијата на дипломите итн.

На крајот од седницата, беше заклучено дека е потребно да се одржи тематска седница со расправа за проблемите на учениците од средното образование каде што ќе може подетално да се елаборираат одредени проблеми.

➢ **Контра-прес -** Средба помеѓу пратениците и новинарите, но во спротивни улоги - пратениците им поставуваа прашања на новинарите.

Најексплоатирани теми беа оние актуелните во зимско-пролетниот период: одземање на имунитетот на пратеникот Љубе Бошковски, извештајот на Fridom house според кој Македонија е рангирана на 110-то место во светот според слободата на печатот, платите на пратениците, веста за работата на црно на пратеникот Аднан Ќахил, изјавата на пратеникот Фазли Велиу за споменикот во Слупчане, итн. Многу се разговараше и на посуштински теми кои се однесуваа на слободата и објективноста на новинарите, зошто повеќе се експлоатираат негативните, а не позитивните настани, корумпираноста и во новинарските редови, во кој период

новинарите се чувствувале послободни во својата професија - во времето на претходната коалициска Влада или сегашната, зошто новинарите се против закон за информирање, какви новинари се акредитираат како собраниски известувачи. На крајот од контра-пресот, потпретседателот на Собранието Слободан Најдовски ја сумираше средбата и заклучи дека, според него, овој контра-прес не ги исполнил очекувањата со поставување на прашања да се отворат одредени теми. Сепак, тој нагласи дека позитивно е тоа што може да се заклучи дека е потребно да се организира една трибина помеѓу пратениците и новинарите и за многу работи отворено да се поразговара.

Ораториум - беше замислено да има натреварувачки карактер, но поради неможноста за претселектирање и одлучување, на почетокот на седницата, претседавачот, претседателот на Собранието на Република Македонија д-р Љупчо Јордановски, објави дека сите учесници ќе добијат пригодни подароци, а во иднина Ораториумот ќе прерасне во класично натпреварување. Учествуваа петнаесет граѓани кои се пријавија и имаа можност да покажат како може да звучи убаво составена и искажана мисла.

Бидејќи немаше специфицирана тема, настапите беа шаренолики - историски, политички итн.

На крајот од настапите, од името на пратениците се обрати пратеникот Зоран Томиќ кој нагласи дека од настапите на учесниците може многу да се научи и дека тоа ќе биде поттик и пратениците да го негуваат убавиот збор.

Како го видов Собранието - Беа повикани ученици од основни училишта од целата земја да ги пренесат своите впечатоци од Собранието преку цртежи. По посетата на Собранието, на учениците им беше на располагање прибор за цртање и место по избор (во и вон зградата на Собранието) за да ги реализираат своите замисли.

Првите три наградени творби од учениците од основни училишта

Какво Собрание сакаме

Отворена панел дискусија на теми: транспарентност, Деловник, релации со Владата на Република Македонија, со Претседателот на државата, самостоен буџет на Собранието и сл. Со воведен збор, дискусијата ја отвори претседателот на Собранието, д-р Љупчо Јордановски, а медијатори беа д-р Јован Корубин и г. Мерсел Биљали.

Отворајќи ја трибината, претседателот Јордановски ги најави темите на двата дела: првата - релацијата на Собранието со Владата и со Претседателот на државата, самостоен буџет на Собранието, нов Деловник и транспарентност и отвореноста на Собранието кон граѓаните и невладините организации.

Тој ги искажа своите мислења за работата и положбата на Парламентот. Во парламентарната демократија, како што истакна, местото на Парламентот треба да

биде број 1, но кај нас тоа не е тоа така. Во прилог на тоа се и забелешките на медиумите, реакциите на граѓаните и интелектуалците кои често се јавуваат преку колумни во весниците. Претседателот Јордановски рече дека би сакал да се спојат теоријата и праксата и да не ги повторуваме грешките кои теоретски се објаснети, но и да видиме зошто некои работи треба да функционираат на овој или оној начин. Тој ги повика сите учесници да разговараат објаективно и критично, а не критизерски и на тој начин да дадат свој придонес за формирање слика за тоа какво Собрание сакаме.

По воведните зборови на медијаторите г. Мерсел Биљали и г. Јован Корубин се разви дискусија на темите, при што беа разменети мислења за начинот на работата на пратениците и нивните контакти со граѓаните. Беа изразени мислења во однос на измена на Деловникот со цел отстранување на некои недоречености, објавувањето на стенограмите на ВЕБ страницата на Собранието. Беше искажан став дека Деновите на Собранието треба да донесат и конкретни промени во правец на почесто присуството на граѓаните во Парламентот итн.

Седница на Детскиот парламент - Детскиот парламент одржа седница во сала 1 во Собранието на Република Македонија. Претседателот, д-р Љупчо Јордановски изрази надеж дека ќе стане традиција Детскиот парламент секоја година да одржува седници во Собранието. Тој им порача на децата како би требало да ја сфатат демократијата: "Сфатете ги и почитувајте ги пријателите и тие што седат до вас се ваши пријатели."

Почесниот претседател на Детскиот парламент, г. Трифун Костовски исто така им се обрати на присутните членови. Тој истакна дека учењето на демократијата е долг процес и порача дека новите генерации треба да израснат во исправни луѓе кои ќе ја градат својата и иднината на своите пријатели, роднини, својот град и Република Македонија. Искуствата кои при тоа ќе ги стекнат членовите на Детскиот парламент, рече Костовски, ќе ги направи нив но и нас многу побогати. Учењето на демократијата од најраното детство - тоа е она кон што треба да се стремиме. Тој му посака успешна работа на Детскиот парламент и плодни контакти со другите детски парламенти.

Шаховски турнир - Во соорганизација со Шаховската федерација на Република Македонија се одржа брзопотезен турнир на кој учествуваа и пратеници и граѓани. Шахистите кои ги освоија првите три места добија пригодни подароци.

Забава - Пред фонтаната во Градскиот парк се одржа богата културно-забавна програма со учество на голем број естрадни ѕвезди меѓу кои беа Арчи, Марјан Стојановски, Бени Шакири, Ребека, Ламбе Алабаковски, Александра, Туна, Адријан Гаџа, Танцов оркестар, Александар Митевски, Саранда, Синтезис, Драган Мијалковски, Јаков Дренковски, Славе Димитров, Тамара, Верче Пандиловска.

И покрај променливото време, бројните присутни уживаа во речиси тричасовната забава која за прв пат се организираше пред фонтаната во Градскиот парк.

Во рамките на манифестацијата Денови на Собранието, покрај постојаната изложба АСНОМ, посетителите можеа да се запознаат со содржината на приредените изложби од подароци кои ги примиле функционерите на Собранието, дел од уметничките дела кои се наоѓаат во просториите на Собранието и историјатот на користени печати и штембили.

Во текот на целата манифестација Денови на Собранието активно беше присуството на невладините организации МОСТ и НДИ кои со свои ангажмани придонесоа за помасовна посета на граѓаните од разните краишта на земјата.

МОСТ, преку својата мрежа за соработка, организирано им овозможи на групи на граѓани да го посетат Собранието, а активно учествуваше и во содржинското обликување на брошурата "Собранието на дланка" која им беше делена на посетителите во текот на сите денови на манифестацијата.

Невладината организација НДИ, преку своите регионални канцеларии ширум земјата, организираше автобуски превоз на заинтересираните граѓани од сите изборни единици. Долгогодишната соработката помеѓу НДИ, пратениците и нивните избирачи уште еднаш ја потврди својата успешност преку масовното присуство на граѓаните од внатрешноста. Информативното катче на НДИ кое се наоѓаше во главниот хол се покажа како многу корисна точка каде што посетителите добиваа информации и на организиран начин беа проследувани до местото каде започнуваа посетите.

Број на посетители во групите за обиколка на објектот на Собранието по градови

Р. бр.	ГРАДОВИ	9/5/05	10/5/05	11/5/05	12/5/05	13/5/05	ВКУПНО
1.	СКОПЈЕ	75	240	530	740	890	**2475**
2.	БИТОЛА	3	106	17	10	14	**150**
3.	ГЕВГЕЛИЈА	2	5	23	6	10	**46**
4.	КОЧАНИ	/	18	10	8	9	**45**
5.	ДЕЛЧЕВО	10	2	1	3	8	**24**
6.	КРИВА ПАЛАНКА	/	5	3	4	5	**17**
7.	БЕРОВО	15	4	4	3	2	**28**
8.	М.КАМЕНИЦА	7	/	/	2	2	**11**
9.	ТЕТОВО	52	19	11	70	1	**153**
10.	КРУШЕВО	/	/	2	2	5	**9**
11.	ДЕМИР КАПИЈА	/	/	1	1	3	**5**
12.	ДЕМИР ХИСАР	/	/	/	/	1	**1**
13.	ПРИЛЕП	1	59	12	27	127	**217**
14.	ОХРИД	1	5	62	18	23	**109**
15.	СТРУГА	2	9	25	6	6	**48**
16.	КИЧЕВО	5	4	18	20	9	**56**
17.	НЕГОТИНО	/	/	5	2	11	**18**
18.	ВЕЛЕС	/	7	30	15	7	**59**
19.	СТРУМИЦА	1	4	45	12	15	**77**
20.	РЕСЕН	/	/	/	1	6	**7**
21.	ВИНИЦА	15	4	4	18	26	**67**
22.	ГОСТИВАР	51	2	15	2	2	**72**
23.	ПРОБИШТИП	19	/	/	3	10	**32**
24.	КАВАДАРЦИ	/	2	7	6	17	**22**
25.	РАДОВИШ	/	9	3	8	8	**28**
26.	КУМАНОВО	/	77	6	2	3	**88**
27.	КРАТОВО	/	7	1	/	6	**14**
28.	СВЕТИ НИКОЛЕ	1	3	3	3	3	**13**
29.	ШТИП	23	3	10	11	32	**79**
30.	ПЕХЧЕВО	2	6	4	2	3	**17**
31.	ВАЛАНДОВО	/	1	2	1	1	**5**
32.	БОГДАНЦИ	/	2	3	1	1	**7**
33.	СТРАНЦИ	1	/	/	1	8	**10**
34.	с.ОБЛЕШЕВО	1	/	/	/	/	**1**
35.	КОЧАНИ	/	18	10	8	/	**36**
36.	НОВ ДОЈРАН	/	1	2	/	/	**3**
37.	ДЕБАР	12	2	/	25	/	**39**

38.	**МАКЕДОНСКИ БРОД**	/	5	/	3	/	**8**
39.	**МАВРОВО**	/	/	/	2	/	**2**
40.	**РЕСЕН**	/	/	/	1	/	**1**
41.	**с. ЧАШКА**	/	3	/	/	/	**3**
42.	**с. КАЛУЃЕРИЦА**	/	2	/	/	/	**2**
43.	**с.ВЛАДИМИРОВО**	/	1	/	/	/	**1**
	ВКУПНО:	**299**	**635**	**869**	**1047**	**1274**	**4124**
44.	**НЕЕВИДЕНТИРАНИ ПОСЕТИТЕЛИ**	23	35	47	105	110	320
	СЕ ВКУПНО :	322	670	916	1152	1384	**4444**
ОРГАНИЗИРАНИ ПРЕДУЧИЛИШНИ И УЧИЛИШНИ ГРУПИ							
45.	**ГРАДИНКИ**	/	/	99	106	140	**345**
46.	**ОСНОВНИ УЧИЛИШТА**	/	43	321	66	293	**723**
47.	**СРЕДНИ УЧИЛИШТА**				182	63	**245**
48.	**СПЕЦИЈАЛНИ УЧИЛИШТА**			60			**60**
49.	**ГРАЃАНИ**						**3071**
ВКУПНО							**4444**

Во рамките на Манифестацијата "Денови на Собранието на Република Македонија", граѓаните имаа можност и да ги искажат своите ставови, забелешки, мислења, предлози, па и да упатат прашања до пратениците, со пополнување на анкетни листови на посебни наменски пунктови во Собранието.

Тематски, анкетните листови беа групирани во следните области :

- Прашање до пратеник;
- Какво Собрание сакаме;
- Желби, барања, пофалби и поплаки.

ПРАШАЊЕ ДО ПРАТЕНИК

Обработени се 219 анкетни листови, при што:

25 прашања се упатени до претседателот на Собранието Љупчо Јордановски; 35 прашања се упатени до сите пратеници; 9 прашања се упатени до собраниските комисии; 4 прашања се упатени до пратеничката група на СДСМ; по 1 прашање е упатено до пратениците: Исмет Рамадани, Андреј Жерновски, Соња Лепиткова, Александар Флоровски, Никола Ќуркчиев, Петар Наумоски, Нелко Стојановски, Славица Грковска, Коце Трајановски, Лилјана Поповска, Ванчо Ѓеоргиев, Хисни Шаќири, Недим Рамизи, Мендух Тачи, Марјан Ѓорчев, Елеонора Петрова, Слободан Чашуле, Арбен Џафери, Спиро Мавровски, Кенан Хасипи и Силвана Бонева . До Никола Груевски се упатени 14 прашања; до Тито Петковски 3 прашања, Слободан Најдовски 2 прашања, Зоран Томиќ 3 прашања,Стојан Андов 3 прашања, Жарко Караџоски 3 прашања, Ѓорѓи Трендафилов 2 прашања, Ристе Бислимовски 2 прашања, Љубчо Георгиевски 2 прашања, Борис Кондарко 4 прашања, Неждет Мустафа 2 прашања, Каролина Ристова- Астеруд 2 прашања, Есад Рахиќ 2 прашања, Цветанка Гашоска 4

прашања, Али Ахмети 2 прашања, Рафис Алити 2 паршања, Теута Арифи 2 прашања, Гзим Острени 3 прашања. До пратеникот Јани Макрадули се упатени 9 прашања.

Во оваа категорија на анкетните листови, граѓаните упатиле 1 прашање до Демократската алтернатива, 4 прашања до Трифун Костовски, 6 прашања се упатени до претседателот на Републиката и 18 прашања до Владата, односно ресорните министерства на Македонија и 36 прашања се со несоодветна содржина, односно неважечки.

Бројот на граѓаните кои се определиле за овој дел од анкетата по повод "Денови на Собранието", упатуваат на нивната желба и потреба за непосредна комуникација со пратениците во Собранието.

Прашањата главно се однесуваат на актуелни проблеми од општествено-политичката и економската сфера, но и на лични проблеми, главно од социјален аспект.

Граѓаните упатуваат прашања до пратениците поименично, но и групно, односно до сите пратеници од одреден регион, па и од одредена изборна единица, особено за прашања од поголемо значење, како што се вработувањето, услови и можности за пензионирање, дисперзијата на високото образование, инфраструктурни проблеми, отворени прашања од областа на земјоделието и слично

Дел од прашањата се практично и критика, односно потсетување до пратениците дека се избраници и претставници на електоратот, па прашањата се движат од забелешки за редовноста на седниците, до степенот на застапување на интересите на граѓаните, особено од помалите места во државата. За разлика од многубројните критики упатени до пратениците, во мошне мал дел на случаи, граѓаните се изјаснуваат како задоволни од работата на одделни пратеници, главно од нивните изборни единици

КАКВО СОБРАНИЕ САКАМЕ

Упатени се 76 анкетни листови. Иако најмал дел од граѓаните ценеле дека треба да се искажат на оваа тема, сепак во нивните искази се среќаваат мошне интересни размислувања, па и практични предлози за работата на законодавниот дом.

Секако, генерално е дадена поддршка за ефикасно функционирање на Собранието по европски модел, заложба за високо професионален однос на пратениците, консензус меѓу позицијата и опозицијата за стратешките интереси на државата, воспоставување на непосреден контакт на пратениците со граѓаните и поголем сенс за нивните проблеми.

Се предлага и намалување на бројот на пратеничкиот состав на 50- 70 пратеници, со забелешки дека тоа е реалната слика на кворумот на седниците, воведување на кодекс на однесување, како и седмичен распоред на работата, со тоа што од понеделник до петок да се работи комисиски, а пленарните седници да се одржуваат секој петок со полн пратенички состав.

Одговорни, професионални и конструктивни пратеници, за граѓаните, се синоним за ефикасно Собрание. Граѓаните, во овој контекст упатија честитки за работата и односот на претседателот на Собранието и за неговиот придонес за промовирање на демократски принципи на работа на Собранието. Посетителите од руралните средини, сметаат дека Собранието треба да обрне посебно внимание на состојбите на селата во државата, со порака " богато село - богата држава". Младите посетители бараат Собрание кое е постојано, или барем еднаш седмично отворено за посета, воспоставување на постојани контакти со Детскиот парламент заради идентификација на проблемите на децата, студентите бараат да им се овозможува присуство, односно следење на пленарните седници и слично.

ЖЕЛБИ, БАРАЊА, ПОФАЛБИ И ПОПЛАКИ

Во оваа категорија на анкетирање се обработени 189 анкетни листови.

Граѓаните изразиле 35 желби, 60 барања, од кои и по 2 барања се упатени до претседателот на Владата и до претседателот на Државата, по 1 барање е упатено до министерот и заменик министерот за образование и наука, до министерот за култура и

до министерот за надворешни работи, до пратеникот Никола Груевски, како и по 1 барање до градоначалниците на општините Кисела Вода и Центар.

Граѓаните упатиле 40 пофалби до Собранието, додека 33 граѓани ги формулирале своите поплаки, додека 6 анкетни листови се со несоодветна содржина.

Идејата, да го искажат своето мислење и да упатат прашања на еден непосреден и едноставен начин, беше прифатена од посетителите од сите возрасти.

Анализата на содржината на пополнетите анкетни листови, коишто, во најголемиот дел беа со наведени лични податоци, генерално покажа дека граѓаните со големо задоволство ја прифаќаат иницијативата за отворање на Собранието, со желба тоа да стане редовна практика, а помладите посетители, особено студентите, ја промовираат идејата за можно присуство, односно следење на пленарните седници на Собранието.

Интересен за одбележување е податокот, дека, оваа анкета, граѓаните ја искористија и како можност да се обратат до членовите на Владата, па еден дел од конкретните барања и поплаки се однесуваат не само на претседателот и потпретседателот на Владата, туку и на ресорни министри, па се среќаваат и одредени барања до градоначалниците на општините. Барањата и поплаките на граѓаните, во најголем број на случаи се од социјален карактер, но се јавуваат и конкретни прашања од областа на сферата на образованието, екологијата, комуналната политика, вработувањето, визниот режим, влезот во ЕУ и слично. Дел од барањата упатени до пратениците, членовите на Владата и Претседателот на Државата се однесуваат на обезбедување средби и контакти и на проблеми од личен карактер.

Овој податок упатува на заклучокот дека кај дел од граѓаните се уште не е изградена политичката култура, и постои мешање на надлежностите на законодавната и извршната власт, па дури и на надлежностите на претседателот на државата.

Прашањата до пратениците, пратеничките групи, па и до сиот пратенички состав, главно се однесуваат на решавање на проблемите на локално ниво, редовноста на пратениците на седници, исполнувањето на изборните програми и обезбедување на непосредни контакти со граѓаните.

Одреден број на прашања се упатени непосредно и до собраниските комисии, особено до Комисијата за образование и наука, и ги третираат актуелните проблеми во рамките на реформата на системот на образование, ученичкиот и студентскиот стандард, уписната политика во средното и високото образование, новините во начинот на студирање и слично.

Што се однесува до желбите и барањата на граѓаните, содржински, се речиси со идентична дикција како и барањата до пратениците, веројатно како ретка можност да го искажат својот проблем или став, од социјално- егзистенцијален аспект, да упатат предлог во врска со решавање на некое прашање од економската сфера и слично. Со оглед на разновидноста на желбите, односно барањата, не е можно да се изврши поопшта категоризација на исказите на граѓаните, освен да се констатира дека, во најголем дел, тие се однесуваат на личен проблем, актуелни прашања од локален карактер, се искажува став на одредена политичка провиниенција, не ретко со несериозни, па и навредливи искази, иако, на релација со работата на Собранието, неподелено е мислењето дека, пратениците треба да попрофесионални во однос на седниците, политичката култура, застапувањето на интересите на граѓаните кои ги избрале и сл. Најголем дел од пофалбите се однесуваат на идејата за отворање на Собранието, за прераснување на оваа манифестација во традиционална, за ентериерното уредување, односот на претседателот и вработените и слично. Поплаките се најчесто упатени на работата на пратениците, Владата, а во дел и за актуелни проблеми во локални рамки, иако се среќаваат и критики од невработени и стечајци.